ФЮДОР М. ДОСТОЕВСКИ

КОЦКАР

СЕЛОТО СТЕПАНЧИКОВО

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

КОЦКАР

СЕЛОТО СТЕПАНЧИКОВО

Наслови на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
ИГРОК
(Из записок молодого человека)

СЕЛО СТЕПАНЧИКОВО
И ЕГО ОБИТАТЕЛИ

Превеле од руски
ЦВЕТКО МАРТИНОВСКИ
БОРИС БЛАГОЕСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ.
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

КОЦКАР

СЕЛОТО СТЕПАНЧИКОВО

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

КОЦКАР

I

Најпосле, јас се вратив по моето двонеделно отсуствување. Имаше веќе три дена откако нашите беа пристигнати во Рулетенбург. Јас си мислев дека тие господ знае колку ме исчекуваа, меѓутоа се измамив. Генералот се однесуваше прекумерно студено, поприкажа со мене од височина и ме испрати кај сестра му. Беше јасно дека тие зеле однекаде пари на заем. Мене дури ми се стори дека на генералот донекаде му е срам да ме погледне. Марија Филиповна беше презафатена до немајкаде и со мене прозборе само неколку збора; сепак, парите ги зеде, ги преброи и го сослуша сиот мој извештај. Ги очекуваа на ручек Мезенцова, Французинчето и уште некој Англичанец; како што беше обичај, штом има пари, тогаш веднаш тука е и свечен ручек; по московски. Полина Александровна, штом ме виде, ме запраша: зошто ме немаше толку долго време? И без да дочека одговор, отиде некаде. Се разбира, таа го стори тоа нарочно. Сепак, ние треба еднаш да се објасниме. Многу нешто се насобра.

Мене ми дадоа малечко одајче, на четвртиот кат од хотелот. Тука знаат дека припаѓам на *придружбата на генералот*. По сè се гледа дека тие стасале да се разбере за нив кои се. Тука сите го сметаат генералот за многу богат руски големец. Уште пред ручекот, тој стаса, меѓу другите нарачувања, да ми нарача да разменам две банкноти од илјада франци. Јас ги разменив во канцеларијата на хотелот. Сега сите ќе гледаат на нас како на милионери, барем цела една

недела. Јас сакав да ги земам Миша и Надја и да отидам да се рашетам со нив; но од наскала ме повикаа кај генералот; нему му дошло на ум да се распраша, каде ќе ги одведам? Овој човек воопшто не може да ме гледа право в очи; тој мошне би го сакал тоа, но јас секогаш му одговарам со таков втрештен, т.е. непочитувачки поглед, што тој како небаре да се збркува. Во сосем високомерно прикажување, крпејќи една фраза врз друга, и, најпосле, откако сосем се заплетка, тој ми даде да разберам со децата да се рашетувам некаде подалеку од станицата, во паркот. Најпосле, тој сосем се разлути и грубо додаде: „Ами вие, молам, инаку ќе ги одведете на станица, на рулет. Простете ми, — додаде тој, — но јас знам дека вие сте уште мошне лекомислени, и сте во состојба, молам, и да отидете да се коцкате. Во секој случај, иако јас не сум ваш ментор, па ниту сакам да земам врз себе таква ролја, но, барем во најмала рака имам право да побарам, вие, така да се рече, мене да не ме компромитирате.“ . . .

— Ами јас немам ниту пари, — одговорив јас спокојно; — за да ги изгубам треба да ги имам.

— Вие веднаш ќе си ги добиете, — одговори генералот, откако малку се вцрвени, побуричка во своето биро, погледна во книшката, и се покажа дека тој ми должи околу 120 рубли.

— Ами како ќе се пресметаме, — заприкажа тој — треба да се претвораат во талири. Туку еве земете 100 талири, да биде заокружено, — остатокот, се разбира, нема да ви пропадне.

Јас молкум ги зедов парите.

— Ве молам, вие не се навредувајте од моите зборови, вие толку брзо се навредувате . . . Ако јас ви направив забелешка, со тоа, така да речам, само ве предупредив, и се разбира, веќе, за тоа имам извесно право . . .

Враќајќи се пред ручекот дома со децата, јас сретнав цела врвулица. Нашите беа отишле да разгледуваат некакви урнатини. Две прекрасни кочии,

великолепни коњи! Mademoiselle Blanche[1]) во една кочија со Марија Филиповна и Полина; Французинчето, Англичанецот и нашиот генерал бјавајќи коњи. Поминувачите се запираа и гледаа; беше направен потполн ефект; само што на генералот тоа нема да му излезе на арно. Јас пресметав дека со четирите илјади франци, што ги донесов, и кога ќе се додаде кон нив она што тие очевидно успеале да го земат на заем, тие сега имаат седум или осум илјади франци; тоа е премногу малку за m-lle Blanche.

M-lle Blanche престојува исто така во нашиот хотел, заедно со мајка си; тука некаде е и нашето Французинче. Лакеите го викаат „m-r le comte" „мајка ѝ на m-lle Blanche се наречува „m-me la contesse"[2]) па што, можеби и навистина тие се comte et contesse.

Јас и така знаев дека m-r le comte нема да ме препознае, кога ќе се најдеме на ручек. Се разбира, генералот не би ни помислил да нè запознае или барем да ме претстави мене на него; а m-r le comte и самиот престојувал во Русија и знае колку дробна клечка претставува — она, што тие го наречуваат outchitel. Впрочем, тој мене мошне добро ме познава. Но, да си признаам, за ручекот јас дојдов неповикан; се чини, генералот заборавил да заповеда што треба, инаку бездруго би ме испратиле да ручам на table d'hot.[3]) Јас дојдов самиот, така што генералот ме погледна со незадоволство. Добрата Марија Филиповна веднаш ми покажа место; но, среќавањето со мистер Астлеј ме избави, и јас, сакале-неќеле, се најдов во нивна дружина.

Овој чуден Англичанец најпрвин го сретнав во Пруска, во вагонот, во кој седевме еден спроти друг, кога јас брзав да ги довтасам нашите; потем се препнав на него влегувајќи во Франција, најпосле, во Швајцарија; во текот на тие две недели два-

---

[1]) Госпоѓица Бланш.

[2]) Madame contesse — госпоѓа графица.

[3]) Заеднички ручек во ресторан, по мени и утврдено време.

пати, — и ете сега наеднаш го сретнав веќе во Рулетенбург. Никогаш во својот живот не сум сретнал човек дотолку срамежлив; тој е срамежлив до глупавост и самиот, се разбира, знае за тоа, бидејќи тој воопшто не е глупав. Впрочем, тој е мошне милозлив и кроток. Јас го принудив да се расприкаже при нашето прво среќавање во Пруска. Тој ми кажа дека летово бил на Норд-Кап и дека многу би сакал да дојде на Ниже на городскиот панаѓур. Не знам, како тој се запознал со генералот; мене ми се чини дека тој бескрајно е вљубен во Полина. Кога таа влезе, тој пламна како оган. Нему му беше многу мило што седнав до него, крај масата и ми се чини, веќе ме смета мене за свој близок пријател.

Крај масата Французинчето имаше главен збор; тој со сите е небрежен и напернат. А во Москва, паметам, исто фрлаше прав в очи. Тој до немајкаде зборуваше за финансиите и за руската политика. Генералот се осмелуваше понекогаш да му противречи, — но скромно, единствено само дотолку, колку сосем да не го изгуби своето значење.

Се наоѓав во чудно душевно настроение; се разбира, јас уште во првата половина од ручекот стасав да си го поставам моето вообичаено и секогашно прашање: „зошто јас се плеткам и се тегавам со овој генерал и одамна веќе не сум ги витосал?“ Одвреме навреме јас погледнував накај Полина Александровна, таа воопшто не ме забележуваше. Заврши со тоа што јас се разлутив и решив да нагрубувам.

Започна со тоа што јас одеднаш, како гром од ведрина, гласно и без причина се замешав во туѓ разговор. Главно, јас сакав да се подискарам со Французинчето. Јас му се обрнав на генералот и наеднаш сосем гласно и јасно, и, чини ми се, откако го прекинав во зборот, забележив дека летово на Русите речиси сосем им е невозможно да ручаат во хотелите на заедничките маси за јадење. Генералот го запре врз мене својот зачуден поглед.

— Ако вие сте човек што се почита себеси, — се упуштив јас понатаму, — тогаш бездруго ќе се наврете на навредувања и ќе бидете принудени да поднесувате разновидни потчукнувања по нос. Во Париз и на Рајна, дури во Швајцарија, крај заедничките маси за јадење има толку многу Полјачиња и Французинчиња, што ги симпатизираат, што немате можност ни збор да проговорите, ако сте Русин.

Јас го кажав ова на француски. Генералот гледаше во мене со недоумица, не знаејќи, дали да се разлути, или само да ми се чуди што дотолку сум се залисал.

— Значи некој некаде убаво ви покажал да осетите, — рече Французинчето небрежно и со презир.

— Во Париз јас најпрвин се искарав со еден Полјак, — одговорив јас, — потем со еден француски офицер, што му даде поткрепа на Полјакот. А потем веќе дел од Французите преминаа на моја страна, кога јас им раскажав како сум сакал да плукнам во кафето на монсињорот.

— Да плукнете? — запраша генералот со високомерна недоумица и дури обзирајќи се. Французинчето ме загледуваше со недоверба.

— Токму така, — одговорив јас. — Бидејќи цели два дена бев убеден дека можеби ќе ни притреба да заминам по нашата работа за малку во Рим, јас отидов во канцеларијата на пратеништвото на светиот отец во Париз, за да го визирам пасошот. Таму ме пречека едно абатче, на педесетина години, слабунесто и со студен мраз на омјазот, и откако ме ислуша учтиво, но до немајкаде студено, ме замоли да причекам. Иако јас брзав, но, се разбира, седнав да чекам, го извадив Opinion nationale, и почнав да читам страшни пцости против Русија. Во меѓувреме слушнав како некој помина низ соседната одаја кон монсињорот; видов, како мојот абат направи поклон. Му се обрнав со поранешната молба; тој уште постудено ме замоли пак да причекам. Малку потем влезе уште некој непознат, по работа, некој Австријанец; него го сослушаа и веднаш го испратија горе. Тогаш мене ми стана многу

јад; станав, му пријдов на абатот и решително му реков дека штом монсињорот прима, тогаш може да заврши и со мојата работа. Наеднаш абатот се стаписа од мене со вонреда вчудоневиденост. Нему напросто му стана несфатливо, на каков начин смее некој ништовен Русин да се споредува себеси со гостите на монсињорот? Со најбезобразен тон, небаре, радувајќи се што може да ме навредува, тој ме одмери од глава до петици, и свика: — „зар вие си помислувате, дека монсињорот ќе го остави своето кафе заради вас?“ Тогаш и јас му се развикав, но уште посилно од него: — „тогаш да знаете, дека му плукам во кафето на вашиот монсињор! Ако уште веднаш не завршите со мојот пасош, тогаш ќе отидам самиот кај него.“

— Како! Во време кога кај него седи кардиналот! — свика абатчето, тргнувајќи ме со раце вџашено, се втурна кон вратата, и си ги прекрсти рацете, покажувајќи дека поскоро ќе умре одошто да ме остави да поминам.

Тогаш јас му одговорив, дека ја сум еретик и варварин „que je suis hérétiqe et barbare“,[1]) и дека сите тие архиепископи, кардинали, монсињори и сл., и сл. — не се ништо за мене. Со еден збор, јас дадов да се разбере дека нема да попуштам. Абатот ме погледна со бескрајна злоба, потоа го зеде мојот пасош и го однесе горе. По една минутка тој веќе беше визиран. Еве, сакате ли да погледнете? — Јас го извадив пасошот и ја покажав римската виза.

— Сепак, вие, — штотуку да започне генералот . . .

— Вас ве спасило тоа што вие сте се прогласиле за варварин и еретик, — забележа, насмевнувајќи се, Французинчето. — „Cela n'était pas si bête“.[2])

— Ами зар да се угледувам на нашите Руси? Тие си седат тука — не смеат ни глас да пуштат и се готовни, молам, дури и да се откажат дека се Руси. Во секој случај, во Париз, во мојот хотел, почнаа да се однесуваат спрема мене многу повнимателно, кога

---

[1]) Јас сум еретик и варварин.
[2]) Тоа и не било толку глупаво.

јас им раскажав на сите за своето судрување со абатот. Дебелиот полски пан, што спрема мене се однесуваше најнепријателски крај масата за јадење, се заполти и се стутули во заднина. Французите дури претрпеа, кога јас им раскажав дека пред две години сум видел човек, во кој истрелал во дванаесеттата година некој француски војник од ловечки полк — единствено само за да ја испразни пушката. Овој човек бил тогаш уште десеттодишно дете, и неговото семејство не успеало да избега од Москва.

— Тоа не може да биде, — зовре Французинчето, — францускиот војник нема да пука во дете!

— Меѓутоа, така било, — одговорив јас. — Тоа ми го раскажа еден почитан капетан во резерва, и јас самиот ја видов лузната од куршумот на неговиот образ.

Французинот почна да зборува многу и брзо. Генералот почна да му дава поддршка, но јас му препорачав да ги прочита барем, на пример, фрагментите од „Записите“ на генерал Перовски, кој во дванаесеттата година бил во француско заробеништво. Најпосле, Марија Филиповна заприкажа за нешто за да го сврти разговорот. Генералот беше многу незадоволен од мене, затоа што ние почнавме веќе речиси да се навикнуваме со Французинот. Но, ми се чини, мојата расправија со Французинот многу му се свиде на мистер Астлеј; станувајќи откај масата, тој ме покани да се напиеме со него по чаша вино. Вечерта, како што и можев да очекувам, ми појде одрака да поприкажам едно четвртина час со Полина Александровна. Нашиот разговор се одвиваше низ прошетката. Сите појдовме во паркот кај станицата. Полина седна на клупата спроти фонтаната, а Наденька ја пушти да игра со децата близу до неа. Јас исто така го пуштив Миша кај фонтаната, и ние, најпосле, останавме сами.

Се разбира, првин почнавме за работите. Полина напросто се разлути кога јас ѝ дадов само сè на сè седумстотини гулдени. Таа беше уверена дека јас ќе ѝ донесам од Париз, за заложените нејзини брилијанти, барем две илјади гулдени, или дури и повеќе.

— Мене по секоја цена ми се потребни пари, — рече таа, — и нив треба да ги добијам; инаку просто ме очекува гибел.

Јас почнав да ја распрашувам што се случувало додека не бев тука.

— Ништо друго освен тоа дека од Петербург се добиени две известувања: првин дека на баба ѝ е мошне лошо а по два дена, дека, ми се чини, таа веќе умрела. Ова известување е од Тимофеја Петровича, — додаде Полина, — а тој е точен човек, наместо. Очекуваме последно конечно известување.

— Значи, тука сите се во исчекување? — запрашав јас.

— Се разбира, сите и сè; ами цела половина година само на тоа и се надеваат.

— И вие ли се надевате? — запрашав јас.

— Па јас воопшто не сум ѝ роднина, јас сум му само паштерка на генералот. Но јас знам бездруго дека таа ќе ми остави нешто со тестаментот.

— Мене ми се чини дека вие ќе добиете мошне многу, — реков јас потврдно.

— Да, таа ме сакаше, — но зошто тоа ви се чини и *на вас?*

— Кажете, — одговорив јас со прашање, — нашиот маркиз, ми се чини, исто така е посветен во сите семејни тајни?

— Ами зошто самите вие се интересирате за тоа? — запраша Полина, откако ме погледна сурово и студено.

— Ами како да не се интересирам; ако не се мамам, генералот веќе стасал да земе од него пари назаем.

— Вие погодувате мошне точно.

— Па, зар тој би му дал пари, кога не би знаел за бабулинката? Дали забележивте — тој крај масата на трипати, зборувајќи нешто за бабата, ја нарече бабулинка, „la baboulinka“. Какви блиски и какви пријателски односи!

— Да, вие сте во право. Штотуку тој ќе разбере дека мене ми допаднало од неа во наследството, тогаш

уште веднаш ќе ме побара за жена. Тоа ли сакавте вие да го разберете?

— Ами зар допрва да ве побара за жена? Јас мислев дека тој одамна веќе сака да ве побара за жена.

— Вие добро знаете дека не е така! — јадосано рече Полина. — А кај го сретнавте оној Англичанец? — додаде таа откако помолче малку.

Знаев дека веднаш ќе ме праша за него.

Јас ѝ раскажав за моите поранешни среќавања со мистер Астлеј по патот. — Тој е срамежлив и вљублив, и се разбира, веќе е вљубен во вас?

— Да, тој е вљубен во мене, — одговори Полина.

— И, се разбира веќе, тој е десетократно побогат од Французинот. Како е, дали навистина Французинот има нешто? Нема ли сомневање во тоа?

— Нема сомневање. Тој има некаков chateau![1]) Мене уште вчера генералот категорички ми зборуваше за тоа. Па, доста ли ви е сега?

— Да сум јас на ваше место, бездруго би се омажила за Англичанецот.

— Зошто? — запраша Полина.

— Французинот е поубав, но тој е поголем подлец; а Англичанецот освен тоа што е чесен, е уште десетпати побогат, — грубо пресеков јас.

— Да, но затоа пак Французинот — е маркиз и е поумен, — одговори таа најспокојно.

— Ами, дали е тоа вистина? — продолжив јас како порано.

— Сосем е така.

На Полина до немајкаде не ѝ се свидеа моите прашања, и јас видов дека таа сака да ме разлути со тонот и грубоста на својот одговор; јас уште веднаш ѝ го реков тоа.

— Па што, мене навистина ме забавува како вие се јадосувате. Веќе заради самото тоа што ви дозволував да поставате такви прашања и правите такви претпоставки, морате да платите.

---

[2]) Дворец, замок.

— Јас навистина се сметам себеси во право да ви поставувам секакви прашања, — одговорив јас спокојно, токму затоа што сум готовен да платам поради нив колку и да е, и сега нити својот живот не го сметам за ништо.

Полина се раскикоте:

— Последниот пат, на Шлангенберг, вие ми рековте дека сте готовен на првиот мој збор да се фрлите надолу главечки, а таму има, ми се чини, илјада стапки. Јас некогаш ќе го кажам тој збор, единствено заради тоа за да видам како вие ќе отплатувате, и бидете уверени дека ќе си достојам на зборот. Јас ве мразам — токму поради тоа што ви дозволив толку многу, и уште повеќе ве мразам поради тоа што сте ми толку многу потребни. Но засега, вие сте ми потребен — и морам да ве пазам.

Таа почна да станува. Таа зборуваше со раздразнетост. Во последно време таа секогаш го завршуваше разговорот со злоба и јадосаност, со вистинска злоба.

— Дозволете да ве прашам, која е таа m-lle Blanche? — ја запрашав јас, не сакајќи да ја пуштам да си отиде без објаснување.

— Самите вие знаете која е таа m-lle Blanche. Оттогаш ништо ново не се случило. M-lle Blanche бездруго ќе стане генералка, — се разбира, ако се потврди гласот за починувањето на баба, затоа што и m-lle Blanche, и мајка ѝ, и вториот братучед cousin — маркизот — сите мошне добро знаат дека ние сме пропаднати.

— А генералот е сосем вљубен?

— Сега не е во тоа работата. Слушајте и запомнете: земете ги овие седумстотини флорини и одете да се коцкате, спечалете ми на рулет колку што можете повеќе, — сега мене ми се потребни по секоја цена пари.

Штом го рече тоа, таа ја повика Наденька и тргна накај станицата, каде им се придружи на сета наша компанија. А јас свртев по првата попадната патека налево, премислувајќи се и чудејќи се. Мене како

божем по глава да ме беше треснало нешто, после повелбата да отидам на рулет. Чудна работа: јас имав за што да премислувам, а меѓутоа, сиот потонав во анализа на чувствуваните од мене чувства спрема Полина. Навистина, мене ми беше полесно во текот на овие две недели отсуствување, одошто сега, на денот на враќањето, иако јас по патот тагував како побркан, се трукав како не на себеси, и дури секој миг во сон ја гледав пред себе. Еднаш (тоа беше во Швајцарија), заспан во вагонот, јас, ми се чини, заприкажав на глас со Полина, со што ги изнасмеав сите оние што седеа со мене во вагонот. И уште еднаш сега си го поставив прашањето: дали ја сакам? И уште еднаш не умеев да си одговорам на тоа прашање, т.е., подобро речено, јас пак, по стоти пат, си одговорив дека ја мразам. Да, таа ми беше омразнета. Имаше мигови (а имено, секогаш на крајот од нашите разговори) што јас би дал половина од животот за да ја задушам! Се колнам, кога би било можно полека да ѝ забодам остер нож во нејзините гради, тогаш, ми се чини, би го грабнал и би го сторил тоа со наслада. А меѓутоа, се колнам со сè што ми е најсвето, ако таа, тогаш на Шлангенберг, на врвот што е во мода, навистина ми речеше: „фрлете се долу“ јас веднаш би се фрлил, и тоа дури со наслада. Јас го знаев тоа. Вака или инаку, но ова мораше да се реши. Таа прекрасно го сфаќа сето тоа, и мислата за тоа, дека јас сосем точно и до немајкаде јасно ја создавам сета нејзина недостапност за мене, сета невозможност за остварување на моите фантазии, — таа мисла, уверен сум, ѝ доставува вонредна наслада, инаку, зар би можела таа, претпазлива и умна, да се однесува со мене толку блиско и отворено? Ми се чини, таа досега гледала на мене како онаа древна владетелка, која почнала да се соблекува пред својот роб, не сметајќи го за човек. Да, таа многупати не ме сметаше мене за човек . . .

Сепак — таа сега ми има нарачено — по секоја цена да спечалам на рулет. Немав време да премислувам: заради што и колку скоро треба да спечалам и какви нови пресметувања се родиле во таа глава веч-

но што пресметува нешто? Освен тоа во текот на овие двеве недели, очевидно, се натрупале безброј нови факти, за кои јас сè уште немав претстава. Сето тоа требаше да се погоди, сè да се разбере, и тоа колку што е можно поскоро. Но, сега засега немаше време за премислувања: требаше да одам на рулет.

II

Си признавам, тоа ми беше непријатно; иако јас бев решил дека ќе се коцкам, но воопшто не претпоставував дека ќе започнувам со коцкање заради други. Тоа донекаде дури ме збркуваше, и во салите за коцкање јас влегов до немајкаде јадосан. Таму мене уште на прв поглед ништо не ми се допаѓаше. Не можам да ја поднесувам онаа лакејштина во фељтоните од цел свет, и првенствено во нашите руски весници, каде, речиси секоја пролет, нашите фељтонисти раскажуваат за две работи: првин, за необична величественост и раскош на салите за коцкање во коцкарските гратчиња на Рајна, а второ, за купиштата злато, што божем лежат на масите. Ами не им плаќаат заради тоа; туку тоа онака просто го раскажуваат од некористољубива угодливост. Нема никаква величественост во тие грди сали, а на масите не само што нема купишта злато, туку едвај троа и да го има. Се разбира, понекогаш, во текот на сезоната, ќе се појави одеднаш некој чудак, или Англичанец, или некаков Азијатец, Турчин, како летово, и наеднаш ќе изгуби или спечали мошне многу, а сите други играат на дробна пара и во просек на масата секогаш се наоѓаат мошне малку пари. Штотуку влегов во салата за коцкање (за првпат во животот), јас извесно време сè уште не можев да се решам да се коцкам. Освен тоа, ме притискаше грамадницата. Но и кога би бил сам, си мислам, и тогаш побргу би си заминал, одошто да почнам да се коцкам. Си признавам, срцето силно ми биеше и не бев ладнокрвен; јас бездруго знаев и веќе одамна си бев решил дека нема да излезам така од

Рулетербург; дека бездруго ќе се случи нешто радикално и конечно во мојата судбина. Така треба и така и ќе биде. Колку и да е смешно тоа, што јас толку многу исчекувам за себе од рулетот, но мене ми се чини уште посмешно вообичаеното мислење, признаено од сите, дека е глупаво и бесмислено да се очекува нешто од коцкањето. И зошто коцкањето да е полошо од било кој друг начин за печалење пари, на пример, барем од трговијата? Вистина е, додуша, дека од стотица спечалува еден. Но што ми е грижа за тоа.?

Во секој случај, јас решив отпрвин да поразгледам и да не започнувам ништо сериозно таа вечер. Таа вечер, кога и би се случило нешто, би се случило случајно и одзгорнина, малку, — така и си мислев. Освен тоа беше потребно да се проучи и самата игра; затоа што и наспроти илјадниците описи на рулетот, што секогаш ги читав со толку жед, јас воопшто ништо не разбрав за неговото устројство, сè дотогаш додека не видов самиот.

Прво, сè ми се стори толку валкано, — некако морално грдо и валкано. Јас ни најмалку не зборувам за оние лакоми и растревожени лица, што со десетици, дури стотици, ги обиколуваат масите за коцкање. Јас не гледам воопшто ништо валкано во желбата да се спечали поскоро и повеќе; мене секогаш ми се чинеше мошне глупава мислата на еден најаден и обезбеден моралист, кој на нечие оправдување дека „ами се коцка на дробно“, одговорил — вотолку полошо, затоа што ползата е дробна. Како божем дробната полза и јадрата полза како да не се едно исто. Тоа е работа на пропорционалност. Она што за Ротшилда е дробна работа, за мене е многу богато, а во однос на добивката и печалбата, луѓето не само на рулет, туку насекаде само тоа и го прават што еден на друг нешто му откинуваат или спечалуваат. Дали се воопшто гнасни добивката и печалбата — е друго прашање. Но јас тука не го решавам тоа прашање. Бидејќи, и самиот јас во највисок степен бев обземен од желбата за печалба, сета таа полза и сета таа користољубива валканост, ако сакате, ми беше при влегувањето во са-

лата некако присрце, поблиска. Најубава работа е кога луѓето не се престоруваат еден пред друг, туку се однесуваат отворено и без стеснување. Ами и зошто е потребно самиот себеси да се мами? Тоа е нешто најпопусто и најнеразумно! Особено е грдо на прв поглед, кај сите тие никаквеци околу рулетот, она уважување спрема работата, онаа сериозност и дури почит, со кои сите се трупаа до масите. Ете зошто тука е направена остра разлика, кое коцкање се наречува mauvais genr,[1]) и какво му се дозволува на реден човек. Има две игри, едната — џентлменска, а другата — плебејска, користољубива, игра на сите никаквеци. Тоа се разликува тука строго и — колку тоа разликување всушност е подло! Џентлменот, на пример, може да стави пет или десет лујдори, ретко повеќе, впрочем може да стави и илјада франци, ако е мошне богат, но заправо само за самата игра, единствено заради забава, заправо за да погледне на процесот на печалба или загуба; но ни најмалку не смее да се интересира за самата печалба. Откако ќе спечали, тој може на пример, да се насмее гласно, да му каже на некој околу него некое свое забележување, може дури да стави уште еднаш, и уште еднаш да ја удвоса, но единствено само од љубопитството, за набљудување на шансите, за пресметување, а не поради плебејска желба да спечали. Со еден збор, тој не смее да гледа на сите тие маси за коцкање, рулети и trente et quarante инаку, освен само како забава, направена единствено заради негово задоволство. Ползата и итроштините врз кои е заснована и направена банката, тој исто така не смее дури ни да ги насетува. Би било уште како мошне убаво, дури, кога на пример, и сите други играчи, сите оние никаквеци што се тресат над парата, — би му се чинеле исто такви имашни и џентлмени, како и самиот тој, и дека божем се коцкаат единствено заради самата забава и разонодување. Вакво потполно непознавање на стварноста и невино гледање на луѓето, се разбира, би биле до немајкаде аристократски. Јас сум видел како мнозина мајчици

[1]) Неприлично, лошо, сомнително.

ги туркаа напред невини и прекрасни петнаесетгодишни и шеснаесетгодишни мис, своите ќерки, и откако ќе им дадеа неколку златни монети, ги подучуваа како да се коцкаат. Госпоѓицата спечалуваше или загубуваше, бездруго се насмевнуваше и се оддалечуваше мошне задоволна. Нашиот генерал солидно и наперната приjде кон масата; лакеjот се втурна да му подаде стол, но тој не го забележи лакеjот; мошне долго време го вадеше ќесето, мошне долго време вадеше од ќесето триста златни франци, ги стави на црно и спечали. Тој не го зеде спечаленото и го остави на масата. Излезе пак црно, и овоjпат тој не го зеде спечаленото, и кога по третпат излезе црно тој одеднаш изгуби илjада и двесте франци. Тој се оддалечи со насмевка и покажа цврстина на карактерот. Jас сум уверен дека на срцето му гребеа мачки, и ако влогот беше двоjно или троjно поголем — тој не ќе издржеше да остане цврст, и би го покажал своето возбудување. Впрочем, пред мене еден Французин спечали, а потоа изгуби, околу триесетина илjади франци, весело, и без никакво возбудување. Вистинскиот центлмен, дури, и кога би го изгубил сиот свој имот, не смее да се возбудува. Парите мора да бидат толку под центлменството, така што речиси не заслужува за нив да се загрижува. Се разбира, би било мошне аристократски сосем да не се забележува сета таа валканост на сите тие никаквеци и на сета таа околност. Меѓутоа, понекогш не е помалку аристократски и обратниот начин, да се забележува, то ест да се загледува, дури и да се разгледува, на пример, па барем низ лорнет, сета таа грамада никаквеци, — но не инаку, освен прифаќаjќи ja сета таа грамадница и сета таа валканост како своевидна забава, како божем претстава, направена за центлменско забавување. Може и самиот да се тиска во таа грамадница но да се гледа наоколу со потполно убедување дека, заправо самите вие сте само набљудувач, и ни најмалку не припаѓате на неа. Впрочем, не е редно ни мошне внимателно да се разгледува: тоа пак ќе биде нецентлменски, затоа што во секоj случаj оваа глетка не за-

служува големо и мошне внимателно набљудување. Па и воопшто малку ги има таквите глетки, што се достојни за мошне внимателното набљудување од џентлменот. А сепак мене лично ми се стори дека сето тоа и уште како мошне заслужува сосем внимателно набљудување, особено за оној, што не дошол тука единствено само заради набљудување, туку самиот искрено и совесно се приклучува себеси кон сите тие никаквеци. А што се однесува за моите најинтимни морални убедувања, во сегашниве мои размислувања, се разбира, за нив, нема место. Па нека биде и така тоа, го велам ова заради успокојување на совеста. Но еве што ќе забележам: дека во текот на сево ова последно време мене ми беше некако до немајкаде гнасно да ги сообразувам моите постапки и мисли спрема било какво морално мерило. Сега нешто друго ме водеше мене . . .

Цганот, навистина, се коцка мошне валкано. Мене воопшто не ми е далечна мислата дека тука крај масата се случува многу нешто како најобична кражба. Крупиеите, што седат по краиштата од масата, вардат на влогвите и ги пресметуваат исплатите, имаат до немајкаде многу работа. И тие се уште какви никаквеци! Во поголем дел тие се Французи. Впрочем, јас тука го набљудувам ова и го забележувам, воопшто не заради тоа за да го опишам рулетот; туку јас се приспособувам, да знам како да се однесувам в иднина. Јас забележав, на пример, дека нема ништо необично кога од зад масата се протегне одеднаш нечија рака, и си го зема она што вие сте го спечалиле. Започнува расправија, честопати викотница, и — ве молам покорно, обидете се да докажете, да пронајдете сведоци, дека влогот е ваш!

Сева оваа работа за мене отпрвин претставуваше бркотница; јас само се досетував и некако разликував дека влоговите се постават, на броеви, на чифт и тек и на боја. Решив да се обидам со парите на Полина Александрова за оваа вечер да ставам само сто гулдени. Мислата, дека се нафаќам со коцкање не заради самиот себе, некако ме збркуваше. Чувството

беше до немајкаде непријатно, и ми се сакаше што поскоро да се мавнам од сето тоа. Мене постојано ми се чинеше дека започнувајќи заради Полина, си ја поткопувам сопствената среќа. Зар не може да се допре до масата за коцкање, без уште веднаш да не се зарази со суеверие. Јас започнав со тоа, што извадив пет фридрихсдори, то ест педесет гулдени, и ги поставив на чифт. Тркалцето се сврте и излезе тринаесет, — јас изгубив. Со некакво болно чувство, единствено само што поскоро да го премавнам сево ова, и да си отидам, поставив уште пет фридрихсдори на црвено. Излезе црвено. Ги поставив десетте фридрихсдори — излезе пак црвено. Откако добив четириесет фридрихсдори, јас поставив дваесет на дванаесетте средни бројки, не знаејќи што ќе излезе од тоа. Мене ми платија тројно. На таков начин, од десетте фридрихсдори мене ми попаднаа одеднаш осумдесет. Ми стана до немајкаде неподносливо од некакво необично и чудно чувство, така што се решив да си одам. Мене ми се стори дека јас воопшто не би играл така кога би играл за самиот себеси. Сепак, јас ги поставив сите осумдесет фридрихсдори уште еднаш на чифт. Овојпат излезе четири; мене ми турија уште осумдесет фридрихсдори, и откако го собрав сето купче од стошеесет фридрихсдори, тргнав да ја најдам Полина Александровна.

Тие сите се шетаа некаде во паркот, и јас успеав да се видам со неа дури на вечера. Овојпат Французинот го немаше и генералот се распавта: меѓу другото, тој најде за потребно пак да ми забележи дека не би сакал да ме видат крај масата за коцкање. Според негово мислење, тоа него многу би го искомпромитирало, ако јас некако мошне изгубам . . . — „но дури кога вие и би спечалиле мошне многу, јас и тогаш исто така би бил искомпромитиран“, додаде тој со значителност. — „Се разбира, јас немам право да ви командувам на вашите постапки, но и самите ќе се согласите“ . . . Тука тој според својот обичај не довр-ши. Јас студено му одговорив дека јас имам мошне малку пари и дека, според тоа, не ни можам мошне за-

бележливо да изгубам, дури и кога би се коцкал. Откако се качив горе кон одајата, стасав да ѝ ја предадам на Полина нејзината печалба, и ѝ кажав дека другпат нема веќе да играм за неа.

— Ами зошто? — запраша таа беспокојно.

— Затоа што сакам да се коцкам за самиот себеси, — одговорив јас, разгледувајќи ја со чудење, — а тоа ми пречи.

— Значи вие сосем останувате убедени дека рулетот претставува за вас единствен излез и спас? — ме запраша таа подбивно. Јас ѝ одговорив пак мошне сериозно, дека тоа е навистина така; а што се однесува за мојата увереност дека бездруго ќе спечалам, тоа, навистина е смешно, и јас се согласувам дека е смешно, „но нека ме остават на мир".

Полина Александровна настојуваше да си ја поделиме со неа денешната добивка по половина, и ми ги даваше сите осумдесет фридрихсдори, предлагајќи ми и натаму да продолжам да се коцкам под тие услови. Јас се откажав од половината од добивката решително и конечно, и ѝ кажав дека не можам да се коцкам за други, не поради тоа што не сакам, туку поради тоа што бездруго ќе изгубам.

— И сепак и самата јас, колку и да е глупаво тоа, речиси исто така се надевам единствено само на рулетот, — рече таа замислувајќи се. — Па затоа вие морате бездруго да продолжите со коцкањето, заедно со мене по половина, и, — се разбира — ќе продолжите. — Тогаш таа си отиде од мене, без да ги слуша моите натамошни приговори.

III

И сепак таа сиот вчерашен ден не проговори со мене ниту збор за коцкањето. Па и воопшто таа вчера избегнуваше да прикажува со мене. Нејзиниот поранешен начин на однесување спрема мене не се беше изменил. Истата онаа потпслна небрежност во обрнувањето, при среќавањата, и дури имаше и

нешто презриво и омразно. Воопшто, таа не ни сака да го притајува своето гнасење спрема мене; јас го гледам тоа. И наспроти тоа, таа исто така не крие од мене дека јас сум ѝ потребен заради нешто. и дека таа ме варди мене заради нешто. Меѓу нас се воспоставија некакви чудни односи, во многу нешто неразбирливи за мене, — кога ќе ги имам во предвид нејзината гордост и напернатост со сите. Таа, на пример, знае дека ја сакам до безумност, дури ми допушта да ѝ зборувам за мојата страст, — и, се разбира, со ништо не би го изразила својот презир спрема мене повеќе, како што го изрекува со таа дозвола да ѝ зборувам без секаква приличност и без стеснување за мојата љубов. „Значи, чиниш вели, дотолку не ги сметам за ништо твоите чувства, така што ми е сосем сеедно за што сакаш да прикажуваш со мене и да чувствуваш што сакаш спрема мене.“ Таа прикажуваше за своите сопствени работи со мене многу и порано, но никогаш не беше сосем отворена. Дури и повеќе, во нејзиното пренебрегнување спрема мене имаше, на пример, еве вакви тенкости: таа, да речеме, знае дека ми е позната некоја околност од нејзиниот живот, или нешто за тоа што силно ја беспокои; дури и самата таа ќе ми раскаже за нешто од нејзините околности, ако треба да ме употреби за некоја од нејзините цели, во својство на роб, или на трчкало; но секогаш ќе раскаже токму онолку, колку што треба да знае човекот што е употребен за трчкало, и — ако мене уште не ми е позната целата поврзаност на нештата, иако таа и самата чувствува, колку се измачувам и се тревожам од нејзините сопствени измачувања и тревоги, никогаш нема да ме удостои да ме успокои сосем со својата пријателска отвореност, и ако, употребувајќи ме често со порачки, што се не само заплеткани и деликатни, но дури и опасни, таа, според моето мислење, е должна да биде отворена спрема мене. Па и дали заслужува да се грижам за моите чувства затоа, дека јас исто така сум растревожен и, можеби, сум тројно повеќе загрижен и се мачам од нејзините грижи и неволи, одошто самата таа!

Јас уште пред три недели знаев за нејзината намера да игра на рулет. Таа мене ме предупреди, дека сум должен да играм наместо неа, затоа што не ѝ прилега на самата неа да се коцка. Според тонот на нејзините зборови, јас уште тогаш забележив дека таа има некаква сериозна грижа, а не само просто желба да печали пари. Што претставуваат за неа парите сами по себе! Тука има некаква цел, тука се некакви околности, за кои можам да насетам, но кои сè досега не ги знам. Се разбира, она понижување и ропство, во кои ме држи таа, би можеле да ми дадат (сосем често ми даваат) можност грубо и отворено самиот да ја распрашувам за многу нешта. Бидејќи јас сум за неа роб, и сум до немајкаде ништожен во нејзините очи, тогаш таа и нема зошто да се навредува од моето грубо љубопитство. Но работата е во тоа, што таа, дозволувајќи ми да ѝ поставам прашања, не ми одговара на нив. Понекогаш и воопшто не ги забележува. Ете како е меѓу нас!

Вчера кај нас многу прикажуваа за телеграмата пратена уште пред четири дена во Петербург и на која уште немаше одговор. Генералот очевидно е загрижен, и е замислен. Станува збор, се разбира, за бабата. Се тревожи и Французинот. Вчера, на пример, тие после ручекот разговараа долго и сериозно. Тонот на Французинот со сите нас е до немајкаде високомерен и небрежен. Токму како според поговорката, дај му прст, ќе те зграби и за лакотот. Тој дури спрема Полина е небрежен до грубост; впрочем, со задоволство учествува во заедничките прошетки до станицата или во прошетките на коњи и возењата надвор од градот. Мене одамна ми се познати некои околности што ги поврзуваат Французинот и генералот: во Русија тие имале намера да основаат некаква фабрика; не знам дали пропаднал проектот, или сè уште прикажуваат за него. Освен тоа, мене ми е познат и дел од семејната тајна: Французинот навистина го спасил лани генералот и му дал триесет илјади рубли заради надополнување на парите што недостасувале во државната каса при предавањето на должноста. И, се

разбира, генералот му е сега в раце; но сега, заправо токму сега, главна ролја во сево ова игра сепак m-lle Blanche, и јас сум уверен дека и во тоа не се мамам.

Која е таа m-lle Blanche? Тука кај нас прикажуваат дека таа е угледна Францускинка, што има мајка и огромен имот. Исто така е познато дека таа му е некаква роднина на нашиот маркиз, само мошне далечна, некаква кузина или втора братучеда. Велат дека пред моето патување во Париз, Французинот и m-lle Blanche се однесувале обрнувајќи многу повеќе внимание на приличност, биле небаре на многу попрефинета и поделикатна нога; а сега нивното познавање, пријателство и роднинство се покажуваат некако погрубо, некако поинтимно. Можеби на нив им се чинат нашите работи дотолку лоши, така што не сметаат за потребно да обрнуваат премногу внимание на приличност и да се прикриваат. Јас уште неодамна забележив како мистер Астлеј ги разгледуваше m-lle Blanche и мајка ѝ. Мене ми се стори дека тој ги познава. Мене дури ми се стори дека и нашиот Французин се има среќавано порано со мистер Астлеј. Впрочем, мистер Астлеј е до немајкаде стеснителен, срамежлив и молчалив, така што речиси сосем во него може да се верува, — така што нема да го изнесува на показ наметот од куќата. Во секој случај, Французинот едвај го поздравува и речиси не го гледа, а тоа значи, и не се плаши од него. Тоа сепак е уште разбирливо, но зошто m-lle Blanche исто така речиси не го погледнува? Дотолку повеќе што маркизот вчера се искажа: наеднаш тој во заедничкиот разговор, не паметам по кој повод, рече дека мистер Астлеј е до немајкаде богат, и дека тој знае за тоа: ами тука би имало зошто m-lle Blanche да се загледува во мистер Астлеј! Воопшто генералот е загрижен. Може да се разбере што може да значи за него сега телеграма дека умрела тетка му!

Иако мене ми се стори дека бездруго Полина избегнува разговор со мене, небаре со одредена цел, но и самиот јас се направив студен и рамнодушен: постојано си мислев дека штотуку, наеднаш таа ќе ми дојде. Затоа вчера и денеска јас го свртев сето мое вни-

мание првенствено на m-lle Blanche. Кутриот генерал, тој сосем пропаднал. Да се вљуби човек на педесет и пет години, со толку силна страст, — се разбира, е несреќа. Додадете го кон тоа дека тој е вдовец, неговите деца, сосем сневратен имот, долгови, и најпосле, жената, во која дошол да се вљуби. M-lle Blanche е убава. Но, не знам дали ќе ме сфатат ако речам дека таа има едно онакво лице, од кое човек може да се исплаши. Во секој случај, јас секогаш сум се плашел од такви жени. Таа бездруго има околу дваесет и пет години. Таа е јадра, и широкоплеќеста, со тркалезни раменици; вратот и градите ѝ се раскошни; кожата ѝ е темно — жолтеникава, косите црни, како туш, и до немајкаде бујни, би стасале за две фризури. Очите ѝ се црни, белките од очите жолтеникави, погледот безочен забите до немајкаде бели, усните секогаш намачкни со црвенило; од неа мириса на мосуш. Таа се облекува впечатливо богато, шик, но со многу вкус. Нозете и рацете ѝ се прекрасни. Гласот ѝ е— назален контраалт. Таа понекогаш ќе се расмее и притоа си ги покажуваа сите свои заби, но обично гледа молчаливо и безочно, — барем пред Полина и Марија Филиповна. Чуден глас: Марија Филиповна си заминува в Русија. Мене ми се чини дека m-lle Blanche нема никакво образование, можеби дури и не е многу умна, но затоа пак е недоверлива и итра. Ми се чини дека нејзиниот живот сепак не е без авантури. Ако веќе сакаме да кажеме сè, тогаш, можеби, маркизот воопшто не ѝ е роднина, и мајка ѝ воопшто не ѝ е мајка. Но има податоци, дека во Берлин, каде се најдовме со нив, таа и мајка ѝ имале неколку познанства со редни луѓе. Што се однесува до самиот маркиз, иако јас сè досега се сомневам дека тој е маркиз, неговото припаѓање кон приличното општество како кај нас, на пример, во Москва, и понегдегоде и во Германија, ми се чини, не подлежи на сомневање. Не знам што е тој во Франција? Велат има дворец. Јас мислев дека за овие две недели многу вода ќе протече, и сепак јас сè уште не знам сосем токму дали меѓу m-lle Blanche

и генералот е даден некој решителен збор? Воопшто, сега сè зависи од нашата состојба, то ест од тоа, дали ќе може генералот да им покаже пари. Ако, на пример, би дошла вест дека бабата не умрела, тогаш сум уверен дека m-lle Blanche уште веднаш би се изгубила. Меѓутоа и мене ми е чудно и смешно колку сум станал интригант. О, колку ми е гнасно сето тоа! Со колкава наслада би ги витосал сите и сè со нив! Но зар можам да си отидам од Полина, зар можам да не шпионирам околу неа? Шпионирањето, се разбира, е подло, но што ми е грижа за тоа?

Исто така ми беше интересен вчера и денеска мистер Астлеј. Да, јас сум уверен дека тој е вљубен во Полина! Интересно е и смешно колку може понекогаш да искаже погледот на срамежлив и болно — скромен човек, обземен од љубов, и токму во таков час, кога човек, се разбира, повеќе би милувал да пропадне вземи одошто да рече нешто или да искаже нешто, со збор или поглед. Мистер Астлеј мошне често се среќава со нас на прошетките. Тој си ја симнува шапката и поминува крај нас, се разбира, умирајќи од желба да ни се придружи. Но сепак, кога го покануваат, тој уште веднаш се откажува. На местата за отпочинување, на станица, кај што свири музиката, или пред фонтаната, тој бездруго се запира некаде во близина на нашата клупа, и кај и да се наоѓаме, во парк, или во шума, или Шлангенберг, — само достатно е да се подигнат очите, да се погледне наоколу и бездруго некаде, или на најблиската патека, или зад грмушката, ќе се покаже крајче од мистер Астлеј. Мене ми се чини дека тој бара можност да поприкаже со мене насамо. Денеска изутрина ние се сретнавме и си изменивме неколку збора. Понекогаш тој зборува некако необично отсечно. Уште пред да дорече „здраво“, тој започна со тоа што ми рече:

— А, m-lle Blanche!... Сум видел јас многу такви жени како што е m-lle Blanche!

Тој замолча, погледна значително во мене. Не знам што сакаше да каже тој со тоа, затоа што на моето прашање: што значи тоа? — тој ми кимна со главата со итра насмевка и додаде „така си е тоа".

— M-lle Pauline многу милува цвеќиња?

— Не знам, воопшто не знам, — одговорив јас.

— Како? Зар и тоа вие не го знаете? — свика тој со најголема вчудоневиденост.

— Не знам, воопшто не сум забележал, — повторив јас, смеејќи се.

— Хм! тоа ми даде една особена идеја. — Тука тој ми кимна со главата и си замина понатаму. Впрочем тој изгледаше задоволно. Ние со него прикажувавме на мошне лош француски јазик.

IV

Денешниов ден беше смешен, грд, бесмислен. Сега е единаесетте часот ноќе. Седам во своето камарче и си спомнувам. Започна со тоа што изутрина сепак бев принуден да отидам на рулет, за да се коцкам за Полина Александровна. Јас ги зедов сите нејзини стошеесет фридрихсдори, но под два услова: прво, дека не сакам да ја делиме печалбата, то ест ако спечалам, тогаш ништо нема да земам за мене, и второ, дека вечер Полина ќе ми објасни: зошто ѝ е токму толку нужно да спечали и колку пари токму. Јас сепак не можам никако да претпоставам дека тоа би било просто заради пари. Очевидно тука парите ѝ се неопходни, и тоа колку што може во поскорешно време, заради некаква особена цел. Таа ми вети да ми објасни, и јас отидов. Во салите за коцкање имаше страшна грамадница. Колку се безочни и колку се алчни сите тие! Јас се протуркав кон средината и застанав крај самиот крупие; потем почнав бојазливо да си ја обидувам срекаата, ставајќи по две и по три монети. Меѓутоа јас набљудував и забележував; ми се стори дека заправо пресметливоста не значи многу, и воопшто го нема она значење што ѝ го придаваат мнозина коцкари.

Тие седат со ишаркани бележници, бележат што излегло, сметаат, пресметуваат шанси, заклучуваат, најпосле стават и — губат исто онака како и ние, обичните простосмртни, што играат без пресметувања. Но затоа пак изведов еден заклучок, кој ми се чини е точен: навистина, во текот на случајни шанси има ако не систем, но небаре сепак некаков ред — што, се разбира, е мошне чудно. На пример, се случува после дванаесетте средни бројки да излегуваат дванаесетте последни; двапати, да речеме, ударот излегува на овие дванаесет последни, и преминува на дванаесетте први. Откако ќе попадне на дванаесетте први преминува пак на дванаесетте средни, излегува три — четирипати по ред на средните, и пак преминува на дванаесетте последни, од каде, пак после две излегувања, преминува на првите, на првите пак излегува уште еднаш и пак преминува на три излегувања на средните, и на таков начин продолжува во текот на час и половина или два часа. Еден, три и два; еден, три и два. Тоа е мошне интересно. Понекогаш, некој ден или некое утро оди, на пример, така, што црвеното се сменува со црното, и обратно, речиси без никаков ред едноподруго, така што повеќе од две — три излегувања по ред на црвеното или на црното не преминува. А утредента, или друга вечер, се случува да излегува по ред црвеното, на пример повеќе од двапати едноподруго и оди така бездруго во текот на извесно време, на пример, во текот на сиот ден. Многу нешто за тоа мене ми објасни мистер Астлеј, што цела изутрина престоја крај масите за коцкање, но самиот не се обложи ниеднаш. Што се однесува до мене, јас изгубив сè до последна пара, и тоа мошне набрзо. Јас директно, веднаш поставив на чифт дваесет фридрихсдори и спечалив, поставив пак и пак спечалив, и на таков начин уште два или трипати. Мислам дека ми се собраа в раце околу четиристотини фридрихсдори за само околу пет минути. Тогаш требаше да си отидам, но во мене се појави некакво чудно чувство, да ја предизвикувам судбата, некаква желба да ја потчукнам по нос, да ѝ го покажам јазикот. Јас поставив најголема

дозволена сума, четири илјади гулдени, и изгубив. Потем, вжештен, извадив сè, колку што ми остана, го поставив на истото, и пак изгубив, после се тргнав од масата како замелушен. Јас дури не сфаќав што се случи со мене, и ѝ кажав за мојата загуба на Полина Александровна дури пред самиот ручек. До тоа време постојано талкав низ паркот.

За време ручекот бев пак во возбудена состојба исто како и пред три дена. Французинот и m-lle Blanche пак ручаа со нас. Се покажа дека m-lle Blanche била изутринатa во салите за коцкање и ги видела моите подвизи. Овојпат таа заприкажа со мене некако повнимателно. Французинот појде поотворено и напросто ме запраша: — зар сум изгубил сопствени пари. Ми се чини, тој се сомнева во Полина. Со еден збор, тука има нешто. Јас уште веднаш излажав и реков дека парите биле мои.

Генералот беше до немајкаде вчудовиден: откај сум нашол толку пари? Јас му објаснив дека сум започнал со десет фридрихсдори, дека шест или седум излегувања по ред, двојно, ме доведоа до пет или до шест илјади гулдени, и дека потем сум ги прокоцкал сите на две излегувања.

Сето тоа, се разбира, беше веројатно. Објаснувајќи го тоа, јас погледнав во Полина, но не можев да разберам ништо на нејзиното лице. Сепак, таа ме остави да излажам, и не ме исправи, од тоа јас заклучив дека и сум требало да излажам и да скријам дека сум играл за неа. Во секој случај, си мислев за себе, таа ми должи објаснување и неодамна ми беше ветила нешто да ми открие.

Јас мислев дека генералот ќе ми направи некакво забележување, но тој премолчи; затоа пак на неговото лице јас забележав возбуда и загриженост. Можеби, во неговите тешки околности, нему напросто му беше тешко да слушне како толку значително купче злато дошло и си отишло за четвртина час кај еден таков непресметлив улав, како мене.

Јас се сомневам дека синоќа меѓу него и Французинот настанала некаква вжештена расправија. Тие затворени насамо долго и вжештено прикажуваа за нешто. Французинот си замина чиниш разлутен од нешто, а денеска рано изутрина пак дојде кај генералот — и веројатно за да го продолжат вчерашниот разговор.

Откако дослуша за мојата загуба, Французинот зајадливо, и дури злобно, ми забележи дека сум требал да бидам поразумен. Не знам зошто го додаде тој тоа дека — иако мнозина од Русите се коцкаат, но според негово мислење, Русите не се способни дури ни за коцкање.

— А според мое мислење, рулетот токму како за Русите да е создаден, — реков јас, и кога Французинот на мојата забелешка се насмевна презриво, јас му забележав дека, се разбира, вистината е на моја страна, бидејќи зборувајќи за Русите, како за коцкари, јас нив многу повеќе ги напаѓав одошто ги фалев, па значи, може да ми се верува.

— А врз што го засновувате своето мислење? — запраша Французинот.

— Врз тоа што способноста за здобивање на капитал историски, и речиси како главна работа се наоѓа во катихизисот на добродетелите и вредностите на цивилизираниот западњак. А Русинот, не само што не е кадарен да трупа капитали, туку дури и ги сневратува некако со широка рака и грдо.

Но, — додадов, — и наспроти тоа и на нам, Русите, пари ни се потребни, и поради тоа, толку лесно и од срце се закачуваме за такви работи, како што е рулетот, каде човек одеднаш, за два часа, може да се збогати, не мачејќи се многу. Таквото нешто нас нè маѓепсува и привлекува; но бидејќи ние и се коцкаме без пресметливост, без труд, затоа и губиме.

— Тоа е донекаде точно — забележа задоволно Французинот.

— Не, тоа не е точно и треба да ви е срам што така зборувате за својата татковина, — строго и убедливо ме прекори генералот.

— Ако ми дозволите, — му одговорив, — ако сакаме да ја кажеме сета вистина, уште не се знае што е погнасно: руската гнасност или германскиот начин на богатење со чесен труд.

— Каква гнасна мисла! — свика генералот.

— Каква руска мисла! — свика Французинот.

Јас се смеев. До немајкаде сакав да ги скарам.

— Повеќе би се согласил да поминам сиот свој живот како номад во киргиски чадор — свикав — одошто да му се клањам на германскиот идол.

— Каков идол? — свика генералот, кој веќе започнуваше сериозно да се лути.

— На германскиот начин на трупање на богатство. Јас не сум тука одамна, но сепак што сум стасал да го забележам и проверам, ја возбудува мојата татарска природа. Жив ми господа, не ги сакам таквите добродетели! Вчера успеав да поминам некои десетина врсти во околината. И она што го најдов како капка вода прилегаше на друга, на она во поучните германски книшки со сликички! Кај нив тука секоја куќа има свој фатер, што е до немајкаде добродетелен и до немајкаде чесен, толку чесен што е страшно дури и да му се приближиш. Не можам да ги поднесувам чесните луѓе, до кои е страшно и да им се приближиш. Секој од тие фатери има свое семејство и навечер сите тие наглас читаат поучни книги. Над куќарката шумолат брестови и костени. Заоѓање на сонцето, штрк на покривот, и сè е до немајкаде поетично и трогателно... А вие, генерале, не лутете се, дозволете ми да раскажувам што потрогателно. Јас и самиот се сеќавам како мојот покоен татко исто така, во градината под липите, ми читаше гласно на мене и на мајка ми слични книшки... Значи, јас сум во состојба правилно да судам за сето тоа...

... И ете, секое такво семејство тука, живее во најпотполно ропство и покорност спрема фатерот. Сите работаат како волови и сите трупаат пари како Евреи. Да претпоставиме дека фатерот веќе натрупал толку и толку гулдени, и смета да му го предаде занаетот

или имотот на најстариот син; поради тоа не ѝ дава чеиз на ќерка си и таа останува стара мома. Поради тоа и најмладиот син го продаваат за неколку години аргат или во војска, а парите ги приклучуваат кон домашниот капитал. Навистина, така се работи тука; сум се распрашувал. И сето тоа се прави само од чесност, од пресилена чесност, така што дури и најмладиот продаден син верува дека не го продале за нешто друго, туку само од чесност, а тоа е веќе идеал, — кога самата жртва се радува што ја водат на колење. А што станува потем? Потем ни на оној постариот со тоа не му е ништо полесно: си има тој таму некоја Амалхен, со која се соединил во своето срце, но не може да се венча, бидејќи уште не насобрал толку и толку гулдени. И тие чекаат послушно и искрено и со насмевка одат на колење. Образите на Амалхен веќе опаднале, таа венее. Најпосле, после дваесет години, имотот се зголемил; гулдените чесно и убаво се натрупале. Фатерот го благословува најстариот четириесетгодишен син и триесетпетгодишната Амалхен со исушени гради и црвен нос... По тој повод се расплакува, проповеда поуки, умира. Сега најстариот син станува фатер и започнува истата историја. И така после педесет или седумдесет години внукот на првиот фатер навистина веќе остварува значителен капитал, и му го предава на својот син, овој на својот, овој на својот, и после пет или шест поколенија се појавува барон Ротшилд или Хопе и комп. или ѓавол ќе го знае кој... Не! Ами како нема да има величествена глетка: стогодишен или двестегодишен наследен труд, стрпливост, ум, чесност, карактер, решителност, пресметливост, штрк на покривот! Што би сакале повеќе? Па над тоа и нема ништо повеќе! И од таа точка тие сега почнуваат да му судат на сиот свет, а виновниците, то ест сите оние што барем и за трошка во нешто не прилегаат на нив, веднаш ги казнуваат. Па така, значи, ете во што е работата: повеќе милувам да блудничам на руски, или да се втурнам со полна пареа на рулет. Не сакам да бидам после пет поколенија Хопе и комп. Мене парите ми се потребни заради

самиот мене, а јас не се сметам сиот себеси за нешто што може да се приклучи кон капиталот... Знам дека натропав страшни глупости, но нека остане така. Такви се моите убедувања.

— Не знам, дали има многу вистина во сето она што го раскажавте — замислено рече генералот, — но уверено знам дека веднаш почнувате неподносливо да се залисувате штом и најмалку ви се дозволи да се заборавите...

Генералот, според својот обичај, не ја доврши почнатата реченица. Секогаш кога нашиот генерал почнуваше да прикажува за нешто што би било колкугоде позначително од секојдневните разговори, никогаш не ја искажуваше докрај својата мисла. Французинот небрежно слушаше со троа оврлени очи. Тој не сфаќаше речиси ништо од сè она што го реков. Полина ги гледаше сите со некаква наперната рамнодушност. Се чинеше дека таа не само што не ме слушнала мене, туку не слушнала дури воопшто ништо од она што беше речено овојпат крај масата.

V

Таа беше до немајкаде замислена, но, штом станавме од масата, ми заповеда да отидеме со неа на прошетка. Ги поведовме децата и тргнавме во паркот спроти фонтаната.

Бидејќи бев во особено возбудена состојба, јас сосем глупаво и грубо ненадејно ја запрашав зошто нашиот маркиз Де Грие, Французинчето, не само што не ја придружува сега, кога излегува некаде, туку дури и не разговара со неа по цели денови.

— Затоа што е никаквец, — ми одговори таа некако чудно.

Јас никогаш не ја бев чул таа да се изразува така за Де Грие, па затоа премолчев, страхувајќи да побарам објаснување за таа јадосаност.

— А дали забележавте дека тој денеска нешто не е во добри односи со генералот.

— А вие би сакале да знаете во што е работата, — студено и грубо ми одговори таа. — Ами вие знаете дека генералот е сиот кај него во залог, сиот имот — е негов, и ако бабата не умре, Французинот наскоро ќе стане сопственик на сè она што е кај него дадено под залог.

— Ах, значи, навистина е точно дека сè е дадено под залог? Јас бев слушнал за тоа, но не знаев дека е заложено сосем сè.

— Ами како инаку?

— И притоа тогаш због m-lle Blanche, — забележав јас. — Тогаш таа нема да стане генералка! Знаете што: мене ми се чини, генералот е толку вљубен, што, молам, ќе се застрели, ако m-lle Blanche го напушти. Опасно е толку да се вљубува на негови години.

— И на самата мене ми се чини дека со него ќе се случи нешто, — замислено рече Полина Александровна.

— И колку е тоа прекрасно, — свикав јас, — не може побезочно да се покаже дека таа се согласила да се омажи за него само заради пари. Тука дури ни приличноста не се запазила, сосем без никакви преторувања се постапува. За чудо! А што се однесува за бабата, што има покомично и повалкано од испраќањето на телеграма по телеграма и распрашувањето: умре ли, умре ли? А? Како ви се допаѓа тоа, Полина Александровна?

— Сè се тоа глупости, — рече таа со гнасење, откако ме прекина. — Напротив, јас ви се чудам на вас, што сте толку до немајкаде развеселен. На што се радувате? Зар на тоа што ги изгубивте моите пари?

— Ами вие зошто ми ги дадовте да ги изгубам? Јас ви реков дека не можам да се коцкам за други, а понајмалу за вас? Јас ќе ве послушам, па и што да ми заповедите; но резултатот не зависи од мене. Ами јас ве предупредив дека нема да излезе ништо. Кажете, дали сте многу јадосана што изгубивте толку пари? Зошто ви се потребни толку пари?

— Зашто се такви прашања?

— Ами вие самите ми ветивте дека ќе ми објасните... Слушајте: јас сум сосем убеден дека кога ќе почнам да се коцкам за своја сметка (а јас имам дванаесет фридрихсодри), тогаш ќе спечалам. Тогаш, земете од мене колку што ви треба.

Таа направи презрива гримаса.

— Вие не лутете ми се, — продолжив јас — поради таквиот предлог. Јас сум дотолку исполнет со свест за тоа дека за вас претставувам нула, то ест претставувам нула во вашите очи, така што вие можете дури да примите од мене и пари. Вие нема зошто да се навредувате за подарокот од мене. Освен тоа јас изгубив ваши пари.

Таа брзо погледна во мене, и откако забележа дека јас зборувам јадосано и саркастично, пак го прекина разговорот.

— Нема за вас ништо интересно во моите околности. Ако веќе сакате да знаете, јас сум напросто должна. Зедов пари назаем, и би сакала да ги вратам. Јас имав безумна и чудна мисла, дека бездруго ќе спечалам тука, на масата за коцкање. Откај ми дошла таквата мисла — не разбирам, но јас верував во неа. Којзнае, можеби сум верувала затоа што не ми остануваше никаква друга шанса за избор.

— Или пак затоа што веќе и премногу ви беше *потребно* да спечалите. Тоа е токму онака како кога давеникот се фаќа за сламка. Ќе се согласите и самите дека кога тој не би се давел, не би ја сметал сламката за ветка од дрво.

Полина се зачуди:

— Ами како, — запраша таа, — па и вие самите се надевате на истото тоа? Вие самите еднаш пред две недели ми зборувавте, многу и долго за тоа дека сте сосем уверени дека ќе спечалите тука на рулет, и ме убедувавте да не гледам на вас како на побркан; или пак вие тогаш се шегувавте. Но јас се сеќавам, вие зборувавте толку сериозно, што никако не можеше да сфати човек дека се шегувате.

— Тоа е вистина, — одговорив јас замислено, — сè досега јас сум уверен дека ќе добијам на рулет. Јас дури ви признавам дека сега вие ме наведовте на прашањето: зошто токму мојата денешна, неразумна и грда загуба не остави во мене никакво сомневање? Јас сепак сум сосем уверен, дека штом само ќе почнам да се коцкам за своја сметка, бездруго ќе спечалам.

— А зошто сте вие толку сосем уверени?

— Ако сакате да знаете, — не знам. Јас знам само дека мене ми *треба* да добијам, дека тоа исто така е мојот единствен излез. Па, ете зошто, можеби, мене и ми се чини дека бездруго морам да добијам.

— Значи, на вас исто така до немајкаде ви *треба*, штом сте фантастично уверени!

— Се обложувам дека вие се сомневате оти јас можам да бидам во состојба да чувствувам сериозна *потреба*?

— Тоа ми е сеедно, — тивко и рамнодушно одговори Полина. — Штом сакате да знаете, — *да*, јас се сомневам дека вас би можело да ве измачува нешто сериозно. Вие може да се измачувате, но несериозно. Вие сте несреден и неурамнотежен човек. Зошто ви се на вас пари? Во сите оние причини што вие ми ги кажавте тогаш, јас не најдов ништо сериозно.

— Патем кон зборот, ја прекинав јас, — вие рековте дека треба да вратите некој долг. Значи, некој тежок долг! Да не е тоа на Французинот?

— Какви се тие прашања? Вие денеска сте особено груби. Да не сте пијан?

— Вие знаете дека јас си дозволувам да зборувам сè и понекогаш ве прашувам мошне отворено. Повторувам, јас сум ваш роб, а од робовите не се срамуваат, и робот не може да навреди.

— Сè се тоа бесмислици! И не можам да ја поднесувам таа ваша „ропска“ теорија!

— Забележете дека јас не ви зборувам за моето ропство затоа што би сакал да ви бидам ваш роб, туку напросто — зборувам за него како за факт, што воопшто не зависи од мене.

— Кажете отворено: зошто ви се пари?

— А вам зошто ви е потребно да го знаете тоа?

— Како сакате, — одговори таа и гордо нишна со главата.

— Не ја поднесувате ропската теорија, а барате ропска покорност: „одговарајте и не расудувајте!“ Добро, нека биде така. — Зошто ми се пари, прашувате вие? Како зошто? Ами парите — се сѐ и сешто.

— Разбирам, ами не паѓаат во умопобрканост присакувајќи ги нив! Ами вие исто така попаѓате до залисаност, до фатализам. Тука има нешто, некаква особена цел. Кажувајте без увиткувања, јас така сакам.

Таа небаре почнуваше да се лути, и мене до немајкаде ми се свиде што таа толку јадосано ме допрашуваше.

— Се разбира, има цел, — реков јас, — но јас нема да умеам да ви објаснам — каква цел. Ништо повеќе, освен тоа дека со парите јас ќе станам за вас инаков човек, а не роб.

— Како? Како ќе го постигнете вие тоа?

— Како ќе го постигнам тоа? Како, зар вие дури не сфаќате како можам јас да постигнам вие да ме гледате поинаку одошто како роб! Ами токму тоа јас и не го сакам, такви чудења и недоумици.

— Па вие велевте дека тоа ропство ви е вам задоволство. Па и јас самата мислев така.

— Вие сте мислеле така, — свикав јас со некаква чудна наслада. — Ах, колку е убава од вас таква наивност! Туку да, да, мене ми е ропството спрема вас — наслада. Има, има наслада во најдолната пониженост и ништожност! — продолжив да бладам јас. — Ѓавол знае, можеби, неа ја има и во камшикот, кога камшикот се плеснува врз грбот и откинува парчиња месо... Но јас, можеби, сакам да почувствувам и инакви наслади. Неодамна мене генералот пред вас ми држеше поучување крај масата заради седумстотини рубли годишно, кои можеби јас нема воопшто ни да ги добијам од него. Маркизот Де Грие, ме разгледува мене со подигнати веѓи, без да ме забележи

во исто време. А јас, од своја страна, можеби страсно сакам да го потегнам пред вас маркизот Де Грие за нос!

— Зборови на лапе. Во секаква положба човек може да се постави со достоинство. Ако има во тоа борба, тогаш таа уште повеќе може само да го издигне, а не да го понижи човека.

— Токму како од буквар! Вие само претпоставете дека јас можеби не умеам да се поставам со достоинство. То ест, молам, јас сум достоен човек, туку не умеам да се поставам себеси со достоинство. Дали вие разбирате дека може и така да биде? Ами сите Руси се такви, и знаете зошто: затоа што Русите се мошне богато и многустрано надарени, за да можат да си најдат наскоро форма што им прилега. Не е тука работата во форма. Ние, Русите, во поголем дел сме толку богато надарени, што за изнајдувањето на форма што ни прилега ни е потребна генијалност. Ами генијалноста најчесто и ја нема, затоа што таа многу ретко се наоѓа. Тоа само кај Французите, и молам, кај некои други Европејци, толку убаво се одредува формата, така што да се може да се изгледа вонредно достоинствено, а истовремено да се биде најнедостојниот човек. Затоа кај нив и толку многу значи формата. Французинот ќе поднесе навреда, вистинска, од срце дојдена навреда, и нема да се намурти, но чукнување по нос нема да поднесе по никоја цена, затоа што тоа претставува нарушување на прифатена и овековечена форма на приличност. Затоа токму и се толку лакомат нашите госпоѓици за Французите, бидејќи кај нив формата е убава. Впрочем, според мое мислење, и нема никаква форма, туку единствено само петел, le coq gaulois.[1]) Впрочем, јас тоа не можам да го разберам, јас не сум жена. Можеби, петлите и се добри. Па и воопшто јас се залисав, а вие мене не ме прекинувате. Прекинувајте ме почесто кога прикажувам со вас, јас сакам да ви искажам сè, сè, сè. Јас губам секаква форма. Јас дури се согласувам дека немам не само форма, туку ниту никакво достоинство.

---

[2]) Галско петле.

Ви кажувам ете за тоа. Дури не се ни грижам за никакво достоинство. Сега во мене сè е некако вкочането. Вие самите знаете зошто. Во главата немам ниедна човечка мисла. Јас одамна веќе не знам што се случува на светот, ниту во Русија, ниту тука. Ете, јас пропатував низ Дрезден и не се сеќавам каков е тој Дрезден. Вие самите знаете од што сум обземен. Бидејќи и за мене нема никаква надеж, и во вашите очи претставувам нула, јас затоа и ви велам отворено: јас насекаде ве гледам само вас, а сè друго не ми значи ништо. Поради што и колку ве сакам — не знам. Дали знаете, дека можеби вие воопшто не сте убава? Замислете си, јас дури не знам дали вие сте убава или не сте, дури ни на лицето? Срцето, бездруго, ваше, не е добро; умот ви е неблагороден, тоа е мошне возможно.

— Можеби, вие затоа и сметате да ме купите за пари, — рече таа, — бидејќи не верувате во моето благородство?

— Ами кога сум сметал јас да ве купам за пари? — свикав јас.

— Вие се искажавте и ја изгубивте вашата нишка. Ако не мислите да ме купите мене, тогаш мислите со парите да го купите моето почитување.

— Ами не, тоа воопшто не е така. Јас ви реков дека мене ми е тешко да објаснам. Вие ме збркувате. Не лутете се на моето ломотење. Вие разбирате зошто не бива да ми се лутите мене: јас сум напросто улав. А впрочем, мене ми е сеедно, ако сакате и лутете се. Мене ми е достатно само да си спомнам горе во одајчето и да си го замислам само шушкањето од вашиот фустан па да бидам во состојба рацете да си ги изгризам. И зошто вие ми се лутите мене? Поради тоа ли, што се наречувам роб? Користете се, користете се од моето ропство, користете се! Дали вие знаете дека јас некогаш ќе ве убијам? Нема да ве убијам затоа што ќе престанам да ве сакам или пак од ревност, туку — онака, просто ќе ве убијам, поради тоа што понекогаш мене ме обзема желба да ве изедам. Вие се смеете . . .

— Воопшто не се смеам, — рече таа со гнев. — Јас ви заповедам да молкнете.

Таа се запре, едвај поземајќи си здив од разгневеност. Жив ми господа, јас не знам дали таа беше убава, но јас секогаш милував да гледам кога таа се стаписуваше пред мене, па затоа и милував често да го предизвикувам нејзиниот гнев. Можеби, таа го беше забележила тоа и нарочно се лутеше. Јас ѝ го реков тоа.

— Каква валканост! — извикна таа со гнасење.

— Мене ми е сеедно, — продолжив јас. — Дали вие знаете уште и тоа дека за нас е опасно да одиме двајцата заедно; мене многупати незадржливо ме привлекувало да ве претепам, осакатам, задушам. И што мислите вие, дека нема да дојде до тоа? Вие ќе ме доведете мене до умопобрканост. Ами да не се плашам од скандал? Или од вашиот гнев? Ами што ми е грижа за вашиот гнев? Јас ве сакам без надеж и знам дека после тоа илјадакратно повеќе ќе ве сакам. Ако јас ве убијам некогаш, тогаш ќе треба и себеси да се убијам, туку — јас колку што е можно повеќе нема да се убивам, за да можам да ја чувствувам таа неподнослива болка да бидам без вас. Дали вие знаете за една неверојатна работа: со секој ден јас ве сакам сè *повеќе,* а пак нели тоа е речиси невозможно. И после тоа да не бидам фаталист? Дали се сеќавате, неодамна на Шлангенберг, јас предизвикан од вас, ви прошепотив: кажете само збор, и јас ќе се фрлам во оваа бездна. Ако вие го речевте тој збор, јас тогаш ќе се фрлев. Зар вие не верувате дека ќе се фрлев?

— Колку глупаво ломотење! — извикна таа.

— Мене не ми е никаква грижа за тоа дали тоа е глупаво или умно, — свикав јас. — Јас знам дека мене ми треба пред вас да зборувам, зборувам, зборувам — и јас зборувам. Јас го губам пред вас себепочитувањето, и мене ми е сеедно.

— Ами зошто ми е потребно да ве терам да скокнете од Шлангенберг? — рече таа, студено и некако особено навредливо. — Тоа е за мене сосем бесполезно.

— Прекрасно! — свикав јас, — вие нарочно го рековте тоа прекрасно, бесполезно, за да ме степкате. Јас сосем ве прозирам. Вие велите, бесполезно? Но нели задоволството е секогаш полезно, а дивјачка, безгранична власт — па дури кога е и над мува — е исто така своевидна наслада. Човекот е деспот по природа и милува да биде мачител. Вие до немајкаде го сакате тоа.

Се сеќавам, таа се загледуваше во мене со некакво особено втренчено внимание. Бездруго, тогаш моето лице ги изразуваше сите мои безумни и бесмислени чувства. Сега јас си спомнувам, и навистина така се одвиваше тогаш разговорот, речиси од збор до збор, како што го опишав тука. Очите ми се налеаја со крв. На краиштата од усните се беше запекла пена. А што се однесува до Шлангенберг, навистина, ви се колнам во честа дури и сега, ако таа тогаш ми заповедаше да се фрлам долу, јас ќе се фрлев! Ако го беше рекла дури и само на шега, ако го речеше со презир, со плукнување на мене, — јас и тогаш ќе се фрлев!

— Не, зошто, јас ви верувам, — рече таа, но онака, како што таа умее понекогаш да изговори со толку презир и зајадливост, со толку високомерност, што жив ми господ можев и да ја убијам во тој миг. Таа ризикуваше. Јас исто така не излагав за тоа, кажувајќи ѝ го.

— Не сте ли вие страшливец? — ме запраша таа наеднаш.

— Не знам, можеби и сум страшливец. Не знам . . . одамна не сум мислел за тоа.

— Кога јас би ви рекла: убијте го тој и тој човек, дали вие би го убиле?

— Кого?

— Кого ќе посакам јас.

— Французинот?

— Не прашувајте, туку одговарајте, — кого ќе ви речам. Јас сакам да знам дали вие сега зборувавте сериозно? — Таа толку сериозно и нестрпливо очекуваше одговор, така што мене ми стана чудно.

— Па ќе ми кажете ли, најпосле, што станува тука! — свикав јас. — Да не се плашите вие од мене, — или што? Самиот ги гледам јас сите тукашни безредија. Вие сте паштерка на пропаднат и побркан човек, заразен од страст спрема оној ѓавол — Blanche, потем, тука е — оној Французин, со своето таинствено влијание врз вас, и, — еве сега вие толку сериозно ми поставате... такво прашање. Барем во најмала рака да знам; инаку јас тука ќе се побркам и ќе сторам нешто. Или пак вие се срамувате да ме удостоите со отвореност? Ами зар можете вие да се срамувате од мене?

— Јас прикажувам со вас за сосем друго нешто. Јас ве запрашав и очекувам одговор.

— Се разбира, ќе го убијам, — свикав јас, — кого ќе ми заповедите само, но зар вие можете... зар вие можете да го заповедите тоа?

— А што мислите, ќе се сожалам за вас? Ќе ви заповедам, а самата ќе си останам настрана скраја. Дали вие ќе го поднесете тоа? Туку не, кај би можеле вие? Вие, молам, и ќе убиете по заповед, а потем ќе дојдете да ме убиете и мене, поради тоа што сум смеела да ве испратам да убиете.

Мене како нешто по глава да ме тресна од тие зборови. Се разбира, јас и тогаш го сметав нејзиното прашање наполовина за шега, за предизвикување; но сепак таа го изговори тоа мошне сериозно. Јас сепак бев замелушен, што таа се искажа така, што таа си зеде такво право врз мене, и толку отворено вели: „оди во гибел, а јас ќе си останам отстрана скраја". Во тие зборови имаше нешто толку цинично и отворено, што, според мое мислење, беше до немајкаде премногу. Тогаш значи, ами како гледа таа на мене после ова? Тоа веќе ја премина границата на ропството и ништожноста. После такво гледање човека го издигаат до небеси. И колку и да беше бесмислен, колку и да беше неверојатен сиов овој наш разговор, но срцето ми затрепери.

Наеднаш таа се раскикоти. Ние тогаш седевме на клупа, пред децата што си играа, спроти самото она

место кај што се запираат кочиите и патниците слегуваат, во алејата пред станицата.

— Ја гледате ли онаа дебелана баронеса? — свика таа. — Тоа е бароницата Вурмерхелм. Таа е дојдена едвај пред три дена. Го гледате ли маж ѝ: долгунест, слабунест, Прус, со бастун во раката. Дали се сеќавате, како тој завчера се загледуваше во нас? Одете веднаш, пријдете ѝ на бароницата, сметнете си ја шапката и кажете ѝ нешто на француски.

— Зошто?

— Вие се колневте дека ќе скокнете од Шлангенберг, вие се колневте дека сте во состојба да убиете, ако ви заповедам. Наместо сите тие убиства и трагедии, јас сакам само да се поднасмеам. Одете без да се изговарате. Јас сакам да видам како баронот ќе ве натепа со бастунот.

— Вие ме предизвикувате; вие мислите дека нема да го сторам тоа?

— Да, ве предизвикувам, одете, јас сакам така!

— Повелете, одам, иако е тоа дива фантазија. Туку еве што: да не има поради тоа генералот непријатности, а пак вие од него? Жив ми господа, јас не се грижам заради себеси, туку заради вас, па — и за генералот. И каква фантазија е тоа да се оди да се навредува жена?

— Не, вие само сте пламнало, како што гледам, — рече таа презриво. — Вас само очите ви се исполнија со крв пред малку, впрочем, можеби затоа што сте испиле многу вино по ручекот. Па зар и самата јас не разбирам дека тоа е глупаво и ниско, и дека генералот ќе се налути? Јас просто сакам да се насмеам. Па, сакам, и тоа е сè! И зошто да ја навредувате жената? Вас поскоро ќе ве натепаат со бастунот.

Јас се свртев и молкум појдов да го исполнам нејзиното барање. Се разбира, тоа беше глупаво, и, се разбира, јас не успеав да се извлечам, но кога почнав да ѝ се приближувам на бароницата, се сеќавам, како и самиот мене нешто да ме подбуцна, токму детско палавство ме подбуцна. Пак и бев страшно јадосан, небаре бев пијан.

VI

Еве веќе поминаа два дена по таа глупава случка. И колку викотница, врева, приказни, расправии! И колку е сето тоа збрка, бркотница, глупавост и долност, а јас сум причина за сè. Туку, впрочем, понекогаш е и смешно, барем на мене. Јас не умеам да си објаснам што стана со мене, дали се наоѓам навистина во безумство, или напросто сум се одбил од патот и палавам, додека не ме врзат. Понекогаш ми се чини дека умот ми се брка. А понекогаш ми се чини дека не сум отишол далеку од детството, од училишната клупа и напросто грубо палавам.

За сето тоа е виновна Полина, сама таа Полина! Можеби би го немало ни палавењето, ако не беше таа. Којзнае, можеби, јас го правам сево ова од очаеност (колку и да е глупаво впрочем да се размислува така). И не сфаќам, не сфаќам, што има убаво во неа. Дека таа е убава, впрочем, убава е, ми се чини, е убава. Ами таа и други ги побркува. Висока и стамена. Само што е мошне тенка. Мене ми се чини дека неа би можело во јазел да се врзе, или да се свитка на две. Стапалката од ногата ѝ е тесничка и долга — измачувачка. Имено измачувачка. Косата ѝ е со црвеникав прелив. Очите — вистински како кај мачка, но колку горделиво и високомерно умее таа да гледа со нив. Пред четири месеци, кога јас штотуку влегов кај нив, таа еднаш навечер, долго и пламено прикажуваше во салонот со Де Грие. И така го погледна... што потем јас, кога отидов да си легнам во својата одаја, си помислив дека му плеснала шлаканица, штотуку му плеснала, стои пред него, и го гледа... Ете токму од таа вечер јас и ја засакав.

Впрочем, да преминеме на работата.

Јас се втурнав по патеката во алејата, застанав сред алејата и ги очекував бароницата и баронот. На пет чекори од нив јас ја симнав шапката и се поклонив.

Се сеќавам, бароницата имаше широк свилен фустан, со светло-сива боја, со дипли, кринолин и шпел.

Таа е со низичок бој и прекумерна дебелина, со до немајкаде дебел и свиснат подбрадок, така што воопшто не се виѓава гушата. Лицето ѝ е алово. Очите ситни, зли и дрзосни. Кога врви — како чиниш сите со милост да ги удостојува. Баронот е слабунест, височок. Лицето, според германскиот обичај, му е исклештено и во илјадници ситни брчки; со очила; на околу четириесет и пет години. Неговите нозе му започнуваат речиси од самите гради; ете тоа се вели сој. Горделив, како паун. Малку млитав. Има нешто овчо во изразот на лицето, што на свој начин заменува длабокомисленост.

Сето тоа ми премина пред очите за три секунди.

Мојот поклон и мојата шапка в рацете отпрвин едвај — едвај го запреа нивното внимание. Само баронот малку си ги собра веѓите. А бароницата доаѓаше право кон мене.

— Madam la baronne, — реков јас јасно наглас, нагласувајќи го секој збор: — j'ai l' honneur d' être votre esclave.[1])

Потем им се поклонив, си ја ставив шапката, и поминав покрај баронот, учтиво обрнувајќи го кон него лицето и насмевнувајќи му се.

Да ја симнам шапката ми заповеда таа, но она поклонување и клештење, ми беше дојдено од самиот мене. Ѓавол знае што ме подбуцна на тоа! Небаре се бев турнал од некој рид.

— Не! — свика, или подобро речено, свреска баронот, свртувајќи се накај мене со налутено чудење.

И јас се свртев и застанав во учтиво исчекување, не престанувајќи да го гледам и да се насмевнувам. Очевидно тој беше во недоумица; веѓите му беа кренати колку што nes plus ultra.[2]) Лицето сè повеќе и повеќе му се стуштуваше. И бароницата исто така се врте кон мене, и ме гледаше со гневно недоумение. Поминувачите почнаа да се загледуваат во нас. Некои дури и се запираа.

---

[1]) Госпоѓо баронице, имам чест да бидам ваш роб!
[2]) Колку што не може повеќе.

— Хе! — сврека пак баронот со удвосан глас и со удвосана разгневеност.

— Ја wohl![1]) — затегавив јас, гледајќи му и понатаму право в очи.

— Sind siee rasend?[2]) — свика тој откако замавна со својата палка и почнувајќи, како што се чинеше, донекаде да се плаши. Него, можеби го збркуваше мојата облека. Јас бев мошне прилично, дури и елегантно облечен, како човек кој сосем припаѓа на најприлични луѓе.

— Ја wolo-ohl? — свикав тогаш со сета сила, протегнувајќи го „о“ — то како што го тегават берлинците, кои во разговор постојано го употребуваат изразот „ја wohlö, тегавејќи го притоа гласот „о“ повеќе или помалку во смисла на нагласување на различни нијанси на мисли и чувства.

Баронот и бароницата брзо се свртеа, и со страв речиси, се стрчаа понатаму од мене. Меѓу насобраните некои почнаа да прикажуваат, некои ме загледуваа со недоумица. Впрочем, и не се сеќавам сосем добро.

И јас се свртев и појдов со обичен чекор накај Полина Александровна. Но кога дојдов на стотина чекори од нејзината клупа, ја видов како стана и тргна со децата накај хотелот.

Ја навтасав на самиот влез.

— Ја сторив таа... улава палавштина — реков откако се доближив до неа.

— Ами што тогаш? Сега извлекувајте се сами како знаете! — ми рече таа, дури без да ме погледне, па појде по скалите.

Сета таа вечер чекорев низ паркот. Низ паркот, па после низ шумата стасав дури во друго кнежевство. Во една колиба јадев кајгана и пиев вино; за таа идила ми дрпнаа цел талир и половина.

Дури во единаесетте часот се вратив дома. Веднаш дојде човек откај генералот да ме повика.

---

[1]) Токму така (герм.).
[2]) Да не сте поулавиле?

Нашите држат во хотелот два апартмана, имаат четири одаи. Првата, голема, тоа е салон со пијано. Веднаш до неа е друга голема одаја, кабинетот на генералот. Тука тој ме очекуваше, стоејќи сред одајата, со прекумерно достоинствена поза. Де Грие седеше наслагоден комотно на диванот.

— Дозволете ми, почитувани господине, да ве запрашам што сте сториле?

— Јас би сакал, генерале, да преминете направо на работата. Веројатно вие сакате да зборувате за моето денешно среќавање со еден Германец.

— Со еден Германец?! Тој Германец — е барон Вурмерхелм и тој е мошне значителна личност! Вие сте се однеле мошне неприлично спрема него и бароницата.

— Тоа ни најмалку не е така.

— Вие сте ги исплашиле, почитуван господине — свика генералот.

— Ами ни најмалку! Во Берлин забележив дека таму секој миг се повторува она „ja wohl“, што тие така го тегават да ти се смачи. Кога се сретнав со баронот во алејата, мене одеднаш, не знам од каде, ми дојде на ум тоа „ja wohl“, и тоа ми подејствува раздарзливо... Освен тоа бароницата, еве веќе по третпат, сретнувајќи се со мене, има обичај да оди право на мене, небаре јас сум црв што може со нога да го згази. Ќе се согласите, јас исто така можам да имам свое самољубие. Јас си ја сметнав шапката и учтиво (ве уверувам дека беше учтиво) реков: „Madame, j' ai l'honneur d'être votre esclave“. Кога баронот ми се сврте и рече „хе!“, — мене одеднаш нешто ме подбуцна исто така да свикам: „Ja wohl!“ И јас свикав двапати: првиот пат обично, а вториот пат тегавејќи со сета сила. И ете тоа беше сè.

Си признавам, јас до немајкаде бев задоволен од ова во највисок степен детинско објаснување. Јас до немајкаде сакав да ја тегавам надолгу и нашироко таа историја, колку што може побесмислено.

И колку одеше понатаму, мене со сè повеќе волја ми се навлегуваше во тоа.

— Дали вие ми се подбивате мене, или пак што, — свика генералот. Тој му се обрна на Французинот и на француски му раскажа дека јас се навирам во скандал без да му ја мислам. Де Грие презриво се потсмевна и си ги крена рамениците.

— О, немојте да имате таква мисла, воопшто таково нешто немаше! — му свикав јас на генералот, — мојата постапка, се разбира, не е убава, и јас во најголема мерка отворено го признавам тоа. Мојата постапка дури може да се нарече глупаво и неприлично детско палавство, но — ништо повеќе од тоа. И дали знаете, генерале, јас се кајам до немајкаде за ова. Но тука има една околност, што во моите очи речиси ме ослободува и од каење. Во последно време, овие две дури и три недели, јас не се чувствувам добро: болен сум, нервозен, раздразлив, залисан, и во одделни случаи, сосем го губам владеењето со себеси. Вистина ви велам, понекогаш јас до немајкаде неколкупати посакав наеднаш да му се обрнам на маркизот Де Грие и... Туку, впрочем, нема зошто да се доискажувам, можеби, ќе му биде навредливо. Со еден збор тоа се белези на болест. Јас не знам дали бароницата Вурмерхелм ќе ги прими тие околности, кога јас ќе ја замолам за извинување (затоа што имам намера да ја замолам за прошка)? Јас сметам, дека нема да ги прифати, доколку повеќе, што, колку што ми е познато на мене, со оваа околност во последно време почнаа да злоупотребуваат во правничкиот свет; при криминалните дела адвокатите почнаа мошне често да ги правдат своите клиенти, злосторниците, со тоа, што тие во мигот на злосторството не биле на себеси и дека тоа божем, е некој вид болест. „Утепал, што се вели, и не памети ништо“. И замислете си, генерале, медицината им одобрува, — навистина потврдува дека има таква болест, такво привремено умопобркување, кога човек речиси ништо не памети, или наполовина памети, или пак четвртина памети. Но баронот и бароницата — се луѓе од старото поколение, освен тоа одозгора и пруски јункери и поседници. На нив бездруго им е уште непознат овој прогрес во правнички

— медицинскиот свет, па затоа и нема да ги прифатат моите објаснувања. Што мислите вие, генерале?

— Достатно, господине! — остро и со здржано негодување изговори генералот, — достатно! Јас ќе се потрудам да се спасам еднаш засекогаш од вашето детско палавство. Вие нема да се извинувате пред бароницата и баронот. Сите односи со вас, дури кога тие би се состоеле единствено во вашата молба за прошка, ќе бидат за нив и премногу понижувачки. Баронот, штом разбрал дека вие припаѓате на мојот дом, се објасни со мене уште на станицата, и ви признавам, уште за малку и тој ќе побараше задоволштина од мене. Дали вие разбирате, на што ме подложивте, — мене, милостиви господине? Јас, јас бев принуден да го молам баронот за прошка и му дадов збор, дека незабавно, уште денеска, вие веќе нема да припаѓате на мојот дом.

— Дозволете, дозволете, генерале, токму тој самиот бездруго побара јас да не припаѓам кон вашиот дом, како што повеливте да се изразите?

— Не побара тој; но самиот јас се сметав за должен да му ја дадам таа задоволштина, и се разбира, баронот остана задоволен. Ние се разделуваме, милостиви господине. Вам ви следува да ги добиете од мене овие четири фридрихсдори и три флорини по тукашнава пресметка. Еве ви ги парите, а еве ви и напишана пресметка; можете тоа да го проверите. Збогум. Отсега ние не се познаваме. Освен грижи и главоболки и непријатности јас не видов од вас ништо друго. Јас сега ќе го повикам келнерот и ќе му кажам дека од утре не одговарам за вашите трошоци во хотелот. Имам чест да останам ваш слуга.

Јас ги зедов парите, хартијата на која со молив беше напишана сметката, му се поклонив на генералот и мошне сериозно му реков:

— Генерале, оваа работа не може да заврши вака. Мене ми е многу жал што вие сте се изложиле на непријатности од баронот, но — простете ми — за тоа сте виновен вие самиот. Врз основа на што вие презедовте врз себе да одговарате за мене на баронот?

Што значи изразот дека јас му припаѓам на вашиот дом? Јас сум напросто учител во вашиот дом, и ништо повеќе. Јас не сум ви роден син, вие не сте ми старател, па вие не можете ни да одговарате за моите постапки. Јас сум самиот правно-компетентно лице. Јас имам дваесетипет години, јас сум кандидат на универзитетот, јас сум дворјанин, и сум за вас потполно туѓо лице. Единствено само моето безгранично почитување спрема вашите достоинства, ме спречува да побарам од вас уште сега веднаш задоволштина и натамошна сметка поради тоа што вие сте си го зеле правото да одговарате за мене.

Генералот беше дотолку вчудовиден, што дури си ги рашири рацете, потем наеднаш му се обрна на Французинот и заваркано му кажа дека јас штотуку замалу не сум го предизвикал сега на двобој. Французинот гласно се насмеа.

— Но јас немам намера да му простам на баронот, — продолжив јас со потполна ладнокрвност, без ни најмалу да се збркам од смеата на m-r Де Грие, — и бидејќи вие, генерале, со тоа, што сте се согласиле да ги ислушате оплакувањата од баронот, и почитувајќи го неговиот интерес, и самите себе сте се поставиле како божем учесник во сета таа работа, ја имам честа да ви соопштам, дека не подоцна но туку уште утре изутрина ќе побарам од баронот, од свое име, формално објаснување за причините, поради кои тој, имајќи работа со мене, му се обратил покрај мене на друго лице, — небаре јас не можам или не сум достоен да одговарам самиот за себеси.

Она што го предосеќав и навистина се случи. Генералот, штом ја слушна оваа нова глупост, се вцаши до немајкаде.

— Како, зар вие имате намера уште да продолжувате со таа проклета работа! — свика тој, — ами што правите вие со мене, о, господе! Немојте да посмеете, немојте да посмеете, милостиви господине, инаку, ви се колнам!... Туку исто така има начелство, јас... јас... со еден збор, според мојот чин...

и баронот исто така... со еден збор, вас ќе ве уапсат и ќе ве изгонат оттука со полиција, за да не правите скандали! Дали го разбирате тоа! — и иако здивот му се пресече од разгневеност, тој сепак беше исплашен до немајкаде.

— Генерале, — одговорив јас, со неподносливо за него спокојство, — не може никој да биде уапсен за скандал пред да го направи скандалот. Јас уште не сум започнал со моите објаснувања со баронот, а на вас ви е уште сосем непознато, на каков начин и врз каква основа имам намера да пријдам кон таа работа. Јас сакам само да ја објаснам навредливата за мене претпоставка дека се наоѓам под старателство на лице, кое божем има власт над мојата слободна волја. Вие попусто се тревожите и беспокоите.

— Жив ви господ, жив ви господ, Алексеј Иванович, мавнете ја таа бесмислена намера! — мрмореше генералот, што наеднаш го смени својот разгневен тон со преколнувачки, и откако дури ме фати за рака. — Па, замислете си, што ќе стане од тоа? Пак непријатност! Ќе се согласите и самите, јас сум должен тука да се однесувам на особен начин, особено сега!... особено сега!... О, вие не ги знаете, не ги знаете сите мои околности!... А кога ќе си отидеме оттука, јас сум готовен пак да ве примам кај мене. Јас сега тоа само онака, па, со еден збор, — ами вие ги разбирате причините! — свика тој очајно: — Алексеј Иванович, Алексеј Иванович!...

Повлекувајќи се накај вратата, јас уште еднаш усрдно го молев да не се беспокои; му ветив дека сè ќе помине убаво и прилично, и побрзав да излезам.

Понекогаш во туѓина Русите се однесуваат мошне страшливо, и ужасно се плашат од тоа што ќе кажат, и како на нив ќе погледнат, и дали би било прилично ете ова или ете она? Со еден збор, се однесуваат како во корзет, особено оние што претендираат на своето значење. Тие најмногу милуваат да нафрлат врз себе — некаква општо прифатена, еднаш преземена форма, до која тие ропски се придржуваат — во хотелите, на прошетките, на собирањата, по пат... Но, генера-

лот се искажа дека одозгора уште освен тоа тој има некакви особени околности, така што мора некако „особено да се однесува“. Токму поради тоа така одеднаш малодушно и се вцаши, и го промени тонот спрема мене. Јас го примив тоа на знаење и го одбележав. И, се разбира, како што е улав, тој можеше утредента да им се обрне на некои власти, така што и навистина морав да бидам претпазлив.

Впрочем јас воопшто не сакав заправо да го јадосувам генералот; но сакав сега да ја јадосам Полина. Полина се однесе спрема мене толку безмилосно и самата ме турна на таква глупава врвица, што до немајкаде сакав да ја одведам до тоа самата таа да ме замоли да се запрам. Најпосле, моето детинско палавство можеше да ја компромитира и неа. Освен тоа, во мене се оформија некакви инакви чувства и желби; ако јас, на пример, по своја волја пред неа се претворам во ништо, тоа воопшто не значи дека и пред другите луѓе сум малодушник и дека може баронот „да ме натепа со бастунот“. Јас посакав да се подбијам со сите, а самиот да се покажам јуначиште. Нека видат. Ами како! таа ќе се исплаши да не стане скандал, и ќе ме повика пак. А пак и да не ме повика, тогаш сепак ќе види дека јас не сум скисната кокошка.

(Чудна вест: штотуку слушнав од нашата стара гледачка, што ја сретнав на скала, дека денеска Марија Филиповна, огул сама заминала со вечерниот воз во Карлсбад, кај братучетка си. Каква вест е таа? Гледачката вели дека таа одамна имала намера да замине; туку како никој да не знае за тоа? Впрочем, можеби, само јас не сум знаел. Гледачката ми се искажа дека Марија Филиповна уште завчера имала сериозен разговор со генералот. Разбирам. Тоа е бездруго — m-lle Blanche. Да, кај нас се подготвува нешто решавачко.)

VII

Утредента изутрина јас го повикав келнерот и му кажав да ми ја пишуваат посебно сметката. Мојата одаја не беше толку многу скапа, за да се плашам многу и сосем да си отидам од хотелот. Јас имав шеснаесет фридрихсдори, а потем... потем, можеби, цело богатство! Чудна работа. Јас уште не сум спечалил, но постапувам, се чувствувам и размислувам како да сум богат, и не ни можам инаку да си замислувам.

Јас намислував, и наспроти тоа што беше рано, уште веднаш да појдам кај мистер Астлеј во хотелот d'Angleterre, што се наоѓаше мошне близу до нашиот, кога одеднаш кај мене влезе Де Грие. Тоа уште никогаш не се беше случило, а освен тоа, со овој господин, во текот на сево ова последно време, ние се наоѓавме во најстудени и во најзатегнати односи. Тој јавно не го прикриваше своето пренебрегнување на мене, дури се трудеше да не го прикрива; а јас — јас имав свои посебни причини многу — многу да не го зачитам. Со еден збор, јас го мразев. Неговото доаѓање многу ме зачуди. Веднаш се досетив дека тука нешто особено дожежело.

Тој влезе мошне љубезно и ми кажа комплимент во однос на мојата одаја. Гледајќи со шапката в раце, тој ме запраша зар толку рано излегувам на прошетка. А кога слушна дека сум тргнал по работа кај мистер Астлеј, се подзамисли, се сети, и неговото лице доби прекумерно загрижен изглед.

Де Грие беше како сите Французи, то ест весел, љубезен, кога му беше тоа потребно и корисно, и неподнослив здодевен кога престануваше потребата да биде весел и љубезен. Французинот ретко е природно љубезен, тој е љубезен секогаш како божем по заповед, од сметка. Ако види, на пример, потреба да биде необичен, оригинален, понесекојдневен, тогаш неговата фантазија е најглупава и неприрода, ќе се послужи со порано прифатени и што веќе одамна станале рутински форми. Природниот Французин

претставува најмалограѓанска, дробнава, тривијална позитивност, — со еден збор, најздодевно суштество на светот. Според мое мислење, само новајлиите и особено руските госпоѓици се восхитуваат од Французите. На секое суштество, на место и редно, уште веднаш му е забележлив и неподнослив тој шаблон на еднаш засекогаш утврдени форми на салонска љубезност, непрестореност и веселост.

— Јас дојдов кај вас по работа, — започна тој до немајкаде студено, иако, впрочем, учтиво, — и нема да тајам дека сум дојден кај вас како пратеник, или подобро речено, посредник од генералот. Бидејќи многу лошо го знам рускиот јазик, јас вчера не разбрав речиси ништо; но генералот подробно ми раскажа, и, признавам . . .

— Но, чујте, m-r Де Грие, — го прекинав јас, — вие сте и во оваа работа сте се нафатиле да бидете посредник. Се разбира, јас сум „un outchitex“ и никогаш не сум претендирал на честа да бидам близок пријател на тој дом, или пак на некакви особено интимни односи, па затоа и не ги знам сите околности; но кажете ми: зар вие уште сега сосем им припаѓате на членовите на тоа семејство? Затоа што вие, најпосле, во сè земате такво учество, и веднаш неодложно учествувате како посредник во сè . . .

Моето прашање не му се свиде. За него тоа беше мошне просирно, а тој не сакаше да се искажува.

— Мене со генералот ме сврзуваат делумно работите, а делумно *извесни особени* околности, — рече тој студено. — Генералот ме испрати да ве замолам да се откажете од вашите вчерашни намери. Сè она, што вие сте го измислиле, се разбира, е мошне остроумно; но тој имено, ме замоли, да ви дадам да разберете дека тоа воопшто нема да ви успее; дури и повеќе — баронот нема да ве прими, и најпосле, во секој случај, тој бездруго ги има сите средства да се избави од натамошни непријатности од ваша страна. Согласете се и самите. Кажете, па зошто да продолжувате? Генералот ви ветува, бездруго пак да ве прими во својот дом, со првите поволни околности, а до

тоа време ќе ви ја смета вашата плата, vos appointements. Нели тоа е достатно поволно, нели е вистина така?

Јас му одговорив сосем спокојно, дека тој донекаде се мами; дека, можеби, нема да ме избркаат откај баронот, туку, напротив, ќе ме ислушаат, и го замолив да признае, дека тој, за верување, затоа и дошол за да испита: како токму јас ќе се зафатам со сета таа работа?

— О, господе, ами штом генералот е толку заинтересиран, се разбира, нему ќе му биде мило да се научи што ќе правите вие и како. Тоа е толку природно!

Јас започнав да му објаснувам, а тој почна да слуша, наслагоден на фотељата, со малку наведната настрана накај мене глава, со очигледен, неприкриен, ироничен израз на лицето. Воопшто тој се однесуваше до немајкаде наперната. Јас се трудев со сите сили да се преправам дека на работата гледам најсериозно. Јас му објаснив дека бидејќи баронот му се обрнал на генералот, со оплакување против мене, како да сум слуга на генералот, тогаш, прво, — со тоа ме лиши од работа, а второ, ме третирал како лице, што не е во во состојба да одговара за самиот себеси, и кое не заслужува да се зборува со него. Се разбира, јас се чувствувам со право навреден; сепак, сфаќајќи ја разликата во годините, положбата во општеството и слично, и слично, (јас едвај се задржував да не се насмеам на тоа место), не сакам да преземам уште нова лекомисленост, то ест направо да побарам од баронот, или дури само да му предложам, да ми даде задоволштина. Меѓутоа, не помалку јас се сметам сосем во право, да му ги поднесам, и особено на бароницата, моите извинувања, дотолку повеќе, што јас, навистина, во последно време се чувствувам болен, растроен и така да се рече, залисан, и слично, и слично. Меѓутоа, самиот барон со своето вчерашно навредливо за мене обрнување до генералот, и со настојувањето генералот да ме лиши од работа, ме поставил во таква положба, така што сега не сум во

состојба на него и на бароницата да им ги поднесам моите извинувања, затоа што и тој, и бароницата, и сиот свет, бездруго ќе помислат дека јас сум дошол да се извинам поради страв, за да си ја добијам пак работата. Од сето тоа следува, дека јас се наоѓам сега принуден да го замолам баронот, првин тој самиот да ми се извини мене, со најумерени изрази, — на пример, да рече дека тој воопшто немал желба да ме навреди. И кога баронот ќе го искаже тоа, тогаш јас веќе со одврзани раце, од срце и искрено ќе му ги поднесам и моите извинувања. Со еден збор, — заклучив јас, — јас не молам за ништо друго освен само баронот да ми ги одврзе — рацете.

— Фуј, каква педантерија и какви тенкости! И што има да се извинувате? Ами, согласете се m-r... m-r... дека вие сте го намислиле сето тоа нарочно, за да го јадосате генералот... а, можеби, имате некакви особени цели... mon cher, monsieur... pardon, j'ai oublie votre nom, m-r Alexis?... N'est — ce pas?[1])

— Но дозволете, mon cher monquis,[2]) ами што ви е вам грижа за тоа?

— Mais le général...[3])

— А пак што му е грижа за тоа на генералот? Тој вчера нешто прикажуваше дека мора да се однесува на некаква особена нога... и толку се тревожеше... но јас не разбрав ништо.

— Тука има, — тука токму постои особена околност, — подзеде Де Грие — со молбен тон, во кој сè повеќе и повеќе се насетуваше лутина. — Дали вие ја познавате m-lle de Cominges?

— То ест m-lle Blanche

— Па да, m-lle Blanche de Cominges... et madame sa mère[4])... и самите ќе се согласите, генералот... со еден збор, генералот е вљубен и дури... дури, можеби, тука ќе дојде до брак. И замислете си притоа

---

[1]) Мој драги господине... простете, ви го заборавив името, господин Алексис?... Нели е така?

[2]) Мој драги маркизе.

[3]) Но генералот...

[4]) И госпоѓата нејзината мајка ѝ...

различни скандали, расправии... — Јас не гледам тука ниту скандали ниту расправии, што се во некаква врска со бракот.

— Но, le baron est si irascible, un caractère prussien, vouz savez, enfin il fera une querelle d'Allemand.[1])

— Ами тогаш јас, а не вие, затоа што јас веќе не припаѓам на домот... (Јас нарочно се трудев да бидам колку што може побесмислен). Но дозволете, значи тоа веќе е решено, дека m-lle Blanche ќе се мажи за генералот? Ами што чекаат? Сакам да кажам — зошто кријат за тоа, барем од нас, од домашните?

— Јас не можам да ви... впрочем, тоа уште не е сосем... меѓутоа... вие знаете, очекуваат вест од Русија; генералот треба да си ги среди работите...

— А, а! La baboulinka!

Де Грие ме погледна со омраза.

— Со еден збор, — ме прекина тој, — јас во потполност се надевам на вашата вродена љубезност, на вашиот ум, на тактичноста... вие, се разбира, ќе го сторите тоа за ова семејство, во кое бевте примени како свое родено дете, бевте сакан, почитуван...

— Ве молам, јас бев изгонет! Ете, вие сега тврдите дека тоа било онака навидум; но ќе се согласите, ако ви речам: „јас, се разбира, не сакам да ти ги истегнам ушите, но онака за навидум, дозволи да ти ги истегнам ушите“... па нели е тоа речиси едно и исто.

— Штом е така, штом никакви молби немаат влијание врз вас, — започна тој строго и напернато, — тогаш дозволете да ве уверам дека ќе бидат презземени потребните мерки. Тука има началство, вас ќе ве изгонат уште денес, — que diable! Un blanc-bec comme vous[2]) сака да повика на двобој таква личност, како што е баронот! И вие си мислите дека ќе ве ос-

---

[1]) Но баронот е толку пргав, пруски карактер, вие знаете, тој најпосле ќе направи расправија по германски (расправија за ништо).

[2]) По ѓаволите! Едно лапе како вас!

тават намира! Ако јас ве молев, тоа беше повеќе од мене, затоа што вие го обеспокоивте генералот. И зар вие, зар вие си мислите дека баронот нема напросто да заповеда на лакејот да ве избрка?

— Ами јас нема самиот да одам, одговорив јас со вонредно спокојство, — вие се мамите, m-r Де Грие, сето тоа ќе биде сторено со многу повеќе приличност одошто си замислувате вие. Еве јас веднаш одам кај мистер Астлеј и ќе го замолам да ми биде мој посредник, со еден збор, да ми биде мој second.[1]) Овој човек ме сака, и бездруго, нема да ме одбие. Тој ќе отиде кај баронот, и баронот ќе го прими. Ако самиот јас сум un outchitel и изгледам нешто subalterne[2]), па, најпосле, сум беспомошен, дотогаш мистер Астлеј — е внук на лорд, на вистински лорд, тоа им е познато на сите, на лорд Пиброк, и тој лорд се наоѓа тука. Верувајте ми дека баронот ќе биде учтив со мистер Астлеј и ќе го ислуша. А ако не го ислуша, тогаш мистер Астлеј ќе го семта тоа за своја лична навреда (вие знаете колку Англичаните се упорни) и ќе испрати кај баронот од свое име пријател, а тој има добри пријатели. Ете, проценете и сами сега дека сето тоа можеби нема да биде онака како што претпоставувате вие.

Французинот сосем се исплаши; навистина, сево ова многу прилегаше на вистина, па значи, излегуваше дека јас и вистински сум во состојба да разврзам расправија.

— Но ве молам, — започна тој со сосем преколнувачки глас, — мавнете го сето тоа! Вам ви се чини како да ви е пријатно дека ќе дојде до скандал. Вам не ви е потребна задоволштина, туку скандал! Јас реков, дека сето тоа ќе излезе интересно и дури остроумно, коешто, можеби, вие и сакате да го постигнете, но, со еден збор, — заклучи тој, штом виде дека станав и си ја земам шапката, — јас дојдов да ви ги предадам овие два збора од една персона, прочитајте, мене ми е наречано да зачекам одговор.

---

[1]) Застапник, секундант.
[2]) Подредено.

Штом го рече тоа, тој од џебот извади и ми подаде малечко, превиткано и затворено во капсула пусулче.

Со Полинина рака беше напишано:

„Ми се стори дека вие имате намера да продолжите со оваа расправија. Вие се налутивте и почнувате детински да палавите. Но тука има особени околности, и јас, можеби, ќе ви ги објаснам подоцна, а вие, ве молам, престанете и заполтете се. Какви се тие сите глупости! Вие сте ми потребен и самите ветивте да ме слушате. Сетете се за Шлангенберг. Ве молам да бидете послушен, и ако треба, ви го заповедам тоа. Вашата П. П. С. Ако уште ми се лутите за вчерашното, ве молам да ми простите."

Мене како сè да ми се преврте пред очите, кога ги прочитав овие редови. Усните ми побелеа, и почнав да треперам. Проклетиот Французин ме гледаше со престорено скромен изглед, и тргајќи си ги од мене очите, како божем да не ја види мојата збрканост. Подобро ќе беше тој да почнеше да ми се смее.

— Добро, — одговорив јас, — кажете ѝ на m-lle дека може да биде спокојна. Сепак, дозволете да ве запрашам, — додадов јас остро, — зошто вие толку долго не ми ја предадовте оваа пусулка. Наместо да ломотите за штогоде, ми се чини, вие требавте да започнете со тоа... ако вие сте дошле токму со таа порака.

— О, јас сакав... воопшто сето ова е толку чудно, така што вие ќе ми простите за мојата природна нестрпливост. Јас сакав што поскоро самиот лично да разберам, од самиот вас, за вашите намери. Впрочем, јас не знам што има во таа белешка, и мислев дека секогаш ќе стасам да ви ја предадам.

— Разбирам, но вас просто-напросто ви е заповедано да ми го предадете тоа само во краен случај, а ако успеете да ја средите работата со зборување,

тогаш и да не ми ја предавате. Нели е така? Зборувајте отворено, m-r Де Грие!

— Peut-être[1]), — рече тој, престорувајќи се некако особено воздржан и гледајќи во мене со некаков особен поглед.

Јас си ја зедов шапката; тој ми кимна со главата и излезе. Мене ми се стори дека на усните му подигрува подбивна насмевка. Па и како можеше да биде инаку?

„Ќе се пресметам јас уште со тебе, Французинче, ќе си ги обидеме силите со тебе!“ — мрморев јас слегувајќи по скалата. Јас уште не можев јасно да разберам ништо, чиниш нешто ме беше треснало по глава. Воздухот донекаде ме освежи.

По минутка — две, едвај штотуку почна да ми станува јасно сè, мене одредено ми се оформија две мисли: *првата*, — дека поради такви штогодерштини, од неколку неверојатни детски палавски закани на детиште, искажани вчерадента патем, згора — згора, се крена таква *општа* тревога! и *втората* мисла — сепак, какво е влијанието на овој Французин врз Полина? Сал еден негов збор — и таа прави сè што нему му треба, пишува пусулка и дури ме *моли* мене. Се разбира, отсекогаш нивните односи претставуваа загатка за мене, од самиот почеток, уште оттогаш, кога почнав да ги познавам, но сепак во овие последниве денови — кај неа јас забележив бескрајно гнасење и дури презир спрема него, а тој дури не ја ни погледнуваше, беше дури просто неприличен со неа. Јас тоа го забележив. Самата Полина ми зборуваше за гнасењето; кај неа веќе се покажуваа вонредно значајни признанија... Значи, тој просто владее со неа, таа се наоѓа врзана од него со некакви вериги.

---

[1]) Возможно е, можеби.

VIII

На променадата, како што велат тука, то ест во алејата со костени, јас го сретнав својот Англичанец.

О, о,! — почна тој штом ме здогледа, — јас кај вас, а вие кај мене. Значи вие се разделивте од вашите?

— Кажете ми, прво, од каде вие го знаете сето тоа, — запрашав јас вчудоневиден, — зар веќе на сите им е познато тоа?

— О, не, не им е познато на сите; па и не треба да им биде познато на сите. Никој не прикажува ништо.

— Тогаш од кај знаете вие?

— Јас знам, то ест имав можност да разберам. А сега каде ќе одите вие? Јас ве сакам вас и затоа дојдов кај вас.

— Вие сте прекрасен човек, мистер Астлеј, — реков јас (впрочем, јас до немајкаде бев вчудоневиден: од кај знае тој?), — и бидејќи уште не бев пиел кафе, па и вие, за верување лошо кафе сте пиеле, ајде ќе одиме на станицата во кафеане, таму ќе седнеме ќе запалиме цигари и јас ќе ви раскажам за сè, и.. вие исто така ќе ми раскажете.

Кафеането беше на стотина чекори. Нам ни донесоа кафе, ние седнавме, јас запалив цигара, мистер Астлеј не запали, и откако се загледа во мене, се подготви да ме слуша.

— Не одам никаде, тука ќе останам, — започнав јас.

Кога појдов кај мистер Астлеј јас воопшто немав намера, и дури нарочно не сакав да му раскажувам ништо за мојата љубов спрема Полина. Сиве овие денови јас не му бев рекол нему за тоа речиси ниеден збор. Освен тоа тој беше мошне срамежлив. Јас уште првиот пат забележив дека Полина му остави нему вонреден впечаток, но тој никогаш не го спомена нејзиното име. Но чудно, сега наеднаш, штотуку тој седна и се загледа во мене со својот внимателен, тежок како олово, поглед, во мене, којзнае зош-

то, ми се појави желба да му раскажам сè, то ест за сета љубов, со сите нејзини нијанси. Јас му раскажував повеќе од половина час, и тоа ми беше до немајкаде пријатно, јас за првпат раскажував за тоа! Откако забележав дека на некои, особено пламнати места, тој се збркува, јас нарочно ја зголемував пламеноста на моето раскажување. Само за едно се каам: можеби, јас се искажав нешто одвишно за Французинот...

Мистер Астлеј ме слушаше, седејќи спроти мене, неподвижен, без да прозбори ниту збор, без да испушти звук, и гледајќи ми в очи; но кога јас заприкажав за Французинот, тој наеднаш ме прекина и строго ме запраша: дали имам право да споменувам за оваа споредна околност! Мистер Астлеј секогаш мошне чудно ги поставуваше прашањата.

— Вие сте во право: стравувам, дека немам право, — одговорив јас.

— За тој маркиз и за мис Полина вие не можете да кажете ништо точно, освен само претпоставки, нели?

Јас пак се зачудив од таквото категорично прашање од таков срамежлив човек, каков што беше мистер Астлеј.

— Не, — не можам да кажам ништо точно, — одговорив јас, — се разбира, ништо.

— Штом е така, тогаш вие направивте лоша постапка, не само поради тоа што заприкажавте за тоа со мене, туку дури и со тоа што во себе сте си го помислиле.

— Добро, добро! Признавам, — но сега не е во тоа работата, — го прекинав јас, чудејќи се во себеси. Тогаш јас му ја раскажав сета вчерашна расправија со сите подробности, истапот на Полина, моето доживување со баронот, моето отпуштање, прекумерната страшливост на генералот и, најпосле, подробно му ја раскажав денешната посета на Де Грие со сите нијанси; на крај му го покажав и пусулчето.

— Што заклучувате од сето тоа? — го запрашав јас. — Јас дојдов токму затоа да го разберам вашето мислење. А што се однесува до мене, ми се чини, би го утепал тоа Французинче, и можеби, и ќе го сторам тоа.

— И јас, — рече мистер Астлеј. — А што се однесува до мис Полина, тоа... вие знаете, ние стапуваме во однос дури со луѓе што ги мразиме, ако на тоа не принуди потребата. Така што може да има односи непознати за нас, што зависат од други околности. Јас мислам, дека вие можете да бидете спокоен — делумно, се разбира. А што се однесува за нејзината вчерашна постапка, се разбира, таа е чудна, — не поради тоа што сакала да се откачи од вас и ве испратила да ве натепа со стап баронот, (што јас не разбирам зошто тој не го употребил, имајќи го в раце), туку затоа, што таквиот истап за таква... за таква вонредна мис — е неприличен. Се разбира, таа не можела однапред да знае дека вие буквално ќе ја исполните нејзината подбивна желба...

— Знаете што? — свикав јас наеднаш, внимателно загледувајќи се во мистер Астлеј, — мене ми се чини дека вие сте слушнале веќе за сето тоа, знаете од кого? Од самата мис Полина!

Мистер Астлеј ме погледна со чудење.

— Вам очите ви светкаат, и во нив јас гледам сомневање, — рече тој откако уште веднаш си го врати поранешното спокојство, — но вие немате ни најмалку право да ги искажувате вашите сомневања. Јас не можам да ви признаам такво право и решително одбивам да одговорам на вашето прашање.

— Па, достатно! И не треба! — свикав јас, чудно возбудувајќи и не сфаќајќи од каде ми дошла на ум таква мисла! И кога, каде, на каков начин, мистер Астлеј би можел да биде избран за доверлива личност од Полина? Впрочем, во последно време јас делумно го испуштив од предвид мистер Астлеј, а Полина и отсекогаш претставуваше за мене загатка. — дотолку загатка, така што, на пример, сега, откако се впуштив да му ја раскажувам на мистер Астлеј сета историја

на мојата љубов, јас одеднаш, во текот на самото раскажување, бев вчудовиден од тоа, што речиси ништо точно и одредено не можев да кажам за моите односи со неа. Напротив, сè беше фантастично, чудно, неосновано, и дури не прилегаше на ништо.

— Па, добро, добро; јас сум збркан и сега уште многу работи не ми се јасни, — одговорив јас како зазбиван. — Впрочем, вие сте добар човек. Сега друга работа, јас не ве молам за ваш совет, туку за ваше мислење.

Јас помолчев и почнав:

— Што мислите вие, зошто толку се исплаши генералот? Зошто од мојата најглупава шеговитост сите тие направија толкава расправија и врева? Таква расправија, што дури и самиот Де Грие сметаше за неопходно да се смеша (а тој се смешува само во најважните случаи), ме посети мене! (замислете си!), ме молеше, преколнуваше, мене — тој, Де Грие, мене! Најпосле забележете, тој дојде во деветте часот, на крајот од деветтиот час, а во неговите раце веќе ја имаше пусулката од мис Полина. Ами кога, е прашањето, таа ја напишала? Можеби, мис Полина ја разбудиле заради тоа! Освен тоа, дека од тоа јас гледам дека мис Полина е негова робинка (затоа што дури бара прошка од мене!), освен тоа, — лично таа каква може да има во сето тоа своја лична грижа? Зошто таа се интересира толку за сето тоа? Зошто тие толку се исплашија од некојси барон? И што дека генералот се жени за m-lle Blanche de Cominges? Тие велат дека тие мораат да се однесуваат некако *особено* поради таа околност, — туку сево ова е и премногу особено, ќе се согласите и самите! Што мислите вие? Јас по очите ви гледам дека вие и за ова знаете многу повеќе од мене, убеден сум во тоа!

Мистер Астлеј се насмевна и кимна со главата.

— Навистина, ми се чини дека и за ова јас знам многу повеќе од вас, — ми рече тој. — Сета работа тука се однесува единствено за m-lle Blanche, и јас сум уверен дека тоа е потполно вистина.

— Па што е со таа m-lle Blanche? — свикав јас со нестрпливост (мене одеднаш ми се јави надеж дека сега ќе се открие нешто за m-lle Polina).

— Ми се чини дека m-lle Blanche во овој миг има особен интерес на секој начин да избегне среќавање со баронот и бароницата, дотолку повеќе непријатно среќавање, уште полошо — со скандал.

— Де-де!

Пред три години, во време на сезоната, m-lle Blanche веќе беше тука, во Рулетенбург. И јас исто така бев тука. M-lle Blanche тогаш не се викаше m-lle de Cominges, исто како што не постоеше тогаш ни мајка ѝ m-mee veuve Cominges.[1]) Барем за неа не се спомнуваше ни збор. Де Грие — Де Грие — исто така го немаше. Јас сум длабоко убеден дека тие не само што не се роднини, туку дури и сосем од неодамна се познаваат. Исто така и Де Грие стана маркиз сосем од неодамна, — јас сум уверен во тоа, поради една околност. Дури може да се претпостави дека тој и почнал да се наречува Де Грие не многу одамна. Јас познавам тука еден човек, што го среќавал него под сосем инаков име.

— Ами тој има навистина солиден круг на познанства.

— О, тоа е сосем можно. Таков круг може да има дури и m-lle Blanche. Но пред три години m-lle Blanche по оплакување на истава оваа бароница доби покана од тукашната полиција да го напушти градот и го напушти.

— Како така?

— Таа се појави тогаш тука — првин со еден Италијанец, некој кнез, со историско име, нешто како Barbellini или нешто слично на тоа. Еден човек, сиот со прстења и брилијанти, и тоа дури што не беа лажни. Тие се возеа во прекрасна кочија, m-lle Blanche играше во trente et quarante отпрвин добро, потем среќата почна многу да ја изневерува; барем така се сеќавам. Се сеќавам една вечер таа изгуби

[1]) Госпоѓа вдовица Коменже.

на коцка огромна сума. Но најлошо беше што un beau matin[1]) нејзиниот кнез загина сосем незнајно каде; се изгубија и коњите, и кочијата, снема сè. Во хотелот страшен долг. M-lle Зелма (наместо Барберини таа наеднаш се претвори во m-lle Зелма) беше во очаеност до последен степен. Таа кукаше и пиштеше така што се слушаше низ сиот хотел и во својот бес си го скина фустанот. Во истиот хотел престојуваше еден полски гроф (сите Полјаци што патуваат се грофови) и m-lle Зелма, што си ги беше искинала своите фустани и што си го гребеше како мачка своето лице со своите прекрасни, измиени во мириси раце, му направи на него некаков впечаток. Тие си поприкажаа малку, и до ручекот таа се утеши. Вечерта тој се појави со неа подрака на станицата. M-lle Зелма се смееше, според својот обичај, мошне гласно, и во нејзините манири се пројавуваше повеќе одошто е ред, распуштеност. Таа веднаш се најде во онаа класа дами, што се коцкаат на рулет, кои приоѓајќи кон масата, со сета сила со рамо го туркаат играчот за да си направат место за себе. Тоа тука е особен шик кај тие дами. Се разбира, вие бездруго сте ги забележиле.

— О, да.

— Не вреди ни да ги забележува човек. За јадосување на приличната публика, нив ги има тука секогаш, барем оние од нив, што крај масата секој ден менуваат банкноти од илјада франци. Впрочем, веднаш штотуку престанат да разменуваат банкноти, нив веднаш ги замолуваат да си заминат. M-lle Зелма уште продолжуваше да разменува банкноти; но нејзината игра одеше сè повеќе несреќно. Забележете, дека тие дами, играат мошне често среќно; тие умеат до немајкаде да владеат со себе. Впрочем, мојата историја е завршена. Потем, исто онака како и кнезот, се изгуби и грофот. Вечерта m-lle Зелма дојде да игра веќе сама; овојпат не се најде никој да ѝ подаде рака. За два дена таа изгуби на коцка огул сè. Откако го постави последниот лујдор и го изгуби, таа се обзирна

[1]) Една убава изутрина.

околу себе, и го виде до себе баронот Вурмерхелм, што ја разгледуваше мошне внимателно и со длабоко негодување. Но m-lle Зелма не го загледа негодувањето, и, откако му се обрна на баронот со извесната насмевка, го замоли да постави за неа десет лујдори на црвено. Поради тоа, по оплакување на бароницата, таа уште вечерта доби покана повеќе да не се појавува на станицата. Ако вие се чудете дека мене ми се познати сите тие дробни и сосем неприлични подробности, тоа е само затоа што јас во крајна линија сум ги слушнал од мистер Фидер, еден мој роднина, што таа вечер ја одведе m-lle Зелма од Рулетенбург во Спа. Разберете сега: m-lle Blanche сака да биде генералка, веројатно, заради тоа да не добива такви покани од полицијата на станицата, како пред три години. Таа сега веќе не се коцка; но тоа е затоа, што судејќи по сè, таа сега има капитал, од кого им дава на заем на овдешните коцкари со камата. Тоа е многу попресметливо. Јас дури се сомневам дека нејзе ѝ е должен и несреќниот генерал. Ѝ е должен, можеби, и Де Грие. Можеби, Де Грие е со неа во компанија. И самите ќе се согласите дека таа, барем до свадбата, не би сакала со било што да го обрне врз себе вниманието на бароницата и баронот. Со еден збор, во нејзината положба, понајмалку ѝ одговара некаков скандал. А вие сте поврзани со нивното семејство, и вашите постапки би можеле да предизвикаат скандал, дотолку повеќе што таа секојдневно се појавува јавно подрака со генералот или со мис Полина. Разбирате ли сега?

— Не, не разбирам! — свикав јас, откако тупнав со сета сила по масата, така што garçon дотрча веднаш исплашено.

— Кажете, мистер Астлеј, — повторив јас како не на себеси, — ако вие веќе сте знаеле за сета таа историја, а од тоа следува дека сосем добро знаете која е таа m-lle Blanche de Cominges, — тогаш зошто не ме предупредивте барем мене, — самиот генерал, најпосле, а главно, главно, мис Полина, која се покажувала тука на станицата јавно со m-lle Blanche подрака? Зар е тоа возможно?

— Немаше зошто да ве предупредувам вас, затоа што вие не би можеле ништо да сторите, — спокојно одговори мистер Астлеј. — А впрочем, и зошто предупредување? Генералот, можеби знае за m-lle Blanche уште повеќе одошто јас, и сепак се прошетува со неа и со мис Полина. Генералот — е несреќен човек. Јас вчера видов како m-lle Blanche јаваше на прекрасен коњ со m-r Де Грие и со оној низичок руски кнез, а генералот јаваше по нив на алков коњ. Тој изутрината велеше дека го болат нозете, но неговото јавање беше добро. И ете токму во тој миг мене ми дојде одеднаш на ум мислата дека тој е сосем пропаднат човек. Освен тоа, сето тоа не е моја работа, и јас дури неодамна ја имав честа да ја запознам мис Полина. А впрочем (се штрекна одеднаш досетен мистер Астлеј), јас веќе ви реков не можам да ви признаам дека имате право на некои прашања, и наспроти тоа што искрено ве сакам.

— Достатно е толку, — реков јас, станувајќи; — сега ми е јасно, како ден, дека и на мис Полина ѝ е познато сè за m-lle Blanche, но дека таа не може да се раздели од својот Французин, па зато и се реши да се прошетува со m-lle Blanche. Верувајте, дека никакви други влијанија не би ја принудиле да се прошетува со m-lle Blanche и да ме преколнува во писменце да не го гибам баронот. Токму тука мора да го има она влијание, пред кое сè друго отпаѓа! И сепак токму таа и ме подбуцна на баронот! Ѓавол да го земе, тука не може ништо да се разбере!

— Вие заборавате, прво, дека таа m-lle de Cominges — му е свршеница на генералот, а второ, дека мис Полина, паштерка на генералот, има малечко братче и малечка сестра, родени деца на генералот, веќе сосем се отфрлени од тој побркан човек, а ми се чини, и ограбени.

— Да, да! Тоа е така! Да отиде од децата — значи веќе сосем да ги отфрли, да остане — значи да ги заштити нивните интереси, а можеби и да спаси трош-

ки од имотот. Да, да, сето тоа е вистина! Но сепак, сепак! О, јас разбирам зошто сега сите тие толку се интересираат за бабулинката!

— За кого? — запраша мистер Астлеј.

— За онаа стара вештерка во Москва, која не умира, и за која очекуваат телеграма дека таа умрела.

— Па да, се разбира, сето интересирање е средочено за неа. — Сета работа е во наследството! Штом се објави тестаментот, и генералот ќе се ожени; мис Полина ќе биде исто ослободена, а Де Грие . . .

— Де, а Де Грие?

— А на Де Грие ќе му бидат исплатени парите; тој само заради тоа чека тука.

— Само заради тоа! Вие мислите дека само заради тоа чека?

— Јас не знам за ништо друго повеќе, — упорно замолчи мистер Астлеј.

— А јас знам, јас знам! — повторував јас со јарост; — тој исто така очекува наследство, затоа што Полина ќе добие мираз, а кога ќе ги добие парите — веднаш ќе му се фрли на вратот. Сите жени се такви! И најгорделивите од нив — излегуваат најдолни робинки! Полина е кадарна само страстно да сака и ништо повеќе! Ете што мислам јас за неа! Погледнете на неа, особено, кога таа седи сама, замислена: тоа — е нешто предодредено, осудено, проклето! Таа е кадарна за сите ужаси на животот и страста . . . таа . . . таа . . . туку кој ме вика мене тоа? — свикав јас наеднаш. — Кој вика? Јас слушнав свикаа на руски: Алексеј Иванович! Женски глас. Слушнете, слушнете!

Во тоа време ние се приближувавме до нашиот хотел. Ние одамна веќе, речиси без да забележиме, бевме излегле од кафеането.

— Јас слушнав женски повици, но не знам кого го викаат; тоа е на руски; сега гледам, од кај доаѓаат повиците, — покажуваше мистер Астлеј, — тоа вика онаа жена, што седи на голема фотелја, и што сега ја внесоа на скалилата кај влезот толкумина лакеи.

Зад неа носат куфери, значи, штотуку пристигнал возот.

— Но зошто таа ме повикува мене? Таа пак повикува; гледајте, таа ми мафта со рака.

— Гледам дека ни мавта со рака, — рече мистер Астлеј.

— Алексеј Иванович! Алексеј Иванович! Ах господи, каков шутрак! — допираа очајни повици откај влезот во хотелот.

Ние речиси се стрчавме накај влезот. Јас се качив на терасата и... моите раце ми се протегнаа удолу од вчудоневиденост, а нозете ми се залепија кон каменот.

IX

На горното одмориште од широкиот влез во хотелот, внесена по скалите во фотеља, заобиколена од слуги, слугинки и многубројната сервилна послуга од хотелот, во присуство на самиот оберкелнер, излезен да ја пречека високата гостинка, пристигната со толку бучава и врева, со сопствена послуга и со толку патнички ковчези и куфери седеше — *бабата!* Да тоа беше самата таа, страшната и богата, седумдесетпетгодишна Антонида Василевна Тарасевичева, поседничка и московска госпоѓа, la baboulinka, за која се испраќаа и добиваа телеграми, за умрена и не умрена, и која одеднаш самата, сопственолично пристигна кај нас, како гром од ведрина. Таа пристигна, иако без нозе, носена како и секогаш во сиве последниве пет години, во фотеља, но според својот обичај, пргава, палава, задоволна, седната исправена, гласно и заповеднички развикана, што сите ги кара, — па токму исто онаква, како што прилега капка вода на друга, како што имав чест да ја видам двапати, од она време кога стапив како учител во домот на генералот. Природно, јас стоев мраморен како статуа пред неа од збигоросаност. Таа ме беше здогледала со својот рисји поглед уште на стотина чекори, кога ја внесуваа во

фотељата, ме беше препознала и повикала по мое и татково име, — кои, по својот обичај, ги беше запаметила еднаш засекогаш. „И токму ваква очекуваа да ја видат во сандак, закопана и оставајќи наследство,—ми помина миговно мисла низ умот, — ами таа сите нас и сиот хотел ќе ги надживее! Туку, господе, што ќе стане сега со нашите, што ќе стане со генералот! Таа сиот хотел ќе го преврти сега ничкум!“

— Ами зошто ти, гулапче, си се истопорил пред мене, си ги ококоравил очите! — продолжи да вика по мене бабата; — или не умееш да се поклониш — да се поздравиш, што ти е? Али пак си се напернал, па не сакаш? Али пак, можеби, не ме позна? Чуј, Потапич, — му се обрна на старчето со побелени коси, во фрак, во бело елече и со розеста ќела, својот домоуправител, што ја придружуваше во патувањето, — слушаш, не ме препознава! Ме закопале! Испраќаа телеграма по телеграма: умрела, али не умрела! Ами знам јас за сè! А пак јас, ете ме гледаш, сум си жива и здрава.

— Ве молам, Антонида Василевна, па зошто би имало јас да ви го сакам лошото? — одговорив весело јас, дојден на себеси, — јас само бев зачуден... Па и како да не се зачудам, толку неочекувано...

— Ами што ти е чудно? Седнав и појдов. Во вагонот е спокојно, нема трускање. Ти на прошетка ли беше?

— Да, се прошетав до станицата.

— Убаво е тука, — рече бабата, обзирајќи се, — топло е и дрвјата се раскошни. Го милувам тоа! Нашите дома ли се? Генералот?

— О, дома се, во овој час бездруго сите се дома.

— А кај нив и тука си тераат по својот ред, распоред по часови, и сите церемонии? Се држат на големо. Кочија, слушнав, држат les seigneurs russens![1]) Се соголија; па бегај в странство! И Прасковја ли е со нив?

— И Полина Александровна е со нив.

---

[1]) Руските господа.

— И Французинчето? Де — де, и самата ќе ги видам. Алексеј Иванович, покажувај го патот, право кај него. А тебе дали ти е убаво тука?

— Онака, Антонида Василевна.

— А ти, Потапич, кажи му на тој шутрак келнерот, да ми дадат удобна квартира, убава, не високо, и веднаш пренеси ги пљачките. Туку што сте се втурнале сите да ме носите? Што се туркаат? Какви робје! Кој е тој со тебе? — ми се обрна таа пак мене.

— Тоа е мистер Астлеј, — одговорив јас.

— Кој е тој мистер Астлеј?

— Турист, мој добар познат; се познава и со генералот.

— Англичанец. Затоа тој се оврлил во мене и забите не си ги обелува. Впрочем, јас ги сакам Англичаните. Ајде, носете нагоре, право кај нив во живеалиштето. Кај се тие?

Бабата ја понесоа; јас одев напред, по широката скала од хотелот. Нашата врвулица беше мошне ефектна. Сите, што ќе се најдеа на патот, се запираа и се загледуваа со ококоравени очи. Нашиот хотел се смета за најдобар, најскап, и најаристократски во целата бања. На скалата и по ходниците секогаш се сретнуваат прекрасни дами и достоинствени Англичани. Мнозина се распрашуваа долу кај оберкелнерот, кој од своја страна беше до немајкаде вчудоневиден. Се разбира, тој им одговараше на сите што го распрашуваа дека тоа е бележита туѓинка, une russe, une contesse, grande dame,[1]) и дека таа ќе ја заземе истата онаа просторија што пред една недела ја имаша la grande duchesse de N.[2]) Заповедничката и властна надворешност на бабата, носена во фотеља, претставуваше главен ефект. При среќавањето со секое ново лице, таа уште веднаш го одмеруваше со љубопитен поглед, и ме распрашуваше гласно за сите. Бабата беше јадра, и иако не стануваше од фотеља, се осеќаше, гледајќи во неа, дека е со сосем висок бој. Таа

---

[1]) Една Русинка, графица, голема дама.
[2]) Големата кнегиња де Н.

го држеше грбот исправено, како штица, и не се потпираше на фотељата. Нејзината јадра глава, со побелени коси, со јадри и остри црти на лицето, беше издигната; таа гледаше дури некако наперната и предизвикувачки; и беше очевидно дека нејзиниот поглед и однесување се сосем природни. И наспроти тоа што имаше седумдесет и пет години, нејзиното лице беше прилично свежо и дури ги немаше изгубено сите заби. Таа беше облечена во црн свилен фустан и со бело тантелно капче.

Таа до немајкаде ме интересира, — ми прошепоти качувајќи се крај мене по скалата мистер Астлеј.

„Таа знае за телеграмите, — си помислив јас; — Де Грие ѝ е познат, но m-lle Blanche, изгледа уште не ѝ е добро позната". Јас уште веднаш му кажав за тоа на мистер Астлеј.

Колку е грешен човек! Штотуку помина моето прво вчудоневидување, јас страшно се зарадував од ударот како од гром што сега ќе го направиме кај генералот. Мене небаре нешто ме подбуцнуваше, и јас одев напред безмерно весело.

Нашите престојуваа на третиот кат; јас не пријавив и дури не чукнав на вратата, туку напросто ја разотворив во сета широчина, и бабата триумфално ја внесоа внатре. Сите тие беа како нарочно собрани во кабинетот на генералот. Беше дванаесетте часот, и, ми се чини, планираа некаква прошетка со коњи, — едните да се возат во кочиите, а другите да јаваат на коњи, сета компанија; освен тоа, беа поканети уште некои познати. Освен генералот, Полина со децата, нивните гледачки, во кабинетот се наоѓаа: Де Грие, m-lle Blanche, облечена пак во амазонка, мајка ѝ m-me veuve Cominges, малечкиот кнез, и уште некојси научник патник, Германец, кого го видов кај нив за првпат. Фотељата со бабата ја спуштија право сред кабинетот, на три чекори од генералот. Господе, никогаш нема да го заборавам тој впечаток! Пред да влеземе генералот нешто раскажуваше, а Де Грие го поправаше. Треба да се забележи дека m-lle Blanche и Де Грие веќе два-три дена поради нешто беа многу

љубезни со малечкиот кнез — à la barbe du pauvre général,[1]) и дружината, иако можеби престорено, но беше највесело и семејно радосно — настроена. Кога ја здогледа бабата, генералот наеднаш се збигороса, зина, и се запре на половина збор. Тој гледаше во неа, со оврлени очи, како божем маѓепсан од опулот на ламја. Бабата гледаше во него исто така молкум, неподвижно, — но колку триуфален, предизвикувачки и подбивен поглед беше тој! Тие се гледаа така еден со друг цели десетина секунди, сред длабокото молчење на сите околни. Де Грие отпрвин се скамени, но наскоро на неговото лице се покажа необично неспокојство. M-lle Blanche си ги крена веѓите, ја отвори устата, и вчудоневидено ја разгледуваше бабата. Кнезот и научникот со длабока недоумица ја гледаа сета таа глетка. Во погледот на Полина се покажа необично вчудоневидување и недоумица, но наеднаш таа побледе, како крпче; по еден миг крвта брзо ѝ навре в лице и ги залеа нејзините образи. Да, тоа претставуваше катастрофа за сите! Јас не правев ништо друго само го префрлав погледот од бабата кон сите околни и назад. Мистер Астлеј стоеше настрана, според својот обичај, спокојно и достоинствено. —

— Па, еве ме и мене. Наместо телеграма! — најпосле проговори гласно бабата, прекинувајќи го молчењето. — Што, не ме очекувавте, нели?

— Антонида Василевна... теткичке... ами како така... — промрморе кутриот генерал. Ако бабата не проговореше уште неколку секунди, тој бездруго можеби ќе се *дамлосаше*.

— Како тоа ами како така? Седнав и тргнав. Ами железницата зошто е? А вие сите си мислевте: веќе сум ги притегнала нозете и сум оставила наследство? Знам јас убаво како испраќаше ти оттука телеграми. Бездруго убави пари си дал за нив, си мислам. Оттука не е ефтино. А јас патот под нозете, и еве ме тука. Тоа ли е оној Французинот? М-г Де Грие, ми се чини?

---

[1]) Безочно, пред очите на кутриот генерал.

— Oui, madame, — подзеде Де Грие, — et croyez, je suis si enchante... votre santé... c'est un miracle... vous voir ici... une surprise charmante...[1])

— Токму тоа charmante;[2]) те знам јас тебе, шут низаеден, туку јас еве не ти верувам ни оволкуцка! — и таа му покажа на своето мало прсте. — А оваа која е, — се обрна таа покажувајќи на m-lle Blanche. Ефектната Францускинка, во костим за јавање, со камшик в рака, очевидно ја беше вчудоневидела. — Таа тукашна ли е?

— Таа е m-lle Blanche de Cominges, а еве ја и мајка ѝ m-me de Cominges; тие живеат во овој хотел, — ја известив јас.

— Дали ќерка ѝ е мажена? — без да се стеснува раскажуваше бабата?

— M-lle de Cominges е девојка, — одговорив јас, колку што можев повеќе со почит, и нарочно полугласно.

— Од оние, веселите?

Јас се престорив дека не го разбирам прашањето.

— Не е ли здодевно со неа? Разбира ли руски? Ете Де Грие кај нас во Москва се изитри да тропа нашински, од петто на десето.

Јас ѝ објаснив дека m-lle de Cominges никогаш не била во Русија.

— Bonjour![3]) — ѝ рече бабата, обрнувајќи ѝ се остро одеднаш кон m-lle Blanche.

— Bonjour, madame,[4]) — престорено и елегантно ѝ се поклони m-lle Blanche, побрзувајќи, под превезот на вонредна скромност и учтивост, со сиот израз на лицето и фигурата да искаже бескрајно чудење од ваквото чудно прашање и однесување.

— О, си ги сведна очите, ми се чепати и изведува; веднаш се гледа што пиле е; некаква артиска бездру-

---

[1]) Да, госпоѓо, и верувајте, јас сум толку одушевен... вашето здравје... тоа е вистинско чудо... да ве видам овде... пријатно изненадување...

[2]) Пријатно, убаво.

[3]) Добар ден.

[4]) Добар ден, госпоѓо.

го. Јас одседнав долу во хотелот тука, — му се обрна наеднаш таа на генералот; — ќе ти бидам сосетка: дали ти е мило или не ти е?

— О, теткичке! Поверувајте на моите искрени чувства... на моето задоволство, подзеде генералот. Тој донекаде веќе беше дојден на себеси, а бидејќи, во случај на потреба умееше да прикажува убаво, со значење и со претензија на извесен ефект, и сега се нафати нашироко да се расфрла. — Ние бевме толку растревожени и замелушени од вестите дека не ви е добро ... Ние добивавме такви безнадежни телеграми, и наеднаш...

— Де — де, не лажи, не лажи! — го прекина веднаш бабата.

— Туку како така, — што поскоро исто така ја прекина и го подигна гласот генералот, што се потруди да не го забележи она: „не лажи", — ами како така, сепак, се решивте на такво патување? Согласете се и самите, дека на ваши години и со вашето здравје... во најмала рака сето тоа е толку неочекувано, така што може да се разбере нашето чудење. Но мене ми е толку мило... и сите ние (тој почна милозливо и восхитено да се насмевнува) ќе се потрудиме со сите сили да ви сториме тукашната сезона да си ја поминете најпријатно...

— Ајде, достатно е; празно ломотење; натропа по својот обичај, јас и самата умеам да си поминам. Впрочем, нема ни од вас да се тргам настрана; не сум злопамтило. Ами како така, прашуваш? Ами што има тука за чудење? Наједноставно. И зошто сите се чудат? Здраво, Прасковја, ти што правиш тука?

— Здраво, бабо, — рече Полина, доближувајќи се до неа. — Одамна ли сте на пат?

— Па, ете оваа поумно запраша од сите, а пак тие, сите: уф, па оф! Ете, гледаш ли... лежев — лежев — ме лечеа — ме лечеа, јас ги избркав лекарите и го повикав клисарот од црквата на Св. Никола. Тој излечил некоја жена од иста ваква болест со раски од сено. Па, и мене ми помогна; по три дена сета се испотив и станав нанозе. Потем пак се собраа моите

Германци, си ги ставија очилата, и почнаа да се спогодуваат: „Кога, велат, би отишла сега во туѓина на бањи, и ако издржи капења, сосем ќе ѝ поминат болките.“ Ами зошто пак да не одам, си велам? Некои таму филјан шутраци се туфкаат: „Ами кај можете, велат, вие да стасате дотаму!“ Па и еве ме! За еден ден се подготвив и минатата седмица во петокот ја зедов девојката, и Потапича, и лакејот Фјодора, туку тој Фјодор, од Берлин го избркав, бидејќи гледам воопшто не ми треба, и самата би можела и самичка да дојдам. Си земам посебен вагон, а носачи има на сите станици, за двогривеник ќе те однесат кај сакаш. Глеј, каква квартира сте зеле под наем! — заклучи таа, разгледувајќи. — Од кои пари плаќаш, миличок? Ами сето твое е заложено. Само на тоа Французинче колкави паришта му должиш! Ами јас знам сè, знам сè!

— Јас, теткичке... — започна генералот, сиот збркан, — јас ви се чудам, теткичке... — јас, ми се чини, можам и без ничија контрола... освен тоа моите трошоци не ги надминуваат моите средства, и ние тука...

— Не ги надминуваат ли? Ама го рече! Од децата, бездруго, веќе и последното си им го дрпнал, ама старател!

— После ова, после вакви зборови... — започна генералот со негодување, — јас веќе и самиот не знам...

— Ами како, токму не знаеш! Бездруго, не се тргнуваш тука од рулетот? Сè ли сневрати?

Генералот беше толку замелушен, што за малку само речиси не се задуши од приливот на своите возбудени чувства.

— На рулет! Јас? Со моето значење... Јас? Дојдете на себеси, теткичке, на вас, бездруго, уште не ви е добро...

— Де, де, не лажи, не лажи; бездруго не можат да те тргнат од рулетот; само мамиш! А јас ќе видам каков рулет е тој, уште денеска. Ти, Прасковја, раскажи ми што разгледуваат тука, па ете и Алексеј Ива-

нович ќе ми покаже, а ти, Потапич, запишувај ги сите места кај треба да се намине? Што разгледуваат тука? — одеднаш ѝ се обрна таа пак на Полина.

— Има тука во близина урнатини од замок, потем Шлангенберг.

— Што е тоа? Шлангенберг? Тоа некаква шума ли е?

— Не, не е шума, тоа е планина: таму има пуант . . .

— Што е тоа пуант?

— Највисока точка на планината, заградено место. Оттука се покажува неопишива глетка.

— На планина да ја влечкаат фотељата? Дали ќе можат да ја искачат?

— О, може да се пронајдат носачи? — одговорив јас.

Во тој час дојде да се поздрави со бабата Федосја, старата гледачка, и ги доведе децата од генералот.

— Де, де, нема зошто да се бакнуваме! Не милувам да ги бакнувам децата: сите деца се лигави. Па, како си ти тука, Федосја?

— Тука е мошне убаво, мошне убаво, мајчице, Антонида Василевна, одговори Федосја. — А на вас како ви беше, мајчице? Ние толку ве изжалавме.

— Знам, ти проста душичке. Овие тука сите што ви се, — гости ли ви се? — ѝ се обрна таа пак на Полина. Кој е оној кежав, со очилана?

— Кнезот Нилски, бабо, — ѝ прошепоте Полина.

— А, Русин? А јас мислев нема да ме разбере! Можеби не ме слушнал! Мистер Астлеј веќе го видов. Туку ене го него пак; — го здогледа бабата, — здраво! — му се обрна таа наеднаш нему.

Мистер Астлеј молкум ѝ се поклони.

— Па, ами вие што убаво ќе ми кажете? Кажете нешто! Преведи му го тоа Полина.

Полина преведе.

— Тоа, дека ве гелдам со големо задоволство и се радувам што сте со добро здравје, — сериозно, но со необична готовност одговори мистер Астлеј. На бабата ѝ преведоа, и очевидно тоа ѝ се свиде.

— Како Англичаните секогаш убаво одговараат, — забележи таа. — Јас којзнае зошто секогаш сум ги сакала Англичаните, не може ни да има споредба со Французинчињата! Наминете кај мене, — му се обрна таа пак на мистер Астлеј. — Ќе се потрудам да не ви здодевам многу. Преведи му го тоа, и речи му дека јас сум тука долу, — тука долу — слушате, долу, долу, — му повторуваше таа на мистер Астлеј, покажувајќи со прстот долу.

Мистер Астлеј беше до немајкаде задоволен од поканата.

Бабата ја разгледа од глава до петици Полина со внимателен и задоволен поглед.

— Јас, Прасковја, би те сакала тебе, — наеднаш рече таа, — ти си прекрасна девојка, подобра од сите нив, туку карактерчето твое ти е — да пази господ! Туку и мојот карактер е да пази господ; заврти се; тоа да не ти е перика?

— Не, бабо, мои коси се.

— Токму така, не ја сакам сегашната глупава мода. Ти си многу убава. Јас би се вљубила во тебе ако бев кавалјер. Зошто не се мажиш? Туку, сепак, време ми е да си одам. Сакам и да се рашетам, дотука ми дојде вагонот, па вагонот... Па, ти уште ли се лутиш? — му се обрна таа на генералот.

— Ве молам, теткичке, доста! — се штрекна зарадуван генералот, јас разбирам, на ваши години...

— Cette vieille est tombée en enfance,[1]) — ми прошепоти Де Грие.

— Сакам ете да разгледам сè тука. Ти ќе ми го отстапиш ли Алексеја Ивановича? — продолжи бабата, обрнувајќи му се на генералот.

— О, колку што милувате, туку и јас самиот... и Полина, m-r Де Грие... сите ние, на сите ќе ни претставува задоволство да ве придружуваме...

— Mais, madame, cela sera un plaisir[2])... — се завре Де Грие со замајувачка насмевка.

---

[1]) Оваа старава се подетинила.

[2]) Но, госпоѓо, тоа ќе ни биде задоволство...

— Ами токму ми ти plaisir. Смешен си ми ти мене, миличок. Впрочем, тебе пари не ти давам, — му додаде таа наеднаш на генералот. — Па, сега во моите одаи: треба да погледам, а потем и ќе појдеме на сите места. Ајде, кревајте.

Бабата пак ја кренаа, и сите в купче се зграмадија по фотељата и тргнаа надолу по скалата. Генералот врвеше чиниш замелушен од удар со кол по глава. Де Грие нешто размислуваше. M-lle Blanche посака да остане, но поради нешто реши исто така да појде со сите. По неа веднаш појде и кнезот, и горе, во одаите на генералот, останаа само Германецот и madame veuve Cominges.

X

По бањите, — па, ми се чини, и во цела Европа, управниците на хотелите и оберкелнерите, при давањето на одаи на гостите, не се раководат толку од нивните барања и желби, колку од сопствени гледања за гостите, и, треба да се забележи, ретко грешат. На бабата, исто така којзнае зошто, ѝ дадоа толку богата просторија, што дури претераа: четири прекрасно суредени одаи, со бања, со простории за послугата, посебно одајче за одајната прислужничка, и слично и слично. Навистина, во овие одаи, пред една недела престојуваше некоја grande — duchesse, за што се разбира, уште веднаш и им се кажа на новите посетители, заради зголемување на цената на просторијата. Бабата ја пренесоа, или подобро речено, ја провозија низ сите одаи, и таа внимателно и строго ги разгледуваше. Оберкелнерот, човек веќе на години, со ќелава глава, со почитување ја придружуваше притоа прво прегледување.

Јас не знам, за кого ја сметаа сите тие бабата, но, ми се чини, мислеа дека е до немајкаде значителна, и главно, најбогата личност. Во книгата уште веднаш запишаа: Madame la générale princesse de

Tarassevicheva[1]), иако бабата никогаш не била кнегиња. Сопствената послуга, посебно одделение во вагонот, купиште ненужни патнички ковчези, куфери и дури сандаци, што стасаа со бабата, претставувале за верување основа на престижот; а фотељата, остриот тон и гласот на бабата, нејзините ексцентрични прашања, поставувани без никакво стеснување, и што не поднесуваат никаков приговор, со еден збор, сета фигура на бабата — исправена, остра, повелувачка, — создаваа општо почитување спрема неа. При прегледот, бабата понекогаш одеднаш ќе заповедаше да се запрат со фотељата, покажуваше на некоја работа од мебелот, и му се обрнуваше со неочекувани прашања на оберкелнерот, кој се насмевнуваше со почит, но веќе беше започнал да се плаши. Бабата ги поставуваше прашањата на фрнацуски јазик, со кој таа впрочем зборуваше прилично лошо, така што обично јас преведував. Одговорите на оберкелнерот во поголем дел не ѝ се свидеа и ѝ се чинеа незадоволувачки. Ами и таа се распрашуваше сè некако божем не за самата работа, туку господ знае за што. Одеднаш, на пример, таа се запре пред една слика, — мошне слаба копија од некој познат оригинал, со митолошко сиже.

— Чиј е тој портрет?

Оберкелнерот кажа дека тоа за верување е портрет на некоја графица.

— Ами како така ти да не знаеш? Живееш тука, а не знаеш. Што бара тој тука? Зошто очите му се навегелии?

На сите прашања оберкелнерот не можеше да одговори задоволувачки, и дури се збрка.

— Токму шутрак! — рече бабата на руски.

Ја понесоа понатаму. Истата приказна се повтори со една саксонска статуета, која баабта ја разгледуваше долго и потем заповеда да ја изнесат надвор, незнајно зошто. Најпосле, му се втурна на оберкелнерот да го распрашува колку пари чинеле ќилимите

[1]) Госпоѓа генералка кнегињата Тарасевичева.

во спалната, и кај ги ткаат тука? Оберкелнерот вети дека ќе се распраша.

— Е токму магариња се! — мрмореше бабата, и го обрна сето свое внимание на креветот.

— Колку раскошен балдахин! Разгрнете го.

Ја кренаа постелината.

— Уште, уште, сè раскренете. Извадете ги перниците, калафите, кренете ја перината.

Испревртеа сè. Бабата разгледа сè внимателно.

— Па убаво што нема дрвеници. Сета пресвлека долу! Постелете ми ги мојата пресвлека и моите перници. Сепак, сево ова е и премногу раскошно, кај е за мене, старица, вакво престојувалиште: ќе ми биде здодевно на самата мене. Алексеј Иванович, ти наминувај почесто кај мене, кога ќе престанеш да ги учиш децата.

— Јас од вчера не сум веќе на работа кај генералот, — одговорив јас, — и живеам во хотелот сосем на своја сметка.

— Ами зошто тоа така?

— Деновиве тука пристигна еден значителен германски барон со бароницата, неговата сопруга, од Берлин. Вчера, на рашетка, заприкажав со него на германски, без да се придржувам за берлинскиот изговор.

— Па, што дека?

— Тој го сметаше тоа за дрскост и му се оплака на генералот, а генералот вчера ми даде отказ.

— Ами што, ти, да не си го окарал тој барон? (Па и да си го окарал, што дека!)

— О, не, напротив, баронот се замавна со стапот врз мене.

— И ти, лигле, си дозволил така да се однесуваат со твојот учител, — му се обрна таа наеднаш на генералот, — и уште одозгора си го избркал од работа? Шутраци сте вие, — сите сте шутраци, како што гледам.

— Не беспокојте се, теткичке, — одговори генералот, со извесен високомерно — семеен тон, — јас умеам сам да си ги водам своите работи. А освен тоа, Алексеј Иванович не ви ја прикажа сосем токму работата.

— А ти така помина преку тоа? — ми се обрна таа мене.

— Јас штотуку посакав да го повикам на двобој баронот, — одговорив јас колку што можев поскромно и поспокојно, — туку генералот се спротивстави.

— Ами ти зошто си се спротивставил? — му се обрна бабата на генералот. (А ти, миличок, оди си ќе дојдеш, кога ќе те викнат, му се обрна таа на оберкелнерот; — нема зошто да ми стоиш тука со зината уста. Не можам да ги поднесувам тие нирнбергски чурилки!) — Овој ѝ се поклони и излезе, се разбира, без да го разбере комплиментот од бабата.

— Ами ве молам, теткичке, зар се можни двобои? — одговори подбивно генералот.

— Ами зошто да не се можни? Сите мажи се петли; па тогаш и нека се тепаат. Шутраци сте сите вие, како што гледам, не умеете да се кренете за татковината. Ајде, кревајте! Потапич, среди така што секогаш да има на располагање двајца носачи, земи ги под наем и погоди се. Не треба повеќе од двајца. Треба да ме носат само по скала, а по рамното, на улица — да ме туркаат, така да им раскажеш; и плати им уште однапред, ќе имаат повеќе почитување. Самиот ти секогаш да бидеш крај мене, а ти, Алексеј Иванович, покажи ми го тој барон на прошетката: каков е тој фон-барон, би сакала да го погледам. Па, каде е тој рулет?

Јас ѝ објаснив, дека рулетот се наоѓа на станица, во сали. Потем следуваа прашања... Дали има многу рулети? Дали мнозина играат? Дали цел ден играат? Како се устроени? Јас најпосле ѝ реков дека сето тоа е подобро да се погледне со сопствени очи, а да се опишува е прилично тешко.

— Па, тогаш носете ме право таму! Оди напред, Алексеј Иванович!

— Ами како, теткичке, зар вие нема дури ни да си отпочинете од патот? — грижливо запраша генералот. Тој чиниш небаре се заварка и заштутка, па и сите тие некако се заштуткаа и почнаа да се погледнуваат. За верување, на нив им беше донекаде

неудобно, дури срам, да ја придружуваат бабата право на станица, каде таа, — се разбира, можеше да направи некакви ексцентричности, и тоа веќе јавно; меѓутоа, самите тие сите ѝ се беа понудиле да ја придружуваат.

— Ами што има да отпочинувам? Не сум постаната; и без тоа седев цели пет дена. А потем ќе погледнеме какви извори и лековити води има тука, и кај се тие. А потем... како го викаат тоа, — ти рече, Прасковја, пуант, така ли беше?

— Пуант, бабо.

— Па нека си биде пуант штом е пуант. А што има тука уште друго?

— Има тука многу работи, бабо — се најде во тесно Полина.

— Де, не знаеш ни самата! Марфа, ти ќе појдеш исто така со мене, — ѝ рече таа на својата одајна прислужничка.

— Туку зошто ѝ е тоа нејзе, теткичке? — се замеша наеднаш генералот, — и најпосле, тоа не бива; тешко и Потапича да го пуштат во самата станица.

— Ами, глупости! Ако таа е слуга, тогаш да ја фрлиме ли! Ами и таа е жив човек; еве веќе цела недела како талкаме по патиштата, и таа, бездруго, исто така сака да поразгледа. Ами со кого друг ако не со мене? Таа сама не смее ни носот да си го покаже на улица.

— Но, бабо...

— Ами тебе да не ти е срам да одиш со мене, или што ти е? Тогаш остани си дома, не те молат. Глеј го ти него, каков генерал; јас и самата сум генералка. Па и зошто сите вие како некоја опашка ќе ми се влечкате сите по мене? Јас и со Алексеја Ивановича ќе разгледам сè...

Но Де Грие категорички настојуваше сите да ја придружуваат, и се впушти во најљубезни фрази што се однесуваа за задоволството да ја придружуваат, и слично. Сите тргнаа.

— Ell est tombée en enfance,[1]) — му повторуваше Де Грие на генералот, — seule, elle fera des bêtesse[2])... — понатаму не слушнав, но тој очевидно, имаше некакви намери, а можеби, му се беа вратиле и извесни надежи.

До станицата имаше околу половина врста. Нашиот пат врвеше низ алејата со костени, до скверот, зад кој се влегуваше во станицата. Генералот се успокои малку, затоа што нашата врвулица, иако беше прилично ексцентрична, сепак беше достоинствена и прилична. И сосем прилична. Па и немаше ништо чудно во фактот што на бања се појавил болен и сакат човек, без нозе. Но, очевидно, генералот се плашеше од станицата: ами зошто болен човек без нозе, и одозгора уште старица, да оди на рулет? Полина и m-lle Blanche одеа обете отстрана, од двете страни на фотељата што ја туркаа. M-lle Blanche се смееше, беше скромно весела, и дури понекогаш сосем љубезно прикажуваше шеговно со бабата, така што оваа, најпсле и ја пофали. Полина, од другата страна на фотељата, беше принудена да одговара на безбројните прашања што бабата ги поставуваше секој час, како да речеме: „Кој беше тој што помина? Која беше онаа во кочијана? Дали е голем градот? Има ли голем парк? Какви се овие дрвја? Какви се оние планини? Дали летаат тука орли? Каков е оној смешен покрив?“ Мистер Астлеј чекореше крај мене и ми прошепоти дека изутринава очекува да се случи многу нешто. Потапич и Марфа одеа одзади, веднаш зад фотељата, — Потапич во својот фрак, со бело елече, но со качкет; а Марфа, — четириесетгодишна стара мома, румена, но со коси што веќе почнуваа да белеат — во капче со тантели, во басмен фустан и чевли од бокс што крцкаа. Бабата често се свртуваше накај нив, и заприкажуваше за нешто. Де Грие и генералот застанаа малку и зборуваа за нешто со најголема вжештеност. Генералот беше многу стуштен. Де Грие зборуваше со многу решителен изглед. Можеби, тој го охрабруваше генералот,

---

[1]) Таа е подетинета.

[2]) Сама таа ќе стори глупости...

очевидно, го советуваше за нешто. Но бабата веќе ја изговори не дамна кобната фраза: „Тебе не ти давам пари!“ Можеби, за Де Грие ваквото известување не му се чинеше веројатно, но генералот си ја познаваше добро својата тетка. Јас забележив, дека Де Грие и m-lle Blanche продолжуваа да си намигнуваат. — Кнезот и Германецот — турист јас ги загледав на самиот крај од алејата; тие заостанаа, и потем си отидоа од нас.

Во станицата пристигнавме триумфално. Вратарот и лакеите го покажаа истото она почитување, како и послугата од хотелот. Сепак, тие се загледуваа со љубопитство. Отпрвин бабата заповеда да ја поведат низ сите сали, нешто пофали, спрема друго остана сосем рамнодушна; за сè се распрашуваше. Најпосле, дојдоа и до салите за коцкање. Лакејот, што стоеше како стражар пред затворената врата, како замелушен, наеднаш ширно ја отвори вратата.

Пристигнувањето на бабата кај рулетот направи силен впечаток на присутните. Крај масите за играње на рулет и во другиот крај на салата, кајшто се наоѓаше масата со trente et quarante, се грамадеа можеби стоипедесет или двесте коцкари во неколку редици. Оние, што успеваа да се доберат до самата маса, по обичајот, стоеја цврсто и не ги напуштаа своите места сè додека не изгубеа сè; бидејќи да стојат само онака да гледаат и попусто да зафаќаат место за играње не е дозволено. Иако околу масата има поставени столови, само малцина од играчите седнуваат, особено кога има натрупано многу публика, — затоа што стоејќи може да се соберат повеќе, и значи, да се погоди место и поумешно да се постави влог. Втората и третата редица се туркаа зад првата, очекувајќи и гледајќи да дојдат на ред; но во нестрпливост понекогаш си ги провираа рацете низ оние од првата редица, за да постават свој влог. Понекои дури се изитруваа да можат да постават влог на таков начин дури од третата редица; поради тоа не поминуваа ни десетина, па дури ни пет минути, а на некој крај од масата да не започне „расправија“ за спорни влогови, чии се.

Полицијата од станицата, впрочем, е прилично добра. Се разбира, не може да се избегне тисканицата; напротив, им е мило кога има повеќе публика, затоа што тоа е корисно; но осумте крупиеи, што седат околу масата, си ги отвораат добро очите и вардат на влоговите: тие и ги прават исплатите, а при настанати спорови тие и ги решаваат. Во краен случај ја повикуваат полицијата и работата завршува додека трепнеш. Има полицајци и тука, во салата, во обични облеки, меѓу гледачите, така што не можат ни да се познаат. Тие особено вардат за ситните крадци и шмеќерите, што крај рулетот ги има особено многу, поради големата погодност за нивната работа. Па и навистина, на секое друго место, треба да крадат од џебови или од заклучено со резе и катинар, — а тоа, во случај на неуспех, завршува секогаш со главоболка. А тука, просто-напросто, достатно е само да се доближи до рулетот, да започне да игра и одеднаш јавно и гласно, да го земе туѓото добиено и си го стави во својот џеб. А ако настане расправија, тогаш никаквецот јасно и гласно настојува дека добивката — е негова лична. Ако мајсторијата е направена итро, и сведоците се колебаат, тогаш крадецот мошне често успева да си ги дрпне парите, се разбира, ако сумата не е многу значителна. Во последниов случај таа бездруго е добро забележана од крупиеите, или од некој друг од играчите уште пред тоа. Но ако сумата не е толку значителна, тогаш вистинскиот сопственик понекогаш просто одбива да продолжи да се расправа, срамувајќи се од скандал, и се тргнува. Но ако успеат да го разобличат крадецот, веднаш го изнесуваат со скандал.

Бабата гледаше на сето тоа оддалеку, со чудно љубопитство. Нејзе многу ѝ се допаѓаше што крадците ги исфрлаа. Trente et quarante, не го побуди многу нејзиното љубопитство; нејзе повеќе ѝ се допадна рулетот, и како се тркала топчето. Најпосле таа посака поодблизу да ја разгледа играта. Не разбирам, како се случи тоа, но лакеите и некои други заштуткани агенти (првенствено од Полјачињата што изгубиле сè

на коцка, и што им ги натуруваат своите услуги на среќните играчи и на сите туѓинци, веднаш пронајдоа и расчистија место за бабата, и наспроти сета турканица што ја имаше, сред самата маса, близу до главниот крупие, и тука ја дотуркаа нејзината фотелја. Мнозината посетители, што не играа, но отстрана ја гледаа играта (првенствено Англичани со нивните семејства), уште веднаш се натискаа накај нивната маса, за да ја погледнат зад играчите бабата. Мнозина лорнети се свртеа накај неа. Кај крупиеите се појавија надежи: ваков ексцентричен играч, навистина чиниш ветува нешто необично. Седумдесет и петгодишна жена, без нозе, и што сака да се коцка — се разбира не беше секојдневен случај. Јас се протуркав исто така до масата и се сместив крај бабата. Потапич и Марфа останаа некаде далеку настрана, меѓу луѓето. Генералот, Полина, Де Грие и m-lle Blanche исто така се сместија некаде настрана меѓу гледачите.

Отпрвин бабата почна да ги разгледува играчите. Таа ми поставаше остри, испрекинати прашања наполовина шепотејќи: кој е оној? Која е онаа? Нејзе особено ѝ се допадна еден мошне млад човек, што играше на крајот од масата мошне јадра игра, што поставуваше влогови со илјадници и што беше спечалил, како што шепотеа околу, веќе околу четириесет илјади франци, што лежеа пред него на куп, во злато и во банкноти. Тој беше блед; очите му светкаа и рацете му се тресеа; тој поставуваше влогови веќе без секакво пресметување, — колку ќе му зафатеше раката, а сепак постојано печалеше и печалеше, постојано собираше и собираше. Лакеите се штуткаа околу него, му ставаа одзади стол, го расчистуваа околу него местото, за да му биде поудобно, за да не го притискаат, — правејќи го сето тоа во очекување на штедра благодарност. Некои коцкари им даваат од печалбата никогаш не сметајќи, а онака, од радост, онолку колку ќе зафати раката во џебот. Крај младиот човек веќе се беше поднаместило едно Полјаче, што се штуткаше колку што имаше сили, и почит, но без престан по-

стојано му шепотеше нешто, веројатно кажувајќи му кај да вложува, советувајќи го и водејќи го во играта, — се разбира, исто така очекувајќи подоцна подавачка! Но коцкарот речиси и не го забележуваше, поставаше без да премислува и постојано прибираше. Тој очевидно беше како не на себеси.

Бабата го гледаше неколку мига.

— Кажи му, — наеднаш се заштутка бабата, туркајќи ме, — кажи му што поскоро да витоса, нека си ги земе парите и нека си оди. Ќе изгуби, сега сè ќе изгуби! — се заштутка бабата, речиси залебнувајќи се од возбуда. — Каде е Потапич? Пратете го кај него Потапич. Ами кажи му, кажи му де, — ме туркаше таа мене, — ами каде е тука сега Потапич! Sortez! Sortez! — штотуку започна таа самата да му вика на младиот човек. — Јас се наведнав накај неа и цврсто ѝ прошепотив дека тука не бива така да се вика; дека дури не е дозволено ни да се зборува прегласно, затоа што тоа пречи за пресметувањето, дека нас веднаш ќе нè избркаат.

— Колку жално! Ќе пропадне човекот! Значи самиот сака... не можам да гледам на него, сè ми се превртува во мене. Какво магаре! — и бабата поскоро се сврте на друга страна.

Таму, налево, на втората половина од масата, меѓу играчите се забележуваше една млада дама, и крај на некакво џуџе. Кој беше тоа џуџе — не знам: дали нејзин роднина, или пак таа го водеше со себе онака само заради ефект. Таа госпоѓа јас ја бев забележал и порано; таа доаѓаше до масата за коцкање секој ден, околу еден часот попладне, и си заминуваше токму во два; секој ден играше по еден час. Неа веќе ја познаваа и веднаш ѝ наместуваа стол. Таа вадеше од џебот малку злато, неколку банкноти од илјада франкови и почнуваше да вложува тивко, ладнокрвно, пресметливо, одбележувајќи ги со молив на парче хартија бројките, и трудејќи се да пронајде некаков систем, според кој во даден момент се групираат шансите. Таа се коцкаше со значителни влогови. Секој ден спечалуваше една, две најмногу три илјади

франкови, — не повеќе, и откако ќе добиеше, веднаш си заминуваше. Бабата долго време ја разгледуваше.

— Ами, еве оваа нема да изгуби! Ваквата не може да изгуби! Од кои е! Не знаеш? Која е таа?

— Французинка бездруго, една од онаквите, — ѝ прошепотив јас.

— А, се познава пилето по летањето. Се гледа, дека си има остри нокти. Сега ти мене објасни ми, што значи секое свртување и како треба да се поставува влогот?

Колку што можев јас ѝ објаснив на бабата што значат тие многубројни комбинации на влоговите, rouge et noir, pair et impair manque et passe и, најпосле различни нијанси во системот на бројките. Бабата ме слушаше внимателно, запаметуваше, ме препрашуваше и учеше. За секој систем на поставување влогови можеше веднаш да се наведе пример, како што многу нешто се научуваше и запаметуваше мошне лесно и наскоро. Бабата остана многу задоволна.

— А што е тоа zéro[1])? — Ене оној крупие со кадрави коси, бездруго главен, сега викна zéro? И зошто тој собра сѐ што имаше на масата? Такво купиште си прибра? Што е тоа?

— Zéro, бабо, е добивка на банката. Ако падне топчето на zéro, тогаш сѐ она, колку и да е ставено на масата, ѝ припаѓа на банката без било какво пресметување. Навистина, се врти топчето уште еднаш, но банката не плаќа ништо за тоа.

— Глеј лебати! А јас не добивам ништо?

— Не, бабо, ако вие пред тоа сте поставиле влог на zéro, погаш ако излезе zéro, вас ќе ви платат триесет и петпати повеќе.

— Како, триесет и петпати повеќе, и тоа често ли излегува? Ами зошто, тие улави, не поставуваат тогаш на зеро?

— Триесет и шест шанси се против, бабо.

— Штогоде! Потапич, Потапич! Почекај, и при мене имам пари, — еве! — Таа извади од џебот ќесе

[1]) Нула, ништо.

добро нагнетено со пари, и извади од него еден фридрихсдор. — На, постави веднаш на zéro.

— Бабо, zéro штотуку излезе, — реков јас, — значи, сега за долго време нема да излезе. Вие многу ќе изгубите; почекајте барем малку.

— Ами, мамиш, постави!

— Дозволете, но тој можеби нема да излезе ни до вечер, вие така илјадница можете попусто да вложите, се случувало така.

— Ами, глупост, глупост! Ако се плашат од волкот — во шума не одат. Што стана? Изгуби? Постави пак!

Го изгубивме и вториот фридрихсдор: поставивме трет. Бабата место не ја држеше, таа се втрешти со пламнати очи во топчето што потскокнуваше по запците од завртеното тркалце. Го изгубивме и третиот. Бабата од кожа да излезе, место не ја фаќаше, дури чукна со тупаница врз масата, кога крупието објави „trente six“, наместо очекуваното zéro.

— Ами проклетото! — се лутеше бабата, — ами ќе излезе ли тоа проклето зерче најпосле, да се витоса? Да знам дека ќе треснам туку ќе доседам до zéro! Сето тоа го прави она проклето крупиенце со кадрави коси, кај него никогаш не излегува; Алексеј Иванович, стави два златника одеднаш! Инаку човек ионака губи, така што и да излезе zéro, па ништо нема да добиеш.

— Бабо!

— Стави, стави! Не се твои пари.

Јас поставив два фридрихсдора. Топчето долго се меткаше по тркалцето, најпосле почна да скока по запците. Бабата замре и ми ја стисна раката, и наеднаш оп!

— Zéro! — објави крупието.

— Гледаш, гледаш! — брзо се сврте накај мене бабата, сета задоволна и светната. — Ами нели ти реков! И самиот господ ме поучи да поставам два златника! Па, колку ќе добијам сега? Зошто не ми ги даваат. Потапич, Марфа, кај се пак тие? Сите наши зар отишле некаде? Потапич, Потапич!

— После, бабо, — шепотев јас. — Потапич е пред врата, него нема да го пуштат тука. Гледајте, бабо, вам ви ги даваат парите, земете! На бабата ѝ подадоа запечатен во сина хартија тежок фишек со педесет фридрихсдори, и ѝ изброија уште незапечатени дваесет фридрихсдори, сето тоа јас го собрав со лопатчето до бабата.

— Faites le jeu, messieurs! Faites le jeu, messieurs! Rien ne va plus![1]) — објавуваше крупието, поканувајќи да се стават влоговите и подготвувајќи се да го заврти рулетот.

— Господе! Задоцнивме! Сега ќе ја завртат! Постави, постави! — се заштутка бабата, — па не тегави се, поскоро, — излегуваше таа од кожа, туркајќи ме со сите сили.

— Ами на што да поставам, бабо?

— На zéro, на zéro! Пак на zéro! Стави колку што е можно повеќе! Колку имаме сè на сè? Седумдесет фридрихсдори? Нема зошто да ги жалиме, ставај одеднаш по дваесет фридрихсдори.

— Приберете се, бабо! Понекогаш тој не излегува ни по двесте пати! Ве уверувам, ќе го изгубите сиот капитал.

— Ами, мамиш, мамиш! Стави! Само ти меле јазикот! Знам јас што правам, — дури се растрепери како не на себеси бабата.

— Според правилата не може да се стави на zéro повеќе од дванаесет фридрихсдори на zéro, бабо, — па, ете јас поставив.

— Како така не е дозволено? Да не ме мамиш ти? Мусје! Мусје — го затурка таа со рака крупието, што седеше веднаш до неа од лева страна, и што се подготвуваше да го заврти тркалцето, — combien zéro? Douze? Doeze?[2])

Јас побрзав да му го објаснам прашањето на француски.

---

[1]) Поставајте ги влоговите (играта почнува) господа! Поставајте ги влоговите, господа! Нема никој повеќе да поставува влог!

[2]) Колку зеро? Дванаесет? Дванаесет?

— Oui, madame, — учтиво потврди крупието, — бидејќи ниеден поединечен влог не смее да надмине одеднаш четири илјади флорини според правилата, — додаде тој за објаснување.

— Па, нема што да се прави, стави дванаесет.

— Le jeu est fait![1]) — викна крупието. Тркалцето се заврте и излезе триесет. Изгубивме!

— Уште! Уште! Уште! Стави уште! — викаше бабата. Јас веќе не ѝ се спротивставував и кревајќи си ги рамениците, поставив уште дванаесет фридрихсдори. Тркалцето долго се вртеше. Бабата просто трепереше гледајќи втрештено во тркалцето. „Ами зар таа навистина си замислува пак да спечали на zéro?“ — си помислив јас, гледајќи во неа со вчудоневидување. На нејзиното лице светкаше решителна убеденост, — исчекување дека бездруго ете штотуку сега ќе свикаат: zéro. Топчето скокна во прегратката.

— Zéro! — свика крупието.

— Што!!! — со јаросен триумф ми се сврте бабата.

Јас и самиот бев коцкар; тоа го почувствував во истиот миг. И мене ми трепереа рацете и нозете, крвта ми навре во главата. Се разбира, тоа беше редок случај, на некоиси само десетина свртувања трипати да излезе zéro; но во тоа немаше ништо особено за чудење. Јас самиот со свои очи видов како пред три дена zéro излезе трипати едноподруго, и притоа еден од коцкарите, што усрдно си ги бележеше на хартија излегувањата, гласно забележи, дека не многу одамна, туку уште вчера истото тоа zéro излегло само еднаш во текот на сиот ден.

Со бабата, како со човек што добил најзначителна добивка, сè ѝ пресметаа особено внимателно и со почит. Таа требаше да добие токму четиристотини дваесет фридрихсдори, то ест четири илјади флорини и дваесет фридрихсдори. Нејзе ѝ дадоа дваесет фридрихсдори во злато; а четири илјади во банкноти.

---

[1]) Играта е заклучена!

Овојпат бабата веќе не го викаше Потапича; беше зафатена со друго. Таа дури веќе не се ни туркаше и надворешно не трепереше. Таа, ако може да се рече така, трепереше однатре. Таа беше сета сосредоточена на некоја мисла, и чиниш така и нишанеше:

— Алексеј Иванович! Тој рече дека може одеднаш да се постават влог само четири илјади флорини? На, земи, стави ги сите тие четири на црвено, — реши бабата.

Беше попусто да ја одвраќам. Тркалцето се заврте.

— Rouge![1]) — објави крупието.

Пак добивка од четири илјади флорини, значи стана сè на сè осум.

— Дај ми четири ваму, а четири стави пак на црвено, — повели бабата.

Јас пак поставив четири илјади.

— Rouge! — објави крупието.

— Сè на сè дванаесет! Дај ги сите ваму. Златото сипи го тука, во ќесево, а банкнотите прибери ги.

— Доста! Дома! Туркајте ја фотељата.

XI

Ја истуркаа фотељата до вратата, на другиот крај од салата. Бабата беше сета светната. Сите наши се нагрвалија веднаш околу неа, честитајќи ѝ. Колку и да беше ексцентрично однесувањето на бабата, но нејзиниот триумф покриваше многу нешто, и генералот веќе не се плашеше да не се компромитира пред публиката со роднинските врски со оваа чудна жена. — Со снисходлива и семејно — весела насмевка, како да си игра со мало дете, тој ѝ честита на бабата. Впрочем, тој очевидно беше замелушен, исто онака како и сите гледачи. Сите наоколу зборуваа за бабата и покажуваа накај неа. Мнозина поминуваа крај неа за да ја загледаат подобро. Мистер Астлеј прикажу-

[1]) Црвено.

ваше за неа настрана со двајца свои познати Англичани. Неколку прекрасни гледачки, дами, со возвишена недоумица ја разгледуваа како некаков унер. Де Грие речиси ја затрупа со честитања и насмевки.

— Quelle victoire![1]) — велеше тој.

— Mais, madame, c'était du feu![2]) — додаде со шеговна насмевка m-lle Blanche.

— Да, ете на прв чекор, и спечалив дванаесет илјади флорини? Туку како ми ти дванаесет, ами златото? Со златото речиси тринаесет излегува. Колку е тоа во наши пари? Шест илјади, или колку ќе бидат?

Јас ѝ соопштив дека поминува и седум, а според сегашниот курс молам, и до осум стасува.

— Не е шега, осум илјади! А пак вие сал чмаете тука, шутраци, не правите ништо! Потапич, Марфа видовте ли?

— Мајчице, ами како така ви појде? Осум илјади рубли, — извикуваше виткајќи се Марфа.

— Еве ви ná, од мене по пет златници, земете!

Потапич и Марфа се втурнаа да ѝ ги бакнуваат рацете.

— Дајте им и на носачите по еден фридрихсдор. Дај им по еден златник, Алексеј Иванович. Зошто се клања оној лакеј, и другион исто така? Честитаат? Дај им и на нив по еден фридрихсдор.

— Madame la princesse... un pauvre expatrié... malheur continuel... les princesse russes sont si généreux[3])... — се виткаше крај фотељата една личност, со излитено палто, шарено елече, со мустаќи, држејќи го качкетот во спуштената рака и со понижителна насмевка.

— Дај му и нему еден фридрихсдор! Не, дај му два; па, доста, инаку со нив крај нема. Кревајте, носете. Прасковја, — ѝ се обрна таа на Полина Александрова, јас тебе утре ќе ти купам за фустан, ќе ѝ

---

[1]) Каква победа!

[2]) Ами госпоѓо, тоа е како гром од ведрина.

[3]) Госпоѓо кнегињо... еден беден прогоненик од татковината... постојана несреќа... руските кнегињи се толку великодушни...

купам и на онаа m-lle... како ја викаа, m-lle Blanche, така ли беше и нејзе ќе ѝ купам за фустан. Преведи, Прасковја!

— Mercі, madame,[1]) — умилкувачки направи поклон m-lle Blanche исклештувајќи си ја устата во подбивна насмевка, што ја измени со Де Грие и генералот. Генералот делумно беше збркан и му олесни многу кога ние стасавме до алејата.

— Федосја, Федосја, колку ќе се зачуди сега, мислам, — зборуваше бабата, сеќавајќи се за познатата гледачка на децата од генералот. — Треба и нејзе да ѝ подарам за фустан. Еј, Алексеј Иванович, Алексеј Иванович, дај му на оној питачон.

По патот поминуваше некој парталко со свиткан грб, и гледаше во нас.

— Ами тој, можеби, и не е питач, — туку некој шмеќер, бабо.

— Дај му! Дај му! Дај му еден гулден!

Јас му пријдов и му дадов. Тој ме погледна со зачудена недоумица, меѓутоа, молкум го зеде гулденот. Од него избиваше реа на пијалак.

— ти, Алексеј Иванович, не си ја обиде ли среќата?

— Не, бабо.

— Ќе се обидам подоцна, бездруго, бабо, подоцна.

— И стави право на zéro! Ќе видиш! Колку капитал имаш?

— Сè на сè дваесет фридрихсдори, бабо.

— Не се многу. Ќе ти дадам на заем педесет фридрихсдори, ако сакаш. Еве земи го овој фишек, а ти, гулапче, сепак не се надевај, тебе не ти давам! — му се обрна таа наеднаш на генералот.

Овој сиот како да се стресе, но премолча. Де Грие се намутри.

— Que diable, c'est une terrible vielle![2]) — му прошепоти тој низ заби на генералот.

---

[1]) Благодарам, госпоѓо.

[2]) По ѓаволите, оваа е некоја страшна стара.

— Ене питач, питач, пак питач! — свика бабата. — Алексеј Иванович, дај му и нему еден гулден.

Овојпат нѐ сретна некој старец со побелени коси, со дрвена нога, во некакво модро, долгополесто палто и со долг бастун в раце. Тој прилегаше на некој стар војник. Но кога јас му го подадов гулденот, тој направи чекор назад и страшно ме загледа.

— Was ist's, der Teufel![1]) — свика тој, откако додаде кон тоа уште десетина пцости.

— Мавни го, улав, — свика бабата, откако одмавна со рака. — Носете ме понатаму! Изгладнев! Сега веднаш да ручаме, потем малку ќе прилегнам, и пак онаму.

— Вие сакате пак да играте, бабо? — свикав јас.

— Ами како мислиш ти? Зар како вас само седите тука, и киснете, па, да ве гледам вас?

— Mais, madame, — пријде Де Грие, — les chances peuvent tourner, une seule mauvaise chance et vous perdrez tout... surtout avec votre jeu... c'était terrible![2])

— Vous perdrez absolument,[3]) — загрогори m-lle Blanche.

— Ами што ви е на сите вас грижа за тоа! Нема да изгубам на коцка ваши пари — туку свои! А кај е тој мистер Астлеј? — ме запраша таа мене.

— Остана на станица, бабо.

— За жал; ете тој е толку добар човек.

Штом пристигна дома, бабата уште на скала, кога го сретна оберкелнерот, го повика и му се пофали со добивката; потем ја повика Федосја, ѝ подари три фридрихсдори, и повели да пристават ручек. Федосја и Марфа просто се натпреварува во своите искажувања додека ручаа.

— Ве гледам јас, мајчице, — ломотеше Марфа, — и му велам на Потапич, што сака тоа да стори нашана мајчица. А на масата пари, пари, купишта, ми-

---

[1]) Што значи тоа, по ѓаволите!

[2]) Но, господо, среќата може да се сврти, само една лоша шанса и вие ќе изгубите сѐ... особено со вашата игра... тоа е страшно!

[3]) Без секакво сомневање ќе изгубите.

лостиви! Цел живот никогаш не сум видела толку пари, а сè наоколу господа, само господа седат. И откај, му велам, Потапич, се насобрале сè такви господа тука? Помогни ѝ мајчице божја, си мислам. Се молам за вас, мајчице, а срцето ете така ми се стега, примира, треперам, сета треперам. Помогни ѝ, господе, си мислам, а пак ете и господ навистина ти помогна. Сè уште, мајчице, толку се тресам, сета ете се тресам.

— Алексеј Иванович, после ручекот, во четирите часот, подготви се, ќе одиме. А сега-засега, збогум, па немој да заборавиш да ми пратиш некое докторче, треба исто така и води да пијам. А инаку ќе заборавиш, молам.

Јас излегов откај бабата како замелушен. Се мачев да си замислам што ќе стане сега со сиве нашиве; и како ќе се свртат работите? Мене ми беше јасно дека тие (првенствено генералот) уште не стасале да дојдат на себеси, дури и од првиот впечаток. Самиот факт на појавувањето на бабата, наместо секој час исчекуваната телеграма за нејзината умирачка (а, значи и за наследството) дотолку го разби сиот систем на нивните намери и прифатени решенија, така што тие со апсолутна недоумица и со некаква набаре дамлосаност што ги фатила се однесуваа спрема натамошните подвизи на бабата на рулетот. А меѓутоа, овој вториов факт беше речиси уште позначителен од првиот, бидејќи, иако бабата двапати повтори дека нема да му даде пари на генералот, туку којзнае — сепак можеше уште да не се губи секаква надеж. Не ја губеше надежта ни Де Грие, што беше замешан во сите работи на генералот. Јас сум уверен, дека и m-lle Blanhce, исто така мошне замешана (ами уште како: генералка и значително наследство!), и би ги изгубила надежите и пак би ги употребила сите умилкувања на кокетирање со бабата, — во контраст со несфатливата и што не умееше да биде милозлива, горделивата Полина. Но сега, сега, кога бабата направи такви подвизи на рулетот, сега кога личноста на бабата се покажа пред нив толку јасно и типично (тврдоглава властољубива старица et tombée en enface) — сега,

молам, пропаѓа сè; — ами таа, како дете се радува, што се добрала дотука и ќе се нафрли, и како што е вообичаено, ќе сневрати сè до трошка. Господе, си помислив јас, (и прости ми, господе, со најзлорадосна смеа), — господе, па секој фридрихсдор, што бабата пред малку го стави влог, како тешка болка на срце му паѓаше на генералот, го побеснуваше Де Грие и ја доведуваше до побеснување m-lle de Cominges, крај чија уста ја тргнуваа лажицата. И еве уште еден факт. Дури од добиеното, кога бабата од радост им даваше на сите пари и секој поминувач го сфаќаше како питач, дури и тогаш ѝ се откачи накај генералот: „А тебе сепак нема да ти дадам!“ Тоа значи: се закачила на таа мисла, се заинатила, си дала цврст збор; — опасно, опасно!

Сите тие такви размислувања ми поминуваа низ главата додека се качував по скалата откај бабата, на најгорниот кат, во своето одајче. Сето тоа ме интересираше до немајкаде; иако, се разбира, јас и порано можев да ги насетам главните најдебели нишки што ги поврзуваа пред мене сите актери, но сепак не ги знаев конечно сите средства и тајни на таа игра. Полина не беше со мене никогаш сосем доверлива. Иако и се случуваше, навистина, понекогаш таа да ми го открие, чиниш не сакајќи своето срце, но јас забележив дека таа честопати, па речиси и секогаш, после таквите искажувања, или ќе го сврти на смеа сето кажано, или ќе го заплетка со намера на сè да му даде лажен изглед. О, таа прикриваше многу нешто! Во секој случај, јас претчувствував дека приближува финалето на сета таа таинствена и напрегната состојба. Уште еден удар — и сè ќе биде завршено и откриено. За својата судба, исто така заинтересиран во сето тоа, — јас речиси не се грижев. Мене ме обзеде чудно настроение: во џебот имав сè на сè дваесет фридрихсдори, ја сум далеку, во туѓина, без работа и без пари за опстанок, без надеж, без планови и, не се грижам за тоа! Ако ја немав грижата за Полина, јас просто сиот ќе му се предадев само на љубопитството за претстојниот комичен расплет, и ќе се кикотев кол-

ку што ми држи гласот. Но Полина ме збркува; нејзината судбина се решава, тоа јас го претчувствував; но, се каам, нејзината судбина воопшто не ме загрижува. Јас сакам да навлезам во нејзините тајни; јас би сакал таа да дојде кај мене и да ми рече: „Па јас те сакам тебе“, а ако не, ако таквата безумна мисла е незамислива, тогаш . . . ами, па што да посакам? Зар јас знам што сакам? Самиот јас сум како изгубен; јас би сакал само да бидам крај неа, во нејзиниот ореол, во нејзиниот блесок, вечно, засекогаш, сиот живот. А понатаму не сакам да знам за ништо! И зар би можел да отидам од неа?

На третиот кат, во нивниот ходник, мене како да ме тресна нешто. Се свртев, и на дванаесетина и нешто чекори, ја видов Полина што излегуваше од вратата. Таа чиниш ме исчекуваше и ме демнеше мене, и уште веднаш ме повика.

— Полина Александровна . . .

— Потивко! — заприкажа таа.

— Замислете си, — зашепотев јас; — сега мене нешто како да ме тресна; се обзирнувам, — вие! Небаре од вас излегува некаков електрицитет!

— Земете го ова писмо, — загрижено и намуртено рече Полина, бездруго без да го слушне она што ѝ го реков, — и предајте му го лично на мистер Астлеј, веднаш. Поскоро, ве молам. Одговор не треба. Самиот тој . . .

Таа не се доискажа. „На мистер Астлеј?“ — ја препрашав јас вчудоневидено.

Но Полина веќе се изгуби зад вратата.

„Аха, тие значи се допишуваат!“ Се разбира, јас уште веднаш се стрчав да го барам мистер Астлеј, првин во неговиот хотел, каде не го затеков, потем на станицата, каде ги поминав сите сали, и најпосле, јадосан, речиси западнат во очаеност, враќајќи се дома, го сретнав случајно, во врволицата на некои Англичани и Англичанки јавнати на коњи. Јас го повикав, го запрев, и му го предадов писмото. Не стасавме ни да се погледнеме. Но јас се сомневам дека мистер Астлеј нарочно што поскоро го зводна коњот.

Дали ме измачуваше љубомора? Но јас бев во најголема душевна растроеност. Јас не сакав ни да се уверам за што се допишуваат тие. Значи, тој ѝ е нејзе доверлива личност! „Дека ѝ е пријател, нека ѝ е!", си мислев, и тоа е јасно. (И кога стасал да ѝ стане пријател) — но дали меѓу нив има и љубов? Се разбира дека нема, — ми шепотеше разумот. Туку во таквите случаи нели не е достатно само разум. Во секој случај ми претстоеше да го разјаснам и тоа. Работата непријатно се заплеткуваше.

Уште не стасав да влезам во хотелот, кога вратарот и излезениот од својата одаја оберкелнер ми соопштија дека ме бараат, повикуваат, трипати испраќале да се распрашуваат: кај сум? — ме молат колку што можам побрзо да отидам во одаите кај генералот. Се наоѓав во најлоша душевна расположба. Во кабинетот на генералот ги најдов, освен самиот генерал, Де Грие и m-lle Blanche, сама, без мајка ѝ. Мајка ѝ беше апсолутно подметната само за навидум фигура, што ја употребуваа само за парада; но кога стануваше збор за вистинската *работа,* тогаш m-lle Blanche дејствуваше сама. Пак таа едвај и да знаеше нешто за работите на својата наречена ќерка.

Впрочем, тие вжештено се советуваа за нешто и дури вратата од кабинетот беше затворена, — што никогаш не се беше случило. Дојден до вратата, јас слушнав врева од подигнати гласови, — безочно и зајадливо прикажување на Де Грие, безобзирно — навредувачка и бесна пискотница на Blanche и жалобитиот глас на генералот, кој очевидно се оправдуваше за нешто. Кога влегов тие сите чиниш се поздржаа и се потстегнаа. Де Грие си ја замазни косата и неговото налутено лице стана насмевнато — со онаа грда, официјална, фарнцуска насмевка, која јас толку многу ја мразам. Столчениот и збркан генерал си придаде престорено пободер изглед, но некако махинално. Единствено m-lle Blanche речиси не си ја измени својата физиономија што светкаше со молскавици од лутина, и само се замолче, откако го отфрли во мене својот поглед со нестрпливо исчекување. Ќе забеле-

жам дека таа сè досега до немајкаде небрежно се однесуваше кон мене, дури не ми одговараше кога ќе ја поздравев — просто не ме забележуваше.

— Алексеј Иванович, — започна со нежно — прекорувачки тон генералот, — дозволете да ви кажам, дека е чудн , во највисок степен чудно... со еден збор, вашит постапки во однос спрема мене и моето семејство.. со еден збор, во највисок степен е чудно...

— Eh! ce n'est pas ça, — налутено и со презир го прекина Де Грие. (Тој апсолутно управуваше со сè!) — Mon cher monsieur, notre cher général se trompe,[1]) — запаѓајќи и самиот во таков тон (го продолжувам неговото зборување на руски), но тој сакаше да ви каже... то ест да ве предупреди, или, подобро речено, најубаво да ве замоли, да не го погубувате, — ами да, да не го погубувате! Јас го употребувам токму овој израз...

— Ами со што, со што! — го прекинав јас.

— Ве молам, вие се нафаќате да ѝ бидете водител (или како да се рече тоа?) — на онаа старица, cette pauvre terrible vieille[2]), — се збркуваше и самиот Де Грие, — ами таа ќе сневрати сè; таа ќе сневрати сè до ронка! И самите вие видовте, вие бевте сведок, како таа се коцка! Ако таа почне да губи, тогаш таа не може ни да се тргне од масата, постојано ќе се коцка, а во таквите случаи никогаш не се вадат, не си го враќаат изгубеното, и тогаш... тогаш...

— И тогаш, — подзеде генералот, — тогаш вие ќе го погубите сето семејство! Јас и моето семејство, ние сме — нејзини наследници, таа нема други поблиски роднини. Јас отворено ќе ви речам: моите работи не чинат, до немајкаде не чинат. Вие и самите делумно знаете... Ако таа изгуби на коцка значителна сума, или дури, молам и тоа, сиот имот, (о, господе!), што ќе стане тогаш со нас, со моите деца. (Генералот

---

[1]) Ех, не е тоа она! — Мој драги господине, нашиот мил генерал се мами...

[2]) Таа кутра страшна старица.

се обзирна накај Де Грие.) — Со мене! (Тој погледна кон m-lle Blanche, што со презир се сврте од него.) Алексеј Иванович, спасете нè, спасете нè!

— Ами како, генерале, кажете, со што можам... Што значам јас тука?

— Одбијте ја, одбијте ја, витосајте ја!

— Ами тогаш ќе се најде некој друг! — свикав јас.

— Cee n'est pas ça, ce n'est pas ça, — пак прекина Де Грие — que diable! Не, не оставајте ја, туку, барем, посоветувајте ја, засрамете, наговорете ја, тргнете ја... па, најпосле, не оставајте ја да изгуби премногу, отргнете ја некако.

— Ами како да го сторам тоа? Кога вие самите би се нафатиле со тоа m-r Де Грие, — додадов јас колку што можев понаивно.

Во тој миг го забележав брзиот, пламенен, прашален поглед на m-lle Blanche кон Де Грие. На лицето на самиот Де Грие помина нешто особено, нешто отворено, од што тој не можеше да се воздржи.

— Токму во тоа е и работата, што таа сега не би ме прифатила! — свика, откако одмавна со рака Де Грие. — Кога би можело... подоцна...

Де Грие брзо и значително погледна кон m-lle Blanche.

— O, mon cher m-r Alexis, soyez si bon,[1]) — зачекори накај мене со пленувачка насмевка m-lle Blanche, ме фати за обете раце и цврсто ми ги стегна. Ѓавол да го земе! Тоа ѓаволско лице умееше да се измени в миг. Во тој миг нејзиното лице стана толку молбено, токму милозливо, детско насмевнато и дури палаво; на крајот од реченицата таа мангупски ми поднамигна, скришно од сите; се чини, одеднаш сакаше да ме пресече? И не излезе лошо, — само што сепак тоа беше грубо, страшно грубо.

По неа потскокна и генералот, — токму потсокна:

— Алексеј Иванович, простете ми, што јас неодамна започнав онака со вас, јас воопшто не сакав тоа да го речам.. Јас ве молам, ве проколнувам, доземи

[1]) О, мој драги господине Алексис, бидете толку добар.

ви се поклонувам по руски, — единствено вие, единствено вие, можете да нè спасите! Јас и m-lle de Cominges ве проколнуваме, вие разбирате, ами нели вие разбирате? — ме проколнуваше тој, покажувајќи ми со очи накај m-lle Blanche. Тој беше многу беден.

Во тој миг се слушнаа три тивки и учтиви потчукнувања на вратата; отворија, — чукаше слугата од ходникот, а зад него, на неколку чекори, стоеше Потапич. Пратениците беа дојдени од бабата. Им беше нарачано да ме пронајдат и веднаш да ме одведат; „се лутат", — ми соопшти Потапич.

— Но нели сега едвај е уште три и половина!

— Тие не можеа ни да заспијат, постојано се превртуваа, потем станаа? наеднаш, ја побараа фотељата, и испратија по вас. Тие веќе се излезени на влезот . . .

— Queelle mégère![1]) — свика Де Грие.

Навистина, ја најдов бабата веќе кај влезот од хотелот, место не ја држеше од нестрпливост што уште ме нема. Таа не можеше да дотрпи до четирите часот.

— Ајде, кревајте! — викна таа, и ние тргнавме пак на рулет.

XII

Бабата беше нестрплива и раздразнета; беше очевидно дека рулетот цврсто ѝ се беше врежал во главата. Таа не се интересираше за ништо друго и беше воопшто до немајкаде расеана. На пример, таа патем не се распрашуваше за ништо, како изутрината. Кога виде една раскошна кочија, што помина како виор крај нас, таа туку ја поткрена раката и запраша. Што е тоа? Чија е? — но ми се чини не го ни слушна мојот одговор: нејзината замисленост без престан се прекинуваше од остри и нестрпливи помрднувања и подвижувања на телото. Кога јас од-

[1]) Каква лоша пакосница!

далеку, веќе приближувајќи се до станицата, ѝ ги покажав баронот и бароницата Вармерхелм, таа погледна расеано накај нив, и сосем рамнодушно рече: „А!“, и откако брзо им се сврте накај Потапича и Марфа, што чекореа зад нас, им отсече:

— Ами вие, што сте се прикачиле? Па нема секојпат да ве водам со мене! Појдете дома! Доста сте ми и вие, — ми додаде таа мене, — кога тие заваркано ѝ се поклонија и се вратија накај дома.

На станицата веќе ја чекаа бабата. Уште веднаш ѝ го расчистија истото она место, крај крупието. Мене ми се чини дека тие крупиеи, секогаш толку достоинствени, што се заправо обични чиновници, на кои речиси им е апсолутно сеедно, дали банката ќе печали или губи, воопшто не се рамнодушни кон тоа дали банката добива, и, се разбира веќе, добиваат некакви инструкции за привлекување на играчи и за засилено штитење на интересот на казиното, — за кое бездруго и самите добиваат награди и премии. Во секој случај, на бабата веќе гледаа како на жртвичка. Потем, она што го претпоставуваа кај нас, тоа и се случи.

Еве како стана сето тоа:

Бабата направо се втурна на zéro и уште веднаш заповеда да се стави по дванаесет фридрихсдори. Поставивме еднаш, вторпат, третпат — zéro не излегуваше. „Стави, стави!“ — ме туркаше бабата со нестрпливост. Јас ја послушав.

— Колкупати поставивме? — ме запраша најпосле, чкртајќи со забите од нестрпливост.

— Ами веќе дванаесетпати поставивме, бабо. Изгубивме сто и четириесет и четири фридрихсдори. Јас ви велам, бабо, молам, може и довечер . . .

— Молчи! — ме прекина бабата. — Стави на zéro и стави веднаш на црвено илјада гулдени. Еве ти банкнота.

Црвеното излезе, а zéro пак пропадна, ни вратија илјада гулдени.

— Гледаш, гледаш! — шепотеше бабата, — речиси сè што изгубивме си вративме. Стави пак на zéro; ќе поставиме уште десетпати и ќе го витосаме.

Но, петтиот пат на бабата сосем ѝ здодеа.

— Мавни го тоа проклето зериште по ѓаволите. На, стави ги сите четири илјади гулдени на црвено, — заповеда таа.

— Бабо! Многу ќе биде; ако не излезе црвено, — ја преколнував; но бабата за малку речиси ќе ме натепаше. (А впрочем таа толку ме туркаше, што дури можеше да се рече дека речиси ќе ме натепа.) Немаше што да се прави, јас ги поставив на црвено сите четири илјади гулдени што пред малку ги добивме. Колцето се заврте. Бабата седеше спокојно и гордо исправена, не сомневајќи се во тоа дека бездруго ќе добие.

— Zéro, — објави крупието.

Отпрвин бабата не можеше да разбере, но кога виде дека крупието ги забра нејзините четири илјади гулдени, заедно со сите што ги имаше на масата, и разбра дека тој zéro, што толку долго време не излегуваше, и на кој ние изгубивме речиси двесте фридрихсдори, излегол, како нарочно тогаш, кога бабата штотуку го окара и го витоса, уфна и плесна со раце-те, така што се слушна низ целата сала. Наоколу дури се насмеаја.

— Милички! Тој проклетникот токму сега да излезе! — се туфкаше бабата, — тој проклетник, тој никаков! Ти си виновен за тоа! Ти го стори тоа! — безмилосно ми се нафрли таа, туркајќи ме. — Ти ме одврати.

— Бабо, јас ви велев како треба, како можам да одговорам за сите шанси?

— Ќе ти покажам јас тебе шанси! — шепотеше таа топорејќи ми се, — мавни ми се од пред очи.

— Збогум, бабо, — се свртев јас да си одам.

— Алексеј Иванович, Алексеј Иванович, остани! Кај си пошол? Де, што правиш? Глеј го, се лути! Улав! Ајде, постој, постој уште, ајде, не лути ми се, јас сум самата улава! Ајде, кажи, па, што да правиме сега!

— Бабо, јас не се нафаќам да ви кажувам, затоа што после мене ќе ме обвинувате. Играјте сами; заповедајте, јас ќе ги ставам влоговите.

— Де, де! Ајде, стави уште четири илјади гулдени на црвено! Еве го ќесето, земи. — Таа го извади од џебот, и ми го подаде ќесето. — Ајде, земи поскоро, тука има дваесет илјади рубли во готово.

— Бабо, — проронив јас, — толкави влогови...

— Жива да не бидам, тука ќе си повратам. Стави! — Поставивме и изгубивме.

— Стави, стави, стави ги сите осум!

— Не бива бабо, најголемиот влог е четири!

— Па, стави четири!

Овојпат добивме. Бабата се окуражи, „Гледаш — гледаш! — ме затурка таа, — стави пак четири!“

Ставивме — изгубивме; потем пак — и пак изгубивме.

— Бабо, отидоа неврат сите дванаесет, — ѝ соопштив јас.

— Гледам дека отидоа, — рече таа со некакво спокојство на побеснатост, ако можам да речам така; — гледам, миличок, гледам, — мрмореше таа, гледајќи вкочането пред себе и како божем премислувајќи се; — ех жива да не бидам, стави уште четири илјади гулдени.

— Ами нема веќе пари, бабо; тука во ќесето има само наши петопроцентни облигации и уште некакви хартии од вредност, а пари нема.

— А во портмонето?

— Само ситни пари, бабо.

— Има ли тука менувачница? Мене ми рекоа дека сите наши вредносни хартии можат да се разменат, решително запраша бабата.

— О, колку што сакате! Но колку ќе изгубите при менувањето, тоа е... и Евреин да се вџаши!

— Глупости! Ќе се извадам, ќе си вратам! Вози. Викнете ги тие ќутуци!

Јас ја истуркав фотељата, дојдоа носачите, и ние излеговме од станицата. „Поскоро, поскоро! — командуваше бабата. — Покажувај ми го патот, Алексеј Иванович, и сврти од понаблизу... Дали е далеку?“

— На два чекори, бабо.

Но на свиокот од скверот во алејата ја сретнавме сета наша компанија: генералот, Де Грие и m-lle Blanche со нејзината мајчица. Полина Александровна не беше со нив, исто така ниту мистер Астлеј.

— Ајде, ајде, ајде! Не се запирај! — викаше бабата, — па, што ви е? Немам време сега тука со вас!

Јас одев позади; Де Грие ми прискокна.

— Го изгуби сè она од изутрина и уште свои други дванаесет илјади гулдени. Одиме да ги размениме петопроцентните облигации, — му шепнав заваркано.

Де Грие тупна со нога и се втурна да му каже на генералот. Ние продолживме да ја туркаме фотељата со бабата.

— Запрете, запрете! — ми зашепоти генералот не на себеси.

— Ами обидете се да ја запрете, — му шепнав јас.

— Теткичке! — се доближи генералот, — теткичке... ние сега... ние сега... — гласот му трепереше и му се губеше, — ќе земеме под наем коњи и одиме да се прошетаме надвор од градот... Прекрасна глетка... пуант... појдовме да ве поканиме!

— Мавни ми се со тој твој пуант! — раздразнето му одмавна бабата.

— Таму има село... таму ќе пиеме чај... — продолжи генералот, веќе сосем очаен.

— Nous boirons du lait, sur l'heerbe fraiche[1]), — додаде Де Грие со сверска злоба.

Du lait, de l'herbe fraiche, — тоа е сè што го има идеално идилично за парискиот буржуј; во тоа, како што е познато, е содржан сиот негов поглед на „nature et la vérité;“[2])

— Витосај се да се витосаш сосе млекото! Локај сам, — а мене од него стомакот ме боли. Туку што сте ми се натрапиле сите вие?! — свика бабата, — ви велам дека немам време!

— Стасавме, бабо! — свикав јас, — тука сме!

---

[1]) Ќе пиеме млеко на зелена трева.
[2]) Природа и вистинитост.

Ние ја дотуркавме фотељата до куќата во која беше канцеларијата на банкарот. Јас отидов да разменам; бабата остана да чека на влезот; Де Грие, генералот и Blanche стоеја настрана не знаејќи што да прават. Бабата ги погледна гневно, и тие си отидоа по патот накај станицата.

Мене ми понудија толку страшно пресметана размена, што јас не можев да се решам, и се вратив кај бабата да ја запрашам.

— Ах, разбојници! — свика таа откако плесна со рацете. — Туку ништо! — Менувај! — рече таа решително: — почекај, викни ми го кај мене тој банкар!

— Можеби некој од чиновниците, бабо?

— Па нека биде и чиновник, сеедно. Ах, разбојници!

Чиновникот се согласи да излезе кога разбра дека го моли да дојде кај неа стара, саката графица, што не може да оди. Бабата долго, гневно и гласно го прекоруваше за измамништво и се пазареше со него, со смешан руски, француски и германски јазик, при што јас ѝ помогнував со преведување. Сериозниот чиновник нè разгледуваше нас обајцата со мошне внимателно љубопитство; — што веќе стасуваше и до неучтивост; најпосле, тој почна да се насмевнува.

— Ајде, мавни се! — свика бабата. — Да ти се запрат в грло моите пари! Размени кај него, Алексеј Иванович, немаме време, инаку кај друг би требало да отидеме . . .

— Чиновникот вели дека другите би ни дале уште помалку.

Бездруго не се сеќавам добро за тогашното пресметано разменување, но тоа беше страшно. Јас разменив за дванаесет илјади флорини во злато и банкноти, ја зедов сметката и ѝ ги предадов на бабата.

— Ајде! Ајде! Ајде! Нема што да пребројуваме, — замавта таа со рацете, — поскоро, поскоро, поскоро.

— Никогаш веќе нема да се обложувам на тоа проклето zéro а исто така ниту на црвено, — промрмори таа, приближувајќи се до станицата.

Овојпат јас со сите сили се трудев да ѝ сугерирам да постава колку што може помали влогови, убедувајќи ја, дека ако се сврти среќата, секогаш ќе имаме време да поставиме и поголем влог. Но таа беше толку нестрплива, така што иако отпрвин и се согласуваше со тоа, но немаше можност да ја задржувам во време на играта. Штотуку ќе започнеше да добива влогови од десет, дваесет фридрихсдори — „На, ете! гледаш, ете! — започнуваше таа да ме турка, — ами ете, спечаливме, — требаше да ставиме четири илјади наместо десет златници, ќе спечалевме четири илјади, а пак сега што дека? За сè ти си виновен, сал ти!“

И колку да ме обземаше лутина, следејќи ја нејзината игра, јас, најпосле, се решив да молчам и веќе ништо да не ѝ советувам.

Наеднаш дотрча Де Грие. Сите тие тројцата беа во близина до нас; јас забележив дека m-lle Blanche стоеше со својата мајчица настрана и кокетираше со кнезот. Генералот беше очевидно во немилост, речиси отфрлен. Blanche дури не сакаше ни да го погледне, иако тој цимулкаше умилкувајќи ѝ се колку што можеше. Кутриот генерал! Тој бледнееше, се вцрвенуваше, трепереше и веќе дури не ја следеше играта на бабата. Blanche и кнезчето, најпосле си излегоа; генералот се стрча по нив.

— Madame, madame — со меден глас ѝ шепотеше Де Грие на бабата, притиснат до самоти, нејзино уво. — Madame, така не бива да се става... не, не, не е можно... тропаше тој со расипан руски јазик, — не!

— Ами како? Ајде покажи ми! — му се обрна нему бабата. Де Грие наеднаш брзо заломоти нешто на француски, почна да ја советува, се штуткаше, прикажуваше дека треба да се очекува шансата, почна да пресметува некакви бројки... бабата не можеше да разбере ништо. Тој без престан ми се обрнуваше мене за да преведувам; покажуваше со прст на масата, покажуваше; најпосле, зеде молив и почна да пресметува на книжулето. Бабата најпосле изгуби трпение.

— Де, оди си, оди си! Сал глупости мелеш! „Madame, madame!“ — а самиот не се одбира од ништо; оди си!

— Mais, madame, — зацрцоре Де Грие и почна наново да ѝ објаснува и покажува. Веќе до немајакде го беше обзела мака.

— Па, постави едно како што вели тој, — ми заповеда бабата, да видиме: можеби и навистина ќе излезе нешто.

Де Грие сакаше само да ја одбие од големи влогови; тој предлагаше да постава на одделни броеви, поединечно и на групни броеви. Јас поставив по негов совет, по еден фридрихсдор на низа тек бројќи од првите дванасет и по пет фридрихсдори на група бројки од дванаесет до осумнаесет и од осумнаесет до дваесет и четири; поставивме сè на сè шеснаесет фридрихсдори.

Тркалцето се заврте. „Zéro“, — свика крупието. Ние изгубивме сè.

— Ќутук низаеден! — свика бабата, обрнувајќи му се на Де Грие. — Колку гнасно Французинче! Ами што совет ќе ти даде; изродот низаеден! Мавни се, мавни се! Не одбира од ништо, а се турка тука!

Страшно навреден Де Грие си ги поткрена рамениците, ја погледна презриво бабата и си отиде. И нему му стана срам што се замешал, дотолку не можеше да се стрпи.

По еден час, колку и да се препелкавме и мачевме, — изгубивме сè.

— Дома! — викна бабата.

Таа не проговори ниту збор до самата алеја. Во алејата, и веќе доближувајќи се до хотелот, нејзе почнаа да ѝ се откинуваат извици:

— Улава низаедна! Улава низаедна! Ти старо, старо улаво аро!

Штотуку влеговме в одаите: „подајте чај! — свика бабата, — и веднаш пакувајте! Си одиме!“

— Каде, мајчице, сакате да одите? — почна туку Марфа.

— Ами што ти е тебе грижа? Стој си мадро на местото! Потапич, пакувај, сите пљачки. Се враќаме во Москва! Јас петнаесет илјади рубли ги сневратив!

— Петнаесет илјади, мајчице! — Господе! — туку свика Потапич, со умилкувачка јадосаност плесна со рацете, веројатно сметајќи да ѝ се умилка.

— Де, де, улав низаеден! Почна уште да цимолиш! Молчи! Пакувајте! Поскоро сметката, поскоро!

— Најскорешен воз тргнува во девет и половина часот, бабо, — ѝ реков јас за да ја заполтам нејзината распалавеност.

— А сега колку е?

— Седум и половина.

— Уф каква мака! Туку сеедно! Алексеј Иванович, јас немам со себеси ни пара. Еве ти уште две банкноти, претрчај, размени ги и овие, инаку нема со што ни да се патува.

Јас отидов. После половина час, кога се вратив во хотелот, ги затеков сите наши кај бабата. Штом разбраа дека бабата си заминува за Москва, тие беа замелушени, ми се чини уште повеќе одошто со нејзиното загубување на коцка. Да речеме, со заминувањето се спасуваше нејзиниот имот, но, од друга страна, што ќе стане со генералот? Кој ќе му плати на Де Грие? Се разбира, m-lle Blanche нема да чека додека умре бабата, и сега бездруго ќе му ја лишне со кнезчето или со некој друг. Тие стоеја крај неа, ја тешеа и ја наговоруваа. Полина пак ја немаше. Бабата гневно врекаше на нив.

— Мавнете се, ѓаволи! Што ви е грижа на вас? Што ми се натрапува овој јарец со брадана, — викаше таа за Де Грие; — ами тебе, мистрио една, што ти треба? — ѝ се обрна таа на m-lle Blanche. — Што цимолиш?

— Diantre![1]) — прошепоти m-lle Blanche, откако бесно ѝ молснаа очите, но наеднаш се закикоти и излезе.

---

[1]) По ѓаволите!

— Elle vivra cent ans![1]) — му свика таа на генералот, излегувајќи од врата.

— А, ти значи така, сметаш со мојата умирачка? — зајадука бабата, обрнувајќи му се на генералот, — витосај се! Избркај ги сите, Алексеј Иванович! Што ви е грижа на вас? Ако сум сневратила, сум сневратила свои пари, а не ваши!

Генералот си ги поткрена рамениците, се свитка и излезе, Де Грие исто така излезе по него.

— Повикај ја Прасковја, — ѝ заповеда бабата на Марфа.

По пет минути Марфа се врати со Полина. За сето тоа време Полина седеше во својата одаја со децата, и ми се чини, нарочно беше решила сиот тој ден да не излегува. Лицето ѝ беше сериозно, тажно и загрижено.

— Прасковја, — започна бабата, вистина ли е она што неодамна го слушнав, дека божем овој улав, твојот очув, сака да се ожени за онаа глупава вртиопашка, — артистка, што ли е таа, или дури нешто полошо? Кажувај, вистина ли е тоа?

— Јас, бабо не знам сосем точно за тоа, — одговори Полина, — но, според зборовите на самата m-lle Blanche, која не наоѓа за потребно да го таи тоа, можам да заклучам . . .

— Доста! — енергично ја прекина бабата — разбирам сè! Јас секогаш сум мислела дека од него не може да биде нешто инаку, и секогаш сум го сметала за најшут и лекомислен човек. Се напернал дека е генерал, како којзнае што да е, (а беше само полковник, стана генерал со одењето во пензија), па уште ќе се дуе. Јас, миличка, знам за сè, како сте испраќале во Москва телеграма по телеграма, — „дали наскоро, како што се вели бабата ќе ги фрли плочите?“ Очекувавте наследство; ами без пари онаа подла девојка, како ли ја викаа, — De Cominges, така ли е — ни за лакеј нема да го прибере, и тоа уште со наместени заби. Таа, велат, самата има пари, дава

[1]) Ами таа ќе живее сто години!

под лихва, убаво спечалила. Јас, Прасковја, не те обвинувам тебе; не си ги праќала ти телеграмите; пак и не сакам да споменувам за тоа што поминало. Знам, дека крактерчето твое е за никаде — оса! Ќе укасаш, оток веднаш потечува, — туку ми е жал затоа што мајката ти, покојната Катерина, многу ја сакав. Па, сакаш ли? Мавни се оттука и патувај со мене. Ами ти нема кај да се денеш; па и не е прилично за тебе сега со нив. Чекај! — ја прекина бабата Полина, која штотуку да одговори, — јас уште не завршив. Од тебе не барам ништо. Куќата моја во Москва, знаеш и самата, — е дворец; ако сакаш, земи цел кат и ако сакаш и по цели недели не наминувај кај мене, ако не можеш да ми го поднесуваш карактерот! Па, сакаш или не сакаш?

— Дозволете првин да ве прашам: зар вие сакате да си одите веднаш сега?

— Ами да не се шегувам, или што, миличке! Реков дека си заминувам. Јас денеска изгубив петнаесет илјади рубли на вашиот проклет рулет. Јас ветив, во Подмосковје пред пет години да ја изградам со камен една дрвена црква, а наместо тоа парите тука ги сневратив. Сега, миличке, одам црква да правам.

— Ами што со лековитата вода, бабо? Па нели вие дојдовте лековита вода да пиете?

— Уф, витосај се со твоите води? Не јадосувај ме, — Прасковја, барем ти немој? Ти велам, одиш со мене или не?

— Бабо, јас многу, многу ви благодарам, — расчувствувано започна Полина, — за прибирањето, што ми го предлагате. Вие делумно ја погодивте мојата положба. Јас сум ви толку многу признателна, така што, верувајте, ќе дојдам кај вас, можеби дури многу наскоро; а сега има причини... важни... и затоа не можам сега да се решам веднаш, во овој миг. Ако вие останете барем едно две недели...

— Значи, не сакаш?

— Значи, не можам. Освен тоа, во секој случај, јас не можам да ги оставам братот и сестрата, бидејќи... бидејќи... бидејќи навистина, може да се случи

тие да останат како отфрлени, па тогаш... ако ме земете со малечките, бабо, тогаш, се разбира, ќе дојдам кај вас, и верувајте ми, ќе ви се одолжам за тоа! — додаде таа пламено; — а без децата не можам, бабо.

— Де, не цимоли! (Полина не ни мислеше да цимоли, па таа никогаш не ни плачеше), — и за пиленциња та ќе се најде место, собира кокошарникот. Освен тоа нив им е и време за на училиште. Па, тогаш значи не одиш сега со мене! Туку, варди, Прасковја! Јас ти го сакам доброто, туку знам јас зошто не сакаш да дојдеш? Знам јас сè, Прасковја! Нема на добро да ти излезе со тоа Французинче.

Полина пламна. Јас истрпнав. (Сите знаат! Значи, само јас не знам ништо!)

— Де, де, не мурти се. Нема сега да тегавам надолго и нашироко. Само варди, да не ти излезе на лошо, разбираш? Ти си умна девојка; ќе ми биде жал за тебе. Де, доста, не можам сал на вас да гледам! Оди си, збогум!

— Јас, бабо, ќе ве испратам, — рече Полина.

— Не треба; не бави се; па и ми здодеавте сите вие.

Полина ѝ ја бакна раката на бабата, но таа си ја тргна раката и самата ја бакна во образ.

Поминувајќи крај мене Полина ме погледна брзо, и уште веднаш си ги сведна очите.

— Па, збогум и на тебе, Алексеј Иванович! До возот има само уште еден час, па и се измори ти со мене, си мислам. На, земи си ги овие педесет златници.

— Покорно ви благодарам, бабо, но мене ми е срам...

— Де, де; — свика бабата, но толку енергично и топорејќи ми се, што јас не посмеав да одбијам и ги зедов.

— Во Москва, ако се најдеш без работа — дојди кај мене: ќе те препорачам некаде. Ајде, заминувај!

Јас дојдов во својата одаја и легнав на креветот. Лежев, размислував едно половина час на грб, со рацете под главата. Катастрофата веќе настапи, имаше за што

да се размисли. Јас решив утре решително да позборувам со Полина. Така, а! Французинчето? Значи, тогаш, вистина е! Но сепак што можело да има тука? Полина и Де Грие! Господе, кај оди тоа едно со друго!

Сето тоа беше просто неверојатно. Јас наеднаш скокнав како не на себеси, за да одам веднаш да го пронајдам мистер Астлеј, да го натерам по секоја цена да ми каже. Се разбира, и за ова тој знае многу повеќе од мене. Мистер Астлеј? Ете уште една гатанка за мене!

Но наеднаш на мојата врата се слушна потчукнување. Гледам — Потапич.

— Ваша милост, Алексеј Иванович, ве бараат кај госпоѓата!

— Што станало? Заминува ли? До возот има уште дваесет минути.

— Растревожени се, миличок, едвај седат. „Поскоро, поскоро“ — вас то ест ваша милост ве бараат; жив ви господа, не бавете се.

Јас веднаш се стрчав долу. Бабата веќе ја беа изнеле во ходникот. Во рацете држеше ќесе.

— Алексеј Иванович, оди напред, ќе одиме!

— Каде, бабо?

— Жива да не бидам, ама ќе си вратам! Ајде, марш, без распрашување! Па нели таму играат до полноќ.

Јас се збигоросав, се поразмислив, но уште веднаш решив.

— Како што милувате, Антонида Василевна, но јас нема да дојдам.

— Ами зошто? Што треба тоа да значи? Како сите да не сте токму!

— Како што милувате, а јас самиот потем ќе си се прекорувам; не сакам. Не сакам да бидам ниту сведок, ниту соучесник, ослободете ме, Антонида Василевна. Еве ви ги вашите педесет фридрихсдори назад; збогум! — И јас, откако го кладов фишекот со фридрихсдорите веднаш тука на масичето, крај кое се најде фотељата на бабата, се поклонив и излегов.

— Каква глупост! — ми свика по мене бабата, — па и не доаѓај, молам, јас и самата можам да го најдам патот! Потапич, ајде со мене! Де, кревајте, носете!

Јас не го најдов мистер Астлеја и се вратив дома. Доцна, во еденте веќе по полноќ, се научив од Потапича како завршил денот на бабата. Таа изгубила сè, колку што ѝ бев разменил порано, то ест во наши пари, уште десет илјади рубли. Нејзе ѝ се натрапило истото она Полјаче, на кое му беше дала порано два фридрихсдора, и преку сето време ѝ ја водел играта. Отпрвин пред да се натрапа Полјачето, таа го терала да постава Потапич, но наскоро го избркала; токму тогаш и се довлечкало Полјачето. Како за неволја, тој разбирал руски, и дури како-годе ломотел, мешајќи три јазици, така што тие некако сепак можеле да се разберат еден со друг. Преку сето време бабата безмилосно го карала, и иако овој непрестајно „стелилсја под стапки пањски“ но сепак „кај може да се спореди со вас, Алексеј Иванович“, раскажуваше Потапич. „Со вас таа се однесуваше *токму како со господин*, а овој — токму така, со свои очи видов, господ да ме утепа, ако лажам од место да не се помрднам, тука пред неа од масата ѝ крадеше. Таа и самата го фати на двапати и го сосипа со окарувања, и тоа го караше, ваша милост, со секакви зборови, дури еднаш косата му ја истегна, вистина, не лажам, така што наоколу сите се насмеаја. Изгуби, ваша милост сè; сè до пара, сè, онолку колку што ѝ разменивте. Ја донесовме, мајчицата, тука, — само побара да се напие водичка, се прекрсти и се кутна в посетла. Се измачила ли, што ли, туку веднаш заспа. Испрати ѝ господе ангелски соништа! Уф, ете ни ја таа пуста туѓина! — заклучи Потапич, — велев јас дека нема на добро да ни излезе. И што поскоро да си се вратевме во наша Москва! Ами што ли ти нема кај нас дома, во Москва? Градина, цвеќиња, какви што нема тука, миризми, јаболкниците руменеат, ширина, — не: туку ни требаше в туѓина! Уф, — Уф!“

XIII

Еве помина речиси цел месец, а јас да не се допрам до овие мои забелешки, започнати под влијание на впечатоци, иако несредени, но силни. Катастрофата, чие приближување јас го претчувствував, навистина се струполи, но стопати потешко и понеадејно одошто замислував. Сето тоа беше нешто чудно, грдо, и дури трагично, барем со мене. Со мене се случија извесни работи — речиси фантастични; барем јас сè досега гледам така на нив, — иако од друго гледиште, и особено имајќи го во предвид вителот во којшто се вртев јас тогаш, тие не беа ништо друго, туку само сосем необични. Но најчудно за мене беше тоа, како јас самиот се однесував спрема сите тие настани. Сè до денес не се сфаќам себеси! И сето тоа помина како сон, дури и мојата страст, а пак нели таа беше силна и вистинита, — но... што стана сега со неа? Навистина: малку — малку туку одеднаш понекогаш пак ќе ми помине и сега низ умот: „ами јас тогаш да не сум бил побркан и за сето тоа време да не сум седел во некоја лудница, а можеби, и сега се наоѓам во неа, така што сето тоа мене само *ми се сторило* и сè досега само ми се *причинува*...“

Јас ги собрав и ги прочитав моиве ливчиња. (Којзнае, можеби заради тоа за да се уверам да не сум ги пишувал во лудница?) Сега сум сам самичок. Настапува есента, жолтеат лисјата. Седам во ова стуштено гратче (о, колку се стуштени германските гратчиња), и наместо да размислам за претстојниот чекор, живеам под влијание на штотуку одминати чувства, под влијание на свежи сеќавања, под влијание на сиот оној недамнешен виор, што тогаш ме зафати во своето вртење, и пак ме исфрли некаде. Понекогаш мене сè ми се чини дека јас сè уште се вртам во тој виор, и дека ете штотуку за малку само, сега веднаш пак ќе се расфучи таа луња, што ќе ме зафати со едно крајче со своето крило патем, и јас пак ќе испаднам од редот и чувството за мерка, и ќе се развртам, развртам, развртам...

Впрочем, можеби јас и ќе се приберам некако и ќе престанам да се вртам, кога би имало можност да си направам точна сметка за сè она што се случи тој месец. Мене пак ме привлекува кон перото, ами понекогаш и воопшто немам што да правам навечер. Чудна работа, колку за да се зафатам со нешто за да ми помине времето, во овдешнава бедна библиотека ги земам за читање романите на Пол де Кок (на германски превод!), што јас речиси не можам да ги поднесувам, но ги читам и — се чудам самиот на себеси: чиниш се плашам од сериозна книга, или со некоја сериозна работа да не го разурнам волшепството на штотуку минатото. Небаре толку ми се скапоцени тој грд сон и сите останати од него впечатоци, така што дури се страхувам да се допрам до нешто ново, за да не се расее тој сон како чад? Сепак, значи тоа ми е скапо, нели е така? Да, се разбира, ми е скапо; можеби ќе си спомнувам за сето тоа и по четириесет години.

Значи, се нафаќам да пишувам. Впрочем, сега сето тоа може да се раскаже делумно и покусо: впечатоците веќе не се сосем исто онакви . . .

Првин, да завршам со бабата. Утредента таа изгуби сè до последна пара. Така мораше да стане: секој оној, од таквите, штом еднаш попадне на тој пат, — се стркалува како од снежна планина со сања, лета сè побрзо и побрзо. Таа играла сиот ден до осум часот навечер, јас не присуствував на нејзиното играње и знам за него само според раскажувањата.

Потапич дежурал крај неа на станицата цел ден. Полјачињата што ја воделе бабата, тој ден се сменувале неколкупати. Таа започнала со тоа што го избркала вчерашното Полјаче, што таа го скубела за коса, и зела друго, но второто излегло речиси уште полошо. Откако го избркала овој и пак го зела првиот, што не си заминувал и преку сето време откако бил избркан, се штуткал веднаш тука до неа, зад фоте-

лјата, секој час провирајќи си ја накај неа главата; таа најпосле западнала во потполна очаеност. Исто така и второто избркано Полјаче по некоја цена не сакало да си отиде; едниот се наместил од десната страна, другиот од левата. Преку сето време тие се препирале и се карале еден со друг за влоговите и местењата, се наречувале еден со друг „лајдаци“ и слични полски љубезности, потем пак се смирувале, фрлале пари без никаков ред, поставале како ќе им дојде на ум. Кога се искарале, тие поставале секој на своја страна, едниот, на пример, на црвено, а другиот веднаш на црно. Завршило сето тоа така, што тие сосем ја збркале и замелушиле бабата, така што таа, најпосле, речиси со солзи на очите, му се обрнала на старчето крупие, со молба да ја земе во заштита, тој да ги избрка. И навистина нив веднаш ги избркале, и наспроти нивните извикувања и протестирања: тие обајцата одеднаш вревеле и докажувале дека бабата им останала должна, дека таа ги измамила во нешто, постапила со нив нечесно, подло. Кутриот Потапич ми го раскажуваше сето тоа со солзи на очите, истата вечер, после загубата, и се оплакуваше дека тие си ги полнеле џебовите со пари, дека самиот тој видел како тие бесрамно краделе и секој миг си гнетеле во џебовите. Ќе измоли, на пример, од бабата за своето грижење околу неа пет фридрихсдори, и ќе ги постави веднаш на рулетот заедно со влоговите на бабата. Бабата ќе добие, а тој врека дека неговиот влог добил, а бабата изгубила. Кога ги бркале, Потапич пришол и пријавил дека џебовите им се полни со злато. Бабата веднаш го замолила крупието да стори што треба, и колку и да врескале Полјачињата (како две петлиња фатени в рака), но дошла полицијата и веднаш нивните џебови биле испразнети и сето вратено на бабата. Сè додека не изгубила сè до последна пара, сиот тој ден бабата имала кај крупиеите и кај сето станично начелство очевиден авторитет. Малку по малку прикажувањето за неа се раширило низ сиот град. Сите посетители на бањата, од сите нации, обични луѓе и најголемци, се збирале да ја видат „une vieille

contesse russes, tombée en enfance“ која веќе загубила „неколку милиони“.

Но бабата не добила мошне многу од тоа што ја спасиле од двете Полјачиња. Наместо нив, ѝ ги понудил своите услуги некој трет Полјак, кој веќе сосем добро зборувал руски, облечен како џентлмен, иако сепак прилегал на лакеј, со огромни мустаќи и со високомерно држење. Тој исто така велел дека ѝ ги бакнува „стапки паньски“ и „стелилсја под стапки паньски“, но во однос на околните се однесувал напернато, се распоредувал деспотски, — со еден збор, веднаш се поставил не како слуга, туку како стопан на бабата. Секој миг, со секое вртење на рулетот, тој ѝ се обрнувал нејзе и ѝ се колнел со најстрашни клетви дека самиот тој „е хонорови пан“, и дека тој нема да ѝ земе ни копејка од парите на бабата. Тој често ги повторувал тие заколнувања, така што таа сосем се исплашила. Но бидејќи овој пан, навистина, во почетокот како божем да ѝ ја поправил играта, и туку почнал и да добива, и бабата не можела ниту самата да се откачи од него. По еден час, обете поранешни Полјачиња изгонети од станицата, дошле пак до столот на бабата, пак ѝ ги понудиле своите услуги, ако за ништо друго, барем да ѝ се најдат прирака ако нешто побара. Потапич се колнеше во господа дека „хоноровиот пан“ си намигнувал со нив, и дури им предавал нешто в раце. Бидејќи бабата не беше ручала и речиси не слегнувала од фотељата, и навистина едно од Полјачињата се нашло прирака: отрчало веднаш тука во станичниот ресторан, и ѝ донел чаша булјон, а потем и чај. Впрочем, обајцата трчкале. Но на крајот од денот, кога на сите веќе им станало јасно дека таа веќе ја прокоцкува својата последна банкнота, крај нејзината маса стоеле веќе шест Полјачиња, што пред тоа никој ниту ги видел, ниту чул за нив. А кога бабата веќе ги губела и последните монети, сите тие не само што веќе не ја слушале, туку дури не ја ни забележувале, се пентареле право преку неа кон масата, сами ги земале парите, самите се распоредувале и поставувале, се препирале и вревеле, догово-

рувајќи се со чесниот пан како браќа, од иста пола, а чесниот пан речиси дури и заборавил за постоењето на бабата. Дури и тогаш, кога бабата, откако сневратила сè до ронка, се враќала вечерта во осумте часот во хотелот, дури и тогаш тројца или четворица Полјачиња сè уште не ја оставале на мира, и трчале околу фотељата, отстрана, викајќи со цела сила и уверувајќи со брзо зборување дека бабата ги измамила нешто и им останала должна. Така дошле до самиот хотел, од каде најпосле ги исфрлиле со клоца.

Според сметката на Потапич, тој ден бабата изгубила близу деведесет илјади рубли, освен изгубените од неа вчерадента. Сите свои обврзници — од пет проценти, од внатрешни заеми, сите акции што ги имала со себеси, таа ги разменила едноподруго. Јас туку се зачудив како можела таа да издржи сите тие седум или осум часа, седејќи во фотељата и речиси без да се потргне од масата, но Потапич раскажуваше дека таа на трипати навистина, почнувала многу да добива; па понесена наново од надеж, веќе не можела да се тргне. Впрочем, коцкарите знаат како може човек да преседи на едно место цело денонокие играјќи карти, без да си ги тргне очите од десната и левата рака.

Меѓутоа, сиот тој ден, кај нас во хотелот стануваа исто така мошне решавачки работи. Уште предпладнето, пред единаесет часот, кога бабата уште била дома, нашите, то ест генералот и Де Грие, се решиле да преземат последен чекор. Штом разбрале дека бабата не ни мисли да си оди, туку напротив, пошла пак во станицата, тие во целокупен конклав (освен Полина) дошле кај неа да поприкажат со неа конечно, и дури *отворено*. Генералот растреперен и со стисната до замирање душа, имајќи ги во предвид страшните последици за него, дури претерал: после половинчасовни молби и преколнувања, и дури откако отворено ѝ признал сè, то ест за сите долгови, и дури за својата страст спрема m-lle Blanche (тој сосем се збркал), генералот наеднаш почнал да зборува со застрашувачки тон и дури почнал да врека и да тупка со нозете по бабата; ѝ извикувал дека таа го срами

нивното семејство, станал скандал во сиот град, и најпосле... најпосле: „вие го срамите руското име, госпоѓо!“ — викал генералот, — и дека „за тоа постои полиција!“ Најпосле бабата го избркала со стап — (вистински стап.) Генералот и Де Грие тоа претпладне се советувале уште еднаш или двапати, и токму тоа ги интересирало: дали може и навистина, некако да се употреби полицијата? Дека ете, што се вели, несреќна, но почитувана старица, се поместила од умот, ги прокоцкува последните пари и т.н. Со еден збор, не може ли да се издејствува некакво надгледување или забрана? Но Де Грие само си ги кревал раменицте и му се потсмевал в очи на генералот, што веќе сосем се побркал и трчкал напред-назад низ кабинетот. Најпосле, Де Грие одмавнал со рака и се изгубил некаде. Вечерта разбрале дека тој сосем заминал од хотелот, откако пред тоа сосем решително и таинствено се договорил со m-lle Blanche. А што се однесува за m-lle Blanche, таа уште од изутрина ги беше презела конечните мерки: таа сосем го отфрли генералот и дури не го пуштала да ѝ излезе пред очи. Кога генералот се стрчал по неа во станицата, и ја сретнал рака подрака со конезчето, и таа и m-me veuve Cominges се престориле дека не го познаваат. Кнезчето исто така не го поздравило. Сиот тој ден m-lle Blanche го испитувала и обработувала кнезчето, за да се изјасни тој најпосле конечно. Но за жал! Таа жестоко се измами во своите сметки со кнезот! Таа малечка катастрофа стана веќе вечерта; наеднаш се покажа дека кнезот е огул гол како прст, па уште одозгора тој сметал на неа, да земе пари на заем од неа на меница и да поигра на рулет. Blanche со негодување го избркала и се затворила во својата одаја.

Изутрината, истиот тој ден, јас појдов кај мистер Астлеј, или подобро речено, сета изутрина го барав мистер Астлеј, но никако не можев да го пронајдам. Го немаше ниту дома, ниту на станицата, ниту во паркот. Овојпат тој не беше јал во својот хотел. Во петте часот го видов наеднаш како доаѓа од станицата право во хотелот d'Angleterre. Тој брзаше и беше мошне загрижен, иако беше тешко да се познае за-

гриженост или некаква збрканост на неговото лице. Тој радосно ми ја подаде раката, со своето вообичаено извикување: „А“, но не се запре на патот и продолжи прилично заваркано по својот пат. Јас се завлечкав по него; но бидејќи и тој умееше да ми одговора така што никако не стасав ни да го запрашам за нешто. Освен тоа, мене поради нешто ми беше до немајкаде срам да заприкажам за Полина; а самиот тој не запраша за неа ниту збор. Јас му раскажав за бабата; тој ме ислуша внимателно и сериозно, и си ги крена рамениците.

— Таа ќе загуби сè, колку што има, — забележав јас.

— О, да, — одговори тој, — ами таа појде да се коцка уште претпладне, кога јас заминував, па затоа и бездруго знаев дека ќе сневрати сè. Ако најдам време, ќе наминам во станицата да погледнам, бидејќи тоа е интересно.

— Каде бевте, на пат? — викнав, зачудено што досега не го запрашав за тоа.

— Бев во Франкфурт.

— По работа?

— Да, по работа.

Па, што можев друго да го запрашам? Впрочем ја сè уште чекорев крај него, но тој сврте накај хотелот Des quatre saisons, што се наоѓаше патем, ми кимна со глава и се изгуби. Враќајќи се дома, јас малку по малку се досетив дека и кога би зборувал со него и два часа, пак воопшто ништо не би разбрал, затоа што... затоа што немаше за што да го распрашувам! Да, се разбира, тоа е така! На никаков начин јас не би можел сега да го формулирам своето прашање.

Сиот тој ден Полина час се рашетуваше со децата и гледачката во паркот, час седеше дома. Таа одамна веќе го избегнуваше генералот и речиси не прикажуваше со него за ништо, барем за ништо сериозно. Јас одамна го забележив тоа. Но знаејќи во каква положба е денеска генералот, си помислив дека тој не може да помине без да ја побара, то ест не би можело да нема никакви важни семејни објаснувања меѓу нив.

Сепак, кога јас, враќајќи се во хотелот, после разговорот со мистер Астлеј, ја сретнав Полина со децата, на нејзиното лице беше испишано најведро спокојство, како божем сите семејни бури да ја одминале единствено само неа. На моето поздравување таа само ми кимна со глава. Јас се прибрав дома сосем зоврен од лутина.

Се разбира, јас избегнував да прикажувам со неа и ниеднаш не се најдов со неа после случката со Вурмерхелмови. Освен тоа јас донекаде се чепатев, а и се држев наголемо; но колку понатаму одминуваше времето, сè повеќе и повеќе во мене зовираше вистинско негодување. Кога таа дури ни најмалку не би ме сакала, сепак, ми се чини, не може така да гази на моите чувства и да ги пречекува моите признанија со толку пренебрегнување. Ами таа знае дека јас навистина ја сакам; ами таа самата ми допушташе, ми дозволуваше да зборувам така со неа! Навистина, тоа започна меѓу нас до немајкаде чудно. Извесно време, одамна уште, пред два месеца, јас почнав да забележувам дека таа сака да направи од мене свој пријател, доверливо лице, и дека дури донекаде и се обидува за тоа. Но поради нешто тогаш тоа не ми појде одрака; ете наместо тоа и останаа сегашниве чудни односи; поради тоа јас почнав да зборувам така со неа. Но ако нејзе ѝ е гнасна мојата љубов, зошто отворено не ми забрани да зборувам за неа?

Мене не ми забрануваат; дури и самата таа понекогаш ме предизвикуваше на разговор и... се разбира, го свртуваше сето тоа на смеа. Јас токму, знам, јас цврсто го забележив тоа, — нејзе ѝ беше пријатно, откако ќе ме ислушаше и раздразнеше додека не ме заболеше, наеднаш да ме замелуши со некаков истап на најголем презир и неуважување. И нели таа знае, дека јас не можам да живеам без неа. Ете, поминаа веќе три дена од случката со баронот, а јас веќе не можам да ја поднесам нашата *разделба*. Кога јас сега ја сретнав кај станицата, срцето ми затупка толку, така што побледнев. Туку и таа не може да помине без мене! Јас сум ѝ потребен и — зар, зар токму само како оној шут Балакирјов?

Таа има некоја тајна — тоа е јасно. Нејзиниот разговор со бабата до заболување го рани моето срце. Ами јас илјадапати ја повикував да биде искрена со мене, и нели таа знаеше, дека јас навистина сум во состојба главата да си ја дадам за неа. Но таа секогаш се извлекуваше речиси со презир, или наместо да го пожртвувам својот живот, што јас ѝ го нудев, — бараше од мене такви истапи, како случката тогаш со баронот! Зар тоа не е возмутително? Зар оној Французинот за неа е сиот свет? А мистер Астлеј? Но тука веќе работата стануваше сосем неразбирлива, а меѓутоа, господе, колку јас се измачував!

Дојден дома, во избликнагнев, јас го зграбив перото и ѝ го напишав следново:

„Полина Александровна, јас јасно гледам дека дојде разврската, која ќе ве засегне, се разбира, и вас. За последен пат ви повторувам: дали ви е потребен или не мојот живот? Ако ви е потребен, па за *што и да е*, — тој ви е на ваше располагање, а јас засега седам во својата одаја, во секој случај, поголем дел од времето, и никаде нема да отидам. Ако ви биде потребно, — напишете ми или повикајте ме".

Јас го запечатив ова писменце и го испратив по лакејот од ходникот, со заповед да ѝ го даде лично в раце. Одговор не очекував, но по три минути лакејот се врати со известување дека „повелиле да ме поздравам".

Кон седумте часот ме повикаа кај генералот.

Тој беше во својот кабинет облечен чиниш подготвен да оди некаде. Шапката и бастунот му лежеа на диванот. Мене ми се стори, на влегување, дека тој стоеше сред одајата, со расчекорени нозе, со сведната глава, и си зборува нешто гласно сам со себеси. Но штом ме здогледа, — тој просто ми се втурна речиси со викотница, така што јас неволно се стаписав и посакав туку да побегнам; но тој ме фати за обете раце и ме завлече кон диванот; самиот седна на диванот, ме седна мене спроти себе во фотељата и, без да ми ги испушта моите раце од своите, со затреперени усни, со солзи што наеднаш му заблескаа на трепките, со преколнувачки глас проговори:

— Алексеј Иванович, спасете ме, спасете ме, смилувајте ми се!

Јас долго време не можев ништо да разберам; тој постојано зборуваше, зборуваше, зборуваше, и постојано повторуваше: „смилувајте ми се, смилувајте ми се!“ Најпосле јас се досетив дека тој од мене очекува нешто како совет; или подобро речено, отфрлен од сите, во тага и растревоженост, се сетил за мене и ме повикал само колку да има на некого да му зборува, зборува, зборува.

Тој се побрка, барем, во најголема мерка беше изгубен. Тој си ги стегаше рацете и беше готовен да ми падне пред коленишти, за да отидам јас — (што мислите вие?) — веднаш кај m-lle Blanche и да ја замолам, да ја усрамам, да му се врати кај него и да се омажи за него.

— Ами ве молам, генерале, — свикав јас, — па m-lle Blanche, можеби сè досега уште не ме ни забележила? Што можам јас да сторам?

Но беше попусто да му се противречи; тој не разбираше што му се зборува. Се нафаќаше надолго да зборува и за бабата, но дотолку страшо неповрзано; тој сè уште се зафаќаше за мислата да побара помош од полицијата.

— Кај нас, кај нас, — започнуваше тој, зовирајќи одеднаш од негодување, — со еден збор, кај нас, во добро подредена држава, во која има началство, над такви старици веднаш би поставиле старателство! Да, милостиви господине, да, — продолжи тој наеднаш паѓајќи во прекорувачки тон, откако скокна од местото и почна да чекори низ одајата; — вие уште не сте знаеле за тоа, милостиви господине, — му се обрна тој на некој замислен милостив господин во ќошето, — па ете, ќе видите . . . да . . . таквите старици кај нас ги згнетуваат во глувчешка дупка, во глувчешка дупка, во глувчешка дупка, да . . . О ѓавол да го земе!

И тој пак се плусна на диванот, а по миг речиси липајќи, залебнувајќи се, брзаше да ми раскаже, — дека m-lle Blanche токму поради тоа не сака да се омажи за него, бидејќи наместо телеграма дошла са-

мата баба, и дека сега веќе е јасно оти тој нема да добие наследство. Нему му се чинеше дека јас не знам за тоа. Јас туку да заприкажам за Де Грие; тој одмавна со раката:

— Си замина! Сè што имам е заложено кај него во залог; гол сум како пиштол. Оние пари што вие ми ги донесовте... оние — не знам колку има таму, ми се чини останаа седумстотини франци, и толку, тоа е сè на сè, а после — не знам, не знам!

— Ами како ќе платите за хотелот? — свикав јас исплашено, — и... што ќе правите после?

Тој ме погледна замислено, но, ми се чини, не разбра ништо, можеби дури не ме ни слушна. Јас се обидов туку да заприкажам за Полина Александровна, за децата; тој заваркано одговараше: да! да! но уште веднаш пак се зафаќаше да ми прикажува за кнезот, за тоа дека сега Blanche ќе си отиде со него и тогаш... и тогаш — „што да правам Алексеј Иванович? — ми се обрнуваше одеднаш тој мене, — ви се колнам во господа! Ами што да правам, — кажете, нели тоа е неблагодарност! Нели тоа е неблагодарност?“

Најпосле од очите му се истурија реки солзи.

Немаше што да се прави со таков човек; меѓутоа беше опасно да се остави сам; молам, би можело и да се случи нешто со него. Впрочем, се ослободив некако од него, но ѝ реков на гледачката, таа да наминува и нагледува почесто, а освен тоа позборував и со лакејот од ходникот, исто така разбрано човече; овој ми вети од своја страна исто така да варди и нагледува.

Штотуку го оставив генералот, кај мене дојде Потапич со повикување да одам кај бабата. Беше осумте часот и таа штотуку се беше вратила откај станицата после конечното загубување. Јас отидов кај неа; старицата седеше во фотељата, сосем измачена и очевидно болна. Марфа ѝ подаде чаша чај, и речиси со сила ја натера да го испие. И гласот и тонот на бабата многу силно беа изменети.

— Здраво, миличок, Алексеј Иванович, — рече таа полека и достоинствено наведнувајќи си ја главата, — простете ми што уште еднаш ве обеспокоив, простете ми на мене стар човек. Јас синко, сневрати таму сè, речиси сто илјади рубли. Ти вчера беше во право што не појде со мене. Сега сум без ниедна пара, ни грош. Не сакам да чекам ни миг, во девет и половина ќе си заминам. Испратив кај оној твојот Англичанец, Астлеј, така ли се викаше, и сакам да го замолам да ми даде на заем за едно недела дена три илјади франци. Па, те молам, убеди го тој некако да не се премисли па да ме одбие. Пак сум уште, синко, јас прилично имашна. Имам дома уште три села и две куќи. Па и пари ќе се најдат исто, не сум понела сè со себе. Ти го велам ова затоа тој да нема некакво сомневање... А, ами еве го и него! Се виѓава добар човек.

Мистер Астлеј побрза да се одзове на првото повикување од бабата. Без да се премислува и не зборувајќи многу, тој уште веднаш ѝ изброја три илјади франци на меница, која бабата тука ја потпиша. Штом завршија со работата, тој ѝ се поклони, и побрза да си отиде.

— А сега оди си и ти, Алексеј Иванович. Нема повеќе од час и нешто — сакам да си прилегнам, коските ме болат. Не лути ми се на мене, стара улава. Сега веќе нема да ги прекорувам младите поради лекомисленост, па и оној несреќник, вашиот генерал, исто така е грев сега да го обвинувам. Туку сепак нему нема да му дадам пари, како што сака тој, затоа што — како што ми се чини мене, е сосем глупав, туку и јас стара улава, не сум многу поумна од него. Навистина, господ и на стари години си наплатува и ја казнува гордоста. Па, збогум. Марфуша, — крени ме!

Сепак, јас посакав да ја испратам бабата. Освен тоа, јас се наоѓав во некакво исчекување, постојано исчекував, дека еве, штотуку, в миг сега ќе се случи нешто. Не можев да доседам во мојата одаја. Излегував во ходникот, дури за малку излегов да пошетам низ алејата. Моето писмо до неа беше јасно и реши-

телно, а сегашната катастрофа — се разбира веќе е конечна. Во хотелот слушнав за заминувањето на Де Грие. Најпосле, ако таа и ме отфрли мене како пријател, тогаш — можеби нема да ме отфрли како слуга. Ами јас сум ѝ потребен нејзе, па дури ако сака и за трчкање ќе ѝ се најдам прирака, ами како инаку!

Во време на тргнувањето на возот, јас се стрчав на перонот и ја сместив бабата. Тие сите седнаа во посебен семеен вагон. — „Ти благодарам, миличок, за твоето некористољубиво помагање, — се прости таа со мене, — и кажи ѝ на Прасковја за она што ѝ зборував вчера, — јас ќе ја чекам."

Јас си отидов дома. Поминувајќи крај одаите од генералот, ја сретнав гледачката и ја распрашав за генералот. — И, ваша милост, ништо, — одговори таа нажалено. Сепак, јас наминав, но на вратата од кабинетот се запрев сосем вчудоневиден. M-lle Blanche и генералот се кикотеа за нешто со цел глас. Veuve Cominges седеше исто тука на диванот. Генералот беше очевидно поулавен од радост, ломотеше секакви бесмислици и се залебнуваше со долга нервозна смеа, од која сето лице му се туткаше во бескрајно многу брчки, од што очите му се губеа. После јас разбрав од самата Blanche, дека таа, откако го истерала кнезот, и слушнала за плачењето на генералот, намислила да го утеши и наминала на малку кај него. Но кутриот генерал не знаеше дека во тој час неговата судба беше веќе решена и дека Blanche веќе почнала да се подготвува за пат, за да си отиде уште утре, со првиот утрински воз, во Париз.

Откако постојав на прагот од кабинетот на генералот, јас се премислив да влезам и си отидов незабележан. Откако стасав во својата одаја и ја отворив вратата, наеднаш во полутемнината забележив некаква фигура, што седеше на столот во ќошето, крај прозорецот. Таа не стана при моето појавување. Јас брзо влегов, погледнав и — здивот ми се запре: тоа беше Полина.

XIV

Јас просто свикав гласно.

— Што е? Што е? — чудно ме прашуваше таа. Таа беше бледа и гледаше стуштено.

— Ами како што? Вие? Тука, кај мене!

— Јас кога доаѓам, тогаш доаѓам веќе *сега*. Така ми е обичајот. Сега ќе се уверите; запалете ја свеќата.

Јас ја запалив свеќата. Таа стана, дојде до масата, и го кладе на неа пред мене едно отворено писмо.

— Прочитајте, — ми повели таа.

— Тоа, — тоа е пишувано со раката на Де Грие! — свикав јас откако го зграбив писмото. Рацете ми се тресеа и редовите од писмото ми подигруваа пред очите. Јас сум ги заборавил точните изрази во писмото, но еве го, иако не од збор до збор, тоа сепак барем од мисла до мисла.

„Mademoiselle, — пишуваше Де Грие, неповолни околности ме принудуваат неодложно да заминам. Се разбира, вие и самите забележивте дека јас нарочно го избегнував конечното објаснување со вас сè дотогаш, додека не се разјасниј а сите околности. Доаѓањето на старата (de la vieille dame) ваша роднина, и нејзината грда постапка ги прекинаа сите мои недоумици. Моите сопствени работи, што не се сосем како треба, ми забрануваат конечно да потхранувам натамошни сладосни надежи, со кои си дозволував да се занесувам извесно време. Жалам за минатото, но се надевам дека во моето држење нема ништо што вие би го сметале како недостојно за жантилом и чесен човек (gentilhomme et honnêt homme). Откако ги изгубив речиси сите мои пари, давајќи му назаем на вашиот очув, јас се наоѓам во крајна нужда да го искористам она што ми преостанува: јас веќе им нарачав на моите пријатели во Петербург, тие незабавно да се нафатат со распродавањето на имотот што е заложен кај мене; знаејќи, меѓутоа, дека вашиот лекомислен очув ги потрошил вашите сопствени пари, јас решив да му простам педесет илјади франци, и за таа сума му враќам дел од заложниците врз него-

виот имот, така што вие сега имате можност да си вратите сè што сте изгубиле, ако побарате од имотот по судски пат. Се надевам, mademoiselle, дека при сегашната состојба на работите, мојата постапка ќе биде поволна за вас. Се надевам исто така, дека со таа постапка јас сосем ја исполнувам должноста на чесен и благороден човек. Бидете уверени дека во моето срце засекогаш ќе остане врежано сеќавањето за вас."

— Ами што, сето тоа е јасно, — ѝ реков јас, обрнувајќи ѝ се на Полина, — зар сте можеле да очекувате нешто инакво, — додадов јас со негодување.

— Јас не очекував ништо, — одговори таа, навидум спокојно, но нешто чиниш потреперуваше во нејзиниот глас; — јас одамна се бев решила за сè; јас ги читав неговите мисли и разбрав што мисли тој. Тој мислеше дека јас барам... дека јас ќе настојувам... (таа се запре и без да се доискаже, си ја прекаса усната и замолча). Јас нарочно го удвосав својот презир спрема него, — започна таа пак, — јас очекував што ќе стане од него? Ако беше дошла телеграма за наследство, јас ќе му го фрлев долгот на тој идиот (очувот) и ќе го избркав. Тој уште одамна, одамна ми беше омразен. О, тој порано не беше таков човек, илјадапати беше сосем поинаков, а сега, а сега! О, колку би била среќна да можев да му ги фрлам во неговото подло лице тие педесет илјади и да му плукнам... и со нога да ја растријам плуканката!

— Ами хартијата, — онаа заложница што ја вратил тој, на педесет илјади, ами таа е кај генералот? Земете ја и дајте му ја на Де Грие.

— О, не е тоа она! Не е тоа она!

— Да, навистина, навистина, не е тоа истото! Па и за што е сега кадарен генералот? А бабата? — наеднаш свикав јас.

Полина некако расеано и јадосано ме погледна.

— Што има тука бабата? — налутено рече Полина, — јас не можам да одам кај неа... Па и на никого не сакам да му се молам за прошка, — додаде таа раздразнето.

— Па што да се прави! — свикав јас, — и како сте можеле, ами како сте можеле да го сакате Де Грие! О, тој подлец, подлец! Кажете, ако сакате ќе го убијам на двобој! Кај е тој сега!

— Отиде во Франкфурт и ќе престојува таму три дни.

— Кажете сал збор, и јас тргнувам, уште утре, со првиот воз! — реков јас со некаков глупав ентузијазам.

Таа се насмеа.

— Па што, тој, молам, уште ќе рече: вратете ми ги првин педесетте илјади франци. Па и што има да се бие? Колку е тоа глупаво!

— Ами каде, ами каде да се најдат тие педесет илјади франци — повторив јас чкртајќи со забите како божем да беше можно наеднаш да се кренат најдени на подот. — Слушајте: мистер Астлеј? — ја запрашав јас, обрнувајќи ѝ се со никулец на некаква чудна идеја.

Очите ѝ молснаа.

— Ами што, зар *самиот ти* сакаш откај тебе јас да му отидам на тој Англичанец? — рече таа, гледајќи ми во лице со продорен поглед и горчливо насмевнувајќи се. За првпат во животот таа ми рече *ти*.

Ми се чини, во тој миг нејзе умот ѝ се вртеше од возбуда, и наеднаш таа седна на диванот, чиниш снеможена.

Како молскавица да ме тресна; јас стсев и не верував на очите, не им верував на ушите! Ами што, значи таа мене ме сака! Таа дојде *кај мене*, а не кај мистер Астлеј! Таа, девојка, дојде сама кај мене во одајата, во хотел, — значи јавно се искомпромитира, а јас, стојам пред неа и уште не можам да разберам!

Една дива мисла ми блесна во умот.

— Полина! Дај ми само еден час време! Почекај тука само еден час и... ќе се вратам! Тоа... тоа е неопходно! Ќе видиш! Биди тука, биди тука!

И јас истрчав од одајата, без да одговорам на нејзиниот вчудоневиден распрашувачки поглед; таа викна нешто по мене, но јас не се вратив.

Да, понекогаш некоја најчудна мисла, некоја навидум невозможна мисла, толку силно се зацврстува во умот, што најпосле ја приемаш како за нешто остварливо... дури и повеќе: ако идејата се слејува со силна, страсна желба, тогаш, молам, понекогаш ја примаш неа, најпосле, како нешто фатално, неминовно, предодредено од самата судба, како нешто такво што не може а да не се исполни! Можеби, тука во тоа има уште нешто, некаква комбинација на претчувство, некаква вонредна усилба на волјата, самоотровување од сопствената фантазија или уште нешто, — не знам; но таа вечер (што јас никогаш нема да ја заборавам додека сум жив) со мене се случи чудесен настан. Иако тој сосем може да се објасни со обична аритметика, но сепак, тој за мене — останува сè досега не помалку чудесен. И зошто, зошто таа увереност тогаш толку длабоко, цврсто ми заседна во мене, и тоа уште толку одамна? Бездруго јас веќе сум помислувал на тоа, — и повторувам, — не како за случај што може да биде сличен на многу други (а, значи може и да не се случи), туку како за нешто, што никако не може да не се случи!

Беше десет часот и четвртина; влегов во станицата со толку цврста надеж, и истовремено, толку возбуден, како што никогаш дотогаш не сум бил. Во салите за коцкање имаше уште прилично луѓе, иако помалу одошто претпладне.

Во салите за коцкање после десетте часот остануваат вистинските закоравени коцкари, за кои во бањите — постои единствено само рулетот, кои и дошле тука единствено само заради него, кои не забележуваат многу што се случува околу нив, и преку сета сезона воопшто не се интересираат за ништо друго, туку само играат од утро до ноќ и би биле готовни, молам, да се коцкаат и цела ноќ до разденување, кога тоа би било возможно. И тие секогаш јадосано се разотидуваат кога во дванаесетте часот, на полноќ, се затвора рулетот. И кога главниот крупие, пред затворањето на рулетот, околу полноќ објавува: „Les trois derniers coups, messieurs!“[1]), тогаш на тие три последни

[1] (Уште) Трите последни завртувања, господа!

завртувања тие се кадарни да ги стават во влог сите пари, колку што имаат во џебот, — и навистина, токму тогаш и најмногу губат. Јас пријдов на истата онаа маса, каде неодамна седеше бабата. Немаше многу турканица, така што мошне наскоро зафатив место стоејќи крај масата. Право пред мене, на зелената аба, беше напишано зборот: „Passe".

— „Passe" — тоа се низа бројки од деветнаесет до триесет и шест заклучно. Првата редица, од еден до осумнаесет заклучно, се вика „Manque"; но што ми беше грижа мене за тоа? Јас не пресметував, дури не ни слушнав која бројка излетла на последното завртување, и не се ни распрашав за тоа, започнувајќи ја играта, како што би сторил секој играч што води сметка. Јас ги извадив сите мои дваесет фридрихсдори и ги фрлив „Passe" што се наоѓаше пред мене.

— Vingt deux![1]) — свика крупието.

Јас добив и пак го поставив сето: и парите што ги имав и добиените.

— Trente et un[2]), — објави крупието. Пак добивка. Сè на сè значи имав веќе осумдесет фридрихсдори! Јас ги ставив сите осумдесет на дванаесетте средни бројки. (Тројна добивка, но две шанси да изгубам) — тркалцето се сврте и излезе дваесет и четири. Мене ми подадоа три фишеци по педесет фридрихсдори и десет златници; сè на сè, со поранешните, ми се собра двесте фридрихсдори.

Јас бев како во треска, и го кладов сиот тој куп пари на црвено, — и наеднаш се штрекнав! И само еднаш сета таа вечер, во текот на сето играње, студени морници од страв ми поминаа по грбот и ми затреперија рацете и нозете. Со ужас почувствував и во миг разбрав: што би значило сега за мене да изгубам! На коцка беше поставен сиот мој живот!

— Rouge![3]) — викна крупието, — и јас си позедов здив; огнени трпки ми поминаа по сета снага. Ми платија во банкноти; значи имав веќе четири илја-

---

[1]) Дваесет и два.
[2]) Триесет и едно.
[3]) Црвено.

ди флорини и осумдесет фридрихсдори! (Тогаш уште можев да водам сметка.)

Потем, се сеќавам, поставив две илјади флорини пак на дваесетте средни бројки и изгубив: го поставив моето злато и осумдесетте фридрихсдори и изгубив. Ме обзеде бес: ги грабнав последните две илјади флорини што ми останаа, и ги поставив на дваесетте први бројки — онака, на среќа, без премисла, без да сметам! Впрочем, имаше еден миг на исчекување, што можеби прилегаше со чувството што го имав на чувството што го имала m-me Blanchhard, кога во Париз летала со балон кон земјата.

— Quatre — викна крупието. Сè на сè, со поранешниот влог имав пак шест илјади флорини. Јас веќе се сметав за победник, и сега веќе не се плашев од ништо и ги поставив четирите илјади на црно. Десетмина се втурнаа веднаш по мене, да постават исто така на црно. Крупиеите се погледнуваа и си се договараа нешто. Наоколу зборуваа и чекаа.

Излезе црно. Веќе не се сеќавам ниту за сметката, ниту за редот како ги поставав влоговите. Се сеќавам само, како в сон, дека спечалив, ми се чини, шеснаесет илјади флорини; наеднаш, со три несреќни излегувања, изгубив дванаесет од нив; потем ги поставив последните четири илјади на „passe“ (но притоа веќе речиси ништо не чувствував; јас само исчекував; некако механички, без никаква помисла), и пак добив, потем спечалив уште четирипати едноподруго. Си спомнувам само дека собирав пари со илјадници; си спомнувам исто така најчесто излегуваа дванаесетте средни бројки кон кои се приврзав. Тие се појавуваа некакво редовно, — бездруго три-четирипати едноподруго, потем се губеа на двапати и потем пак се враќаа три или четирипати по ред. Ваквата чудна редовност понекогаш се среќава како далги, — и ете токму тоа и ги збркуваа оние играчи што си прават забелешки, што сметаат со молив в рака. И понекогаш колку страшни подбиви од судбата се случуваат тука!

Размислувам дека од моето пристигнување не поминала повеќе од половина час. Наеднаш крупието ме извес-

ти дека сум спечалил триесет илјади флорини, а бидејќи банката не одговара одеднаш за повеќе, значи, рулетот го затвораат до утре. Јас го собрав сето мое злато, го исипав во џебовите, ги собрав сите банкноти, и веднаш преминав на друга маса, во другата сала, кај што имаше друг рулет; по мене се сипа сета грамадница, таму исто така веднаш ми направија место, и јас се втурнав да поставам пак, на среќа, не правејќи сметки. Не можам да разберам што ме спаси!

Впрочем, понекогаш низ умот почнуваше да ми преминува некаква сметка. Јас се приврзував кон некои бројки и веројатности, но наскоро ги оставав и пак поставав онака, речиси не на себеси. Бездруго, бев многу расеан; се сеќавам дека крупиеите неколкупати ме поправаа во играњето. Правев груби грешки. Слепоочниците ми беа залеани в пот, и рацете ми се тресеа. Ми се вовираа и Полјачињата да ми помагаат, но никого не го слушав. Среќата не ми свртуваше грб!

Наеднаш околу мене се крена гласна врева и смеа. „Браво, браво!“ викаа сите, некои дури заплескаа со раце. И тука јас собрав триесет илјади флорина и банката пак ја затворија до утредента.

— Одете си, одете си, — ми шепотеше некој глас оддесно. Тој беше некој франкфуртски Евреин; преку сето време тој стоеше до мене и, ми се чини, понекогаш ми помагаше во играњето.

— Одете си, жив ви господа, — прошепоти друг глас до моето лево уво. Јас згора — згора погледнав. Тоа беше некоја дама, мошне скромно и прилично облечена, на помалку од триесет години, со некакво болезливо — бледо, постанато лице, но од кое и сега се чувствуваше нејзината некогашна чудесна убавина. Во тој миг јас си ги гнетев џебовите со банкноти, што така ги туткав, и го собрав златото останато на масата. Откако го зедов последниот фишек од педесет фридрихсдори, јас стасав сосем незабележано да ѝ го тутнам в рака на младата дама; јас посакав до немајкаде да го сторам тоа тогаш, и нејзините тенки, слабачки

прстиња, се сеќавам, цврсто ми ја стегнаа раката, во знак на најдлабока благодарност. Сето тоа помина в миг.

Откако собрав сè, брзо преминав на trente et quarante.

Kaj trente et quarante седи аристократска публика. Тоа не е рулет, тоа се карти. Тука банката одговара за исплатување до сто илјади талири одеднаш. Најголем влог исто така е читири илјади флорини. Јас воопшто не знаев како се игра и не знаев речиси за никакво друго вложување, освен црвено и црно, што исто така ги имаше тука. Кон нив и се приврзав. Сета станица се награмади околу мене. Не се сеќавам дали во тоа време барем еднаш помислив на Полина. Јас тогаш чувствував некаква несовладлива наслада да ги собирам и прибирам банкнотите што како куп се трупаа пред мене.

Навистина, како самата судбина да ме туркаше. Овојпат, како нарочно, се случи една работа, која впрочем често се повторува при коцкањата. Ќе се закачи, на пример, среќата, кон црвеното, и не го остава десет, дури и петнаесетпати по ред. Јас бев слушнал прекчера, дека минатата седмица црвеното излегло дваесет и двапати едноподруго; такво нешто дури не паметат кога се случило на рулетот, и раскажуваа со чудење. Се разбира, сите веднаш го оставаат црвеното, и веќе после десептати, на пример, речиси веќе никој не се решава да постави на него. Но и на црното, спротивно на црвеното, тогаш никој опитен коцкар нема да постави. Опитен коцкар знае што значи таква „каприциозност на случајот". На пример, сосем наместо би се чинело дека после излегување шеснаесетпати на црвеното, по седумнаесетти пат бездруго ќе излезе црно. На ова се нафрлаат сите новајлии како на солило, удвојуваат и утројуваат влогови, и страшно губат.

Но јас, по некаква чудна своеќудност, откако забележив дека црвеното излегло седумпати по ред, нарочно се закачив за него. Убеден сум дека тука во многу имаше и самољубие; јас сакав да ги вчудоне-

видам гледачите со безумен ризик, и — о, чудно чувство — јасно паметам дека мене одеднаш, навистина, без и да имаше било каков предизвик на самољубието, ме обзеде ужасен копнеж да ризикувам. Можеби, откако мине низ толку чувствувања, душата не се заситува, туку само се раздразнува од нив и бара уште чувствувања, сè повеќе и повеќе, до конечно постанување. И, навистина не лажам, ако правилата на играњето дозволуваа да поставам одеднаш влог од педесет илјади флорини, јас бездруго би ги ставил сите. Наоколу вревеа дека тоа е безумно, дека црвеното излегло веќе четиринаесетпати!

— Monsieur a gagné déjá cent mille florins[1]), — слушнав нечиј глас крај мене.

Одеднаш се сепнав. Како? Таа вечер сум добил сто илјади флорини! Ами зошто ми се повеќе? Јас се нафрлив на банкнотите, ги стуткав в џебот, не броејќи ги, го забрав сето мое злато, сите фишеци, и се стрчав од станицата. Наоколу сите се смееја, кога поминував низ салите, гледајќи на моите надрочени џебови, и на нерамномерниот вртеж од тежината на златото. Мислам дека имаше повеќе од половина пуд. Неколку раце се протегнаа накај мене; јас подавав со грстови, колку ќе се зафатеше. Двајца Евреи ме запреа на излезот.

— Вие сте смел! Вие сте многу смел! — ми рекоа тие, — но уште утре изутрина бездруго заминете си, колку што можете порано, инаку сето тоа ќе го изгубите . . .

Јас не ги слушав. Алејата беше темна, така што не можеше ни прст пред око да се здогледа. До хотелот имаше околу половина врста. Јас никогаш не сум се плашел ниту од крадци, ниту од разбојници, дури ниту кога бев малечок; не мислев за нив ниту сега. Впрочем, не можам да си спомнам за што мислев по патот; ниту имав било каква мисла. Само чувствував некаква страшна наслада — од успех, победа, моќ, не знам како да се изразам. Пред очи ми се привсенуваше и ликот на Полина; јас си спомнував и бев

[1]) Господинот има добиено веќе сто илјади флорини.

свесен дека одам кај неа, дека штотуку ќе се најдам со неа, и ќе ѝ раскажам, ќе ѝ покажам... Но јас веќе едвај и да си спомнував за она што таа пред малку ми го зборуваше и зошто бев пошол, и сите оние недамнешни чувства, што ме беа обзеле пред час и половина, сега ми се чинеа како нешто одамна минато, поправено, застарено, — за што ние веќе нема ни да споменуваме; затоа што сега сè ќе започне одново. Речиси, веќе кон крајот на алејата, наеднаш ме обзеде страв: „Ами што ќе биде ако некој сега ме убие и ограби!“ Со секој чекор мојот страв се удвојуваше. Јас речиси трчав. Наеднаш, на крајот на алејата, одеднаш блесна сиот наш хотел, осветлен со безбројни светлини, — слава богу: стасав!

Јас се стрчав на својот кат и брзо ја отворив вратата. — Полина беше тука и седеше на мојот диван, пред запалена свеќа, со скрстени раце. Таа ме погледна вчудоневидено, и, се разбира, во тој миг јас изгледав прилично чуден. Јас са запрев пред неа и почнав да ги фрлам на масата сите мои пари на куп.

XV

Се сеќавам, таа страшно втренчено се загледа во моето лице, но без да се помрдне од местото, дури без да ја измени стојката.

— Спечалив двесте илјади франци, — свикав јас, исфрлајќи го последниот фишек. Огромниот куп банкноти и фишеци со злато, ја затрупаа сета маса; јас веќе не можев да си ги тргнам од него очите; во одделни мигови и сосем заборавив на Полина. Час започнував да ги средувам тие купишта банкноти, ги редев една врз друга, час, го собирав златото во едно купче, час го оставав сето тоа и започнував со забрзани чекори да чекорам низ одајата, се замислував, потем одеднаш пак се доближував до масата, пак почнував да ги бројам парите. Одеднаш, како дојден на себеси, се втурнав кон вратата и бргу ја заклучив, свртувајќи го двапати клучот. Потем застанав замислен пред моето мало куферче.

— Туку да ги ставам во куферот до утре, нели? — запрашав јас, наеднаш обрнувајќи ѝ се на Полина, и наеднаш се сетив за неа. А таа постојано седеше, без да се помрдне, на истото место, но внимателно следеше што правев. На нејзиното лице имаше некаков чуден израз; не ми се свиде тој израз! Нема да згрешам, ако речам дека во него имаше омраза.

Јас брзо ѝ пријдов.

— Полина, еве ти дваесет и пет илјади флорини, тоа прават педесет илјади франци, дури и повеќе. Земете ги, фрлете му ги утре в лице.

Таа не ми одговори.

— Ако сакате, самиот јас ќе му ги однесам, рано изутрина. Така ли да сторам?

Таа наеднаш се насмеа. Таа долго се смееше.

Јас гледав во неа со чудење и со нажалено чувство. Таа смеа многу прилегаше на нејзината неодамнешна вообичаена подбивна смеа, со која ми се потсмеваше секогаш токму кога јас најстрасно ѝ се изјаснував за мојата љубов. Најпосле, таа престана да се смее и се намутри; ме загледуваше строго напреку.

— Нема да ги земам вашите пари, — ми рече таа презриво.

— Како? Зошто? — свикав јас, — Полина, ами зошто?

— Јас не зимам пари туку така.

— Јас ви ги нудам како пријател; јас својот живот ви го давам за вас.

Таа ме погледна со долг, испитувачки поглед, чиниш сакаше сосем да ме прободе со него.

— Вие давате премногу, — рече таа насмевнувајќи се; — љубовницата на Де Грие не чини педесет илјади франци.

— Полина, како можете да зборувате така со мене! — свикав јас со прекор, — зар јас сум Де Грие?

— Јас ве мразам! Да... да! Јас не ве сакам повеќе од Де Грие, — свика таа, откако молсна со очите.

Тогаш таа си го покри со раце лицето и ја фати хистерија. Јас се втурнав кон неа.

Јас разбрав дека со неа се случило нешто додека не бев тука. Таа чиниш како сосем да не беше на себеси.

— Купи ме! Сакаш? Сакаш? За педесет илјади франци, како Де Грие? — ѝ се откорнуваше од нејзината уста со грчевито плачење. Јас ја прегрнав, ѝ ги бакнував рацете, нозете, паднав на колеици пред неа.

Нејзината хистерија ѝ поминуваше. Таа ми ги кладе обете свои раце на рамениците и внимателно ме загледуваше; се чинеше дека сака да прочита нешто на моето лице. Таа ме слушаше, но се гледаше не го слушнува она што јас ѝ го велев. Некаква грижа и замисленост се појави на нејзиното лице. Јас стрaхував за неа; мене апсолутно ми се чинеше дека таа се поместува од умот. Час одеднаш започнуваше полека да ме привлекува кон себе; доверлива насмевка веќе ѝ се покажуваше на нејзиното лице; и одеднаш таа ме оттурнуваше, и пак започнуваше да ме разгледува со стуштен поглед.

Наеднаш таа се втурна да ме прегрнува.

— Ами ти нели ме сакаш, ме сакаш? — зборуваше таа, — ами ти ами ти, нели... сакаше да се тепаш заради мене со баронот! — и наеднаш таа се раскикоти, — чиниш нешто смешно и милозливо ѝ помина одеднаш низ умот. Таа и плачеше, и се смееше истовремено. Па, што можев да сторам! Самиот јас бев како во треска. Се сеќавам, таа започнуваше да ми прикажува нешто, но јас не бев во состојба речиси ништо да разберам. Тоа беше некакво бладање, некакво шепотење, — чиниш таа сакаше што поскоро да ми раскаже нешто, — бладање, понекогаш прекинувано со највесела смеа, што започнуваше да ме плаши. — Не, не, ти си мил, мил! — повторуваше таа; ти си ми мојот верен сакан! — и таа пак ми ги клаваше своите раце на рамениците, пак се загледуваше во мене и продолжуваше да повторува: ти мене ме сакаш... ме сакаш... ќе ме сакаш секогаш? — Јас не си ги тргнував очите од неа; јас никогаш уште не ја бев видел

во такви настапи на нежност и љубов; навистина, се разбира, тоа беше бладање, но... откако ќе го забележеше мојот страстен поглед, таа наеднаш започнуваше лукаво да се насмевнува; па туку одненадеш како од ведрина, таа наеднаш заприкажа за мистер Астлеј.

Впрочем, таа без престан туку започнуваше да зборува за мистер Астлеј (особено, кога се напрегнуваше, малку пред тоа, да ми раскаже нешто), но што токму, јас не можев сосем добро да разберам; ми се чини, таа дури се подбиваше со него; непрестајно повторуваше, дека тој ја очекува, и дали јас знам дека сега тој бездруго стои под прозорецот? „Да, да, под прозорецот, — ајде отвори, види, тој е тука, тука!". Таа ме туркаше кон прозорецот, но штотуку јас ќе сторев чекор да појдам кон прозорецот, таа се залебнуваше со смеа, и јас останував крај неа, а таа се втурнуваше да ме прегрнува.

— Нели ќе си заминеме? Нели уште утре ќе си заминеме? — ѝ доаѓаше наеднаш тревожна мисла во главата, — па... (и таа се замисли) — па, ќе ја достасаме и баба, што мислиш ти? Мислам бездруго ќе ја достасаме во Берлин. Што мислиш ти, што ќе ни рече кога ќе ја стасаме и кога ќе не здогледа? А мистер Астлеј? Ами, таквиот нема да скокне од Шлангенберг, што мислиш ти? (Таа се закикоти). Туку слушај: знаеш ли кај ќе оди тој налето? Тој сака да оди на Северниот пол, за научни испитувања, и ме повикуваше и мене да одам со него, ха — ха — ха! Тој ми вели, дека ние, Русите, ништо не знаеме, и за ништо не сме кадарни без Европејците... Туку и тој исто така ми ти е добар! Знаеш, тој го оправдува „генералот"; тој вели дека Blanche... дека тоа е страст, — па, не знам, не знам, — наеднаш повтори таа, чиниш се залисала и збркала. — Кутрите тие, колку ми е жал за нив, и за баба... Туку, слушај, слушај, туку, откај пак ти да го убиеш Де Грие? И зар ти мислеше, зар навистина мислеше да го убиеш? О, глупав! Зар можеш да си помислиш дека ќе те оставам да се биеш со Де Грие? Ами ти и баронот

нема да го убиеш, — додаде таа, пак засмејувајќи се одеднаш. — О, колку смешен беше тогаш со баронот; јас ве гледав двајцата од клупата; и колку не ти се сакаше тогаш да одиш, кога те испраќав. Колку се смеев тогаш, колку се смеев тогаш, — додаде таа, кикотејќи се.

И одеднаш таа пак ме бакнуваше и ме прегрнуваше, пак го притискаше страсно и нежно своето лице до моето. Јас веќе не мислев на ништо друго и не слушав ништо, умот ми се сврте . . .

Мислам дека беше околу седумте часот изутрина, кога дојдов на себеси; сонцето блескаше во одајата. Полина седеше крај мене и чудно се обѕираше, како божем излегувајќи од некаква темнина и мачејќи се да се присети за сè. Таа исто така штотуку се беше разбудила и гледаше внимателно на масата и парите. Главата ми беше тешка и ме болеше. Јас туку посакав да ја фатам Полина за раката; таа одеднаш ме турна и скокна од диванот. Денот што се раздени беше стуштен, пред развиделување паѓаше дожд. Таа дојде до прозорецот, го отвори, се наведна со главата и градите надвор и потпрена со рацете, а со лактите на черчемето, поседа така едно три минути, без да се сврти накај мене, и не слушајќи го она што ѝ го прикажував. Мене со страв на ум ми доаѓаше: што ќе стане сега, и со што ќе заврши сево ова? Наеднаш таа се исправи од прозорецот, се доближи до масата, и гледајќи ме со израз на безгранична омраза, со растреперени од злоба усни, ми рече:

— Ајде, дај ми ги сега моите педесет илјади франци?

— Полина, зар пак, зар пак! — туку почнав јас.

— Или се премисли? Ха-ха-ха-ха! Можеби, веќе ти е жал?

Дваесет и петте илјади флорини, што ги изброив уште вчерадента, лежеа на масата; јас ги земав и ѝ ги подадов.

— Ами нели тие сега се мои? Нели е така? Така ли? — злобно ме распрашуваше таа, држејќи ги парите в раце.

— Па тие секогаш и биле твои, — реков јас.

— Па тогаш, еве ти ги на́ твоите педесет илјади франци! — Таа замавна и ми ги бувна парите в лице. Тестото со парите до болка ме бувна в лице и тие се разлетаа по подот. Штом го стори тоа, Полина истрча од одајата.

Знам, се разбира, во тој миг таа не беше на себеси, иако јас не можам да го сфатам таквото привремено умопобркување. Навистина, таа сè уште досега, еден месец потоа, е уште болна. Меѓутоа што било причината за таквата состојба, а главно, за таквиот нејзин истап? Дали навредената гордост? Дали очаеноста поради тоа што се решила дури да дојде кај мене? Дали јас не направив нешто да ѝ се стори дека се перчам со својата среќа и всушност исто токму онака, како и Де Грие, сакам да се избавам од неа, со тоа што ќе ѝ подарам педесет илјади франци? Ами такво нешто не сторив, знам со чиста совест. Мислам, дека за сето тоа делумно беше виновна нејзината суета; суетата ѝ покажа да не ми поверува и да ме навреди, иако сето тоа ѝ било и на самата неа можеби нејасно. Во таков случај, се разбира, таа ми се отплатуваше на мене за Де Грие, и јас станав виновен, можеби, без да имам своја вина. Навистина, сето тоа беше само бладање; вистина е и тоа дека јас знаев оти таа е во треска и . . . не обрнав внимание на таа околност. Можеби, сега таа не може да ми прости за тоа? Да, но така е тоа сега; но тогаш, тогаш? Ами нели не беа дотолку силни нејзиното бладање и болеста, дотолку што таа сосем да се заборави што прави, доаѓајќи кај мене со писмото од Де Грие? Значи, таа знаела што прави.

Јас прекутрупа, заваркано, ги тутнав сите банкноти и сето мое купче злато во постелата, ја покрив и излегов, десетина минути по Полина. Јас бев уверен дека таа отрчала дома, и сакав кроце, тивко да отидам кај нив, и во претсобјето да ја запрашам гледачката како ѝ е на госпоѓицата. Колкава беше мојата збигоросаност, кога од гледачката, што ја сретнав на скала, разбрав дека Полина уште не се вратила дома, и дека гледачката тргнала кај мене да ја бара неа.

— Само пред малку, — ѝ велев јас, — само пред малку си отиде откај мене, нема ни десетина минути оттогаш, кај ли можела да отиде?

Гледачката ме погледна прекорно.

А во меѓувреме беше настаната цела историја, за која сите во хотелот прикажуваа. Во портирницата и кај оберкелнерот си шепотеа дека фројлината изутрина, во шестте часот, истрчала од хотелот по дождот, и отрчала накај Hôtel d' Angleterre. Од нивните зборови и потфрлувања, забележив дека тие веќе знаат оти таа ја поминала сета ноќ во мојата одаја. Впрочем, веќе се прикажуваше за сето семејство на генералот: се разбра, дека генералот вчерадента се побркал и плачел така, што се слушало низ сиот хотел. Притоа прикажуваа, дека дојдената баба била мајка му, која нарочно дошла од Русија, за да му го забрани на својот син бракот со m-lle de Cominges, а за непослушност да го лиши од наследство. И бидејќи тој не сакал да ја послуша, тогаш грофицата, пред негови очи, нарочно ги изгубила на рулет сите свои пари, така што нему да не му остане ништо. „Diese Russen!“ повторуваше оберкелнерот со негодување нишајќи со главата. Другите се смееја. Оберкелнерот ја подготвуваше сметката. Мојата добивка веќе стана позната; Карл, лакејот од мојот ходник, прв ми честита. Но мене не ми беше дојдено до нив. Јас се втурнав кон хотелот d'Angleterre.

Беше уште рано; мистер Астлеј не примаше никого; меѓутоа сепак, штом разбра дека тоа сум јас, излезе во ходникот и застана пред мене, со устремен молкум во мене оловен поглед, и очекуваше, што ќе му речам? Јас го запрашав за Полина.

— Таа е болна, — одговори мистер Астлеј, гледајќи ме без да трепне в очи како порано, и без да си го тргне погледот.

— Значи таа навистина е кај вас?

— О, да, кај мене е.

— Тогаш, како вие... вие мислите да ја држите кај себе?

— О, да, така мислам.

— Мистер Астлеј, тоа ќе предизвика скандал; тоа не смеете да го сторите. Освен тоа, таа е многу болна; вие, можеби, не сте го забележиле тоа?

— О, да, јас го забележив тоа и веќе ви реков дека таа е болна. Ако таа не беше болна, немаше да ја помине ноќта кај вас.

— Значи и за тоа знаете?

— Знам за тоа. Таа пошла вчера ваму, и јас ќе ја одведев кај една моја роднина, но бидејќи таа била болна, згрешила и дошла кај вас.

— Замислете си! Па, ви честитам, мистер Астлеј. Патем, вие ми дадовте идеја: да не стоевте цела ноќ под нашиот прозорец? Цела ноќ мис Полина ме терашe да го отворам прозорецот и да погледнувам, — дали стоите под прозорецот, и страшно се смееше.

— Вистина? Не, јас не стоев под прозорецот; но чекав во ходникот и талкав наоколу.

— Туку таа треба да се лекува, мистер Астлеј.

— О, да јас веќе повикав лекар, и ако таа умре, вие ќе ми одговарата за нејзината смрт.

Јас се вчудоневидов. „Ве молам, мистер Астлеј, што сакате вие од мене?“

— Па нели е вистина дека вчера сте добиле двесте илјади талири?

— Сè на сè само сто илјади флорини.

— Па, ете гледате! Значи, одете си уште денеска претпладне во Париз.

— Зошто?

— Сите Руси, кога имаат пари, одат во Париз, — ми објасни мистер Астлеј, со глас и тон, како божем да ми го чита тоа по книга.

— Што ќе правам јас сега, лете, во Париз? Јас ја сакам, мистер Астлеј! И самите вие го знаете тоа.

— Зар навистина? Јас сум уверен дека не ја сакате. Освен тоа, ако останете тука, вие бездруго ќе изгубите на коцка сè, и нема да ви остане ништо за да можете да отпатувате во Париз. Туку збогум, јас сум цврсто уверен дека вие денеска ќе си заминете во Париз.

— Добро, збогум, само што јас нема да заминам во Париз. Размислете, мистер Астлеј, за тоа што ќе стане сега со нас? Со еден збор, генералот... и сега таа случка со мис Полина, — сето тоа ќе се разгласи низ сиот град.

— Да, ќе се разгласи низ сиот град; а генералот, мислам, не мисли за тоа и не му е дојдено сега за тоа. Освен тоа мис Полина, има потполно право да живее каде сака. А во однос на тоа семејство, со право може да се рече дека тоа семејство веќе не постои.

Јас чекорев и се потсмевнував на чудната увереност на тој Англичанец дека ќе заминам во Париз. „Меѓутоа, тој сака да ме застрела на двобој, — мислев јас, — ако m-lle Полина умре, — ете што би било за приказ!“ Се колнам, мене ми беше жал за Полина, но чудно, — уште од истиот оној миг, кога се допрев вчера до коцкарската маса, и почнав да ги собирам тестињата со пари, — мојата љубов како божем да отстапи на втор план. Тоа го велам сега; но тогаш јас уште не го забележував јасно сето тоа. Зар и навистина јас сум коцкар, зар јас и навистина... толку чудно сум ја сакал Полина? Не, јас ја сакам неа сè досега, жив ми господ! А тогаш, кога излегов од мистер Астлеј, и одев дома, јас искрено страдав, и се обвинував себеси. Но... но тогаш со мене се случи вонредно чудна и глупава работа.

Јас брзав кај генералот, кога одеднаш, близу до нивното живеалиште, се отвори вратата, и некој ме повика. Тоа беше m-lle veuve Cominges и ме беше повикала по заповед на m-lle Blanche. Јас влегов во живеалиштето на m-lle Blanche.

Тие држеа под наем малечко живеалиште, од две одаи. Од спалната допираше смеа и викотница на m-lle Blanche. Таа стануваше од постела.

— A, c'est lui! Viens donc, bêtâ![1]) Дали е вистина, que tu as gagné une montagne d'or et d'argent? J'ai merais mieux l'or.

---

[1]) А, тоа е тој! Дојди ваму, улавче!... дека си спечалил купиште злато и сребро? Јас повеќе го сакам златото.

— Навистина спечалив, — одговорив јас, смеејќи се.

— Колку?

— Сто илјади флорини.

— Bibi, comme tu es bête. Ами влези де ваму, не можам ништо да слушам. Nous ferons bombance, n'est — cee pas?[1])

Јас влегов кај неа. Таа лежеше под розеста атласна покривка, од под која се покажуваа црнулести, јадри, прекрасни раменици, — раменици какви што можат да се видат само во сон, — едвај малку потпокриени со батистена, опшиена со снежно-бели тантели кошула, — што до немајкаде убаво прилегаше со нејзината црномурна кожа.

— Mon fils, as — tu du coeur?[2]) — свика таа, кога ме виде, и се закикоти. Таа секогаш се смееше мошне весело и понекогаш дури искрено.

— Tout autre[3]) . . . — туку започнав јас, парафразирајќи го Корнеј.

— Ете гледаш, vois — tu, заломоти таа наеднаш, — прво, пронајди ми ги чорапите, помогни ми да се обујам, — а второ, si tu n'est pas trop bête, je te prends á Paris.[4]) Знаеш ли, јас сега си заминувам.

— Сега?

— По половина час.

Навистина, сè беше спакувано. Сите куфери и нејзини пљачки беа подготвени. Кафето одамна веќе беше подадено.

— Eh, bien, ако сакаш, tu verras Paris. Dis donc qu'est ce que c'est qu'un outchitel? Tu étais bien bête, quand tu étais outchitel.[5]) Кај ми се чорапите? Ами обувај ме де!

Таа ми го протегна своето навистина восхитувачко ноѓенце, црнулесто, малечко, ни најмалку недеформи-

---

[1]) Виби, толку си глупав . . . Сега ние ќе направиме гоштевка за приказ, нели?

[2]) Сине, мој, имаш ли ти срце?

[3]) Како било кој друг . . .

[4]) Ако ти не си толку глупав, ќе те земам со себе во Париз.

[5]) Па добро, ќе го видиш Париз. Кажи ми, туку, што е тоа учител? Ти си бил глупав штом си бил учител.

рано, како што се речиси сите тие ноќиња што се чинат толку малечки во чевлички. Јас се насмеав и почнав да го навирам врз него свилениот чорап. M-lle Blanche во тоа време седеше на постелата и ломотеше.

— Eh, bien, que feras — tu, si je te prends avec? Второ, je veux cinqante mille francs. Ти ќе ми ги дадеш во Франкфурт. Nous alons à Paris; таму ние ќе живееме заедно et je te ferai voir des étoiles en plein jour.[1]) Ќе видиш такви жени, какви што никогаш не си видел. Слушај . . .

— Почекај, ако јас ти дадам педесет илјади франци, ами што ќе ми остане мене?

— Et cent cinqante mille francs, ти заборави, освен тоа јас се согласувам да живеам во твоето живеалиште, еден месец, два, que sais — je! Се разбира, за два месеца ние ќе ги потрошиме тие сто и педесет илјади франци. Гледаш, je suis bonne enfant и однапред ти кажувам mais tu verras des étoiles.[2])

— Како, сите за два месеца!

— Ами како! Тоа тебе те вцашува? Ah, vil esclave![3]) Ами знаеш ли ти дека само еден месец таков живот е поубав од сето твое постоење. Еден месец — et après le déluge! Mais tu ne peux comprendse, va![4]) Тува мавни се, мавни се, тебе не те бива за тоа! Uf, que fais — tu?[5])

Во тој миг јас ѝ го обував другото ноќе, но не можев да се воздржам и го бакнав. Таа си ја тргна ногата и почна да ме удира со врвот од стопалото по лицето. Најпосле таа ме избрка сосем. „Eh bien, mon outchitel, je t'attends, si tu veux;[6]) по четврт час јас патувам!“ ми свика таа по мене.

---

[1]) Па добро, што ќе правиш ако те поведам во Париз? Второ, јас ти сакам педесет илјади франци. Ќе одиме во Париз . . .
и јас ќе сторам да видиш ѕвезди сред бел ден.

[2]) И сто педесет илјани франци . . . што знам . . . јас сум добро дете . . . но ти ќе видиш ѕвезди . . .

[3]) Ах гнасен робе . . .

[4]) А после ако сака и потоп нека дојде. Туку ти не го сфаќаш тоа!

[5]) Ами што правиш ти?

[6]) Па добро, учителе, јас те чекам, ако сакаш . . .

Вратен дома, јас бев како да ми беше се свртел умот. Ами што, не сум јас виновен што m-lle Полина ми го фрли сето тесто банкноти в лице и уште вчера покажа дека го претпочита мистер Астлеја одошто мене. Некои од испаднатите банкноти уште лежеа по подот; јас ги прибрав. Во тој миг се отвори вратата, и дојде самиот оберкелнер (кој порано не сакаше мене ни да ме погледне), со покана: ако ми е по волја да се преселам долу, во прекрасна просторија, во која дотогаш престојувал грофот В.

Јас постојав, се помислив:

— Сметката! — свикав јас, — си заминувам веднаш, по десет минути. — „Штом во Париз — тогаш во Париз! — си помислив во себеси се гледа дека така ми било пишано!"

И навистина, по четвртина час ние тројцата: јас, m-lle Blanche et m-me veuve Cominges седевме заедно во еден семеен вагон. M-lle Blanche, гледајќи во мене, се кикотеше до хистерично припаѓање. Veuve Cominges ѝ се придружи во тоа; не можам да речам дека мене ми беше весело. Животот ми се прекршуваше на две, но од вчерашниот ден јас веќе навикнав да ставам сè на коцка. Можеби, и вистина беше тоа дека не можев да останам без да ми се сврти умот од добивањето на парите и се побркав. Peut — être, je ne demandais pas mieux.[1]) Мене ми се чинеше, дека за извесно време, — но само привремено, се сменуваат декорациите. — „Но по еден месец ќе се вратам тука и тогаш . . . и тогаш ние уште ќе видиме којшто може, мистер Астлеј!" Не, колку што си спомнувам сега, мене и тогаш ми беше колку што не може повеќе да биде тажно, иако и јас се кикотев колку што ме држи гласот со таа убава Blanche.

— Ами што ти е тебе! Колку си бил глупав! О, колку си бил глупав! — извикуваше Blanche, прекинувајќи ја својата смеа и почнувајќи сериозно да ме кара. — Туку да, туку да, да, ние ќе ги потрошиме твоите двесте илјади франци, но затоа, mais tu seras heureux, comme un petit roi;[2]) јас самата ќе ти ја

[1]) Можеби не барав ништо друго подобро.

[2]) Но ќе бидеш среќен како мало кралче . . .

врзувам врската и ќе те запознаам со Hortense. А кога ќе ги потрошиме сите наши пари, ти ќе дојдеш пак ваму и пак ќе ја обериш до соголување банката. Што ти рекоа Евреите? Главно — е решителноста, а ти имаш решителност, и ти уште не еднаш ќе ми носиш пари во Париз. Quant à moi je veux cinquante mille francs de rente et aeors . . .[1])

— А генералот? — ја запрашав јас неа.

— А генералот, знаеш и самиот, секој ден оди во тоа време да ми земе цвеќе. Овојпат јас нарочно заповедав да најде најретки цвеќиња. Кутриот ќе се врати, а пилето одлетало. Тој ќе, летне по нас, ќе видиш. Ха — ха — ха! Мене ќе ми биде многу мило. Во Париз тој добро ќе ми се најде; за него тука ќе плати мистер Астлеј . . .

И ете токму на таков начин јас заминав тогаш во Париз.

XVI

Што да кажам за Париз? Сето тоа, се разбира, беше и бладање и улавштина. Во Париз поминав само три недели и малку, и за тоа време сосем завршија моите сто илјади франци. Јас зборувам само за стоте илјади; другите сто илјади ѝ ги дадов на m-lle Blanche во готово, педесет илјади во Франкфурт и по три дена, во Париз, ѝ дадов уште педесет илјади франци со меница, за која, впрочем, по една недела таа ми зеде од мене и пари, „et les cent mille francs, qui nous restent, tu les mangeras avec moi mon outhchitel“.[2]) Таа постојано ме викаше учител. Тешко да можам да си замислам нешто попресметливо, поскржаво и поалчно на светов од суштествата слични на m-lle Blanche. Но тоа во однос на своите пари. А што се однесува за моите илјада франци, таа отворено ми кажа потем дека

---

[1]) Што се однесува до мене, јас сакам педесет илјади рента а после . . .

[2]) Другите сто илјади франци што ни остануваат, ќе ги потрошиш со мене, мој учителе.

тие ѝ биле потребни за нејзиното прво подредување во Париз, — „онака што да можам сега еднаш засекогаш да застанам на прилична нога, и сега веќе никој нема да може да ме поттурне, барем така сум си направила план“, — додаде таа. Впрочем, јас речиси не ги видов тие сто илјади; преку сето време таа ги држеше парите, а во моето ќесе, во кое таа самата секој ден подзирнуваше, никогаш не можеа да се соберат повеќе од сто франци, и секогаш речиси не беа ни толку.

— Ами, зошто ти се тебе пари? — понекогаш ми зборуваше таа со најнаивен изглед, и јас не се препирав со неа. Затоа пак, таа со тие пари мошне убаво си го суреди живеалиштето и кога потем ме пресели и мене, покажувајќи ми ги одаите, ми рече: „Еве што со пресметливост и со вкус може да се стори со најмизерни средства“. Тие најмизерни средства претставуваа токму педесет илјади франци. За другите педесет илјади таа си купи кочија, коњи, освен тоа ние дадовме два бала, то ест две вечеринки, на кои беа и Hortense, и Liette, и Cléopâtre, жени, вонредни во многу и многу работи, и кои дури ни најмалку не беа грди. На тие две вечеринки јас бев принуден да ја играм до немајкаде глупавата ролја на домаќин, да ги пречекувам и занимавам збогатените и до немајкаде тупави трговчиња, невозможни во нивното незнаење и бесрамност, разни поручници и бедни авторчиња и новинарски бубалчиња, што дојдоа облечени во модерни фракови, со бледожолти ракавици и со дотолку самољубие и напернатост колку што не може да се замисли дури кај нас во Петербург, — а пак тоа да се рече веќе значи прилично многу. Тие дури намислија да се подбиваат со мене, но јас се напив шампањ и се изгубив во задната одаја. Сè ми бише до немајкаде гнасно. „C'est un outchitel, им прикажуваше за мене Blanche, — il a gagné deux cent mille francs,[1]) и којшто без моја помош не би знаел како да ги потроши. А тој после пак ќе стапи на работа како

[1]) Тој е еден учител, што спечали на коцка двесте илјади франци.

учител; — дали некој знае некое место да бараат учител? Ами треба да се стори нешто за него.“ — За шампањот јас честопати се фаќав, затоа што постојано ми беше многу тажно и до немајкаде здодевно. Живеев во најбуржоаска, во најмеркантилна средина, каде секој су беше пресметан и премерен. Blanche во првите две недели ни најмалку не ме сакаше, и јас го забележав тоа; навистина, таа ме облече како конте, и самата секојдневно ми ја поврзуваше врската, но во својата душа искрено ме презираше. Јас не обрнував ни најмало внимание на тоа. Со тежина на душата и стуштен и натажен, јас почнав да излегувам од дома обично во Château des Fleurs, каде редовно, секоја вечер, се опивав и учев кан-кан (кој толку до немајкаде гнасно го играа), и потем во таа работа дури станав прочуен. Најпосле, Blanche разбра со кого си има работа: таа претходно си беше врзала во крпче на умот, дека јас преку сето време на нашето заедничко живеење ќе се влечкам по неа со молив и книжулче во рака, и постојано ќе сметам, колку таа изгубила, колку украла, колку ќе потроши и уште колку ќе украде? И, се разбира, беше уверена дека меѓу нас ќе стануваат војни за секои десет франци. За секој напад, претпоставен однапред од неа, таа благовремено веќе си беше подготвила изговори; но, кога не виде од мене никакви напади, почна самата да се впушта во расправии. Понекогаш ќе започне вжештено — вжештено, но штом ќе види дека јас си молчам — најчесто протегнат на диванот, и гледајќи неподвижно во таваницата, — дури најпосле и ќе се зачудеше. Отпрвин таа мислеше дека јас сум напросто глупав, „un outchitel“, и просто ги прекинуваше своите објаснувања, веројатно, мислејќи си во себеси: „ами тој е глупав; нема зошто и да го потсетувам, — штом самиот не разбира.“ Се случуваше, ќе излезе, но по десетина минути пак ќе се врати (тоа стануваше во време на нејзините најбесни расфрлања пари, расфрлања што воопшто не одговараа на нашите можности: на пример, таа ги смени коњите и купи други два за шеснаесет илјади франци).

— Ами, значи, ти, Биби, не се лутиш? — ми пријдуваше таа мене.

— Не — не — е! Ми здо-о-де-е-а! ѝ велев јас тргнувајќи ја со рака од себеси, но тоа за неа беше толку интересно, што таа веднаш седна до мене.

— Гледаш, — ако јас се решив да платам толку, тоа беше само затоа што ги продаваа мошне поволно. Може пак да се продадат за дваесет илјади франци.

— Верувам, верувам; коњите се прекрасни и сега ти имаш кочија за приказ; ќе ти се најде, и тогаш доста.

— Значи, ти не се лутиш?

— Ами зошто? Ти умно правиш што си се обезбедуваш со некои пљачки што ти се неопходни. Сето тоа после ќе ти се најде. Јас гледам дека тебе ти е потребно навистина да се поставиш на таква нога; инаку нема да можеш да спечалиш милион. Нашите сто илјади франци во тоа се само почеток, капка в море.

На Blanche, што најмалу очекуваше од мене, такви размислувања (наместо викотница, прекорувања!), — како да ѝ светна пред очите.

— Значи така ти... ете каков си бил ти! Mais tu as l'esprit pour comprendre. Sais — tu, mon garson,[1]) иако си учител — ти требало да се родиш како принц! Значи тебе не ти е жал што парите брзо ни ги снемува?

— Витосај ги, само што поскоро!

— Mais... sais — tu... mais dis donc, зар ти си богат? Mais sais — tu, ами ти и премногу ги презираш парите. Qu'est te que tu feras aprés, dis donc?[2])

— Après.[3]) ќе отидам во Хамбург и ќе добијам на коцка уште сто илјади франци.

— Oui, oui, c'est ça, c'eest magnifique![4]) И јас знам дека ти бездруго ќе спечалиш и ќе ги донесеш ваму.

---

[1]) Ами ти си имал дух за разбирање. Знаеш што, мое момче...

[2]) Но, знаеш... кажи ми... Кажи ми ами што ќе правиш после?

[3]) После...

[4]) Да, да, токму тоа, тоа е прекрасно! Кажи ми...

Dis donc, ами ти ќе сториш така што јас и навистина ќе те засакам. Eh, bien, поради тоа, што ти си таков, јас ќе те сакам сето тоа време и нема да ти направам ниедно неверство. Гледаш, за ова време јас, иако не те сакав, parce que je croyais, que tu n'est qu'un outchitel (quelque chose comme un la quais, n'est — ce pas?), но сепак јас ти бев верна, parce que je suis bonne fille.[1])

— Не, мамиш! Ами со оној Албер, со она црномурно офицерче, зарем не те видов минатиот пат?

— Oh, oh, mais tu es.[2])

— Ајде, мамиш, мамиш; ами што мислиш ти, дека јас се лутам? Многу ми е грижа; il faut que jeunesse se passe.[3]) Ами нема да го избркаш, штом бил пред мене и го сакаш. Само не давај му пари, слушаш?

— Значи ти и за тоа не се лутиш? Mais tu est un vrai philosophe, sais — tu? Un vrai philosophe![4]) — свика таа одушевено. — Eh bien, je t'aimerai, je t'aimerai — tu verras, tu seras content![5])

И навистина, оттогаш таа како божем дури и навистина да се приврза кон мене, дури пријателски, и така поминаа последните наши десет дена. Навистина ветените „ѕвезди“ јас не ги видов, но во извесни односи таа навистина си го одржа зборот. Освен тоа, таа ме запозна со Hortense, која беше дури и повеќе од значителна во својот вид жена и во нашиот круг ја наречуваа Thérèse philosophe...

Впрочем, нема зошто да расправам надолго за тоа; сето тоа би можело да претставува посебна приказна, со особена боја, што јас не сакам да ја сместувам во ова раскажување. Работата беше во тоа, што јас со сите сили сакав што поскоро да заврши сево ова. Но, нашите сто илјади франци достасаа, како што веќе реков, речиси за еден месец, на што јас

---

[1]) Затоа што чинев дека си само еден учител (нешто што прилега на лакеј) нели е така?... затоа што сум добра.

[2]) Ах, ами ти си...

[3]) Младоста треба да го помине своето.

[4]) Вистински филозоф.

[5]) Па добро, јас ќе те сакам — ќе видиш, ќе бидеш задоволен!

искрено се вчудоневидов: барем од осумдесетте илјади, од оние пари, Blanche си накупи секакви работи, и ние не потрошивме повеќе од дваесет илјади франци, — и сепак стасаа. Blanche, која кон крајот беше веќе речиси сосем отворена со мене (барем за некои работи не ме лажеше), ми кажа, дека барем нема да ми останат долгови што таа била принудена да ги направи: — „јас не ти давав да потпишуваш сметки или меници, — ми велеше таа, — затоа што ми беше жал за тебе, а некоја друга бездруго ќе ти го стореше тоа и ќе те згнетеше во затвор. Гледаш, гледаш, колку јас те сакам, ѝ колку сум добра! Колку ќе ме чини само таа ѓаволска свадба!“

Кај нас навистина се направи свадба. Таа стана веќе на самиот крај од нашиот месец и треба да се претпостави, дека за неа отидоа последните остатоци од моите сто илјади франци; со тоа и се заврши работата, то ест со тоа заврши нашиот месец, и јас после тоа формално отидов во пензија.

Тоа се случи вака: една недела после нашето сместување во Париз, пристигна генералот. Тој дојде направо кај Blanche, и уште од првата посета остана кај нас. Вистина, тој имаше некакво свое живеалиште некаде. Blanche го пречека радосно, со пискотници и смеа и дури се втурна да го прегрнува; работата помина така, што веќе самата таа не го пушташе, и тој беше должен секаде да ја придружува: и на прошетки по булеварот, и во возењата, и во театарот, и кога одеа кај познати. Генералот го биваше за ваква употреба, тој беше прилично достоинствен и навидум, — со речиси висок бој, со бојадисани бакенбарди и со мустаќишта (тој порано служеше во кирасирски полк), со убаво лице, иако донекаде потечено. Неговите манири беа прекрасни, тој мошне смасно го носеше фракот. Во Париз тој почна да си ги носи своите ордени. Со таков — да се прошета по булеварите беше не само возможно, туку, ако може да се изразам така, дури *препорачливо*. Кроткиот и не многу умен генерал со сето тоа беше до немајкаде задоволен; тој воопшто не го очекуваше ова, кога дојде кај нас по пристигнувањето во Париз. Тогаш тој дојде, речиси растреперен

од страв; тој мислеше дека Blanche ќе му свика и ќе повели да го избркаат; а после, со такво свртување на нештата, просто го обзеде восхитеност и сиот тој месец се наоѓаше во некаква бесмислено — восхитена состојба; па таков и го оставив. Тука веќе јас подробно разбрав дека после нашето тогашно ненадејно заминување од Рулетенбург, нему му се случило, уште истата изутрина, нешто како побркување. Тој паднал на земја не на себеси, а потем цела недела бил речиси како поулавен и зборувал сам со себеси. Него го лекувале, но наеднаш тој одмавнал сè, се качил на возот, и стасал во Париз. Се разбира, начинот на кој го прими Blanche, се покажа како најдобро лекарство за него, но симптомите на болеста останаа уште долго потоа, и наспроти неговата радосна и восхитена состојба. Тој веќе воопшто не можеше да размислува, или дури само да води било каков малку од малку сериозен разговор; во таков случај тој само велеше кон секој збор: „Хм!“ и кимаше со главата, — и тоа беше сè што можеше да се чуе од него. Честопати тој се смееше, но со некаква нервозна, болна смеа, чиниш залебнувајќи се; другипати, седи со цели часови стуштен, како ноќ, со намуртени густи веѓи. За многу нешта тој воопшто дури не си ни спомнуваше: стана до немајкаде расеан и се здоби со навика да си прикажува сам со себеси. Единствено само Blanche можеше да го живне; па и припадоците на стуштено, мрачно настроение, кога тој се завлекуваше в ќоше, значеа само тоа дека одамна не ја видел Blanche, или дека Blanche отишла некаде без да го земе него со себеси, или, на заминување не го поѓалила. Притоа тој никогаш немаше самиот да каже што сака, па и самиот не знаеше дека е стуштен и нажален. Откако ќе поседеше еден час или два (јас го забележав тоа на двапати, кога Blanche одеше на цел ден, веројатно кај Алберта), тој наеднаш ќе почнеше да се обзира, да се штутка, да се загледува, да се мачи да си спомни за нешто и како божем да сака да го најде некого; но не видувајќи никого и без да може да си спомни, ни за што сакал да запраша, тој пак паѓаше во

зачмаеност сè додека одеднаш не дојдеше Blanche, весела, пргава, раскошно облечена, со својата звонлива смеа, таа се стрчуваше накај него, почнуваше да го задева, и дури го бакнуваше, со што, впрочем ретко го почестуваше. Еднаш генералот дотолку ѝ се зарадува, што дури заплака, — јас се зачудив.

Blanche, уште од самото неговото доаѓање кај нас почна веднаш да се застапува за него кај мене. Таа се впушташе дури во красноречивост; ми напомнуваше дека таа го изневерила генералот поради мене, дека таа речиси му била веќе свршеница, му дала збор; дека тој заради неа го зафрлил семејството и дека, најпосле, јас сум работел кај него и сум должен да го чувствувам тоа, и дека — како да не ми е срам... Јас постојано молчев, а таа страшно ломотеше. Најпосле јас се насмеав и со тоа заврши работата, то ест отпрвин таа помисли дека јас сум улав, а на крајот се запре на помислата дека јас сум многу добар човек и наместо. Со еден збор, на крајот јас ја имав среќата сосем да се здобијам со потполната наклонетост на таа достојна девица (Blanche, впрочем, и навистина беше многу добра девојка — само на свој начин, се разбира; јас отпрвин не ја ценев така толку). — „Ти си умен и добар човек, ми велеше таа на крај, и... и... за жалење е само — што си толку улав! Ти никогаш нема да можеш ништо, сосем ништо да спечалиш!“

„Un vrai Russe, un Calmouk!“[1]) — таа неколкупати ме испраќаше да го рашетувам надвор генералот, токму како со лакејот да го испраќа на прошетка, своето кутре. Впрочем, јас го водев в театар и Bal-Mabile, и во ресторани. Blanche ми даваше затоа и пари, иако и генералот имаше свои пари, и тој многу милуваше пред луѓе да го вади ќесето. Еднаш бев принуден речиси да употребам сила за да не го оставам да купи брош од седумстотини франци, што му западна за око на Пале-Ројал, и кој сакаше по секоја цена да ѝ го подари на Blanche. Туку, што можеше да прет-

[1]) Вистински Русин, Калмик!

ставува за неа брош од седумстотини франци? Ами генералот имаше сè на сè не повеќе од илјада франци. Јас никогаш не можев да разберам од каде му дошле. Претпоставувам, од мистер Астлеј, дотолку повеќе што овој плати за нив и во хотелот. А што се однесува за тоа што мислеше генералот за сето тоа време за мене, ми се чини дека тој дури не се ни досетуваше за моите односи со Blanche. Иако тој беше слушнал некако нејасно, дека сум спечалил голема пара, но бездруго сметаше дека јас сум на служба кај Blanche како некаков домашен секретар, или дури, можеби, слуга. Барем, тој мене ми зборуваше секогаш одвисоко, како порано, началнички, и дури понекогаш се впушташе да ме прекорува и кара. Еднаш тој до немајкаде нè насмеа и мене, и Blanche, дома, изутрина, кога пиевме кафе. Тој беше човек што воопшто не се навредува лесно; а тогаш одеднаш се навреди од мене, поради што? — сè досега не знам. Но, се разбира, и самиот тој не знаеше. Со еден збор, тој зафати да прикажува без почеток и крај, à bâtons-rompus[1]) вревеше, дека јас сум лапе, дека тој ќе ме научи убаво ... дека ќе ми покаже ... и така натаму. Но никој не можеше ништо да разбере. Blanche се залебнуваше од кикотница; најпосле некако го заполтија, и го одведоа на прошетка. Впрочем, многупати забележив дека му стануваше тажно, му беше жал за некој и за нешто, некој му недостасуваше, и наспроти дури присуството на Blanche. Во таквите мигови самиот тој се впушташе едно двапати да заприкаже со мене, но никогаш не можеше како што треба да објасни, си спомнуваше за службата, за покојната жена, за стопанството, за имотот. Ќе се закачи на некој збор — и ќе му се зарадува и го повторува по стопати во денот, иако тој воопшто не ги изразува ниту неговите чувства ниту неговите мисли. Јас се обидов да заприкажам со него за неговите деца; но тој се извлекуваше со поранешното заваркано зборување и преминуваше поскоро на друга тема: „Да, да! децата — децата, вие сте во право, децата!“ Еднаш само тој се

[1]) Не поврзано, од едно — на десето.

расчувствува, — ние тогаш одевме со него во театар: „Тие се несреќни деца! — заприкажа тој наеднаш, — да, господине, да, тие се несреќни деца!“ И потем неколкупати таа вечер ги повторуваше зборовите: „Несреќни деца!“ Кога еднаш јас заприкажав за Полина, тој западна дури во бес: „Таа е неблагодарна жена, — извикна тој, — таа е лоша и неблагодарна! Таа фрли леќе на семејството! Кога тука би имало закони, јас би ја згнел неа во рог! Да, да!“ А што се однесува до Де Грие, тој не можеше дури ни името да му го слушне: „Тој ме погуби мене, — велеше тој, — тој ме ограби, тој ме закла! Тој беше мој кошмар во текот на цели две години! Цели месеци едноподруго го гледав него на сон! Тоа — тоа е, тоа е... О, не зборувајте ми никогаш за него!“

Јас видов дека тој и таа нешто ја нагласуваат, но по свој обичај си молчев. Blanche, ми кажа прва: тоа стана токму една недела пред да се разделиме: — „Il a du change,[1]) — ми ломотеше таа: — babouchka сега веќе навистина е болна и бездруго ќе умре. Мистер Астлеј испрати телеграма; ќе се согласиш дека тој сепак е нејзин наследник. А дури и кога не би наследил ништо, тој нема да ми пречи ништо. Прво, тој си има своја пензија, а второ, ќе живее во своето одајче настрана, и ќе биде сосем среќен. Јас ќе бидам „madame la générale“.[2]) Ќе влезам во високо општество (Blanche постојано мечтаеше за тоа), после ќе станам руска земјопоседничка, „j'aurai nu château, des moujiks, et, puis j'aurai toujours mon milion“.[3])

— Убаво, туку ако почне да љубомори, почне да бара... Господ знае што, ти разбираш?

— О, не, non, non, non! Откај ќе посмее! Јас презедов мерки не грижи се. Јас го натерав веќе да потпише неколку меници на име на Алберта. А туку нешто — и веднаш ќе биде казнет; па, нема ни да посмее!

Ами тогаш, мажи се...

---

[1]) Има пари.

[2]) Госпоѓа генералка.

[3]) Ќе имам свој дворец, мужици, и најпосле, ќе си го имам секогаш својот милион.

Свадбата ја направија без многу врева, семејно и тивко. Беа поканети Албер и уште неколцина поблиски. Hortense, Cléopâtre и слично на нив беа решително отстранети. На генералот до немајкаде му се свиде неговата положба на младоженец. Blanche самата му ја поврза врската, самата го намачка со помада, и во својот фрак и во бело елече тој изгледаше très comme il faut.[1])

— Il est pourtant très comme il faut, — ми рече самата Blanche, излегувајќи од одајата на генералот, чиниш самата мисли дека генералот е très comme il faut, и самата неа да ја вчудоневидела. Јас толку малку навлегував во подробностите, учествувајќи во сето тоа во својство на сосем незаинтересиран гледач, така што многу нешта и сум заборавил како помина тоа. Се сеќавам само оти се покажа дека Blanche излезе дека воопшто не е de Cominges, исто како што и мајка ѝ — воопшто не е veuve Cominges — туку du Placet. Зашто дотогаш тие биле de Cominges — не знам. Но генералот и од тоа остана многу задоволен, и du Placet дури му се свиде повеќе одошто de Cominges. На денот на свадбата тој уште од изутрина сосем облечен, постојано чекореше напред-назад низ салонот, и постојано си повторуваше за себе со до немајкаде сериозен и достоинствен изглед: „M-lle Blanche du Placet! Blanche du Placet, du Placet! Девица Бланка Ду — Пласет!“ и некакво самозадоволство му светкаше на лицето. Во црквата, во општината и дома, за време на закуската, тој беше не само радосен и задоволен, туку и горд. Со нив обајцата се случи нешто особено. Дури и Blanche почна да се држи со некакво особено достоинство.

— Сега јас треба сосем инаку да се однесувам, — ми рече таа до немајкаде сериозно; — mais vois — tu, ами јас не ни помислив за една до немајкаде гнасна работа: замисли, јас сè досега не можам да си го научам мојот сегашен прекар: Загорјански, Загорјански, m-me la générale de Sago-Sago, ces diables des noms

---

[1]) Сосем како треба, како што прилега.

russes, enfin madame la générale a quatorze consonnes! Comme c'est agreable, n'est ce pas?[1])

Најпосле, ние се разделивме, и Balnche, таа глупава Blanche, дури се насолзи, збогувајќи се со мене. — „Tu étais bon enfant,— ми зборуваше таа цимолејќи. — Je te croyais bête et tu en avais l'air,[2]) туку тебе тоа многу ти прилега". И откако веќе конечно ми ја стегна раката, таа наеднаш свика: „Attends!",[3]) летна во својот будуар и по една минутка ми донесе две банкноти од по илјада франци. Јас во ова не би можел да поверувам никако! „Ќе ти се најдат, ти, можеби си многу учен outchitel, но ти си страшно глупав човек. Никако не ти давам повеќе од две илјади, затоа што ти — сеедно ионака ќе ги изгубиш на коцка. Па, збогум! Nous serons toujours bons amis, а ако спечалиш пак, бездруго дојди кај мене, et tu seras heureux!"[4])

Самиот јас имав, што ми беа останале, уште петстотини франци, освен тоа, имав прекрасен часовник од илјада франци, брилијантски петлици и слично, така што можеше да си поминам прилично долго време без да се грижам за ништо. Јас нарочно заседнав во ова гратче, да се поприберам, а главно, го чекам мистер Астлеј. Јас токму разбрав дека тој ќе намине тука и ќе остане по работа еден ден. Ќе разберам за сè... а потем, потем право во Хомбург. Во Рулетенбург нема да одам, освен можеби догодина. Навистина, велат, лош знак е да се обиде среќата двапати едноподруго крај иста маса за коцкање, во Хомбург е токму вистинска игра.

---

[1]) Туку гледаш... госпоѓа генералка де Саго — Саго... тие ѓаволски руски имиња, туку најпосле, госпоѓа генералка со четиринаесет согласки. Колку е тоа убаво, нели?

[2]) Ти беше добро момче... јас чинев дека си улав и ти изгледаше така.

[3]) Причекај!

[4]) Ќе останеме секогаш добри пријатели... и ќе бидеш среќен.

XVII

Еве поминаа веќе година и осум месеци, како не сум ни погледнал во овие записи, и сега дури, само, од мака и жал, намислив да се разонодам и случајно пак ги прочитав. Значи на тоа се бев запрел тогаш, дека ќе отпатувам во Хомбург. Господе! Со колку лесно срце, земено релативно, ги напишав тогаш тие последни редови.! То ест не да се рече со лесно срце, — туку со колкава самоувереност, со какви непоколебливи надежи? Дали барем за ронка се сомневав тогаш во себеси? И еве веќе поминаа повеќе од година и половина. И јас, по мое мислење, сум стасал до каде и каде полошо, одошто питач! Туку што е питачот! Не ми е мака за бедата! Јас просто се погубив себеси! Впрочем, нема со што да се споредувам, па и нема зошто да си чатам поуки! Не може да има ништо погрдо од морализирање во ваков вид! О, самозадоволни луѓе: со колку гордо самозадоволство се кадарни тие плампала да ги искажуваат своите сентенции! Кога тие би знаеле до колкав степен самиот јас ја сфаќам сета гнасност на мојава сегашна состојба, тогаш, се разбира, не би можел јазикот да им се помрдне да ме поучуваат. Пак и што, што ново можат да ми кажат тие на мене, што јас не го знам? И зар во тоа е работата? Тука работата е во тоа што — сал едно свртување на тркалцето и сè ќе се промени, и самите тие исти моралисти први ќе дојдат (јас сум уверен во тоа) со пријателски закачки да ми честитаат. И тогаш нема сите да се свртуваат од мене, како сега. Туку што ми е грижа за сите нив! Што сум јас сега? Zéro. Што можам да бидам утре? Утре можам да воскреснам од мртвите и да започнам наново да живеам! Можам да го најдам човекот во себеси, додека не згинал уште сосем.

Навистина, јас тогаш тргнав за Хомбург, но... бев после и пак во Рулетенбург, бев и во Спа, бев дури и во Баден, каде одев како камердинер на советникот Гинце, никаквец и некогашен мој тукашен господин. Да, бев лакеј, цели пет месеци! Тоа се случи веднаш после излегувањето од затвор. (Ами јас просе-

дев и во затворот во Рулетенбург заради еден тукашен долг. Плати за мене некој непознат човек, — кој ли беше тоа? Мистер Астлеј? Полина? Не знам, но долгот беше исплатен, сè на сè двесте талири, и јас бев пуштен на слобода.) Каде да се денам? И јас стапив на служба кај Гинце. Тој беше млад и ветерничав човек, милуваше да денгуби, а јас умеам да зборувам и пишувам на три јазици. Отпрвин кај него стапив на служба како своевиден секретар, за триесет гулдени месечно; но завршив кај него како вистински лакеј: снемал пари да држи секретар, и тој ми ја намали платата, а јас немаше каде да одам, па останав — и на таков начин самиот се претворив во лакеј. Додека служев кај него не си дојадував и бев гладен и жеден, но затоа насобрав за петте месеци седумдесет гулдени. Еднаш, навечер, во Баден јас му кажав дека сакам да се разделам со него; истата таа вечер отидов на рулет. О, колку силно ми биеше срцето! Не, не ми беа толку главно парите! Тогаш — јас само сакав уште утре сите тие Гинцевци, сите тие оберкелнери, сите тие прекрасни баденски дами, — сите тие утре да прикажуваат за мене, да ја раскажуваат мојата историја, да се восхитуваат од мене, да ме фалат и да се клањаат пред мојата нова добивка. Сето тоа се детски мечтаења и грижи, но... којзнае: можеби, би се сретнал и со Полина, јас би ѝ раскажал, и таа би видела дека јас стојам над сите тие грди потчукнувања од судбината... О, не ми е за парите! Јас сум уверен дека пак ќе ги сневратев за некоја Blanche и пак ќе се возев едно три недели низ Париз со двојка свои коњи, од шеснаесет илјади франци. Ами јас точно знам дека не сум скржавец; јас дури мислам дека сум растурник, — а меѓутоа сепак, со колку страотен трепет, со какво замирање на срцето го слушам гласот на крупието: trente et un, rouge, impair et passe, или: quatre, noir, pair et manque. Со колкава алчност гледам на масата за коцкање, по која се расфрлени, лујдори, фридрихсдори и талири, на столпчињата злато, кога тие се исипуваат од лопатчето на крупието во блескотни, како жарје, купчиња, или на долгите по цел аршин столбови сребро, наредени околу тркалце-

то. Уште доближувајќи се до салата за играње, две одаи пред неа, штотуку ќе го наслушнам тропкањето на парите што се пресипуваат, — просто ме фаќаат грчови.

О, онаа вечер, кога јас ги понесов моите седумдесет гулдени кај масата за коцкање, беше исто така прекрасна. Јас започнав со десет гулдени и пак со passe. Имам предрасуда спрема passe. Изгубив. Ми останаа шеесет гулдени во сребро; се помислив — и му дадов претпочитање на zéro. Почнав одеднаш да поставам за zéro по пет гулдени; на третото излегување наеднаш излегува zéro; за малку речиси да умрам од радост, кога добив сто седумдесет и пет гулдени; кога добив сто илјади гулдени не се радував толку како сега. Уште веднаш поставив сто гулдени на rouge, — излезе, сите двесте на rouge — излезе; сите четиристотини на noir — излезе; сите осумстотини на manque — излезе; сметајќи со парите што ги имав, ми се насобраа илјада седумстотини гуледни, и тоа за помалку од пет минути! Да, во таквите мигови заборавиш за сите поранешни неуспеси! Ами јас го добив тоа ризикувајќи нешто повеќе одошто самиот живот, се решив да ризикувам и — ете пак можам да речам дека станав човек.

Зедов под наем одаја, се затворив, и до трите часот седев и си ги броев своите пари. Изутрината се разбудив веќе не како лакеј. Решив уште истиот ден да отпатувам во Хомбург: таму не сум служел лакеј и не сум бил затворен во затвор. Половина час пред поаѓање на возот отидов да поставам уште двапати, не повеќе, и изгубив илјада и петстотини флорини. Сепак, отпатував во Хомбург, и еве има веќе месец дена како сум тука . . .

Се разбира, живеам во постојана тревога, играм на најситни влогови и сал исчекувам нешто, пресметувам, по цели денови стојам крај масата за коцкање и ја *набљудувам* играта, дури насоне сонувам игра, — но при сето тоа ми се чини како божем да сум се вкочанил, како божем да сум потонал во некаква тиња. Ова го заклучувам според впечатокот што го имав при среќавањето со мистер Астлеј. Ние

не се бевме виделе уште од она време, и се сретнавме случајно; еве како стана тоа. Јас се шетав низ паркот, и си пресметував дека сега сум речиси без пари, но дека имам уште педесет гулдени, — освен тоа во хотелот, кај држам одајче, јас завчера сосем ја исплатив сметката. Значи, ми останува можност сега само еднаш да отидам на рулет, — ако добијам барем колку-годе, ќе можам да продолжам да играм, — ако изгубам — ќе морам пак да одам да служам лакеј, во случај да не можам сега да најдам некои Руси на кои би им бил потребен учител. Обземен од таа мисла, јас појдов, како и секој ден, да се прошетам низ паркот, и преку паркот, во соседното кнежевство. Понекогаш јас така изврвував по четири часа и се враќав во Хомбург, изморен и гладен. Штотуку излегов од градината во паркот, кога одеднаш го здогледав на една клупа мистер Астлеј. Тој прв ме забележа и ме повика. Седнав до нгео. Откако забележив нешто значително во неговото држање, јас уште веднаш ја заполтив својата радост; инаку до немајкаде му се израдував.

— Значи, вие сте тука! Така и си мислев, дека ќе ве сретнам тука, — ми рече тој мене. — Немојте да се беспокоите да ми раскажувате, јас знам, јас знам сè; познат ми е сиот ваш живот во текот на овие година и осум месеци.

— Глеј ти! Ете како вие се интересирате за стари пријатели! — одговорив јас. — Тоа ви прави чест, што не заборавате... Сепак, почекајте, вие ме наведовте на една мисла: вие ли ме откупивте од Рулетенбургскиот затвор, кај бев затворен поради долг од двесте гулдени· Ме откупи некој непознат.

— Не, о не; јас не сум ве откупувал од Рулетенбургскиот затвор, кај сте биле затворени за долг од двесте гулдени, но јас знаев дека сте биле затворени во затвор поради долг од двесте гулдени.

— Значи, сепак знаете кој ме откупил?

— О, не, не можам да речам дека знам кој ве откупил.

— Чудна работа: на нашите Руси јас не сум им познат на никој, туку Русите тука, молам, нема ни да откупат; тоа кај нас таму во Русија, православни ги откупуваат православните. Јас така и си мислев, дека ме откупил некој чудак Англичанец, поради настраност.

Мистер Астлеј ме слушаше со извесна зачуденост. Ми се чини тој мислеше дека ќе ме види стуштен и јадосан.

— Сепак мене ми е многу мило што веќе гледам дека сосем сте ја запазиле сета независност на вашиот дух, па дури и веселост, — ми рече тој со мошне непријатен изглед.

— То ест, внатре во себеси, вриете од лутина што не сум стуштен и понижен, — му реков јас смеејќи се.

Тој не ме разбра добро веднаш, но штом ме разбра ми се насмевна.

— Мене ми се допаѓаат вашите забележувања. Во тие зборови јас го препознавам мојот поранешен, умен, дамнешен, восхитен и истовремено циничен пријател; единствено само Русите можат истовремено да имаат во себеси толку спротивности. Навистина, човекот милува да го види својот најдобар пријател понижен пред себе; врз понижување и се засновува во најголем дел пријателството; и тоа е стара, позната на сите умни луѓе вистина. Но, во овој случај, јас ве уверувам дека, искрено ми е мило што вие не сте јадосан. Кажете, имате ли намера да го витосате коцкањето?

— О, ѓавол да го земе! Уште веднаш ќе го витосам, туку само . . .

— Туку само сега да можете да добиете уште еднаш? Така и си мислев; немојте да се доискажувате — знам, — вие го рековте тоа не сакајќи, значи, ја кажавте вистината. Кажете, освен за коцкањето, вие за ништо друго не се интересирате?

— Да, за ништо друго . . .

Тој почна да ме испитува. Јас не знаев ништо и речиси не ни погледнував во весниците, и за сето тоа време, воопшто не бев прелистал ниедна книга.

— Вие сте се вкочаниле, — забележа тој, — вие не само што сте се откажале од животот, од своите и од општествените интереси, од должноста на граѓанинот и човекот, од своите пријатели, (а вие сепак имавте пријатели), — вие не само што сте се откажале од било каква цел, освен добивањето на коцка, — вие сте се откажале дури и од своите сеќавања. Јас се сеќавам за вас, кога бевте во пламенен и силен час од вашиот живот; но сум уверен дека вие сте ги заборавиле сите ваши тогашни најубави впечатоци; вашите мечти, сегашни, вашите насушни желби, не одат понатаму од pair i impair, rouge, noir, дванаесетте средни, и така натаму, и така натаму, уверен сум во тоа!

— Достатно, мистер Астлеј, ве молам, ве молам, не споменувајте ми, — свикав јас налутено и речиси со злоба, — треба да знаете дека воопшто ништо не сум заборавил; но јас само за извесно време сум го исфрлил сето тоа од главата, дури и сеќавањата, — сè дотогаш, кога ќе можам радикално да ги поправам моите околности: а тогаш . . . тогаш вие ќе видите, јас ќе воскреснам од мртвите!

— Вие ќе бидете тука и после десет години, — ми рече тој. — Ви предлагам да се обложиме, дека јас ќе ви напомнам за тоа, ако бидам жив, еве на истава оваа клупа.

— Туку, доста, — го прекинав јас со нестрпливост, — да ви докажам дека не го заборавам минатото, дозволете да ве прашам каде е сега мис Полина? Ако вие не сте ме откупиле, тогаш тоа бездруго го сторила таа. Јас уште од она време немам чуено ништо за неа.

— Не, о, не! Не мислам дека таа ве откупила. Таа сега е во Швајцарија. И вие ќе ми сторите големо задоволство, ако престанете да ме прашувате за мис Полина, — рече тој решително, и дури налутено.

— Тоа значи, дека таа и вас мошне сериозно ве ранила! — се насмевнав јас неволно.

— Мис Полина — е најдоброто суштество од сите најдостојни за почитување суштества, но ви повторувам, вие ќе ми сторите големо задоволство, ако прес-

танете да прашувате за мис Полина. Вие не сте ја познавале никогаш, и изговарањето на нејзиното име од вашата уста јас го сметам за навредување на моето морално чувство.

— Ами така значи! Впрочем, вие не сте во право; ами за што би имале ние да прикажуваме, освен за тоа, размислете и сами? Па, токму во тоа и се состојат сите наши секавања. Впрочем, не грижете се, мене воопшто не ме интересираат вашите внатрешни, секретни работи... Јас само се интересирам, така да се рече за надворешната положба на мис Полина, единствено само за нејзините сегашни надворешни околности. Тоа можете да ми го кажете и со два збора.

— Повелете, само под услов со тие два збора да заврши сè. Мис Полина долго време беше болна: таа и сега е болна; таа живееше извесно време со мајка ми и сестра ми, во северна Англија. Пред половина година баба ѝ, — се секавате, онаа улава жена, ѝ остави наследство лично нејзино седум илјади фунти. Мис Полина сега патува заедно со семејството на сестра ми, што се омажи. Нејзиното братче и нејзиното сестриче исто така се обезбедени со наследство и одат на училиште во Лондон. Нејзиниот очув, генералот, умре пред месец дена во Париз од капка. M-lle Blanche со него се однесуваше добро, но успеа да го префрли на свое име сè она што го доби од бабата... Ете, тоа би било, би рекол, сè.

— А, Де Грие? И тој да не патува низ Швајцарија?

— Не, Де Грие не патува низ Швајцарија, и не знам каде е сега; освен тоа, еднаш засекогаш ве предупредувам да ги оставите таквите алузии и неблагородни споредби, инаку бездруго ќе си имате работа со мене.

— Навистина! И покрај сите поранешни пријателски односи.

— Да, и покрај сите поранешни пријателски односи.

— Илјадапати ве молам, да ми простите мистер Астлеј, но дозволете, во тоа нема ништо навредливо

и недостојно; јас не ја обвинувам за ништо мис Полина. Освен тоа, Французин и Руска госпоѓица, ние обајцата не сме дораснати да решаваме една таква воопшто земена комбинација, ниту пак сме кадарни сосем да ја разбереме.

— Ако нема да го спомнувате името на Де Грие заедно со другото име, тогаш ве молам да ми објасните што сакате да кажете со зборовите „Французин“ и „руска госпоѓица?“ Каква е таа „комбинација“? Зошто се тука токму Французин и бездруго руска госпоѓица?

— Ете, гледате, веќе ве заинтересира! Туку тоа е и премногу широка работа, мистер Астлеј. За тоа треба човек претходно да знае за многу нешто. Впрочем, ова прашање е значително, колку и да се чини на прв поглед смешно? Французинот, мистер Астлеј, е завршена, убава форма. Вие, како Англичанец, можеби и нема да се согласите со тоа; ниту јас, како Русин, не се согласувам со тоа. Но, ако зборуваме право, тоа е поради завидување; нашите госпоѓици можат да имаат сосем поинакво мислење. Вие, можете да сметате дека Расин е неприроден, престорен, напарфимиран; за верување вие нема ни да го читате. И јас сметам дека тој е неприроден, престорен и напарфимиран, и од извесно гледиште, дури е и смешен; но тој е привлечен, мистер Астлеј, и, што е главно, тој е голем поет, без обзир на тоа дали ние го восприемаме или не го восприемаме тоа. Националниот лик на Французинот, потокму на Парижанецот почна да се формира во фина форма уште додека ние бевме како мечки. Револуцијата одеше зад дворјанството. Сега и она најбедно Французинче, може да има однесување, држење, изрази, па дури и мисли со префинета форма, без да учествува во таа форма ниту по своја иницијатива, ниту со душата, ниту со срцето; сето тоа тој напросто го наследил. Меѓутоа, земени сами по себе, тие Французи можат да бидат толку празни и толку подли, што не може ни да се замисли нешто попразно и поподло. А јас, мистер Астлеј, ќе ви речам дека на сиот свет нема подоверливо и поискрено суштество, одошто е добра, умна, не премногу престорена руска госпоѓица. Е па сега, нека само се појави

некој Де Грие во било каква ролја, па ако сака и маскиран, тој може да го освои срцето на таа госпоѓица без ни најмалку мака; тој има префинета форма мистер Астлеј, госпоѓицата ја восприема таа форма небаре тоа е неговата душа, како природна форма на неговата душа и неговото срце, а не како руво што го добил во наследство . . . Принуден сум да ви кажам, за ваше најголемо незадоволство, дека Англичаните, во огромно мнозинство, се несмасни и прости, а Русите имаат прилично развиено чувство за убавина, и многу се стрвни за неа. Но, за распознавање на убавината на душата и оригиналноста на човекот — за тоа е потребно неспоредливо повеќе самостојност и слобода, одошто ја има кај нашите жени, дотолку повеќе кај госпоѓиците, — и во секој случај барем многу повеќе опит. А на мис Полина, — простете, она што ќе се изрече не се враќа, — и е потребно многу, многу долго време за да може да се реши да ве претпочита вас пред никаквецот Де Грие. Таа и ќе ве оцени високо, ќе ви стане ваш пријател, ќе ви го открие сето свое срце; но во тоа срце сепак ќе господствува омразниот никаквец, гнасниот и дробнав лихвар Де Грие. Тоа дури ќе остане, така да се каже, единствено поради тврдокорност и самољубие, затоа што токму таквиот Де Грие, некогаш ѝ се претставил со ореол на великолепен маркиз, разочаран либерал и којшто божем пропаднал помагајќи му на нејзиното семејство и на лекомисленият генерал. А сите тие итроштини се откриле отпосле. Туку не е ништо тоа што се отъ виле: таа сепак сака да ѝ го дадете и сега нејзиниот поранешен Де Грие, — ете што ѝ треба нејзе! И колку повеќе го мрази сега таа сегашниот Де Грие, толку повеќе тагува за поранешниот, иако поранешниот постоел единствено само во нејзината фантазија. Вие сте фабрикант на шеќер нели, мистер Астлеј?

— Да, јас учествувам во компанијата на познатата фабрика за шеќер Ловел и комп.

— Па, ете гледате, мистер Астлеј. Од една страна фабрикант на шеќер, а од друга — Аполон Белведерски; сето тоа некако тешко се поврзува. А јас дури не сум ниту фабрикант на шеќер, јас сум напросто

ситен коцкар на рулет, и дури бев и лакеј, што бездруго веќе ѝ е познато на мис Полина, затоа што таа, како што ми се чини, има добра полиција.

— Вие напросто сте озлобени, па затоа и ја зборувате сета таа штогодерштина, — ладнокрвно и откако помисли малку рече мистер Астлеј. — Освен тоа, во вашите зборови нема оригиналност.

— Се согласувам! Но токму во тоа е и страотноста, мој благороден пријателе, што сите тие мои обвинувања, колку и да се застарени, колку и да се долни, колку и да се водвилски, — туку сепак се вистинити! Па така обајцата ние не постигаме ништо!

— Тоа се гнасни бесмислици... затоа, затоа... да знаете! — рече мистер Астлеј со растреперен глас и молскајќи со очите, — да знаете, неблагодарно и недостојно, ситно и несреќно човече, — дека јас дојдов во Хомбург нарочно по порака од неа, за да ве видам, за да зборувам со вас долго и срдечно, и да ѝ пренесем сè, — вашите чувства, мисли, надежи и... сеќавања!

Зар тоа е вистина? Зар тоа е вистина? — свикав јас и солзи како порој ми се исипаа од очите. Јас не можев да ги воздржам, и тоа беше, ми се чини, за првпат во мојот живот.

— Да, несреќен човече, таа ве сакаше вас, и јас можам да ви го откријам тоа, затоа што вие сте — загубен човек! Дури и повеќе, ако јас ви речам дури дека таа досе а сè уште ве сака, — па и тогаш — вие сепак нели ќе останете тука! Да, вие се погубивте себеси. Вие имавте извесни способности, жив карактер, и не бевте лош човек; вие можевте дури да ѝ бидете полезни на вашата татковина, која има толку потреба од луѓе, но — вие ќе останете тука, и вашиот живот е завршен. Јас не ве обвинувам. Според мое мислење, сите Руси се такви или се наклонети да бидат такви. Ако не биде рулетот, ќе се најде нешто друго, слично на тоа. Исклучоците се мошне ретки. Не сте вие првиот што не разбира што е тоа труд (притоа не го велам тоа за вашиот народ). Рулетот — е првенствено руска игра. Досега вие бевте чесен, и

поскоро посакавте да отидете да служите како лакеј одошто да крадете... Но мене ми е страотно и да помислам што може да стане в иднина. Достатно, збогум! Се разбира, вие имате нужда од пари? Еве ви од мене десет лујдори, не ви давам повеќе, затоа што вие ионака ќе ги изгубите на коцка. Земете ги и збогум! Земете де!

— Не, не, мистер Астлеј, сега после сево ова што беше речено...

— Зе-ме-те! — свика тој. — Јас сум уверен дека вие сте уште благороден, и ви ги давам, како што може вистински пријател да му даде на пријател. Кога би можел да бидам уверен дека вие веднаш ќе го витосате коцкањето, Хомбург, и ќе отпатувате во вашата татковина, — би бил спремен веднаш да ви дадам илјада фунти за започнување на нова кариера. Но јас, токму затоа не ви давам илјада фунти, туку ви давам само десет лујдори, — за вас денес е сосем едно исто; ионака, ионака — ќе ги прокоцкате. Земете и збогум.

— Ќе ги земам, ако ми дозволите на разделба да ве прегрнам.

— О, тоа може со задоволство!

Ние искрено се прегрнавме, и мистер Астлеј си замина.

Не, тој не е во право! Ако јас бев остер и глупав во однос на Полина и Де Грие, тој беше остер и пребрз во однос на Русите. Не велам ништо за себеси. Впрочем... впрочем, сега тоа засега не е она: сето тоа се само зборови, зборови и зборови, а се потребни дела! Сега тука е најглавно Швајцарија! Уште утре, — о, кога би било можно да тргнам уште утре! Наново да се преродам, да воскреснам. Треба да им докажам... Нека знае Полина, дека јас уште можам да бидам човек. Треба само... А сега, впрочем, е доцна, — но утре... о, имам претчувство, и тоа не може да биде инаку! Јас имам петнаесет лујдори, а сум започнувал и само со петнаесет гулдени! Ако започнам претпазливо... — и зар, зар јас сум токму како такво дете! Зар јас не сфаќам дека сум загубен човек

Но, ами зошто не би можел да воскреснам. Да! Достатно е само барем еднаш во животот да бидам пресметлив и стрплив и — тоа е сè! Достатно е само барем еднаш да покажам цврстина на карактерот, и можам за еден миг да ја изменам сета судба! Главното е — карактерот. Кога ќе се сетам само што стана со мене пред седум месеци во Рулетенбург, пред моето конечно губење до ронка. О, тоа беше вонреден случај на решителност: тогаш јас изгубив на коцка, сè, сè до ронка... Излегувам од станицата, гледам — во џебот од елечето има уште еден глуден: „А, значи ќе има со што да јадам!“ — помислив јас, но, откако изврвев стотина чекори, се премислив и се вратив. Јас го поставив тој гулден на manque (овојпат беше на manque), и навистина, има нешто особено во чувството, кога така сам, во туѓина, далеку од татковината, без пријатели, и не знаејќи што ќе јадеш денеска, го поставаш последниот гулден, најпоследниот единствен гулден! Јас спечалив и по дваесет минути излегов од станицата, со сто седумдесет гулдени в џеб. Тоа е факт! Ете што може да значи понекогаш последниот гулден! А што ќе беше ако тогаш сосем се обескуражев, ако не се решев да ризикувам?

Утре, туре, ќе заврши сè!

1867

СЕЛОТО СТЕПАНЧИКОВО

ПРВ ДЕЛ

I

УВОД

Вујко ми, полковникот Егор Илич Ростањев, откако мина во резерва, се пресели во наследеното село Степанчиково и почна да живее во него како цел век да бил тамошен поседник што не се помрднувал од својот имот. Има луѓе што се апсолутно со сè задоволни и на сè се навикнуваат; токму таква беше природата на полковникот во резерва. Тешко е да се замисли човек што би бил посмирен и повеќе би се согласувал на сè и сешто. Ако некому му паднеше на ум сериозно да го замоли некого да понесе на грб две-три врсти[1]), тој веројатно би го понел: беше толку добар што понекогаш беше готов да даде апсолутно сè на првата молба и да ја подели последната кошула со првиот што тоа ќе го посакаше. Имаше јуначка надворешност: беше висок и имаше убава става, румени образи, заби бели како слонова коска, долги темно-руси мустаќи, силен ѕвонлив глас и искрено врвливо смеење; зборуваше отсечно и брзо. Тогаш имаше околу четириесет години и целиот свој живот, речиси од шеснаесеттата година, го мина во коњицата. Се ожени многу млад, лудо ја сакаше својата жена; но таа умре, оставајќи во неговото срце неизбришлив, благодарен спомен. Најпосле, откако го наследи се-

[1]) Мера за должина (1066 метри). — Прев.

лото Степанчиково, со што неговиот имот се зголеми на шестотини души, тој ја напушти службата, и како што веќе рековме, се насели во селото со своите деца: осумгодишниот Иљуша (чие раѓање го палти со животот неговата мајка) и постарата ќерка Сашењка, девојче од петнаесетина години кое по мајчината смрт се воспитуваше во еден пансион во Москва. Но набрзо и вујковата куќа почна да прилега на Ноевиот ковчег. Еве како се случи тоа:

Во времето кога го доби наследството и поднесе оставка, овдове неговата мајка, генералицата Крахоткина, која се беше премажила за генералот пред шеснаесетина години, кога вујко ми беше уште заставник, ама, всушност веќе и самиот беше намислил да се жени. Мајка му долго време не му даваше благослов за женење, таа пролеваше горчливи солзи, го караше за егоизмот, неблагодарноста, непочитувањето; докажуваше дека неговиот имот од двесте и педесет души и без тоа одвај е доволен за издржување на неговото семејство (т.е. за издржување на неговата мајка, со целиот нејзин штаб од бадијалции, кученца, кинески мачки и друго) и сред тие карања, префрлувања и квичења, наеднаш, сосем неочекувано, пред женењето на синот, и самата таа се омажи кога имаше четириесет и две години. Се разбира и тука најде повод да го обвини мојот сиромав вујко, тврдејќи дека се мажи само за да има каде да ја засолни главата на стари години, што ѝ го скратуваше нејзиниот неблагодарен себичник, нејзиниот син, што си дозволи непростлива дрскост: да основе свој дом.

Никогаш не можев да ја разберам вистинската причина што го навела таквиот, очигледно разумен човек каков што беше покојниот генерал Крахоткин, на тој брак со четириесетидвегодишната вдовица. Треба да се претпостави дека тој кај неа насетувал пари. Други мислеа дека, просто, му е потребна негувателка, зашто уште тогаш го претчувствувал целиот оној рој од болести што потоа го обзеде во неговите стари години. Едно е сигурно, а тоа е дека генералот ни најмалку не ја почитувал својата жена додека живеел со неа и дека тој пакосно ѝ се подбивал во секоја по-

годна прилика. Тој бил чуден човек. Полуобразован, ни малку глуп, тој презирал сè и секого, немал никакви принципи, му се подбивал на сè и на сите, а на старост, поради болестите што беа последица на не баш уредниот и исправниот живот, станал зол, раздразлив и немилосрден. Во службата имал среќа; меѓутоа, поради еден „непријатен случај“ тој морал под многу неповолни услови да си поднесе оставка, одвај одбегнувајќи го судот и останувајќи без пензија. Поради тоа, сосем стана лош. Речиси без никакви средства, имајќи стотина осиромашени мужици, тој ги скрсти рацете и целиот свој живот, полни дванаесет години, никогаш не се праша од што живее, кој го издржува; а бараше животни удобности, не ги ограничуваше трошоците, држеше кола. Набрзо го изневерија неговите нозе и последните десет години ги преседе во удобни фотелји кои, според потребата, ги туркаа двајца огромни лакеи што никогаш од него не беа чуле ништо друго освен разни пцуења. Колата, лакеите и фотелјите ги издржуваше неблагодарниот син, испраќајќи ѝ ја на мајка си последната пара, заложувајќи и презаложувајќи го имотот, откажувајќи се од најнужното, запаѓајќи во долгови кои, според тогашната негова состојба, за малку не ќе можеше да ги врати, а сепак назимот себичник и неблагодарен син му остана неизменет. Но вујко ми имаше таков карактер што најпосле и самиот поверува дека е себичник и поради тоа, за да се казни себеси и за да не биде себичник, испраќаше сè повеќе и повеќе пари. Генералицата го обожуваше својот маж. Впрочем, нејзе најмногу ѝ се допаѓаше тоа што е тоі генерал, а таа, според него, генералица.

Таа заземаше половина од куќата и тука, за сето време на полуживотот од мажот, таа царуваше во друштво на бадијалции, градски трчилажи и натрапници. Во своето гратче таа беше важна личност. Сплетките, поканите за крштавање и свадбените кумувања, преферансот по една копејка и општото почитување заради нејзиното генералство, ѝ беа добра награда за домашните грижи. Кај неа доаѓаа грдаските озборувачки со новости; секогаш и насекаде нејзе ѝ припа-

ѓаше првото место — со еден збор од своето генералство таа извлече сè што можеше да се извлече. Генералот во тоа не се мешаше; но затоа пред светот безобзирно ѝ се подбиваше, си задаваше себеси, на пример, вакви прашања: зошто се оженив со „таква поскурдика?“ — и никој не смееше да му противречи. Малку по малку го напуштија сите познати, а нему, меѓутоа, друштвото му беше многу потребно: тој сакаше да разговара, да се расправа, сакаше пред него секогаш да седи слушател. Беше слободник и атеист од стар ков и затоа сакаше да расправа за високоумни работи.

Но слушателите на гратчето Н. не се интересираа за високоумни работи и стануваа сè поретки. Тие се обидуваа, навистина, да воведат домашен вист-преферанс; но играта за генералот обично завршуваше со такви нервни напади, што генералицата и нејзините бадијалции палеа свеќи, служеа молепствија, гледаа во грав и на карти, раздаваа лепчиња во темницата и треперејќи го чекаа попладнето кога пак ќе требаше да се одигра партија вист-преферанс и за секоја грешка да се прими викање, врескање, пцуење, па дури и тепање. Кога нешто не му се допаѓаше, генералот не се воздржуваше пред никого: викаше како жена, пцуеше како кочијаш, а понекогаш, кинејќи ги картите и расфрлувајќи ги по подот и терајќи ги од себе своите партнери, дури и плачеше од мака и јад, а барем да имаше зошто, туку заради некој „жандарм“, што го фрлиле наместо деветка. Најпосле, поради слабиот вид му затреба и читач. Ете, тогаш и се појави Фома Фомич Опискин.

Признавам дека донекаде свечено го навестувам ова ново лице. Тоа, неоспорно, е една од главните личности на мојов расказ. Колку тој го заслужува вниманието на читателот, јас тоа не мислам да го објаснувам: тоа прашање подобро и полесно ќе го реши самиот читател.

Фома Фомич дојде кај генералот Крахоткин како бадијалција, за леб — за ништо друго. Од каде изникна, покриено е со мракот на неизвесноста. Впрочем, јас намерно се распрашував и нешто разбрав за

поранешните прилики на тој особен човек. Се зборуваше пред сè дека некогаш некаде настрадал и тоа, се разбира, „на права бога“. Понатаму се зборуваше дека некогаш во Москва се занимавал со литература. Никакво чудо; страшното незнаење на Фома Фомич, се разбира, не можеше да биде пречка за неговата литературна кариера. Но сигурно се знае само толку дека ништо не му поаѓаше од рака и дека најпосле мораше да влезе во служба кај генералот како читач и маченик. Немаше понижување што тој не ќе го поднесеше за едно парче генералски леб. Навистина, потоа, по смртта на генералот, кога Фома сосема неочекувано стана важна и вонредна личност, не еднаш нè уверуваше дека, согласувајќи се да стане шут, великодушно се жртвувал себеси за пријателството; дека генералот му беше добротвор; дека тоа беше голем, несфатен човек и дека само нему, на Фома, му ги доверувал најскриените тајни на својата душа; дека, најпосле, ако тој, Фома, по желба на генералот, имитирал и разни ѕверови и разноразни живи слики тоа било само заради разонодата и развеселувањето на страдалникот и пријателот, кого болестите го сотреа. Но уверувањата и толкувањата на Фома Фомич во овој случај беа подложени на големи сомневања, зашто истиот тој Фома Фомич, додека уште беше шут, играше сосем друга улога пред дамската половина на генераловиот дом. Како тој тоа го нареди, тешко е да си го претстави човек што не е специјалист за слични работи. Генералицата кон него одгледуваше некое мистично почитување — зошто? Не се знаеше. Малку по малку во целата женска половина на генераловиот дом дојде до вонредно влијание, кое донекаде прилегаше на влијанието на разните Ивани Јаковлевичи и нему сличните мудреци и пророци кои во лудниците ги посетуваа некои госпоѓи, љубителки на таквите луѓе. Тој гласно читаше богоугодни книги, со очевидни солзи расправаше за разните христијански добрини, раскажуваше за својот живот и за подвизите; одеше на литургија, па дури и на утринска молитва, донекаде ја прорекуваше и иднината; тој особено добро знаеше да ги толкува сонштата и мајсторски ги

осудуваше блиските. Генералот насетуваше што се случува во задните соби и уште понемилосрдно го тиранизираше својот бадијалција. Но мачењето на Фома му носеше уште повеќе почит во очите на генералицата и целото нејзино друштво.

Најпосле сè се измени. Генералот умре. Неговата смрт беше прилично оригинална. Бившиот слободник, атеист, неверојатно се исплаши. Плачеше, се каеше, читаше молитви, викаше свештеници. Му служеа молепствија, му го дадоа последното миропомазание. Викаше кутриот дека не сака да умре и дури со солзи му се молеше за прошка на Фома Фомич. Ова последново подоцна на Фома Фомич му даде необична моќ. Впрочем, пред самата разделба на генералската душа од генералското тело, еве каков настан се случи. Керката на генералот од првиот брак, мојата тетка Прасковја Илинична, која остана стара мома и постојано живееше во генераловиот дом — една од најомилените жртви на генералот и која за сето време од неговото десетгодишно безбожие му беше неопходна заради постојани услуги, зашто само таа умееше да му угоди со својата припроста и бескрајна кроткост — се доближи до неговата постела плачејќи горчливо и како да сакаше божем да ја поправи перницата под главата на болниот; но сепак болниот успеа да ја фати за коса и трипати да ја поттргне, речиси со полна уста пена од злоба. По десет минути тој умре. Го известија полковникот, иако генералицата рече дека не сака да го види и дека побргу ќе умре отколку што во тој час да го пушти да ѝ излезе пред очи. Закопот беше сјаен — се разбира за сметка на неучтивиот син што не сакаа ни да го видат.

Во пропаднатото село Књазовка, што им припаѓа на неколцина поседници и во кое генералот имаше стотина свои луѓе, постои мавзолеј од бел мермер, ишаран со натписи што го фрлат умот, талентите, благородноста на душата, ордените и генералувањето на покојникот. Фома Фомич со жар учествуваше во составувањето на тие натписи. Генералицата долго време се преправаше, одбивајќи да му прости на непокорниот син. Таа говореше, викајќи и врескајќи, оп-

кружена од многу бадијалции и кучиња, дека повеќе ќе јаде сув леб и ќе го „залева со солзи“, дека поскоро ќе тргне со стап в рака да пита пред туѓи врати отколку да се свие пред молбата на „непокорникот“ и да мине кај него во Степанчиково и дека нејзината н о г а нема никогаш, ама никогаш, да го пречекори неговиот праг! Воопшто зборот н о г а, употребен во таа смисла, некои госпоѓи го изговараат со необичен ефект. Генералицата го изговараше уметнички, мајсторски... Со еден збор многу красноречивост беше потрошена. Треба да се одбележи дека за време на тоа врескање веќе по малку се пакуваа за селењето во Степанчиково. Полковникот ги сотре своите коњи изминувајќи речиси секој ден по четириесет врсти од Степанчиково до градот и дури по две недели по закопот на генералот доби дозвола да излезе пред очите на навредената родителка. Фома Фомич беше употребен за преговор. Цели две недели тој го караше непокорникот за неговото „нечовечно“ поведение и го натера да пушти искрени солзи, речиси во очајание. Токму од тоа време и започнува тоа несфатливо и нечовечно деспотско влијание на Фома Фомич врз мојот сиромав вујко. Фома се сети каков човек има пред себе и веднаш почувствува дека измина неговата улога на лакрдијаш и дека, кога нема никој друг, и тој може да стане благородник. Затоа и си наплати.

— Како ќе ви биде на душата — велеше Фома — ако вашата родена мајка, така да се каже виновницата на деновите ваши, земе стап и потпирајќи се на него со треперливи и од глад исушени раце почне навистина да пита? Не е ли тоа страшно, прво заради нејзиниот генералски углед, а второ заради нејзините добродетели? Како ќе ви биде на душата ако таа одеднаш дојде — по грешка, се разбира, но, тоа може да се случи — токму пред вашата врата и ако ја подаде својата рака, а вие, нејзиниот роден син, можеби во тој ист момент лежите во мека постела од пердуви и... воопшто во раскош! Страшно, страшно! Но најстрашно од сè е — дозволете тоа да ви го кажам отворено полковнику — најстрашно од сè е тоа што вие сега стоите пред мене како неосетливо дрво, со

раширена уста и трепкајќи, што дури не е ни пристојно, додека и при самата помисла на некоја слична случка, вие би сте морале од корен да си ја корнете косата од главата и да пролевате порои... што зборувам!... реки, езера, моринја, океани од солзи!...

Накусо, Фома се затрча од премногу голем жар. Но, таков беше секогаш крајот на неговата красноречивост. Се разбира сè заврши со тоа што генералицата, заедно со бадијалциите, кучињата, со Фома Фомич и со девицата Перепелицина, својата главна довереница, најпосле го усреќи Степанчиково со своето доаѓање. Таа велеше дека само ќе се обиде да живее кај синот додека не ја испита неговата учтивост. Можеше да се претпостави полковниковата положба додека ја испитуваа неговата учтивост! Отпрвин, како скорешна вдовица, генералицата сметаше за своја должност два-трипати неделно да падне во очај кога ќе се сетеше за својот засекогаш изгубен генерал; притоа, не се знае зошто, полковникот секогаш, без разлика, го добиваше своето. Понекогаш, особено кога некој ќе ја посетеше, генералицата ќе го повикаше кај себе внукот малиот Иљуша и петнаесетгодишната Сашенка, својата внука, ќе ги седнеше крај себе па ќе ги гледаше долго време со тажен маченички поглед, како деца што пропаднале кај таков татко, длабоко и тешко воздивнуваше и најпосле барем еден час се облеваше со неми, таинствени солзи. Тешко на полковникот ако не ќе умееше да ги разбере тие солзи! А тој, кутриот, речиси никогаш не умееше да ги разбере и речиси секогаш, поради својата наивност, токму како намерно, доаѓаше во таквите солзливи моменти и, сакајќи или не, беше подложен на испитување. Но неговата скромност не се намалуваше и најполсе дојде до крајни граници. Со еден збор, обајцата, и генералицата и Фома Фомич, почувствуваа сосема дека мина бурата што толку години над нив татнеше од страна на генералот Крахоткин — дека мина и дека нема никогаш да се врати. Се случуваше генералицата, наеднаш, ни пет ни шест, да се струполи на миндерот во несвест. Настануваше трчање, тревога. Полковникот, помал од зрнце афион, трепереше како прат.

— Бездушни сине! — викаше генералицата доаѓајќи на себе. — Утробата ми ја растргна... mes entrailles, mes entrailles![1])

— Мамице, па со што ви ја растргнав утробата? — плашливо одговараше полковникот.

— Ми ја растргна! Ми ја растргна! Уште се оправдува! Баш е дрзок! Бездушни сине! Умирам!

— Полковникот, се разбира, е сотрен.

Но некако се случуваше генералицата секогаш да оживее. По половина час полковникот му објаснуваше некому, фаќајќи го за копчиња:

— Па се разбира, брате, таа е grande dame.[2]) генералица! Нема подобра стара жена; туку, знаеш, навикнала на сè фино... таа не е за мене, простак! Сега ми се лути мене. Навистина, јас сум виновен. Не знам, уште, братче, што сум ѝ сторил, но, се разбира, јас сум виновен...

Се случуваше девицата Перепелицина, тоа презрено суштество, насаскано на целиот свет, без веѓи, со капче на главата, со мали алчни очи, со како конец танки усни и раце измиени во пресол од краставици, да смета за своја должност да му одржи на полковникот некоја лекција.

— Тоа е затоа, ве молам, што сте вие неучтив. Тоа е затоа, ве молам што сте вие егоист, затоа вие и ја навредувате Мамица: Тие, молам, на тоа не навикнале. Тие се, молам, генералица, а вие сте, молам, уште само полковник.

— Тоа е, брате, девицата Перепелицина, — забележува полковникот пред својот слушател. — Извонредна девица, душата би ја дала за својата мамица! ретка девојка! Немој да мислиш дека е таа некаква бадијалцика; таа и самата е, брате, потполковничка ќерка. Ете каква е!

Но, се разбира, тоа е уште цвеќе. Истата таа генералица, што умееше да прави такви секојдневни комедии, трепереше како глувче пред својот поранешен бадијалција. Фома Фомич наполно ја маѓепса. Таа го опкружи со внимание, слушаше со неговите уши, гле-

---

[1]) Мојата утроба, мојата утроба!... — Прев.

[2]) Висока дама — прев.

даше со неговите очи. Еднаш мојот братучед, исто така хусар[1]) во оставка, човек уште млад, но човек кој до неверојатен степен се заплеткал во долгови и едно време живееше кај вујко ми, отворено и јасно ми рече дека, според неговото најдлабоко уверување, генералицата беше во недозволена врска со Фома Фомич. Се разбира, уште тогаш јас со негодување ја отфрлив таа претпоставка, како премногу груба и наивна. Не, тука имаше нешто друго и тоа друго јас никако не можев да го протолкувам поинаку отколку однапред да му го објаснам на читателот карактерот на Фома Фомич онака како што потоа сам го разбрав.

Претставете си едно човече, најништожно, најмалодушно, исфрлено од општеството, никому не потребно, совршено некорисно, совршено гадно, но неизмерно самољубиво и притоа ненадарено апсолутно со ништо што би можело, макар и најмалку, да го оправда своето болно, раздразнето самољубие. Однапред предупредувам: Фома Фомич е олицетворение на најбезгранично самољубие и тоа специјално самољубие, имено онакво какво што се среќава кај луѓе без никакви вредности и, како што обично се случува во таков случај, самољубие на навреден човек, задушено со тешки поранешни незгоди што загноило одамна, одамна и оттогаш цеди од себе завист и отров при секоја средба, при секој туѓ успех. Не треба ни да се зборува дека е сето тоа запржено со најодвратна навредливост, најлудо сомневање. Можеби некој ќе праша: Од каде доаѓа таквото самољубие? Како никнува тоа кај такво полно ништавило, кај такви бедни луѓе кои, според социјалната положба, мораат да знаат каде им е местото? Како да се одговори на ова прашање? Којзнае, можеби има и исклучоци во кои спаѓа и мојот вујко. Тој е навистина исклучок од правилото, што ќе се види подоцна. Па сепак дозволете да прашам дали сте вие уверени дека оние што веќе сосема се смириле и сметаат дека е чест и дека се среќни да бидат ваши шутови, бадијалции и додворници — дали сте вие уверени дека тие се откажале веќе од секое

[1]) Хусар — војник во некогашната Коњица, некогашен коњаник. — Прев.

самољубие? А завистa, сплетките, обвинувањата, поткажувањата, а тајното шушкање по скришните агли, негде покрај вас, на вашата домашна маса? Којзнае, можеби кај некои од тие од судбината понижени бездомници, вашите шутови и малоумници, не само што самољубието не поминува од понижувањето туку уште повеќе се разгорува токму поради тоа понижување, од малоумноста и комедијантството и од вечно извештачената потчинетост и безличност. Којзнае, можеби тоа лошо манифестирано самољубие е само лажно, отпрвин искривено чувство на сопственото достоинство, за првпат утврдено можеби уште во детството — со угнетување, со сиромаштво, со извалканост — исплукано можеби уште во лицето на родителот на иднот бездомник, на неговите сопствени очи. Но јас реков дека Фома Фомич е уште и исклучок од општото правило. Тоа е вистина. Тој некогаш беше литерат и беше огорчен и непризнаен; а литературата е способна да го упропасти не само еден Фома Фомич — се разбира ако е непризнаена. Не знам, но изгледа дека Фома Фомич немаше среќна рака уште ни пред литературата; можеби тој и во другите професии добиваше само шипинки наместо плата, или уште нешто полошо. Впрочем, тоа не ми е познато; но подоцна се распрашував и знам сигурно дека Фома, навистина, некогаш составил во Москва едно романче, многу слично на оние што во триесеттите години можеа да бидат напишани десетина за една година, од видот на оние разни Ослободувања на Москва, Атамановата бура, Синовата љубов или Русите во 1104 година итн. итн., романи кои во своето време ѝ даваа пријатна храна на духовитоста на баронот Брамбеус. Тоа, се разбира, беше одамна; но змијата на литературното самољубие каснува понекогаш длабоко и неизлечиво, особено ги каснува луѓето што се ништожни и приглупи. Фома Фомич беше огорчен од првиот литературен чекор и уште тогаш ѝ се придружи на онаа огромна фаланга на огорчени од која подоцна излегуваа сите малоумници, сите бездомници и скитници. Токму од тоа време, јас мислам, и се развиј во него оној неприроден фалбацилак, онаа жед за пофалби и одликувања, за

клањање и восхитување. Тој и како шут насобра околу себе едно купче идиоти што го обожуваа. Само некаде и некаде да биде прв, да прорекува, да се преправа и да се фали, ете тоа беше неговата главна потреба! Него не го фалеа. Со своите уши ги чув зборовите на Фома во куќата на вујко ми, во Степанчиково, кога тој веќе стана во неа и целосен господар и пророк: „Јас не сум создаден да живеам меѓу вас“ — велеше понекогаш со некоја таинствена важност. — „Не сум создаден да живеам овде! Ќе видам, ќе ве средам, ќе ве упатам, ќе ве научам, а тогаш збогум... во Москва да издавам списание! Триесет илјади луѓе ќе се собираат на моите предавања секој месец. Најпосле ќе пукне славата на моето име и тогаш — тешко на моите непријатели!“ Но генијот, уште додека се подготвуваше да се прослави, веднаш бараше награда. Воопшто пријатно е да се прима плата однапред, а особено во овој случај. Знам, тој сериозно го убеди вујко ми дека него, Фома, го чека извонредно голем подвиг, подвиг заради кој е тој и повикан на светов и за чие извршување го тера некој човек со крила, што му се јавува ноќе, или нешто слично на тоа. Имено, да напише едно ретко длабоко смислено дело од богоугоден вид, од кое ќе настане општ земјотрес и ќе се стресе цела Русија. А кога веќе ќе се стресе целата Русија, тогаш тој Фома, не грижејќи се за својата слава, ќе појде во манастир и ќе се моли ден и ноќ во киевските пештери за среќата на својата татковина. Се разбира, сето тоа го маѓепса вујко ми.

Сега претставете си што може да настане од Фома, цел век угнетуван и задушуван, а можеби дури и навистина задушуван, од Фома тајно алчен и самољубив, од Фома огорчен литерат, од Фома шут за насушниот леб, од Фома по душа деспот, без оглед на сета поранешна ништожност и немоќ, од Фома фалбација, а во успехот безобразник, од тој Фома кој наеднаш дојде до чест и слава, околу кого обиколуваа и го опсипуваа со пофалби по заслуга на идиотката — покровителка и маѓепсаниот, па сè согласниот покровител, во чиј дом најпосле дојде по долги странствувања? Карактерот на вујко ми, се разбира, должен

сум да го објаснам поподробно: без тоа е непоимлив и успехот на Фома Фомич. Но засега ќе кажам дека со Фома всушност се оствари поговорката: седни го до маса, а тој ќе се качи на неа. Тој веќе го надомести она што го беше пропуштил! Кога една ниска душа ќе се извлече од угнетувањето, и самата станува угнетувач. Фома го угнетувале и тој веднаш почувствувал потреба и самиот да угнетува; него го исмејувале и тој почна на другите да им се потсмева. Беше шут и веднаш почувствува потреба и самиот да добие шутови. Се фалеше толку, што стануваше и смешен, се искривуваше до невозможност и бараше од пиле млеко, тиранизираше без мерка и дојде до тоа добрите луѓе, оние што уште не ги виделе тие мајстории, туку само слушале што се раскажува, сето тоа да го сметаат за чудо, за ѓаволски работи, се крстеа и плукаа.

Јас зборував за вујко ми. Додека не се објасни неговиот редок карактер (ова го повторувам), се разбира не може ни да се сфати тоа како Фома Фомич толку дрско зацарил во туѓа куќа; не може да се сфати таа метаморфоза од шут во голем човек. Не само што вујко ми беше крајно добар човек, туку и покрај малку грубата надворешност, тој беше и човек со истанчена деликатност, со највисока благородност, со докажана машкост. Јас отворено велам „машкост". тој не отстапуваше пред обврската, пред должноста, и во тој случај не би се плашел од никакви пречки, душата му беше чиста како на дете. Тој навистина беше дете од четириесет години, во повисок степен експанзивен, секогаш весел, човек што веруваше дека сите луѓе се ангели, се обвинуваше себеси за туѓите недостатоци и ги преувеличуваше добрите особини на другите луѓе до крајност, па дури ги претпоставуваше таму каде што не можеа да постојат. Тој беше еден од оние извонредно благородни и со срце невини луѓе кои дури и се срамат да претпостават кај друг човек нешто лошо, кои бргу ги искитуваат своите блиски со добродетели, му се радуваат на туѓиот успех, така живеат постојано во идеален свет, а во несреќите пред сите други се обвинуваат самите себеси. Да се жртвува себеси за интересите на другите — тоа е нивната про-

фесија. Некој ќе го наречеше малодушен, безволен и слаб. Се разбира, тој беше слаб па дури имаше и премногу мека природа, но не поради недостиг на цврстина, туку поради страв некого да не навреди, да не биде свиреп, од премногу голема почит кон другиот човек и кон човекот воопшто. Впрочем, слаба волја и малодушен беше само тогаш кога беа во прашање неговите сопствени користи, што ги запоставуваше до најголем степен, заради што целиот век беше изложен на подбив, дури не ретко и од оние на кои им ги жртвуваше своите користи. Впрочем, тој никогаш не веруваше дека може да има непријатели; меѓутоа, тој ги имаше, само не можеше да ги забележи. Од викотниците и вревите во куќата се плашеше како од оган и на сите веднаш им попушташе и на сè се потчинуваше. Попушташе поради некоја срамежлива добродушност, поради некоја срамежлива деликатност, „знаете — велеше тој без прекин, отстранувајќи ги од себе сите префрлувања дека е попустлив и слаб — знаете . . . за да бидат сите задоволни и среќни“! Не треба ни да се зборува дека беше готов да му се потчини на секое благородно влијание. Дури и повеќе, некој снаодлив подлец можеше него сосема да го совлада и дури да го наведе на лошо дело, се разбира, преправајќи го тоа лошо дело во благородно. Вујко ми многу лесно му се доверуваше на друг човек и во тој поглед ни оддалеку не беше без грешки. А кога по многу маки најпосле реши да се увери дека човекот што го измамил е нечесен, тој пред сите други би се обвинил себеси, а не ретко и само себеси. Па сега претставете си ја таа ќудлива, изветреана идиотка, што зацари во неговата тивка куќа, неразделна од другиот идиот, нејзиниот идол, идиотка која досега се плашеше само о својот генерал, а отсега повеќе не се плашеше од ништо и дури чувствуваше потреба да се награди себеси за сето минато, идиотка пред која вујко ми сметаше за должност да го покаже своето побожно почитување само поради тоа што му е таа мајка. Започнаа со тоа што на вујко ми веднаш му докажаа дека е груб, неподнослив, незнаенко и, што е главно, себичен до крајност. Интересно е дека идиотката-старица и самата ве-

руваше во тоа што го зборуваше. Па дури мислам дека и Фома Фомич тоа донекаде го веруваше. Го убедија вујко ми и во тоа дека господ му го испратил Фома за спасување на неговата душа и заради смирување на неговите нескротливи страсти, дека е тој надмен, дека се крева на големо со своето богатство и дека е кадарен да му префрлува на Фома Фомич за залакот леб. Кутриот вујко многу брзо поверува во длабочината на своето паѓање, беше готов да си ја кубе косата од главата, да моли да му простат.

— Сам сум, брате, виновен — знаеше тој да му каже на некој соговорник — за сè сум самиот виновен! Треба да бидеш двапати повнимателен со човекот што го задолжуваш... то ест... што зборувам јас! Како задолжуваш!... Пак истресов! Ни малку не задолжуваш; напротив, тој мене ме задолжува со тоа што живее кај мене, а не јас него! А јас нему му префрлив за залакот леб!... То ест, воопшто не му префрлив, туку, очигледно, нешто ми се лизна од јазикот — мене често по нешто ми се лизнува од јазикот. Па најпосле, човекот страдал, правел големи дела; покрај сите навреди, десет години го служеше болниот пријател: сето тоа бара награда! Па, најпосле и науката... писател! Извонредно образован човек! Најблагородна личност — со еден збор...

Ликот на образованиот и несреќниот Фома како шут кај ќудливиот и свирепиот господар, го кинеше вујковото благородно срце со сожалување и лутина. Сите Фомини настраности, сите негови неблагородни испади, вујко ми веднаш им ги припишуваше на неговите поранешни страдања, на неговото понижување, на неговата озлобеност... Тој веднаш во својата нежна и благородна душа реши дека од страдалник не може да се бара она што се бара од обичен човек; дека треба не само да му се простува, туку со кротко да му се лекуваат раните, да се издигне, да се смири со човештвото. Бидејќи себеси си постави таква цел, тој се запали до крајност и веќе сосем изгуби секаква способност да види дека неговиот нов пријател е блудно, ќудливо суштество, себичник, мрзливец, безработник и ништо повеќе. А во ученоста и во генијалноста

на Фома, тој веруваше безгранично. Заборавив да кажам дека вујко ми со зборовите „наука“ или „литература“ се восхитуваше на најнаивен и најнесебичен начин, иако никогаш ништо не учеше.

Тоа му беше една од главните и најневините настрaности.

— Пишува! — имаше обичај да каже додека одеше на прсти уште во две соби пред кабинетот на Фома Фомич. — Не знам точно што — додаваше со горделив и таинствен изглед — но, брате, тоа е сигурно, некаков буламач. За некого тоа е јасно, а за мене и за тебе, брате, тоа е некаква ветар-работа... Ми се чини дека пишува за некои творечки сили — самиот ми го велеше тоа. Сигурно е тоа нешто политичко. Да, ќе се слушне и неговото име! Тогаш и ти и јас преку него ќе се прославиме. Тоа, брате, самиот ми го велеше!

Сигурно ми е познато дека, по наредба на Фома, вујко ми беше принуден да ги бричи своите прекрасни темно руси зулуфи. Нему му се стори дека со зулуфите вујко ми личи на Французин и дека затоа тој има малку љубов спрема татковината. Малку по малку и Фома почна да се меша во управувањето со имотот и да дава мудри совети. Тие мудри совети беа ужасни. Селаните набргу разбраа во што е работата и кој е вистинскиот господар и доста се чешкаа по главата. И јас самиот подоцна чув еден разговор меѓу Фома Фомич и селаните. Тој разговор, признавам, го прислушкував. Уште порано Фома изјави дека сака да поразговара со умното руско селанче. И еве, еднаш тој наврати на гумното; бидејќи разговараше со селанчињата за стопанството, иако самиот не знаеше да го разликува овесот од пченицата, кога слатко се изнакажа за светите обврски на селаните спрема господарот, патем засегнувајќи го прашањето за електриката и за поделбата на трудот, за што, се разбира, немаше ни поим, откако им го протолкува на своите слушатели тоа на кој начин Земјата се врти околу Сонцето, најпосле, топејќи се од сопствената красноречивост, тој започна да зборува за министрите. Тоа го разбрав. Зар не раскажува Пушкин за татенцето што на своето четиригодишно синче

му всадуваше во главата дека е тој тате „толку хлабал што тате го сака цалот“... Зар на тоа тате му беше потребен четиригодишниот слушател? А селаните секогаш го слушаа Фома Фомич со страхопочит.

— А, ти баќушка, дали си примал многу царски плати? — наеднаш го праша од купот селани еден белоглав старец со прекар Архип Краткиот, со очевидна намера да му се умилкува; но тоа прашање на Фома Фомич му се стори фамилијарно, а тој не можеше да поднесува фамилијарности.

— А зошто те интересира тебе тоа, будала низаеден? — одговори тој, гледајќи го презриво несреќниот селанец. — Што си ја истурил таа своја муцка, да ти плукнам на неа, зошто?

Фома Фомич секогаш разговараше со таков тон со „паметното руско селанче“.

— Татко наш...— се замеша еден друг селанец: — па ние сме луѓе неуки. Можеби си мајор, или полковник, или само пресветол господин, не знаеме ни како да те величиме!

— Будала низаеден! — повтори Фома Фомич, но веќе смекнато. — Има плати и плати, проста главо! Некој е и во генералски чин, а ништо не добива, значи дека нема зошто: на царот не му донесува корист. А јас добивав дваесет илјади кога служев кај министерот, но нив не ги земав, служев од чест, имав доволно мои пари. Јас мојата плата ја подарив за државната просвета и за погорелците во Казан.

— Гледај сега! Па ти, баќушка, си го изградил Казан! — продолжи зачуденият селанец.

Селаните, воопшо, му се чудеа на Фома Фомич.

— Па да, таму има и мое учество — одговараше Фома како без волја, како на самиот да му е неправо тоа што удостои таков човек со таков разговор. Со вујко ми разговорите беа поинакви.

— Кој сте биле вие порано? — вели на пример Фома, оптегнувајќи се по богатиот ручек во удобната фотелја, при што слугата, стоејќи зад фотељата, беше должен со свежа липова гранка да му ги брка мувите. — На кого сте личеле додека мене ме немаше? А сега јас фрлив во вас една искра од оној небесен оган што

сега гори во вашата душа. Дали фрлив во вас искра од небесниот оган или не? Одговорете: дали фрлив во вас искра или не?

Фома Фомич навистина и самиот не знаеше зошто постави такво прашање. Но, молчењето на вујко ми и неговата збунетост веднаш го раздразнуваше. Порано стрплив и мирен, сега ќе пламнеше како барут, штом некој и најмалку ќе му се противставеше. Молчењето на вујко ми му се чинеше навредливо и сега тој сакаше на секој начин одговор.

— Одговорете, де: дали во вас гори искра или не?

Вујко ми измрдува и не знае што да прави.

— Дозволете да ви забележам дека чекам — додава Фома со навреден глас.

— Mais réponder donc[1]), Егорушка — дофрлува генералицата кревајќи ги раменициte.

— Прашувам: дали гори во вас таа искра или не? — снисходливо повторува Фома земајќи бонбона од бонбониерата што секогаш ја ставаа на масата пред него. Тоа е наредба на генералицата.

— Богми, не знам — одговори најпосле вујкото со очај во очите — секако има такво нешто... Подобро повеќе да не прашуваш, зашто нешто ќе истресам...

— Добро! Значи, јас според вас сум таков никој и ништо што не заслужувам ни одговор, тоа сакавте да го кажете? Па така нека биде; нека бидам јас никој и ништо.

— Ама, Фомо, не е така, господ да ти е на помош! Па од каде јас сакав тоа да го кажам?

— Не, токму тоа сакавте да го кажете.

— Ама се колнам дека не сакав!

— Добро! Нека бидам јас лажго. Нека барам јас намерно причина за кавга, како што ме обвинувате; нека се придружи кон сите навреди и таа... Јас сè ќе поднесам.

— Mais mon fils[2])... — писна исплашената генералица.

---

[1]) Ама одговорете. — Прев.

[2]) Ама сине. — Прев.

— Фомо Фомич! Мамице! — викна вујко ми во очај. — Богами јас не сум виновен! Така, случајно, ми се испушти од уста!... Фомо, не гледај ти на мене: јас сум ти глупав; сам чувствувам дека не е ова во ред ... Знам, Фомо, сè знам! Не треба повеќе да зборуваш — продолжи тој одмавнувајќи со раката. — Четириесет години проживеав и сè досега, сè до моментот кога тебе те запознав, сè си мислев за себе дека сум човек ... и сè она што треба. А и не забележував дека сум грешен како јаре, дека сум себичник од прв ред и дека сум сторил толку многу лоши работи што е чудо како земјава уште ме држи!

— Да, вие сте навистина егоист — забележува задоволниот Фома Фомич.

— Па и јас самиот сега веќе разбирам дека сум егоист! Не, доста беше! Ќе се поправам и ќе бидам подобар.

— Да даде господ! — заклучи Фома Фомич, воздивнувајќи побожно и станувајќи од фотељата за да појде на попладневно спиење. Фома Фомич секогаш се одмораше по ручекот.

На крајот од оваа глава дозволете ми да раскажам за моите лични односи со вујко ми и да објаснам како еднаш се најдов очи во очи со Фома Фомич и, што ни на сон не би сонувал, наеднаш паднав во вителот на најважните настани што кога и да било се случиле во благословеното село Степанчиково. На тој начин имам намера да го завршам мојот предговор и да минам директно на расказот.

Во моето детство, кога останав сираче и сам на светов, вујко ми ми го замени татко ми, ме воспитуваше на свој трошок и со еден збор за мене го стори она што не би го сторил секогаш ни родниот татко. Уште од првиот ден кога ме зеде кај него јас му се допаднав со сета своја душа. Тогаш имав десетина години и се сеќавам дека многу брзо се здруживме и сосем се разбравме еден со друг. Заедно ја вртевме вртимушката и ѝ ја украдовме капата на една многу лоша стара госпоѓа која на објацата ни беше некаква роднина. Капата веднаш ја врзав на опашката од една летачка од хартија и ја пуштив горе под облаци. По

многу години се состанав со вујко ми во Петроград за кусо време и таму тогаш завршував средно училиште на негова сметка. Овојпат му се допаднав со сиот жар на младоста: нешто благородно, кротко, вистинско, весело и до крајност наивно во неговиот карактер мене ме восхити и секого го привлекуваше кон него. Кога го завршив универзитетот некое време останав во Петроград не работејќи ништо и, како што често се случува со адамиите, бев уверен дека за кусо време ќе остварам нешто вонредно, нешто многу важно, дури и големо. Не ми се одеше од Петроград. Со вујко ми се допишував многу ретко и тоа само кога ми требаа пари што тој секогаш ми ги испраќаше. Меѓутоа, од еден слуга на вујко ми, што доаѓаше по некаква работа во Петроград, веќе бев чул дека кај нив во Степанчиково се случуваат чудни работи. Тие први гласови ме заинтересираа и зачудија. Почнав на вујко ми да му пишувам поредовно. Тој секогаш ми одговараше некако нејасно и чудно и се грижеше во секое писмо да започне разговор за науките, очекувајќи од мене во иднина необично многу, што се однесува до науките и гордеејќи се со моите идни успеси. Наеднаш, по доста долго молчење, од него добив едно писмо што ни малку не личеше на кое и да било порано. Писмото беше исполнето со такви чудни алузии, со таква збрка од противречности, што отпрвин речиси ништо не разбирав. Се гледаше само дека оној што го пишал тоа писмо бил необично возбуден. Во тоа писмо едно беше јасно: вујко ми сериозно, убедливо, тукуречи преколнувајќи ме, предлагаше што поскоро да се женам за неговата поранешна воспитаница, ќерката на еден многу сиромашен чиновник од провинцијата, по име Ежевикин, што добила прекрасно образование во една учебна установа во Москва на сметка на вујко ми и сега беше гувернантка на неговите деца. Тој ми пиша дека е таа несреќна, дека јас можам да ја усреќам, дека дури ќе сторам великодушно дело, тој се обрнуваше кон благородноста на моето срце и ми ветуваше дека ќе ѝ даде мираз. Навистина за мираз зборуваше некако таинствено, несигурно и писмото го завршуваше преколнувајќи ме сето тоа да го зачувам

во најголема тајност. Тоа писмо толку ме изненади што најпосле ми зовре во главата. Па на кој млад човек, што како јас штотуку сум излегол од училишната клупа, не би влијаел таков предлог, макар и само со својата романтична страна? А покрај тоа, бев чул дека таа млада гувернантка е извонредно убава. Меѓутоа, не знаев на што да се решам, иако во истиот момент му јавив на вујко ми дека веднаш тргнувам за Степанчиково. Со писмото вујко ми ми испрати и пари за пат. Наспроти тоа, во сомневањата па дури и во возбудувањето, јас останав во Петроград три недели. Наеднаш, случајно сретнав еден човек што некогаш служеше заедно со вујко ми и кој, враќајќи се од Кавказ во Петроград, наврати патем во Степанчиково. Тоа беше еден веќе постар и разумен човек, закоравен ерген. Со негодување ми раскажуваше за Фома Фомич и притоа ми кажа нешто за што дотогаш воопшто не бев ни чул, а тоа е дека Фома Фомич и генералицата наумиле и решиле да го женат вујко ми за една чудна девојка, презреана и речиси сосема удрена, што имала некоја необична биографија и приближно половина милион мираз, дека генералицата веќе успеала да ја убеди таа девојка дека се тие роднина и, врз основа на тоа, да ја прими кај себе дома; дека е вујко ми, се разбира, очаен но дека сè изгледа ќе се сврши со тоа што тој ќе се жени со мираз од половина милион; дека, најпосле, обете умни глави, генералицата и Фома Фомич, кренаа страшна хајка на кутрата, незаштитена гувернантка на вујковите деца, терајќи ја со сите сили од дома, зашто веројатно се плашеа да не се вљуби полковникот во неа. Овие последни зборови ме вчудовидија. Впрочем, на сите мои распрашувања: не е ли вујко ми навистина веќе вљубен, раскажувачот не можеше, или не сакаше, да ми даде точен одговор, а и инаку говореше скржаво, без волја и забележливо одбегнуваше подробни објаснувања. Јас се замислив; веста толку чудно му противречеше на вујковото писмо и на неговиот предлог!... Но немаше зошто да се двоумам. Решив да појдам во Степанчиково со желба, не само да го вразумам и утешам вујко ми, туку по можност и да го спасам, то ест да го избркам Фома, да

ја расипам одвратната свадба со возрасната девојка и најпосле — бидејќи според моето крајно уверување вујковата љубов беше само злобна измислица на Фома Фомич — да ја усреќам несреќната, но секако интересна девојка, понудувајќи ѝ ја мојата рака, итн. итн. Малку по малку јас толку се воодушевив и се расположив што, онака млад и безработен, преминав од сомневања во една совршена друга крајност: почнав да горам од желба колку што можам порано да направам разни чуда и подвизи. Дури ми се чинеше дека покажувам необична великодушност, жртвувајќи се благородно за да го усреќам тоа невино и прекрасно суштество — со еден збор се сеќавам дека на целиот пат бев многу задоволен од себеси. Беше јули; сонцето силно грееше; околу мене се протегаа неизмерливи, пространи полиња со жито што зрееше . . . А јас толку долго тлеев во Петроград, што ми се чинеше дека дури сега навистина ја видов божјата светлина!

II

ГОСПОДИНОТ БАХЧЕЕВ

Веќе се приближував кон целта на мојот потфат. Минувајќи низ гратчето Б. од кое останувааа само уште десет врсти до Степанчиково, морав да се задржам во ковачницата близу до самиот ќеран, зашто ми пукна обрачот на предното тркало од мојот тарантас[1]).

Некако да се поправи обрачот за да издржи уште десетина врсти можеше многу брзо и затоа решив никаде да не одам, туку да почекам во ковачницата додека ковачите не ја свршат работата. Излегувајќи од тарантасот видов еден дебел господни што, како и јас, мораше да остане тука заради поправка на својот екипаж[2]). Тој стоеше веќе цел час на неиздржливата горештина, викаше, пцуеше, мрмореше и нестрпливо ги тераше да брзаат мајсторите што се војваа околу неговата прекрасна кола. На прв поглед, тој налутен господин, ми се стори некој необичен дрдорко. Имаше околу четириесет и пет години, беше средно висок, многу дебел и сипаничав. Дебелината, подбрадокот и надуените, виснати образи сведочеа за блажениот поседнички живот. Во целата негова фигура имаше нешто женско и тоа веднаш паѓаше в очи, алиштата му беа широки, удобни, чисти, но ни малку не беа модерни.

Не разбирам зошто тој мене ми се налути, дотолку повеќе што ме виде за првпат во животот и уште

---

[1]) Долга патничка кола, покриена. — Прев.

[2]) Раскошна кола со коњи и слуги. — Прев.

не беше проговорил ни еден збор со мене. Јас тоа го забележав по неговите необични налутени погледи штом излегов од тарантасот. Меѓутоа, многу сакав да се запознаам со него. Според дрдорењето на неговите слуги разбрав дека тој сега доаѓа од Степанчиково, откај вујко ми и така имав можност да се распрашам за многу работи. Ја кренав капата и се обидов со сета можна љубезност да забележам дека понекогаш задржувањата на патот се непријатни; но дебелиот човек, некако против својата волја, незадоволно и налутено ме измери од главата до петиците, промрмори нешто низ заби и несмасно ми се сврти со грбот. Таа страна на неговата персона навистина беше многу интересна за гледање, но, сосема разбирливо, од него не можеше да се чека пријатен разговор.

— Гришка! Не мрмори ми под носов! Ќе те истепам!... — му викна наеднаш на својот слуга, како баш да не чу што реков јас за задржувањето на патот.

Тој „Гришка“ беше стар слуга, со бела коса, со огромни бели зулуфи, облечен во долг реденгот.[1]) Судејќи по некои знаци, тој исто така беше многу лут и мрзливо мрмореше под мустаќи. Меѓу господарот и слугата во тој момент дојде до објаснување.

— Ќе ме истепаш! Викни уште посилно! — промрмори Гришка како за себе, но толку гласно што сите тоа го слушнаа и со негодување се сврти нешто да намести во колата.

— Што? Што велиш? „Викни уште посилно?“... Сакаш да бидеш безобразен! — се развика дебелиот, сиот поцрвене.

— Ама, навистина, зошто вие брец ге? Човек не смее да зине!

— Зошто брецам? Слушате ли? Ми мрмори, а јас да не го брецам!

— Па зошто би мрморел?

— Зошто би мрморел... А божем молчиш. Знам јас зошто ти мрмориш: затоа што тргнавме на пат пред ручек, ете затоа.

---

[1]) Долго машко палто, за јавање или патување.

— Не! Според мене можете и да не ручате. Јас не мрморам за вас: на ковачите само еден збор им реков.

— На ковачите... А зошто да мрмориш за ковачите?

— Па ако не мрморам за ковачите, тогаш морам за колата.

— А зошто да мрмориш за колата?

— Затоа што се скрши? Нека не се скрши повеќе, нека биде цела секогаш.

— За колата... Не, ти за мене мрмориш, а не за колата. Ем е виновен, ем пцуе!

— Ама господару, зошто вие навистина се закачивте за мене? Оставете ме на мира, ве молам!

— А зошто целиот пат седеше како був, не проговори ни еден збор со мене, а? А другпат умееш да зборуваш.

— Една мува ми влезе в уста, зато молчев и седев како був. Што има јас да ви раскажувам? Кога сакате приказни вие со вас го водите раскажувачот Малања.

Дебелиот зина да одговори, но очигледно не се снајде, па молкна. А слугата, задоволен од својата дијалектика и од влијанието врз господарот, што го покажа пред сведоци, со двојна важност се сврти кон работниците и почна нешто да им покажува.

Моите обиди да се запознаам останаа залудни, особено заради моето неснаоѓање; но ми помогна непредвидената случка. Една сонлива, неизмиеан и неисчешлана физиономија ненадејно зирна низ прозорецот од затвореният пајтон, што од памтивека стои без тркала пред ковачницата и секојдневно напразно чека да биде поправен. Со појавувањето на таа физиономија меѓу мајсторите настана општо смеење. Работата беше во тоа што човекот што зиркаше од пајтонот беше цврсто затворен во него и не можеше да излезе. Откако пијан се наспа во него, тој напразно молеше да го пуштат на слобода; најпосле почна да го моли еден од луѓето да отрча по неговиот алат. Сето тоа многу ги веселеше присутните.

Има луѓе на кои многу чудни работи им служат како особена радост и веселба. Гримасите на пијан се-

ланец, човекот што ќе се спрепне и ќе падне на улица, кавгата меѓу две жени и многу работи слични на тоа понекогаш предизвикуваат кај некои луѓе најдобродушно воодушевување, не се знае зошто. Дебелиот поседник му припаѓаше на таков вид човечки природи. Малку по малку и изразот на неговото лице од налутено и намуртено почна да се претвора во задоволно и љубезно и најпосле сосема се разведри.

— Ама, Василев ли е тоа? — праша со сочувство. — Па како дошол таму?

— Василев, господару, Степане Алексеичу, Василев! — извикаа од сите страни.

— Лумпувал, господару, — додаде еден работник, постар човек, висок и слаб, со педантно строг израз на лицето и со стремеж за старешинство меѓу своите — залумпувал, господару веќе трет ден откако заминал од господарот па се крие кај нас, ни се натури! Еве, бара длето. Ама зошто ти е сега длето, луда главо? Сака да го заложи последниот алат!

— Ех, Архипушка! Парите ти се како и гулабите: ќе долетаат па ќе летнат! Пушти ме жити господ! — моли Василев со еден танок напукнат глас, подавајќи ја главата од кошот.

— Седи тука, глупаку, дури и добро си минал! — му одговори сурово Архип. — Уште завчера беше пијан како ќутук; те довлековме од улица денеска в зори; благодари му на господа што те скривме, а на Матвеј Илич му рековме: се разболи, „му се вратија старите бодежи во слабините“!.

Пак настана смеење.

— Ама каде е длетото?

— Па кај нашиот Зуја! Сè едно и исто! Тој е древен пијаница, господару, Степане Алексеичу.

— Хе-хе-хе! Обесеник ниеден! Значи, така, ти во град работиш: го заложуваш алатот! — зарипнато викна дебелиот човек задушувајќи се од смеење, сосем задоволен и наеднаш во најпријатно душевно расположение.

— Ама тој е таков столар што во Москва нема како него! А ете како се препорачува, гад еден — додаде,

обрнувајќи се сосема неочекувано кон мене. — Пушти го, Архипе; можеби нешто му треба.

Го послушаа господарот. Ја извадија шајката со која беше закована вратата на колата, повеќе заради тоа да му се насмеат на Василев кога ќе се разбуди, и Василев се покажа на светлината на денот, извалкан, неуреден и испокинат. Трепкајќи со очите на сонцето, кивна и се затетерави; тогаш со раката си направи сенка над очите и се сврте.

— Боже, што народ! Боже, што народ! — проговори тој вртејќи ја главата— и божем како да се сите тре . . . зни — го оптегна ова со некое тажно размислување како самиот себеси да се прекорува. — Па, добро утро браќа, среќно осамнавме!

Пак општа кркотница.

— „Добро утро!“ Де погледни колку време измина од утрото, луд човеку!

— Лежи, Емеља, твоја е неделава.

— По нас, ама в час, само нека е кас.

— Хе-хе-хе! Види го ти поетот! — извика дебелиот, уште еднаш тресејќи се од смеење и повторно ме погледна љубезно. — И не ти е срам, Василев!

— Од мака, господару, Степане Алексеич, од мака — одговори сериозно Василев, мавнувајќи со раката и очигледно задоволен што уште еднаш му се даде можност да ја спомене својата мака.

— Од каква мака, будала ниеден?

— Па од таква каква што светот уште не видел: нè препишуваат на Фома Фомич.

— На кого? Кога? — викна дебелиот.

И јас направив еден чекор напред: работата сосем неочекувано ме засегна и мене.

— Па сите Капитоновци. Нашиот господар, полковникот, да му даде господ здравје, сета наша Капитоновка, сето наследство од дедото сака да му го подари на Фома Фомич; му одделува цели седумдесет души. „Ете ти“ — вели тој — Фомо! Ти сега немаш ништо: не си голем поседник; целиот имот ти се состои од две рипчиња што пливаат во Ладошкото Езеро — тоа ти се сите души што ти останаа од покојниот ти родител. Затоа што твојот родител — продолжуваше Василев

со некакво злобно задоволство, потпржувајќи ја својата приказна во сè кога се однесуваше до Фома Фомич — затоа што твојот родител беше благородник од стар род, не се знае од каде и не се знае кој; и тој, како и ти, живееше кај некои господа, се хранеше по кујните од добиена милост. А еве сега, кога тебе ќе ти ја препишам Капитоновка, и ти ќе станеш поседник, благородник од стар род, ќе имаш и сопствени луѓе, изналежи се на печката во благородничката безработност.

Но Степан Алексеич повеќе не слушаше. Впечатокот што го остави на него полупијаниот расказ на Василев беше необичен. Дебелиот толку се налути што дури и поцрвене. Подбрадокот му се затресе, очите му се закрвавија. Мислев дека во тој момент ќе го удри дамла.

— Само уште тоа му требаше! — рече сиот зазбивтан. — Никаквецот Фома, бадијалџија, да стане властелин! Их! Бегајте, ѓавол да ве носи! Ej вие, работете брзо! Дома!

— Дозволете да прашам — реков нерешително правејќи еден чекор напред — вие пред малку го спомнавте Фома Фомич. Ми се чини дека неговото презиме, ако не се лажам, е Опискин. Па, видете, би сакал... со еден збор имам особени причини да се интересирам за тоа лице и од своја страна, многу би сакал да разберам колку може да им се верува на зборовите на овој добар човек дека неговиот господар Егор Илич Ростањев сака на Фома Фомич да му подари едно свое село. Мене тоа извонредно ме интересира и јас...

— Дозволете и јас да ве прашам — ме прекина дебелиот господин — од која страна сакате, како што вие се изразувате, да се интересирате за тоа лице, а јас би рекол за тој проклет ништожник — ете како треба него да го викате, а не лице! Какво лице во него, шугавец ниеден! Безобразник, а не лице!

Му објаснив засега, што се однесува до лицето, дека не знам ништо, но дека Егор Ильич Ростањев е мој вујко и дека сум јас Сергеј Александрович, тој и тој.

— Што, оној учениот човек? Мој баќушка, па вас таму ве чекаат и не можат да ве изначекаат! — извика дебелиот зарадувајќи се без лицемерство. — Па јас токму от кај нив идам сега, од Степанчиково; станав од јадење, од пудинг: повеќе не можев да седам со Фома! Заради проклетиот Фома со сите таму се искарав... Тоа ти е средба! Вие, баќушка, извинете. Јас сум Степан Алексеич Бахчеев и се сеќавам на вас кога бевте олку мал... Но кој би рекол? Па дозволете ми да ве...

И дебелиот почна да ме бакнува.

По првите мигови од извесно возбудување јас веднаш пристапив кон испитување: можноста беше одлична.

— Па кој е тој Фома? — прашав јас. — Како тој таму ја освоил целата куќа? Како да не го истераат со камшици? Признавам...

— Него да го истераат? Па дали сте вие умни? Па Егор Ильич пред него оди напрсти. А Фома еднаш наредил наместо четврток да биде среда, па сите тие таму, сите до еден, го сметаа четвртокот како среда. „Не сакам да биде четврток, нека биде среда!“ Така во една недела имаше две среди. Мислите ли дека јас нешто додавам? Не додавам еве ни олку! Просто, баќушка, мајсторија од капетанот Кук, ете тоа!

— Сум го чул тоа, но признавам...

— Признавам, па признавам! Насобрал човекот едно па исто! Што има тука да се признае. Не, подобро вие мене прашајте ме: од какви чуда доаѓам пред вас! Мајка му на Егор Ильич, полковникот, многу е уважена дама и притоа е уште и генералица. Но, според моето мислење, сосем е изветреана: не може да се наужива во проклетиот Фома! Таа е причина за сè: таа го воведе во куќата. Ја затапи тој сосема, не смее ни збор да писне, иако се вика екселенција — тргнала за генералот Крахоткин во педесеттата година! — За сестричката на Егор Ильич, Прасковја Илинична, која четириесет години дејствува, не сакам ни збор да кажам. Само „ах“ и „оф“, кокодака како некоја кокошка, сосема ми здодеа, нека седи со здравје. Кај неа е само тоа што е од женски род; па

оте, сега почитувај ја не заради нешто друго, туку само заради тоа што е од женски род! Их! Не прилега да се зборува, тетка ви се паѓа. Само Александра Егоровна, ќерката на полковникот, иако е мало дете, — тукушто наврши шеснаесет години, според мене е најумна од сите — таа не го почитува Фома; и беше весело да ја гледаш. Прекрасна девојка, па крај! Па кој и би го почитувал? Тој е оној истиот Фомка што кај покојниот генерал Крахоткин живееше како шут. Па тој кај него, за неговата генералска разонода, имитираше разни ѕверови! И произлегува дека порано Вања ја копаше бавчата, а сега Вања стана војвода. А полковникот, вашиот вујко, сега го почитува шутот во оставка како свој роден татко, го стави во рамка подлецот, му се поклонува до земја на својот бадијалција. Их!

— Навистина, сиромаштијата уште не е грев.. и... признавам... дозволете да прашам: дали е тој убав, умен?

— Фома ли? Напишан убавец! — одговори Бахчеев со некое необично треперење од злоба во гласот (моите прашања некако го налутија и тој и во мене почна да гледа со сомневање). — Напишан убавец! Слушајте, добри луѓе: најден убавец! Па тој прилега на сите ѕверови, баќушка, ако баш сè сакате да знаете точно. Па барем, никаквецот, да завладеал со остроумието — тогаш дури и би се согласил стискајќи го срцето заради остроумието, но нема никаква остроумност. Просто на сите им даде нешто да испијат, хемичар ниеден! Со разговорот вие мене ме налутивте баќушка. Еј, вие! Готово ли е?

— Уште вранецот да го потковаме — намуртено одговори Григориј.

— Вранецот. Ќе ти кажам јас вранец!... Да господине, јас можам да ви раскажувам такви чуда што вие само ќе зинете и ќе останете со отворена уста до второто пришествие. А порано и јас го почитував. Што мислите? Се каам, отворено се каам: бев будала, па и мене ме побудали. Сезнаенко! Тој го знае секој ѓавол, минал низ сите науки! Ми даваше капки: па, баќушка, јас сум болен човек, натечен човек. Вие не веру-

вате, можеби, но јас сум болен. А од неговите капки за малку ќе умрев. Вие само молчете и слушајте; ќе појдете таму па сè ќе видите. Тој таму ќе го доведе полковникот до крвави солзи. Крвава солза ќе пролее заради него полковникот, но веќе ќе биде доцна. Целиот тој крај веќе расчисти со него, заради проклетиот Фомка. Ама секој човек, што ќе дојде, него ќе го навреди. За себе нема ни да зборувам; не поштедува тој ни повисок чин. Секому држи лекција; се пуштил во некаков морал, никаквец ниеден. Јас сум, бре мудрец, помудар од секој, слушајте ме мене. Јас сум научник. Па што, што е тоа научник! Зар затоа што е научник затоа ли мора да ги каса неуките луѓе! А кога веќе ќе почне да пласка со својот учен јазик, тогаш само та-та-та! Та-та-та! Тој е таков дрдорлив јазик, ви велам, што кога би го пресекле и фрлиле на буниште и таму би дрдорел додека не го исколве некоја чавка. Се надул, се напрчил како некој крлеж! Па сега се протина и таму каде што не може ни главата да му мине. Што вреди да се зборува. Тој наумил тамошните слуги да учат француски! Ако не сакате, не верувајте! Тоа како да му е корисно нему! На простакот, на слугата! Их! Проклет бесрамник — и ништо друго! А зошто му треба на слугата да знае француски, ве молам? Зошто воопшто на нашиот човек му треба француски? На госпоѓиците при мазурка да им го сврти мозокот, да заведува туѓи жени? Разврат — и ништо друго! А, според мене, испиј едно шишенце вотка па ќе проговориш на сите јазици. Ете како јас го уважувам, тој вашиот француски јазик. Веројатно и вие ќе почнете француски: „Та-та-та! Та-та-та, мачката за мачор е мажена!“ — додаде Бахчеев гледајќи ме со презрива лутина. — Вие баќушка сте учен човек, а? Сте се одале на учена професија?

— Да... донекаде се интересирам...

— Сте минале веројатно низ сите науки!

— Така е, то ест не... Ви признавам сега повеќе се интересирам за набљудување. Постојано седев во Петроград и сега брзам кај вујко ми...

— А кој ве тераше кај вујкото? Требаше да седите таму, дома, ако сте имале каде да седите. Не баќушка, да ви кажам малку ќе постигнете со ученоста, а никаков вујко нема да ви помогне; ќе паднете во стапица. Јас кај нив ослабев за дваесет и четири часа. Верувате ли дека кај нив ослабев? Не, гледам, вие не верувате. Па ако, не морате да верувате.

— Не, ве молам, верувам сосема, само уште не разбирам — одговорив уште позбунет.

— Да, „верувам", но јас тебе не ти верувам! Сите вие сте превртливци, вие луѓето од науката. Само да можете да скокате на една нога и себеси да се покажувате. Не сакам јас баќушка учена професија; еве, овде ми се качила! Имав јас можност да се сретнам со вашите петрограѓани, лоши луѓе. Сите сами фармазони[1]); шират безверица, се плашат да испијат една чашка вотка, како да ќе се отруј ат — их! Ме налутивте, баќушка, нема ништо да ти кажувам. Па навистина јас не се нафатив да ти раскажувам приказни, а и јазикот ми се умори. Не можеш баќушка сите да ги наградиш, а и грев е... Само тој кај вашиот вујко за малку што не го дотера до лудило лакејот Видопљасов, тој твој научник! Заради Фома Фомич Видопљасов го изгуби умот...

— Ама, јас, тој Видопљасов — се замеша Григориј што дотогаш пристојно и сериозно го следеше разговорот — ама јас тој Видопљасов не би го пуштил без ќотек жив да си оди. Да наидеше тој на мене, ќе му ја исчукав од главата таа швапска будалаштина! Толку ќе му дадев што сè ќе пропукаше.

— Молк! — викна господарот. — Молчи; кој зборува со тебе?

— Видопљасов — реков сосема збунет и веќе не знаејќи што да кажам — Видопљасов... ве молам, какво е тоа презиме?

— Што? И вие ја пеете истата песна! Е вие научниците, научниците.

Јас ја изгубив стрпливоста.

---

[1]) Слободни ѕидари фармазон = фарнмасон — слободен ѕидар. Прев.

— Извинете — реков јас — ама зошто вие ми се лутите мене? Што сум јас тука виновен? Ви признавам, еве, веќе половина час јас ве слушам, а уште не сфаќам за што се зборува.

— А зошто вие, баќушка, се навредувате? — одговори дебелиот. — Немате зошто да се навредувате! Па јас тебе од љубов ти го зборувам ова. Не гледајте вие на тоа што јас многу викам и што пред малку се нафрлив на мојот момок. Тој е вистински неранимајко, тој мој Гришка, но токму затоа јас и го сакам, ајдукот ниеден. Премногу големата чувствителност мене ме упропасти, искрено да ви кажам; а за сето тоа е виновен само Фомка. Тој ќе ме упропасти; би се заколнал дека ќе ме упропасти! Еве сега веќе два часа се печам на сонцево по негова вина. Би сакал да се навратам кај протата додека овие будаливе се бавтаат со поправката. Добар е човек овдешниот прота. Но, тој истиот Фомка толку ме налути што сега не сакам ни протата да го видам. Бестрага да му е главата. Па овде нема ни некоја пристојна крчмичка. Сите сте неранимајковци, ви велам сите до еден. Па барем да има некој необичен чин — продолжуваше Бахчеев враќајќи се повторно на Фома Фомич, од кого очигледно не можеше да се оттргне — е тогаш барем заради чинот би му се простило; но ете, нема ни чинче; сигурно знам дека нема. За правдата, вели, настрадал некаде таму, господ да знае каде, па заради тоа сега клањај му се до земја. Нему не му е ни ѓаволот рамен. Штом нешто не му е по волја, тој скока, вреска. „Мене — вели тој — ме навредуваат, ја навредуваат мојата сиромаштија, немаат почит кон мене!“ Без Фома не смееш на маса да седнеш, а него го нема. „Мене вели — ме навредија; јас сум сиромав патник, јас ќе јадам црн леб.“ Само што ќе седнат, еве го и него; пак започнува старата песна: „Зошто без мене седнаа на маса? Значи, не ме сметаат за ништо“. Со збор, весели се душо! Баќушка јас долго молчев. Тој мислеше дека пред него јас ќе играм како куче на задните нозе; да, како да не! Не, брате, додека ти ќе се фатиш за колата, јас сум веќе во неа! Јас со Егор Илич служев во истиот полк. Јас си поднесов оставка како јункер, а тој по една

година се врати на дедовиот имот како полковник во резерва. Му велам јас нему: „Еј, ќе се упропастите, немојте да му угодувате на Фома! Солзи ќе пролеете!“ — Не, вели тој, тој е прекрасен човек (тоа тој го вели за Фома!) — пријател ми е; ме учи на моралност. Е, мислам јас, против моралноста не можеш ништо. Ако тој веќе почнал да учи на моралност, значи дека е готово. Што мислите, зошто денеска кренав таква врева? Утре е Илинден (господин Бахчеев се прекрсти), именден на Ильуша, на вујковото синче. Мислев целиот ден да го поминам кај нив, таму да ручам и нарачав играчка од престолнината: еден шваба на феер ја бакнува раката на својата свршеница, а таа си ги брише солзите со шамичето — интересна играчка! (Сега повеќе и нема да му ја подарам, морген-фри![1]) Ене ја, ми лежи во колата, а носот на швабата му е скршен; ќе го носам назад.) И самиот Егор Ильич би сакал на таков ден да се весели, и да се весели, и да празнува; но Фомка се испречи. „Зошто — вели тој — почнувате да се занимавате со Ильуша! Гледам дека мене сега никој не ми обрнува внимание!“ А? Фина птица? На осумгодишното дете му завиде на именденот! „Ама зошто вие тука — вели тој — и мене ми е именден“. Јас гледам, трпам. А што би мислеле вие? Па тие ви одат напрсти и си дошепнуваат што да работат. Дали да го земат како славеник на Илинден или не. Да му честитаат или не? Не честитај му — може да се навреди, а честитај му — уште би можел да помисли дека му се подбиваат. О, напаст божја! Седнавме ние да ручаме... Ама, слушаш ли ти, баќушка или не слушаш?

— Ве молам, слушам; дури со особено задоволство слушам зашто од вас разбрав... и... признавам...

— Да, со особено задоволство! Го знам јас тоа твое задоволство... А да не зборуваш ти за своето задоволство за инает на мене?

— Ве молам, каков инает? Напротив. Притоа вие толку... оригинално се изразувате што дури мислам да ги запишам вашите зборови.

---

[1]) Утре — Прев.

— То ест, баќушка, како вие мислите да ги запишете? — праша господинот Бахчеев со извесен страв и гледајќи ме сомнително.

— Впрочем, можеби и нема да ги запишам... Јас тоа онака.

— Па ти сигурно сакаш некако да ме заведеш? — то ест како мислите да ве заведам? — прашав со чудење.

— Па така. Ете, ти сега мене ќе ме заведеш, јас се ќе ти изнакажам како будала, а ти потоа ќе седнеш и ќе ме опишеш во некој расказ.

Веднаш побрзав да го уверам господинот Бахчеев дека јас не сум таков, но тој и понатаму ме гледаше со сомневање.

— Божем не си од таквите? Кој те знае? Можеби си и нешто полошо. Ене и Фома се закануваше дека ќе ме опише и ќе ме испрати во весниците.

— Дозволете да прашам — го прекинав сакајќи малку да го изменам разговорот — кажете ми, вистина ли е дека вујко ми сака да се жени?

— Па што ако сака? Тоа не е ништо. Жени се ако толку ти се сака; тоа не е лошо, туку е лошо нешто друго... — додаде господинот Бахчеев смислено. — Хм! На тоа, баќушка, јас не можам да ви дадам сосема точен одговор. Таму сега се натрупани многу женишта, како муви на мед; па не можеш да разбереш која сака да се мажи. А јас, баќушка, пријателски ќе ви кажам: не ги сакам женишшата! За жената само се вели дека е човек, а всушност таа е една срамотија, па му пречи и на спасот на душата. А вашиот вујко, дека е вљубен како сибирски мачор, во тоа ве уверувам. Тоа сега баќушка, јас ќе го премолчам, вие ќе видите; а лошо е само тоа што ја одложува работата. Ако сакаш да се жениш, жени се; но тој се плаши да му каже на Фомка, а се плаши да ѝ каже и на својата стара: таа ќе завреска така што да ја чуе целото село и ќе почне да клоца. За Фомка се заложува: како што вели, Фома Фомич ќе се огорчи ако жена влезе во куќата, зашто тогаш за него нема останување во таа куќа ни два часа. Жената со своите раце ќе го зграпчи за врат и ќе го исфрли надвор и, ако не биде глупава, и на друг

начин така ќе го шлапне што нема да се запре во целата околија. Ете така тој сега прави чудеса, заедно со мајчичката и му местат онаква... Ама зошто, баќушка, ме прекина. Сакав да ти ја раскажам најглавната работа, а ти ме прекина! Јас сум постар од тебе; не прилега да се прекинува старец.

Се извинив.

— Ама зошто се извинуваш! Јас вам, баќушка, како на учен човек сакав да ви кажам за да оцените вие колку тој денес ме навреди. Е па де, ако си добар човек, оцени. Седнавме ние да ручаме, а тој, ти велам, за малку ќе ме изедеше на ручекот. Од самиот почеток гледам: седи тој, се лути така што целата душа му се надувува. Би ме удавил во чаша вода, змија една! Толку е тој човек самољубив што не може самиот во себе да се собере! Па намислил да се нафрли на мене и да ме учи на моралност. Зошто сум јас, молам, толку дебел? Тој просто се нафрли: зошто не сум танок, туку дебел? Е, кажете баќушка, какво е тоа прашање? Има ли тука остроумност? Јас јасно му одговорив: „Тоа така господ го дал, Фомо Фомич, еден дебел, друг танок; а против преблагото привидение смртниците не смеат да се креваат.“ Јасно кажано — што мислите вие? „Не е — вели — ти имаш петстотини души, живееш на готово, а корист на татковината не ѝ носиш; треба да служиш, а ти само седиш дома и свириш на хармоника.“ А јас навитсина, кога ќе се нажалам, сакам на хармоника да посвирам. Но пак јасно одговорам: „А во каква служба да тргнам, Фомо Фомич? Во каков мундир би можел јас мојата дебелина да ја стегнам? Ако облечам некој мундир и ако се престегнам па случајно кивнам — стие копчиња ќе летнат и можеби уште пред некоја повисока власт па, да не даде господ, тоа ќе ми се земе како пасквила — тогаш што?“ Де, кажете сега, баќушка, што кажав јас тука нешто смешно? А тој, се тркала од смеење на моја сметка, де-ха-ха-ха, де-хи-хи-хи... то ест во него нема никаква чесност, ви велам, туку уште мислеше да ме искара на францускиот дијалект: „кошон“. — вели тој. А и јас разбирам што значи „кошон“. „Ах, ти, проклет хемичару — си мислам јас — сметаш дека

имаш тиква пред тебе?“ Трпев, трпев, но не можев да дотраам, туку станав од маса и нему, пред целиот почитуван свет во очи му реков: „Згрешив — велам јас — — пред тебе, Фома Фомич, добротвору; помислив дека си ти чесно воспитан човек, а ти брате излегуваш иста таква свиња какви што сме и ние сите“, реков и си отидов од масата, токму од пудингот; токму тогаш служеа пудинг. „Да ве нема со вашиот пудинг!...“

— Простете ми — реков откако го слушнав целиот расказ на господинот Бахчеев — јас, се разбира, сум готов во сè да се согласам со вас. Што е главно, не знам уште ништо определено... Но, гледате, за тоа сега имам сопствени идеи.

— Какви ти се тоа твои идеи, баќушка? — недоверливо праша господинот Бахчеев?

— Гледате — почнав по малку збунет — она, можеби, и не е сега време, но сепак сум готов да соопштам. Ете што мислам јас; можеби ние двајцата се лажеме, што се однесува до Фома Фомич; можеби зад сите тие настраности се крие некоја специјална, дури и надарена природа — којзнае? Можеби тоа е огорчена природа, притисната од страдања, да речам, природа која му се одмаздува на целото човештво. Јас сум чул дека порано тој бил нешто како шут: можеби тоа него го понизило, навредило, столчило?... Разбирате, благороден човек... свест... а ваму улога на шут!... И така тој станал недоверлив спрема целото човештво и... и можеби, кога би го смириле со човештвото... то ест со луѓето, можеби од него ќе излезе една многу необична природа, можеби и многу важна и... и... па има веројатно нешто во тој човек? Па веројатно има причини за тоа што сите му се клањаат?

Со еден збор почувствував дека страшно се затрчав. Поради младоста можеше уште и да ми се прости. Но господинот Бахчеев не ми прости. Тој сериозно и строго ме гледаше во очите и најпосле се вцрви како мисир.

— Како да е Фомка некој толку специјален човек? — праша тој отсечно.

— Слушајте, јас ни самиот речиси уште ништо не верувам она што го зборував. Јас тоа само така како нагаѓање...

— Е, дозволете, баќушка, да бидам љубопитен и да прашам: дали вие сте учеле филозофија или не?

— То ест, во која смисла? — прашав во недоумица.

— Ама, не во смисла, туку вие баќушка, отворено, без каква и да било смисла, одговорете: дали сте учеле филозофија или не?

— Признавам, имам намера да ја учам, но...

— Е, така е! — викна господинот Бахчеев, давајќи ѝ сосема право на својата лутина. — Баќушка, уште порано, тукушто ја отворивте устата, јас увидов дека вие сте учеле филозофија! Не можеш мене да ме излажеш! Морген фри! На три врсти го намирисуваш филозофот! Бакнете се вие со вашиот Фома Фомич! Нашол специјален човек! Пхи! Нека оди целиот свет по ѓаволите. Јас мислев дека сте вие добронамерен човек, а вие... Дај ја колата! — му викна на кочијашот кој веќе се качуваше на поправениот екипаж. — Дома!

Одвај некако го смирив; некако најпосле омекна; но уште долго време не можеше да реши неговата лутина да се претвори во милост. Тогаш се качи на колата со помошта на Григориј и Архип, оној истиот што му држеше лекција на Василев.

— Дозволете да ве прашам — реков доближувајќи се кон колата — вие нема веќе да доаѓате кај вујко ми?

— Велите кај вујко ви? Плукнете му вие на оној што ви го рекол тоа! Вие мислете дека сум јас постојан човек, дека ќе издржам? Во тоа е и мојата неволја што сум јас партал, а не човек! Нема да мине ни една недела, а јас пак таму ќе дојдам. А зошто? Еве, гледате, ни самиот не знам зошто, ама ќе дојдам; пак ќе војувам со Фома. Тоа ти е, баќушка, веќе мојата неволја! Заради грев господ ми го испрати како казна тој Фома. Јас имам женски карактер, постојаност немам никаква. Баќушка, јас сум кукавица од прва класа.

Сепак пријателски се разделивме; дури тој ме покани и на ручек.

— Дојди баќушка, дојди заедно да ручаме! Кај мене дојде вотка од Киев, а готвачот ми престојуваше во Париз! Ќе ве послужи со такво печено од елен, ќе ви направи таква пита со риба, што ќе си ги излижеш сите прсти и ќе му се поклониш до земја, на подлецот. Образован човек! Само, ете, одамна не сум го натепал, тој се разгалил кај мене... Баш добро што сега ме потсетивте... Дојди! Јас и денеска би ве поканил, но, ете, некако сиот сум уморен, олабавен, сосема сум премален. Јас сум болен човек, надуен човек. Вие, можеби и не верувате... Па збогум, баќушка! Време е да заплови и мојата лаѓа. Ене и вашето тарантасче е готово. А на Фомка речете му нека не се среќава со мене, зашто ќе му приредам толку трогателна средба што...

Но последните зборови веќе не се слушаа. Колата, што сложно ја повлекоа четири силни коњи, исчезна во облаците од прав. Го довлечкаа и мојот тарантас; јас седнав во него и веднаш се провозивме низ гратчето. „Се разбира, тој господин претерува — си помислив јас. — Премногу е лут и не може да биде непристрастен. Па сепак, сето тоа што го зборуваше за вујко ми е многу важно. Ете, веќе два гласа се согласуваат во тоа дека вујко ми ја сака таа девојка... Хм! Дали ќе се ожени или не!“ Овојпат добро се замислив.

III

МОЈОТ ВУЈКО

Признавам, дури малку и се исплашив. Моите романтични фантазирања наеднаш ми се сторија извонредно чудни, дури некако и глупави, штом стигнав во Степанчиково. Беше околу пет часот попладне. Патот водеше покрај паркот на поседникот. По многу години разделба, повторно го видов тој огромен парк во кој поминав неколку среќни дни од моето детство и што многупати потоа го сонував во спалните соби на училиштата што се грижеа за моето образование. Скокнав од колата и тргнав право низ паркот кон домот. Многу сакав да стигнам тивко, да се распрашам и пред сè да се изназборувам со вујко ми. Така и се случи. Откако ја минав алејата на стогодишните липи, се качив на терасата од која низ една стаклена врата се влегува право во внатрешните соби. Таа тераса е опкружена со цветни алеи и пренатрупана со саксии со разни скапи растенија. Тука го сретнав едниот од домашните, стариот Гаврил, некогашниот мој чувар а сега почесен камердинер на вујко ми. Старецот имаше очила и во рацете држеше една тетратка што ја читаше со големо внимание. Јас со него се видов пред две години во Петроград и затоа тој веднаш сега ме позна. Со солзи радосници потрча да ми ги бакне рацете, при што очилата му летнаа од ноост и паднаа на земја. Толкавата приврзаност на старецот многу ме трогна. Но возбуден од неодамнешниот разговор со гос-

подинот Бахчеев, јас пред сè го обрнав вниманието на сомнителната тетратка во рацете на Гаврила.

— Што е тоа, Гавриле, зар и тебе почнаа да те учат француски? — го прашав старецот.

— Ме учат, баќушка, на стари дни, како некој сколовранец — тажно одговори Гаврил.

— Фома ли те учи?

— Тој, баќушка. Веројатно најумниот човек.

— Нема што, умен човек! Учи зборувајќи?

— По тетраткава, баќушка.

— По таа тетратка што ти е во рацете, а? Француските зборови напишани со руски букви — мудар е тој! Му се предавате на таков дибек, на таков загубен будалица, му се предавате в раце — не ли ви е срам, Гавриле? — викнав јас во еден момент заборавајќи ги сите мои великодушни претпоставки за Фома Фомич, поради кои пред малку си добив од господинот Бахчеев.

— Како, баќушка — одговори старецот — од каде тој будала, кога веќе со нашите господа така господари?

— Хм! Можеби си и во право, Гавриле — промрморив здржан од таа забелешка. — Де, одведи ме кај вујко ми.

— Соколе мој! Па јас не можам кај него пред очи, јас не смеам. Веќе и од него почнав да се плашам. Туку така овде седам, мака си мачам и одам по леиве кога тој ќе повели да мине.

— Па од што се плашиш?

— Пред малку не си ја знаев лекцијата: Фома Фомич ми нареди да клечам, а јас не клекнав. Стар сум јас, баќушка Сергеј Александрович, за со мене да си прават такви шеги! Господарот повела да се налути што не го послушав Фома Фомич. „Тој — вели — старчиште едно се грижи за твоето образование, сака да те научи на изговор.“ Па ете сега одам и бубам зборови. Вети Фома Фомич дека вечер пак ќе одржи испитче.

Ми се стори дека тука има нешто нејасно. Со тој француски јазик морало нешто да се случи, си помислив јас, само старецот не знае да го објасни тоа.

— Нешто да те прашам Гавриле: каква е неговата надворешност? Свиден, со висока става ли е?

— Фома Фомич ли? Не, баќушка, немаш на што да клукнеш.

— Хм! Чекај, Гавриле: сето тоа можеби ќе се нареди, дури ти ветувам дека сигурно ќе се нареди!... Туку ... каде е вујко ми?

— Па, зад коњушницата прима селани. Од Капитоновка дојдоа стари луѓе да му се поклонат. Тие чуле дека ги препишуваат на Фома Фомич. Сакаат да му се измолат.

— Па зошто зад коњушницата?

— Се плаши, баќушка...

Навистина зад коњушницата го најдов вујко ми. Тој стоеше таму на една полјанка пред една група селани што му се клањаа и за нешто сесрдно го молеа. Вујко ми нешто пламено им објаснуваше. Му се доближив и го викнав. Тој се сврти и се фрливме еден на друг во прегратки.

Многу се израдува со мене; радоста му преминуваше во восхитување. Ме прегрнуваше, ми ги стискаше рацете... како да му го вратија роденият син, спасен од некоја смртна опасност. Со моето доаѓање и јас како да го спасив него од некоја смртна опасност и со мене како да донесов решение на сите негови недоразбирања, среќа и радост за целиот живот, нему и на сите што тој ги сака. Вујко ми не би се согласил само тој да биде среќен. По првиот наплив на восхитувањето тој наеднаш толку се збуни, што најпосле сосем се изгуби и збрка. Ме опсипуваше со прашања, сакаше веднаш да ме одведе кај неговото семејство. И тргнавме, но вујко ми се врати, сакајќи најнапред да ме претстави на селаните од Капитоновка. Потоа, се сеќавам, наеднаш почна да зборува, не знам по кој повод, за некој господин Коровкин, за некој необичен човек што го сретнал пред три дена на царскиот друм и кого сега со најголема нестрпливост го очекува да му дојде на гости. Потоа го остави и Коровкин и почна да зборува за нешто друго. Го гледав со уживање. Одговарајќи на неговите брзо поставувани прашања, му реков дека не би сакал да стапам на работа, туку и понатаму да

се занимавам со науки. Штом почна разговорот за науки, вујко ми наеднаш ги собра веѓите и го направи лицето многу сериозно. Откако разбра дека во последно време јас сум се занимавал со минералогија, ја крена главата и со гордост погледна наоколу, како да е сосем сам, без никаква туѓа помош, ја откри и ја напиша целата минералогија. Јас веќе му реков дека тој пред зборот „наука“ се клањаше на најнесебичен начин, дотолку понесебичен, зашто и самиот тој апсолутно ништо не знаеше.

— Ех, драги мој, има на светов луѓе што знаат сè, ама сè! — ми зборуваше тој еднаш, а очите му блескаа од восхитување. — Седиш ти со нив, слушаш и добро знаеш дека ништо не разбираш, па сепак ти е мило на срцето. А зашто? Па затоа што тука има корист, што е тука умот, што е тука сеопштата среќа. Тоа јас го разбирам. Ете, јас ќе се возам со железница, а мојот Иљушка можеби ќе лета во воздух... Па да, најпосле и трговијата, и индустријата — потоа, така да кажам, струјата... То ест сакам да речам од која страна и да тргнеш, корисно е... Баш корисно. Зар не е вистина?

Туку да се вратиме на нашето среќавање.

— Де почекај, пријателе мој, почекај триејќи си ги рацете, почна тој да зборува брзо, многу брзо — ќе го видиш човекот! Редок човек, ти велам, човек учен, човек од науката; ќе го надживее веков! А навистина тоа е убаво зборче: „ќе го надживее веков“. Тоа Фома ми го објасни... Почекај, ќе те запознам.

— Вујко, ова вие го велите за Фома Фомич?

— Не, не, пријателе мој! Ова сега е за Коровкин. То ест, и Фома, и тој... Но ова сега јас го зборувам за Коровкин — додаде тој, не знам зошто поцрвенувајќи и како да се збуни штом почна да зборува за Фома?

— Вујко, а со какви науки тој се занимава?

— Со науки, братче, со науки, воопшто со науки. Јас еве не можам да кажам баш со какви, туку знам само тоа дека се занимава со науки. Како зборува за железниците! И знаеш — додаде вјуко ми со полушепотење, подмижувајќи важно со десното око — така, малку со слободни идеи! Забележав, особено кога почна да зборува за семејната среќа... Баш ми е жал

што малку го разбрав (немаше време), а инаку сè подробно ќе ти раскажев. А притоа човек со најблагородни особини! Го повикав на гости. Го чекам секој момент.

Селаните, меѓутоа, гледаа во мене со отворени усти и со ошарени очи, како во некое чудо.

— Слушајте вјуко — го прекинав јас — ми се чини дека ги збркав селаните. Тие сигурно дошле по некоја работа. Што сакаат? Јас признавам, нешто насетувам и би сакал да ги чујам?

Вујко ми наеднаш се збрка и побрза.

— Ах, да! Јас и заборавив! Па ете гледаш... Што да правам со нив? Измислиле, би сакал да знам кој од нив тоа првпат го измислил, дека ги подарувам, сета Капитоновка — ти се сеќаваш на Капитоновка? Таму секогаш навечер се возев со покојната Каќа и одев на шетање — сета Капитоновка, сите шеесет и осум души, на Фома Фомич! „Е, не сакам никаде од тебе подалеку, и толку!"

— Вујко, па тогаш не било вистина? Вие не му ја подарувате Капитоновка? — викнав речиси восхитено.

— Не сум ни помислил за тоа; не ми дошло ни на крај на умот! А од кого си го чул тоа? Еднаш некако ми се лизна од јазикот и ете сега се разгласило. А зошто им е Фома толку непријатен? Почекај, Сергеј, ќе те запознаам — додаде тој гледајќи ме плашливо, како и во мене веќе да претчувствува некаков непријател на Фома Фомич. — Тоа ти е, брате, каков човек...

— Никого, освен тебе, никого не сакаме! — извикаа наеднаш селаните во хор. — Вие сте татко, а ние ваши деца!

— Вујко, слушај — одговорив — Фома Фомич јас уште не сум го видел, но... гледајте... нешто сум чул. Ви признавам дека го сретнав господинот Бахчеев. Се разбира, што се однесува до тоа, јас засега имам своја идеја. Во секој случај, вујко, пуштете ги селаните, а ние ќе поразговараме насамо без сведоци. Признавам, поради тоа и дојдов...

— Се разбира, сосема — прифати вујко ми, но сосема онака! — Селаните ќе ги пуштиме, а потоа ќе

позборуваме онака, знаеш, пријателски, другарски темелно. Е — продолжи брзо обрнувајќи им се на селаните — сега пријатели одете си. И отсега кај мене, секогаш кај мене кога ќе затреба; веднаш право кај мене дојдете во секое време.

— Ти наш баќушка! Вие сте татко, ние ваши деца! Не давај нè на несреќа на нашиот Фома Фомич! Те моли сета сиромаштија! — уште еднаш извикаа селаните.

— Будали ниедни! Ама, нема да ве дадам, ви велам!

— Зашто тој сосем ќе нè поулави со учење, баќушка! Овдешните, велат, сосема ги поулавел.

— Па зар и вас ве учи француски? — извикав речиси целиот исплашен.

— Не, баќушка, досега сè уште господ нè чувал! — одговори еден селанец, веројатно некој зборлив човек со костенлива коса, ќелав на тилот и со долга, ретка, шилеста брадичка која при зборувањето се мрдаше како и самата да беше жива. — Не господару, досега нè чувал господ.

— Па тогаш што ве учел?

— Па нè учи господине на она што по наше се вели: купи златен сандак за бакрен грош...

— То ест, како тоа за бакрен грош?

— Серјожа! Ти си во заблуда; тоа е клевета! — викна вујко ми поцрвенувајќи и страшно збунет. — Па оние, будалине, не разбраа што им зборував. Тој само онака... Каков бакрен грош!... А зошто ти мораш сето тоа да го спомнуваш и да раскажуваш со сета уста? — продолжи вујко ми обрнувајќи му се на селанецот со прекорување. — Па тебе, будала ниеден, доброто ти го мислеле, а ти не разбираш, па викаш!

— Вујко извинете, а францускиот јазик?

— Тоа, тој заради изговорот, Серјожа, само заради изговорот — проговори вујко ми со некаков молежлив глас. — Самиот тој притоа велеше дека е заради изговорот... Покрај тоа овде се случи и нешто специјално, ти тоа не го знаеш, па затоа и не можеш да сфатиш. Треба, братче, најнапред да се задлабочиш,

па дури тогаш да обвинуваш... Лесно е да се обвинува!

— А вие, зошто молчите! — викнав обрнувајќи им се жестоко пак на селаните. — Треба да му кажете сè отворено. Богами, Фома Фомич, ова не оди така, туку еве како! Па и вие имате јазик!

— Баќушка, каде има глушец што ќе ѝ врзе звонче на мачката? Јас тебе — вели тој — неизделкан селанец те учам на чистота и ред. Зошто ти е извалкана кошулата? Па живее во пот, затоа е и извалкана! Не може секој ден да се менува. Од чистота нема да воскреснеш, поради нечистотија нема да се распаднеш.

— Ете, некни дојде на гумно — проговори еден друг селанец, со висока става и слабникав, сиот во партали, во искинати опинци од лико и очигледно еден од оние што се вечно незадоволни од нешто и секогаш имаат подготвен некој зајадлив отровен збор. Досега на другите селани им се криеше зад грбот, слушаше во мрачно молчење и за сето време од лицето не ја симнуваше двосмислената лукава насмевка. — Дошол на гумно: „Знаете ли вие — вели — колку врсти има до Сонцето?“ А кој го знае тоа? Тоа не е наука за нас, туку господска. „Не, — вели — ти си будала, тиква, не си ја гледаш користа; а јас сум — вели — астролом! Ги запознав сите божји планеди!“

— Е па, ти кажа ли колку врсти има до Сонцето? — се замеша вујко ми, откако наеднаш живна и весело ми намигна како да вели: „Гледај сега што ќе стане“!

— Да, рече нешто многу — одговори селанецот против својата волја, не надевајќи се на такво прашање.

— Е, па колку ти рече?

— Па вие господине тоа подобро го знаете, а ние сме луѓе неуки.

— Ама јас, брате, знам, туку знаеш ли ти?

— Па, вели, ќе има неколку стотини, или неколку илјади. Рече нешто многу. Не би можело да се натовари на три коли.

— Помни го тоа, братче! А ти, веројатно, мислеше дека ќе има приближно толку врсти колку што ќе можеш со рака да ги фатиш? Но, брате, Земјата ти е,

еве гледај, тркалезна како топка, разбираш ли? — продолжи вујко ми правејќи со рацете во воздухот круг на топка.

Селанецот горчливо се насмевна.

— Да, како топка! Таа во воздухот самата се држи и се движи околу Сонцето. А Сонцето стои на едно место; тебе само ти се чини дека тоа се движи. Ете каква е работата! А сето тоа го откри капетанот Кук, морепловецот . . . А ѓаволот знае кој навистина го открил тоа — додаде со полушепотење обрнувајќи се кон мене. — Брате, ни самиот не знам. А ти, знаеш ли колку има до Сонцето?

— Знам, вујко — одговорив јас набљудувајќи ја целата таа сцена со некакво чудење. — Само еве што мислам јас: се разбира дека и необразованоста е мана, ама, од друга страна . . . да ги учиш селаните на астрономија . . .

— Да, да, точно дека е мана! — прифати вујко ми восхитен од мојот израз што му се стори извонредно погоден. — Благородна мисла! Точно дека е мана! Јас тоа секогаш го зборував . . . То ест никогаш не зборував, но чувствував. Слушате ли — им викна на селаните — необразованоста е исто така мана како и извалканоста! Затоа, ете, Фома и сакаше да ве научи. Сакаше да ве научи на добро — тоа ни малку не пречи. Тоа е брате, исто така служба, вреди како и секој чин. Гледаш што е науката! Но, добро, добро пријатели! Останете со здравје, а мене ми е мило, мило . . . бидете мирни, јас нема да ве оставам.

— Заштити нѐ татко наш роден!

— Баќушка, дај ни да видиме светлина!

И селаните паднаа ничкум.

— Ех, ех, тоа е ветар работа! На господа и на староста клањајте им се, а не мене . . . Де, одете си, однесувајте се добро, заслужете љубов . . . и сѐ друго... Знаеш — рече тој обрнувајќи се наеднаш кон мене, штом селаните си отидоа и некако сјаеше од радост — ти сака селанчево убав збор, а нема да му пречи ни подароче. Нешто да им подарам — а? Што мислиш? Во чест на твоето доаѓање . . . Да им подарам или не?

— Вујко, ти си некој Фрол Силин, вистински добротвор, како што гледам јас.

— Де, брате, не треба, тоа не е ништо. Одамна сакав д им подарам нешто — додаде тој извинувајќи се. — А што ти е тебе смешно што јас селаните ги учам на науки? Брате, веруваj, тоа е онака од радост што те видов тебе, Серјожа. Просто сакав и тој, селанецот, да знае колку е далеку Сонцето, па да зине. Милина е, брате, да го гледаш кога ќе зине... Некако онака се радуваш за него. Само знаеш, пријателе мој, не зборувај таму во гостинската соба дека јас овде се расправав со селаните. Јас нарочно ги примив зад коњушницата за да не се види. Брате, таму никако не можеше: незгодна работа, а и тие скришно дојдоа. Јас тоа повеќе го сторив заради нив.

— Е па, вујко, еве јас дојдов! — почнав да го скршнувам разговорот и сакајќи што поскоро да дојдам до главната работа. — Признавам, вашето писмо толку ме зачуди, што јас...

— Пријателе мој, ни збор за тоа — ме прекина вујко ми, како во страв и дури спуштајќи го гласот. — Потоа, потоа сè ќе се објасни. Јас, можеби и нешто згрешив, па можеби и многу згрешив.

— Вујко, мене ли ми згрешивте?

— Потоа, потоа, пријателе мој, потоа! Потоа сè ќе се објасни. Какво момче станало од тебе! Мил мој! А каков те чекав! Сакав срцето да го излеам, така да речам... ти си учен, ти си единствен кај мене, ти и Коровкин. Треба да ти спомнам дека овде сите ти се лути. Внимавај, биди претпазлив, не биди наивен.

— Мене ми се лути? — прашав гледајќи го вујко ми со чудење, не разбирајќи со што сум можел да ги налутам тие луѓе што тогаш ми беа уште сосема непознати. — Мене?

— Тебе, брате. Што да правиш! Малку Фома Фомич... па тогаш и мама, веднаш по него. Воопшто, биди претпазлив, полн со почит, не противречи, а главно биди полн со почитување.

— Дали кон Фома Фомич, вујко?

— Што да правиш, пријателе мој! Ама јас не го бранам него. Навистина можеби тој е човек со мани,

па и сега токму во овој момент... Ах, брате Серјожа, како сето тоа ме вознемирува! И како би можело сето тоа да се дотера, како би можеле сите да бидеме задоволни и среќни!... Но, впрочем, кој е без мана? Па ни ние не сме анѓели!

— Боже, вујко! Гледајте што работи тој...

— Ех, брате! Сето тоа е само дрдорење и ништо друго! Еве да ти раскажам со пример. Тој сега мене ми се лути, а зошто, што мислиш? Впрочем, можеби сум јас виновен. Подобро подоцна да ти раскажам.

— Туку, вујко, знаете, јас имам за тоа мое посебно мислење — го прекинав брзајќи да ја искажам мојата мисла. А и обајцата некако брзавме. — Најнапред, тој беше шут: тоа него го огорчи, го столчи, го навреди неговиот идеал; и ете природата излезе налутена, болна, природа што му се одмаздува, така да речам, на целото човештво... Но ако го смириме со човекот, ако го вратиме кон себе...

— Да, да! — викна вујко ми восхитено. — Точно така! Многу благородна мисла! Би било дури срамно, грубо би било да го осудуваме! Точно!... Ах пријателе мој, ти ме разбираш, ти ми донесе утеха! Само кога таму би се наредило сè! Знаеш јас сега се плашам и да појдам таму. Ете, ти дојди и јас сигурно ќе го добијам своето.

— Вујко, ако е така... — почнав збунет од тоа признание.

— Не-не-не! Зар ништо на светот! — викна тој фаќајќи ме за раце. — Ти си мој гостин и јас така сакам!

Сето тоа многу ме зачуди.

— Вујко, кажете ми веднаш — почнав да настојувам — зошто ме викнавте? Што чекате од мене и, што е главно, што сте ми згрешиле?

— Не прашувај пријателе мој. После, после! Сето тоа подоцна ќе се објасни! Можеби јас сум виновен за многу работи, но сакав да постапам како чесен човек... и... и... и ти за неа ќе се жениш! Ти ќе се жениш ако во тебе има и трошка благородност! — додаде сиот поцрвенет од некое ненадејно чувство, стегајќи ми ја раката восхитено и силно. — Но, доста, ни збор по-

веќе! Сето тоа наскоро и самиот ќе го видиш. Од тебе ќе зависи сè... Главно е сега таму да им се допаднеш, да направиш впечаток. Главно е да не се збуниш.

— Ама, вујко, слушај кој е кај вас? Јас, признавам, токму малку сум бил во друштво, што...

— Што, малку да се плашиш? — ме прекина вујко ми со насмевка. — Ама, ништо! Сите сме свои, се охрабри тој! Главно е да не се плашиш! Јас сè некако страхувам за тебе. Прашуваш кого има кај нас? Па кој би можел да биде кај нас... Најнапред, мама — почна тој брзо — ти се сеќаваш на мама, или не се сеќаваш? Многу добра, многу благородна старица, без претензии — тоа може да се каже; малку е од стар ков, но тоа е и подобро. Знаеш, понекогаш ќе ѝ дојдат фантазиите па зборува нешто онака, штогоде; сега мене ми се лути. Но јас и сум виновен... Знам дека сум виновен! Па најпосле, што се вели, таа ти е grande dame[1]), генералица... мажот ѝ беше прекрасен маж: пред сè генерал, човек многу образован, имот не остави, но сиот беше полн со рани; со еден збор беше многу почитуван. Потоа, девицата Перепелицина. Е таа е... не знам... во последно време таа ти е некако онака ... таков ѝ е карактерот... ама, впрочем, не можат сите ни да се обвинуваат... нека е господ со неа... Немој да мислиш дека е таа некоја бадијалџика. Таа ти е, брате, и самата ќерка на потполковник. Доглавница на мама, пријателка! Потоа, брате, сестрицата Прасковја Илинична. Но за неа нема многу да се зборува: наивна, добра; малку несмасна, но затоа прекрасно срце! — Гледај најмногу на срцето — постара девојка, но знаеш, оној чудакот Бахчеев изгледа дека ѝ се додворува, сака да ја побара. Но ти молчи; внимавај, тоа е тајна! Е, кого има уште од нашите? За децата не зборувам, ќе видиш. На Иљушка утре му е именден. Аха, да! За малку ќе заборавев: кај нас на гости, ќе видиш, веќе цел месец е Иван Иванич Мизинчиков, тебе ти паѓа како трет братучед; да, трет братучед. Тој неодамна си поднесе оставка како хусарски поручник; уште е млад човек. Многу благородна душа! Но,

---

[1]) Висока дама — Прев.

знаеш тој толку сè истроши, што веќе ни самиот не знам како. Навистина немаше речиси ништо; но сепак сè истроши. Се задолжи до гуша... Сега е кај мене на гости. Досега не го ни познавав; дојде самиот и ми се претстави. Мил, добар, мирен, учтив. Никој од него не чул ни збор? Само молчи. Како за подбив Фома го нарече „молчаливиот незнаенко", но ништо за тоа, тој не се лути. Фома е задоволен; за Ивана вели дека е приглуп човек. Впрочем, Иван во ништо не му се спротивставува и во сè му угодува. Како некој столчен човек... Но господ нека е со него! Ќе го видиш. Има гости и од градот: Павел Семјонич Обноскин со мајка му; млад човек, но многу умен; некако зрел, знаеш, непоколеблив... Јас, ете, не умеам да се изразам; и притоа вонредно крепостен; со строг морал. Најпосле, кај нас на гости е и некоја Татјана Ивановна, би рекол дека ми се паѓа некоја подалечна роднина, — ти не ја знаеш — девојка, не млада, тоа мора да се признае, но... девојка со пријатни особини: богата, братче, толку што би можела да купи две Степанчикова; наследството го доби скоро, а дотогаш мака мачеше. Ти, брате, Серјожа, те молам внимавај: таа е болезлива... Знаеш, во нејзината ќуд има нешто фантазмагорично[1]). Но ти си благороден, ќе сфатиш, претрпела таа многу нешто, двапати повеќе треба да бидеш внимателен кон човек што претрпел многу несреќи! Немој, впрочем, да помислиш нешто лошо. Се разбира, таа има слабости: така понекогаш претерува, ќе каже нешто брзо, нема да го изговори зборот што треба, то ест не лаже, немој да мислиш... Сето тоа, брате, доаѓа од чисто благородно срце, то ест ако нешто и излаже, тоа е само, така да кажам, поради премногу големата благородност на душата — разбираш ли?

Ми се стори како вујко ми страшно да се збуни.

— Слушај, вујко, — реков јас — вас многу ве сакам... Простете што отворено ќе ве прашам: се жените ли за некоја овде?

---

[1]) Од грчкиот збор: фантазмагорија, што значи: вештина за прикажување привидениј а и сл. со оптички справи. — П р е в.

— А од кого си го чул тоа? — одговори тој поцрвенувајќи како дете. — Е, па, гледаш пријателе мој, се ќе ти раскажам: најнапред, јас не се женам. Мама, па и сестричката и, што е најглавно, и Фома Фомич, кого мама го обожува — и со право, и со право; многу стори за неа — сите тие сакаат да се женам за таа иста Татјана Ивановна, по избор, то ест заради целото семејство. Се разбира, тие мене ми го сакаат доброто — јас тоа, се разбира, го сфаќам; но никако не сакам да се женам, зашто така сум се зарекол. Без оглед на тоа, некако не можев да одговорам: не реков ни да, ни не. Тоа, брате, секогаш со мене се случува. Тие мислат дека се согласувам и на секој начин сакаат утре, заради семејниот празник, да се изјаснам... И затоа утре ќе има такви настојувања, што веќе не знам што да сторам! А притоа Фома Фомич, не знам зошто, многу ми е лут, мама исто така. Јас, брате, признавам дека само тебе те очекував и Коровкин... Сакав да си го истурам срцето, така да кажам...

— Вујко, а што има тука да ти помогне Коровкин?

— Ќе помогне, пријателе, ќе помогне. Тој ти е, брате, таков човек; со еден збор човек од науката! Јас се надевам во него и очекувам сигурна помош. Тој е човек што сè победува! Како зборува за семејната среќа! Признавам, јас и во тебе се надевав: мислев ти ќе ги вразумиш. Ете, оцени: де, да кажеме, јас сум виновен, навистина виновен — го разбирам тоа; не сум нечувствителен. Па сепак некогаш може да ми се прости! Дури тогаш како би сме живееле!... Ех, брате, колку нарасна мојата Сашурка, би можела веднаш на венчање! А колкав е мојот Иљушка! Утре му е именден. За Сашурка страхувам — ете што е!

— Вујко! Каде ми е куферот? Јас ќе се пресоблечам и веднаш ќе дојдам. А потоа...

— Во мезанинот, пријателе, во мезанинот. Јас така однапред наредив, кога ќе дојдеш, да те одведат право во мезанинот, никој да не те види. Се разбира, се разбира, пресоблечи се! Тоа ти е паметно; прекрасно! А јас дотогаш сите оние таму по малку ќе ги подготвам. Е, па збогум! Знаеш, брате треба човек да биде лукав. Човек и против својата волја станува Та-

леран. Но ништо! Тие таму сега пијат чај. Кај нас рано се пие чај. Фома Фомич сака да пие веднаш штом ќе се разбуди; а, знаеш, и подобро е така... Е, штом ќе појдам, ти побрзај по мене, не оставај ме сам; некако, брате ми е непријатно кога сум сам... Да! Чекај! Уште нешто да те замолам: не викај на мене таму онака како што пред малку викаше овде! Ако баш нешто сакаш да ми забележиш, тогаш забележи ми насамо и овде; а дотогаш некако воздржи се, почекај. Јас таму, ќе видиш, веќе и онака чудо сум направил. Ми се лутат...

— Вујко слушај, според сето што го чув и видов мене ми се чини дека сте вие...

— Цимолко, нели? Па речи сè до крај! — ме прекина сосема неочекувано. — Што да правам брате! И јас тоа веќе го знам. Значи, ти ќе дојдеш? Дојди што поскоро, те молам!

Откако се качив горе, брзо го отворив куферот, сеќавајќи се за вујковото барање да слезам што поскоро. Додека се облекував, забележив дека уште не разбрав речиси ништо од она што сакав да го разберам, иако разговарав со вујко ми цел час. Тоа ме изненади. Само едно ми беше донекаде јасно: вујко ми упорно сакаше да се женам; според тоа сите спротивни гласови, то ест дека вујко ми е вљубен во таа и таа личност, не беа точни. Се сеќавам дека бев многу вознемирен. Покрај другото, ми дојде на ум една мисла дека со моето доаѓање и молчење пред вујко ми како да го искажав ветувањето, дадов збор, се врзав себеси засекогаш. „Не е тешко — мислев јас — не е тешко да се изговори зборот кој потоа засекогаш ги врзува рацете и нозете. А јас уште не бев ја ни видел невестата!“ А понатаму: од каде тоа непријателство на целото семејство спрема мене! Зошто баш сите тие мораат да гледаат на моето доаѓање, како што ме уверува вујко ми, како на непријателско доаѓање? И каква ли чудна улога игра вујко ми овде, во својата родна куќа? Од каде доаѓа неговата таинственост? Од каде е целиот тој страв и маките? Признавам дека сето тоа ми се покажа наеднаш како нешто бесмислено, а моите романтични херојски фантазирања ми из-

летаа од главата при првиот судир со стварноста. Дури сега, по разговорот со вујко ми, наеднаш ми излезе пред очи сета нереалност, сета ексцентричност на неговиот предлог и сфатив дека сличен предлог и во такви прилики способен е да направи само вујко ми. Исто така сфатив дека и јас, откако дотрчав ваму набрзина на неговиот прв збор, восхитен од неговиот предлог, многу личам на будала. Се облекував брзо, опфатен од немирни сомневања, така што отпрвин не го ни забележив слугата што ме служеше.

— Сакате ли вратоврска со боја на Аделаида или оваа со ситни коцки? — праша наеднаш слугата, обрнувајќи ми се со некаква необична, премногу љубезна учтивост.

Го погледнав и забележив дека и тој го заслужува моето љубопитство. Тој беше уште млад човек, како лакеј прекрасно облечен, ни малку полошо од кое и да било губерниско конте. Темниот фрак, белите панталони, жолтеникавиот елек, лакираните получевли и розовата вратоврска, очигледно не беа одбрани без цел. Сето тоа мораше веднаш да го сврти вниманието на деликатниот вкус на младото конте. Синџирчето на часовникот беше видливо истакнато, неоспорно со иста цел. Лицето му беше бледо, дури и зеленикаво; имаше голем нос, кукест, тенок, необично бел, како од порцелан. Насмевката на неговите танки усни изразуваше некаква меланхолија и тоа деликатна меланхолија. Очите, крупни, оцарени и како да беа од стакло, гледаа необично тапо, а сепак во нив отсјајуваше деликатност. Танките, меки уши од деликатност беа затнати со вата. Долгата безбојна и ретка коса накадрена и намачкана. Рачињата му беа чисти, како да беа измиени во розова водичка; прстите му беа со долги, како на конте, румени нокти. Сето тоа го правеше галениче, конте и безделничар. Шушкаше и сосема по модата не ја изговараше буквата р, ги креваше и спушташе очите, воздивнуваше и неверојатно се преправаше. Од него мирисаше парфем. Растот му беше мал и слабникав, а во одењето некако особено се нишаше, наоѓајќи во тоа веројатно некаква највисока деликатност — со еден збор сиот беше проникнат од деликатност, суптилност

и од необично чувство на сопственото достоинство. Ова последново, не знам зошто, отпрвин не ми се допаѓаше.

— Значи, тоа е вратоврска со бојата на Аделаида? — прашав строго гледајќи го младиот лакеј.

— Аделаида — одговори тој со непоколеблива деликатност.

— А нема ли со бојата на Аграфена?

— Нема. Не може ни да има.

— А зошто?

— Непристојно е името Аграфена.

— Како непристојно? Зошто?

— Се знае: Аделаида е странско име, облагородено; а Аграфина може да се вика секоја последна женска.

— Ама да не си полудел?

— Ни најмалку, јас сум умен. Се разбира, на вашата волја ѝ останува да ме нарекувате со секакви зборови; но од мојот разговор останале задоволни многу генерали, па дури и некои грофови од престолнината.

— А како се викаш?

— Видопљасов.

— А. Значи, ти си Видопљасов?

— Точно, јас сум.

— Е, па, брате, почекај ќе се запознаам јас и со тебе.

„Туку овдека има нешто што прилега на лудница" — си помислив јас слегувајќи.

IV

ЗА ВРЕМЕ НА ЧАЈОТ

Собата за чај беше онаа од која се излегуваше на терасата каде што го сретнав Гаврила. Таинствените навестувања на вујко ми за приемот што ме чека мошне ме загрижуваа. Понекогаш младоста е и премногу самољубива, а младото самољубие секогаш е речиси плашливо. И затоа ми беше многу непријатно кога, влегувајќи низ вратата и откако видов на масата за чај цело едно друштво, наеднаш се сопнав на килимот, се затетеравив и, задржувајќи ја рамнотежата, неочекувано летнав среде собата. Збунувајќи се толку, како за еден миг да ја изгубив мојата кариера, честа и доброто име, стоев неподвижен, црвен како рак и глупо ги гледав присутните. Овој настан, сосема ништожен самиот за себе, го спомнувам само поради тоа што тој имаше извонредно влијание врз моето расположение речиси целиот тој ден, па според тоа и врз моите односи спрема некои лица од мојот расказ. Се обидов да се поклонам, но не успеав докрај, поцрвенив уште повеќе, летнав кон вујко ми и го фатив за раце.

— Вујко, здраво — проговорив задишено сакајќи да кажам нешто сосема друго, многу поумно, но сосема неочекувано реков само „здраво".

— Здарво, здраво, брате — одговори вујко ми кому му беше многу тешко поради мене. — Па ние веќе се поздравивме. Ама не збунувај се, те молам — додаде тој со шепотење. — Тоа, брате, му се случува се-

кому, уште како? Се случува така што човек да сака во тој момент да пропадне во земјата! . . . А сега, мамо, дозволете да ви го претставам: еве го нашиот момчак; тој малку се збуни, но сигурно ќе го засакате. Тоа е мојот внук Сергеј Александрович — додаде вујко ми обрнувајќи се кон сите.

Но пред да го продолжам раскажувањето, дозволете љубезен читателу да ви го претставам целото друштво во кое наеднаш се најдов. Тоа е дури и потребно заради редот во расказот.

Друштвото се состоеше од неколку дами и само двајца мажи, не сметајќи ме мене и вујко ми. Фома Фомич — кого толку сакав да го видам и кој уште тогаш самиот тоа го чувствуваше и кој беше целосен господар на сета куќа — не беше тука; тој блескаше во отсуство и како да ја однесе од собата целата светлина со себе. Сите беа мрачни и загрижени. Тоа не беше можно ни да се забележи на прв поглед. Колку и да бев во тој момент збунет и растроен, јас сепак видов дека, на пример, вујко ми е растроен како мене, иако со сета сила настојуваше својата загриженост да ја прикрие со некаква лежерност. Нешто како тежок камен му лежеше на срцето. Едниот од двајцата мажи што се наоѓаа во собата беше уште многу млад човек, имаше околу дваесет и пет години, оној истиот Обноскин кого пред малку ми го спомна вујко ми фалејќи му ја паметта и моралот. Тој господин ни малку не ми се допадна: сè на него се сведуваше на некој шик со лош тон; облеката, наспроти шикот, му беше некако излитена и скудна; на лицето исто така имаше нешто излитено. Безбројните, танки мустаќи, како кај некоја лебарка, и бедната ретка брадичка очигледно беа определени да ја покажат независноста на човекот и, можеби, човек слободник. Постојано трепкаше со очите, се смееше со некоја вештачка зајадливост, се прчеше на столот и секој момент ме гледаше низ лорнетот[1]) но кога ќе му се свртев, тој веднаш ќе го спушташе своето стакленце и како да се плашеше. Вториот господин, исто така уште млад човек кој има-

[1]) Очила со дршка. — Прев.

ше околу дваесет и осум години, беше мојот трет братучед Мизинчиков. Тој, навистина беше извонредно молчалив. За сето време на чајот не рече ни збор, не се смееше кога сите се смееја; но во него не забележив ама баш никакво „нерасположение“, што во него го видел вујко ми; напротив, погледот на неговите костенливи очи искажуваше решеност и некаква решителност на карактерот. Мизинчиков беше црномурен, црнокос и многу убав; беше облечен многу пристојно за сметка на вујко ми, како што потоа разбрав. Од дамите пред сите ја забележив девицата Перепелицина, според нејзиното необично злобно, бескрвно лице. Таа седеше покрај генералицата — за која посебно ќе зборувам подоцна — но не напоредно, туку малку поназад, поради почитувањето; секој момент се наведнуваше и нешто ѝ шепнуваше на уво на својата покровителка. Две до три постари бадијалцики што вечно молчеа, седеа еднододруго крај прозорецот и мирно го чекаа чајот, управувајќи ги очите во мајката-генералица. Ме заинтересира и една дебела сосема растресена госпоѓа на педесетина години, облечена невкусно и шарено, нацрвенета и речиси без заби, наместо кои стрчеа некои поцрнети остатоци; тоа не ѝ пречеше, меѓутоа, да писка, да трепка, да се преправа, дури и да намигнува. Сета беше искитена со некои синцирчиња и постојано кон мене го управуваше лорнетот, како и мсје Обноскин. Тоа беше неговата мамичка. Мирната Прасковја Илинична, мојата тетка, тураше чај. Таа очигледно сакаше да ме прегрне по долгата разделба и се разбира веднаш да се расплаче, но не смееше. Сè овде, ми се чини, беше под некаква забрана. До неа седеше една извонредно убава црноока петнаесетгодишна девојка која упорно ме гледаше со детско љубопитство — мојата внука од сестра Саша. Најпосле, а можеби најмногу од сите паѓаше в очи една многу чудна дама облечена раскошно и необично младолика, иако не беше сосем млада туку имаше најмалку триесети и пет години. Лицето ѝ беше многу слабо, бледо и спечено, но извонредно воодушевено. Светла обја секој момент се појавуваше на нејзините бледи образи, речиси при секое нејзино движење, при секое воз-

будување. Таа се возбудуваше постојано, се вртеше на столот и како да не беше во состојба ни една секунда да преседи мирно. Се загледуваше во мене со некое лесно љубопитство, постојано се наведнуваше нешто да ѝ шепне на увото на Сашењка или на другата сосетка и веднаш започнуваше да се смее со најпростодушна, најдетинска весела смеа. Но сите нејзини ексцентричности, на мое чудење, како да не го привлекуваа вниманието на никого, како сите однапред да беа договорени. Се сетив дека е тоа Татјана Ивановна, онаа истата Татјана во која, според зборовите на вујко ми, имаше нешто фантазмагорично, што му ја наметнуваа да ја земе и околу која трчаа речиси сите во куќата, заради нејзиното богатство. Мене, впрочем, ми се допаднаа нејзините очи, сини и кротки; и иако околу тие очи веќе се гледаа брчки, погледот им беше простодушен, толку весел и ведар што беше некако особено пријатно да се сретнеш со него. За таа Татјана Ивановна, едната од првите „хероини" на мојов расказ, понатаму ќе раскажувам поопширно: биографијата ѝ е чудна. Околу пет минути по моето доаѓање во собата за чај, од бавчата дотрча едно многу убаво момче, мојот братучед Иљуша, утрешниот славеник, кому обата џеба му беа наполнети со слатки, а во рацете имаше камшик и вртимушка. По него влезе една млада витка девојка, малку бледа и некако уморна, но многу убава. Таа ги измери сите со некаков испитувачки, недоверлив и дури брз поглед, внимателно погледна во мене и седна до Татјана Ивановна. Се сеќавам дека и не сакајќи срцето ми заигра; се сетив дека е тоа гувернантата . . . Вујко ми се збуни и, не знаејќи што да прави, ја викна Сашењка за да ја запознае со мене, но таа само се поткрена и, молчејќи сериозно и важно, ми се поклони. Впрочем, тоа ми се допадна, зашто ѝ прилегаше. Во тој момент добрата тетка Прасковја Илинична не издржа, туку престана да тура чај и летна кон мене да ме бакне; но јас уште не успеав да ѝ кажам ни два збора, кога наеднаш одекна врескавиот глас на девицата Перепелицина ко-

ја списка „нека се види Прасковја Илинична дека ја заборавивте мајчицата (генералицата), дека мајчицата сака чај а вие не турате, а тие чекаат“, па Прасковја Илинична ме остави мене и отрча колку што ја држеа нозете за да си ја врши својата должност.

Таа генералица, најважното лице во целото друштво, пред кое сите внимаваа на секој свој чекор, беше сува и лоша старица, сета во црнина — лоша, впрочем, повеќе поради староста и поради загубата на последните (ни порано не многу богати) умни способности; порано беше запустена. Генералството ја направи уште поглупава и понадуена. Кога таа се лутеше целата куќа прилегаше на пекол. Имаше два начина на лутење. Првиот начин беше молчалив, кога старицата цели денови не ја отвораше устата и кога упорно молчеше туркајќи, а понекогаш и фрлајќи на подот, сè што ќе ѝ ставеа пред неа. Вториот начин беше сосем спротивен: зборлест. Започнуваше обично со тоа што баба ми — таа ми се паѓа баба — пропаѓаше во необична меланхолија, го очекуваше пропаѓањето на светот и на целиот свој имот, претчувствуваше сиромаштија и целосна беда, се вдахнуваше со своите чувства, започнуваше на прсти да ги брои идните несреќи и при тоа набројување паѓаше во некаков занес, во некое вообразување. Се разбира, се покажуваше дека таа уште одамна сè предвидела и дека молчела само затоа што била сосила натерана да молчи „во оваа куќа“. „Ама само кога би ја почитувале, кога само би сакале однапред да ја слушаат, тогаш“, итн. итн.; на сето тоа му угодуваа целата сурија бадијалции и девицата Перепелицина, а Фома Фомич најпосле свечено потврдуваше. Во оној момент кога ѝ се претставував таа беше страшно лута, ми се чини на првиот начин на лутење, молчаливиот, најстрашниот. Сите ја гледаа со страв. Само Татјана Ивановна на која сè ѝ се простуваше беше извонредно расположена. Вујко ми, намерно, дури некако свечено, ме доведе пред баба ми; но таа, правејќи кисела гримаса, пакосно ја оттурна чашата од себе.

— Тој ли е оној вол-ти-жер?[1]) — процеди низ забите и отегнато се сврти кон Перепелицина.

Тоа глупаво прашање ме збуни. Не разбирам зошто ме нарече волтижер. Но такви прашања ништо не беа за неа. Перепелицина се наведна и нешто ѝ шепна на увото, но старицата пакосно мавна со раката. Стоев со отворена уста и прашално го гледав вујко ми. Сите се загледаа, а Обноскин дури го исплази јазикот, што ни малку не ми се допадна.

— Таа, брате, понекогаш не знае што зборува — ми шепна вујко ми исто така малку збунет. — Но тоа не е ништо, таа само така; тоа е поради доброто срце. Ти, главно, не ставај на срце.

— Да, срце! — се чу ненадејно звонливиот глас на Татјана Ивановна, која за сето време не ги симнуваше очите од мене и поради нешто не можеше мирно да седи на едно место: веројатно зборот „срце“, изречено со шепот ѝ дојде до ушите.

Но не рече сè докрај, иако очигледно сакаше нешто да каже. Таа, или се збуни, или во прашање беше нешто друго, наеднаш молкна, страшно поцрвени, брзо се наведна кон гувернантата, ѝ шепна нешто на увото и, ненадејно, покривајќи ја устата со шамија и навалувајќи се во фотелјата, се закикоти како во хистерија. Ги набљудував во крајна недоумица; но, на мое чудење, сите беа сериозни и гледаа како ништо особено да не се случило. Разбрав, навистина, која е Татјана Ивановна. Најпосле ми дадоа чај и малку се поприбрав. Не знам зошто, но наеднаш ми се стори како да бев должен да поведам пољубезен разговор со дамите.

— Вујко, вистина е тоа што го рековте — почнав јас — кога пред малку ме предупредивте дека човек може да се збуни. Признавам отворено, зошто да кријам — продолжив обрнувајќи се со љубезна насмевка кон госпоѓата Обноскина — дека досега речиси никогаш не сум бил во друштво на дами и сега, кога ми се случи така незгодно да влезам, ми се стори дека мо-

---

[1]) Акробат (јавач) на коњ кој за време на трчањето скока од еден коњ на друг. — Прев.

јата поза среде собата беше смешна и дека донекаде ме потсетуваше на цимолко — нели? Дали сте го читале Шмоль? — завршив збунувајќи се сè повеќе, црвенејќи поради мојата придворна отвореност и остро гледајќи во мсје Обноскин што се клештеше и уште ме гледаше од глава до петици.

— Така е, така е, така е! — извика вујко ми наеднаш по извонредното воодушевување, искрено зарадуван што започна некако разговорот и што некако се снаоѓам. — Тоа, брате, уште не е ништо што ти сега тука го зборуваш, дека човек може да се збуни. Добро, ќе се збуни, па крај. А јас, брате, во првото мое дебитирање и излажав — веруваш ли? Да, богами, Анфиса Петровна, тоа, верувајте, треба да се чуе. Тукушто станав јункер, јас дојдов во Москва и тргнав кај една угледна госпоѓа со препорака — то ест таа беше многу горделива жена, но всушност навистина добра што и да се зборуваше. Влегов — таа ме прими. Гостинската соба полна со народ, повеќе асови. Им се поклонив на сите и седнав. Ни пет ни шест, таа ме праша: „Баќушка, имате ли имотче?“ Јас навистина немав ни едно пиле, ама што да кажам? Страшно се збунив. Сите гледаат во мене (да, јункерче!). Е, зошто не реков: немам ништо и тоа ќе излезеше благородно, зошто ќе ја кажев вистината. Не издржав! „Имам — реков јас — сто и седумнаесет души.“ Зошто ли ги додадов тие седумнаесет? Кога веќе лажеш, лажи на округла цифра — нели? Една минута подоцна, од моето писмо со препорака се разбра дека сум гол како пиштол и притоа дека излагав! Ама, што знаев? Избегав и веќе таму не се вратив. Јас тогаш уште немав ништо. Од ова што го имам сега, триста души се од вујко ми Афанасиј Матвејич, а двесте души со Капитоновка уште порано ги добив од бабата Акулина Панфиловна, сè на сè малку повеќе од петстотини. Така, да. Само тогаш се зарекув дека нема да лажам и не лажам.

— Е, да сум јас на ваше место не би се зарекувал. Господ знае што може да се случи — забележи Обноскин подбивно и смеејќи се.

— Да, навистина, да, навистина! Којзнае што може да се случи! — простодушно потврди вујко ми.

Обноскин се насмеа громогласно навалувајќи се во фотељата, неговата мамичка се насмеа: некако особено лошо се насмеа и девицата Перепелицина; се закикоти и Татјана Ивановна, не знаејќи ни самата зошто и дури заплеска со рацете — со еден збор, јасно видов дека вујко ми во неговата родна куќа не го сметаат за ништо. Сашењка, светкајќи луто со очите, упорно го гледаше Обноскин. Гувернантата поцрвени и ги наведна очите. Вујко ми се зачуди.

— Што? Што се случило? — повтори тој гледајќи ги сите со недоумение.

За сето тоа време моето братче Мизинчиков седеше подалеку и молчеше, па дури не се ни насмеа кога сите се смееја. Тој внимателно го пиеше чајот, филозофски ја гледаше публиката и неколкупати, како да го опфаќаше неподнослива здодевност, се подготвуваше да засврика, веројатно според старата навика, но навреме се воздржуваше. Обноскин, што го задеваше вујко ми, па сакаше и мене, како да не смееше ни да го погледа Мизинчиков; јас тоа го забележив. Забележив дека и моето молчаливо братче често фрла погледи на мене, па дури со видлива љубопитност, како да сака точно да утврди каков човек сум.

— Уверена сум — зацрцори наеднаш мадам Обноскина — сосем сум уверена monsieur Serge[1]), така нели, дека сте вие во нашиот Петроград слаб обожавател на дамите. Знам дека таму сега има многу, премногу млади луѓе што го одбегнуваат друштвото на дамите. Но, според моето мислење сите тие се слободници. Јас не се согласувам со тоа да гледам поинаку туку како на непростливо слободоумие. Ви признавам јас му се чудам на тоа, млади човеку, просто се чудам!...

— Никогаш не сум бил во друштво — одговорив со необично воодушевување — но тоа... јас барем мислам, не е ништо... Живеев, то ест земав стан под наем... но тоа не е ништо ве уверувам. Ќе се запознаам; а досега само седев дома...

---

[1]) Господине Сергеј. — Прев.

— Се занимаваше со науки — забележи вујко ми горделиво.

— Ах, вујко, вие сè со вашите науки!... Замислете — продолжив со необична слобода, насмевнувајќи се љубезно и повторно обрнувајќи се кон Обноскин — драгиот мој вујко до тој степен им е предаден на науките што некаде на царскиот друм, пронашол еден чудотворен, практичен филозоф, господинот Коровкин; и првиот негов збор денеска, упатен кон мене, иако толку години не бевме се виделе, беше дека го чека тој феноменален чудотворец, може да се каже, со некоја грчовита нестрпливост... Од љубов спрема науката, се разбира...

И јас се засмеав надевајќи се дека ќе предизвикам сеопшто смеење и пофалба за мојата духовитост.

— Кој е тоа? За кого тој зборува? — остро проговори генералицата обрнувајќи се кон Перепелицина.

— Егор Ильич си изнаканил гости, сè сами научници; по царските друмови патуваат, ги собираат — со уживање записка девицата.

Вујко ми сосема се збуни.

— Ах, да! Јас и заборавив! — викна тој фрлајќи на мене поглед во кој имаше прекор. Го очекувам Коровкин. Човек од науката, човек што ќе го надживее веков.

Тој се пресече и молкна. Генералицата мавна со раката, овојпат толку среќно што ја закачи чашата која падна од масата и се скрши. Настана општа збрка.

— Таа секогаш така кога ќе се налути ќе земе нешто и ќе го фрли на подот — ми шепна збунетиот вујко. — Но тоа е само кога ќе се налути... Ти, брате, не гледај го тоа, не забележувај, гледај настрана... Зошто почна да зборуваш за Коровкин?...

Но јас и без тоа гледав настрана. Во тој момент го сретнав погледот на гувернантата и ми се стори дека во тој поглед имаше некаков прекор, нешто дури и презриво; руменилото од негодување многу се разгори на нејзините бледи образи. Го сфатив нејзиниот поглед и се сетив дека со мојата малодушна и одвратна желба да го направам вујко ми смешен, па барем мал-

ку смешно да симнам од себе, многу не добив во очите на таа девојка. Не можам да искажам колку ми беше срам!

— А јас со вас сакам да зборувам само за Петроград — се чу пак Анфиса Петровна кога се стиши возбудувањето предизвикано од скршената чаша. —Јас, може да се каже, со такво уживање се сеќавам на нашиот живот во таа прекрасна престолнина... Ние тогаш бевме многу блиски со едно семејство, се сеќаваш ли, Пол? Генералот Половицин... Ах, колку прекрасно суштество беше генералицата! Ех, го знаете ли тој аристократизам, beau monde[1]) ... кажете: вие, веројатно сте се сретнале... Јас, признавам, со нестрпливост ве чекав овде. Се надевав дека многу, многу ќе разберам од вас за нашите петроградски пријатели.

— Многу ми е жал што не можам... извинете... Веќе реков дека многу ретко одев во друштво и воопшто не го познавам генералот Половицин; не сум ни чул за него — одговорив со нестрпливост, свртувајќи ја наеднаш мојата љубезност во извонредно лошо и раздразнето душевно расположение.

— Се занимаваше со минералогија! — горделиво повтори непоправливиот вујко. — Не е ли брате минералогија она што разгледува разни кое-годе камчиња?

— Да, вујко, камења...

— Хм!... Има многу науки и сите се корисни! А јас, брате, право да кажам, не сум ни знаел што е тоа минералогија. Само слушам дека звонат некаде на туѓа камбанарија. Во нешто друго и така и така, но во науките сум глупав, искрено признавам!

— Искрено признавате? — го прифати Обноскин насмевнувајќи се.

— Тате! — викна Саша гледајќи го со прекор татка си.

— Што е, душо? Ах, боже мој, па јас сите ве прекинувам, Анфиса Петровна — се сепна вујко ми не сфаќајќи го извикот на Сашењка — извинете живи господ!

---

[1]) Фин свет. — Прев.

— О, не вознемирувајте се! — одговори со кисела насмевка Анфиса Петровна. — Впрочем, на вашиот внук јас сè му кажав и ќе завршам со тоа, monsieur Serge... така, нели... дека безусловно морате да се поправите. Јас верувам дека науките, уметностите... вајарството, на пример... со еден збор сите тие високи идеи имаат, така да кажам, своја о-пив-на страна, но тие не можат да ги заменат дамите!... Жените, жените, момче, вас ве формираат и затоа без нив не е можно, момче, не е можно!

— Не е можно, не е можно! — повторно се чу малку врескавиот глас на Татјана Ивановна. — Слушајте, — почна таа, брзајќи некако детски и, се разбира, сета зацрвенета — слушајте, би сакала да ве прашам...

— Што повелувате? — одговорив загледувајќи се внимателно во неа.

— Сакав да ве прашам: дали вие за подолго време дојдовте ваму?

— Богами не знам; ќе видиме, како ќе бидат работите...

— Работи! Какви работи има кај него?... О, безумник ниеден...

И Татјана Ивановна црвенеејќи толку што не може да биде повеќе и криејќи се со ладалото, се наведна кон гувернантата и веднаш почна нешто да ѝ шепоти. Потоа наеднаш се насмеа и заплеска со рацете.

— Чекајте, чекајте, — викна откачувајќи се од својата доверителка и пак брзо обрнувајќе се кон мене, како да се плаши да не си одам — слушајте, знаете ли што ќе ви речам? Вие многу личите на едно момче, пре-крас-но момче!... Сашењка, Настењка, се сеќавате ли? Многу личи на оној безумник — се сеќаваш ли Сашењка? Ние се возевме и го сретнавме... на коњ и во бел елек... А тој го насочи кон мене својот лорнет, бесрамник ниеден! Се сеќавате ли, јас се покрив со превезот, но не издржав, туку ја подадов главата од колата и му викнав: „Бесрамнику ниеден!“ А тогаш го фрлив на патот мојот букет... Се сеќавате ли Настењка?

А девицата, побудалена по кавалери, сета возбудена, го покри лицето со рацете; потоа наеднаш скокна од своето место, летна кон прозорецот, откина од саксијата една ружа, ми ја фрли мене и избега од собата. Веднаш ја снема. Во тој момент настана и една мешаница иако генералицата, како и порано, беше сосем мирна. Анфиса Петровна, на пример, не се зачуди, но наеднаш како нешто да ја збуни и со тага го погледна својот син; госпоѓиците поцрвенија, а Пол Обноскин стана од столот некако мрзливо, што тогаш ми беше несфатливо и се доближи до прозорецот. Вујко ми почна да ми дава знаци, но во тој момент во собата влезе едно ново лице што го привлече врз себе општото внимание.

— Аха! Еве го и Евграф Ларионич! Ние за волколт, а волкот на врата! — викна вујко ми радувајќи се искрено. — Брате, од град ли доаѓаш?

„Уф, што чудни луѓе! Како некој намерно да ги собрал!“ — помислив не сфаќајќи сè уште добро што се случува пред моите очи, не насетувајќи го ни тоа дека и јас кога дојдов меѓу нив само како да ја зголемив колекцијата на тие чудни луѓе.

V

ЕЖЕВИКИН

Во собата влезе, или, подобро да се каже, некако се втурна (иако вратата беше многу широка), една фигуричка која уште на врата се наведнуваше, се клањаше и ја кривеше устата гледајќи ги сите присутни со извонредна љубопитност. Тоа беше едно мало старче, сипаничаво, со живи и лукави очиња, ќелаво и со некаква неопределена фина насмевка на прилично дебелите усни. Носеше фрак, многу износен и ми се чини туѓ. Едно копче му висеше на конче; две или три воопшто ги немаше. Искинатите чевли и измастената капа беа во согласност со неговата сиромашка облека. Во рацете имаше памучно коцкесто шамиче, сето извалкано, со кое си ја бришеше потта од челото и од слепоочниците. Забележив дека гувернантата малку поцрвени и брзо ме погледна. Дури ми се стори дека во тој поглед имаше нешто горделиво и предизвикувачко.

— Добротворе, право од град. Право одонде, татко роден. Сè ќе ви раскажам, само дозволете најнапред да им искажам почит — проговори старчето што влезе и тргна право кон генералицата, но се запре на половина пат и повторно му се обрна на вујко ми.

— Вие веќе повелете да знаете дека мојата главна црта, добротворе, е: подлец, вистински подлец! Па јас, само што ќе влезам, веднаш го барам главното лице во куќата, кон него најнапред се упатувам за на тој начин од првиот чекор да добијам милост и про-

текција. Баќушка, јас сум подлец, подлец, добротворе! Дозволете, мајко, госпоѓо, ваше превосходство, да ви го бакнам фустанчето, зашто со усните ќе ви ја извалкам вашата рака, златна, генералска.

Генералицата, на мое чудење, му ја подаде раката многу благонаклоно.

— И вам ви се клањам, убавице наша — продолжи тој обрнувајќи ѝ се на девицата Перепелицина. — Што да правам госпоѓо господарице: јас сум подлец! Уште во 1841 година, кога ме истераа од служба, беше речено дека сум подлец, токму тогаш кога Валентин Игнатич Тихонцев се уфрли во високото благородништво: му дадоа чист асесор[1]); него во асесори, а мене во подлеци. А јас сум така искрено создаден, што да признавам сè. Што да правам! Се обидов да живеам чесно, се обидов, сега треба да се обидам поинаку. Александра Егоровна, јаболко наше румено, — продолжи тој обиколувајќи околу масата и пробивајќи се кон Сашенька — дозволете да ви го бакнам фустанчето; вие госпоѓице мирисате на јаболко и на секакви деликатности. На славеникот нашето почитување: лак и стрела, баќушка ви донесов, цело утро самиот јас ги правев; ми помагаа моите дечиња; па, еве, сега ќе ги откачуваме. А кога ќе попораснете, да станете офицер, на Турчинот главата да му ја сечете — Татјана Ивановна... ах, па нив ги нема, добротворките! А инаку ќе им го бакнев и ним фустанчето. Прасковја Илинична, мајчице наша родена, не можам само да се пробијам до вас, а инаку не само рачето, туку и ножето ваше би ви го бакнал, ете како е! Анфиса Петровна, ве уверувам во сета моја почит. Јас денеска за вас му се молев на бога, добротворко, клечев на колена, со солзи му се молев на бога и за вашето синче, исто така, да му даде господ секакви чинови и таленти: особено таленти! Па и на Иван Иванович Мизинчиков нашето најпонизно почитување. Господ да ви даде сè што сакате. Зашто не може да се разбере, господару, што си пожелувате самиот; толку сте молчалив... Здраво, Настја; сите мои ситни дечиња те

---

[1]) Помошник. — Прев.

поздравуваат; секој ден те спомнуваат. А еве сега и еден голем поздрав на домаќинот. Вашето високородие, идам од град, токму од град. А ова е сигурно вашето внуче, што се воспитуваше на учениот факултет? Нашето најпонизно почитување господару; молам рачето.

Се разлеа смеење. Беше јасно дека старецот игра улога на некаков доброволен шут. Неговото доаѓање го развесели друштвото. Мнозина не ги разбираа неговите сарказми, а тој речиси се допре до сите. Само гувернантата, која на мое чудење едноставно ја нарече Настја, црвенееше и се лутеше. Јас како да ја поттргнав раката: старчиштето, ми се чини, само тоа и го чекаше.

— Па јас само молев да ја стиснам, баќушка, ако ми дозволите; а не и да ја бакнам. А вие веќе мислевте дека ќе ја бакнам? Не, татко роден, засега само уште да ја стиснам. Вие, добротвору, сигурно сметате дека сум јас спахиски шут? рече тој гледајќи ме подбивно.

— Н . . . не, ве молам, јас . . .

— Е така, баќушка. Ако сум јас шут тогаш и некој друг меѓу нас е таков. Почитувајте ме; јас уште не сум таков подлец за каков што ме мислите. Впрочем, можеби и сум шут. Јас сум роб, мојата жена робинка, а притоа ласкај па ласкај! Еве во што е работата: сепак нешто ќе добиеш, па макар колку за млеко за дечињата. Шеќер, само повеќе шеќер турете во сè, па подобро ќе оди. Тоа, баќушка, јас ви го велам во доверба; можеби ќе ви затреба и вам. Фортуната ме згмечи, добротвору, затоа сум ти шут.

— Хи-хи-ти! Ах, баш е шегација, старчево, секогаш ќе го насмее човека! — записка Анфиса Петровна.

— Мајчичке моја, добротворко, поубаво на светов се проживува како будала! Да бев знаел уште од рана младост ќе се запишев меѓу будалите, можеби сега ќе бев умен. А вака, бидејќи рано сакав да станам мудар, ете, сега, излегов будала.

— Кажете ве молам — се замеша Обноскин (кому веројатно не му се допадна забелешката за т а л е н т и т е), навалувајќи се некако особено самосвесно во

фотељата и набљудувајќи го старецот низ своето стаклениче како некоја бубачка: — кажете ве молам . . . сè ви го заборавам презимето . . . како се викавте?

— Ах, баќушка! Мене ми е презимето, гледате, Ежевикин, но каква корист од тоа? Еве веќе деветта година седам без служба и живеам така по законите на природата. А деца, деца кај мене, вистинско семејство на Холмски! Баш како според поговорката: „Богатиот телињa, сиромавиот дечињa".

— Па да . . . телињa . . . да го оставиме тоа, впрочем. Туку слушајте одамна сакав да ве прашам: зошто кога ќе влезете веднаш се свртувате назад? Тоа е многу смешно.

— Зошто се свртувам? Па сè ми се чини дека, баќушка, одзади некој сака да ме плесне со раката како некоја мува, затоа се вртам. Сум станал мономан[1]), баќушка.

Пак сите се насмеаја. Гувернантата стана, како да сакаше да си оди, но пак седна во фотељата. На лицето имаше нешто болно, маченичко, и покрај сето руменило што ѝ ги покри образите.

— Знаеш брате кој е тој? — ми шепна вујко ми. — Т о ј е н е ј з и н и о т т а т к о.

Го гледав вујко ми со оцарени очи. Презимето Ежевикин сосем ми излезе од главата. Јас ликував, целиот пат мислев за својата од судбината определена сопруга, правев за неа великодушни планови и сосем го заборавив нејзиното презиме или, подобро да кажам, не му обрнав на тоа никакво внимание од самиот почеток.

— Што, татко? — одговорив, исто така, со шепот. — Па јас мислев дека таа е сираче.

— Татко, брате, татко. И да знаеш многу чесен, многу благороден човек, дури и не пие, туку само така се прави како шут. Страшно, брате, сиромаштија, осум деца! Од Настенкината плата и живеат. Поради јазикот го истераа од служба. Секоја недела доаѓа ваму. Тој е горд — ништо не прима од никого. Сум му

---

[1]) Душевно болен човек. — П р е в.

давал, многупати сум му давал нешто — не зема. Огорчен човек.

— Па, брате Евграфе Ларионич, што има кај вас таму ново? — праша вујко ми и силно го удри по рамото, забележувајќи дека недоверливиот старец веќе го слуша нашиот разговор.

— А што би имало ново, добротвору? Валентин Игнатич вчера дадоа олеснение за Тришиновата работа. Кај него најдоа кусок во врекки со брашно. Тоа е, госпоѓо, истиот Тришин што гледа во човека, разгорува самовар. Можеби повелувате да се сетите? Значи, Валентин Игнатич пишува за Тришина: „Ако веќе — вели — често споменуваниот Тришин не можел да ја зачува честа на својата родена внучка, а таа минатата година избега за офицер, тогаш каде би можел да ги зачува државните работи?“ Така, бога ми, напиша во својот извештај, не лажам.

— Их! Какви приказни вие раскажувате! — извика Анфиса Петровна.

— Навистина, навистина, навистина! Си се затрчал брате Евграфе — потврди и вујко ми. — Их, ќе пропаднеш поради јазикот! Ти си искрен човек, благороден, добромислен, можам да изјавам, но јазикот ти е отровен! И се чудам како ти таму не можеш да се соживееш со нив! Изгледа тие се добри луѓе, едноставни . . .

— Татко и добротворе! Па од едноставен човек јас и се плашам! — викна старецот со некое особено воодушевување.

Одговорот ми се допадна. Брзо се доближив до Ежевикин и силно му ја стиснав раката. Всушност, сакав со што и да било да протестирам против сеопштото мислење и отворено да му го искажам на старецот моето сочувство. А можеби, којзнае, можеби сакав себеси да се издигнам во очите на Настасја Евграфовна. Но од моето движење не излезе ништо умно.

— Дозволете да ве прашам — реков според мојот обичај, поцрвенет и задишан — дали сте чуле вие за језуитите?

— Не, татко роден, не сум чул; само така понешто . . . Па каде би можеле ние! А зошто?

— Така... По овој повод сакав да раскажам... Впрочем потсетете ме во некоја прилика. А сега бидете уверени дека ве разбирам и... умеам да ценам...

И, збунувајќи се уште повеќе, пак го фатив за рака.

— Сигурно, баќушка, ќе ве потсетам, сигурно ќе ве потсетам! Ќе го запишам тоа со златни букви! Еве, видете, ќе врзам и јазол за да запомнам.

И навистина тој врза јазолче, наоѓајќи едно суво крајче од својата извалкана шамија за бурмут.

— Евграфе Ларионич, земете чај — рече Прасковја Илинична.

— Веднаш, убавице госпоѓо, веднаш, то ест кнегињо, а не госпоѓо! Тоа ви е за чајот. Патем, госпоѓо, го сретнав Степана Алексеич Бахчеев. Толку е весел и превесел што тоа веќе го нема! Веќе помислив да не се подготвува да се жени? Ласкај, ласкај!... проговори со полушепот кога мина покрај мене со чаша в раце, па ми намигна и затрепка со очите. — А зошто не го гледам нашиот главен добротвор, Фома Фомич? Зар тој нема да дојде на чај.

Вујко ми се тргна како боцнат и плашливо ја погледна генералицата.

— Јас, навистина, веќе не знам — одговори нерешително, некако чудно збунет. — Го викнавме, но тој... не знам, навистина, можеби не е расположен. Јас веќе го испратив Видопљасов и... најпосле, зошто и лично да не појдам?

— Пред малку јас наминав кај нив — таинствено проговори Ежевикин.

— Можно ли е? — викна вујко ми исплашено. — Па, што има?

— Најнапред наминав таму за да го докажам почитувањето. Рекоа дека ќе го испијат чајот насамо, а потоа додадоа дека тие и од сува корка леб можат да бидат сити, да, молам.

Тие зборови како да го изненадија вујко ми.

— Па требаше да му објасниш, Евграфе Ларионич. Требаше да му раскажеш — проговори најпосле вујко ми гледајќи го старецот прекорно и тажно.

— Му велев, молам, му велев.

— Па?

— Долго време не повелаа да ми одговорат. Седеа покрај некоја математичка задача, нешто определуваа; се гледаше, вратоломна задача беше. Пред мене нацртаа питагорини панталони, тоа лично го видов. Трипати повторував. Кога четвритот пат ја кренаа главичката и дури тогаш како да ме забележија за првпат. „Нема да одам — рекоа; — таму сега дојде научникот, па каде би можеле покрај таква светлина". Така повелаа да се изразат: покрај таква светлина.

И старчиштето ме погледна откосо и подбивно.

— Е тоа и го чекав! — викна вујко ми, плеснувајќи со рацете; така и мислев! Тој, знаеше Сергеј, тој тоа за тебе го вели дека си „научник". А сега што ќе правиме?

— Вујко, признавам, — одговорив достоинствено собирајќи си ги рамениците — според моето мислење тоа е толку смешен изговор што не вреди да се осврнуваме на него, а јас навистина се чудам поради вашата збунетост . . .

— Ох, братче, не знаеш ти ништо! — рече тој мавнувајќи енергично со раката.

— Па сега веќе не вреди, молам, да се офка — се замеша ненадејно девицата Перепелицина — кога сите лоши причини отпрвин од вас потекнаа Егоре Илич. Кога ќе се пресече главата, молам, не треба да се плаче за косата. Да ја послушавте мама, молам, сега немаше, молам, да плачете.

— Ама што сум јас виновен, Ано Николаевна? Плашете се од бога! — проговори вујко ми со молежлив глас како да ја моли за објаснување.

— Јас се плашам од бога, Егоре Илич; а сето тоа доаѓа оттаму, молам, што сте вие себични и што не ја сакате својата мајка — достоинствено одговори девицата Перепелицина. — Зошто отпрвин не ја почитувавте нивната волја? Тие ви се, молам, мајка. А јас нема да ви зборувам невистина. Јас сум и самата ќерка на потполковник, а не, молам, која и да било.

Мене ми се стори дека Перепелицина се замеша во разговорот само за да ни каже на сите, а особено

мене, на новодојдениот, дека е ќерка на потполковник, а не која и да било.

— Затоа што ја навредува својата мајка! — заканувајќи се проговори најпосле и самата генералица.

— Мамо, живи господ! Ама зошто ве навредувам?

— Затоа што си мрачен себичник, Егорушка! — продолжуваше генералицата занесувајќи се сè повеќе.

— Мамо, мамо! Ама зошто сум јас мрачен себичник? — викна вујко ми речиси во очај. — Пет дена, полни пет дена вие ми се лутите и не сакате со мене да зборувате! Зошто? Зошто? Па нека ми судат, нека ми суди целиот свет! Нека го слушнат најпосле и моето оправдување. Мамо, јас долго молчев; вие не сакавте да ме ислушате: па нека ме слушнат сега луѓето. Анфиса Петровна! Павел Семјонич, најблагороден Павел Семјонич! Сергеј, пријателе мој! Ти си туѓ човек, така да кажам, ти си гледач, ти непристрасно можеш да судиш...

— Егоре Илич, смирете се, смирете се — извика Анфиса Петровна.

— Анфиса Петровна, јас нема да ја убијам мама; но еве ги моите гради — удрете! — продолжи вујко ми до крајност распален, како што се случува кога кај слабите луѓе ќе ја доведат стрпливоста докрај, иако сета нивна распаленост личи на оган од запалена слама. — Сакам да кажам, Анфиса Петровна, дека јас никого не навредувам. Еве, јас ќе речам дека Фома Фомич е многу благороден и многу чесен човек и притоа човек со најубави особини, но... тој беше несправедлив спрема мене во овој случај:

— Хм! — промрмори Обноскин, како да сака уште посилно да го раздразни вујко ми.

— Павел Семјонич, најблагороден Павел Семјонич! Па зар вие навистина мислите дека сум јас нечувствителен, така да речам, како пенушка? Јас гледам, јас разбирам со солзите на моето срце, така да кажам, разбирам дека сите тие неспогодби произлегуваат од премногу голема љубов спрема мене. Сега, вие, како ќе сакате, но тој, бога ми, во овој случај нема право.

Сè ќе раскажам. Сега ќе ја раскажам таа историја, Анфиса Петровна, во целата нејзина јасност и подробност, за да видите од што настана таа работа и дали со право мама ми се лути мене затоа што не сум му угодил на Фома Фомич. Слушај ме и ти Серјожа — додаде тој обрнувајќи се кон мене, што го правеше за сето време на своето натамошно раскажување, како да се плашеше од другите слушатели и како да се сомневаше во нивното сочувство — слушај ме и ти и реши дали имам право или не. Еве, гледај, еве како започна таа историја. Пред една недела, да, нема повеќе од една недела, низ нашиот град минуваше мојот бивш командант генералот Русопјетов, со жената и свеската. Се задржаа некое време. Јас се зачудив. Побрзав да ја искористам приликата, летнав, му се претставив и го повикав на ручек. Тој ми вети дека ќе дојде ако може. То ест, извонредно благороден човек, навистина ти велам; сјае од добродетели, а притоа е и големец! Својата шурнеа ја опсипа со добродетели; едната сиромашка ја омажи за еден прекрасен млад човек (сега е адвокат во Малиново; уште млад човек, но со некакво, може да се каже, универзално образование) — со еден збор: генерал над генералите. А кај нас, се разбира, трчање, тропање, готвачи, фрикаси; порачав музика. Јас, се разбира, весел и како да ми е именден! На Фома Фомич не му се допадна што сум јас весел и дека се радувам како да ми беше именден! Тој седи на маса -- се сеќавам и сега, се служеше неговото омилено пелте со шлаг[1]) — и молчи, молчи, па одеднаш скокна? „Ме навредуваат, ме навредуваат!“ „Па со што те навредуваат, Фома Фомич“ — велам јас. „Вие сега — рече тој — мене ме запоставувате, вие се занимавате со генерали; вам ви се сега генералите помили од мене!“ Се разбира сето тоа јас накратко го раскажувам, што се вели суштината ви ја кажувам; ама кога би знаел ти што зборуваше тој ... со еден збор, ми ја стресе сета душа! Што да правам? Јас, се разбира, паѓав со духот; ме фрапира тоа и може да се каже дека одев како

---

[1]) Слично на овошен пудинг. — Прев.

наврнат петел. Доаѓа свечениот ден. Генералот јави дека е зафатен: се извинува, нема да дојде. Јас отидов кај Фома: „Е, Фомо, смири се. Нема да дојде.“ Што мислиш? Не простува, па крај! „Ме навредивте — вели тој — па крај!“ Јас и вака и така. „Не — вели тој — одете си вие кај вашите генерали; вам ви се генералите помили од мене; вие ги скинавте врските на пријателството.“ Пријателе мој! Јас разбирам зошто сте лут. Јас не сум дибек, не сум овен, не сум некој неранимајко. Тој тоа го прави од премногу голема љубов кон мене, така да кажам, од љубомора — самиот тоа го вели — тој е љубоморен поради генералите, се плаши да не ја изгуби мојата љубов. Тој ме испитува, сака да разбере што можам јас за него да жртвувам. „Не — вели тој — јас сум за вас исто што и генерал, јас сум за вас ваше превосходство! Со вас ќе се смирам кога ќе ми докажете дека ме почитувате.“ „Со што ќе ти докажам дека те почитувам Фомо Фомич!“ „Па ословувајте ме — вели тој — цел ден со ваше превосходство; тогаш ќе ми докажете дека ме почитувате.“ Како да сум паднал од небо! Можеш да си го претставиш моето чудење! „Тоа — вели тој — нека ви биде поука за во иднина да не се воодушевувате со генерали кога другите луѓе се можеби подобри од сите ваши генерали!“ Ех, тука јас не можев да издржам, се каам! Отворено се каам. Му реков: „Фома Фомич, зар може тоа? Де, можам ли јас да ти речам така? Зар можам, зар имам право да те произведам за генерал? Помисли, кој произведува генерали? Де, кажи ми, како да ти кажам: Ваше превосходство? Тоа е, така да кажам, напад на големината на судбинските решенија! Генералот служи за украс на татковината; генералот војувал, својата крв тој ја пролевал на полето на честа! Па како јас тебе да ти кажам: „Ваше превосходство!“ А тој ни да чуе, па тоа ти е! „Сè што сакаш Фомо — му велам јас — сè ќе сторам за тебе. Ете, ми нареди да ги избричам зулуфите, зашто во нив има малку патриотизам — и јас ги избричив; се налутив, ама ги избричив. Дури и повеќе, ќе направам сè што сакаш само да се откажеш од генералскиот чин.“ „Не — вели тој

— нема да се смирам сè додека не ми се каже: Ваше превосходство! Тоа — вели тој — ќе биде корисно за вашиот морал, тоа ќе ви го смири духот!“ И ете, сега, веќе цела недела не сака со мене да зборува; им се лути на сите. За тебе слушнал дека си учен — за тоа сум јас виновен: се запалив, се раздрдорив! Рече дека нема трага да му остане во куќава, ако ти влезеш во неа. „Значи, — вели тој, јас сега веќе не сум за вас учен.“ Ох, што маки ќе имам кога ќе разбере за Коровкин! Де, те молам, во што сум јас виновен? Кажи, зар да решам да му велам: Ваше превосходство? Де, може ли да се живее во таква ситуација? Зошто тој денеска го избрка од маса несреќниот Бахчеев. Добро, Бахчеев не ја пронашол астрономијата; па ни јас не сум ја пронашол астрономијата, па ни ти не си ја пронашол... Ама, зошто, зошто?

— Па затоа што си ти завислив, Егорушка — промрмори пак генералицата.

— Мамо! — извика вујко ми во полн очај. — Вие ќе ме доведете до лудило!... Тоа не се ваши, туку туѓи зборови, мамо! На крајот од краиштата јас излегувам дибек, цепеница, фенер, а не ваш син!

— Вујко, го прекинав сиот зачуден од приказната — јас го чув од Бахчеев, не знам дали е вистина или не, тоа дека Фома Фомич му завидува на Иљуша на именденот, па тврди дека и нему утре му е именден. Признавам, таа карактеристична црта толку ме зачуди што јас...

— Роденден, брате, роденден, а не именден! — Брзо ме прекина вујко ми. — Само така не се изразил, тој има право: утре му е роденден. Навистина, брате, пред сè...

— Баш не му е роденден! — викна Сашенька.

— Како не? — викна вујко ми несигурно.

— Не му е роденден, тате! Вие просто зборувате навистина за да се залажете самиот себе и да му угодите на Фома Фомич. Неговиот роденден беше во март — се сеќавате ли, токму пред тоа ние отидовме в манастир на служба, а тој никому не му дозволуваше мирно да седи во колата: само викаше така што пер-

ницата му го з г м е ч и колкот и почна да штипе; од пакост, тетка двапати ја штипна! А потоа, кога на роденден дојдовме да му честитаме, тој се налути што немаше камелии во нашиот букет. „Јас — вели тој — ги сакам камелиите, зашто имам вкус на повисоко друштво, а вам ви беше жал да ми наберете во стаклената градина.“ И цел ден беше кисел и се муртеше, не сакаше да говори со нас.

Да паднеше бомба среде соба, мислам дека ни тоа немаше толку да нè вчудовиди и да ги исплаши сите присутни како овој отворен бунт — а чиј? На девојче на кое не ѝ се дозволуваше ни да зборува во присуство на баба си. Генералицата, нема од чудење и бес, стана, се исправи, па погледна во дрската внука не верувајќи им на очите. Вујко ми премре од ужас.

— Ама е распуштено! Сакаат да ја отераат бабата в гроб! — викна Перепелицина.

— Саша, Саша, вразуми се! Саша, што ти е? — викаше вујко ми летајќи, де кај едната, де кај другата, де кај генералицата, де кај Сашенька, за да ги задржи.

— Тате, нема да молчам! — викна Саша станувајќи наеднаш од столот, тропна со ножиньата, а очиньата ѝ светнаа — нема да молчам! Сите ние многу трпевме поради Фома Фомич, поради вашиот одвратен и гаден Фома Фомич! Затоа што Фома Фомич сите ќе нè упропасти, затоа што постојано му тураат во главата дека е умен, великодушен, благороден, смеша на сите тие добродетели, некое потпури, а Фома Фомич, како будала, на сето тоа му поверува! Му изнадонесоа толку слатки јадења што друг човек би се засрамил, а Фома Фомич изеде сè што ставија пред него и побара уште. Ќе видите, сите ќе нè изеде, а за сè е виновен татко ми. Гаден, гаден е Фома Фомич, отворено ќе речам, не се плашам од никого! Тој е глупав, ќудлив, нечист, ни малку не е благороден, со тврдо срце, тиранин, сплеткар, измамник... Ах, јас веднаш би го избркала од дома, а тато го обожува, а тато лудува по него!...

— Оф!... — вресна генералицата и премалена падна на отоманот.

— Гулапке моја, Агафјо Тимофеевна, ангеле мој! — викаше Анфиса Петровна. — Земете го моето шишенце! Вода, брзо вода!

— Вода, вода! — викаше вујко ми. — Мамо, мамо, смири се! На колена ве молам да се смирите!

— Вас треба да ве осудиме на леб и вода и да не ве пуштаме надвор од темната соба, човекоубиец пиеден! — ѝ се развика Перепелицина на Сашењка треперејќи од бес.

— Па осудете ме на леб и вода, не се плашам од ништо! — викаше Сашењка која и самата се заборави. — Јас си го заштитувам татко ми, зашто тој не умее самиот да се заштити. Кој е тој, што е тој, вашиот Фома Фомич, спрема татко ми? Јаде татков леб, а тато го понижува, неблагодарник! Јас би го распарчила на парчиња, вашиот Фома Фомич! Би го предизвикала на двобој и би го убила со два пиштола . . .

— Саша, Саша! — викаше вујко ми очаен. — Уште еден збор и јас ќе пропаднам, неповратно ќе пропаднам!

— Тате — извика Саша и наеднаш брзо летна кон татка си, облеана во солзи, и цврсто го гушна со рачињата. — Тате! Па зар вие толку добар, прекрасен, весел, умен, зар вие така себе да се упропастите? Зар вие да му се покорувате на тој одвратен, неблагодарен човек, да бидете негова играчка, да се изложувате на подбив? Тате, златен мој тате! . . .

Таа заплака, го покри лицето со рацете и излезе од собата.

Настана страшна збрка. Генералицата лежеше онесвестена. Вујко ми клечеше пред неа и ѝ ги бацуваше рацете. Девицата Перепелицина се свиваше околу нив и фрлаше кон нас пакосни, но победоносни погледи. Анфиса Петровна ѝ ги квасеше слепоочниците на генералицата и ракуваше со своето шишенце. Прасковја Илинична трепереше и се облеваше во солзи; Ежевикин бараше каде да се засолни, а гувернантата стоеше бледа, сосем изгубена од страв. Само Мизинчиков остана сосем ист како и пред тоа. Стана, се доближи

до прозорецот и почна упорно да гледа надвор, не обрнувајќи ѝ асполутно никакво внимание на целата таа сцена.

Наеднаш генералицата се поткрена на отоманот, стана и ме измери со страшен поглед.

— Надвор! — викна таа, тропајќи со ногата.

Морам да признам дека на тоа не се надевав.

— Надвор, надвор од куќава; надвор! Зошто дошол тој? Ни трага да му нема овде! Надвор!

— Мамо! Мамо, што ти е? Па овој Серјожа — пелтечеше вујко ми треперејќи од страв со цело тело; мамо, тој дојде кај нас на гости.

— Каков Серјожа? Глупост! Не сакам ништо да чујам; надвор! Тоа е Коровкин! Уверена сум дека е тоа Коровкин. Мене претчувството не ме лаже. Тој дојде да го истера Фома Фомич; за тоа и го испратиле. Моето срце претчувствува... Надвор, никаквецу!

— Вујко, ако е така — реков задушувајќи се од благородна лутина — ако е така, јас... извинете ме... — и си ја зедов шапката.

— Сергеј, Сергеј, што правиш... Ете ти, сега и тој... Мамо! Па тоа е Серјожа! Сергеј, те молам! — викна тој трчајќи по мене и настојувајќи да ми ја земе шапката. — Ти си мој гостин, ти ќе останеш, така сакам јас! А онаа, само така — додаде со шепот — таква е само кога ќе се налути... Ти, сега, во прво време, само скри се некаде... остани некаде и ништо, сè ќе мине. Таа ќе ти прости, верувај ми! Таа с добра, само така понекогаш се затрчува... Знаеш таа мисли дека си ти Коровкин, а после ќе ти прости, верувај ми... Што сакаш ти? — викна по Гаврила кој штотуку влезе во собата треперејќи од страв.

Гаврил не влезе сам; со него беше спахискиот момок, момче од шеснаесетина години, извонредно убаво, земено беше на служба заради убавината, како што разбрав подоцна. Се викаше Фалалеј. На него имаше една специјална облека, црвена свилена кошула, опшиена околу вратот со гајтан, златен појас со реси,

црни сомотски панталони и сафијански[1]) чизмички со црвени ревери. Таа облека беше измислена лично од генералицата. Момчето горчливо липаше и една по една му потекоа солзи од неговите големи сини очи.

— Што е тоа пак сега? — викна вујко ми. — Што се случило? Де, зборувај, разбојнику!

— Фома Фомич ни нареди да дојдеме ваму; и тие одат по нас — одговори тажниот Гаврил. — Јас на испит, а тој . . .

— А тој?

— Играше — одговори Гаврил со плачлив глас.

— Играше! — викна исплашено вујко ми.

— И-и-граше — рече Фалалеј липајќи.

— Камаринско?

— Ка-ма-ринско!

— А Фома Фомич го затече!

— За-те-че!

— Ме дотепаа! — писна вујко ми. — Отиде мојата глава! — и со обете раце се фати за глава.

— Фома Фомич! — најави Видопљасов, влегувајќи во собата.

Вратата се отвори и пред зачудената публика се појави лично Фома Фомич.

---

[1]) Софијанска кожа — штавена кожа од коза или јаре. — Прев.

VI

ЗА БЕЛИОТ БИК И КАМАРИНСКИОТ МУЖИК

Но, пред да имам чест на читателот да му го претставам Фома Фомич, наоѓам за потребно да кажам неколку зборови за Фалалеј и да објаснам, всушност, што беше страшното во тоа што тој играл камаринско, а Фома Фомич го затекол во тоа весело расположение. Фалалеј беше момок во спахиската служба, сираче од дете и кумче на покојната жена на мојот вујко. Вујко ми многу го сакаше. И само тоа беше доволно па Фома Фомич, кога се пресели во Степанчиково и кога го освои вујко ми, да го замрази неговиот љубимец Фалалеј. Но момчето некако особено ѝ се допадна на генералицата и, покрај сета лутина на Фома Фомич, тоа остана горе, кај господата. За тоа настојуваше самата генералица и Фома попушти, задржувајќи ја во своето срце навредата — тој сметаше дека сè е навреда — и одмаздувајќи му се поради тоа во секоја погодна прилика на вујко ми, кој воопшто не беше виновен. Фалалеј беше многу убав. Лицето му беше како на девојче, како кај селска убавица, девојка. Генералицата го гледаше, го галеше и го чуваше како убава, ретка играчка; дури не се знае кого повеќе го сакаше — дали своето малечко кадраво кученце Ами, или Фалалеја. Ние веќе говоревме за неговата облека што беше нејзин изум. Госпоѓиците му даваа помада, а фризерот Кузма беше должен во празниците да му ја накадрува косата. Тоа момче беше чудно суштество. За него не можеше да се каже дека е тотален идиот или

будала, но беше толку наивен, толку искрен и простодушен, што понекогаш навистина можеше да се смета како налудничав. Ако сони некој сон, тој веднаш оди кај господата да им го раскаже. Им се меша на господата во разговор и не му е гајле што ги прекинува. Им раскажува работи какви што воопшто не смеат да им се раскажуваат на господата. Се облева со најискрени солзи кога госпоѓата паѓа во несвест или кога премногу ќе му го искараат господарот. Сочувствува во секоја несреќа. Понекогаш ѝ пристапува на генералицата, ѝ ги бакнува рацете и ја моли да не се лути — а генералицата великодушно му ги простува тие смелости. Чувствителен е до крајност, добар и кроток како јагне, весел како среќно дете. Сите го честат на својата маса.

Тој секогаш застанува зад столот на генералицата и многу сака шеќер. Кога ќе му дадат шеќер, тој веднаш го загризува со своите цврсти, како млеко бели, заби и неописливо задоволство му свети во веселите сини очи и на целото убаво лице.

Фома Фомич долго време се лутеше; но, откако увиде дека со лутење ништо не се постигнува, тој наеднаш реши да му биде добротвор на Фалалеја. Откако најнапред го искара вујко ми, што не се грижи за образованието на домашните слуги, тој реши веднаш да го учи кутрото дете на фини, убави манири и на француски јазик. „Како“! велеше тој бранејќи ја својата неприлична мисла (мисла што не му доаѓаше во главата само на Фома Фомич, за што е сведок и авторот на овие редови), „како! тој секогаш е горе кај својата госпоѓа: наеднаш, заборавајќи дека тој не знае француски, таа му рече, на пример, д о н ѐ м у а́ м о н м у ш у а р[1]) — тој е должен и тука да се снајде, и тогаш да ја послужи!“ Но се покажа дека не само што не беше можно да се научи Фалалеј на француски, туку и готвачот Андрон, неговиот вујко, кого несебично се мачеше да го научи руски да пишува и да чита, уште одамна мавна со раката и го стави букварот на полица! Фалалеј беше толку тап за учење од книги,

[1]) Дајте ми ја мојата шамија. — П р е в.

што апсолутно ништо не разбираше. Дури и повеќе, од тоа произлезе и целиот настан. Спахиските слуги почнаа да го задеваат Фалалеја дека е Французин, а стариот Гаврил, заслужниот вујко камердинер[1]), отворено се осмели да порекнува дека е корисно да се учи француски. Тоа дојде до Фома Фомич, тој се налути и за казна го натера самиот противник, Гаврил, да учи француски. Ете така настана таа работа со францускиот јазик што го беше толку многу налутила господинот Бахчеев. Со манирите беше уште полошо. Фома не можеше апсолутно според својата волја да го воспита Фалалеја, кој, наспроти на забраната, секое утро доаѓаше да му раскажува што сонувал, што од своја страна Фома Фомич го сметаше како крајно непристојно и фамилијарно. Но Фалалеј остануваше — Фалалеј. Се разбира, за сето тоа најмногу добиваше мојот вујко.

— Знаете ли, знаете ли вие што стори тој денеска? — викна Фома така заради поголем ефект одбирајќи го времето кога сите беа собрани. — Знаете ли вие, полковнику, до што доведува вашето систематско галење? Денеска тој изеде едно парче пирог[2]) што му го дадовте на масата и знаете ли што рече потоа? Ела ваму, ела ваму, црна душо, ела ваму идиоту, муцко црвена!

Фалалеј пристапува и плачејќи си ги брише очите со рацете.

— Што рече кога ја изеде питата? Повтори пред сите!

Фалалеј не одговара и се облева во горчливи солзи.

— Кога е така тогаш јас ќе кажам. Рече, удирајќи се по својот надуен и непристоен мев: „Се нафукав пироги како Мартин сапун!“ Ве молам, полковнику, зар се зборува со такви фрази во образовано друштво, па дури и повисоко? Дали тоа го рече или не? Зборувај!

— Го ре-ков!... — потврдува Фалалеј липајќи.

---

[1]) Собар. — Прев.

[2]) Вид пита, баничка. — Прев.

— Е, сега кажи ми: зар Мартин јаде сапун? Каде си видел таков Мартин што јаде сапун? Де, зборувај, кажи ми за тој феноменален Мартин!

Молчење.

— Јас те прашувам — настојува Фома — кој е тој Мартин? Би сакал да го видам, би сакал да се запознам со него. Значи, кој е тој? Регистратор астроном, пошехонец[1]), поет, интендант, спахиски слуга, па некој мора да биде! Одговарај.

— Спа-хи-ски слу-га — одговара најпосле Фалалеј, плачејќи и понатаму.

— Чиј? На кои господа?

Но Фалалеј не умее да го изговори зборот господа. Се разбира, завршува со тоа што Фома, налутен, бега од собата и вика дека го навредиле; за генералицата настанува паѓање во несвест, а вујко ми го проколнува часот кога се родил, ги моли сите да му простат и целиот преостанат дел од денот оди на прсти низ своите сопствени соби.

Како намерно се случи токму утредента, по настанот со Мартиновиот сапун, кога изутрина Фалалеј донесе чај и успеа сосема да го заборави и Мартина и целата вчерашна незгода, му соопшти на Фома Фомич дека сонувал бел бик. Уште само тоа требаше! Фома Фомич неописливо се налути, веднаш го повика вујко ми и почна да го кара поради непристојниот сон што го сонил неговиот Фалалеј. Овојпат беа преземени строги мерки: Фалалеј беше казнет, клечеше во аголот. Строго му забранија да сонува такви груби селски соништа. „Зошто јас се лутам — велеше Фома — само за тоа што всушност тој не би смеел ни да помисли да ми дојде со своите соништа, особено со бел бик; покрај тоа — признајте и сам полковнику — што значи бел бик ако не доказ на грубост, неукост, простаклак на вашиот неизделкан Фалалеј? Какви мисли, такви соништа. Зар не зборував уште порано дека од него нема да стане ништо и дека не треба да се остава горе, кај господата? Никогаш, вие никогаш нема да ја преобразите таа тапа простонародна душа во не-

[1]) Прост и сосема заостанат човек. — Прев.

што возвишено, поетско.“ — „Зар ти не можеш — продолжуваше обрнувајќи се кон Фалалеја — зар ти не можеш да сонуваш нешто отмено, нежно, благородно, некоја сцена од фино друштво, на пример: господа што играат карти или дами што шетаат по некој прекрасен парк?“ Фалалеј вети дека идната ноќ бездруго ќе сонува господа или дами што шетаат во некој прекрасен парк.

Кога легна да спие, Фалалеј со солзи го молеше господа и долго мислеше што да прави за да не сони проклет бел бик. Но човечките надежи се лажливи. Кога идното утро се разбуди со ужас се сети дека цела ноќ пак сонувал еден одвратен бел бик и дека не сонил ни една дама што шета во прекрасниот парк. Овојпат последиците беа специјални. Фома Фомич решително изјави дека не верува во можноста за сличен случај, во можноста од слично повторување на еден сон, туку дека Фалалеја нарочно го подучил некој од домашните, можеби и самиот полковник, за да му се инаети на Фома Фомич. Имаше многу викотници прекори и солзи. Приквечер генералицата задрема: сите во куќата ги спуштија носовите. Остануваше само уште слабата надеж дека идната, то ест третата ноќ, Фалалеј бездруго ќе сони нешто од повисокото општество. Но колкаво беше општото негодување кога цела недела едноподруго, секоја божја ноќ, Фалалеј постојано сонуваше бел бик и само бел бик! За повисокото општество ни збор.

Но најинтересно беше тоа што Фалалеј никако не можел да се сети да излаже, просто да каже дека не сонувале бел бик, туку на пример, некоја полна кочија со дами и со Фома Фомич; дотолку повеќе што да се лаже во таков краен случај дури не би било ни грешно. Но Фалелеј беше толку искрен што апсолутно не умееше да излаже, па дури и да сакаше. Значи, не го тераа на тоа. Сите знаеја дека тој ќе се издаде уште во првиот момент и дека Фома Фомич веднаш ќе го фати во лага. Што можеше да се стори? Положбата на вујко ми стануваше неподнослива. Фалалеј беше апсолутно непоправлив. Кутрото момче дури почна

да слабее од мака. Клучарката Малања тврдеше дека го урочиле, па му гаснеше јаглен. Во таа корисна операција учествуваше и милосрдната Прасковја Илинична. Но и тоа не помогна.

— Ѓавол да го носи, проклетник! — раскажуваше Фалалеј. — Секоја ноќ го сонувам! Секоја вечер се молам: „Немој да ми се сониш сону за белиот бик, немој да ми се сониш, за белиот бик!“ А тој тука па тука, проклетник еден стои пред мене, голем, со рогови, со онаа глупава муцка, у-у-у!

Вујко ми беше очаен. Но за среќа Фома Фомич како наеднаш да го заборави белиот бик. Се разбира, никој не веруваше дека Фома Фомич може да заборави толку важна работа. Сите со страв мислеа дека тој го чува белиот бик во резерва и дека ќе го извлече во првата погодна прилика. Потоа се покажа дека на Фома Фомич во тоа време не му беше до белиот бик: го окупираа други работи, други грижи други мисли му зрееја во корисната и многумислена глава. Ете зошто тој му дозволи на Фалалеј да здивне. Со Фалалеј здивнаа сите. Момчето стана повесело, дури почна да заборава што било, дури и белиот бик почна да се појавува сè поретко, иако сè уште понекогаш потсетуваше на своето фантастично постоење. Со еден збор, сè на светот би минало добро да не беше комаринското.

Треба да се напомне дека Фалалеј одлично танцуваше; тоа му беше главната способност, дури и нешто како професија; играше со енергија, со неисцрпна веселост, но особено го сакаше „Комаринскиот мужик“. Не поради тоа што многу му се допаѓаа лекомислените и во секој случај необјасниви постапки на тој ветерничав мужик — не, нему му се допаѓаше да игра комаринско просто затоа што за него беше апсолутно невозможно да се слуша комаринско, а да не се танцува при таа музика. Понекогаш, навечер, двајца-тројца лакеи, кочијаши, градинарот што свиреше на виолина па и неколку „нивни дами“ се собираа во едно друштвенце некаде на најоддалечената чистинка околу властелинските згради, подалеку од Фома Фомич; ќе почнеше музиката, игрите, а пред крај свечено ќе дој-

деше редот и на комаринското. Оркестарот се состоеше од две балалајки, една гитара и тапан на кој одлично чукаше коњушарот Миќушка. Тогаш требаше да се види што се случуваше со Фалалеј; тој играше до самозаборавање, до исцрпување на последната сила, поттикнуван од викањето и смеењето на публиката; ќе подвикнеше, викаше, се кикотеше, плескаше со рацете; играше како да е носен од некоја туѓа недофатлива сила која не можеше да ја совлада и упорно се трудеше да достигне што побрзо темпо на смелиот мотив, удирајќи со петиците од земјата. Тоа беа моменти на неговото вистинско уживање. И сето тоа ќе одеше добро и весело, ако гласот за комаринското најпосле не стигна до Фома Фомич.

Фома Фомич премре и веднаш испрати по полковникот.

— Сакав само од вас едно да разберам — почна Фома. — Дали вие сте се заколниле сосем да го упропастите тој несреќен идиот или не сосем? Во првиот случај јас веднаш се отстранувам; а ако не сакате сосем да го упропастите, тогаш јас . . .

— Ама што е? Што се случило? — извика вујко ми исплашено.

— Како што се случило? Па знаете ли дека тој го игра комаринското?

— Па . . . па што?

— Како, па што? — викна Фома. — И тоа го велите вие, нивниот господар и дури во некоја смисла татко! Па имате ли вие здрав поим за тоа што е комаринско? Знаете ли вие дека таа песна го прикажува еден одвратен мужик што се осмелил на најнеморална постапка во пијана состојба? Знаете ли вие на што посегнал тој развратен слуга? Ги погази најдрагоцените врски и ги згази, така да се каже, со своите селански чизмишта што се навикнати да го газат само подот на меана. Ама, разбирате ли дека вие со својот одговор ги навредивте моите најблагородни чувства? Разбирате ли вие дека со својот одговор ме навредивте мене лично? Го разбирате ли вие тоа или не?

— Ама, Фомо . . . Па тоа е само песна.

— Како само песна! И вам не ви е срам да признаете дека ја знаете таа песна, вие член на благородното општество, татко на чесни и невини деца и притоа полковник! Само песна! Ама јас сум уверен дека с таа песна земена од животот! Само песна! Но кој чесен човек може, а да не умре од срам, да признае дека ја знае таа песна, дека кога и да било ја чул таа песна? Кој, кој?

— Е па, ете, Фомо, и ти знаеш штом прашуваш — одговори простодушно збунетиот вујко.

— Како! Јас знам? Јас... јас... то ест! Ме навредија! — викна наеднаш Фома, скокајќи од столот и задушувајќи се од лутина. Тој никако не се надеваше на таков вчудовидувачки одговор.

Нема да ја опишувам лутината на Фома Фомич. Полковникот беше срамно истеран пред очите на чуварот на моралот поради непристојност и несоодветност на својот одговор. Но Фома Фомич сега се заколна дека на лице место ќе го фати Фалалеј во престап кога ќе го игра комаринското. Навечер, кога сите мислеа дека е со нешто зафатен, тој намерно излегуваше скришно во бавчата, ги обиколуваше зеленчуковите градини и се вовлекуваше во конопјето од каде што оддалеку се гледаше чистинката на која играа. Го демнеше кутриот Фалалеј, како ловец-птичка, замислувајќи со уживање, како, ако успее, ќе ја удри целата куќа, особено полковникот. Најпосле неговиот неуморен труд беше крунисан со успех: тој ги затече каде што играа комаринско! Разбирливо е потоа зошто вујко ми си ја кубеше косата кога го виде Фалалеј како плаче и кога го чу Видопљасов што јавуваше дека влегува Фома Фомич, кој толку неочекувано и во таков тежок момент се најде пред нас.

VII

ФОМА ФОМИЧ

Со напрегната љубопитност го набљудував тој господин. Гаврил со право го нарече малечко човече. Фома беше мал по раст, имаше светла и по малку бела коса, имаше кукест нос со ситни брчки и по целото лице. На брадата имаше една голема брадавица. Имаше педесетина години. Влезе тивко со одмерени чекори и наведнати очи. Но на неговото лице и на целата педантна фигура се забележуваше најбезобразното самоуверување. На мое чудење влезе во пеньоар, навистина од странска кројка, но сепак во пеньоар и притоа во патики. Јаката на неговата кошула не беше стегната со врска, беше раширена à l'enfant[1]); тоа на Фома Фомич му даваше извонредно глупав изглед. Се доближи до слободната фотелја, се поттргна кон масата и седна, не проговорувајќи ни збор никому. За миг исчезна сета збрка, сета вознемиреност од пред малку. Сè стивна така што можеше да се чуе мува како лета. Генералицата стана мирна како јагне. Сета ропска преданост на таа бедна идиотка спрема Фома Фомич сега беше обелоденета. Таа не можеше да му се нагледа на својот љубимец, се впи во него со очите. Девицата Перепелицина смеејќи се си ги триеше своите рачиња, а бедната Прасковја Илинична забележливо трепереше од страв. Вујко ми веднаш истрча:

---

[1]) Како кај дете. — Прев.

— Чај, чај, сестрице! Само посладок, сестрице; Фома Фомич сака посладок чај по спиењето. — Нели Фомо, за тебе посладок?

— Не ми е мене до вашиот чај! — проговори Фома пополека и со достоинство, мавнувајќи со раката, со загрижено лице. — Вам сè само да ви е послатко!

Тие зборови и, според својата педантна важност, неверојатно смешно Фомино влегување многу ме заинтересира. Ме интересираше да разберам до каде најпосле, заборавајќи ја пристојноста, ќе дојде безобразието на тој надуен господин.

— Фомо! — викна вујко ми. — Да ти го претставам мојот внук Сергеј Александрович! Сега допатува.

Фома Фомич ме измери од глава до петици.

— Се чудам како секогаш вие некако систематски сакате да ме прекинувате, полковнику — проговори тој по значајното молчење, не обрнувајќи воопшто внимание на мене. — Вам ви зборуваат за работа, а вие господ знае за што р а с п р а в а т е . . . Го видовте ли Фалалеја?

— Го видов Фомо . . .

— А, го видовте! Е па јас уште еднаш ќе ви го покажам штом сте го виделе. Можете да уживате во своето дело . . . во морална смисла. Ела ваму идиоту, ела ваму, холандско муцко! Дојди, дојди, ајде! Не плаши се.

Фалалеј се доближи липајќи со отворена уста и подголтнувајќи ги солзите. Фома Фомич го гледаше со задоволство.

— Нарочно го нареков холандска муцка, Павел Семјонич — забележа тој навалувајќи се во фотељата и свртувајќи се малку кон Обноскин што седеше до него — а и воопшто, знаете, не наоѓам за потребно да ги ублажам моите изрази во никој случај. Вистината мора да биде вистина. Било со што да се покрива калта, таа сепак ќе остане кал. Зошто и да се трудам да ублажувам? Да се обманувам себеси и другите! Само во глупавата монденска тиква би можела да се роди потреба од такви бесмислени пристојности. Кажете — ве земам вас за судија — наоѓате ли вие на

таа муцка нешто убаво? Мислам нешто високо, прекрасно, возвишено, а не некоја црвена муцка?

Фома Фомич говореше тивко, одмерено и со некаква величествена рамнодушност.

— На него има нешто прекрасно! — одговори Обноскин со некоја дрска немарност. — Мене ми се чини дека е тоа просто едно добро парче ростбиф[1]) и ништо повеќе...

— Денеска се доближив до огледалото и се гледав во него — продолжи Фома свечено, испуштајќи ја заменката јас. — Ни оддалеку не се сметам себеси за убавец, но, сакал или не, дојдов до заклучок дека има нешто во ова сиво око по што се разликувам од каков и да е Фалалеј. Па тоа е мисла, па тоа е живот, па тоа е ум во ова око. Не се фалам баш со самиот себе. Зборувам воопшто за нашиот сталеж. Што мислите вие сега: може ли да има какво и да било парче, каква и да било одломка од душата во тој жив бифтек? Не, навистина, внимавајте Павел Семјонич, како е кај тие луѓе што се сосем без мисли и идеали и јадат само говедско месо, како е кај нив секогаш одвратна свежата боја на лицето, грубо и глупаво свежа! Дали сакате да го дознаете степенот на неговото мислење? Еј ти мустро! Дојди малку поблиску да ти се нагледаме! Што си ја раширил устата? Ќе голтнеш цел кит! Дали си ти прекрасен? Одговори: дали си ти прекрасен?

— Јас сум пре-кра-сен! — одговори Фалалеј липајќи придушено.

Обноскин пукна од смеење. Јас почувствував дека започнувам да треперам од бес.

— Чувте ли? — продолжи Фома свечено, обрнувајќи му се на Обноскин. — Ќе чуете уште! Јас дојдов да го земам на испит. Гледате ли Павел Семјонич, има луѓе што сакаат да го расипат и упропастат овој несреќен идиот. Можеби јас строго судам, можеби се лажам; но јас зборувам од љубов кон човештвото. Тој пред малку ја играше најнепристојната игра на светот. Овде никој за тоа не се загрижува. Еве, да

---

[1]) Печено говедско месо на жар. — Прев.

чуете. Одговори: што правеше пред малку? Де, одговори, одговори веднаш, слушаш ли?

— И — и-грав . . . — проговори Фалалеј липајќи сè посилно.

— А што играше? Каква игра? Де, зборувај.

— Комаринско . . .

— Комаринско! А кој е тој комаринец? Што е комаринско? Зар јас можам нешто да разберам од тој одговор. Де кажи ми: кој е тој Комаринец?

— Му-жик . . .

— Мужик! Само мужик? Се чудам! Значи прочуен мужик! Значи тоа е некој прочуен мужик штом за него веќе составуваат песни и игри? Ама, не, одговарај!

Да му ја извлече душата на човека, тоа беше Фомина потреба. Тој си играше со својата жртва како мачка со глушец; но Фалалеј молчеше, липеше и не го разбираше прашањето.

— Ама одговори! — навалуваше Фома. — Тебе те прашаат: каков е тој мужик? Зборувај де! . . . Дали е поседнички, државен, ослободен, задолжителен, економски[1])? Многу мужици има . . .

— Е-ко-ном-ски . . .

— А економски! Слушате ли Павел Семјонич? Нов историски факт: комаринскиот мужик е — економски. Хм! . . . Е па што сторил тој економски мужик? За какви подвизи толку го пеат и за него . . . играат?

Прашањето беше незгодно, а бидејќи се однесуваше на Фалалеј и опасно.

— Ех . . . вие . . . па сепак . . . — забележа Обноскин, гледајќи ја својата мама што почнуваше да се врти на отоманот некако чудно. Но што можеше да се прави? Ќудта на Фома Фомич се сметаше како закон.

— Вујко, ве молам, ако вие не го замолкнете тој будала, па тој . . . гледате ли што цели? Фалалеј нешто сигурно ќе истресе, верувајте . . . — му шепнав на

---

[1]) Тоа се мужици кои за време на ропството им припаѓаа на манастирите и црквите. — П р е в.

вујко ми што се беше збунил и не знаеше што да прави.

— Фомо, ти сепак би... — почна тој — еве ти го претставувам Фомо мојот внук, момчево, се занимава со минералогија...

— Полковнику, јас ве молам не прекинувајте ме со вашата минералогија во која, колку што знам, не се разбирате ни малку ни вие, а можеби ни другите. Јас не сум дете. Тој ќе ми одговори дека мужикот, наместо да работи за доброто на своето семејство, се опијанил, дека во крчмата го испил и својот кожув и пијан истрчал на улица. Во тоа, како што е познато, се состои и содржината на целата таа песна што го величи пијанството. Не грижете се, тој сега знае што треба да одговори. — Ама, одговори де: што стори тој мужик? Па јас ти шепнав, во уста ти ставив. Токму од тебе сакам да го слушнам тоа: што сторил, со што се прославил, со што заслужил таква бесмртна слава за да пеат веќе за него трубадурите? Де! Кажи!

Несреќниот Фалалеј, во својата тага, се врти и, во недоумица што да одговори, ја отвора и затвора устата како караш[1]) извлечена од вода на песок.

— Ми е срам да ре-чам! — промрмори тој најпосле сосем очаен.

— А! Ти е срам да кажеш! — го дочека Фома победнички. — Ете, тој одговор и сакав да го добијам полковнику! Срам му е да го каже, а не му е срам да го прави? Ете ви ја моралноста што вие ја посеавте, која никна и која вие сега... ја полевате. Но не треба да се трошат зборови. Оди сега в кујна Фалалеј. Сега нема ништо да ти кажам од почит кон публикава; но уште денеска, уште денеска ќе бидеш луто и тешко казнет. А ако не бидеш, ако и овојпат мене ме дадат за тебе, тогаш остани ти овде и теши ги своите господари со комаринското, а јас уште денес си одам од оваа куќа! Доста! Јас го реков своето. Бегај!

— Ех, вие некако баш строго... — промрмори Обноскин.

---

[1]) Вид риба слична на крап. — Прев.

— Точно, точно, точно! — викна вујко ми, ама се прекина и молкна. Фома мирно го погледна.

— Павел Семјонич, јас се чудам — продолжи тој — што работат тогаш сите тие современи литерати, поети, научници, мислители? Како да не обрнат внимание на тоа какви песни пее рускиот народ, при какви песни игра тој? Што правеа досега сите тие Пушкиновци, Лермонтовци, Бороздини? Се чудам, народот го игра комаринското, таа апотеоза на пијанството, а тие пеат за некаков незаборавок! Зошто не напишат повеќе морални песни за народна употреба и не се откажат од своите незаборавци? Тоа е социјално прашање! Нека тие ми опишат еден селанец, но облагороден селанец, така да кажам вистински селанец. Нека го опишат тој селски мудрец во целата негова простотија, па макар да е и во опинци, јас и на тоа се согласувам — но да биде преполн со добродетели на кои, смело тврдам, би можел да им завиди дури и некој премногу славен Александар Македонски. Јас ја знам Русија и Русија ме знае мене: затоа го зборувам ова. Нека го опишат тој селанец кој, да речеме, оптоварен со семејството и со белата коса, живее во задушлива визба, кој е да кажеме и гладен, но и задоволен и не се буни, што ја благословува својата сиромашија и што е рамнодушен спрема златото на богаташот. Нека самиот богаташ, трогнат во душата, најпосле му го донесе своето злато; во таа прилика нека се соединат добродетелите на селанецот со добродетелите на неговиот господар, па можеби и големец. Селанец и големец, толку оддалечени на општествената скала, се соединуваат најпосле во врлините; тоа е возвишена мисла. Меѓутоа, што гледаме ние? Од една страна незаборавци, а од другата — излегол од крчма и трча по улицата тетеравејќи се! Де, кажете, што има тука поетско? Во што може тука да се ужива? Каде е тука умот? Каде е грацијата? Каде е моралноста? Не можам да се начудам!

— Фома Фомич, за ваквите зборови ти должам сто рубли! — проговори Ежевикин восхитено.

— Ветар ќе добие од мене — ми шепна пополека. — Ласкај, ласкај!

— Па да... тоа добро го рековте — рече Обноскин.

— Ама совршено, совршено! — викна вујко ми што со најголемо внимание слушаше и гледаше во мене победнички. — Каква тема се започна! — шепна тој триејќи ги рацете. — Многустран разговор! Фома Фомич, ова е мојот внук — додаде вујко ми во изобилство од чувства. — И тој се занимаваше со литература, ти го претставувам.

Фома Фомич, како и порано, не обрна ни најмало внимание на препораката од вујко ми.

— Живи господа, не претставувајте ме повеќе! Јас сериозно ве молам — му шепнав на вујко ми решително.

— Иване Иванович! — почна наеднаш Фома обрнувајќи се кон Мизинчиков и гледајќи го упорно. — Ете, ние го рековме своето; какво е вашето мислење?

— Јас! Вие мене ме прашате? — со чудење се одзва Мизинчиков, а изгледаше како сега да го разбудија.

— Да, вас, ве молам. Ве прашувам, зашто ми треба мислењето на навистина умни луѓе, а не на какви и да било проблематични умници, што се умни само затоа што постојано ги претставуваат како умни, како учени, а понекогаш и намерно ги повикуваат за да ги покажуваат во шатори или во нешто слично.

Каменот беше фрлен право во мојата бавча. И инаку немаше сомневање дека Фома Фомич, што не ми обрнуваше никакво внимание, го започна целиот тој разговор за литературата само поради мене, да го ослепи, уништи, згази уште на првиот чекор петроградскиот научник, умниот човек. Барем јас не се сомневав во тоа.

— Ако сакате да знаете што мислам јас, јас... јас се согласувам со вашето мислење — одговори Мизинчиков против својата волја.

— Вие во сè се согласувате со мене! Веќе почна мака да ме фаќа — забележи Фома. — Ќе ви речам отворено Павел Семјонич — продолжи тој откако малку помолчи обрнувајќи се повторно кон Обноскина: — Ако јас и го ценам бесмртниот Карамзин, не го ценам ни поради историјата ни поради Марфа Посадница, ни поради Стара и нова Русија, туку токму затоа што го напиша Фрол Силин: тоа е извонреден еп! Тоа е чисто народно дело и нема да умре додека има свет и век! Еп над еповите!

— Ама токму така! Голема епоха! Фрол Силин е богатство од човек! Се сеќавам, сум го читал, па дури и откупил две девојки, па потоа гледал во небото и плачел. Возвишена црта — потврди вујко ми сјаејќи од задоволство.

Кутриот вујко! Тој никако не можеше да се воздржи да не се замеша во учениот разговор. Фома злобно се насмевна, но не рече ништо.

— Впрочем и сега пишуваат интересно — претпазливо! — се замеша Анфиса Петровна. — Ете, на пример, Бриселските тајни.

— Не би рекол — забележи Фома некако сожалувачки. — Неодамна читав една песна... „Незаборавок“. Па што! А ако сакате да знаете од најновите најмногу ми се допаѓа „Препишувач“ — лесно перо.

— „Препишувач“ — извикна Анфиса Петровна. — Тоа е оној што со таков потпис пишува писма во списанието? Ах, колку е тоа убаво! Каква е тоа игра на зборови!

— Токму така, игра на зборови. Тој, така да се каже, игра со перо. Необично лесно перо!

— Да, само е педантен — невнимателно забележа Обноскин.

— Педантен, педантен, не оспорувам, но мил педант, грациозен педант! Се разбира, ни една негова идеја не би издржала темелна критика, но те занесува леснотијата! Дрдорко — признавам — но мил дрдорко, грациозен дрдорко! Се сеќавате ли, на пример, во една литературна статија тој пишува дека има имот?

— Имот? — прифати вујко ми. — Тоа е добро. Во која губернија?

Фома застана, остро го погледна вујко ми и продолжи со ист тон:

— Да, речете ми сега заради здравиот ум: зошто јас, читателот, треба да знам дека тој има имот? Ако има, јас му честитам! Но колку е тоа мило, колку е шеговито опишано! Тој сјае од духовитост, тој блика од духовитост, врие! Тоа е некој Нарзан[1]) од духовитост. Да, така треба да се пишува! Ми се чини дека токму така јас би пишувал кога би се согласил да пишувам во списанијата.

— Можеби и уште подобро, молам — со почитување забележи Ежевикин.

— Дури има и нешто мелодично во стилот! — потврди вујко ми.

Фома Фомич најпосле не издржа.

— Полковниче, — рече тој — можам ли да ве замолам, се разбира, со сета можна деликатност, да не ни пречите и да ни дозволите спокојно да го довршиме разговорот. Вие не можете да давате мислење за нашиот разговор, не можете! Не расипувајте ни го пријатниот литературен разговор. Занимавајте се со економијата, пијте чај, но... оставете ја литературата на мира, таа нема за тоа да пропадне верувајте!

Тоа веќе беше врвна точка на дрскоста! Не знаев што да мислам.

— Па ти, Фомо, самиот велеше дека е мелодично — со тага проговори збунетиот вујко.

— Така е. Јас зборував со познавање на работите, јас зборував кога требаше, а вие?

— Да, ние умно зборувавме — прифати Ежевикин виткајќи се околу Фома Фомич. — Ние имаме толку малку памет што мораме да ја зајмуваме, одвај — одвај ќе има за две министерства, а како ќе можеме да се снајдеме и со третото — така е тоа кај нас!

— Их, значи пак нешто истресов! — заклучи вујко ми и се насмевна со својата добродушна насмевка.

---

[1]) Извор на минерална вода на Кавказ. — Прев.

— Барем признава — забележа Фома.

— Ништо, ништо Фомо, не се лутам. Јас знам дека ти мене ме запираш како пријател, како роден брат. Самиот јас тоа си го дозволив, дури те молев за тоа. Тоа е добро! Тоа ми е и мене корисно! Благодарам и ќе го користам тоа?

Мене ме напушташе стрпливоста. Сè што дотогаш го знаев од слушање за Фома Фомич ми се чинеше малку презголемено. А сега, кога сето тоа го видов со своите очи, моето чудење беше безгранично. Не си верував себеси; не можев да ја разберам таквата дрскост, таквото безобѕирно самоволие од една страна, а толку доброволно робување, толку лековерна добродушност од друга страна. Најпосле, дури и вујко ми беше збунет од таквата дрскост. Тоа беше јасно... горев од желба некако да се грабнам со Фома, да се судрам со него, да му очитам лекција, но онака чесно — па што сака нека биде! Таа мисла ме воодушеви. Барав прилика и, чекајќи ја приликата, сосема го здробив работ на шапката. Но приликата не се укажуваше: Фома апсолутно не сакаше да ме забележи.

— Фомо, ти зборуваш вистина — продолжи вујко ми, трудејќи се со сета сила да му се допадне и со нешто да го забошоти непријатниот поранешен разговор. — Да, вистината ја зборуваш, Фомо. Ти благодарам. Најнапред треба работата да се познава па дури тогаш за неа да се даде мислење. Се каам! Повеќепати бев во таква положба. Претстави си Серјожа, еднаш јас и испрашував на испит... Вие се смеете! Па еве чујте! Богами, полагав испит нема што. Ме викнаа во една институција кога се одржуваа испити, па ме седнаа заедно со испитувачите, онака од почит, беше празно местото. А јас, признавам, дури и се исплашив, ме опфати некој страв, ама ни еден единствен предмет не знам! Што ќе правам сега! Си мислам, сега и мене ќе ме изведат на табла! А кога потоа, не стана ништо, сè добро се сврши; дури поставував и прашања, испрашував: кој беше Ное? Воопшто одлично одговараа; потоа појдовме и за напредок пиевме шампањско. Одлична институција.

Фома Фомич и Обноскин пукнаа од смеење.

— А и самиот се смеев — рече вујко ми смеејќи се добродушно како што само може да биде и радувајќи се што сите се развеселија. — Сеедно Фома, сега кај пукнало нека пукне! Сите ќе ве расположам, ќе ви раскажам како зацапав еднаш... Замисли, Серјожа, ние еднаш престојувавме во Красногорск...

— Дозволете, полковнику да ве прашам: долго ли ќе ја раскажувате вашата приказна? — го прекина Фома.

— Ах, Фомо, тоа е прекрасна приказна, просто човек да пукне од смеење. Само ти слушај: убаво е тоа, богами убаво е. Ќе ви раскажам како зацапав еднаш.

— Јас секогаш со задоволство ги слушам вашите приказни кога се од таков вид — проговори Обноскин проседајќи се.

— Нема каде, мораме да слушаме — реши Фома.

— Ама бога ми Фомо, убаво ќе биде. Анфиса Петровна, сакам да раскажам како еднаш зацапав. Слушај и ти Серјожа: тоа е дури и поучно. Еднаш престојувавме ние во Красногорск — почна вујко ми сјаејќи од задоволство, брзо и забрзано, со безбројни уводни реченици, како и секогаш кога започнува да раскажува нешто за да го занимава друштвото. — Уште истата вечер кога дојдовме јас отидов на театар. Прекрасна артистка беше Куропаткина; таа избега со коњичкиот капетан Зверков и пиесата не се доигра — мораа да ја спуштат завесата... Животно беше тој Зверков, и пиеше, и играше карти, но не затоа што беше пијаница туку така, да си поседи со друштво. Само кога прописно ќе се напиеше, сè забораваше: каде живее, во која земја, како се вика; со еден збор: апсолутно сè; но, всушност, беше прекрасно момче... Значи, седам јас во театарот. Меѓу два чина станав и се судрив со бившиот другар Корноухов... Верувајте ми, прекрасно момче. Веќе шест години навистина не се бевме виделе. Беше во војна, сиот изнареден со одликувања; сега, тоа го чув неодамна, веќе беше вистински државен советник; мина во цивилна служба, дојде

до висок чин... Е, се разбира, се зарадувавме. Ова, па она. А до нас во ложата седат три дами; онаа од левата страна, грдотија каква што човек не видел... Потоа разбрав дека е добра жена, мајка на семејство, го усреќила мажот. А јас како будала, бап! па на Корноухов му реков: „Кажи ми брате знаеш ли која е она страшило?“ — „Која?“ — „Па онаа.“ — „Па тоа е моја братучетка!“ Их, по ѓаволите. Претставете си ја мојата положба. Тогаш за да се поправам: „Ама не велам за таа. Имаш ли очи! Онаа бре што седи онде: која е таа?“ — „Тоа е мојата сестра.“ Их, господ да ме убие! А сестра му негова, како за инает, пупче од пупка, толку убава што не може да биде помила; облечена прекрасно, наредена со брошчиња, нараквици — со еден збор, седи како некое ангелче; подоцна се омажила за прекрасен човек, за некој Пихтин; избегала по него; се венчала без да ја побара тој; а сега сè е како што треба и богато живеат; татковците не можат да се нарадуваат!... Значи, накратко: „Ама не!“ велам јас, а не знам каде да погледнам, „не таа!“ — „мислиш на онаа во средината?“ — „Да, во средината.“ — „Па тоа е, брате, мојата жена...“ Меѓу нас нека биде речено: шеќерче, а не женче! То ест би ја изел толку што е слатка... Е, велам јас — „дали си видел будала кога и да било? На, еве го пред тебе е, а и главата му е тука! Сечи, не жали!“ Тој се смееше. По претставата ме запозна со нив и веројатно им раскажа за ова, обесеникот ниеден. Многу се изнасмеаја! И признавам, никогаш уште не сум го поминал времето толку весело. Ете, брате Фомо, како може понекогаш да се зацапа! Ха-ха-ха-ха!

Но напразно се смееше кутриот вујко, залудно обиколуваше наоколу со својот весел и добар поглед: гробното молчење беше одговор на неговата весела приказна. Фома Фомич седеше намуртено, не проговоруваше ни збор, а по него ни другите; само Обноскин лесно се насмевнуваше предвидувајќи ја лекцијата што ќе му биде очитана на вујко ми. Вујко ми се збуни и поцрвени. На Фома тоа и му требаше.

— Дали завршивте? — праша најпосле тој важно обрнувајќи се кон збунетиот раскажувач.

— Да Фомо.

— И тоа ви е мило?

— То ест како мило, Фомо?

— Дали сега ви олесни? Дали сте задоволен што го расипавте пријатниот литературен разговор на пријателите што ги прекинавте и со тоа си го задоволивте вашето ситно самољубие?

— Фомо, остави го тоа! Јас сакав сите вас да ве развеселам, а ти . . .

— Да нѐ развеселите? — викна Фома и наеднаш необично се запали: — па вие сте кадарен да нажалите, а не да развеселите! Па знаете ли вие дека вашата приказна е речиси неморална? Јас и не велам непристојна; тоа се разбира . . . Вие пред малку изјавивте, со ретка грубост на чувствата, дека сте се смееле на невиноста на благородната благородничка само затоа што немала чест вам да ви се допадне. Па и нас сакавте да нѐ натерате да се насмееме, то ест да ви угодуваме, да ѝ угодуваме на вашата груба и непристојна постапка и сето тоа само заради тоа што сте вие домаќин во оваа куќа. Според вашата волја, полковнику, вие можете да си најдете за себе ласкавци, лижичинии, партнери, можете дури и да ги порачувате од далечни земји и така да ја зголемите вашата придружба за сметка на искреноста и на отворената благородност на душата; но Фома Опискин никогаш нема да биде ни ласкавец, ни лижичинија, ни подлизурко ваш! Ако не за друго, за тоа јас ви гарантирам.

— Е Фомо! Ти Фомо не ме разбра!

— Не, полковниче, одамна ве разбрав, јас сосем ве познавам! Вас ве јаде безгранично самољубие; вие имате претензии за недостижна острина на умот и заборавате дека острината се затапува од претензиите. Вие . . .

— Доста, Фомо, жити господ! Засрами се барем од овие луѓе! . . .

— Ама, жално е сето тоа да се гледа полковнику, а кога човек гледа, не може да молчи. Јас сум сиромав, јас ж и в е а м од вашата мајка. Богами, дури можам да помислам дека ви ласкам со моето молчење;

а јас не сакам некој жолтоклунец да ме смета како ваш подлизурко! Можеби јас, влегувајќи пред малку ваму, и намерно ја зголемив својата вистинска отвореност, намерно бев принуден да станам тукуречи груб токму поради тоа што вие самиот ме ставате во таква положба. Вие сте премногу надуен спрема мене, полковнику. Мене уште можат да ме сметаат како ваш роб, бадијалџија. Вие уживате да ме понижувате пред непознати луѓе, а јас сум како вас, слушате ли? Како вас во секој поглед. Дури можеби јас ви правам чест што живеам кај вас, а не вие мене. Мене ме понижуваат; според тоа јас морам самиот себеси да се фалам — тоа е природно! Јас не можам да молчам, јас морам да говорам, морам веднаш да протестирам и затоа отворено и јасно ви велам дека сте вие феноменално завислив! Вие гледате, на пример, дека во еден прост пријателски разговор човекот случајно го искажа своето знаење, начитаноста. „Де, и јас своето знаење и вкус да го покажам!“ А каков е вашиот вкус, дозволувате ли да кажам? Вие во убавото се разбирате исто толку, извинете полковнику, колку што на пример магарето се разбира во кантар, Тоа е остро, грубо — признавам, ама барем е искрено и вистински речено. Тоа нема да го чуете од своите ласкавци, полковнику.

— Ех, Фомо!

— Да, „ех Фомо“. Се разбира, вистината не се пердуви. Де, добро; ние после уште ќе зборуваме за тоа, а сега дозволете и јас малку да го развеселам друштвово. Не можете само вие да се истакнувате, Павел Семјонич! Го гледате ли вие она морско чудо во човечки облик? Јас одамна веќе го гледам. Загледајте се во него; ама тој сака да ме голтне жив, целиот!

Стана збор за Гаврила. Стариот слуга стоеше кај вратата и навистина тажно гледаше како му го караа господарот.

— Павел Семјонич, и јас сакам да ве занимавам со една претстава. Ај ти птицо, ела ваму. Ама удостојте нè да се доближите поблиску Гавриле Игњатич!

— Тоа е ете, гледате ли, Павел Семјонич, Гаврил; поради грубоста и за казна учи француски. Јас како Орфеј ги омекнувам овдешните карактери, само не со гесни, туку со францускиот јазик. Но, Французине мсје шематон — не може да го поднесе тоа да му се каже: мсје шематон — ја знаеш ли лекцијата?

— Ја набубав — одговори Гаврил наведнувајќи ја главата.

— А, парле ву франсе?[1])

— Уи, мсје жл парл ен пе...[2])

— Не знам дали тажната фигура на Гаврила при изговорот на француската реченица беше причина или сите однапред ја погодија желбата на Фома да се смеат, туку сите бувнаа да се смеат штом Гаврил мрдна со јазикот. Дури и генералицата почна да се смее. Анфиса Петровна, потпирајќи се на отоманот, пукаше од смеење засолнувајќи се со ладалото. Најсмешно беше тоа што Гаврил, гледајќи во што се претвори испитот, не издржа туку плукна и со прекор проговори: „Еве каков срам доживеав на стари денови!“

Фома Фомич се поттргна.

— Што? Што рече? Сакаш да станеш безобразен?

— Не, Фома Фомич — со достоинство одговори Гаврил. — Моите зборови не се безобразни и не ми прилега мене, на слугата, пред тебе, роденият господар, да бидам безобразен. Туку секој човек носи божји образ на себе, носи негов образ и подобие. Јас веќе имам шеесет и три години. Мојот татко го помни одметникот Пугачов, а дедо ми, заедно со господарот Матвеј Никитич — господ да им даде царство небеско — Пугачов го обеси на една топола, поради што кај покојниот господар Афанасиј Матвеич, мојот родител беше почитуван повеќе отколку сите други, служеше како камердинер, а умре како главен слуга. А јас, господару Фомо Фомич, иако сум господски слуга, ваков срам како сега не сум доживеал откако сум се родил!

---

[1]) Говорите ли француски? — Прев.

[2]) Да, говорам по малку. — Прев.

И со последните зборови Гаврил ги рашири рацете и ја наведна главата. Вујко ми го гледаше неспокојно.

— Гавриле, де, доста, доста! — викна тој. — Што си се разврзал толку! Доста.

— Ништо, ништо, — рече Фома лесно погледнувајќи и насмевнувајќи се изнасилено. — Нека раскажува; сите тие се ваши плодови . . .

— Сè ќе кажам — продолжи Гаврил со необичен занес — ништо нема да кријам! И кога ќе ги врзат рацете, јазикот останува неврзан! Колку и да сум, за тебе Фома Фомич, јас одвратен човек, со еден збор роб, сепак тоа ме навредува! Јас сум должен до века да ти служам и да ти бидам покорен затоа што сум роден во ропство и што секоја должност морам да ја вршам со страв и трепет. Кога ти ќе седнеш да пишуваш книга, јас не смеам никого да пуштам кај тебе за да не ти пречи; а тоа е и мојата должност. Ако треба да те послужам, ќе го сторам тоа со најголемо задоволство. Но на стари дни јас да лаам како странец и да се срамам пред светот! Па во слугинската соба јас веќе не смеам да влезам. „Бре, Французин“ — велат — „Бре, Французин“! Не господару Фомо Фомич, не само јас будалиот, туку и добрите луѓе веќе почнаа гласно да зборуваат дека вие станавте сосема лош човек, дека е нашиот господар пред нас исто што и едно мало дете; дека сте вие, навистина генерални син според родот, а и самите дека, можеби, сте дошле речиси до генерал, но дека сте толку лоши како вистинска фурија.

Гаврил заврши. Од восхит сиот бев надвор од себеси. Фома седеше блед од лутина поради општата збрка и како уште да не можеше да си дојде на себеси поради неочекуваниот напад од Гаврила; во тој момент како уште да размислуваше колку треба да се налути? Најпосле избувна.

— Што! Тој се осмели да ме куди мене, мене ли! Па тоа е бунт! — викна Фома и скокна од столот.

По него скокна генералицата и плесна со рацете. Настана збрка. Вујко ми летна да го истурка престапникот Гаврил.

— Ставете го во пранги, во пранги! — викаше генералицата. — Веднаш со него в град, па дајте го војник, Егорушка! Ако така не сториш нема за тебе мој благослов. Веднаш стави му ги лисиците и дај го во војска!

— Што! — викаше Фома. — Роб ниеден! Халдеец! Хамлет! Се осмели мене да ме нагрди. Тој, тој бришач на моите чизми! Тој се осмели мене да ме нарече фурија!

Јас направив неколку чекори напред со необична решителност.

— Признавам дека во овој случај јас сосема се согласувам со мислењето на Гаврила! — реков гледајќи го Фома Фомич право во очите и треперејќи од возбудување.

Тој беше толку зачуден од испадот што отпрвин, ми се чини, не им веруваше на своите уши.

— Што ли е сега ова? — викна најпосле тој втурнувајќи се кон мене бесно и се впи во мене со своите ситни, закрвавени очи. — Па кој си ти?

— Фомо Фомич . . . — проговори вујко ми сосема збунет. — Тоа е Серјожа, внук ми . . .

— Научникот! — извика Фома. — Тој ли е оној научникот? Либерте́, егалите́, фратерните́! Журнал де дебá! Не брате, лажеш! Во Саксонија не беше! Не е ова Петроград. Нема да нè насамариш! Плукам јас на твојот де дебá! Кај тебе е де дебá, а според нас произлегува: „не брате, слабо!“ „Научник! Па јас сум заборавил, десетпати по толку колку што ти знаеш! Ете таков научник си ти!“

Да не го запреа ми се чини дека ќе ми се нафрлеше со тупаници.

— Па тој е пијан! — реков гледајќи во недоумица!

— Кој? Јас? — се развика Фома како со туѓ глас.

— Да, вие!

— Пијан?

— Пијан.

Фома не можеше тоа да го поднесе. Викна како да го колат и летна од собата. Генералицата како да сакаше да падне во несвест, но сметаше дека е подобро да отрча по Фома Фомич. По него отрчаа и другите, а вујко ми зад сите нив. Кога си дојдов на себеси и се свртив наоколу, во собата го видов само Ежевикин. Тој се смееше и си ги триеше рацете.

— Пред малку ветивте дека ќе раскажувате за језуитчето — проговори со милозлив глас.

— Што? — прашав не сфаќајќи што станува.

— За језуитчето пред малку ветивте дека ќе раскажете . . . една анегдотичка . . .

Јас отрчав на терасата, а оттаму во градината. Во главата сè ми се вртеше.

VIII

ЉУБОВНА ИЗЈАВА

По градинката талкав петнаесетина минути, раздразнет и крајно незадоволен од самиот себе, мислејќи што да правам сега. Сонцето заоѓаше. Наеднаш, на свиокот во една мрачна алеја, се сретнав лице во лице со Настењка. Во очите имаше солзи, во рацете шамиче со кое си ги бришеше солзите.

— Јас вас ве барав — рече таа.

— А јас вас — одговорив. — Кажете: дали сум јас во некоја лудница?

— Никако, не сте во лудница! — рече таа навредено гледајќи ме внимателно.

— Е, ако е така, тогаш што се случува? Живи господа дајте ми некој совет! Каде отиде сега вујко ми? Можам ли јас да одам таму? Многу ми е мило што ве сретнав вас, можеби ќе ме научите на нешто.

— Не, подобро да не одите. И јас ги оставив.

— Па каде се тие?

— Којзнае! Можеби пак отидоа во градината — рече таа раздразнето.

— Во каква градина?

— Ама Фома Фомич минатата недела рече дека нема да остане дома и наеднаш отрча во градината, зеде од колиба една мотика и почна да ги копа леите. Ние сите се зачудивме: да не се мрднал од умот? „Еве — вели — за да не ми префрлувате после дека бадијала го јадам лебот, ќе копам земја и ќе го заработам лебот што сум го изел овде, а потоа ќе си

одам. Ете до каде ме доведоа!“ А околу него сите плачат и само што не клечат пред него, му ја грабаат мотиката; а тој копа ли копа. Сета репка ја прекопа. Еднаш му попуштија, па ете можеби тоа сега го повторува. Не би било чудно за него.

— А вие... а вие тоа го раскажувате толку ладнокрвно! — викнав со најголемо негодување.

Таа ме погледна, а очите ѝ светнаа.

— Простете ми, јас веќе не знам што зборувам! Слушајте, познато ли ви е вам зошто сум дошол ваму?

— Н... не — одговори таа поцрвенувајќи и некакво непријатно чувство се покажа на нејзиното мило лице.

— Вие мене извинете ме, — продолжив — јас сега сум растроен, чувствувам дека не би требало така да почнувам да зборувам за тоа... Особено со вас... Ама, сеедно! Според моето мислење најдобро е да бидам отворен во таквите работи. Признавам... то ест, сакав да кажам... вие ја знаете намерата на вујко ми? Тој ми нареди вас да ве побарам...

— О, каква глупост! Ве молам не кажувајте го тоа! — рече таа прекинувајќи ме брзо и сета се вцаши.

Јас се здрвив.

— Каква глупост? Па тој ми пиша.

— Значи, сепак тој ви пишал? — рече таа живо. — Ах, каков е тој! А колку ми ветуваше дека нема да пише! Ама глупост! Господи, тоа е навистина глупост!

— Простете ми — промрморив јас не знаејќи што да кажам — можеби постапив непретпазливо, грубо... Но таков е моментот! Помислете: којзнае што сè има околу нас.

— Ох, живи господа, не извинувајте се! Верувајте дека мене ми е и без тоа тешко да слушам, а меѓутоа, оценете: јас и самата сакав да започнам со вас разговор, нешто да разберам... Ах колку е тоа непријатно! Значи, сепак тој ви пишал? Па од тоа најмногу се плашев! Боже мој, каков е тој човек! А

вие му поверувавте и дотрчавте ваму. Само уште тоа требаше!

Не криеше дека сето тоа ѝ е непријатно. Мојата положба не беше завидна.

— Признавам, јас не очекувам таков пресврт — проговорив сосема збунет... — Напротив јас мислев...

— А така, вие сте мислеле? — рече таа малку иронично и лесно се гризна за усната. — Ќе ми го покажете ли писмото што ви го напишал?

— Да.

— Ве молам не лутете ми се, немојте да се најдете навреден и без тоа има доста неволи! — рече таа со молбен глас, а притоа една подбивна насемвка лесно ѝ заигра на убавите усни.

— Ох, ве молам, немојте да ме семтате за будала! — викнав јас пламено. — Туку можеби вие имате предубедување за мене? Можеби некој ме оцрнил пред вас? Можеби тоа вие го зборувате затоа што пред малку јас онаму се засрамив? Ама тоа не е ништо, верувајте. И самиот сфаќам каков будала излегувам сега пред вас. Ве молам, немојте да ми се подбивате! Јас не знам што зборувам... А сето тоа доаѓа оттаму што ги имам тие проклети дваесет и две години!

— О, боже мој! Па што!

— Како, па што? Па на оној што има дваесет и две години нему тоа му е напишано и на челото, како што ми е мене, на пример, кога пред малку избувнав среде соба, или сега пред вас...

— Ох, не! — одговори Настењка, одвај воздржувајќи се да не се насмее. — Јас се уверив дека сте вие и добар, и мил, и умен и јас тоа навистина искрено го зборувам! Туку... вие сте само многу самољубив. Од тоа уште не можете да се излекувате.

— Мене ми се чини дека сум јас самољубив само толку колку што е потребно.

— А, не. А она пред малку кога се збунивте, и тоа уште и зошто? Затоа што се сопнавте кога влеговте!... Какво право имавте вие да го изложувате на подбив вашиот добар, вашиот великодушен вујко што

ви направил толку добро! Зошто сакавте да го направите смешен него кога вие бевте смешни? Тоа беше грдо, срамно! Тоа не ви прави чест и ви признавам бевте многу несимпатичен во тој момент, да го знаете тоа!

— Тоа е точно! Бев магаре! И дури полошо од тоа: постапив подло! Вие тоа го забележивте и јас веќе сум казнет. Карајте ме, смејте ми се, но ислушајте ме: можеби најпосле ќе го измените мислењето — додадов занесен со некое необично чувство. — Вие мене ме знаете сè уште толку малку што потоа, кога подобро ќе ме запознаете, тогаш можеби ќе...

— Живи господ, да го оставиме тој разговор! — викна Настењка со забележлива нестрпливост.

— Добро, добро, да го оставиме! Ама... каде би можел да ве видам?

— Како, каде би можеле да ме видите?

— Па не може веројатно ова да биде нашиот последен разговор, Настасја Евграфовна! Живи господа, закажете ми состанок уште денеска. Впрочем, сега се стемнува. Туку знаете, само ако можете утре изутрина, порано; јас специјално ќе наредам да ме разбудат порано. Знаете, онде покрај рибникон, има една сеничка. Јас се сеќавам, го знам патот. Јас овде сум живеел кога бев мал.

— Состанок! А зошто ни е? Па ние сега и без него зборуваме.

— Но јас сега уште ништо не знам, Настасја Евграфовна. Јас треба најнапред сè да разберам од вујко ми. Најпосле, тој мора сè да ми каже, а јас тогаш ќе ви кажам нешто многу важно...

— Не, не! Не е потребно, не е потребно! — викна Настењка. — Да свршиме сè сега, одеднаш, така што потоа да нема ни трага. А во онаа сеничка не одете бадијала: ве уверувам дека нема да дојдам и, ве молам, исфрлете ја од главата таа глупост — јас сериозно ве молам...

— Значи, вујко ми со мене постапи како луд! — викнав во настап на неиздржлива лутина. — Па зошто тогаш ме викна?... Туку, слушајте, каква е тоа врева?

Бевме близу до куќата. Низ отворените прозорци се слушаше викотница и некои необични извици.

— Боже мој! — рече таа побледувајќи. — Пак! Јас тоа и го насетував.

— Сте насетувале? Настасја Евграфовна, уште едно прашање. Јас, се разбира, немам ни најмалку право, но решавам да ви го поставам тоа последно прашање заради општото добро. Кажете ми отворено, а јас нема да ве кажам никому: дали е вујко ми вљубен во вас?

— Ах! Ве молам, исфрлете ја таа глупост од вашата глава, еднаш засекогаш! — викна таа пламнувајќи од лутина. — И вие тоа! Да е вљубен не би сакал да ме даде за вас — додаде таа со горчлива насмевка. И од каде, од каде сте го вообразиле тоа? Па зар вие не разбирате во што е работата. Ги слушате ли оние извици?

— Ех . . . тоа е Фома Фомич.

— Се разбира, Фома Фомич; но сега станува збор за мене, зашто и тие го велат она што го велите и вие, таа иста глупост; и тие се сомневаат дека е тој вљубен во мене. А колку сум јас кутрата ништожна и колку е лесно мене да ме оцрнат, а тие сакаат да го женат за друга и бараат да ме истера од куќава, да си одам кај татко ми, за да бидам безопасна. А кога тоа ќе му го спомнат нему, тој веднаш избувнува; готов е да го раскине Фома Фомич. Ене, сега тие двајцата поради тоа викаат; јас насетувам дека е тоа поради мене.

— И така, тоа е сè точно! Значи, дека тој сигурно ќе се жени за Татјана?

— Каква Татјана?

— Па онаа глупавата.

— Како глупава! Таа е добра. Немате право така да зборувате! Таа има благородно срце, поблагородно отколку многу други. Таа не е виновна што е несреќна.

— Простете. Да кажеме дека вие имате полно право во тоа, но нели се лажете во главното? Кажете, како забележав дека тие убаво го примаат вашиот татко! Па кога би се лутеле толку многу на вас, како

што вие велите и кога би ве истерале одовде, тогаш тие би му се лутеле и нему и нељубезно би го примале.

— Па зар вие не гледате што прави татко ми заради мене? Тој како шут се врти пред нив! Него го примаат токму поради тоа што успеа да му се додвори на Фома Фомич. А бидејќи и Фома Фомич беше лакрдијаш, тоа нему му ласка, и тој да има лакрдијаш. Што мислите, заради кого тоа го прави татко ми? Тој го прави тоа поради мене, само поради мене. Нему тоа не му треба; нема тој поради себе никому да му се поклони. Можеби тој е и многу смешен во нечии очи, но благороден е, извонредно благороден човек! Тој мисли којзнае зошто — сигурно не затоа што овде јас добивам добра плата верувајте — тој мисли дека е за мене подобро да останам овде во оваа куќа. Но сега сосем го разубедив. Му напишав решително писмо. Тој затоа и дојде да ме одведе, и ако треба уште утре, зашто ова повеќе не може да се поднесува: сакаат жива да ме изедат и јас знам сигурно дека сега таму викаат поради мене. Тие и него ќе го растргнат поради мене, и него ќе го упропастат! А тој ми е мене исто што и татко, слушате ли, и повеќе отколку мој роден татко! Нема да чекам. Јас знам повеќе од другите. Уште утре, уште утре ќе си одам! Којзнае: можеби поради тоа тие ќе ја одложат, макар за извесно време, и неговата свадба со Татјана Ивановна... Ете, сега сè ви раскажав. Раскажете му го вие тоа и нему, зашто сега јас со него не можам ни да зборувам: ме клеветат, а особено онаа Перепелицина. Речете му да не се грижи за мене, дека јас повеќе сакам да јадам црн леб и да живеам во татковата визба, отколку да бидам причина за неговите маки овде. Но, боже мој, колку викаат! Колку врескаат! Што сè таму нема да се случи? Не, кај што пукнало нека пукне, јас веднаш одам таму. На сите ќе им кажам и тоа на сите право в очи, па што сака нека стане! Јас тоа морам да го сторам. Збогум.

И таа избега. Јас останав на истото место сосем свесен за тоа колку беше смешна улогата што морав пред малку да ја одиграм, во полна недоумица како

сето тоа сега ќе се заврши. Ми беше жал за кутрата девојка, а се плашев и за вујко ми. Наеднаш покрај мене се најде Гаврил. Во раката уште ја држеше својата тетратка.

— Повелете до вујко ви! — рече со тажен глас.

Јас се сепнав.

— До вујко ми? Каде е тој? Што станува сега со него?

— Во крајната соба. Таму каде што пред малку повелувавте да пиете чај.

— Кој е со него?

— Сами се. Чекаат.

— Кого? Мене?

— Испратија по Фома Фомич. Поминаа нашите златни денови! — додаде тој длабоко воздивнувајќи.

— По Фома Фомич? Хм! А каде се другите? Каде е госпоѓата?

— Во своите соби. Припаднаа, па сега лежат во несвест и плачат.

Така разговарајќи дојдовме до терасата. Надвор беше веќе сосем темно. Вујко ми, навистина, беше сам во онаа иста соба каде што се случи мојот судир со Фома Фомич и одеше по неа со големи чекори. На масите гореа свеќи. Кога ме виде, тој летна кон мене и силно ми ја стегна раката. Беше блед и тешко дишеше; рацете му се тресеа, а нервното треперење одвреме навреме му го тресеше целото тело.

IX

ВАШЕ ПРЕВОСХОДСТВО

— Пријателе мој! Сè е свршено, сè е решено! — проговори тој со некаков трагичен полушепот.

— Вујко, — реков — јас чув некакви извици.

— Извици, братче, извици; имаше секакви извици! Мама беше онесвестена и сега сè стои наглава. Но јас решив и останувам при своето. Серјожа, сега веќе од никого не се плашам. Сакам да им покажам дека и јас имам карактер, и ќе им покажам. И еве, нарочно испратив по тебе за да ми помогнеш да им покажам... Серјожа, срцето ми е растргнато... Ама сум должен, ама морам да постапам со сета своја строгост. Правичноста е неумолива!

— Ама, вујко, што се случило?

— Се разделувам од Фома — рече вујко ми решително

— Вујко! — викнав јас со восхит. — Ништо подобро не можевте да измислите! И ако јас нешто можам да помогнам за вашата одлука, тогаш... располагајте со мене отсега па до века.

— Ти благодарам, брате, ти благодарам! Но сега е веќе сè решено. Го чекам Фома, веќе сум испратил човек по него. Или тој, или јас! Мораме да се разделиме. Или утре Фома ќе излезе од оваа куќа или, ти се колнам, јас сите ќе ги оставам и пак ќе појдам во коњицата! Ќе ме примат; ќе ми дадат дивизион. По ѓаволите сиот овој систем! Отсега сè ќе оди по ново! Зошто ти е таа француска тетратка? — викна бесно

тргнувајќи кон Гаврила. — Фрли ја, запали ја, изгази ја, искини ја! Јас сум твојот господар и јас ти наредувам да не учиш француски. Ти не можеш, ти не смееш да не ме слушаш, зашто твојот господар сум јас, а не Фома Фомич!

— Слава тебе господи — промрмори за себе Гаврил.

Изгледаше дека сега навистина не е шега.

— Пријателе мој! — продолжи вујко ми со длабоко чувство. — Тие од мене го бараат невозможното! Ти ќе ми судиш; ти сега ќе дојдеш помеѓу нив и мене, како непристрасен судија. Ти не знаеш, ти не знаеш што бараа тие од мене и најпосле формално побараа, сè искажаа! Но тоа е спротивно на човекољубието, на благородството, на честа... Сè ќе ти раскажам; само најнапред...

— Вујко, јас веќе сè знам! — викнав прекинувајќи го. — Јас погаѓам... Пред малку разговарав со Настасја Евграфовна.

— Пријателе мој, сега ни збор за тоа! — брзо ме прекина тој како да се исплаши. — После сè ќе ти раскажам, ама засега... што е? — му викна на Видопљасов кој влезе? — Каде е Фома Фомич?

Видопљасов дојде да јави дека Фома Фомич „не сака да дојде и дека бараньето да дојдат го сметаат неверојатно грубо така што Фома Фомич повелаа поради тоа многу да се навредат".

— Доведи го! Довлечкај го! Ваму со него! Довлечкај го со сила! — викна вујко ми тропајќи со нозете на подот.

Видопљасов, кој никогаш не го видел својот господар толку налутен, се повлече со страв. Јас се зачудив.

„Мора да има нешто многу важно! — помислив јас — кога човек со таква нарав може да дојде до таква лутина и до такви одлуки."

Неколку минути молчејќи вујко ми одеше по собата, како да се бори самиот со себе.

— Впрочем, ти немој да ја кинеш тетратката — му рече најпосле на Гаврила. — Чекај и остани овде, можеби уште ќе затребаш. Пријателе мој — додаде

обрнувајќи се кон мене — јас, пред малку, како премногу да викав. Секоја работа треба да се врши со достоинство, со машкост, без викање, без навреди. Токму така. Серјожа, знаеш што, нема ли да биде подобро ти да си одиш одовде? Тебе ти е сеедно. Јас после сè ќе ти раскажам, нели? Што мислиш? Направи го тоа за моја љубов, те молам.

— Вујко, вие се плашите? Се каете? — реков гледајќи го внимателно.

— Не, пријателе, не се каам! — викна тој со двојно воодушевување. — Јас веќе од ништо не се плашам. Презедов решителни мерки, најрешителни! Ти знаеш, ти не можеш да си претставиш што сакаат тие од мене! Зар требаше да се согласам? Не, ќе докажам! Се побунив и ќе докажам! Еднаш морам да докажам! Туку знаеш, пријателе мој, се каам што те повикав: на Фома можеби ќе му биде многу тешко, така да кажам, и ти овде да бидеш сведок за неговото понижување. Гледаш, јас сакам да му го откажам престојот во куќава на еден благороден начин, без никакво понижување, но јас тоа само така го велам: без понижување. Таа работа, брате, е таква што ќе биде навредливо макар и медени зборови да искажам. Јас сум груб, невоспитан, па можам и како будала да истресам нешто што потоа ни самиот мене нема да ми биде мило. Сепак тој многу сторил за мене! Оди, пријателе мој . . . А, еве, го водат веќе. Го водат! Серјожа, те молам излези. Јас сè после ќе ти раскажам. Излези жити Христоса!

И вујко ми ме изведе на терасата, токму во моментот кога Фома влегуваше во собата. Еве, го признавам својот грев. Не си отидов, решив да останам на терасата, каде што беше сосем темно и поради тоа тешко можеа да ме забележат од собата. Решив да ослушувам!

Со ништо не ја оправдувам мојата постапка, но решително тврдам: дека извршив великомаченички подвиг со тоа што се задржав половина час на терасата и што не ја изгубив стрпливоста. Од своето место можев, не само добро да слушам, туку дури и можев добро да гледам: вратата беше стаклена. Сега мо-

лам да си го претставите Фома Фомич кому му наредија да дојде и кому, ако одбиеше да дојде му се заканија со сила.

— Полковнику, дали моите уши слушнале такво заканување? — завика Фома влегувајќи во собата. — Така ли ми е порачано?

— Твоите, твоите, Фомо, смири се — храбро одговори вујко ми. — Седни, ќе поразговараме сериозно, пријателски, братски. Седни Фомо.

Фома Фомич свечено седна во фотељата. Вујко ми со брзи и нерамномерни чекори одеше по собата, очигледно не знаеше како да го започне разговорот.

— Токму братски — повтори тој. — Ќе ме разбереш Фомо, ти не си мал; ни јас не сум мал — со еден збор, обајцата сме во години... Хм! Фомо, гледаш, ние не се согласуваме во некои работи и затоа не е ли подобро, брате, да се разделиме? Јас сум уверен дека си ти благороден човек, дека ти мене ми го сакаш доброто и затоа... Но зошто долго да објаснувам! Фомо, јас сум ти пријател за сите векови и ти се колнам за тоа во сите светци! Еве ти петнаесет илјади рубли во сребро; тоа е, брате, сè што имам, ги собрав, последните трошки што ги имав. Слободно земи! Јас сум должен, јас сум обврзан да те осигурам! Сите се речиси расписки за заложени пари и многу малку има готови пари. Слободно земи ги! Ти мене не си ми ништо должен, зашто јас никогаш нема да можам да ти платам за сè што ми стори. Да, да, токму така. Јас тоа го чувствувам, иако сега во најважната работа се разидуваме. Утре или задутре... или кога ќе ти биде волја... ќе се разидеме. Појди во нашето гратче, Фомо, оддалечено е сè на сè десет врсти; таму има куќички, над црквата, во првата улица, со зелени капаци, особено е убава куќичката на вдовицата попадија; како за тебе да ја изградиле. Попадијата ќе ја продава. Јас ќе ти ја купам таа куќичка за овие пари. Пресели се таму, близу нас. Занимавај се со литература, со науки: ќе се здобиеш со слава... Таму се сите чиновници, благородни, љубезни, несебични; протата е учен. Кај нас ќе доаѓаш на гости во

празниците и ние ќе живееме како во рај, согласен ли си?

„А! Значи под тие услови го тераат Фома!“ — помислив јас. — „Вујко ми воопшто не ги спомнуваше парите!“

Долго време владееше мртва тишина. Фома седеше во фотељата како ошумоглавен и вкочането гледаше во вујко ми кому што очигледно му стануваше незгодно поради тоа молчење и поради тој поглед.

— Пари! — најпосле проговори Фома со некаков исплашен глас. — Па каде се тие пари? Дајте ги, дајте ги побрзо ваму!

— Еве ти ги Фомо последните трошки, точно петнаесет, тоа е сè што имав. Тука има банкноти и расписки, сите ќе ги видиш . . . Еве!

— Гавриле! Земи ги овие пари — кротко проговори Фома. — Тие можат добро да ти дојдат, старецу. Но не! — викна наеднаш и некако необично скокна од фотељата: — Не! Гавриле, дај ми ги најнапред мене! Дај ми ги мене! Дај ми ги мене! Дај ми ги мене тие милиони да ги изгазам со нозете, дај ми ги да ги искинам, исплукам, расфрлам, осквернам, обесчестам!. . . Мене, мене ми нудат пари, ме поткупуваат да си одам од оваа куќа! Јас тоа да го слушнам? Јас да доживеам ваков срам? На ви ги, еве ви ги вашите милиони! Гледајте, еве, еве и еве! Еве како постапува Фома Опискин, ако тоа досега не сте го знаеле, полковнику!

И целото снопче пари Фома го расфрли по собата. Вреди да се одбележи дека не искина и не исплука ни една банкнота, како што се фалеше дека ќе стори; само малку ги истутка и тоа многу внимателно. Гаврил летна да ги собира парите од подот, а подоцна, кога Фома си отиде, внимателно му ги предаде на својот господар.

Фомината постапка навистина го вчудовиди вујко ми. Тој сега стоеше здрвен пред Фома, бесмислено, со отворена уста. Фома, меѓутоа, пак си седна во фотељата и се тресеше како божем од некакво неискажано возбудување.

— Фомо, ти си возвишен човек! — викна вујко ми најпосле, доаѓајќи на себеси. — Ти си најблагородниот меѓу луѓето.

— Јас го знам тоа — одговори Фома со слаб глас но со неискажано достоинство.

— Фома, прости ми! Пред тебе, Фома, јас сум подлец!

— Да, пред мене — потврди Фома.

— Фомо! Не ѝ се чудам на твојата благородност — продолжи вујко ми во занес — туку му се чудам на тоа како можев да бидам толку глупав, спеп и подол да ти понудам пари при такви услови? Само Фомо во едно се излажа: јас ни најмалку не те поткупував, не ти плаќав за да си одиш од куќава, туку просто сакав само и ти да имаш пари, да не ти недостигаат кога ќе си одиш откај мене. Ти се колнам! На колена, готов сум на колена да те молам да ми простиш, Фомо, и ако сакаш веднаш пред тебе ќе клекнам... Само ако сакаш..

— Не ми треба мене вашето клекнување, полковнику!...

— Ех, ех, господи мој! Фомо, размисли: јас бев пламнал, бев фрапиран, јас бев надвор од себеси... Па кажи де, кажи со што можам и на кој начин да ја замачкам таа навреда? Кажи...

— Полковнику, со ништо! И бидете уверен дека уште утре јас ќе го истресам правот од моите чевли на прагот од оваа куќа.

И Фома почна да станува од фотељата. Исплашениот вујко летна да го враќа.

— Не, Фомо, ти нема да си одиш, јас те уверувам! — викна вујко ми. — Нема ни збор за правот од чевлите, Фомо! Ти нема да си одиш, или јас ќе одам по тебе на крајот на светов и постојано ќе одам по тебе сè додека не ми простиш... Фома, јас ти се колнам дека така ќе постапам.

— Да ви простам? Виновен сте? — рече Фома. — Ама дали вие навистина ја сфаќате вашата вина спрема мене? Сфаќате ли дека сте вие сега виновен поради тоа што овде ми дававте залак леб? Сфаќате ли дека сега во една минута со отров ги отрувте сите по-

ранешни залаци што ги изедов во вашата куќа? Пред малку вие ми префрливте за тие залаци, ми префрливте за секој залак од тој леб што веќе го имам изедено; вие сега ми докажавте дека јас сум живеел во вашата куќа како роб, како лакеј, како бришач на вашите лачени чевли! А јас, меѓутоа, во чистотата на своето срце, досега си мислев дека престојувам во вашата куќа како пријател и како брат. Нели вие, илјадници пати со змиски зборови ме уверувавте во тоа братство? Зошто таинствено ми ги плетевте тие мрежи во кои паднав како будала? Зошто во мракот ми ја копавте таа волча дупка во која сега самите ме турнавте? Зошто не ме удривте веднаш, уште порано, со еден удар на тој стап? Зошто на самиот почеток не ми го свиткавте вратот како на некој петел, зошто... де, на пример, макар затоа што не носам јајца? Да, токму така! Јас останувам при таа споредба иако е земена од провинцискиот живот и потсетува на обичен тон во современата литература; останувам при него поради тоа што во него се гледа сета бесмислица на вашите обвинувања; зашто јас, пред вас, виновен сум толку колку и петелот кој на својот лекомислен господар не му угодил оти не несел јајца! Ве молам, полковнику! Зар пријател и брат се плаќа со пари — и зошто? Главно, зошто? „Еве, може да се случи сакан брате, ти ме обврза, дури ти ми го спаси животот; еве ти неколку Јудини сребреници, само тргни ми се од пред очи!“ Колку е тоа наивно! Колку грубо постапивте со мене! Вие мислевте дека јас го сакам вашето злато, а јас бев само исполнет со рајски чувства за да ве усреќам. О, колку ми го растргнавте срцето! Вие си игравте со моите најблагородни чувства, како некое детиште со џамлии! Уште многу одамна, полковнику, јас сето тоа го насетував и ете затоа уште одамна ме мачи вашиот леб, зашто јас се задушувам од тој леб! Ете затоа ме задушуваа вашите пердуви, ме задушуваа, а не ме занесуваа! Ете затоа шеќерот и бонбоните ваши за мене беа каенски пипер, а не бонбони! Не, полковнику! Живејте сами, уживајте сами и оставете го Фома да си оди по својот тажен пат со торба на грбот. Полковнику, така и ќе биде!

— Не, Фомо, не! Така нема да биде, така не може да биде — застенка вујко ми сосема скршен.

— Ќе биде, полковнику, ќе биде! Токму така ќе биде, зашто така мора да биде. Уште утре си заминувам откај вас. Истурете ги своите милиони, потурете го со пари целиот мој пат, целиот царски друм одовде па сè до Москва, а јас гордо, презриво ќе минам по вашите пари; оваа иста нога, полковнику, ќе ги згази, ќе ги извалка, ќе ги згмечи тие пари, а Фома Опискин ќе биде сит од самата благородност на својата душа! Јас кажав и докажав! Полковнику, збогум. Збогум, полковнику. Збогум, полковнику . . .

И Фома почна одново да станува од фотељата.

— Фомо, прости, прости ми, Заборави! . . . — повторуваше вујко ми со молбен глас.

— „Прости!“ — па зошто ви е моето простување? Добро, да кажеме дека и ви простувам, јас сум христијанин; не можам да не ви простам; јас уште сега речиси ви простив. Но, само размислете: дали и најмалку ќе се согласува со здравиот разум и со душевната благородност, ако јас сега останам во вашата куќа, макар и една минута? Па вие ме теравте!

— Фомо, ќе се согласува, ќе се согласува! Те уверувам дека ќе се согласува.

— Согласува, ама дали сме ние сега еднакви? Зар вие навистина не сфаќате дека, така да кажам, ве убив со својата благородност и дека вие самите себеси се убивте со вашата понижувачка постапка? Вие сте убиени, а јас издигнат. Каде е тука еднаквоста? А зар луѓето можат да бидат пријатели без таква еднаквост? Тоа го велам од дното на душата, а не ликувајќи, не воздигнувајќи се сега над вас, како што можеби вие мислите.

— Па јас и самиот воздивнувам од дното на душата, Фома, верувајте ми . . .

— И тоа е оној истиот човек, — продолжуваше Фомо менувајќи го суровиот тон во благ — оној истиот човек поради кого јас толкупати не можев ноќе да спијам! Колкупати за време на моите бессони ноќи станував од постелата, палев свеќа и си говорев себеси:

„Сега тој мирно спие надевајќи се во тебе. Но, спиј ти, Фомо, бдеј над него; можеби уште нешто ќе измислиш за среќа на тој човек.“ Ете како мислеше Фома за време на своите бессони ноќи, полковнику! И ете како му плати тој полковник! Но, доста, доста!...

— Ама, Фомо, јас ќе го заслужам, јас пак ќе го заслужам твоето пријателство, ти се колнам!

— Ќе го заслужите? А каде е гаранцијата? Како христијанин, јас вам ќе ви простам, па дури и ќе ве сакам; но како човек, и тоа како човек благороден, јас ќе ве презирам и против мојата волја. Јас морам така, јас сум должен така да направам во името на народот, затоа што, повторувам, вие се посрамивте, а јас постапив најблагородно. Де, кажете, кој од в а ш и т е би постапил на ист начин; кој меѓу нив би се откажал од толкава сума пари, од кои, меѓутоа, се откажа сиромашниот, од сите презрен, Фома, од љубов кон возвишеното? Не, полковнику, за да се споредувате со мене вие ќе морате сега да извршите цела низа подвизи. За каков подвиг сте вие способен кога не можете да ми кажете ни в и е, како на рамен на себеси, туку ми се обрнувате со т и, како на слуга?...

— Фомо, па јас од пријателство ти говорев на т и — извика вујко ми. — Јас не знаев дека ти е тоа непријатно... Боже мој! Ама само да знаев...

— Вие — продолжуваше Фома — вие што не можевте, подобро да кажам, не сакавте да ми ја исполните најмалата, најништожната молба кога ве молев да ми кажете, како на генерал, „ваше превосходство“...

— Ех Фомо, па тоа веќе ќе беше, така да кажам, присвојување на највисоката власт.

— Присвојување на највисока власт! Сте си ставиле во главата некоја фраза од книга па ја повторувате како папагал! А знаете ли вие дека ме посрамивте, ми ја навредивте честа со тоа што одбивте да ми кажете „ваше превосходство“, ми ја навредивте честа на тој начин што, не сфаќајќи ги моите причини, ме направивте будала, зрел за во лудница! Па зар јас не знам дека и самиот би бил смешен кога би сакал да се наречам превосходство, јас што ги презирам сите

тие чинови и земски величини, што се ништожни сами по себе, ако не ги осветлува добродетел? Ни за милиони не би примил генералски чин без добродетели. А вие, меѓутоа, ме сметавте за безумник! Па јас за ваша корист го жртвував своето самољубие и дозволив вие, вие да можете да ме сметате за безумник, вие и вашите учени! Само за да ја просветам вашата памет, за да го развијам вашиот морал и да ве опсипам со зраци на новите идеи, јас решив да побарам генералска титула. Јас не сакав ништо друго освен токму тоа да не ги сметате генералите за најголеми светци на целата земјина топка; сакав да ви докажам дека чинот не значи ништо без великодушност и дека нема зошто да се радува човек на доаѓањето на вашиот генерал кога можеби и покрај вас стојат луѓе со добродетели! А вие постојано пред мене така се фалевте со својот полковнички чин што веќе ви беше тешко да ми кажете: „Ваше превосходство“. Ете каде е причината! Ете каде треба да се бара таа, а не во навлегувањето во некои божји определувања! Целата причина е во тоа што сте вие полковник, а јас просто Фома...

— Не е Фомо, не е! Те уверувам дека не е така. Ти си научник, ти не си просто Фома... Јас почитувам...

— Почитувате? Убаво! Па кажете ми тогаш, штом ме почитувате, што мислите; дали сум достоен за генералска чест или не сум? Одговорете отворено и веднаш: достоен или не? Само да го видам вашиот ум, вашиот умствен развиток.

— Според чесноста, според несебичноста, според умот, според големата благородност на душата, достоен!— гордо рече вујко ми.

— Па кога сум достоен, зошто тогаш не ми велите „ваше превосходство?“

— Фомо, па и ќе ти речам...

— А јас барам! Полковнику, јас сега барам, настојувам и барам! Гледам дека ви е тоа многу тешко, па затоа и барам! Таа жртва од ваша страна ќе биде првиот чекор на вашиот подвиг, затоа што сте вие — не заборавете го тоа — должен да направите цела

низа подвизи за да се изедначите со мене; вие сте должен да се совладате себеси и дури тогаш ќе поверувам во вашата искреност . . .

— Фома, уште утре ќе ти речам „ваше пресходство“.

— Полковнику, не утре, утре само по себе се разбира. Јас барам веднаш, сега да ми кажете „ваше превосходство“.

— Фомо, повели, јас сум готов . . . Само како тоа, така, веднаш? . . .

— А зошто не веднаш? Или ви е срам? Во тој случај, ако ви е срам, тоа е навреда за мене.

— Па, ова, Фомо јас сум готов . . . Дури и се гордеам . . . Само како тоа, Фомо, ни пет ни шест па „здравствујте, ваше превосходство“? . . . Тоа не оди така . . .

— Не, не „здравствујте ваше превосходство“, тоа е веќе навредлив тон; тоа личи на подбив, на лакрдија. Јас не дозволувам со мене да се прават такви шеги. Освестете се, веднаш освестете се, полковнику! Променете го тонот.

— Фомо, се шегуваш ли ти?

— Прво и прво, јас не сум т и, Егоре Илич, туку в и е, не заборавајте го тоа; и не сум Фома, туку Фома Фомич.

— Бога ми, Фома Фомич, со задоволство! Од сè срце . . . Само што да кажам?

— Вам ви е тешко да го додадете тоа „ваше превосходство“, тоа се гледа. Одамна требаше тоа да го признаете! Тоа дури може и да се прости, особено кога човек н е е т в о р е ц, да се изразам поучтиво. Де, јас ќе ви помогнам штом не сте творец. Изговарајте го по мене: „ваше превосходство“! . . .

— Па, „ваше превосходство“.

— Ама не: „па, ваше превосходство“, туку просто: „ваше превосходство“. Полковнику, јас ви велам променете го тонот! Се надевам, исто така, дека нема да се навредите ако ви предложам малку да се поклоните и во исто време малку да го наведнете телото напред, изразувајќи на тој начин почитување и, така

да кажам, готовност да летнете по неговата заповед. Јас сум бил во генералско друштво и сето тоа го знам... Значи: „ваше превосходство".

— Ваше превосходство . . .

— Толку многу се радувам што најпосле ми се дава можност да ве замолам за извинување што уште од првиот час не ја запознав душата на вашето превосходство. Слободен сум да ве уверам дека во иднина нема да ги штедам своите слаби сили за општата корист . . . Е, доста е од вас!

Кутриот вујко! Тој мораше да го повтори сиот тој галиматијас, реченица по реченица, збор по збор! Јас стоев и црвенеев како виновник. Се задушував од бес.

— Е, па не чувствувате ли сега — проговори мачителот — дека наеднаш ви стана лесно на срцето, како во душата да ви долетал некој ангел? . . . Го чувствувате ли присуството на тој ангел? Одговорете!

— Да, Фомо, навистина: некако ми олесни — одговори вујко ми.

— Како, вашето срце, откако се победивте себеси, така да се каже, да се нурна во некое свето масло?

— Да, Фомо, навистина тргна како по масло. — Како по масло? Хм . . . Јас навистина не ви зборував за масло . . . Но сеедно! Ете што значи, полковнику, исполнета должност! Значи, се победувате себеси. Вие сте самољубив, неизмерно самољубив.

— Самољубив сум, Фомо, гледам — одговори вујко ми со воздивнување.

— Вие сте себичник и тоа мрачен себичник . . .

— Фомо, јас сум себичник, навистина себичник и тоа го гледам; откако те запознав тебе и тоа го разбрав.

— Јас сега ви зборувам како татко, како нежна мајка . . . вие го одбивте сиот свет од себе и заборавате дека кроткото јагне од две овци цица.

— Фомо, тоа е вистина.

— Вие сте груб. Толку грубо го гибате човечкото срце, толку самољубиво му се натурате на вниманието, што чесен човек би избегал од вас во деветтото царство.

Вујко ми уште еднаш длабоко воздивна.

— Значи, бидете понежен, повнимателен, пољубезен спрема другите; заборавете се себеси заради другите па и на вас ќе се сетат другите. Живеј и дај им на другите да живеат — тоа е моето правило! Трпи, работи, моли се и надевај се — тоа се вистини што би сакал одеднаш да му ги вдахнам на целото човештво! Подражавајте ги, и јас тогаш прв ќе ви го отворам моето срце, ќе плачам на вашите гради... ако затреба!... А вие: јас па јас, и мојата милост! Па најпосле ќе стане здодевна вашата милост, дозволете да го кажам тоа.

— Сладок човек! — рече Гаврил полн со страхопочит.

— Фома, тоа е вистина, сето тоа го чувствувам — продолжи трогнатиот вујко. — Но не сум за сè виновен, Фомо, така ме воспитале; сум живеел со војници. Се колнам Фомо, и јас умеев да чувствувам. Кога се простував со полкот, сите војници, целата моја дивизија, просто плачеа, велеа дека таков како мене никогаш веќе нема да најдат!... Јас тогаш си помислив дека ни јас можеби не сум уште сосема пропаднат човек.

— Пак себична црта! Пак ве фаќам во самољубието! Вие се фалите и притоа мене ме прекорувате со солзите на војник. Зошто јас не се фалам со ничии солзи? А би имало со чии, а можеби би имало со што.

— Просто, ми се испушти од јазикот, Фомо, не можев да издржам, се сетив за старите добри денови.

— Добрите денови не паѓаат од небо, туку ние ги создаваме; тие се во нашето срце, Егоре Илич. Зашто јас сум секогаш среќен и, наспроти страдањата, задоволен, мирен во душата и никому не му додевам, освен на будалите, на континьата, на научниците, што не ги штедам и нема да ги штедам. Не ги сакам будалите! А што се научниците? „Човек од науката.“ Науката кај нив излегува како надуена работа, а не наука. Де, пред малку што зборуваше тој? Дајте го вам! Дајте ги ваму сите научници! Сите можам да ги побијам; сите нивни поставки можам да ги побијам! Ве-

ќе и да не зборувам за благородството на душата...

— Се разбира, Фомо, се разбира. Кој се сомнева во тоа?

— Пред малку, на пример, јас го покажав умот, талентот, колосалната начитаност, познавањето на човечкото срце, познавањето на современите литератури; покажав и на сјаен начин објаснив дека во рацете на талентираниот човек од некакво комаринско може наеднаш да се создаде возвишена тема за разговор. Па што? Дали некој ме оцени колку сум заслужен? Не, ми свртија глава! Јас сум уверен дека тој веќе ви зборувал дека јас ништо не знам. А кога бевме таму, пред него можеби седеше Макијавели или некој Меркаданте и само тоа го згреши што е сиромав и непознат... Не, тоа нема да им го заборавам!... Јас уште слушам за Коровкин! Каква мустра е тој?

— Фомо, тој е умен човек, човек од науката... Го очекувам. Тој веќе сигурно ќе биде добар, Фомо!

— Хм! Се сомневам. Веројатно некое современо магаре, натоварено со книги. Тие немаат душа, полковнику, тие немаат срце. А што вреди и учеността без добродетели?

— Не, Фомо, не! Да видиш како зборуваше тој за семејната среќа! Фомо, срцето да ти затрепери.

— Хм! Ќе видиме; ќе го повикаме на испит и Коровкин. Доста! — заврши Фома станувајќи од фотељата. — Јас уште не можам сосема да ви простам, полковнику; крваво ме навредивте, но ќе му се помолам на бога и можеби господ ќе му испрати мир на навреденото срце. За тоа ќе зборуваме и утре, а сега дозволете ми да си одам. Се изморив и премалев.

— Ах, Фомо! — се збрка вјуко ми. — Ти навистина се измори! Знаеш што? Сакаш ли да се поткрепиш, да каснеш? Веднаш ќе наредам.

— Да каснам? Ха-ха-ха! Да каснам! — одговори Фома и презриво се закикоти. — Најнапред ти даваат отров, а потоа те прашаат дали сакаш да каснеш! Раните на срцето сакаат да ги заздравуваат со некакви варени печурки или со печени јаболка! Колку беден материјалист сте вие полковнику!

— Ех, Фомо, па јас, тоа, бога ми, од чисто срце...

— Де, добро. Доста за тоа. Јас си одам, а вие веднаш одете си кај вашата мајка: паднете ѝ на колена, викајте, плачете, но измолете од неа прошка — тоа е ваша должност, ваша обврска.

— Фомо, јас за сето време само за тоа мислев; и сега додека зборував со тебе, јас мислев за тоа. Готов сум и до утре да клечам пред неа. Само помисли Фомо што сè се бара од мене? Па тоа е неправедно, тоа е свирепо, Фомо! Биди докрај великодушен, усреќи ме сосем, размисли, реши и тогаш... ти се колнам!...

— Не, Егоре Илич, не, тоа не е моја работа — одговори Фома. — Вие знаете дека јас ни најмалку не се мешам во тоа. То ест, вие можеби сте уверен дека јас сум причина за сè, но јас, ве уверувам, од самиот почеток на целата таа работа се држев сосем настрана. Тука сè зависи само од добрата волја на вашата мајка, а таа, се разбира, ви го сака доброто... Значи, одете, побрзајте, летнете и поправете ги приликите со својата послушност... Нека сонцето не зајде во вашиот гнев! А јас... јас цела ноќ ќе му се молам на господа за вас. Егоре Илич, јас уште одамна не знам што е тоа сон. Збогум! Ти простувам и тебе, старецу, — додаде тој обрнувајќи му се на Гаврила. — Знам дека ти не работеше на своја глава. Па прости ми и ти мене ако сум те навредил... Збогум, збогум, збогум на сите и нека ве благослови господ!...

Фома излезе. Јас веднаш летнав в соба.

— Ти си наслушнувал! — викна вујко ми.

— Да, вујко, наслушнував! И вие, и вие можевте да му кажете „ваше превосходство“...

— Што знам, братче? Дури се гордеам... Тоа не е голем подвиг; но колку е тој благороден, колку е несебичен, колку е голем човек! Серјожа, впрочем ти си чул... и како само можев да се занесам со тие пари, то ест просто не разбирам! Пријателе мој! Јас се занесов, бев налутен, се сомневав во него, го обвинував... но не! Тој не можеше да ми биде непријател, јас тоа сега го гледам... А се сеќаваш ли каков благороден израз на лицето имаше тој кога се откажа од парите?

— Добро, вујко, гордејте се вие колку што сакате, а јас си одам: не можам повеќе да издржам! За последен пат ви велам, кажете ми: што сакате од мене. Зошто ме повикавте и што чекате? Па ако е сè свршено и ако сум ви непотребен, јас си одам. Не можам да ги поднесувам, таквите глетки! Уште денеска јас си одам.

— Пријателе мој... — се збрка вујко ми според обичајот — почекај само две минути: јас сега, брате, одам кај мама... таму треба да свршам една... важна, голема работа! А ти засега оди си во твојата соба. Еве, Гаврил ќе те одведе во летното крило на куќава. Го знаеш ли ти летното крило; тоа е во самата градина. Веќе дадов наредба и твојот куфер е пренесен таму. А јас ќе одам таму, ќе молам за прошка, ќе се решам на една работа — сега веќе знам што да правам — и тогаш за миг јас ќе дојдам кај тебе и сè, сè ќе ти раскажам, сета душа ќе ти ја отворам пред тебе. И... и... веројатно еднаш и за нас ќе настанат среќни дни! Две минути, само две минути, Серјожа!

Тој ми ја стегна раката и брзо излезе. Немав каде, морав пак да појдам со Гаврила.

X

МИЗИНЧИКОВ

Крилото во кое ме доведе Гаврил, по стариот обичај, се викаше „ново крило“, ама беше изградено многу одамна, уште од минатите поседници. Тоа беше една убава, дрвена куќичка што се наоѓаше на неколку чекори од старата куќа, во самата градина. Од три страни ја опколуваа високи стари липи кои со своите гранки го допираа покривот. Сите четири соби во таа куќичка беа убаво наместени и определени за гости. Кога влегов во собата што беше за мене определена и во која веќе беше пренесен мојот куфер, видов на едно столче, покрај постелата, едно парче хартија, прекрасно испишано со разни букви, искитено со гирланди, парфеми и шари. Почетните букви и гирландите беа нацртани во разни бои. Сè заедно претставуваше еден особено убав калиграфски труд. Од првите зборови, што ги прочитав, разбрав дека е тоа молба што ми е мене упатена и во која јас се нарекувам „просветен добротвор“. Во натписот стоеше: „Пискотите на Видопљасов“. Колку и да сакав да го напрегнувам вниманието, трудејќи се барем нешто да разберам од напишаното, сите мои напори останаа залудни: тоа беше најкрасноречивата бесмислица, напишана на високопарен лакејски стил. Само нагаѓав дека е Видопљасов во некоја бедна ситуација, дека моли да му помогнам, дека во нешто многу се надева во мене, „поради мојата просветеност“, а на крајот ме моли да се заложам во негова корист кај вујко ми и да влијаам врз

него со „мојата машина“, како што буквално беше речено на крајот од молбата. Јас уште ја читав, кога се отвори вратата и влезе Мизинчиков.

— Се надевам дека ќе ми дозволите да се запознам со вас — рече тој слободно, но извонредно учтиво, подавајќи ми ја раката. — Пред малку не можев да ви кажам ни два збора, а меѓутоа уште од првиот поглед ја почувствував желбата да ве запознам поодблиску.

Јас веднаш му одговорив дека и мене ми е мило итн., иако се наоѓам во најлошо расположение. Седнавме.

Што ви е тоа? — рече тој гледајќи го листот хартија што уште го држев во раката. — Веројатно не му се пискотите на Видопљасов? Се разбира! Јас знаев дека Видопљасов и вас ќе ве нападне. И мене тој ми даваше ист таков лист хартија со исти такви молби, а вас веќе одамна ве чека и веројатно однапред се подготвил. Немојте да се чудите: овде има многу чудни работи и навистина има за што да се смеете.

— Само да се насмеам?

— Па веројатно не да плачете? Ако сакате ќе ви ја раскажам биографијата на Видопљасов и уверен сум дека ќе се насмеете.

— Признавам дека сега не ми е до Видопљасов — одговорив нерасположено.

Ми беше јасно дека и претставувањето на господинот Мизинчиков и неговиот љубезен разговор се преземени со некоја намера и дека јас на господинот Мизинчиков сум му просто потребен. Пред малку седеше намуртен и сериозен, а сега весел, насмеан и готов да раскажува долги раскази. Од првиот поглед се виде дека тој човек одлично владее со себеси и изгледа ги познава луѓето.

— Проклетиот Фома! — реков и налутено удрив со раката на масата. — Јас сум уверен дека е тој извор на сето овдешно зло и дека е тој замешан во сè.

— Мене ми се чини дека вие премногу сте му се налутиле нему — забележи Мизинчиков.

— Премногу сум му се налутил! — викнав пламнувајќи наеднаш. — Да, јас пред малку премногу се

затрчав и така секому му дадов право да ме осудува. Јас многу добро знам дека се затрчав и дека настрадав во секој поглед и мислам дека тоа не треба да ми се докажува. Знам уште дека така не се работи во пристојно друштво; ама кажете дали имаше каква и да било можност човек да не се затрча? Па ова е лудница, ако сакате да знаете! И... и... најпосле... јас просто одовде ќе си одам, па крај.

— Пушите ли? — спокојно праша Мизинчиков.

— Да.

— Тогаш веројатно ќе ми дозволите и мене да запалам. Таму не дозволуваат па речиси се растажив. Јас се согласувам — продолжи тој палејќи ја цигарата — дека сево ова личи на лудница, ама бидете уверен дека нема да си дозволам себеси вас да ве осудувам токму затоа што, да бев на ваше место, јас можеби ќе се распалев и ќе се заборавев трипати повеќе од вас.

— А зошто не се заборавивте ако навистина и вие се налутивте? Напротив, јас се сеќавам дека бевте многу ладнокрвни и признавам дека ми беше дури и чудно зошто не станавте во одбрана на кутриот вујко, што е готов да им прави добро на сите и секому.

— Точно е тоа: тој на многумина им правеше добро; но сметам дека е совршено некорисно него да го браниме: прво и прво, тоа нему не му користи, дури и некако го понижува; а второ, мене би ме истерале уште утре. А јас ќе ви кажам искрено, мојата ситуација е таква што морам да го чувам овдешното гостопримство.

— Ама јас ни најмалку не претендирам на вашата искреност за ситуацијата... би сакал да ве прашам, оти впрочем, вие овде живеете веќе еден месец...

— Повелете, прашајте, ви стојам на услуга — брзо одговори Мизинчиков доближувајќи го столот.

— Па ете, на пример, објаснете ми: пред малку Фома Фомич се откажа од петнаесет илјади рубли во сребро што веќе беа во неговите раце —тоа го видов со своите очи.

— Што велите? Навистина ли? — викна Мизинчиков. — Продолжете ве молам.

Јас раскажав премолчувајќи го она за „ваше превосходство“. Мизинчиков слушаше со лакома љубопитност; дури некако се преправи во лицето кога дојдов до петнаесетте илјади.

— Мајсторски! — рече ислушувајќи го расказот. — Тоа не го очекував од Фома.

— Па сепак се откажа од парите! Со што да се објасни тоа? Зар навистина со благородството на душата?

— Се откажа тој од петнаесет илјади за да земе после триесет илјади. Впрочем, знаете ли што? — додаде тој размислувајќи. — Јас се сомневам дека е тоа некоја Фомина сметка. Тој не е практичен човек; тој е, исто така, некој своевиден поет. Петнаесет илјади. Хм! Гледате: тој би ги зел парите, само не можел да се откаже од соблазнувањето да одглуми, да стави маска. Верувајте, тој е таков партал, таков смачкан, а сето тоа со неизмерно самољубие.

Мизинчиков дури и се налути. Се виде дека е многу нерасположен, па како и завислив. Љубопитно го набљудував.

— Хм! Треба да се чекаат големи промени — додаде тој замислувајќи се. — Сега е Егор Илич готов да му се моли на Фома. Дури може и да се ожени, како што му е трогната душата — додаде тој низ заби.

— Значи, вие мислите дека сигурно ќе дојде до тој гнасен неприроден брак со таа налудничава глупачка?

Мизинчиков ме погледна испитувачки.

— Подлеци! — викнав јас сиот налутен.

— Впрочем, нивната идеја е прилично основана: тврдат дека е должен нешто да стори за семејството.

— Малку ли сторил за нив! — викнав јас налутено. — И вие, и вие можете да говорите дека е тоа, исто така, оправдана мисла: да се ожени човек за обична гуска.

— Се разбира, и јас се согласувам дека е таа глупачка! Хм! Убаво е тоа што толку го сакате вујко ви и јас сочувствувам со вас иако со нејзините пари би можело прекрасно да се заокругли имотот! Најпосле, тие имаат и други причини: се плашат од тоа Егор

Илич да не се ожени за онаа гувернантка... се сеќавате, за онаа извонредно интересна девојка?

— А зар... зар е тоа веројатно? — прашав возбудено. — Мене ми се чини дека е тоа клевета. Кажете ми живи господа, мене тоа многу ме интересира...

— О, вљубен е до ушите! Само, се разбира, крие.

— Крие? Мислите ли дека крие? Добро, а таа? Таа го сака?

— Многу е веројатно дека и таа го сака. Впрочем, таа има и корист да тргне со него; таа е многу сиромашна.

— Ама какви докази имате вие за вашите претпоставки, дека тие се сакаат еден со друг?

— Па тоа не може да не се забележи; притоа тие како да имаат и тајни состаноци. Дури се тврдеше дека е таа во недозволени врски со него. Само немојте, ве молам, да го прераскажувате ова. Јас ова ви го говорам како тајна.

— Може ли да му се поверува на тоа? — викнав јас. — И вие, и вие признавате дека верувате во тоа?

— Се разбира, не верувам сосем, не сум бил присутен. Впрочем, многу лесно може да биде.

— Како, може да биде! Сетете се на благородноста, на чесноста на вујко ми!

— Се согласувам; ама човек може толку да се занесе што после бездруго завршува со законски брак. Луѓето често така се занесуваат. Најпосле, повторувам дека воопшто не тврдам за полната веродостојност на тие вести дотолку повеќе што неа овде веќе многу ја наклеветиле; дури велеа дека таа имала врски со Видопљасов.

— Па ете, гледате! — викнав јас. — Со Видопљасов! Можно ли е тоа? И не е ли одвратно тоа да се слуша. Зар вие навистина и во тоа верувате?

— Па ви велам дека не верувам во тоа сосем — мирно одговори Мизинчиков. — А можеше, впрочем, и да се случи. На светов сè може да се случи. Јас не бев присутен и притоа сметам дека тоа не се однесува на мене. Но, бидејќи гледам дека во сето тоа вие земате големо учество, јас сметам дека ми е долж-

ност да додадам оти навистина има малку веројатност во тоа дека таа имала врска со Видопљасов. Сето тоа се сплетки на Ана Ниловна, онаа истата Перепелицина; таа ги шириле тие гласови од завист, зашто порано самата мислеше да се омажи за Егор Илич, богами, врз основа на тоа што е ќерка на потполковник. Сега се разочара, па страшно беснее. Впрочем, ми се чини, јас сè ви раскажав за тие работи и признавам дека страшно ги мразам сплетките дотолку повеќе што само си го губиме драгоценото време. Гледате, јас дојдов кај вас со молба.

— Со молба? Молам со што сè можам да ви користам . . .

— Разбирам, дури и се надевам дека донекаде ќе ве заинтересирам, зашто гледам го сакате својот вујко и земате големо учество во неговата судбина, колку што се однесува на бракот. Но пред таа молба имам уште една друга, претходна молба.

— Каква?

— Ева каква: вие можеби ќе се согласите да ја исполните мојата главна молба, а можеби и нема да се согласите, но во секој случај, пред да ја изнесам, најпокорно ве молам да бидете толку добар и да ми дадете чесен збор на благородник и на чесен човек дека меѓу нас ќе остане како најголема тајна сè што ќе чуете од мене и во никој случај нема никому да му ја кажете таа тајна, ниту да ја искористите за себе таа идеја што вам, сметам, безусловно треба да ви ја соопштам. Се согласувате ли?

Уводот беше свечен. Јас се согласив.

— Значи . . . — реков јас.

— Работата е, всушност, многу проста — почна Мизинчиков. — Јас, гледате, сакам да ја грабнам Татјана Ивановна и да се оженам за неа — со еден збор тоа нешто ќе личи на Гретна-Грин. Разбирате ли?

Јас го погледнав господинот Мизинчиков право во очи и некое време не можев ни збор да проговорам.

— Верувајте дека ништо не разбирам — проговорив најпосле. — А освен тоа, — продолжив јас — во надеж дека имам работа со умен човек, јас ни најмалку не се надевав . . .

— Во надежта не се надевавте — ме прекина Мизинчиков. — Кога ќе се преведе, тоа значи дека сме глупи и јас и мојата намера — така ли е?

— Ни најмалку . . . туку . . .

— О, молам, не воздржувајте се во изразите! Не грижете се; дури ќе ми приредите и големо задоволство, зашто така сум поблиску до целта. Впрочем, јас се согласувам дека сето тоа на прв поглед може да изгледа малку чудно. Но, можам да ве уверам дека мојата намера не само што не беше глупава, туку дека е на повисок степен благородна; па ако сте толку добар, слушнете за што станува збор . . .

— О, молам! Слушам со нестрпливост.

— Впрочем, нема многу да се раскажува. Гледате, јас сум сега полн со долгови и немам ни една копејка. Освен тоа, имам сестра, деветнаесетгодишна девојка, сираче без ништо, живее во туѓ свет и знаете без никакви средства. Донекаде и самиот јас сум виновен за тоа. Ние добивме во наследство четириесет души. Во тоа време требаше да ме произведат за заставник. Значи, се разбира, најнапред го заложив имотот, а потоа го потрошив и на друг начин. Живеев глупаво, на висока нога, изигрував богат човек, играв карти, пиев, со еден збор: глупаво се однесував, срам ми е и да се сетам за тоа. Сега се опаметив и сакам сосем да го изменам начинот на животот. Но, затоа ми се потребни сто илјади во асигнации. А, бидејќи ништо не можам да добијам со службата, а не сум за ништо способен и немам речиси никакво образование, ми остануваат, се разбира, само две средства: или да крадам, или да се оженам за богата. Дојдов ваму без чевли, дојдов, а не допатував. Сестра ми ми ги даде своите последни три рубли, кога тргнав од Москва. Овде ја видов таа Татјана Ивановна и веднаш ми се роди мисла во главата. Веднаш решив да се жртвувам и да се оженам. Признајте дека сето тоа не е ништо друго освен разумност. Притоа тоа го правам повеќе заради сестра ми . . . А, се разбира, и заради себе.

— Ама, дозволете, вие мислите формално да ја побарате Татјана Ивановна?

— Господ да чува! Веднаш ќе ме истераат одовде, а таа не би се ни согласила; но, ако ѝ понудам да ја грабнам, да избегаме, веднаш ќе се согласи. Во тоа и е работата: само нешто да биде романтично и ефектно. Се разбира, сето тоа веднаш ќе сврши меѓу нас со законски брак. Само да можам да ја измамам одовде.

— А врз основа на што сте вие толку сигурен дека таа сигурно ќе појде со вас?

— О, не грижете се! Во тоа сум сосем уверен. Во тоа и се состои мојата основна мисла, зашто Татјана Ивановна е способна да се впушти во љубов, апсолутно со секого што ќе сретне, со секого кому само на ум ќе му падне дека ѝ одговара на љубовта. Па затоа од вас однапред го зедов чесниот збор за да не ја искористите и вие таа идеја. Вие, се разбира, ќе сфатите дека дури би било грев од моја страна ако не го искористам таквиот случај, особено во мојата ситуација.

— Па таа е тогаш сосема луда... Ах! извинете — додадов јас сепнувајќи се. — Бидејќи вие сега на неа сте фрлиле око, тоа...

— Молам, не воздржувајте се, јас веќе ве замолив. Прашувате дали е сосема луда? Како да ви кажам? Се разбира, таа не е луда, зашто уште не е во лудница; освен тоа, во таа манија, што се вљубува, јас не гледам уште никакво нарочно лудило. И покрај сето тоа таа е чесна девојка. Гледате, до минатата година таа беше во страшна сиромаштија, од раѓањето таа живеела угнетувана од добротворки. Нејзиното срце е необично чувствително; неа никој не ја побарал — разбирате: фантазиите, желбите, надежите, жарот на срцето, што секогаш требаше да се гасне, вечните маки кај добротворките — сето тоа, се разбира, можеше да ја доведе до растројство нејзината чувствителна нарав. И наеднаш, доаѓа до богатство: признајте и самиот дека тоа секому би му го завртило умот. Се разбира, сега околу неа се вртат, трчаат по неа, и сите нејзини надежи воскреснаа; пред малку раскажуваше за едно конте во бел елек: тоа е факт што се случи буквално онака како што го раскажа. Според тој факт можете да судите и за другите работи. Со воздишки,

со писменца, со стихови, веднаш ќе ја привлечете; а ако уште притоа додадете за свилени скали, за шпански серенади и за слични будалштилаци, ќе можете од неа да правите што сакате. Јас веќе сум направил проба и веднаш таа ми закажа таен состанок. Навистина, сега малку се запрев, чекајќи погоден момент. Но, по три, четири дена бездруго морам да ја грабнам. Спроти тоа ќе почнам да и ласкам, да воздивнувам; јас прилично убаво свирам на гитара и пеам. Ноќе состанок во сеницата, а пред зори колата ќе биде готова; ќе ја излажам, ќе седнеме и ќе ја одведам. Разбирате вие дека тука нема никаков ризик: таа е полнолетна и, освен тоа, сè ќе биде со нејзина согласност. А кога веќе еднаш ќе избега со мене, тогаш се разбира тоа значи дека стапи во обврска спрема мене . . . Ќе ја одведам во чесна, но сиромашна куќа, близу е, се наоѓа на некои четириесетина врсти, каде што ќе ја држат под контрола и никого нема да пуштаат кај неа; а јас дотогаш нема да губам време: ќе ја наредиме свадбата за три дена, тоа се може. Најнапред, се разбира, потребни се пари; а јас сметав на нив, за целото интермецо не треба повеќе од петстотини во сребро, а за толку се надевам во Егор Ильич; тој ќе даде, се разбира, не знаејќи во што е работата. Дали сега сфативте?

— Сфаќам — реков, сфаќајќи најпосле сè. — Туку, кажете ми, во што јас можам да ви бидам корисен?

— Ах, ве молам, во многу работи! Инаку јас не би ве ни молел. Веќе ви реков дека имам предвид едно чесно но сиромашко семејство. Вие можете да ми помогнете и овде и таму, а најпосле и како сведок. Верувајте без вашата помош ќе бидам како без десна рака.

— Уште едно прашање: зошто вие ме удостоивте мене со изборот за свој довереник, мене кого уште не ме познавате, бидејќи сè на сè пред неколку часа допатував?

— Вашето прашање, — одговори Мизинчиков со најљубезна насмевка — вашето прашање, искрено при-

знавам, ми прави големо задоволство, зашто ми дава можност да ви го искажам моето особено почитување.

— О, каква чест!

— Не, гледате, јас пред малку донекаде ве проучив. Вие не сте, на пример, прав и... и... да, и млад; но еве во што сум сосема уверен: кога веќе ми го дадовте зборот дека никому нема да кажете, тогаш сигурно ќе го одржите зборот. Вие не сте Обноскин, тоа е прво. А второ, вие сте чесен човек и нема за себе да ја искористите мојата идеја, освен во случај ако сакате да стапите со мене во пријателска спогодба. Во таков случај можеби јас и ќе се согласам да ви ја отстапам мојата идеја, то ест Татјана Ивановна, и ќе бидам готов ревносно да ви помагам во грабањето, ама под услов, еден месец по свадбата, да добијам од вас педесет илјади во асигнации, за што вие се разбира, сднапред ќе ме задолжите, во вид на обврзници без камата.

— Што? — викнав јас. — Па вие веќе и мене ми ја нудите неа?

— Природно, јас можам да ви ја отстапам ако сакате. Јас, се разбира, тогаш губам, но... идејата е моја, а за идеи, богами, се плаќа со пари. И трето, најпосле јас сум ве викнал за тоа што баш и немам кого да избирам. А не е можно да се одолжува многу, земајќи ги предвид овдешните прилики. Притоа наскоро доаѓаат богородичните пости и нема да венчаваат. Се надевам дека сега сосема ме сфаќате!

— Сосема; и уште еднаш се обврзувам дека ќе ја зачувам вашата тајна сосема негибната; но, не можам да ви бидам соучесник во таа работа и сметам дека ми е должност тоа веднаш да ви го кажам.

— Поради што?

— Како поради што? — викнав пуштајќи ги најпосле слободно чувствата што се беа насобрале во мене. — Па зар навистина вие не сфаќате дека таква постапка не е благородна? На пример, вие сосема правилно сметате, потпирајќи се на слабоумноста и на несреќната манија на таа девојка; ама токму тоа би требало вас да ве воздржи, како благороден човек! Па и

самиот велите дека е таа достојна за почитување, иако е смешна. А сега, наеднаш, ја користите нејзината несреќа за да ѝ извлечете сто илјади! Вие, се разбира, нема да бидете вистински маж што ќе ги исполнува своите должности; вие сигурно ќе ја оставите . . . Тоа е толку ниско што, извинете, јас дури и не разбирам како сте се решиле да ме замолите да бидам ваш соучесник!

— Их, боже мој, ама е ова романтика! — викна Мизинчиков, гледајќи ме со нескриено чудење. — Впрочем, тука и нема романтика, туку вие просто, ми се чини, не разбирате во што е работата. Велите дека е тоа ниско, а, меѓутоа, сите предности се на нејзина страна, а не на моја . . . Размислете само!

— Се разбира, ако се гледа од вашата гледна точка, ќе излезе уште дека вие ќе направите највеликодушно дело, оженувајќи се за Татјана Ивановна — одговорив јас со саркастична насмевка.

— Сигурно? Точно така. Точно, највеликодушно дело, — викна Мизинчиков распалувајќи се сега и самиот тој — размислете само: прво и прво, јас се жртвувам и се согласувам да бидам нејзин маж — па тоа секако вреди нешто? Второ, без оглед на тоа што таа има сигурни стотина илјади во сребро, без оглед на тоа, јас ја земам само за стотина илјади во асигнации и веќе сум си дал збор дека од неа повеќе нема да земам ни една копејка, целиот свој живот, па макар и да можам; тоа пак нешто вреди! Најпосле, задлабочете се во самата работа: де, може ли таа да го проживее својот живот на мир? За да го проживее на мир нејзе треба да ѝ се одземат парите, а неа да ја одведат во лудница, зашто секој момент треба да се чека кришум да ѝ се доближи некој неработник, пробисвет, шпекулант со шпанска брада и мустачиња, со гитара и серенади, како Обноскин, па да ја занесе, да ја земе за жена, да ја ограби до кожа и тогаш да ја остави некаде на патот. Ете, на пример, оваа е токму чесна куќа, а сепак тука ја држат само заради тоа што ги демнат нејзините парички. Од таква работа неа треба да ја спасиме. Ех, разбирате ли, штом ќе појде за мене сите тие опасности ќе исчезнат. Јас тврдам дека ни-

каква несреќа нема да ја снајде. Прво и прво, веднаш ќе се сместам во Москва, кај едно благородно, но сиромашно семејство — тоа не е она за кое зборував, тоа е друго семејство; до неа секогаш ќе се наоѓа мојата сестра; ќе внимава на неа со двете очи. Ќе ѝ останат пари околу двесте и педесет илјади, а можеби и триста во асигнации: со нив уште како може да се живее! Ќе ѝ се дадат сите задоволства, секакви забави, балови, маскаради, концерти. Дури може да фантазира и за флерт; само, се разбира, во тој поглед јас ќе се обезбедам: фантазирај колку што ти е мило, ама ништо не прави! Сега, на пример, секој може да ја навреди, а тогаш никој: таа ќе биде моја жена, таа ќе биде Мизинчикова, а јас не дозволувам да се валка моето име! Колку вреди само тоа! Природно, јас нема да живеам заедно со неа. Таа во Москва, а јас некаде во Петроград. Ова го признавам, зашто со вас ја терам работата начисто. Ама што ќе пречи тоа што ќе живееме разделени? Размислете, набљудувајте го нејзиниот карактер: де, кажи ми дали е таа кадра да биде жена и да живее со маж? Зар може таа да има постојаност? Па тоа е најлекомисленото суштество на светот! Нејзе ѝ е неопходна постојана промена; таа е кадра уште утре да заборави дека вчера се омажила и станала венчана жена. Па на крајот од краиштата, јас би ја направил несреќна кога би живеел заедно со неа и кога би барал од неа строго да ја врши должноста. Јас, природно, ќе доаѓам кај неа еднаш годишно, па и почесто, ама не по пари — верувајте ми! Јас реков дека нема да земам повеќе од стотина илјади во асигнации, и нема да земам! Што се однесува до парите, јас со неа постапувам на многу благороден начин. Ако и доаѓам на два-три дена, јас ќе ѝ правам задоволство, а не здодевност; јас со неа ќе се кикотам, ќе ѝ раскажувам анегдоти, ќе ја одведам на бал, ќе кокетирам со неа, ќе ѝ подарувам сувенирчиња, ќе ѝ пеам романси, ќе ѝ подарам кученце, ќе се разделам од неа како во некој роман и ќе водам потоа со неа љубовна преписка. Таа ќе биде восхитена со таквиот ред ок, вљубен и весел маж! Според моето мислење тоа е рационално: сите мажи би требало така да поста-

пуваат. Само тогаш мажите им се драгоцени на жените, кога се отсутни, а придржувајќи се за својот систем јас ќе го освојам срцето на Татјана Ивановна на најсладок начин за целиот нејзин век. Што би можела таа подобро да посака? Кажете. Па тоа е рај, а не живот!

Слушав, молчејќи и чудејќи се. Сфатив дека е невозможно да се побива господинот Мизинчиков. Тој фанатички беше уверен во исправноста, па дури и во величественоста на својот проект и за него тој говореше со занес на творец. Но, преостануваше една многу компликувана работа, а неопходно беше таа да се објасни.

— Дали вие се сетивте — прашав јас — дека е таа речиси свршеница на вујко ми? Ако ја грабнете, вие сигурно него ќе го навредите; ќе ја одведете спрти свадбата, а освен тоа од него ќе земете дури и заем за да го извршите тој подвиг?

— Тука ве чекам — викна Мизинчиков пламено. — Не грижете се; јас го предвидов вашиот приговор. Значи, прво и главно е тоа дека вујко ти уште не ја побарал; според тоа, јас не морам да знам дека неа ја подготвуваат за негова невеста; притоа молам да имате на ум дека тој потфат јас го замислив уште пред три недели, кога уште никој не знаеше каква намера постои овде; и затоа сум сосема чист пред неа во моорален поглед и, ако сакаме строго да судиме, јас не му ја грабам нему, туку тој мене ми ја граба невестата со која јас — имајте го тоа на ум — имав таен ноќен состанок во сеницата. Најпосле, дозволете: па пред малку не бевте ли вие надвор од себе кога разбравте дека вашиот вујко го тераат да се ожени за Татјана Ивановна, а сега наеднаш вие го браните тој брак, зборувате за некоја семејна навреда, за чест! Напротив, јас му правам на вашиот вујко најголема услуга: го спасувам — тоа треба да го сфатите! Тој со одвратност гледа на таа женидба, дури и сака друга девојка! Па каква жена ќе му биде нему Татјана Ивановна? И таа со него ќе биде несреќна, зашто, што и да мислите вие, ќе биде потребно неа да ја спречувате да не фрла ружи по момчињата. А кога јас неа ноќе

ќе ја одведам, тогаш тука веќе никаква генералица, никаков Фома Фомич, не може ништо да стори. Да се врати невеста која избегала од венци, тоа веќе би било премногу срамно. Зар тоа не е услуга, зар тоа не е добродетелство за Егор Илич?

Признавам, оваа последна причина мошне многу влијаеше врз мене.

— А што ќе биде, ако тој утре ја побара? — реков јас. — Богами, тогаш ќе биде веќе малку доцна: таа ќе биде негова формална свршеница.

— Доцна, природно! Но затоа токму и мора да се работи на тоа да не дојде до тоа. Па зошто јас и ве молам за соработка? Мене самиот ми е тешко, но двајцата некако сигурно ќе ја наредиме работата и ќе настојуваме Егор Илич неа да не ја побара. Тоа треба да се спречи со сите сили, а во краен случај, ако нема друг излез, да се натепа Фома Фомич и со тоа да се привлече општото внимание, така што нема да им дојде до свадбата. Се разбира, тоа само во краен случај; тоа го наведувам како пример. Во тоа и во вас се надевам.

— Уште едно и последно прашање: вие никому, освен мене, не сте му ги откриле своите намери?

Мизинчиков се почеша зад увото и го скисели лицето.

— Ви признавам, — одговори тој — ова прашање е за мене горчливо апче. Во тоа и лежи ѓаволот, што веќе ја кажав мојата мисла... Со еден збор, бев големо магаре! А што мислите, кому? На Обноскин! Не можам самиот на себеси да си поверувам. Не сфаќам како ми се случи тоа! Тој постојано се вртка ше овдека, јас уште добро не го познавав, а мене ме понесе вдахновеноста, бев, се разбира, како во температура, па, кога веќе тогаш увидов дека ми е потребна помош, му се обрнав на Обноскин... Непростливо, непростливо!...

— А Обноскин?

— Тој се согласи со воодушевеност и уште утредента рано изутрина исчезна. По три дена еве ти го пак, со својата мамичка, со мене ни збор, дури и ме

одбегнуваше, како да се плаши од мене. Веднаш разбрав во што е работата. А неговата мамичка е онаа господова скитница што минала низ сито и решето. Јас ја познавав од порано. Се разбира, тој се ѝ раскажал. Јас молчам и чекам; тие шпионираат и работата се наоѓа малку во затегната состојба... Затоа јас и брзам.

— Всушност, од што се плашите вие од него?

— Нешто крупно да направи, се разбира, нема, но дека ќе ми направи пакост, во тоа сум сигурен. Ќе бара пари за молчењето и за помошта; јас тоа и го очекувам... Само многу не можам да им дадам и не давам — тоа веќе го решив; повеќе од три илјади во асигнации не е можно. Размислете самиот: три илјади ним, петстотини во сребро свадбата, зашто на вујко ти треба да му се врати целата сума; потоа, старите долгови; па нешто на сестра ми, макар и најмалку. Многу ли ќе остане од тие стотина илјади? Ама тоа е пропаст!... Обноскиновите, впрочем, отпатуваа.

— Отпатуваа? — прашав љубопитно.

— Веднаш, по чајот ѓаволот нека ги носи! Ама утре пак ќе дојдат, ќе видите! Значи, се согласувате ли?

— Верувајте, — одговорив измрдувајќи — не знам што би рекол. Работата е компликувана... се разбира, сè ќе чувам во тајна; јас не сум Обноскин, ама... ми се чини дека немате од мене во што да се надевате.

— Јас гледам — рече Мизинчиков станувајќи од столот — дека вам уште не ви здодеале Фома Фомич и баба ви и дека вие, иако го сакате својот добар, благороден вујко, вие уште не сте сфатиле доволно колку тие го мачат него. Вие сте нов... Само стрпливост! Утре ќе бидете овде, ќе видите сè и приквечер ќе се согласите. Зашто, инаку вујко ви ќе пропадне, разбирате ли? Него навистина ќе го натераат да се ожени. Не заборавете дека тој, можеби уште утре ќе ја побара. Ќе биде доцна, тоа треба денес да се реши.

— Навистина ви пожелувам секаков успех, ама да ви помогнам... некако не знам.

— Знам! Ништо, ќе почекаме до утре — реши Мизинчиков насмевнувајќи се подбивно. — La nuit porte conseil[1]) До гледање, јас ќе дојдам кај вас утре порано, а вие размислете . . .

Тој се сврти и излезе свиркајќи нешто.

Јас излегов речиси веднаш по него за да се освежам на воздухот. Месечината уште не беше излегла; ноќта беше темна, воздухот топол и задушлив. Лисјата на дрвјата не мрдаа. Иако бев страшно уморен, сакав да поодам, да се освежам, да ги соберам мислите, но не изминав ни десет чекори, кога наеднаш го чув гласот на вујко ми. Тој со некого се качуваше во страничната зграда и говореше извонрено воодушевено. Веднаш се вратив и го викнав. Вујко ми беше со Видопљасов.

---

[1]) Времето е најдобар советник. — Прев.

XI

КРАЈНА НЕДОУМИЦА

— Вујко, — викнав јас — најпосле дојдов до вас.

— Пријателе мој и јас сакав да те видам. Ѐве само да свршам со Видопљасов па ќе се изназборуваме. Треба многу да ти раскажувам.

— Што, уште со Видопљасов? Ама оставете го вујко.

— Само уште пет-шест минути, Серјожа, па ќе бидам сосема твој. Гледаш, работа.

— Ама тој сигурно раскажува глупости — реков јас нерасположено.

— Што да ти кажам пријателе? Токму си погодил кога да дојдеш со твоите ветришта! Зар ти, брате Григориј, навистина не си можел да дојдеш во друго време за да се поплачеш? Па што можам јас да ти помогнам? Барем ти пожали ме, братче. Па вие, така да кажам, ме отепавте, жив ме изедовте, ме изедовте целиот! — Серјожа, не можам веќе да издржам со нив!

И од тешка мака вујко ми мавна со обете раце.

— Па каква е таа важна работа што не може да се одложи! А мене, вујко, толку ми е потребно...

— Ех, брате, веќе и така велат дека не се грижам за моралот на моите луѓе! Богами уште утре ќе се пожали дека не сум го сослушал, а тогаш...

И вујко ми пак мавна со раката.

— Добро, тогаш со него свршете побрзо! Дозволете и јас да помогнам. Ајде горе. Што сака тој? — реков кога влеговме во собата.

— Па ете, гледаш пријателе. Не му се допаѓа неговото презиме и моли да го промени. Како ти изгледа тоа?

— Презимето! Како тоа? . . . Е вујко, пред да чујам тој самиот тоа да го каже, дозволете нешто да ви речам дека само во вашата куќа можат да се случуваат такви чуда! — го реков ова раширувајќи ги рацете од чудење.

— Ех, брате! И јас умеам така да ги раширам рацете, ама слабо фајде има од тоа! — рече вујко ми нерасположено. — Де, оди, позборувај со него, обиди се и ти. Веќе два месеца не ме остава на мира.

— Бесмислено презиме! — се чу Видопљасов.

— Ама зошто бесмислено? — го прашав јас со чудење.

— Зашто тоа значи секаква гнасотија, молам.

— Ама зошто гнасотија? Па како да го промениш? Кој си го менува презимето?

— Ве молам, дали има некој такво презиме?

— Признавам дека презимето ти е малку чудно, — продолжив јас во крајна недоумица — ама што може сега да се прави? Па и татко ти имаше исто презиме!

— Неоспорно е дека преку мојот родител, на тој начин, јас сум осуден довека да страдам, зашто ми е судено заради името да бидам изложен на подбиви и да трпам многу непријатности! — одговори Видопљасов.

— Вујко, се обложувам дека е тука замешан Фома Фомич! — викнав јас налутено.

— Ама не, брате, не, се лажеш. Фома навистина нему добро му прави. Го зеде за свој секретар; тоа му е сега негова должност. И, се разбира, тој го развиј, му ја исполни душата со благородност, така што дури во извесна смисла и прогледа . . . Еве, слушај, сè ќе ти раскажам . . .

— Молам, вистина е — го прекина Видопљасов — дека Фома е мојот вистински добротвор и како мој

вистински добротвор тие ме известија за мојата ништожност, каков црв сум јас на земјава, така што преку нив за првпат однапред си ја разбрав мојата судбина.

— Еве, види Серјожа, еве види во што е целата работа! — продолжи вујко ми побрзувајќи според својот обичај. Порано тој живееше во Москва, речиси уште од детството, во служба кај еден учител по краснопис. Требаше да видиш како научи кај него да пишува, и со бои, и со злато, а наоколу, знаеш, тој наместува купидони — вистински артист! Ильуша учи кај него; плаќам рубља и пол на час. Лично Фома определи рубља и пол. Кај соседните поседници оди во три куќи, и тие го плаќаат. Гледаш како се облекува! Освен тоа, пишува и стихови.

— Стихови! Уште само тоа требаше!

— Стихови, брате, стихови, немој да мислиш дека се шегувам, прави стихови, така да кажам, версификација и тоа онака знаеш хармонично, за сите работи, веднаш секоја работа ја опишува во стихови. Вистински талент. На мама за именден ѝ направи таква литанија, што просто сите зинавме: има кај него и од митологијата, и музи му летаат, така што, знаеш, дури тоа се гледа . . . како се вели? . . . заокругленост на формата — со еден збор, совршено се римува. Фома поправаше. Ех, се разбира, јас немам ништо против тоа, дури ми е и мило. Остави го нека составува, само да не појде премногу далеку. Јас, брате Григориј, тебе ти зборувам како татко. Тоа го дозна Фома, ги прегледа стиховите, го охрабри и го зеде за свој читач и препишувач — со еден збор, го образова. Тој ја зборува вистината, кога вели дека добро му направил. Значи, така, знаеш, се појави во него во главата и благородниот романтизам и чувството на независност — сето тоа Фома ми го објасни, ама јас богами веќе и го подзаборавив; знам само дека и без Фома сакав да го ослободам. Знаеш, некако е срамно! . . . Ама Фома е против тоа; тој вели дека му е потребен, дека го засакал; а, освен тоа, вели дека нему, на поседникот, веќе му е чест што дома кај мене, меѓу моите луѓе, има стихотворци; дека така негде некои барони живееле и

дека е тоа en grand[1]) . . . Е, кога е en grand нека е en grand! Јас, брате веќе почнав да го почитувам — разбираш ли? . . . Ама само господ знае како се однесе тој. Најлошо е тоа што по стиховите пред слугите толку го крена носот што не сака веќе со нив и да зборува, — немој да се најдеш навреден Григориј, јас ти говорам како татко. — Уште минатата зима вети дека ќе се ожени: има овде една спахиска слугинка, Матрјона и знаеш, особено мила девојка, чесна, работлива, весела. Но, ете ти, сега не сака: не сакам, па крај; се откажа. Дали се вообрази или науми да се прослави, па тогаш да побара девојка на некое друго место...

— Повеќе по совет на Фома Фомич, молам, — забележи Видопљасов — зашто тие се мојот вистински заштитник . . .

— Па, како би можело да биде без Фома Фомич! — викнав јас и не сакајќи.

— Ех, брате, не станува збор за тоа! — брзо ме прекина вујко ми. — Туку, гледаш, сега не му даваат мир на човекот. Таа девојка е жива, жестока, сите ги крена против него: го задеваат, го дразнат, дури и децата на спахиските слуги го сметаат како будала. . .

— Повеќе заради Матрјона, — забележа Видопљасов — зашто Матрјона е вистинска мисирка, молам, а притоа женска со невоздржлива нарав заради неа јас на тој начин почнав да страдам во мојот живот.

— Ех, брате Григориј, јас ти говорев тебе, — продолжи вујко ми гледајќи го прекорно Видопљасов — гледаш, Серјожа, составиле некоја пакосна шега во стихови за сметка на неговото презиме. Тој дојде кај мене, се жали, моли некако да му се промени презимето, зашто уште одамна, вели, страда поради неблагозвучноста. . .

— Презимето не ми е облагородено, молам! — се одзва Видопљасов.

— Ама молкни еднаш, Григориј! Фома исто така го одобри, то ест, не само што го одобри, туку гледај што мисли: ако дојде до тоа песните да му се печатат, како што планира Фома, тогаш тавко презиме може уште и да му пречи, нели?

[1]) На висока нога. — Прев.

— Значи, вујко, тој сака да ги печати песните?

— Да ги печати, братче. Тоа е веќе решено, на моја сметка, а на насловната страница ќе стои: Крепосниот селанец тој и тој, а во предговорот ќе се наоѓа благодарноста на писателот кон Фома Фомич, поради образованието. Посветено на Фома. Фома лично го пишува предговорот. Е, сега замисли ако на насловната страна биде напишано: „Творба на Видопљасов“:

— „Пискотите на Видопљасов“ — го поправи Видопљасов.

— Ете гледаш, уште и пискоти! Па какво е тоа презиме Видопљасов? И деликатноста на чувствата навредува, така вели и Фома. А велат дека сите критичари се страшни задевала и шегаџии; на пример Бранбеус... Нив ништо не им чини! Ќе се подбијат само заради едно презиме; така ќе го прочешлаат што само ќе се чеша, нели? Затоа јас и му велам: според мене, на песните стави какво сакаш презиме, псевдоним, како ли се вика тоа; — веќе не се сеќавам, некакво н и м. Не, не, вели, туку нареди им ти на своите слуги и овде секогаш да ме викаат со новото име, така што според талентот и презимето ќе ми биде облагородено...

— Вујко, се обложувам дека се согласивте.

— Само затоа, брате Серјожа, да не се расправам повеќе со нив; остави ги! Знаеш, тогаш настана таква неспогодба меѓу мене и Фома. Оттогаш и почна, како ќе мине некоја недела, друго презиме, па сè некои нежни ги избира: Олеандров, Тулипанов... Сети се, Григориј, отпрвин сакаше да се викаш Верни, Григориј Верни; потоа тоа и тебе не ти се допадна, зашто некој глупак на тоа му ја додаде римата „скверни“. Ти се жалеше; глупакот беше казнет. Две недели измислуваше ново презиме, — колку ли ги изнаодбра — најпосле смисли, дојде да молиш да се викаш Уланов. Е, па де, речи ми, брате, што може да биде поглупаво од Уланов? Јас и на тоа се согласив, издадов друга наредба да ти се промени презимето во Уланов. Само затоа, брате, — додаде вујко ми обрнувајќи се кон мене — еднаш веќе да се спасам. Три недели беше „Уланов“. Сите ѕидови, сите потпрозорници во сени-

ната да се варосаат. Цел пакет холандска хартија упропасти за потписите „Уланов, проба перо, Уланов, проба перо“. Најпосле и тука се случи несреќа, ти измисли рима: „Глупанов.“ Не сакам Глупанов, и ајде пак менувај го презимето! Што пронајде тогаш, веќе и самиот заборави.

— Танцев, молам, — одговори Видопљасов. — Кога веќе ми е судено според презимето да претставувам танчар, барем нека биде облагородено на странски начин: Танцев.

— Па да, Танцев; се согласив, брате Серјожа, и на тоа. Ама тогаш му пронајдоа таква рима што не може ни да се каже! Денеска пак доаѓа, пак измислил нешто ново. Се обложувам дека подготвил ново презиме. Григориј, подготви ли или не, признај!

— Навистина, уште одамна сакав да го постелам пред вашите нозе новото име, облагородено, молам.

— Какво?

— Есбукетов.

— И не ли ти е срам, не ли ти е срам Григориј? Презиме од тегла за помада! И уште велиш дека си умен човек! Колку ли си морал да мислиш за него! На тоа е напишано на парфемот!

— Жити бога, вујко, — му реков со полушепот, — ама тој е проста будала, вистинска будала!

— Што да правиш брате, — одговори вујко ми исто така со шепотење — сите тврдат дека е умен и дека кај него сето тоа го движат благородните особини...

— Ослободете се живи господ!

— Слушај, Григориј! Ама јас братче немам време, смилуј се! — почна вујко ми со некаков молбен глас, како да се плаши дури и од Видопљасов. — Де, размисли, како можам јас да се занимавам со твоите поплаки? Велиш дека пак со нешто те навредиле? Па добро, еве ти давам чесен збор дека утре ќе расчистиме, а сега оди си со здравје... Стој! Што прави Фома Фомич?

— Легнаа да се одморат. Рекоа, ако некој прашува за нив, да велам дека имаат намера ноќеска долго да останат на молитва!

— Хм! Е па оди, брате, оди си! Гледаш Серјожа, тој ти е секогаш кај Фома, така што јас веќе се плашам од него. Па и слугите не го сакаат затоа што за нив тој сè му кажува на Фома. Ете, сега си отиде, а утре сигурно ќе изнајде нешто друго! А јас, брате, таму, сè, убаво дотерав, така што дури сега сум спокоен... Јас брзав кај тебе. Најпосле пак сум со тебе! — рече тој чувствително, стегајќи ми ја раката. — А јас веќе мислев, брате, дека си сосема лут и дека сигурно ќе избегаш. Испратив луѓе да те чуваат, а сега, фала му на бога, добро е. А пред малку, Гаврил, што велиш? И Фалалеј, па и ти, и сето тоа едноподруго! Е, сполај му на господа! Најпосле со тебе ќе се изназборуваме. Ќе ти ја отворам душава. Ти Серјожа немој да отпатуваш; јас те имам само тебе, тебе и Коровкин...

— Ама, вујко, дозволете, што сте сториле таму и што имам овде да чекам по она што се случи! Верувајте главата просто ми пука!

— А мислиш дека мене ми е цела? Таа, брате, кај мене веќе половина година игра валцер, оваа моја глава! Но, сполај му на господа! Сега е сè во ред. Најнапред ми простија, сосем ми простија, се разбира под разни услови; а сега речиси од ништо не се плашам. Ѝ простија и на Сашурка, Саша, Саша, пред малку... прекрасно срце! Малку се занесе, ама е златно срце! Се гордеам со тоа девојче, Серјожа! Нека биде над неа секогаш божјиот благослов! И тебе ти простија. Знаеш ли како? Можеш да правиш сè што сакаш, да одиш по сите соби и низ бавча, дури и кога има гости овде — со еден збор, сè што сакаш; само под еден услов: ништо утре да не говориш пред мама и пред Фома Фомич, тоа е задолжителен услов, то ест, апсолутно ни еден збор, — јас веќе ветив во твое име — туку само да ги слушаш постарите, то ест, сакав да речам, што говорат другите. Рекоа дека си млад. Немој да се најдеш навреден, Серјожа; ти си навистина уште млад... Тоа го вели и Ана Ниловна...

С разбира, бев уште многу млад и тоа веднаш го докажав, зашто пламнав од лутина поради таквите навредливи услови.

— Вујко, слушајте, — викнав, а го загубив здивот — кажете ми само едно и смирете ме: дали сум јас тука во вистинска лудница?

— Е, брате, ти пак веднаш во критика, баш не можеш да издржиш — одговори вујко ми тажно. — Не си во никаква лудница, тукутака од двете страни се испокаравме. Туку, де, признај и ти братче, како се однесуваше ти. Се сеќаваш ли што му рече нему, на човекот, што се вели, во години за почитување?

— Вујко, таквите луѓе немаат години за почитување!

— Е, тоа, брате, веќе го претеруваш! Тоа е веќе слободоумност! Јас и самиот не сум, брате, далеку од разумната слободоумност, но тоа веќе е претерано, то ест, Сергеј, ти ме изненадуваш.

— Вујко, не лутете се, јас сум виновен, ама вам сум ви виновен. Колку што се однесува пак за вашиот Фома Фомич . . .

— Е, сега уште и в а ш и о т! Ете, брате Серјожа, не мисли за него строго: тој е човек мизантроп и ништо друго, болезлив човек! Не треба од него многу да се бара. Но затоа тој е благороден човек, то ест, просто, најблагороден меѓу луѓето! Па и самиот пред малку беше сведок, просто тој сјаеше. А тоа што понекогаш ги прави тие свои обиди, на тоа не треба да се гледа. Да, кажи ми кому не му се случува тоа?

— Вујко, ве молам, напротив, кому му се случува тоа?

— Ех, те опфатило едно па исто! Кај тебе има малку добродушност, Сергеј. Прости, ти не умееш! . . .

— Де, добро вујко, добро! Да го оставиме тоа. Кажете, дали сте ја виделе Настасја Евграфовна?

— Ех брате, околу неа сè и се вртеше. Еве во што е работата, Сергеј, и пред сè што е најважно: сите решивме утре безусловно да му го честитаме роденденот, мислам на Фома, зашто утре му е навистина роденден. Сашурка е добро девојче, ама тоа се лаже. Значи, така и ќе појдеме, цела толпа луѓе, порано, уште пред литургијата. Иљуша ќе му ја изрецитира поздравната песна, па тој ќе биде на деветтото небо —

со еден збор, тоа ќе му биде пријатно. Ах кога и ти Серјожа, заедно со нас, би му честитал! Можеби тој сосема ќе ти прости! Колку би било добро да се смирите! Заборави ја брате навредата; Серјожа, па и ти него го навреди!... Нема човек што би бил достоен за почитување повеќе од него.

— Вујко! Вујко! — викнав јас, губејќи ја последната стрпливост. — Јас сакам со вас да зборувам за она што е важно, а вие... Па знаете ли вие, повторувам пак, знаете ли што се случува со Настасја Евграфовна?

— Како да не, брате, што зборуваш? Зошто викаш? Заради неа пред малку се крена и цела викотница. Всушност, пред малку и не се крена викотница, таа одамна е крената. Само не сакав да ти зборувам за тоа порано, за да не те исплашам, зашто тие сакаат просто да ја избркаат, па и од мене бараа да ѝ речам да си оди. Можеш да си ја претставиш мојата положба! Е, му благодарам на господа, сега сето тоа се сврши. Тие, гледаш, мислеле — веќе сè ти признавам — дека сум јас вљубен во неа и дека сакам да се женам — со еден збор, дека одам во пропаст, зашто тоа навистина би било одење во пропаст: тие тогаш тоа ми го објасниј а... И ете, за да ме спасат, решија неа да ја истераат. Сето тоа мама го направи, а најмногу Ана Ниловна. Фома засега молчи. Ама сега сите ги разубедив и, ти признавам веќе, објавив дека си ти формалниот свршеник на Настењка, дека за тоа и си дошол. Значи, тоа донекаде ги смири и сега таа останува, навистина не сосем, туку така, уште само на проба, ама сепак останува. Дури и ти доби во очите на сите кога објавив дека ќе се жениш. Барем мама како да се смири. Само Ана Ниловна сè уште мрмори! Веќе не знам што да измислам за да ѝ угодам. И всушност што таа сака, таа Ана Ниловна?

— Вујко, во каква сте вие заблуда! Па знаете ли вие дека Настасја Евграфовна уште утре си заминува одовде, ако веќе и досега не си отишла? Знаете ли дека и нејзиниот татко токму и дојде денеска за да

ја одведе? Дека е тоа веќе сосема решено, дека тоа таа денеска мене лично ми го рече и најпосле ме замоли да ве поздравам — го знаете ли вие сето тоа?

Вујко ми само зовре и зина. Ми се стори дека затрепери и дека од градите му излезе една воздишка.

Не губејќи ни минута јас побрзав да му раскажам за сè што зборував со Настењка, како ја побарав, како решително ме одби, како се лутеше на вујко ми, што се осмелил да ми пише да дојдам; му објаснив дека таа се надева, оти со своето одење ќе го спаси од бракот со Татјана Ивановна — со еден збор, ништо не скрив; дури преувеличав сè што беше непријатно во тие вести. Сакав да го вчудовидам вујко ми за да го натерам на решителни мерки — и навистина го вчудовидов. Тој викна и се фати за глава.

— Каде е таа, знаеш ли? Каде е сега таа? — рече најпосле, побледувајќи од страв. — А јас будала доаѓав ваму веќе сосема мирен, мислев дека е сè во ред — додаде тој во очај.

— Не знам каде е сега, но пред малку, кога почна онаа викотница, тргна кај вас, сакаше сето тоа да го каже пред сите. Сигурно не ја пуштиле.

— Како би ја пуштиле! Што ќе правеше таа таму! Ах, запалена е таа, горда главичка! И каде таа сега ќе оди, каде? Каде? А и ти си ми прекрасен! Па зошто те одби? Глупости! Ти морало да ѝ се допаднеш. Зошто не си ѝ се допаднал? Ама, одговарај, жити бога, што гледаш!

— Вујко, смилувајте се, па зар е можно да се поставуваат такви прашања?

— Па и тоа е невозможно! Ти мораш, мораш за неа да се ожениш! Зошто те доведов од Петроград? Ти мораш да ја утешиш! Неа сега ја бркаат одовде, но кога ќе биде твоја жена, моја снаа за внук, нема да можат да ја истераат. Па и каде да оди? Што ќе стане со неа? Да стане гувернанта? Ама тоа е глупост без каква и да е смисла, да стане гувернанта! А дури да најде место, од што ќе живее дома? Стариот има девет деца на вратот, и тие веќе гладуваат. А таа нема да земе ни грош од мене, ако си појде заради тие пакосни клевети, ни таа ни татко ѝ. Па и како да појде

на таков начин, тоа е ужас. Тука ќе има скандал, знам. А платата ѝ е веќе земена за семејните потреби: па таа сите ги храни. Де, да претпоставиме да ја препорачам за гувернанта, пак ќе најдам чесно и благородно семејство... Ама ѓавол ќе најдам! Каде ќе најдеш ти сега благородни, навистина благородни луѓе? Всушност, многу ги има, зошто да го лутам господа! Само е опасно, пријателе мој; може ли човек да има доверба во луѓето? Притоа, сиромашниот човек е недоверлив: нему сè му се чини дека го бркаат, за да го плати лебот и љубезноста со понижување! Ќе те навреди; таа е горделива и тогаш... и што тогаш? А што, ако покрај сето тоа се прикраде некој никаквец соблазнител... Таа ќе го плукне — јас знам дека ќе го плукне, — ама тој сепак ќе ја навреди, никаквец ниеден! Сепак на неа може да падне сенка, лош глас, сомневање и тогаш!... Главата ми пука на рамениците! Ех, боже мој!

— Вујко! Простете ми за едно прашање, — реков јас свечено — не лутете се на мене, разберете дека одговорот на тоа прашање може многу работи да реши; јас дури донекаде имам право да го барам од вас одговорот, вујко мој!

— Што, што мислиш? Какво прашање?

— Речете, како пред господа, отворено и јасно: не чувствувате ли вие дека сте малку вљубен во Настасја Евграфовна и дека сакате за неа да се ожените! Размислете: па поради тоа неа овде и ја гонат.

Вујко ми најенергично мавна со раката со грчовита нестрпливост.

— Јас! Вљубен? Во неа? Ама сите тие јаделе печурки или направиле заговор против мене. Па зошто те повикав тебе, ако не за да им докажам на сите дека се најале печурки? Па зошто јас тебе те женам за неа? Јас? Вљубен? Во неа? Тие поулавеле и ништо друго.

— Е, вујко, ако е така, тогаш дозволете сè да кажам. Ви изјавувам свечено дека апсолутно ништо лошо не наоѓам во таа претпоставка. Напротив, вие ќе ја усреќите, ако веќе толку ја сакате и да даде господ така да биде! Да ви даде господ љубов и слога!

— Ама, те молам, што зборуваш! — викна вујко ми речиси исплашен. — Јас се чудам како можеш тоа да го зборуваш ладнокрвно... и... воопшто, брате, ти само брзаш некаде, јас во тебе ја забележувам таа црта. Де, кажи ми, зар не е бесмислено тоа што го рече? Речи ми, како ќе ја земам неа кога јас на неа гледам како на ќерка, никако поинаку? Па мене би ми било и срам да гледам на неа поинаку и тоа би било грешно! Јас сум старец, а таа цветче! И Фома тоа ми го објасни токму со такви зборови. Во моето срце гори татковска љубов спрема неа, а ти сега зборуваш за брак! Таа од благородност можеби и не би ме одбила, но потоа би ме презирала, оти нејзината благодарност сум ја искористил. Јас би ја упропастил, би ја изгубил нејзината верност! А јас за неа душата би ја дал, како за свое чедо! Ја сакам како Саша и дури повеќе, ти признавам. Саша ми е ќерка по право, по закон; а неа ја посинив со својата љубов. Јас ја зедов кај мене сиромашка, ја воспитав. Неа Каќа, мојот покоен ангел, ја сакаше; таа ми ја остави неа во аманет, како ќерка. Јас ѝ дадов образование: зборува и француски, свири на пијано, ѝ дадов и книги и сè... Каква е нејзината насмевка! Серјожа, дали забележа? Како да ти се подбива, а, меѓутоа, не се подбива ни најмалку туку, напротив, те сака... Јас гледаш и мислев дека ти ќе дојдеш и ќе ја побараш, па и тие ќе се уверат дека јас немам никакви намери и ќе престанат да ги шират тие гласови. Таа ќе остане со нас во тишина, во мир и колку ли тогаш ќе бидеме среќни! Вие сте обајцата мои деца, речиси обајцата сиромашни, обајцата пораснавте со моја грижа... Јас многу би ве сакал, многу би ве сакал! Би го дал за вас својот живот, од вас не би се разделувал, насекаде би бил со вас! Ах, колку би можеле да бидеме среќни! А зошто луѓето секогаш се лутат, се муртат, се мразат еден со друг? Јас многу би сакал да се зафатам за тоа сè да им објаснам! Со задоволство би ја изнесол сета вистина на човечкото срце! Ах, боже мој!

— Да, вујко, да, сето тоа е така, ама таа, ете, ме одби.

— Те одби! Хм . . . А, знаеш ли, јас како да насетував дека таа ќе те одбие — рече тој и се замисли. — Ама не! — извика тој. — Јас не верувам! Тоа не може да биде. Па во тој случај сè ќе пропадне! Ама ти сигурно некако непретпазливо си почнал со неа, па можеби и си ја навредил, дури веројатно си се впуштил и во комплименти . . . Сергеј, раскажи ми уште еднаш како било тоа.

Јас повторно повторив сè до најмалата ситница. Кога дојдов до тоа да му кажам оти Настенька се надева дека со своето заминување ќе го спаси вујко ми од Татјана Ивановна, тој горчливо се насмевна.

— Ќе ме спаси — рече тој. — Ќе ме спаси до утре изутрина!

— Па, вујко, веројатно вие не сакате да кажете дека се жените за Татјана Ивановна? — извикав јас исплашено.

— А со што јас придонесов Настја утре да не ја истераат? Утре ја барам; формално ветив.

— Вујко, и вие сте се решиле?

— Па што да правам, братче, што да правам? Тоа ми го кине срцево, а јас сум решил. Утре ја барам; решивме свадбата да ја изведеме тивко, домаќински; всушност, брате, и подобро е да биде домаќински. Се надевам дека ти ќе бидеш девер. Јас за тебе навестив, така што никако не можат дотогаш да те истераат. Што да правам, брате. Велат: „Богатството е за деца!“ Се разбира, што не ќе сториш за децата? Ќе одиш наглава, дотолку повеќе што така треба да биде. Па морам барем нешто да сторам за семејството! Не можам само да седам бадијала.

— Ама, вујко, таа е луда! — викнав јас заборавајќи се, а срцето болно ме стегна.

— Ете ти, сега пак и луда! Таа не е ни најмалку луда, туку така, знаеш, доживеала многу несреќи . . . Што да правиш, брате, и јас би сакал умна . . . Најпосле, има и умни! А колку е таа добра, кога би знаел ти, колку е благородна!

— Ех, боже мој! Тој веќе и се помирува со таа мисла! — реков јас во очај.

— А што знам друго? Па тие се грижат за мое добро а, најпосле, веќе и самиот насетив дека кога и да е тоа ме чека: ќе ме натераат да се оженам. Па, подобро сега, зошто за тоа да предизвикувам уште кавги. Брате, Серјожа, јас ќе ти кажам сè отворено: малку дури и се радувам. Кога решив, решив, барем ми падна еден товар од вратот, и оттогаш некако сум помирен. Гледаш, јас дојдов ваму веќе речиси сосема мирен. Таква ми е очигледно ѕвездата! А што е најглавно добивката е во тоа што Настја останува кај нас. Па јас и се согласив само под тој услов. А сега, наеднаш, таа сака да бега! Тоа не смее да биде! — викна вујко ми, удирајќи со ногата. — Слушај, Сергеј, — додаде тој решително — почекај ме, немој никаде да одиш, јас веднаш ќе се вратам.

— Вујко, каде ќе одиш?

— Серјожа, можеби ќе ја видам; сè ќе се објасни, сè ќе се објасни и... и ... и ти ќе се ожениш за неа, ти давам чесен збор.

Вујко ми брзо излезе од собата и отиде во градината, а не дома. Јас низ прозорецот гледав по него.

XII

КАТАСТРОФА

Останав сам. Ситуацијата ми беше неподнослива: бев одбиен, а вујко ми сакаше да ме жени речиси на сила. Се бунев и се плеткав во мислите. Мизинчиков и неговата понуда не ми излегуваа од главата. Вујко ми требаше да го спасам на секој начин! Дури мислев да одам да го побарам Мизинчиков и сè да му раскажам. Туку, навистина, каде отиде вујко ми? Тој рече дека оди да ја бара Настењка, а скршна во градината. Мислата за тајните состаноци ми мина низ главата и многу непријатно чувство ми го стегна срцето. Се сетив на Мизинчиковите зборови за тајната врска... Размислувајќи за миг, со негодување ги отфрлив сите сомневања. Вујко ми не можеше да лаже; тоа е очигледно. Вознемиреноста растеше кај мене секој час. Несвесно излегов во тремот и тргнав далеку во бавчата, по онаа иста алеја по која замина и вујко ми. Месечината се раѓаше. Таа бавча јас ја познавав надолж и напреку и не се плашев дека ќе се загубам. Кога дојдов до старата сеница, што осамена стои на брегот на напуштеното езеро покриено со жабјаци, наеднаш запрев како здрвен: ми се стори дека слушам гласови во сеницата. Не можам да кажам какво чудно чувство на лутина ме опфати! Бев уверен дека е тоа вујко ми, со Настјенка, и продолжив да се доближувам, смирувајќи ја за секој случај својата совест со тоа што одев со пораснешниот чекор и што не се трудев да се кријам. Наеднаш, јасно одзвони звукот на еден бакнеж, па некои

воодушевени зборови и веднаш потоа еден остар женски извик. Во исто време од сеницата истрча една жена во бел фустан и летна покрај мене како ластовичка. Дури ми се стори како да го покри лицето со своите раце за да не ја познаам: сигурно тие ме виделе од сеницата. Но какво беше моето изненадување, кога, во кавалерот што излезе по исплашената дама, го познав Обноскин, — Обноскин, кој според зборовите на Мизинчиков, уште одамна отпатувал! А Обноскин, од своја страна, кога ме виде, страшно се збуни; исчезна сета негова безобразност.

— Извинете, ама... јас никако не очекував дека со вас ќе се сретнам — проговори тој насмевнувајќи се и пелтечејќи.

— А камо ли јас со вас! — одговорив со подбив. — Дотолку повеќе што чув дека вие сте отпатувале.

— Не отпатував... Тоа беше онака... Донекаде ја испратив мајка ми. Можам ли да ви се обрнам како на најблагороден човек на светот?

— Со што?

— Има случаи, и вие со тоа ќе се согласите, кога еден вистински благороден човек е принуден да ѝ се обрне на сета благородност на чувствата на друг, вистински благороден човек... Се надевам дека ме разбирате.

— Не надевајте се, апсолутно ништо не разбирам.

— Вие ја видовте дамата што беше со мене во сеницата?

— Ја видов, но не ја познав.

— А, не ја познавте! Таа дама јас наскоро ќе ја наречам моја жена.

— Ви честитам. А со што можам да ви бидам од корист?

— Само со едно: ако во најголема тајност го задржите тоа, што ме видовте со таа дама.

„Кој би можел да биде тоа?“ — помислив јас. — „Веројатно не е...“

— Богами, — не знам, му одговорив на Обноскин. — Се надевам дека нема да ми се налутите оти нема да ви дадам збор.

— Ама, живи господа, ве молам! — почна да ме преколнува Обноскин. — Сфатете ја мојата ситуација: тоа е тајна. И вие можете да бидете младоженец: тогаш и јас од моја страна . . .

— Пст! Некој доаѓа!

— Каде?

Навистина на триесетина чекори од нас, одвај забележливо, се долбижуваше една сенка на човек.

— Тоа е . . . Тоа е сигурно Фома Фомич! — рече Обноскин, треперејќи со целото тело. — Го познавам него по одењето. Господи! И пак, чекори, од другата страна! Слушате ли? . . . Збогум! Ви благодарам и . . . ве колнам . . .

Обноскин исчезна. Во истиот момент пред мене се најде вујко ми, како да излезе од земја.

— Ти ли си? — викна тој. — Сè пропадна, Серјожа, сè пропадна!

— Забележив дека и тој трепери со целото тело.

— Вујко, што пропадна?

— Ајде! — рече тој задишано и, фаќајќи ме силно за раката, ме повлече со себе. Но по целиот пат до дома тој не рече ни еден збор, а не ми дозволи ни јас да зборувам. Очекував нешто натприродно и речиси не се излажав. Кога влеговме во собата нему му се слоши; дојде блед како мртовец. Јас веднаш го испрскав со вода. „Мора нешто многу страшно да се случило“ — си помислив јас — „кога таков човек паѓа во несвест.“

— Вујко, што станува со вас? — го прашав најпосле.

— Серјожа, сè пропадна! Фома ме затече во бавчата со Настенька, токму кога ја бакнав.

— Ја бакна! Во бавчата! — извикав јас, гледајќи го вујко ми со чудење.

— Во бавчата, братче. Ми го зеде господ умот! Отидов јас да ја видам. Сакав сè да ѝ кажам, да ја вразумам, то ест, што се однесува на тебе. А таа ме чекаше цел час, онде кај скршената клупа зад езерото . . . Таа често доаѓа таму кога треба со мене да поразговара.

— Често, вујко?

— Често, брате! Во последно време се состануваме речиси секоја ноќ. Само, сигурно ни влегоа во трагата — веќе знам дека ни влегоа во трагата и знам дека сето тоа е масло на Ана Ниловна. За кусо време прекинавме, веќе четири дена немаше ништо; а ете, денеска, притреба пак да се состанеме. И самиот виде каква беше потребата: како би ѝ рекол поинаку? Доаѓам јас со надеж дека ќе ја затечам тука, а таа веќе цел час седи таму, ме чека: и таа имаше нешто да ми каже . . .

— Господи, многу сте непретпазлив. Па вие знаевте дека ве следат.

— Ама, беше критичен случај, Серјожа; имавме многу да си кажеме еден на друг. Дење не смеам ни да гледам во неа, таа гледа во еден агол, а јас намерно гледам во друг, како божем и да не забележувам дека таа постои на светов. А ноќе се состануваме, па си се изназборуваме . . .

— Па што стана, вујко?

— Јас не стигнав да кажам ни два збора, знаеш — срцето ми затрепери, од очите ми потекоа солзи; почнав да ја наговарам да тргне за тебе, а таа ми рече: „Вие мене сигурно не ме сакате, вие сигурно ништо не гледате“, — па кога ми се обеси на вратот, кога ме прегрна, заплака и залипа! — „Јас“, — вели таа — „ве сакам веќе одамна, но ни за вас нема да појдам, туку уште утре ќе си заминам и ќе одам в манастир“.

— Господи! Зар навистина така рече? Па што понатаму стана, вујко.

— Гледам, а пред нас Фома! Од каде се најде? Па зар навистина седеше зад грмушката и го чекаше тој момент?

— Подлец!

— Јас премрев, Настењка почна да бега, а Фома Фомич, молчејќи помина покрај нас и ми се закани со прстот — разбираш ли Серјожа, каква мешаница ќе биде утре?

— Ама, како да не разбирам!

— Разбираш ли ти, — почна тој да вика во очај и скокна од столот — разбираш ли ти дека тие са-

каат да ја упропастат, да ја посрамотат, да ја обесчестат; бараат причина да ја наклеветат како да е нечесна и затоа да ја избркаат; а сега, ете и најдоа повод! Па тие велеа дека е таа во недозволени врски со мене! Па тие велеа дека е и со Видопљасов! Сето тоа го зборуваше Ана Ниловна. Што ќе стане сега? Што ќе стане утре? Зар Фома навистина ќе каже?

— Вујко, сигурно ќе каже.

— А, ако каже, само ако каже... — рече тој гризејќи си ги усните и стегајќи ги тупаниците. — Ама не, јас не верувам! Тој нема да каже, тој ќе сфати... Тој е благороден човек. Толку благороден што не може да биде поблагороден. Тој ќе ја поштеди...

— Ќе ја поштеди или не, — одговорив јас — во секој случај ваша должност е веднаш утре да ја побарате Настасја Евграфовна.

Вујко ми ме гледаше вкочането.

— Разбирате ли вие, вујко, дека ќе ја обесчестите таа девојка, ако се разгласи приказната? Разбирате ли вие дека што поскоро морате да ја спречите несреќата; дека морате храбро и гордо да им гледате на сите в очи, јавно да ја побарате, да плукнете на нивните резони и да го сотрете Фома, да го парчосате само ако писне против неа?

— Пријателе мој! — извика вујко ми. — За тоа мислев доаѓајќи ваму!

— И што решивте?

— Никако поинаку! Јас решив уште пред да почнам да ти зборувам.

— Да ми живееш, вујко.

И јас летнав да го гушнам.

Долго време зборувавме. Му ги изнесов сите причини, сета неумолива потреба да ја земе Настењка, што впрочем тој го сфаќаше подобро од мене. Се возбуди мојата красноречивост. Се радував поради вујко ми. Должноста го поттикнуваше, инаку никогаш немаше да се исправи. На должноста и на обврската тој им е покорно предан. Но и покрај тоа јас воопшто не знаев како ќе се нареди таа работа. Знаев и слепо верував дека вујко ми за ништо нема да се откаже од

она што еднаш го призна како своја обврска; но никако не можев да верувам дека ќе има доволно сили да стане против своите дома. Затоа се трудев да го поттикнам и да го упатам колку што се може повеќе и на тоа работев со сиот свој младешки жар.

— Дотолку повеќе, дотолку повеќе, — велев јас — што е сега веќе решено и што и последните ваши сомневања исчезнаа! Се случи она што не го очекувавте, иако навистина сите тоа го видоа и сите пред вас го забележија: Настасја Евграфовна вас ве сака! Па зар ќе дозволите — викнав јас — таа чиста љубов да се претвори за неа во срам?

— Никогаш! Ама, пријателе мој, зар јас навистина најпосле ќе бидам толку среќен? — викна вујко ми и ми се фрли во прегратки. — А како таа мене да ме засака, и зошто? Зошто? Ми се чини кај мене нема ништо такво... Јас сум старец спрема неа — навистина не се надевав на тоа! Ангелче мое, ангелче!... Слушај, Серјожа, ти пред малку ме праша дали сум љубен во неа — како дојде на таа идеја?

— Вујко, јас само видов дека вие неа толку многу ја сакате, што не може повеќе да се сака: ја сакате, а меѓутоа ни самиот тоа не го знаете. Забога! Ми пишувате да дојдам, сакате да ме ожените за неа, само за да ви стане таа снаа за внук и секогаш да ја имте покрај себе...

— А ти... А ти Сергеј ми простуваш ли?

— Ех, вујко!

И тој пак ме прегрна.

— Само, вујко, внимавајте, сите се против вас: треба да станеш и да тргнеш против сите и тоа веднаш, уште утре.

— Да... да... утре! — повтори тој малку замислено. — И, знаеш, за работата ќе се зафатиме машки, со вистинска благородност на душата, со силата на карактерите... особено со силата на карактерите!

— Вујко, немојте да се збуните!

— Серјожа, нема да се збунам! Само не знам како да пристапам!

— Вујко, не мислете за тоа. Утрешниот ден сè ќе реши. Денеска смирете се. Колку повеќе човек мисли, толку е полошо. А Фома само ако писне, тогаш треба да се истера од дома и да се направи прав и пепел.

— А, може ли да не се истера? Јас брате вака решив: веднаш утре да појдам кај него рано, штом ќе осамне и сè да му раскажам, еве вака како што зборував со тебе. Не може да не ме разбере, тој е благороден, тој е најблагороден меѓу луѓето. Туку еве што ме вознемирува: што ќе правиме ако мама веќе денеска ја известила Татјана Ивановна дека утре ќе ја побарам? Гледаш, тоа веќе не чини.

— Не грижете се за Татјана Ивановна, вујко.

И јас му ја раскажав сцената во сеницата со Обноскин. Вујко ми страшно се зачуди. Не му спомнав ни еден збор за Мизинчиков.

— Фантазмагорична личност! Вистински фантазмагорична личност! — викна тој. — Кутрата! Тие ѝ угодуваат, сакаат да ја искористат нејзината наивност! Зар навистина Обноскин? Па тој си отиде... Чудно, страшно чудно! Јас сум многу зачуден, Серјожа... Таа работа уште утре треба да се извиди и да се преземат мерки... Туку, дали си ти сосем уверен дека тоа беше Татјана Ивановна?

Јас му одговорив дека навистина лицето не ѝ го видов, но дека од некакви причини сосем сум уверен дека тоа беше Татјана Ивановна.

— Хм. Да не беше тоа љубовен состанок со некоја од дворските слугинки, а тебе ти се сторило како да е Татјана Ивановна? Да не беше тоа Даша, ќерка му на бавчанцијата? Препредена девојка! Ја виделе, затоа и зборувам, бидејќи ја виделе. Ана Ниловна ѝ влезе во трагата!... Ама, сепак не е! Па тој велеше дека има намера да се ожени. Чудно, чудно!

Најпосле се разделивме. Јас го гушнав и го благословив вујко ми. „Утре, утре — повторуваше тој — сè ќе се реши, пред да станеш сè ќе се реши. Ќе појдам кај Фома и со него ќе постапам витешки, сè ќе му

изнесам како на роден брат, сè што ми е на срцето и на душата. Збогум, Серјожа. Легни, се измори, а јас веќе сигурно цела ноќ нема око да затворам.“

Тој си отиде. Јас веднаш легнав, уморен и измачен до крајност. Денот беше тежок. Нервите ми беа растроени и пред да заспијам неколкупати се тргнував и се разбудував. Но, колку и да беа чудни моите впечатоци при преоѓањето во сон, сепак нивната необичност не беше речиси ништо во споредба со оригиналноста на моето разбудување другиот ден изутрина.

ВТОР ДЕЛ И ПОСЛЕДЕН

I

ПОТЕРА

Спиев длабоко, без соништа. Наеднаш почувствував дека на моите нозе се навали тежина од десет пуди.[1]) Викнав и се разбудив. Веќе беше разденето, низ прозорецот наголемо навлегуваше сонцето. На мојата постела, или подобро да кажам на моите нозе, седеше господинот Бахчеев.

Сомневање немаше: тоа беше тој. Откако некако ги ослободив нозете, се поткренав и се загледав во него со тапа недоумица на човек кој штотуку се разбудил.

— Тој уште гледа! — викна дебелиот. — Ама зошто се зацари во мене? Стани баќушка! Те разбудувам половина час, одлепи ги очите!

— Што се случило? Колку е часот?

— Баќушка, уште е рано, а нашата февронја не дочека ни зора, избега. Стани, ќе одиме во потера.

— Каква февронја?

— Па онаа нашата светица! Избега! Избега уште пред зори! Јас баќушка кај вас само за момент навратив, само за да ве разбудам, еве околу вас се маткам два часа! Станете баќушка, вујко ви ве чека. Дочекавме празник! — додаде тој со некаква злорада лутина во гласот.

---

[1]) Пуд, мера за тежина — 16,38 кгр. — Прев.

— Ама за што и за кого говорите вие? — реков нестрпливо и почнав, впрочем, да се потсетувам. — Веројатно не е Татјана Ивановна?

— Ама која? Таа! Јас велев, прорекнував — не сакаа да ме слушаат. Па ете, сега таа и ти го честита празникот! Од љубов таа поулаве, љубовта цврсто ѝ заседнала во главата! Пих! А оној, кој е оној? Со брадичката?

— Зар со Мизинчиков?

— Их, по ѓаволите! Ама истри си ги очите баќушка, отрезни се барем за овој голем господов празник! Ти сигурно уште синоќа на вечера си се натрескал, штом си и сега мамурлија! Со Обноскин, а не со Мизинчиков. А Иван Иванич Мизинчиков е чесен човек и се подготвува сега да тргне со нас во потера.

— Што велите? — викнав јас дури и скокнав во постелата. — Зар со Обноскин?

— Их, несреќни човеку! — одговори дебелиот скокнувајќи од местото. — Јас дојдов како на образован човек да му го соопштам настанот, а тој уште се сомнева! Е, баќушка, ако сакаш со нас, тогаш стани и облечи ги панталоните, зашто јас немам време за тебе да си го трошам јазикот; и без тоа за тебе изгубив златно време.

И тој си замина страшно огорчен.

Изненаден од веста, јас скокнав од постелата, брзо се облеков и отрчав долу. Мислејќи дека ќе го најдам вујко ми дома, каде што веројатно уште сите спиеја и ништо не знаеја за она што се случило, јас претпазливо се качив по парадните скали и во тремот ја сретнав Настењка. Таа беше облечена на брза рака во некој утрински пењоар или шлафрок. Косата ѝ беше во неред; се гледаше дека тогаш излегла од постела и како некого да го чекаше во тремот.

— Кажете, дали е вистина тоа дека Татјана Ивановна избегала со Обноскин? — ме праша таа брзо, со испрекинат глас, бледа и исплашена.

— Велат дека е вистина. Јас го барам вујко ми; ќе одиме во потера.

— О! Доведете ја, доведете ја што поскоро! Таа ќе пропадне ако не ја вратите.

— Ама, каде е вујко ми?

— Сигурно таму кај коњушницата, таму ги впрегнуваат коњите. Јас овде го чекав. Слушајте, кажете му дека бездруго сакам уште денеска да си одам; сум решила цврсто. Татко ми ќе ме земе кај него; веднаш ќе си одам ако може. Сега сè пропадна! Сè е изгубено.

Додека тоа го велеше, таа гледаше во мене како изгубена и наеднаш почна да плаче. Како да паѓаше во хистерија.

— Смирете се! — почнав да ја молам. — Сето тоа води кон подобро. Ќе се уверите . . . Што вие е, Настасја Евграфовна?

— Јас . . . јас не знам . . . што ми е — рече таа зазбивтано и несвесно ми ја стегна раката. — Кажете ми . . .

Во тој момент од вратата на десната страна се чу некаков шум. Таа ми ја пушти раката и исплашена, не зборувајќи воопшто, избега по скалите.

Јас го најдов целото друштво, то ест вујко ми, Бахчеев и Мизинчиков во задниот двор кај коњушницата. Во Бахчеевата кочија впрегнуваа нови коњи. Сè беше готово за тргнување. Ме чекаа само мене.

— Еве го и него — извика вујко ми кога се појавив јас. — Чу ли брате? — додаде тој со некаков чуден израз на лицето.

Страв, збрканост и заедно со тоа некаква надеж му се гледаа во очите, во гласот и движењето. Тој беше свесен дека во неговата судбина се изврши капитален пресврт.

Веднаш ме запознаа со сите подробности. Господинот Бахчеев, по многу лошо поминатата ноќ, од дома дојде в зори, за да ги стигне на утринска молитва во манастирот што се наоѓа на некои пет врсти од неговото село. Токму кога скршнуваше од царскиот пат кон манастирот, тој наеднаш го забележи тарантасот што јуреше со полна брзина, а во тарантасот Татјана Ивановна и Обноскин. Татјана Ивановна, со солзи и како исплашена, викна и ги подаде рацете кон

господинот Бахчеев, како да го моли да ја заштити — барем така излегуваше според неговото раскажување: „А оној подлецот, оној со брадичката — додаваше тој — седи ни жив ни мртов се скрил, нема братче да се скриеш!“ Не размислувајќи долго, Стјепан Алексеич пак скршна на патот и дојде во Степанчиково, го разбуди вујко ми, потоа Мизинчиков и најпосле мене. Решија веднаш да тргнат во потера.

— Значи, Обноскин, значи Обноскин . . . — говореше вујко ми, гледајќи ме упорно како да сака со тоа да ми каже и нешто друго: — Кој би се надевал на тоа!

— Од тој никаквец секогаш можеше да се очекува секаква лошотија! — викна Мизинчиков со најенергично негодување и веднаш се сврти за да го избегне мојот поглед.

— Па одиме или не? Или до мрак ќе стоиме и ќе раскажуваме приказни? — нè прекина господинот Бахчеев качувајќи се во кочијата.

— Ајде, ајде! — прифати вујко ми.

— Вујко, сè оди на подобро — му шепнав јас. — Гледате ли сето тоа сега излезе одлично!

— Доста, брате, не греши . . . Ах, пријателе мој! Тие сега неа просто ќе ја избркаат, како казна за тоа што не им појде од рака, разбираш? Ужас, јас тоа го претчувствувам.

— Ама што е, Егоре Ильич, ќе шепотиме ли или ќе одиме? — по вторпат извика господинот Бахчеев. — Или да ги распрегнеме коњите па малку да се поткрепиме — што мислите: дали да пивнеме по некоја воткичка?

Тие зборови беа проговорени со таква лутина и сарказам што ништо друго не остануваше освен веднаш да се задоволи господинот Бахчеев. Сите веднаш седнаа во кочијата и коњите летнаа.

Едно време сите молчевме. Вујко ми значајно погледна во мене, ама не сакаше пред сите да зборува со мене. Тој често се замислуваше; потоа, како да се разбудува, се сепнуваше и во возбудувањето се вртеше наоколу. Мизинчиков очевидно беше мирен, пушеше цигара и гледаше достоинствено како некој не-

справедливо навреден човек. Затоа Бахчеев на сите им се лутеше. Тој мрмореше во себе, под мустаќи, со решително негодување гледаше и на нас, и на сите, црвенееше, трепереше, постојано плукаше настрана и никако не можеше да се смири.

— Степане Алексеич, дали сте уверен дека тие тргнале во Мишино? — наеднаш праша вујко ми. — Тоа е брате на дваесет врсти одовде — додаде обрнувајќи се кон мене. — Мал имот од триесетина души; неодамна од поранешните газди го купи еден мој бивш губернискиот чиновник. Обесеник, каков што мајка уште не родила! Така барем за него зборуваат; можеби и не е вистина. Степан Алексеич уверува дека Обноскин тргнал токму таму и дека сега му помага тој чиновник.

— Сигурно? — викна Бахчеев сепнувајќи се. — Кога велам, во Мишино. Само досега тој веќе летнал од Мишино, истиот тој Обноскин! Требаше уште три часа во дворот залудно да дрдориме.

— Не грижете се — забележи Мизинчиков. — Ќе ги затечеме.

— Да, ќе ги затечеме! Тие баш тебе ќе те чекаат. Во раце ни беше; беше, па ни избега.

— Смири се Степане Алексеич, смири се, ќе ги стигнеме — рече вујко ми. — Тие уште ништо не успеале да сторат, ќе видиш.

— Не успеале да сторат — злобно повтори господинот Бахчеев. — Што ли сè таа нема да успее да направи, иако е „мирна“ — велат „мирна“! — додаде тој со танок глас, како да се шегува со некого. — „Многу несреќи доживеала.“ А, сега пак нам ни покажа што умее, таа несреќната! Ете трчај по неа по патиштата со изваден јазик пред зори! Не му даваат на човека ни да се помоли на бога на господовиот празник. Пи!

— Па не е таа малолетна — забележав јас. — Таа не е под туторство. Ние не можеме да ја вратиме, ако не сака самата. Како ќе ја вратиме?

— Се разбира, — одговори вујко ми — но таа ќе сака, верувај ми. Таа сега само онака... Штом ќе не здогледа, веднаш ќе се врати, ти гарантирам. Не сме-

еме да ја оставиме така на милост и немилост на судбината како некоја жртва; тоа ни е, така да кажам, наша должност...

— Не е под туторство! — викна Бахчеев и ми се сврти мене. — Баќушка, таа е будала, голема будала, а не е под туторство. Јас вчера не сакав за неа да ти зборувам; а, пред некој ден, јас погрешно влегов во нејзината соба, ја гледам неа пред огледало, со рацете на колковите, играше екосе! Па да видиш само како се облекла: журнал, просто журнал! Плукнав и си отидов. Веќе сè знаев однапред, како да читам книга!

— Зошто така ја обвинувате? — забележав малку плашливо. — Познато е дека Татјана Ивановна... Не е сосема здрава... Или подобро да кажам таа има манија... Мене ми се чини дека е виновен само Обноскин, а не таа.

— Не е сосема здрава! Па ете разговарајте сега со неа! — прифати дебелиот, сиот поцрвенет од бес. — Просто се заколнал да го лути човека! Од вчерашниот ден тој така се заколнал! Будала е таа, драги мој, ти го велам тебе, капитална будала, не дека не е сосема здрав; од мала поулавела од Купидон; па ете сега Купидон и ја дотера во ќорсокак. А за оној со брадичката не вреди ни да се зборува! Сигурно сега јава на коњ со парите, дин-дин-дин, и се смешка.

— Па зар вие навистина мислите дека тој веднаш ќе ја остави?

— Сигурно? Па веројатно со себе нема да влече таква ризница? А зошто му е таа? Ќе ја ограби, па ќе ја остави да седи некаде на патот под некоја грмушка и збогум, а таа нека седи под грмушката и нека мириса цвеќе.

— Е, тука веќе претеруваш Степане, нема да биде баш така! — викна вујко ми. — Впрочем, зошто ти толку се лутиш? Ти се чудам Степане, што ти е тебе грижа за тоа?

— Па нели сум човек, или не сум? Ме фаќа бес, и заради туѓа работа ме фаќа бесот. А можеби ова го зборувам затоа што ја сакам... Ех, нека оди сè по ѓаволите! Па зошто дојдов ваму? Па зошто наминав? Што

ми е мене грижа за тоа? Што ме интересира тоа мене?

Така зборуваше господинот Бахчеев, но јас веќе не го слушав, туку размислував за онаа по која тргнавме во потера, за Татјана Ивановна. Еве ја нејзината куса биографија што подоцна ја прибрав од најсигурни извори и која е неопходна за објаснување на нејзините доживувања. Сиромашно дете, сираче, израснато во туѓ, негостољубив дом, потоа сиромашно девојче, па сиромашна девојка и најпосле сиромашна стара девојка. Татјана Ивановна за време на целиот свој сиромашен живот до врвот ја испи полната чаша со јадови, сиромаштија, понижувања и прекорувања и сосем ја запозна сета горчина на туѓиот леб. По природа весела, извонредно чувствителна и лекомислена, отпрвин сè уште некако ја поднесуваше својата горчлива судбина, па дури понекогаш можеше и да се насмее со највесело, најбезгрижно смеење; меѓутоа, со годините, и судбината најпосле го стори своето. Малку по малку и Татјана Ивановна почна да вене, да слабее, стана раздразлива, болно чувствителна и западна во безгранично, бескрајно фантазирање, често прекинувано со хистерични солзи, грчовито плачење. Колку што стварноста ѝ даваше помалку земско богатство, толку таа повеќе се лажеше и утешуваше со фантазирање. Колку што посигурно, побесповратно пропаѓаа и најпосле сосем пропаднаа и последните нејзини вистински надежи, толку поопивни стануваа нејзините соништа кои никогаш не можеа да се остварат. Нечуеното богатство, невидената убавина, отмените, богатите, прочуените стројници, само кнезови и генерални синови, кои за неа ги чуваа своите срца во невина чистота и кои умираа покрај нејзините нозе од безгранична љубов и најпосле т о ј, — т о ј, идеалот на убавината, што ги има во себе сите можни совршенства, страстен и вљубен, уметникот, поетот, генералскиот син — сите заедно, или сите по ред, сето тоа почна да ѝ се јавува и тоа не само на сон, туку и на јаве. Моќта на расудувањето почна веќе да ѝ слабее и повеќе да не ја поднесува дозата на тој опиум на

таинствените, постојани фантазирања... И наеднаш, судбината конечно ѝ се насмевна. На последната скала од понижувањето, среде најжалосната стварност, што ѝ го задушуваше срцето, кога беше придружничка на една стара беззаба госпоѓа, најголема зајадливка на светот, виновна за сè, прекорувана за секое парче леб, за секоја изнесена крпа, навредувана од секого, кој само сакаше да ја навредува, незаштитена, измачена од својот сиромашки живот и сета нурната во сладоста на безумните и разгорени соништа — таа наеднаш доби вест дека ѝ умрел еден далечен братучед кому уште одамна (за што, како што беше лекомислена, таа никогаш не се распрашуваше) му изумреле сите блиски роднини, некој чуден човек, што живеел како испосник некаде зад грбот на господа, во полна повлеченост, осамено, нерасположено, нечујно и кој се занимавал со науката за човечкиот череп и за лихварството. И ете, огромното богатство, наеднаш, како по некое чудо, падна од небо и се истури како златен песок пред нозете на Татјана Ивановна; излезе, дека е таа единствената законита наследница на умрениот братучед. Сто илјади рубли во сребро доби за миг. Тој потсмев на судбината ја дотепа сосем. И навистина, како разумот, и без тоа ослабен, да не им поверува на соништа-та кога тие ќе почнат да се остваруваат? Така, кутрата таа конечно се раздели и од последната трошка здрав разум што ѝ беше уште останало. Умирајќи од среќа, таа неповратно се внесе во целиот волшебен свет на невозможните соништа и соблазливите привиденија. Збогум на сите размислувања, на сите сомневања, на сите пречки во стварноста и нејзините закони, неизбежни и јасни како двапати по два! Триесет и петте години и сонот за заслепувачката убавина, есенскиот тажен студ и сета раскош на бесконечното љубовно блаженство, дури и не судрувајќи се меѓу себе, се впија во нејзиното суштество. Соништа-та веќе еднаш се остварија во животот; зошто тогаш да не се оствари сè? Зошто да не се појави и т о ј? Татјана Ивановна не расудуваше туку веруваше. Ама додека го чекаше н е г о, идеалот, дотогаш младоженците и кавалерите со разни ордени и простите кавалери, вое-

ните и цивилните, од војската и од коњичката гарда, големците и просто поетите, што биле во Париз и што биле само во Москва, со брадички и без брадички, со шпански брадички, Шпанци или не Шпанци (ама пред сè Шпанци) — почнаа да ѝ се привидуваат и денье и ноќе, во страшно голем број, што сериозно ги застрашуваше и набљудувачите; остануваше само уште еден чекор до лудата кука. Во блескавата, занесена љубовна поворка се натискаа околу неа прекрасни привиденија. Најаве, во стварниот живот, работите течеа по истиот тој фантастичен ред: кого ќе го погледнеше, тој ќе се вљубеше во неа; кого ќе го минеше, тоа е Шпанец; кој ќе умреше, сигурно умираше од љубов спрема неа. Сето тоа, баш како нарочно се привидуваше во нејзините очи уште и со тоа што по неа навистина почнаа да трчаат со иста цел и такви луѓе како Обноскин, Мизинчиков и десетина други. Наеднаш нејзе сите почнаа да ѝ угодуваат, да ја галат и ласкаат. Кутрата Татјана Ивановна не сакаше ни да се посомнева дека е сето тоа само заради парите. Таа беше сосем уверена дека на нечиј знак сите луѓе наеднаш се поправиле и сите до еден станале весели, мили, љубезни, добри. Тој сè уште лично не се појавуваше; ама никако немаше сомневање дека т о ј ќе се појави, сегашниот живот и без тоа беше толку убав, толку привлечлив, толку полн со разни разноди и гостувања, што можеше и да се почека. Татјана Ивановна јадеше бонбони, го береше цвеќето на задоволството, читаше романи. Романите уште повеќе ѝ го разгоруваа фантазирањето и таа обично ги фрлаше по втората страница. Не можеше понатаму да чита, зашто веднаш ја занесуваа ваќе првите редови, најништожната алузија на љубовта, понекаде просто описот на местото, собите, облеката. Постојано ѝ носеа нови фустани, тантели, шапчиња, накити, ленти, мустри, кројки, бонбони, цвеќе, кученца. Во моминската соба три девојки цели денови седеа и шиеја, а госпоѓицата од утро до мрак, па и ноќе, ги пробаше своите елечиња и волани и се вртеше пред огледалото. По наследството таа некако и се подмлади и се разубави. Ни денеска не знам во каква роднинска врска беше со генералот Крахоткин. Секогаш бев уверен

дека тоа роднинство го измислила генералицата, што сакаше да завладее со Татјана Ивановна и на секој начин да го ожени вујко ми за нејзините пари. Господинот Бахчеев имаше право кога велеше за Купидон кој Татјана Ивановна ја доведе во Корсокак; а вујковата мисла, кога чу за нејзиното бегство со Обноскин, дека треба по неа да отрча и да ја врати, макар и со сила, беше сосем умна. Таа кутрата не беше способна да живее без туторство и веднаш ќе пропаднеше ако паднеше во рацете на лоши луѓе.

Беше веќе изминал девет часот, кога стигнавме во Мишино. Тоа е едно сиромашно мало селце на три врсти од главниот пат, во една длабнатина. Шесте или седумте селски куќички, исчадени, искривени и одвај покриени со поцрнета слама, некако тажно и нељубезно гледаа во минувачите. Ни градинче, ни грмувче на четврт врста наоколу. Само една стара врба ги спуштила гранките и дремеше над зеленикавата бара што ја викаат езерце. Таквото ново место на престој, секако, не можеше да ѝ создаде пријатен впечаток на Татјана Ивановна. Поседничкиот дом, нов, долг и тесен, со шест прозорци на ред и на брза рака покриен со слама. Чиновникот, поседник, тукушто почнуваше да го води стопанството. Ни дворот уште не беше заграден. Само од едната страна беше почната оградата од гранки, од која сè уште не беа опаднати исушените орегови лисја. Покрај оградата стоеше Обноскиновиот тарантас. На виновниците им дојдовме како снег на глава. Низ отворениот прозорец се слушаа извици и плачење.

Едно босоного момче, што го сретнавме во тремот, почна да бега од нас колку што можеше. А во првата соба на вториот отоман, со навлака од басма, седеше расплакана Татјана Ивановна. Кога нè здогледа, таа вресна и го покри лицето со рацете. Покрај неа стоеше Обноскин, исплашен и збунет, човек да го зажали. Тој толку се збуни што летна да ни ги стиска рацете, како да се зарадува на нашето доаѓање. Низ подотворената врата што водеше во другата соба се ѕирна еден женски фустан: некој потслушнуваше и ѕиркаше низ

пукнатината што не ја забележувавме. Домаќинките не се појавуваа: како да не беа дома, сите некаде се испосокрија.

— А, еве ја нашата патничка! Дури и со рачињата се покрива! — викна господинот Бахчеев, влегувајќи по нас во собата.

— Запрете го својот занес Степане Алексеич! На крајот од краиштата тоа не е пристојно. Сега има право да зборува само Егор Илич, а ние сме овде сосем незаинтересирани! — остро забележа Мизинчиков.

Вујко ми строго го погледна господинот Бахчеев и, како да не го забележуваше Обноскина што летна да му ја стегне раката, тој ѝ пристапи на Татјана Ивановна, која сè уште постојано се покриваше со рацете, па ѝ рече меко и топло без најмало преправање:

— Татјана Ивановна! Ние толку ве сакаме и почитуваме што дојдовме лично да разбереме каква намера имате. Сакате ли да си дојдете со нас во Степанчиково? На Иљуша му е именден. Мама ве чека нестрпливо, а Сашурка и Настја сигурно цело утро плачеле заради вас . . .

Татјана Ивановна плашливо ја крена главата, го погледна низ прстите и, почнувајќи да плаче, наеднаш му се обеси на вратот.

— Ах, одведете ме, одведете ме одовде што поскоро! — рече таа плачејќи. — Што поскоро, што поскоро.

— Сита е од бегањето, па блада — прошушка Бахчеев и ме турна со раката.

— Значи, сè е свршено — рече вујко ми обрнувајќи му се суво на Обноскин и речиси не гледајќи во него. — Татјана Ивановна, молам вашата рака. Ајде!

Зад вратата се чу шушкање, вратата чкртна и уште повеќе се подотвори.

— Меѓутоа, ако се суди од друга гледна точка — забележа Обноскин и немирно погледна во подотворената врата — тогаш, размислете самиот Егоре Илич . . . вашата постапка во мојата куќа . . . и најпосле јас ве поздравувам, а вие, Егоре Илич, не сакате ни да ми одговорите . . .

— Вашата постапка во м о ј а т а куќа, господине, беше лоша постапка, — одговори вујко ми гледајќи го строго Обноскин — а ова и не е ваша куќа. Чувте: Татјана Ивановна не сака овде да остане ни една минута. Што сакате повеќе? Ни збор, слушате ли, ни збор повеќе, ве молам. Необично сакам да ги избегнам понатамошните објаснувања, а и за вас тоа ќе биде покорисно.

Тука Обноскин толку премале со духот што изговори најнеочекувани глупости.

— Егоре Илич, немојте да ме презирате — почна тој со полушепотење, речиси плачејќи од срам и секој час вртејќи се кон вратата, веројатно од страв да не го чујат — ништо не сум сторил јас, туку мама. Јас тоа не го сторив од сметка, Егоре Илич; јас го сторив само онака; го сторив тоа, се разбира, и од сметка, Егоре Илич... но тоа го сторив со благородна цел, Егоре Илич: корисно би го употребил капиталот, молам... Сакав и да помогнам за напредокот на современата просвета, па дури помислив и на тоа да основам стипендија при Универзитетот... Ете, Егоре Илич, како сакав јас да го употребам моето богатство; а не, Егоре Илич јас тука нешто да сакав.

Сите нас наеднаш нè опфати необичен срам. Дури и Мизинчиков поцрвене и се сврти, а вујко ми толку се збуни што не знаеше што да каже.

— Де, де, добро, добро! — рече тој најпосле. — Смири се Павел Семјонич. Што да правиш! Секому му се случува... Ако сакаш, брате, дојди на ручек... А мене ми е драго, драго...

Но господинот Бахчеев не постапи така.

— Да основиш стипендија! — викна тој налутено. — И ти си создаден да основиш стипендија! Со задоволство ќе го скубеш секого на кого ќе наидеш... Нема панталони а зборува за некаква стипендија. Ах, ти парталко, парталко! Гледај како го освоил нежното срце! А каде е таа роденатa? Да не се скрила? Да не сум тој што сум, ако таа не е овде некаде зад завеса! — или се вовлекла под кревет, од страв.

— Степане, Степане, викна вујко ми.

Обноскин пламна и сакаше да протестира, но пред да зине се отвори вратата и во собата влезе лично Анфиса Петровна, лута, со вцашени очи, поцрвенета од лутина.

— Што е тоа? — викна таа. — Што се случува овде? Вие, Егоре Илич, упаѓате во чесна куќа, со својата банда, ги плашите дамите, правите што сакате!... Какви се тие работи? Јас уште не сум поулавела, сполај му на господа, Егоре Илич! А ти, глупаку! — продолжи таа да вика нафрлувајќи му се на синот. — Ти почна и да се лигавиш пред нив! Твојата мајка ја навредуваат во нејзината родена куќа, а ти си зинал! Каков чесен млад човек си ти по сево ова? Ти си партал, а не млад човек!

Ни вчерашните нежности, ни монденствата, дури ни лорнетот — ништо од сето тоа немаше кај Анфиса Петровна. Таа беше вистинска фурија, фурија без маска.

Штом ја здогледа, вујко ми побрза да ја земе Татјана Ивановна подрака и излезе од собата; но, во тој момент, Анфиса Петровна му го препречи патот.

— Егоре Илич, вие нема да излезете така! — се развика таа пак. — Со какво право вие сосила ја одведувате Татјана Ивановна? Вам ви е криво што таа се ослободи од вашите гнасни мрежи во кои ја фативте, вие и вашата мама, и глупакот Фома Фомич! Вие сакавте да се жените за неа поради гнасната сметка. Извинете, овде се мисли поблагородно! Татјана Ивановна виде дека кај вас се кројат планови против неа, дека се работи за нејзиното пропаѓање и самата таа му се довери на Павлуша. Таа самата го замоли, што би се рекло, да ја спаси од вашите мрежи; таа мораше ноќе да избега откај вас — да, така е тоа! Ете до каде вие ја доведовте! Така ли е Татјана Ивановна? А кога е така, тогаш како смеете да упаднете со целата банда во благородничка куќа и сосила да ја одведете благородната госпоѓица, без оглед на нејзиното викање и солзи? Јас тоа нема да го дозволам! Нема да го дозволам тоа! Јас не сум мрдната од умот!... Татјана Ивановна ќе остане, затоа што таа сака да остане. Ајде, Татјана Ивановна, немојте да ги слуша-

те: тие се ваши злосторници, а не пријатели! Не плашете се! Јас веднаш ќе ги истерам . . .

— Не, не! — извика исплашената Татјана Ивановна. — Не сакам, не сакам. Каков е тој маж? Јас не сакам да се омажам за вашиот син! Каков ми е тој маж?

— Не сакате? — викна Анфиса Петровна, задушувајќи се од бес. — Не сакате? Дојдовте, па сега не сакате? Па, како тогаш сте смееле нас да нè измамувате? Па, како тогаш смеевте да му ветите и зошто со него бегавте ноќе, сами му се залепивте, нè доведовте во недоумица, нè фрливте во трошоци? Можеби заради вас син ми изгуби благородна прилика! . . . А, не! Ќе ми платите вие за тоа, морате сега да ми платите, ние имаме докази, вие ноќе избегавте . . .

Но ние не ја ислушавме докрај таа тирада. Во еден момент сите се собравме околу вујко ми, тргнавме напред, право на Анфиса Петровна и излеговме од тремот. Веднаш ни ја дотераа кочијата.

— Така постапуваат само нечесните луѓе, само никаквеците! — викаше Анфиса Петровна од тремот, сета надвор од себеси од лутина. — Јас ќе ве тужам! Ќе ми платите вие за тоа . . . Вие, Татјана Ивановна, одите во нечесна куќа! Вие не можете да се омажите за Егор Илич; тој пред вашиот нос живее со гувернантката!

Вујко ми затрепери, побледи, се гризна за усната и побрза со Татјана Ивановна. Јас ја обиколив кочијата и почекав да дојдам на ред за да седнам, кога наеднаш покрај мене се најде Обноскин и ме фати за рака.

— Барем вие дозволете да ве замолам да бидеме пријатели! — рече тој и силно ми ја стегна раката со некаков очаен израз на лицето.

— Како тоа мислите: пријатели? — реков застанувајќи на скалата од кочијата.

— Па така! Јас уште вчера во вас видов извонредно образован човек. Немојте да ме осудувате . . . Мене мајка ми ме наведе на ова, а јас сум тука настрана. Јас имам повеќе наклоност кон литературата, верувајте ми, а затоа е сè мама виновна . . .

— Верувам, верувам — реков јас. — Збогум.

Седнавме во кочијата и коњите летнаа. Извикувањата и проколнувањата на Анфиса Петровна уште долго се слушаа зад нас, а од сите прозорци на куќата наеднаш се појавија непознати лица и нè гледаа со дива љубопитност.

Во колата сега бевме петмина; само Мизинчиков седеше напред до кочијашот, а поранешното свое место му го отстапи на господинот Бахчеев, кој сега сакаше да седи точно спроти Татјана Ивановна. Татјана Ивановна беше многу задоволна што ја одведовме, но постојано плачеше. Вујко ми ја тешеше колку што можеше. Тој беше тажен и замислен; видов дека острите зборови на Анфиса Петровна за Настењка тешко и болно одекнаа во неговата душа. Инаку, нашето враќање ќе се завршеше без никакви непријатности, само да не беше со нас господинот Бахчеев.

Кога седна спроти Татјана Ивановна, нему, како умот да му се сврти; тој не можеше да гледа рамнодушно; се вртеше на своето место, поцрвенуваше како рак и страшно ги превртуваше очите; особено кога вујко ми ќе почнеше да ја теши Татјана Ивановна, дебелиот беше надвор од себе и 'ржеше како некој булдог, кога го дразнат. Вујко ми со страв гледаше во него. Најпосле Татјана Ивановна ја забележи несбичната душевна состојба на својот „отспротива“ и почна упорно да се загледува во него; тогаш погледна во нас, се насмевна и, наеднаш, со својот чадор, го удри господинот Бахчеев по рамото.

— Безумник! — проговори таа заводнички и палаво и веднаш се засолни со ладалото.

Тој испад дојде како ќапка што ја преполни чашата.

— Што-о-о-о? — викна дебелиот. — Што мадам! Значи, ти веќе и на мене пукаш?

— Безумник! Безумник! — повтори Татјана Ивановна и наеднаш се закикоти и заплеска со дланките.

— Стој! — му викна Бахчеев на кочијашот. — Стој!

Застанавме, Бахчеев ја отвори вратата и брзо излезе од кочијата.

— Ама што ти е Степане Алексиеч? Каде одиш? — викна вујко ми зачудено.

— Веќе довде ми дојде! — одговори дебелиот треперејќи гневно. — Нека оди сè по ѓаволите... Јас сум стар, мадам, за да бидам освојуван со флерт. Јас повеќе би сакал да умрам на патот. Збогум, мадам, коман ву порте ву!

И, навистина, тој тргна пеш. Кочијата тргна по него.

— Степане Алексеич! — викна вујко ми, губејќи ја најпосле стрпливоста. — Не будали се, седни! Време е да одиме дома!

— Оставете ме! — рече Степан Алексеич, а веќе зазбивт од одењето, зашто, онака дебел сосем се решил да оди пеш.

—Терај со полн кас! — му викна Мизинчиков на кочијашот.

— Што правиш, што правиш, стој!... — викна вујко ми, но кочијата веќе летна! Мизинчиков не се излажа; веднаш го постигна она што го сакаше.

— Стој! Стој! — се зачу зад нас еден очаен извик. — Стој, разбојнику! Стој, злосторнику ниеден!

Најпосле стигна дебелиот, уморен, полузадушен, со капки пот на челото, со разврзана врска и со капата в раце. Молчејќи и намуртен, тој се качи во кочијата и овојпат јас му го отстапив моето место; тој барем не седеше спроти Татјана Ивановна, која за сето тоа време се кинеше од смеење, плескаше со рацете и до крајот на патот не можеше да гледа рамнодушно во Степан Алексеич. А тој, од своја страна, сè до дома не проговори ни еден збор и упорно гледаше како се врти заедно тркало на кочијата.

Беше веќе пладне кога се вративме во Степаничиково. Отидов право во моето одделение, каде што веднаш дојде Гаврил со чај. Јас почнав да го распрашувам старецот, но веднаш по него дојде и вујко ми и му рече да си оди.

II

НОВОСТИ

— Јас, брате кај тебе, само за една минута — почна тој забрзано. — Брзам да ти соопштам... Јас веќе сè разбрав. Денеска никој не беше на божјата служба, освен Иљуша, Саша и Настењка. Мама, велат, ја фатиле грчеви. Ја триеја и одвај ја повратија. Сега се подготвуваат да одат кај Фома, и мене ме викаат. Не знам само дали да му го честитам на Фома именденот или не, — важна работа! И најпосле како ќе го примат тие сиот тој настан! Ужас, Серјожа, јас веќе претчувствувам...

— Напротив, вујко, — побрзав и јас од моја страна — сè се одвива така што не може да биде подобро. Зашто сега веќе никако не можете вие да се ожените за Татјана Ивановна — колку вреди само тоа! Јас уште патем сакав тоа да ви го објаснам.

— Така е, пријателе, така е. Ама сето тоа не е она; во сето тоа, се разбира, се наоѓа прстот божји како што велиш ти, ама јас не мислам на тоа... Кутрата Татјана Ивановна... Какви непријатности ѝ се случуваат... Никаквец, никаквец е тој Обноскин! Најпосле, што зборувам јас „никаквец“? Зар јас не би го сторил истото да се оженев за неа? ... Туку, впрочем, јас сè не велам за оној... Чу ли ти пред малку што рече за Настја онаа никаквата Анфиса?

— Чув, вујко. Дали сега си уверен дека треба да се брза?

— Безусловно и на секој начин — одговори вујко ми. — Настана свечен момент. Само, брате, вчера ние за едно не мислевме, а јас потоа цела ноќ за тоа размислував: дали ќе сака да појде за мене, — ете за тоа!

— Ве молам, вујко! Кога самата рече дека ве сака . . .

— Драги пријателе, ама веднаш додаде дека — „никако нема да појдам за вас".

— Ех, вујко! Тоа така само се вели; а освен тоа ни околностите денеска не се исти.

— Мислиш? Не, брате мој, деликатна е таа работа, страшно деликатна! Хм! . . . А знаеш ли, иако ми беше тешко, некако цела ноќ срцето ми се топеше од среќа! Е, збогум, брзам. Ме чекаат, и така веќе задоцнив. Само така скокнав за да разменам некој збор со тебе. Ах, боже мој! — викна тој враќајќи се. — Главното го заборавив! Знаеш што: му пишав на Фома.

— Кога?

— Ноќеска; а изутрина, штом осамна, му испратив писмо по Видопљасов, сè му изнесов, братче, на два листа, сè раскажав, вистински и искрено, со еден збор, дека морам, то ест, дека безусловно морам, разбираш ли, да ја побарам Настењка. Го замолив никому да не му кажува за состанокот во бавчата и ѝ се обрнав на благородноста на неговата душа за да ми помогне кај мама. Јас му напишав од сè срце, и, како да кажам, го облеав со моите солзи.

— И што? Никаков одговор?

— Засега уште нема; само пред малку, кога се подготвуваме за потерата, го сретнав во тремот, во ноќна облека, во патики и со капа на глава, — тој спие со капа — некаде излегуваше. Не ми рече ни збор, не ме ни погледна. Јас му се загледав во лицето, онака одоздола, ама ништо.

— Вујко, не надевајте се во него, ќе ви направи пакост.

— Не, братче, немој така да зборуваш! — викна вујко ми мавнувајќи со раката. — Јас сум уверен. А притоа, гледаш, тоа ми е последната надеж. Тој ќе сфати; тој ќе оцени. Не го оспорувам тоа дека е пр-

гав, ќудлив, но кога работата ќе дојде до вистинската благородност, тој ќе засвети како бисер... ем како бисер. Тоа ти така го мислиш, затоа што уште не си го видел во највисоката благородност... Ама, господи боже, ако тој навистина ја разнесе вчерашната тајна, тогаш... јас навистина не знам што ќе стане тогаш, Сергеј! Тогаш во што да верува човек на овој свет? Но, не, тој не може да биде таков подлец. Јас нему не можам да му се фатам ни за малиот прст! Не врти ја главата, брате, навистина ти велам, не можам да му се фатам за малиот прст.

— Егоре Илич, мама се грижи, каде сте! — се чу долу непријатниот глас на девицата Перепелицина, која веројатно го потслушнуваше низ отворениот прозорец сиот наш разговор. — Ве бараат по целата куќа и не можат да ве најдат.

— Господи боже, задоцнив! Лошо! — се вознемири вујко ми! — Пријателе, жити господа, облечи се и дојди таму! Гледаш, јас дојдов кај тебе за да отидеме заедно. Трчам, трчам, Ана Павловна, трчам.

Кога останав сам се сетив на мојата неодамнешна средба со Настењка и се зарадував оти за тоа не му раскажав на вујко ми, уште повеќе ќе го збунев. Предвидував голема бура и не можев да си претставам на кој начин вујко ми ќе ги доведе своите работи во ред и ќе ја побара Настењка. Повторувам: покрај сета верба во неговата благородност, јас и против волјата се сомневав во успехот.

Меѓутоа, требаше да се брза. Како своја должност сметав дека треба да му помогнам и веднаш почнав да се облекувам, но, колку и да брзав, јас се задржав со желба да се облечам што поубаво. Влезе Мизинчиков.

— Јас по вас, — рече тој — Егор Илич ве моли веднаш.

— Ајде!

Бев сосем готов. Тргнавме.

— Што има ново таму? — го прашав патем.

— Сите се собрани кај Фома — одговори Мизинчиков. — Фома не се чуди, нешто е замислен и малку зборува, цеди низ заби. Дури го бакна Иљуша, што, се

разбира, го доведе Егор Илич до восхитување. Уште пред малку по Перепељицина тој порача да не му го честитаат именденот и дека тој само сакал да искуша... Старицата, навистина вдишува шпирт, но се смири затоа што е Фома мирен. За нашата потера никој не спомна ни збор, како да не била; молчат, затоа што молчи и Фома. Тој цело утро не пушташе кај себе никого, иако пред малку старицата го преколнуваше во името на сите светци, додека бевме овде, да ѝ дојде да се посоветуваат, па и самата му чукна на вратата; а тој се беше заклучил и ѝ одговори дека сега тој се моли за човечкиот род или за нешто слично. Тој нешто смислува: му се гледа на лицето, но бидејќи Егор Илич ништо не е во состојба да разбере од лицето, тој е сега сосем восхитен од кроткоста на Фома Фомич: вистинско дете! Иљуша научи некаква песничка, а мене ме испратија по вас.

— А Татјана Ивановна?

— Што, Татјана Ивановна?

— Дали е таа таму? Со нив?

— Не, таа е во својата соба — ладно одговори Мизинчиков. — Таа се одмора и плаче. Можеби, ѝ е срам. Кај неа е сега, јас мислам, онаа... гувернантата. Што е тоа? Како да се подготвува луња. Погледајте го небото.

— Изгледа дека ќе почне луња — одговорив погледнувајќи го облакот што се црнееше на дното од небото.

Во тој момент се качувавме на терасата.

— Туку, кажете, што мислите за Обноскин? — продолжив јас не можејќи да се воздржам, а да не го прашам Мизинчиков за таа работа.

— Не зборувајте ми за него! Не спомнувајте ми го тој подлец! — викна тој и наеднаш застана, поцрвени и тропна со ногата. — Будала! Будала! Упропасти толку убава работа, толку сјајна мисла! Слушајте, јас сум навистина магаре што не ги прозрев неговите арамилаци — свечено признавам. Но ви се колнам дека да умееше тој сè да изведе како што треба, јас можеби и ќе му простев! Будала! Будала! И како ги

трпат, како ги поднесуваат таквите луѓе во општеството! Како не ги испраќаат во Сибир, во прогонство, на робија! Ама тие се лажат! Тие нема да ме надмудрат! Барем сега имам искуство и уште ќе се бориме. Јас сега разгледувам една нова мисла... Признајте и самиот: зар човек да го изгуби она што е негово само поради тоа што некој глупак му ја украл мислата и што не умее да ја сврши работата? Па тоа не би било право! А најпосле таа, Татјана, бездруго мора да се омажи — тоа ѝ е должност. И оти неа досега никој уште не ја отерал во лудница, тоа е токму затоа што сè уште некој можеше да се ожени за неа. Ќе ви ја соопштам мојата нова мисла...

— Но, секако, попосле, — го прекинав јас — зашто еве, веќе стигнавме.

— Добро, добро, после ќе ви ја соопштам! — одговори Мизинчиков искривувајќи ја устата во грчовита насмевка. — А сега... Па каде вие! Ви велам: право кај Фома Фомич! Идете по мене; вие уште не сте биле таму. Ќе видите друга комедија... зашто работата веќе се врти во комедија...

III

СЛАВЕНИКОТ ИЉУША

Фома имаше две големи и прекрасни соби; тие беа дури и наместени поубаво отколку другите соби во куќата. Полн комфор го опкружуваше големиот човек. Нови, убави тапети на ѕидовите, свилени шарени завеси на прозорците, ќилими, огледала, камин, мек удобен мебел — сето тоа сведочеше за нежното внимание на домаќинката спрема Фома Фомич. Саксии со цвеќе стоеја на прозорците и на мермерните тркалести столчиња пред прозорците. Среде кабинетот имаше една голема маса, покриена со црвена ткаенина, сета натрупана со книги и ракописи. Прекрасни бронзени мастилници и еден куп перца — сето тоа требаше да сведочи за тешкиот умствен труд на Фома Фомич. Патем ќе речам дека Фома овде преседе речиси осум години, а всушност ништо умно не напиша. Потоа, кога се пресели во вечноста, ги разгледавме ракописите што ги остави зад себе; се виде дека се тоа вистински трици. Најдовме, на пример, почеток на еден историски роман што се одигрува во Новгород во седмиот век; потоа чудна поема Анахорет на гробишта, напишана во слободни сихови; потоа бесмислената расправа за значењето и својството на рускиот селанец и за тоа како треба со него да се постапува, а најпосле и расказот Грофицата Влонска, од големосветскиот живот, исто така недовршен. Повеќе ништо не останало. А Фома Фомич, меѓутоа, го тераше вујко ми секоја година да троши страшни пари на

порачување книги и списанија. Но многу од нив останаа неисечени. Јас не еднаш го затекнував Фома како го чита Пол де Кок, што го криеше од луѓето некаде подалеку. На задниот ѕид од кабинетот имаше една стаклена врата низ која се одеше во дворот.

Нас нè чекаа. Фома Фомич седеше во големиот стол со потпирка, облечен во долг реденгот што му паѓаше до петици, но сепак без вратоврска. Тој беше навистина молчалив и замислен човек. Кога влеговме, тој ги покрена малку веѓите и испитувачки погледна во мене. Јас му се поклонив; како вратка, тој малку ми се поклони, со прилично внимание. Гледајќи дека Фома Фомич се однесува кон мене благонаклоно, бабата се насмевна и нишна со главата. Таа кутрата утринава не се ни надеваше дека нејзиниот миленик толку мирно ќе ја прими новината за „настанот“ со Татјана Ивановна и затоа сега необично се зарадува иако изутрина навистина ја фатија грчеви и несвестица. Зад нејзиниот стол, според обичајот, стоеше девицата Перепелицина со стиснати усни, како коњче, смешкајќи се кисело и злобно и триејќи ги ковчестите раце една од друга. Покрај генералицата се беа наместиле двете секогаш молчаливи старици — бадијалџики, благороднички. Тука имаше уште една, изутрина дојдена калуѓерка, и една сосетка спахијка, веќе во години, и исто така молчалива, која од службата в црква намина да ѝ го честита на мајката генералица празникот. Тетката Прасковја Илинична, помала од афионско зрно, беше некаде во аголот и вознемирено гледаше во Фома Фомич и во мама. Вујко ми седеше во столот со потпирка и необична радост му сјаеше во очите. Пред нив стоеше Иљуша, во празнично црвено кошулче, со накадрени локни, убаво како ангелче. Него Саша и Настенька скришно го научиле некоја песничка за на тој ден да го зарадува татка си за успесите во науките. Вујко ми само што не се расплака од задоволство: неочекуваната Фомина кроткост, генераличиното расположение, Иљушовиот именден, песната — сето тоа го доведе до вистинско восхитување и тој свечено замоли да појдат по мене за и јас што поскоро да ја споделам општата среќа и да ја чујам песничката. Саша и На-

стењка, што влегоа веднаш по нас, стоеја до Иљуша. Саша постојано се смешкаше и во тој момент беше среќна како дете. Гледајќи ја неа, Настењка исто така почна да се смешка, иако пред малку влезе бледа и тажна. Само таа ја пречека и ја смири Татјана Ивановна, кога оваа се врати од патувањето и сè досега седеше кај неа. А палавиот Иљуша, како да не можеше да се воздржи од смеење, гледајќи ги своите учителки. Изгледаше дека тие тројцата приготвија многу смешна шега што сега сакаа да ја изиграат... Јас и го заборавив Бахчеев. Тој седеше подалеку на еден стол, уште лут и црвен, молчеше, се муртеше, се секнеше и воопшто тој играше прилично мрачна улога на семејниот празник. Покрај него се врткаше Ежевикин; тој навистина се врткаше насекаде, ѝ ги бацуваше рацете на генералицата и на придојдената гостинка, ѝ шепотеше нешто на девицата Перепелицина, му се додворуваше на Фома Фомич — со еден збор, тој стигнуваше насекаде. Со големо возбудување тој ја чекаше песната на Иљуша, а кога влегов јас летна и мене да ми се поклонува во знак на голема почит и верност. Ни малку не се забележуваше дека дошол да си ја заштити ќерка си и да си ја земе од Степанчиково.

— Еве го и него! — радосно викна вујко ми кога ме виде. — Брате, Иљуша подготвил песничка, тоа ти е нешто неочекувано, вистинско изненадување! Брате, јас сум вчудовиден па нарочно испратив по тебе и го запрев декламирањето до твоето доаѓање... Де, седни до мене! Да слушнеме. Фома Фомич, признај брате, дека ти сигурно си ги натерал да ме зарадуваат мене старецот. Би се заколнал дека е така.

Кога веќе вјуко ми зборува за собата на Фома со таков тон и глас, тогаш секако сè е како што треба. Но во тоа и лежи неволјата оти е вујко ми неспособен што и да било да погоди според лицето, како што рече Мизинчиков; па, откако погледнав во Фома, јас некако и преку својата волја признав дека Мизинчиков има право и дека треба нешто да очекуваме...

— Не грижете се за мене, полковнику — одговори Фома со слаб глас, со глас на човек што им про-

стува на своите непријатели. — Јас, се разбира, изразувам благодарност за изненадувањето: тоа ја покажува чувствителноста и нежноста на вашите деца. Корисни се и стиховите, дури и заради изговорот... Но јас изутрина не бев зафатен со стихови, Егоре Илич, јас се молев... вие тоа го знаете... Впрочем, готов сум да слушам стихови.

Тогаш јас му честитав на Иљуша и го бакнав.

— Точно, Фомо, прости! Јас заборавив... Иако сум уверен во твоето пријателство! Де, бакни го уште еднаш Серјожа! Види колкав е! Де, почни Иљуша! За што е тоа? Сигурно некоја свечена ода, нешто од Ломоносов?

И вујко ми достоинствено се намести. Тој одвај седеше на местото поради нестрпливост и радост.

— Не тате, не е од Ломоносов — рече Сашењка, одвај воздржувајќи се да не се насмее. — Туку, бидејќи вие сте биле војник, сте војувале со непријатели, Иљуша научи една песна за војувањето... Опсадата на Памба, тате.

— Опсадата на Памба! А! Не се сеќавам... Што е тоа Памба, знаеш ли ти, Серјожа? Сигурно нешто херојско!

И вујко ми достоинствено се намести по втор-пат.

— Зборувај Иљуша! — нареди Сашењка.

— Девет лета Педро Гомез

почна Иљуша со ситен, изедначен и јасен глас, без запирки и точки, како што обично децата ги декламират научените стихови:

— Девет лета Педро Гомез
опсадува замок Памба,
хранејќи се само с' млеко,
и сета војска на дон Педро,
девет илјад' Кастилијци,
завет себеси дадоа
дека само леб ќе јадат
и ќе пијат само млеко.

— Како? Што? Какво млеко? — викна вујко ми гледајќи ме зачудено.

— Понатаму, Иљуша! — викна Сашенька.

Секој ден дон Педро Гомез
си ја плаче својата немоќ,
покривајќи се с' наметка.
Десетото лето дојде,
лути Маври триумфираат,
а од војската на дон Педро
останало сè и вкупно
деветнајсет луѓе само.

— Па тоа ти е галиматијас! — викна вујко ми вознемирен. — Па тоа е невозможна работа! Останале деветнаесет луѓе од целата војска, а порано била цела голема армија! Што е тоа братче?

Но тука Саша не издржа, туку гргна во најискрена детска смеа; и, иако тука немаше којзнае што смешно, беше невозможно да не се засмее човек кога ќе погледнеше во неа.

— Тоа е, тате, шеговита песна — викна таа силно, радувајќи се поради својата детска досетка. — Писателот нарочно ја составил така за да им биде, тате, смешно на сите.

— А! Смешна! — викна вујко ми, а лицето му се разведри. — То ест, комична! Затоа јас гледам... Точно, точно, смешна! И навистина е смешна, необично смешна: со млеко сета армија ја удавил, по некаков завет! Беше мошне потребно да се даде таков завет! Многу духовито, зар не Фомо? Гледате мамо, тоа е таква комична песна каква што понекогаш пишуваат писателите — нели пишуваат Сергеј? Необично смешна. Де, де Иљуша понатаму?

Деветнајсет луѓе само.
Ги собра дон Педро Гомез
и им рече: „Деветнајсет!
Барјаците да ги вејме
и во труби да затрубиме,
во барабан да удриме
и од Памба да отстапиме!

Тврдина не освоивме.
Но наша е клетва света,
пред совеста и пред честа,
завет света не згазивме,
завет што направивме:
Девет лета не јадовме
и баш ништо не јадовме,
освен малку млеко само!“

— Вистинска тиква! Со што се теши! — го прекина вујко ми повторно. — Зошто девет години пиел млеко!... Па каква добродетел е тоа? Подобро да јадел по цел овен и да не ги умирал луѓето! Прекрасно, извонредно! Гледам, веќе гледам: тоа е сатира или... како се вели тоа, алегорија, нели? И можеби дури за некој туѓ војсководач — додаде вујко ми, обрнувајќи се кон мене, па важно ги набра веѓите и затрепка со очите. — А? Што велиш? Само, се разбира, невина, благородна сатира која никого не го навредува! Прекрасно! Прекрасно! И што е најглавно, благородно! Де, Ильуша продолжи! Ах вие ѓаволки ниедни, ѓаволки! — додаде тој гледајќи весело во Саша и кришум во Настењка, која се зацрвени и се насмевнуваше.

Охрабрени со беседата,
деветнајсет Кастилијци
се нишкаат во седлата,
не многу гласно извикуваат:
„Санкто Јаго Компостело!
Чест и слава на дон Педро,
чест на лавот кастилијски!“
А Диего, каплан негов,
низ забите вака вели:
„Ако станам војсководач,
јас завет би зел на себе
да се јаде само месо
и да се пие сантуринец!“

— Е, па ете! Нели и јас го велев истото? — викна вујко ми необично зарадуван. — Во целата војска се најде еден единствен човек, па и тој бил некаков каплан! Што е тоа Серјожа, капетан ли е нивни?

— Вујко, монах, духовно лице.

— А да, да! Капелан, капелан? Знам, се сеќавам, сум читал уште во Ратклифовите романи. Тие таму имаат разни калуѓерски редови, нели?... Бенедиктинци, ми се чини... има ли бенедиктинци?...

— Има, вујко.

— Хм!... Така и мислев. Е, Иљуша, продолжи! Прекрасно, прекрасно!

Штом тоа го чу дон Педро,
се насмеа од сè срце:
„Овен да му подарите,
тој направи добра шега!“

— Најде кога треба да се смее! Многу е будала! И најпосле само на смев му тргна! Овен! Значи, имало овни. Па зошто тогаш не јал? Де, Иљуша, продолжи! Прекрасно, прекрасно! Необично смешно!

— Па готова е тате!

— А! Готова! И навистина, што им останало друго, зар не Сергеј? Прекрасно Иљуша! Просто чудо колку е убаво! Бакни ме, гулапче! Ах, мил мој! А, навистина, кој го научил на тоа, ти ли Саша?

— Не јас, туку Настењка! Пред некој ден читавме. Таа прочита па рече: „Што смешна песна! Ете, ќе дојде именденот на Иљуша: ќе го натераме да ја научи па да ја декламира. Ама ќе падне смеење!“

— Значи, Настењка? Е, благодарам, благодарам — промрмори вујко ми, поцрвенувајќи наеднаш сиот како некое дете. — Бакни ме уште еднаш, Иљуша! Бакни ме и ти ѓаволке ниедна — рече тој прегрнувајќи ја Сашењка и гледајќи ѝ со љубов во очите.

— Почекај само Сашурка, и тебе ќе ти дојде именденот — додаде тој како да не знаеше што да каже повеќе од задоволство.

— Јас ѝ се обрнав на Настењка и ја прашав чија е таа песна.

— Да, да, чија е таа песна! — пламна вујко ми. — Мора да ја напишал некој умен поет, нели Фомо?

— Хм!... — промрмори Фома под нос.

За сето време додека декламираше Иљуша нему не му паѓаше од усните гневната подбивна насмевка.

— Јас, богами, сум заборавила — одговори Настењка гледајќи исплашено во Фома Фомич.

— Неа ја напиша господинот Кузма Прутков, тате, во Современик ја отпечати — извика Сашењка.

— Кузма Прутков! Не го знам — рече вујко ми. — А Пушкина го знам... Навистина се гледа дека е сјаен поет, нели Сергеј? А покрај тоа човек со најблагородни особини, тоа е јасно како двапати по два! Можеби е и офицер... Да живее!... А Современик е прекрасно списание. Бездруго треба да се претплатиме, ако во него соработуваат само такви поети... Ги сакам поетите! Прекрасни се тие момчиња! Опишуваат сè во стихови! Се сеќаваш ли, Серјожа, јас кај тебе во Петроград видов еден литерат. Колку му беше чуден носот... Богами!... Што велиш Фомо?

Фома Фомич, кого сè повеќе го опфаќаше гнев, силно се закикоти.

— Не, јас само онака... Ништо, молам — рече тој како божем сосила да се воздржува од смеењето. — Продолжете Егоре Илич, продолжете! Јас после ќе го кажам мојот збор... Ете и Степан Алексеич со задоволство слуша за вашите познанства со петроградските литерати...

Степан Алексеич кој за сето време седеше подалеку и беше замислен, наеднаш ја крена главата, поцрвени и нервозно се сврти во фотељата.

— Ти, Фомо, не гибај ме мене, туку остави ме на мира — рече тој, гледајќи го налутено Фома со своите мали закрвавени очи. — Што ми е мене грижа за твојата литература? Нека ми даде господ само здравје — и промрмори тој за себе — а сите оние... заедно со писателите... волтеријанци, па тоа ти е!

— Писателите да се волтеријанци? — проговори Ежевикин, кој веднаш се најде до господинот Бахчеев. — Вие повелавте да кажете една вистина, Степане Алексеич. Така и Валентин Игнатич пред некој ден повелаа да се изразат. И мене ме нарекоа волтеријанец, богами. А јас, тоа сите го знаат, сè уште многу

малку сум напишал... То ест, нека ѝ се скисели на жена ми грнето со млеко, за сето тоа е виновен господинот Волтер! Така е кај нас сè.

— Ама, не! — забележи вујко ми важно. — Тоа е заблуда! Волтер беше само остар писател. Тој ги исмејуваше предрасудите, а волтеријанец тој никогаш не бил! Сето тоа за него го разнесоа непријателите. И зошто, навистина, сè на него кутриот?

Пак се разнесе гневното кикотење на Фома Фомич. Вујко ми го погледна вознемирено и забележливо се збуни.

— Ете, гледаш Фомо, јас сè уште за некои списанија — проговори тој збунето со желба некако да се поправи. — Ти, брате Фомо, имаше сосем право кога пред некој ден ме советуваше дека терба да се претплатиме. И јас мислам дека треба... Хм... Што да правиш, навистина просветата се шири! Инаку каков син си на твојата татковина, ако не се претплатиш на тоа? Нели Сергеј? Хм... да!... Ете, и на Современик. Но, знаеш ли Серјожа, според мене најголемите науки се наоѓаат во она дебело списание, како се викаше тоа? Во жолта корица.

— Татковински записи, тате.

— А да, Татковински записи, прекрасно име Сергеј, нели? Така да се каже, целата татковина седи и запишува... Многу благородна цел! Особено корисно списание! И колку е дебело! Де, издај таков дилижанс! А науките се такви, што само очите да не ти излезат од глава... Пред некој ден доаѓам јас — книгата ме чека. Ја зедов од љубопитство за да ја отворам и за миг поминав три страници. Просто, брате, зинав! И знаеш, сè ти се објаснува: што значи, на пример, метла, лопата, маша. Според мене метлата е метла, машата е маша! Да, ако не ти треба! Според ученото излегува дека машата не е само маша, туку амблем, или некаква митологија, што ли, не се сеќавам веќе повеќе што, само дека излезе нешто такво... Ете, како ти стои таа работа! Дојдоа до сè!

Не знам, всушност, што подготвуваше да стори Фома по тој вујков испад, но во тој миг се појави Гаврил и наведнувајќи ја главата застана на прагот.

Фома Фомич го погледна важно.

— Готово ли е, Гавриле — праша тој со слаб но решителен глас.

— Готово, молам — тажно одговори Гаврил и воздивна.

— И мојот врзоп ли го стави в кола?

— Го ставив.

— Е, тогаш и јас сум готов, рече Фома и полека стана од фотељата. Вујко ми го гледаше со чудење. Генералицата скокна од местото и почна немирно да се обзира.

— Полковнику, дозволете ми сега — почна Фома достоинствено — да ве замолам за миг да се откажете од интересната тема за литературните машички; можете да ја продолжите без мене, а јас, простувајќи се со вас засекогаш, би сакал да ви кажам неколку последни зборови . . .

Од страв и чудење сите слушатели се здрвија.

— Фомо! Фомо! Што ти е? За каде се готвиш? — викна најпосле вујко ми.

— Се готвам да ја напуштам вашата куќа, полковнику — рече Фома со најмирен глас. — Решив да си одам каде што ќе ме водат очиве и затоа зедов под наем за свои пари една проста селска кола. На неа ми е мојот врзоп, не е голем: неколку омилени книги, две преслеки алишта и тоа е сè! Јас сум сиромав, Егоре Илич, но за ништо на светов не би го примил сега вашето злато што го одбив вчера.

— Ама, Фомо, жити бога? Што значи тоа? — викна вујко ми побледувајќи како крпа.

Генералицата вресна, во очај го погледна Фома Фомич и ги подаде рацете кон него. Девицата Перепелицина летна да ја придржи. Бадијалциките се скаменија. Господинот Бахчеев тешко стана од столот.

— Е, почнува расказот — шепна Мизинчиков покрај мене.

Во тој момент оддалеку се чу грмење: почнуваше луња.

IV

ИСТЕРУВАЊЕТО

— Ми се чини, полковнику, дека вие прашувате „што значи тоа?“ — свечено проговори Фома, како да ужива во општата збрка. — Му се чудам на прашањето! Де, објаснете ми од ваша страна како можете да ме гледате сега право во очи? Објаснете ми ја таа последна психолошка задача од човечката бесрамност и тогаш ќе си одам барем збогатен со многу знаења за расипаноста на човечкиот род.

Но вујко ми не беше кадарен да одговори. Тој гледаше во Фома исплашен и сосипан, со отворена уста и со оцарени очи.

— Господа! Тоа се стравотии! — завика девицата Перепелицина.

— Разбирате ли полковнику, — продолжи Фома — дека вие мене морате сега да ме пуштите, просто и без испитување? Во вашата куќа дури и јас, човек во години и умен, почнувам веќе сериозно да се плашам за чистотата на својот морал. Верувајте дека испитувањето нема да доведе до ништо друго, освен до тоа вие да бидете посрамен.

— Фомо! Фомо! . . . — викна вујко ми, а студена пот му го облеа челото.

— И затоа дозволете без какви било објаснувања да ви дадам неколку совети на разделбата и тоа да бидат моите последни зборови во вашата куќа, Егоре Илич. Што било — било, лек веќе нема за тоа! Се надевам дека разбирате за што ви зборувам. Но вас ве мо-

лам на колена: ако во вашето срце уште останала макар една искра на моралност, скротете го стремежот на вашите страсти! А ако гибелниот отров уште не го зафатил целото здание, тогаш по можност угаснете го пожарот.

— Фомо! Те уверувам дека си во заблуда! — викна вујко ми доаѓајќи малку по малку на себе и со ужас претчувствувајќи го расплетот.

— Смирете ги страстите — продолжи Фома со истиот свечен тон, како да не ги слуша вујковите извици. — Победете се себеси. „Ако сакаш да го победиш целиот свет, победи се најнапред себеси.“ Тоа ти е моето секојдневно правило. Вие сте спахија, вие треба да светите како брилијант на своите имоти, а каков гнасен пример на невоздржаност вие овде им давате на вашите потчинети! Јас за вас се молев цели ноќи и треперев, трудејќи се да ја најдам вашата среќа. Не ја најдов, зашто среќата е во добродетелта...

— Ама тоа не е можно, Фомо! — пак го прекина вујко ми. — Ти не си сфатил добро и не зборуваш како што е право...

— Значи, сетете се дека сте спахија — продолжи Фома, не слушајќи ги пак извиците на вујко ми. — Немојте да мислите дека одморањето и сладострасноста му се наменети на спахискиот позив. Што убиствени мисли! Не одморање, туку грижа и тоа грижа пред господ, царот и татковината! Да работи, да работи, спахијата мора да работи и тоа да работи како последниот негов селанец.

— Што, па сигурно јас не ќе земам да орам за селанецот? — промрмори Бахчеев. — Па и јас сум спахија...

— Сега вам ви се обрнувам, домашни слуги — продолжи Фома обрнувајќи се кон Гаврила и Фалалеј, што се појави на вратата. Сакајте ги своите господа и исполнувајте ја нивната волја, понизно и со кроткост. Затоа и вас ќе ве засакаат вашите господа. А вие, полковнику, бидете спрема нив справедливи и милосрдни. И тој е човек, што се вели, создаден според ликот на бога, кој ви го подариле како малолетно дете

царот и татковината. Голема е должноста, но голема е и вашата заслуга.

— Фомо Фомич! Гулапче! Што си намислил ти? — во очај извика генералицата, готова од ужас да падне во несвест.

— Е, ми се чини, ќе биде доста — заврши Фома, не обрнувајќи ѝ внимание ни на генералицата. — Сега за подробностите; да кажеме дека се ситни, но нужни Егоре Илич. На Харинската ледина кај вас дури ни до денеска сеното не е покосено. Не чекајте ни миг: покосете го што поскоро. Тоа ви е мојот совет . . .

— Ама Фомо . . .

— Вие сакавте, јас тоа го знам, да исечете еден дел од Зирјановската шума; не сечете ја — тоа ви е мојот втор совет. Чувајте ги шумите зашто шумите ја одржуваат влагата на земјината површина . . . Штета е што премногу доцна го насеавте раното жито; чудно колку доцна го сеевте раното жито? . . .

— Ама, Фомо . . .

— Најпосле, доста. Не можам сè да ви кажам, а не е ни време! Ќе ви испратам писмена порака во специјална тетратка. Е, па збогум, збогум на сите. Господ да ве чува и господ да ве благослови! И тебе те благословувам чедо мое, — продолжуваше тој, обрнувајќи му се на Ильуша — нека те чува господ од убиственият отров на твоите идни страсти! Те благословувам и тебе Фалалеј; заборави го комаринското . . . И вас, и сите . . . Сетете се за Фома . . . Ајде, ајде Гаврииле! Смести ме во колата, старецу.

И Фома тргна кон вратата. Генералицата вресна и летна по него.

— Не, Фомо! Јас нема да те пуштам така! — викна вујко ми, го стигна и го фати за рака.

— Значи, вие сакате сила да употребите? — надмене праша Фома.

— Да, Фомо . . . И сила! — одговори вујко ми треперејќи од возбудување. — Ти многу работи рече и мораш да ги објасниш! Ти не си го прочитал добро моето писмо! . . .

— Вашето писмо! — викна Фома распалувајќи се за миг, како баш да го чекаше тој момент за да плам-

не. — Вашето писмо! Еве го вашето писмо! Еве го! Јас го кинам тоа писмо, јас плукам на тоа писмо! Јас со моите нозе го газам вашето писмо и така ја извршувам најсветата човечка должност! Еве што правам јас кога вие ме терате сосила на објаснувања! Гледајте! Гледајте! Гледајте!...

И парчиња од хартија се разлетаа по собата.

— Повторувам Фомо, ти не си разбрал! — викаше вујко ми бледнеејќи сè повеќе. — Јас неа ја барам, јас барам среќа...

— Неа ја барате! Вие ја заведовте таа девојка, а мене ме лажете дека ја барате, зашто јас вчера ве видов со неа ноќе, во бавчата под грмушките!

Генералицата викна и од премаленост падна во фотељата. Настана страшна збрка. Кутрата Настењка седи бледа како мртовец. Исплашената Сашењка го гушна Иљуша па трепери како да има треска.

— Фомо !— вика вујко ми, сиот надвор од себеси. — Ако ја раширишш таа тајна, ќе направиш најподмолна работа на светов.

— Јас ќе ја раширам таа тајна — викаше Фома — и ќе ја направам најблагородната работа што може да се замисли! Мене самиот господ ме испрати да ги разобличам лошотилаците на целиот свет! Јас сум готов да се качам на селски покрив од слама и оттаму да им викам на сите околни спахии и на сите минувачи за вашата гнасна постапка!... Да, знајте сите, сите, дека вчера, ноќе, го затеков со оваа девојка што ја гледа толку невино, во бавчата под грмушките!

— Ох, срамота! — записка девицата Препелицина.

— Фомо! Не играј си со главата! — викна вујко ми, ги стегна тупаниците, а очите му светнаа.

—... А тој, — викна Фома — тој се исплаши што го видов па се осмели да ме заведе со лажно писмо, мене, чесен и добродушен, да бидам слеп спрема неговото злосторство, да, злосторство!... зашто вие од најневината девојка направивте...

— Уште еден навредлив збор за неа и јас ќе те убијам, Фамо, ти се колнам!...

— Јас го изговарам тој збор, зашто вие од најневината девојка успеавте да направите најразвратна девојка!

Штотуку го рече Фома последниот збор, вујко ми го грабна за раменици, го сврти како некоја сламка и силно го турна во стаклената врата низ која од кабинетот се излегуваше во дворот. Ударот беше толку силен што подзатворената врата ширум се отвори и Фома, откако летна главечки низ седумте камени скали, се струполи во дворот. Искршеното стакло со тресКот се разлета по скалите.

— Гавриле, носи го! — викна вујко ми блед како мртовец. — Седни го во колата и за две минути да нема од него ни трага во Степанчиково!

Што и да замислуваше Фома Фомич, тој сигурно не се надеваше на ваков расплет.

Не земам на себе да опишам што се случуваше во првите моменти по таквиот настан. Офкањето на генералицата, што ја кинеше душата, и нејзиното превиткување во фотељата; скаменетоста на девицата Перепелицина пред ненадејната постапка на дотогаш секогаш покорниот вујко, врескањето и квичењето на двете бадијалџики; до несвестица исплашената Настењка околу која се вртеше татко ѝ; Сашењка, избезумена од страв, вујко ми кој во неискажаното возбудување одеше по собата и чекаше кога мајка му ќе дојде кај него; најпосле, страшното плачење на Фалалеј што ги оплакуваше своите господа — сето тоа правеше слика што не е можно да се опише. Додавам уште дека во тој момент почна силна луња; грмежите се слушаа сè почесто и почесто и чести и крупни капки дожд почнаа да удираат по прозорците.

— Ете ти го празникот! — промрмори господинот Бахчеев, наведнувајќи ја главата и раширувајќи ги рацете.

— Лошо! — прошепотив јас, исто така, надвор од себеси од возбудувањето. — Ама барем Фома е истеран и не може повеќе да се врати.

— Мамо! Се освестивте ли? Дали ви е полесно? Можете ли најпосле да ме ислушате? — праша вујко ми застанувајќи пред фотељата на старицата.

Таа ја крена главата, ги скрсти рацете и молбено се загледа во синот кого уште никогаш во животот не го видела толку налутен.

— Мамо! — продолжи тој. — Чашата е преполнета и самата видовте. Јас не сакав така да ја изнесам таа работа, но часот чукна и нема што да се одлага! Вие ја чувте клеветата, па чујте ја и одбраната. Мамо, јас ја сакам таа извонредно благородна и возвишена девојка, ја сакам одамна и никогаш нема да престанам да ја сакам. Таа ќе ми ги усреќи моите деца, а вас ќе ве почитува како родена ќерка и поради тоа, сега пред вас, во присуство на мои роднини и пријатели, свечено ја полагам мојата молба пред нејзините стапки и ја молам да ми направи бескрајна чест и да се согласи да ми биде жена.

Настењка се поттргна, целата се вцаши и скокна од столот. Генералицата, едно време, гледаше во синот како да не сфаќа што ѝ зборува, па наеднаш исписка, завика и падна пред него на колена.

— Егорушка, срце мое, врати го Фома Фомич! — викна таа. — Веднаш врати го! Инаку јас до вечер ќе умрам без него.

Вујко ми се здрви кога ја виде старицата-мајка, своеволна и ќудлива, пред себе на колена. Болното чувство му се одрази на лицето; најпосле, доаѓајќи на себеси, се спушти да ја крене и пак да ја седне во фотељата.

— Егорушка, врати го Фома Фомич! — продолжи старицата да моли. — Врати го гулапче! Не можам да живеам без него!

— Мамо! — жално викна вујко ми. — Зар не чувте што ви говорев. Јас не можам да го вратам Фома, разбирате ли! Не можам и немам право, по неговата ниска подла клевата спрема овој ангел од почит и добродетел. Разбирате ли мамо, јас морам, мојата чест сега ми налага да направам добродетел! Вие слушнавте: јас ја барам раката на оваа девојка и ве молам да ја благословите нашата врска.

Генерлицата пак се откачи од своето место и падна на колена пред Настењка.

— Душо моја! Родена моја! — завика таа. — Не мажи се за него! Не мажи се за него, туку замоли го, душо, да го врати Фома Фомич! Срце мое, Настасја Евграфовна! Сè ќе ти дадам, сè ќе ти подарам, ако не појдеш за него! Јас, старица, уште не сум потрошила сè, мене ми останале уште трошки од мојот покојник. Душо, сè е твое, сè ќе ти подарам, па и Егорушка ќе ти даде подарок, само жива в гроб не ставај ме, измоли го да го врати Фома Фомич...

И старицата уште долго ќе квичеше и ќе бладаше, ако Перепелицина и сите бадијалдики со врескот и офкање не се спуштеа да ја кренат, вчудовидени што таа клечи пред наемената гувернанта. Настењка одвај стоеше од страв, а Перепелицина дури се расплака од бес.

— Ќе ја умрете мама, — почна таа да му вика на вујко ми, ќе ја ставите в гроб! А вие, Настасја Евграфовна, не би требало да ја скарате мама со нејзиниот син, тоа и господ го забранува...

— Ана Ниловна, соберете си го јазикот! — викна вујко ми. — Јас доволно трпев!

— Па и јас доста од вас претерав. Што ми префрлувате вие за мојата сиромаштија? Тешко ли е да се навреди сиромашката! Јас уште не сум ваша робинка, молам! И јас сум ќерка на потполковник! Ни стапка моја нема да згази во вашата куќа, нема... Уште денеска!

Но вујко ми не ја слушаше: тој се доближи до Настењка и скромно ја фати за рака.

— Настасја Евграфовна! Вие чувте дека јас ве барам? — изговори тој, гледајќи ја со несигурност, речиси со очај.

— Не, Егоре Илич! Подобро да се откажеме од тоа — одговори Настењка сосем премалувајќи со духот. — Сето тоа е залудно — продолжи таа стегајќи му ја раката и облевајќи се со солзи. — Тоа, вие, така по оној вчерашниот... Но, тоа не може да биде и самиот гледате. Се излажавме Егоре Илич... а јас секогаш ќе се сеќавам за вас како за свој добротвор и... вечно, вечно ќе се молам за вас!...

Тука солзите ја прекинаа. Кутриот вујко, очигледно, го насетуваше тој одговор; тој не помислуваше ни да одговара, да настојува... Ја слушаше наведнат кон неа, држејќи ја постојано за рака, нем и сотрен. Солзи му се покажаа во очите.

— Јас уште вчера ви реков — продолжи Настја — дека не можам да бидам ваша жена. Вие гледате, вашите мене не ме сакаат... а јас тоа уште порано, одамна, го претчувствував; вашата мајка нема да нè благослови... па ни другите. А вие, иако нема после да се каете, зашто сте великодушен човек, сепак нема да бидете несреќен поради мене... бидејќи вие имате добар карактер...

— Многу добар карактер! Многу добар! Така е Настењка! Така е! — ѝ угодуваше стариот татко што стоеше од другата страна на фотељата. — Точно, баш тоа зборче требаше да се спомене.

— Не сакам во вашата куќа да внесам семе на раздор — продолжи Настењка. — А за мене не грижете се Егоре Илич. Мене нема никој нема да ме гибне, никој нема да ме навреди... Јас ќе си појдам кај татко ми уште денеска... Подобро е да се разделиме, Егоре Илич.

И кутрата Настењка пак се облеа со солзи.

— Настасја Евграфовна! Зар е тоа навистина вашиот последен збор? — рече вујко ми гледајќи ја со неискажано очајување. — Кажете само еден збор и јас сè ќе ви жртвувам!...

— Последен, последен Егоре Илич, — одговори пак Ежевикин. — И таа сето тоа толку убаво ви го објасни што, признавам јас, тоа не го ни очекував. Вие сте навистина дабор човек Егоре Илич, навистина добар и многу чест ни укажавте!... Па сепак ние не сме прилика спрема вас. Вам, Егоре Илич, ви треба невеста што ќе биде и богата, и од познато семејство, и убавица, и која има глас, и која би одела по вашите соби, сета во брилијанти и во пердуви од ној... Тогаш, можеби и Фома малку ќе попушти... И ќе ја благослови! А Фома Фомич, молам, вратете го! Бадијала, бадијала вие така го навредивте! Тој тоа го

изговори од добрина, од премногу жар... И самиот потоа ќе кажете дека е од добрина, ќе видите! Нема друг човек подостоен за почитување. А сега, ете, ќе накисне. Па, подобро е сега да го вратите... зашто и без тоа ќе морате да го вратите.

— Врати го, врати го! — извика генералицата. — Срце мое, вистина е тоа што ти го зборува!...

— Да, молам — продолжи Ежевикин. — Ете и вашата родителка повела да умираат — бадијала... Де, вратете го. А јас и Настја за тоа време ќе го фатиме патот под нозе...

— Чекај Евграфе Ларионич — викна вујко ми. — Те молам! Уште еден збор Евграфе, само еден збор...

Кога го рече тоа, тој отиде, седна во аголот во една фотелја, ја наведна главата и ги покри очите како нешто да размислува.

Во тој момент страшно згрми, речиси над самата куќа. Целата зграда се стресе. Генералицата писна, исто така и Перепелицина, бадијалциките почнаа да се крстат, избезумени од страв, а заедно со нив и господинот Бахчеев.

— Татко, пророку Илија! — прешепотија пет-шест гласа во ист момент.

Веднаш по грмењето заврна многу голем пороен дожд, како на Степанчиково да се истури цело едно езеро.

— А Фома Фомич, што ли ќе стане сега со него, надвор, в поле? — записка девицата Перепелицина.

— Егорушка, врати го! — викна со очаен глас генералицата и како луда летна кон вратата. Ја задржаа бадијалциките; тие ја опколија и почнаа да ја утешуваат, да пискаат. Страшна мешаница.

— Има на себе само реденгот, барем да си земеше палто! — продолжуваше Перепелицина. — Не си зеде ни чадор. Ќе еги отепа гром, молам!...

— Сигурно ќе го убие! — прифати Бахчеев. — Па и дождот уште и сосем ќе го наводени.

— Барем вие можете да молчите! — му шепнав јас.

— Па и тој е човек, нели? — гневно ми одговори Бахчеев. — Па не е куче! Сигурно ни ти сега не би

излегол надвор. Де, излези, искапи се ако ти е пријатно.

Претчувствувајќи со страв како ќе заврши сè се доближив до вујко ми кој како да се беше скаменил во својата фотеља.

— Вујко, — му реков наведнувајќи му се над увото — зар навистина ќе се согласите да го вратите Фома Фомич? Сфатете дека тоа ќе биде врв на непристојноста, барем додека е овде Настасја Евграфовна.

— Пријателе мој, — одговори вујко ми, кревајќи ја главата и гледајќи ме в очи решително — во овој миг јас размислував и сега знам што да правам. Не грижи се, нема да има навреда за Настја, јас тоа така ќе го направам . . .

— Мамо, — рече — смирете се. Ќе го вратам Фома Фомич, ќе го стигнам: тој уште не можел далеку да појде. Ама ви се колнам дека тој ќе се врати само под еден услов: овде, пред сите сведоци што ја слушнаа навредата, тој мора да ја признае својата вина и свечено да ја моли за прошка, оваа благородна девојка. Јас ќе го постигнам тоа! Јас ќе го натерам! Инаку, нема да мине преку прагот на куќава! Мамо, и уште свечено ви се колнам: ако тој самиот доброволно се согласи со тоа, јас сум готов да му клекнам пред нозете и да му подарам сè што можам да му подарам, а да не ги навредам моите деца! Јас, пак, од денес ги кревам рацете од сè. Згасна ѕвездата на мојата среќа! Јас го напуштам Степанчиково! Живејте овде сите мирно и среќно. А јас си одам во полкот, во воениот вител, на бојното поле, да ја поминам својата очајна судбина . . . Доста! Одам!

Во тој момент се отвори вратата и Гаврил, сиот наводенет, сиот извалкан со кал, што не може повеќе да биде, се појави пред збунетото друштво.

— Што е? Од каде? Каде е Фома? — викна вујко ми и летна кон Гаврила.

По него стрчаа и сите други и со алчна љубопитност го опколија старецот од кој калливата вода буквално потече како порој. Квичење, офкање, врескање го придружуваа секој збор на Гаврил.

— Во брезовата шумичка, го оставив, на врста и пол одовде — почна тој со плачлив глас. — Од громот коњот се исплаши и летна в ендек.

— Их! . . . — викна вујко ми.

— Колата се преврти . . .

— Их . . . а Фома?

— Падна во ендекот, молам.

— Ама де, раскажувај, што одолжуваш.

— Си го повреди колкот и заплака. Јас го распрегнав коњот и дојдов ваму да јавам.

— А Фома остана таму?

— Стана и продолжи понатаму, потпирајќи се со стап — заврши Гаврил, па воздивна и ја наведна главата.

Солзите и плачењето на дамите не можат да се опишат.

— Полкан! — викна вујко ми и летна од собата. Го доведоа Полкана. Вујко ми скокна на него, неоседлан, и веднаш потоа тупотот на коњските копита нè извести дека почна потера по Фома Фомич. Вујко ми летна дури и без капа.

Дамите стрчаа кон прозорецот, а меѓу плачењето и липањето се слушнаа и совети. Се велеше дека за Фома Фомич треба веднаш да се подготви топла бања, да се истрие со шпиритус, да му се даде чај и, како што вели Фома Фомич, „ни трошка леб, молам, од утро не зеле в уста и дека се сега на гладно срце". Девицата Перепелицина ги најде очилата што тој ги беше заборавил во футролата и тоа предизвика необичен ефект: генералицата се фрли на нив и со липање и солзи, не пуштајќи ги од рацете, пак дојде до прозорецот за да гледа на патот. Исчекувањето дојде на последниот степен од напнатоста . . . Во другиот агол Сашењка ја тешеше Настја; тие беа гушнати и плачеа. Настењка го држи Иљуша за рака и постојано го бакнува, простувајќи се од својот ученик. Иљуша се задуши од плачење, ни самиот ништо не знаеше зошто. Ежевикин и Мизиничков расправаат настрана за нешто. Ми се чини и Бахчеев, гледајќи ги девојките, како да се подготвуваше да зацимка. Јас му се доближив.

— Не, баќушка, — ми рече тој — Фома Фомич можеби и ќе си отидеше одовде, но за тоа уште не е дојдено времето: златороги бикови уште не му купија за неговиот екипаж! Не грижете се, баќушка, господарите ќе ги истера од куќа, а тој ќе остане.

Луњата беше поминала и господинот Бахчеев го промени своето уверување.

Наеднаш се слушнаа гласови: „Еве го, еве го!“ И дамите со врескот летнаа кон вратата. Не беа изминале ни десет минути од заминувањето на вујко ми: изгледаше како да не е можно толку брзо да се доведе Фома Фомич. Но загатката потоа се објасни многу брзо. Оставајќи го Гаврил, Фома Фомич навистина „замина понатаму со стапче“, но кога се најде сосем сам, на луњата, грмежите и поројниот дожд, се исплаши, се сврти кон Степанчиково и потрча по Гаврила. Вујко ми го нашол веќе во селото. Веднаш запреа една кола што минуваше таму; селаните дотрчаа и во неа го седнаа веќе скротениот Фома Фомич. Така и го доведоа право во широката прегратка на генералицата која само што не се мрдна од умот од ужас кога виде во каква состојба се наоѓа тој. Тој беше уште поизвалкан од Гаврила. Сите страшно се растрчаа: сакаа веднаш да го однесат горе, да му ги променат алиштата; викаа да му приготват чај од боз и други средства за поткрепување; се вртеа на сите страни без каква и да е смисла; сите говореа одеднаш... А Фома, како да не гледа никого и ништо. Го водеа држејќи го под мишка. Тој дојде до својата фотелја, тешко седна во неа и ги затвори очите. Некој викна дека умира, се слушна страшна викотница; но најмногу викаше Фалалеј, што настојуваше да се пробие низ многуте госпоѓи за да дојде до Фома Фомич, за веднаш да му бакне рака...

V

ФОМА ФОМИЧ СОЗДАВА ОПШТА СРЕЌА

— Каде ли ме доведоа? — проговори Фома најпосле со глас на човек што навистина умира.

— Проклето галениче! — прошепоти до мене Мизинчиков. — Како да не гледа каде го доведоа. Их, што преправање ќе има сега.

— Фомо, кај нас си, меѓу своите! — викна вујко ми. — Охрабри се, смири се! И, богами, добро ќе сториш да се пресоблечеш, инаку ќе се разболиш . . . Една чашка некој пијалак, да се загрееш . . .

— Би сакал сега малку малага — застенка Фома и пак ги затвори очите.

— Малага? Тешко ќе најдеме кај нас! — рече вујко ми, гледајќи немирно во Прасковја Илинична.

— Како да нема! — почна Прасковја Илинична. — Останаа цели четири шишиња! — и таа, веднаш, свечкајќи со клучињата, отрча да земе малага, придружена со извици од сите дами што се беа прилепиле до Фома, како муви на мед. Господинот Бахчеев искажуваше најголемо незадоволство.

— Му се присакало малага! — промрмори тој речиси гласно. — Му се присакало токму такво вино како што никој не пие! Де, кажете, кој пие сега малага, освен некој таков подлец каков што е тој! Их, по ѓаволите! А зошто стојам овде? Што чекам јас овде?

— Фомо! — почна вујко ми збунувајќи се при секој збор — ете сега . . . кога се одмори и кога си пак меѓу нас . . . то ест, сакам да кажам, Фомо, дека раз-

бирам зошто пред малку го обвини, што се вели, најневиното суштество . . .

— Каде е, каде е таа, невиност моја? — го прифати Фома како да е во треска и во бесвесна состојба. — Каде се моите златни дни? Каде си мое златно детство, кога невин и прекрасен трчав по полињата по пролетни пеперутки? Каде е тоа време? Вратете ми ја мојата невиност, вратете ми ја! . . .

И, раширувајќи ги рацете, Фома почна да им се обрнува на сите по ред, како неговата невиност да се наоѓа во џебот кај некој од нас. Бахчеев, да пукне од бес.

— Бре, што му се присакало нему! — промрмори тој налутено. — Дајте му ја неговата невиност! Сака да се бакне со неа, што ли? Можеби уште како дете бил ист таков разбојник каков што е сега. Јас би се заколнал дека бил таков!

— Фомо . . . — почна пак вујко ми.

— Каде се, каде се тие дни кога јас уште верував во љубовта и го сакав човекот? — викаше Фома. — Кога се прегрнував со човекот и плачев на неговите гради? А сега, каде сум? Каде сум?

— Фомо, ти си кај нас, смири се! — викна вујко ми. — А јас, Фомо, еве што сакав да ти кажам . . .

— Кога ќе молкнете еднаш? — записка Перепелицина, а змиските очи пакосно ѝ светнаа.

— Каде сум? — продолжи Фома. — Кој е околу мене? Биволи и бикови што кон мене ги насочиле своите рогови. Животе, што си ти? Живеј, живеј, биди обесчестен, смален, натепан, а кога ќе ти го посипат гробот со земја, дури тогаш ќе се одмаздат луѓето и кутрите твои коски ќе ги згмечат со споменик!

— Луѓе мои, тој почна да зборува за споменици! — прошепоти Ежевикин, плеснувајќи со рацете.

— О, не подигајте ми споменик! — викна Фома. — Не подигајте ми го, мене не ми се потребни споменици! Во вашите срца подигнете ми споменик, друго ништо не треба, не треба, не треба!

— Фомо! — го прекина вујко ми. — Доста! Смири се! Ни збор за спомениците, само чуј . . . Гледаш Фомо, јас разбирам дека ти, можеби, како што рече, си горел

со благороден оган кога пред малку ме караше; но, Фомо, ти претера што се однесува до добродетелите — те уверувам се измами, Фомо . . .

— Ама дали ќе престанете? — записка пак Перепелицина. — Или сакате да го убиете, што ли, тој несреќен човек затоа што ви е во рацете? . . .

По Перепелицина тргна и генералицата, а по неа и целата нејзина придружба. Сите му даваа на вујко ми знаци со рацете за да престане.

— Ана Ниловна, вие молчете, а јас знам што зборувам — решително одговори вујко ми. — Тоа е света работа! Работа на честа и правдата. — Фомо! Ти си разбран човек, ти мораш веднаш да ја молиш за прошка најблагородната девојка што ја навреди.

— Каква девојка? Каква девојка сум навредил? — проговори Фома во недоумица, поминувајќи со очите преку сите присутни, како сосема да заборавил сè што се случило и како да не разбира за што станува збор.

— Да, Фомо, и ако сега ти доброволно, благородно признаеш дека си виновен, јас Фомо, ти се колнам, ќе ти паднам пред нозе и тогаш . . .

— Па, кого сум навредил? — започна Фомо очајно. — Каква девојка? Каде е таа? Каде е таа девојка? Потсетете ме барем нешто за таа девојка.

Во тој миг, збунета и исплашена, Настењка му се доближи на Егор Илич и го поттргна за ракавот.

— Не, Егоре Илич оставете го на мира, не е потребно извинување! Зошто е потребно сето тоа? — рече таа со молбен глас. — Тргнете се!

— А! Сега се потсетувам! — викна Фома. — Боже! Се потсетувам! О, помогнете ми, помогнете ми да се потсетам! — почна тој да моли очигледно многу возбуден. — Кажете ми дали е вистина дека одовде ме истерале како непотребно куче? Дали е вистина дека гром ме удри? Дали е вистина дека ме исфрлија одовде, од тремов? Вистина ли е? Вистина ли е тоа?

Плачењето и очајното липање на женскиот пол му беа најочигледен одговор на Фома Фомич.

— Да, да, — повторуваше тој — се присетувам . . . сега се присетувам дека, по громот и по моето паѓа-

ње, стрчав наваму, гонет, од грмежот, за да ја исполнам својата должност и да исчезнам засекогаш! Поткренете ме! Колку и да сум слаб, морам да си ја исполнам својата должност.

Веднаш го поткренаа од фотељата. Фома зазеде говорничка поза и ја протегна раката.

— Полковнику! — викна тој. — Јас сега сосем си дојдов на себеси, громот уште не ги уби моите умни способности; навистина, останав глув на десното уво, но веројатно тоа не се случи толку од громот колку од паѓањето по скаливе... Но, ништо! И што му е грижа некому за увото на Фома.

Во своите последни зборови Фома стави толку жална иронија и ги придружи со таква тажна насмевка, што пак се рашири офкањето на трогнатите дами. Сите гие со прекор, а некои и со бес, фатија да го гледаат вујко ми кој веќе почна малку да се повлекува пред таквиот заеднички израз на општото мислење. Мизинчиков плукна и отиде до прозорецот. Бахчеев сè посилно и посилно ме туркаше со лактот; одвај можеше да стои мирно.

— Сега слушнете ја сите мојата исповед! — почна Фома пренесувајќи го на сите својот горделив и решителен поглед. — А напоредно со тоа, Егоре Илич, решете и за судбината на несреќниот Опискин. Уште одамна јас ве набљудувам, ве набљудував така што срцето престануваше да ми чука и видов сè, сè, уште тогаш кога вие не се ни сомневавте дека ве набљудувам, полковнику! Можеби јас се лажев; но, јас го знаев вашиот егоизам, вашето ограничено самољубие, вашата феноменална ненаситеност и кој ќе ме обвини за тоа дека не сакајќи затреперив за честа на најневината личност?

— Фомо! Фомо!... Немој да навлегуваш толку далеку, Фомо! — викна вујко ми гледајќи го со немир маченичкиот израз на лицето на Настењка.

— Мене не ме бунеше толку невиноста и заводливоста на таа личност, колку нејзиното неискуство — продолжи Фома, како да не ја чу забелешката од вујко ми. — Јас видов дека во нејзиното срце расцутува нежно чувство, како некоја пролетна ружа и, не са-

кајќи, се сетив за Петрарка кога вели дека „невиноста многу често се наоѓа само на едно влакно од пропаста“. Воздивнував, липав и иако бев готов за таа девојка, чиста како бисер, да ја дадам својата крв како гаранција, кој можеше да ми гарантира за вас, Егоре Илич! Знаејќи го нескротливиот стремеж на вашите страсти, знаејќи дека сте готов сè да жртвувате и моментно да ги задоволите, јас наеднаш се нурнав во бездната на ужасот и плашењето за судбината на најблагородната меѓу девојките...

— Фомо! Зар ти можеше да го помислиш тоа! — викна вујко ми.

— Срцето престануваше да ми чука додека ве набљудував вас. Ако сакате да разберете колку страдав, прашајте го Шекспир во неговиот Х а м л е т тој ќе ви ја раскаже состојбата на мојата душа. Почнав да се сомневам и да станувам ужасен. Во своето беспокојство и негодување се видов во црна боја, а тоа не беше онаа „црна боја“ за која се пее во познатата романса — бидете сигурен! Поради тоа и видовте дека сакав неа да ја оддалечам од оваа куќа: сакав да ја спасам; поради тоа видовте како и самиот во последно време бев раздразнет и лут на целиот човечки род. О, кој ќе ме смири сега со човештвото? Чувствувам дека сум бил можеби несправедлив спрема вашите гости и многу сум барал од нив, од вашиот внук, од господинот Бахчеев, барајќи од него астрономија — но, кој ќе ме обвини за тогашната состојба на мојата душа? Повикувајќи се пак на Шекспира, ќе речам дека иднината ми се претскажуваше како мрачна бездна на непознатата судбина, на чие дно лежеше крокодил. Чувствував дека сум должен да ја спречам несреќата, дека за тоа сум поставен, дека сум за тоа наименуван — и што се случи? Вие не ги сфативте најблагородните побуди на мојата душа и за сето време ми плаќавте со пакост, неблагодарност, подбиви и понижувања...

— Фомо! Ако е така... на крајот јас чувствувам ... — викна вујко ми со необично возбудување.

— Ако навистина чувствувате, полковнику повелете да ме ислушате, а не да ме прекинувате. Продолжувам: значи, сета моја вина се состоеше во тоа што

премногу се мачев за судбината и среќата на оваа дете; зашто таа е спрема вас уште дете. Возвишената љубов спрема човештвото во тоа време ме направи некаков дух на гневот и на недоверливоста. Без готов да се втурнам меѓу луѓето и да ги дерам. И знаете ли, Егоре Илич, дека сите ваши постапки, како намерно, секоја минута, ја потврдуваа мојата недоверливост и ме уверуваа во сите мои сомневања? Знаете ли вие дека вчера, кога ме опсипавте со вашето злато, за да ме оддалечите од себе, јас си помислив: „Тој, во моето лице, од себе ја оддалечува својата совест, за полесно да го изврши злосторството . . .“

— Фомо, Фомо! Навистина ли тоа го мислеше вчера? — викна вујко ми. — Господи, а мене тоа ни на ум не ми дојде.

— Самиот свети дух ги вдахна во мене тие сомневања — продолжи Фома. — Па кажете самиот, што можев јас да помислам, кога еден случај ме одведе онаа вечер, кај онаа кобна клупа во бавчата, во тој момент што почувствував јас — о боже — кога, најпосле, со своите родени очи видов дека сите мои сомневања станаа вистина, така што не можеше појасно да биде? Но мене ми остануваше уште една мала надеж, навистина слаба, но сепак надеж и што се случи? Утринава вие самите ја урнавте, самиот ја направивте прав и пепел. Ми испративте писмо; ми ја соопштивте намерата да се ожените; молите да не го разнесувам гласот . . . „Ама зошто — мислев јас — зошто ми пишува токму сега кога го фатив, а порано не ми пишуваше? Зошто порано не дотрча кај мене, среќен и убав, — зашто љубовта го разубавува лицето — зошто тогаш не ми се фрли во прегратка и на моите гради не разлеа солзи на бескрајна среќа и не ми се исповеда за сè?“ Зар сум јас крокодил кој само ќе ве голтне, без да ви даде корисен совет? Или сум јас некоја одвратна бубачка која само ќе ве боцне, без да ви помогне во вашата среќа? „Дали сум негов пријател или најодвратна бубачка над бубачките?“ — ете тоа беше прашањето што си го поставив себеси утринава! „Зошто, најпосле, — мислев јас — зошто би го повикал својот внук од престолнината и би го оженил за таа девојка, освен

да нè измами нас и лекомисленiот внук, а тајно да ја продолжи намерата од која нема позлосторинчка?“ Не, полковнику, ако кој и да е зацврстил во мене мисла дека вашата заемна љубов е злосторничка, тоа сте биле вие и само вие! Дури и повеќе, вие сте злосторник и спрема таа девојка, зашто вие неа, чиста и благородна, ја изложивте на клевети и на тешки сомневања со својата неумешност и себична недоверливост.

Вујко ми молчеше и ја наведна главата. Красноречивоста на Фома беше очигледно посилна од сето она што самиот би можел да го каже и тој веќе во себе признаваше дека е вистински злосторник. Генералицата и нејзиното друштво, молчејќи и со страхопочит го слушаа Фома. Препелицина ја гледаше кутрата Настењка, пакосно и победоносно.

— Вчудовиден, налутен и нерасположен, — продолжуваше Фома — јас денеска се заклучив и му се молев на бога да ме упати на прав пат! Најпосле, решив за последен пат и јавно да ве испитам. Можеби јас се зафатив за тоа со премногу жар, можеби премногу му се предадов на своето негодување, но поради моите најблагородни побуди вие ме исфрливте низ прозорец! Паѓајќи низ прозорецот, јас си мислев во себеси: „Ете така секогаш на светот се наградува добродетелта!“ Тогаш треснав наземи и потоа одвај се сеќавам што се случуваше понатаму со мене.

Врескотот и липањето го прекинаа Фома Фомич во тоа трагично сеќавање. Генералицата се спушти кон него со шише малага во рацете, што пред малку го зеде од раката на Прасковја Илиничина, која веќе се врати, а Фома величествено ја отстрани со раката, и малагата, и генералицата.

— Почекајте! — викна тој. — Треба да завршам! Што се случи по моето паѓање не знам. Знам дека сега, мокар и готов да паднам во треска, стојам, полковнику, овде за да ве усреќам сите. Според многу знаци, што сега нема да ги објаснувам, јас, најпосле, се уверив дека вашата љубов е чиста, па и возвишена, иако во исто време и злосторнички недоверлива. Истепан, понижен, усомнет дека сум ја навредил девојката за чија

чест јас како витез од средниот век би бил готов да ја пролеам сета своја крв до последната капка — јас сега сакам да ви покажам како се одмаздува Фома Опискин за навредите. Дајте ми ја раката, полковнику.

— Со задоволство Фома! — викна вујко ми. — И бидејќи сега сосем се изјасни за честа на најблагородната личност, ... се разбира ... еве ти ја мојата рака, заедно со моето каење ...

И вујко ми со жар му ја подаде раката не насетувајќи што ќе произлезе од тоа.

— Дајте ми ја и вие раката — продолжи Фома со слаб глас, одвојувајќи ги дамите што се беа насобрале околу него и обрнувајќи ѝ се на Настењка.

Настењка се збрка, се збуни и плашливо го погледна Фома.

— Елате, елате, драго мое дете! Тоа е неопходно за вашата среќа — љубезно додаде Фома, сè уште држејќи ја вујковата рака во своите раце.

— Што ли подготвува тој? — рече Мизинчиков.

Настја, исплашена и затреперена, пополека се доближи до Фома и внимателно му ја подаде својата рака.

Фома ја зеде таа рака и ја стави во раката на вујко ми.

— Ве соединувам и ве благословувам вас — проговори тој со најсвечен тон. — И ако може да ви биде од корист благословот на маченикот, што е столчен со јад, бидете среќни! Ете како се одмаздува Фома Опискин! Ура!

Општото чудење беше бескрајно. Расплетот беше толку неочекуван што сите се здрвија. Генералицата остана да стои така со отворена уста и со шишето малага во рацете. Перепелицина побледи и се стресе од лутина. Бадијалциките плеснаа со рацете и се скамениј на своите места. Вујко ми затрепери и сакаше нешто да каже, но не можеше. Настја побледи како мртовец и плашливо проговори дека „тоа не треба“ ... — но веќе беше доцна. Бахчеев, прв, мора да му се признае, го прифати извикот на Фома Фомич, по него и јас, по мене и Сашењка со сиот свој звонлив

глас, која летна веднаш да го гушне татка си; потоа Ильуша, па Ежевикин, а потоа сите Мизинчиков.

— Ура! — викна уште еднаш Фома — Ура! И на колена, деца на моето срце, на колена пред најнежната меѓу мајките! Молете ја за благослов, а ако треба и јас ќе клекнам пред неа заедно со вас . . .

Вујко ми и Настја кои сè уште не се беа погледнале, исплашени и како да не сфаќаа што се случува со нив, клекнаа пред генералицата; сите се собраа околу нив; но старицата стоеше како замелушена, не знаејќи апсолутно како да постапи. Фома ѝ помагаше и во оваа прилика: тој клекна пред својата покровителка. За момент тоа ја извади од недоумицата. Облевајќи се со солзи, најпосле, таа проговори дека се согласува. Вујко ми скокна и го стегна Фома во прегратка.

— Фомо! Фомо! . . . — рече тој, но гласот му се прекина и тој не можеше да продолжи.

— Шампањско! — извика Степан Алексеич! Ура!

— Не, молам, не шампањско — прифати Перепелицина, која веќе успеа да дојде на себеси и сфати што се случува, па и тоа што ќе се случи попосле — туку, молам, да запалиме свеќа, пред иконата, да се помолиме и со иконата да ги благословиме, како што прават, молам. сите побожни луѓе . . .

Веднаш сите се растрчаа да го исполнат умниот свет. Настана страшна турканица. Требаше да се запали свеќата. Степан Алексеич го доближи столот и се качи да ја запали свеќата пред иконата, но притоа столот се скрши и тој скокна на подот, одвај задржувајќи се на нозете. Не лутејќи се ни најмалку, тој веднаш, и со почит, ѝ го отстапи местото на Перепелицина. Девицата Перепелицина за миг ја сврши работата: свеќата се запали. Монахињата и бадијалциките почнаа да се крстат и да прават метании. Ја симнаа иконата од Спасителот и ѝ ја принесоа на генералицата. Вујко ми и Настја пак клекнаа и церемонијата заврши со побожните упатства на девицата Перепелицина која постојано додаваше: „Поклонете се до нозе, целивајте ја иконата, раката на мама, молам, бакнете ја!“ По младоженецот и невестата, и господинот Бахчеев виде дека треба да ја бакне иконата, при што

ја бакна и раката на мајката генералица. Тој беше извонредно восхитен.

— Ура! — викна пак. — Е сега сигурно ќе се изнапиеме шампањско!

Впрочем, сите се восхитени. Генералицата плаче, но сега веќе тоа се солзи радосници. Врската што ја благослови Фома веднаш стана во нејзините очи и пристојна и света, а што е главно, таа чувствува дека Фома Фомич се истакна и дека сега веќе ќе остане засекогаш покрај неа. Сите бадијалџики, барем на изглед, го делеа општото восхитување. Вујко ми, де клекнуваше пред мајка му и ѝ ги бакнуваше рацете, де клекнуваше да ме прегрне мене, Бахчеев, Мизинчиков и Ежевикин. За малку со прегрнувањата ќе го задавеше Ильуша. Саша трчаше да гушнува и бакнува. Таа се спушти да ја гушне и бакне Настењка. Прасковја Илинична се облеваше со солзи. Кога ја забележи господинот Бахчеев, тој ѝ пристапи — кон раката. Стариот Ежевикин се разнежи и плачеше во аголот, бришејќи си ги солзите со својата коцкеста шамија. Во другиот агол се лигавеше Гаврил и со страхопочит го гледаше Фома Фомич, а Фалалеј плачеше гласно, се доближуваше до сите и на сите им ги бакнуваше рацете. Сите беа опфатени од чувства. Никој уште не почнуваше да зборува, никој не се објаснуваше; изгледа дека сè беше кажано; само одекнуваа радосни извици, уште никој не сфаќаше како се случи толку брзо сето тоа. Знаеја само дека сето тоа го направи Фома Фомич и дека е тоа вистински и несоборлив факт.

Но не минаа ни пет минути по општата среќа, кога, наеднаш, меѓу нас се најде Татјана Ивановна. На кој начин, со какво чудо можеше таа, седејќи во својата соба, толку брзо да разбере за љубовта и свадбата? Таа дотрча со светло лице, со радосни солзи во очите, во занесно елегантна облека (горе, таа сепак, успеа да се преоблече) и со громогласни извици летна право кон Настењка за да ја гушне.

— Настењка, Настењка! Ти него си го сакала, а јас не знаев — викна таа. — Боже! Тие се сакале, страдале во тишина, тајно! Нив ги гонеле! Тоа е ро-

ман! Настја, срце мое, кажи ми ја вистината: навистина ли го сакаш тој безумник?

Наместо одговор Настја ја гушна и ја бакна.

— Господи, ама прекрасен роман — и од восхит Татјана Ивановна заплеска со рацете. — Слушај Настја, тие се неблагодарни, никаквеци и не ја заслужуваат нашата љубов. Но тој, можеби, е најдобар меѓу нив. Ела кај мене, безумнику! — викна таа, обрнувајќи му се на вујко ми и фаќајќи го за рака. — Навистина ли си вљубен? Зар си способен да сакаш? Гледај во мене: сакам да ти погледнам в очи, сакам да видам дали твоите очи лажат или не? Не, не лажат, во нив сјае љубовта. О, колку сум среќна! Настењка, душо, слушај ти не си богата, јас ќе ти подарам триесет илјади. Земи ги жити господа! Мене не ми требаат, мене уште многу ќе ми останат. Не, не, не, не! — викна таа и замавта со рацете, кога виде дека Настја сакаше да ја одбие. — Молчете вие, Егоре Илич, тоа не е ваша работа. Не, Настја, јас веќе така сум решила — тебе да ти подарам, одамна сакав да ти подарам и само ја чекав твојата прва љубов... Јас ќе ја гледам вашата среќа. Ќе ме навредиш ако не земеш, ќе плачам Настја... Не, не, не и не!

Татјана Ивановна беше во такво восхитување, што барем во тој момент на човека би му било невозможно, па и жал, да ја одбие. На тоа и не се решија, туку го оставија тоа за другпат. Таа се спушти да ја бакне генералицата, Перепелицина, сите нас. Бахчеев на најучтив начин се проби до неа и ја замоли и нејзе да ѝ ја бакне раката.

— Срце мое, гулапче мое! Прости ми го она од пред малку: не знаеш какво златно срце имаш.

— Безумнику! Јас те познавам одамна! — со восхитена палавост умилно му проговори Татјана Ивановна, го удри Степан Алексеич со нараквицата по нос и летна од него како ветре, допирајќи го со својот раскошен фустан. Дебелиот учтиво се поттргна.

— Ретка девојка! — рече тој трогнат. — А носот на Германецот му го залепија, знаете! — ми шепна тој доверливо, гледајќи ме радосно во очите.

— Каков нос? Каков Германец? — прашав со чудење.

— Па на оној, знаете, што го нарачав, оној што на својата Германка ѝ ја бакнува раката, а таа си ги брише солзите со шамија. Евдоким ми го поправи уште вчера, а пред малку, кога се враќавме од потерата, испратив човек на коњ... Наскоро ќе го донесат. Специјален предмет!

— Фомо! — викна вујко ми во силно восхитување. — Ти си творец на нашата среќа! Со што можам да ти се реванширам?

— Со ништо, полковнику, — одговори Фома кисело. — Продолжете да не ми обрнувате никакво внимание и бидете среќен без Фома.

Очигледно тој беше навреден: во општата радост него како да го заборавија.

— Фомо, сето тоа е од восхитување! — викна вујко ми. — Јас, брате, веќе не знам како се викам. Слушај Фомо, јас сум те навредил. Целиот свој живот, сета своја крв да ја дадам, пак не би можел да ја откупам навредата што ти ја нанесов и затоа молчам, па дури и не се извинувам. Но, ако некогаш ти затреба мојата глава, мојот живот, ако треба да скокнам во бездна, само заповедај и ќе видиш... Повеќе ништо не сакам да кажам, Фомо.

И вујко ми мавна со раката, сосем свесен дека не може да додаде ништо повеќе што посилно би можело да ја изрази неговата мисла. Само го гледаше Фома со благодарни очи, полни со солзи.

— Гледате ли каков ангел се тие, молам! — записка од своја страна девицата Перепелицина и почна да го фали Фома.

— Да, да! — прифати Сашенька. — Јас не сум ни знаела дека сте вие, Фома Фомич, толку добар човек и јас бев неучтива спрема вас, а вие ми простувате. Фомо Фомич, и отсега бидете уверен дека од сè срце ќе ве сакам. Само кога би знаеле колку ве почитувам сега!

— Да, Фомо, — прифати Бахчеев — прости ми и мене будалиот. Не те познавав, не знаев! Ти, Фомо Фомич, не си само учен човек туку си просто херој!

Целиот мој дом ти стои на располагање. А најдобро, брате, дојде кај мене задутре па со мајката генерали-ца и со младата и младоженецот — што има тука! Со целата своја куќа, елате кај мене! То ест, еве што ќе имаме за јадење — нема однапред да се фалам, но едно ќе кажам: нема да има само од пиле млеко. Жими овој крст.

Во тие изблици на радост на Фома Фомич му се доближи и Настењка и без никакви зборови силно го гушна и го бакна.

— Фомо Фомич, — рече таа — вие сте нашиот добротвор. Вие за нас толку направивте што веќе не знам со што да ви го вратам, но знам само дека ќе ви бидам најнежна, најскромна сестра...

Таа не можеше да доврши: солзите ѝ ги задушија зборовите. Фомо Фомич ја бакна в глава, па и нему му потекоа солзи.

— Деца мои, деца на срцево мое! — рече тој. — Живејте и во среќните моменти сеќавајте се понекогаш за кутриот прогонет! А за себе ќе кажам дека несреќата е можеби мајка на добродетелта. Такво нешто како да рекол Гоголь, лекомислен писател, но кај кој понекогаш се наоѓаат суштествени мисли. Прогонството-то е несреќа! Како скитник, сега јас ќе тргнам по земјата со својата патерица и — којзнае? — можеби низ своите несреќи ќе станам пополн со добродетели! Таа мисла ми е единствената утеха што уште ми преостанува.

— Ама... Каде ќе одиш, Фомо! — викна вујко ми исплашено.

Сите затреперија и се свртија кон Фома.

— Е, па зар јас можам да останам во вашата куќа, по вашата неодамнешна постапка, полковнику? — праша Фома со необично достоинство.

Но не му дозволија да зборува: општите извици ги задушија неговите зборови. Го седнаа во фотељата; почнаа да го молат, да плачат околу него и веќе не знам уште што да прават со него. Се разбира, тој ни малку не помислуваше да си оди од „таа куќа", како ни пред малку, ни вчера, како што не помислуваше ни да копа во градината. Тој знаеше дека побожно ќе го

задржат, ќе се фатат за него, особено кога сите ги усреќи, кога сите во него почнаа да веруваат, кога се сите готови да го носат на раце и тоа да го сметаат како чест и среќа. Но, секако, неодамна неговото малодушно враќање, кога тој се исплаши од луњата, донекаде му ги дразнеше амбициите и го поттикнуваше некако уште еднаш да се појуначи; а што е најглавно, многу сакаше да се преправа; му се даваше прилика толку убаво да се изнаприкаже, да наслика, да нацрта, да се исфрли себеси што апсолутно не можеше да му се спротиви на искушението. Не се ни спротивставуваше; се оттргнуваше од оние што не го пуштаа; ја бараше својата патерица, молеше да му ја вратат неговата слобода, да го пуштат да си оди таму каде што ќе го водат неговите очи; дека тој во „таа куќа“ беше обесчестен, натепан; дека се врати да создаде општа среќа; а дали тој најпосле може да остане во „куќата на неблагодарноста и да јаде чорба, навистина добра, но запржена со тепање?“ Најпосле престана да се оттргнува. Повторно го седнаа во фотељата, но неговата красноречивост не престануваше.

— Зар мене овде не ме навредувале? — викаше тој. — Зар мене овде не ми се лигавеле со јазикот? Зар вие, полковнику, токму вие, не ми покажувавте секој час шипинка и не ми се кривевте со устата како оние неучени паланечки деца по градските улици? Да, полковнику! Јас останувам при таа споредба, зашто иако вие физички не ми се кривевте со устата, сеедно, вие ми се кривевте морално; а моралното кривење е во некои прилики уште понавредливо од физичкото. За тепањата дури и да не зборувам . . .

— Фомо, Фомо! — викна вујко ми. — Не убивај ме со тие сеќавања! Веќе ти реков дека сета моја крв не би можела да ја измие таа навреда. Биди великодушен! Заборави, прости и остани да ја гледаш нашата среќа. Тоа е твое дело, Фомо . . .

— . . . Јас сакам да љубам, да го сакам човека, — викаше Фома — а мене не ми даваат, ми забрануваат да сакам, ми го одземаат човекот! Дајте, дајте ми човека да можам да го сакам! Каде е тој човек? Каде се скрил тој човек? Цел век го барам, како Диоген со фе-

нерот, и не можам да го најдам и нема никого да сакам додека не го најдам тој човек. Тешко оној што ме направи да бидам човекомразец! Јас велам: дајте ми го човекот, што ќе можам да го сакам, а мене ми го подметнуваат Фалалеј. Зар Фалалеј да го засакам? Ќе успеам ли јас да го засакам Фалалеја? Можам ли јас најпосле да го сакам Фалалеја и кога би сакал? Не; зошто не? Затоа што е тој Фалалеј. Зошто јас не го сакам човештвото? Затоа што сè на светот е — Фалалеј плукам на Фалалеј, јас ќе го згазам Фалалеј и, ако треба да избирам, повеќе ќе го засакам Асмодеј, отколку Фалалеј. Ела, ела ваму, мој постојан мачителу, ела ваму! — викна тој и наеднаш се сврти кон Фалалеј, кој се крена на прсти за на најневидлив начин да ѕирка на масата од луѓе што го опкружуваа Фома Фомич. — Ела ваму! Јас ќе ви докажам, полковнику, — вика Фома и го привлекува кај себе Фалалеја што ја изгубил главата од страв. — Јас ќе ви ја докажам вистинитоста на моите зборови, и за секојдневните подбиви, и за кривењата? Кажи Фалалеј, кажи право: што сони ноќеска? Еве да видите, полковнику, да ги видите вашите плодови! Де, Фалалеј, зборувај!

Кутрото момче, треперејќи од страв, очајно луташе со очите и бараше спас од кого и да било; но сите само трепереа и со ужас го чекаа неговиот одговор.

— Ајде де, Фалалеј, јас чекам!

Наместо одговор, Фалалеј се намурти, ја искриви устата и рикна како теле.

— Полковнику! Ја гледате ли вие ова упорност? Фалалеј, кажи: што сони денеска?

— За...

— Речи дека си ме сонувал мене — му шепна Бахчеев.

— За вашите добродетели, молам! — му шепна на другото уво Ежевикин.

Фалалеј само се обѕирна.

— За... за вашите доб... доб... за белиот бик! — завика најпосле тој и го облеаја врели солзи.

Сите уфнаа. А Фома Фомич имаше настап на необична великодушност.

— Барем ја гледам твојата искреност, Фалалеј — рече тој. — Искреност што не ја забележувам кај другите. Нека ти е просто. Ако ти намерно ме предизвикуваш со тој сон, затоа што на тоа те тераат други, господ ќе ти плати и тебе и ним. А ако не, тогаш јас ја ценам твојата искреност, зашто дури и во такво последно суштество, какво што си ти, јас сум навикнал да го гледам образот божји и неговата слика... Ти простувам Фалалеј! Деца мои гушнете ме, останувам!...

— Останува! — извикаа сите восхитено.

— Останувам и простувам. Полковнику, наградете го Фалалеј со шеќер: нека не плаче на ваков ден на сеопшта среќа.

Се разбира, таквата великодушност ја сметаа како необично ретка. Така да се грижи, во таков момент, и за кого? За Фалалеј! Вујко ми летна да ја изврши наредбата за шеќерот. Веднаш, којзнае од каде, во рацете на Прасковја Илинична се најде една сребрена кутија со шеќер. Со затреперената рака вујко ми извади две коцки шеќер, потоа три и најпосле ги пушти, зашто виде дека ништо не може да стори поради премногу големото возбудување.

— Их! — викна тој. — Зар ваков ден! Држи, Фалалеј! — и во пазувата му ја истури целата кутија. — Тоа ти е за искреноста! — додаде тој како за поука.

— Господинот Коровкин! — викна Видопљасов кој наеднаш се најде на вратата.

Настана мала збрка. Коровкиновата посета очигледно дојде во незгоден момент. Сите прашално го погледнаа вујко ми.

— Коровкин! — викна вујко ми малку збунет. — Се разбира, мило ми е... — додаде тој, гледајќи го плашливо Фома. — Ама навистина не знам дали да го примам сега во ваков момент. Што мислиш ти, Фомо?

— Ништо, ништо! — благонаклоно проговори Фома. — Повикајте го и Коровкин; нека учествува и тој во општата среќа.

Со еден збор, Фома Фомич беше во ангелско душевно расположение.

— Најучтиво се осмелувам да јавам, молам, — забележи Видопљасов — дека Коровкин не повела да биде на себеси.

— Не е на себеси? Како? Што дрдориш? — викна вујко ми.

— Токму така, молам; не се, молам, во трезна душевна состојба . . .

Но пред да успее вујко ми да зине, да поцрвени, да се исплаши и страшно да се збуни, загатката веќе беше решена. На вратата се појави лично Коровкин, го поттурна со раката Видопљасов и се најде пред зачуденото друштво. Тоа беше мал, но темелит господин, на четириесетина години, со темна, малку побелена коса, кратко потстрижен, со црвено тркалесто лице, со ситни закрвавени очи, со висока кончена поша[1]) закопчана назад со копец, во фрак што беше необично износен, полн со пердуви и сено, скинат под пазувата, во pantalon imposible[2]) и со неверојатно маслосана капа, што ја држеше во кренатата рака. Тој господин беше сосем пијан. Кога дојде среде соба, тој застана, нишајќи се и клукајќи пред себе со носот во пијано размислување; потоа, полека, ја искриви целата уста.

— Извинете господа, — рече тој — јас сум го . . . ова . . . (тука се чукна по јаката) фатил!

Генералицата веднаш зазеде став на навредено достоинство. Фома седеше во фотељата и со погледот иронично го измеруваше ексцентричниот гостин. Бахчеев го гледаше со недоумица, низ која сепак зиркаше сочувство. Вујко ми неверојатно се збуни; со сета своја душа тој страдаше заради Коровкин.

— Коровкине! — почна тој. — Слушајте!

— Атанде, молам, — го прекина Коровкин. — Се препорачувам: дете на природата. . . Бре, што гледам?... Овде има дами . . . А зошто не ми рече, подлецу ниеден, дека кај тебе овде има дами? — додаде тој со обесеничка насмевка, гледајќи го вујко ми. — Ништо!

---

[1]) Црна шамија. — Прев.

[2]) Необични панталони. — Прев.

Не плаши се!... Ќе му се претставиме и на убавиот пол. Убави дами! — почна тој со мака да зборува, плеткајќи си го јазикот и закачувајќи го при секој збор — вие го гледате несреќниот, кој... ех, и така натаму... другото не се зборува докрај... Музиканти! Полка!

— А, дали би сакале малку да легнете? — го праша Мизинчиков, приближувајќи му се мирно на Коровкин.

— Да легнам? Па вие зборувате за да ме навредите!

— Ни најмалку. Знаете, корисно е по патувањето...

— Никогаш! — со негодување одговори Коровкин. — Ти мислиш дека сум пијан... А, впрочем, каде се спие кај вас?

— Елате, јас веднаш ќе ве одведам.

— Каде? Во визбата? Не, брате, нема да ме излажеш! Јас таму веќе сум ноќевал... А, впрочем, води ме... Зошто да не појдам со добар човек?... Перница не ми треба; на војник-човек не му треба перница. Туку, брате, дај ми отоман, отоман... Навистина, слушај — додаде тој подзастанувајќи — ти си, гледам, пламено момче; де, дај ми го ти мене она... знаеш? Ромео, само колку да удавам една мува... да удавам само една мува, то ест, една чашка.

— Добро, добро! — одговори Мизинчиков.

— Добро... Ама стој, сигурно треба да се простиш... Adieu, mesdames et mesdemoiselles...[1]) Вие, што се вели, ме стрелавте... Е па што можам! После ќе се објасниме... да, разбудете ме кога ќе почне... или дури и пет минути пред почнувањето... Ама без мене нека не почнува! Слушате ли? Нека не почнува!

И веселиот господин замина по Мизинчиков.

Сите молчеа. Недоумицата уште траеше. Најпосле, Фома почна пополека, молчејќи и нечујно, да се смешка; смеењето сè повеќе му минуваше во кикотење. Кога го виде тоа генералицата, и таа се расположи, иако на лицето уште ѝ се гледаше изразот на навре-

---

[1]) Збогум, госпоѓи и госпоѓици. — Прев.

деното достоинство. Спонтано смеење почна да се слуша од сите страни. Вујко ми стоеше како замелушен, црвенееше небаре солзи ќе му потечат, а едно време не можеше ни збор да проговори.

— Господи боже! — проговори тој најпосле. — Кој би го помислил тоа! Па... па тоа секому може да му се случи. Фомо, те уверувам дека е тој многу чесен и благороден, па и многу начитан човек. Фомо, ќе видиш.

— Гледам, молам, гледам! — одговори Фома задушувајќи се од смеење. Многу начитан, и тоа сосем начитан!

— Како зборува за железниците, молам! — забележи со половина глас Ежевикин.

— Фомо!... — викна вујко ми, но општото смеење ги надви зборовите. Фома Фомич се превиткуваше од смеење. Кога го виде тоа, се насмеа и вујко ми.

— Па што има тука !— рече тој со занес. — Ти си, Фомо, великодушен, ти имаш златно срце, ти ја создаде мојата среќа... па ќе му простиш и на Коровкин.

Само Настењка не се смееше. Со очите, полни со љубов, таа гледаше во својот младоженец и како да сакаше да каже:

„Колку си навистина убав, колку си добар, колку си благороден човек и колку те сакам!“

VI

КРАЈОТ

Триумфот на Фома беше целосен и непоколеблив. И навистина, без него ништо немаше да се уреди, а свршениот чин ги поништуваше сите сомневања и приговори. Благодарноста на усреќените беше безгранична. Вујко ми и Настењка само ми даваа со рацете знаци, кога ќе се обидев оддалеку да наспомнам по кој пат е добиена согласноста на Фома за нивната свадба. Сашењка викаше: „Добриот, добриот Фома Фомич; јас ќе му извезам една перница од волница!“ И дури ме засрами што имав тврдо срце. Преправедниот Степан Алексеич сигурно би ме задавил кога би посакал пред него да кажам нешто неучтиво за Фома Фомич. Сега тој одеше по Фома, како некое кученце, го гледаше со страхопочит и на секој негов збор додаваше: „Благороден човек си ти, Фомо! Учен човек си ти Фомо . . .!“ Што се однесува до Ежевикин, тој беше на врвот од восхитувањето. Старецот веќе одамна виде дека Настењка му го завртила умот на Егор Илич и татко ѝ, и најаве, и на сон, сонуваше за тоа како ќе ја мажи за него својата ќерка. Тој работата ја одложуваше колку што можеше и се откажа дури кога не можеше да не се откаже. Фома ја сврти работата. Се разбира, старецот и покрај сето свое восхитување го сфаќаше Фома Фомич, со еден збор, беше јасно дека Фома Фомич загосподарил во таа куќа засекогаш и дека сега веќе неговото тиранство не ќе има крај. Познато е дека и најнепријатните, најќудливите луѓе, се скро-

туваат, макар и за кратко време, кога ќе им се задоволат желбите. Фома Фомич, сосем обратно, некако уште повеќе поулавуваше поради успехот и сè повеќе и повеќе го креваше носот. Пред самиот ручек, откако ги соблече алиштата и се преоблече, тој седна во фотељата, го викна вујко ми и пред целото семејство почна да му чита нова лекција.

— Полковнику! — почна тој. — Вие стапувате во законски брак. Ја сфаќате ли вие таа должност...

И така натаму, и така натаму претставете си десет страници од форматот на Jurnal des Débats, најситни печатарски букви, исполнети со најстрашна бесмислица во која нема апсолутно ништо за должностите, туку само најбесрамни пофалби на умот, крутоста, великодушноста, машкоста и несебичноста на Фома Фомич. Сите беа гладни; сите сакаа да ручаат, а при сето тоа никој не смееше да одговара и сите со страхопочит ја слушаа целата таа глупост докрај; дури и Бахчеев, и покрај својот страшен апетит, седеше во најголема смиреност и не ни мрдна. Кога, најпосле, се задоволи со својата красноречивост, Фома Фомич се одброволи и дури прилично се поднапи на ручекот и држеше многу необични здравици. Почна да прави досетки и да се шегува, се разбира, на сметка на младите. Сите се кикотеа и плескаа. Но, некои шеги беа толку вулгарни и недвосмислени, што и самиот Бахчеев се збунуваше. Најпосле, Настењка скокна од маса и избега. Тоа го доведе Фома Фомич во неописливо восхитување и веднаш се снајде: со кратки, но силни зборови ги оцрта добродетелите на Настењка и ѝ наздрави здравица на отсутната. Вујко ми, кој за момент се збуни и беше на мака, сега беше готов да го прегрне Фома Фомич. Младоженецот и невестата воопшто како да се срамуваат еден од друг и од својата среќа, — а јас забележив дека уште откако го добија благословот не разменија ниту еден збор, дури одбегнуваа да се гледаат еден со друг. Кога станаа од масата вујко ми наеднаш исчезна некаде. Барајќи го него, јас се најдов на терасата. Таму, седејќи во фотеља, тој пиеше кафе, а Фома зборуваше, поттикнат

од пијалакот. Покрај него беа само Ежевикин, Бахчеев и Мизинчиков. Јас застанав да слушам.

— Зошто, — викаше Фома — зошто сум готов веднаш да одам на клада заради своите убедувања? А, зошто никој од вас не е во состојба да оди на клада? Зошто, зошто?

— Не ќе биде потребно, Фомо Фомич, да се оди на клада, молам! — го боцкаше Ежевикин. — Де, каква смисла има тоа? Прво и прво, боли, молам, а второ, кога ќе го запалат човека, што ќе остане?

— Што ќе остане? Ќе остане благородната пепел. Но како можеш ти да сфатиш, како можеш ти мене да ме оцениш! За вас не постојат големи луѓе, освен некои таму Цезари и Александри Македонски! Па што сториле твоите Цезари? Кого го усреќиле? Што направил твојот фален Александар Македонски? Ја освоил целата земја! Па дај ми ти мене иста таква фаланга и јас ќе ја освојам, и ти ќе ја освоиш, и тој ќе ја освои... Затоа тој го убил чесниот Клит, а јас не го убив чесниот Клит... Детиште! Никаквец! Требало да го измаваат, а не да го прославуваат во светската историја... И Цезар заедно со него.

— Барем Цезара поштедете го, Фома Фомич!

— Нема да штедам, будала! — викна Фома.

— И не штеди! — пламено прифати Степан Алексеич, исто така, понапивнат. — Нема човек зошто да ги штеди; сите се тие ветрогони, сите тие само да се вртат на една нога! Ветришта! Ете, пред малку, еден сакаше некаква стипендија да основе. А што е тоа стипендија? Ѓаволот знае што значи таа! Би се обложил дека е тоа некоја нова гадотија. А оној, вториот, пред малку, во одлично друштво, шарка со нозете и бара рум! Според моето мислење, зошто човек да не пие? Добро, пиј, пиј, па стави точка, а потоа, молам, пак пиј. Нема човек зошто да ги штеди! Сите се неранимајковци! Само ти си учен, Фомо!

Бахчеев, кога ќе му се предадеше некому, му се предаваше целиот, безусловно и без каква и да било критика.

Јас го најдов вујко ми во градината, кај езерото, на најосаменото место. Тој беше со Настењка. Кога

ме виде, Настењка избега во грмушките, како да е виновна. Вујко ми ми тргна во пресрет со светло лице; во очите му светеа солзи од восхитување. Тој ме фати за обете раце и силно ги стегна.

— Пријателе мој, — рече — сè досега јас како да не верував во мојата среќа . . . Ни Настја. Само се чудиме и го славиме Севишниот. Таа сега плачеше. Сакаш ли да веруваш, сè досега јас не бев на себеси, сиот некако бев збркан: и верувам, и не верувам! И зошто ми е тоа мене? Зошто? Што сум сторил? Со што сум го заслужил!

— Ако некој заслужил, вујко, вие сте заслужиле — реков со занес. — Јас уште не сум видел толку чесен, толку прекрасен, толку добар човек каков што сте вие . . .

— Немој Серјожа, немој, тоа е многу — одговори тој со сожалување. — Тоа токму и не чини што сме ние добри (то ест, јас само за себе зборувам), кога ни е добро; а кога ни е лошо, тогаш не приоѓај близу. Ете, токму сега зборував за тоа со Настја. Колку и да е светол Фомо во моите очи, ќе веруваш ли дека јас можеби сè до денес во него не верував сосем, иако и самиот те уверував во неговото совршенство; не поверував дури ни вчера, кога одби онаков подарок! Ова го говорам за моја срамота! Срцево ми трепери кога ќе се сетам што сторив пред малку! Но, не владеев со себеси . . . Кога пред малку тој го рече она за Настја, како некој за срце да ме касна. Не сфатив и постапив како тигар . . .

— Ништо, вујко: можеби тоа беше дури и природно . . .

Вујко ми мавна со раката.

— Не, не, брате, немој ни да зборуваш! Туку просто напросто сето тоа е оттаму што имам расипан карактер, што сум мрачен и сладострастен егоист и што без воздржување им се препуштам на моите страсти. Така вели и Фома (што можеше на тоа да се одговори?). Не знаеш ти, Серјожа, — продолжи тој со длабоко чувство — колкупати сум бил раздразнет, нечувствителен, несправедлив, надуен, и не само спрема Фома! Ете, сега, сето тоа наеднаш ми дојде на ум и како да

ме опфаќа срам што досега уште не направив ништо да бидам достоен за ваква среќа. И Настја тоа го рече пред малку, иако, навистина, јас не знам какви гревови има таа, зашто таа е ангел, а не човек! Ми рече дека сме му многу должни на господа, дека сега мораме да се трудиме да бидеме подобри, постојано да правиме добри дела... И да слушнеше како пламено, прекрасно, зборуваше таа за сето тоа! Господи, прекрасна девојка!

Тој застана од возбудување, па набргу продолжи:

— Ние, брате, решивме особено да внимаваме на Фома, на мама и на Татјана Ивановна. А, Татјана Ивановна! Ретко благородно суштество! О, колку сум виновен пред сите! Јас сум виновен и пред тебе... А ако некој сега се осмели да ја навреди Татјана Ивановна, тогаш... Е, што јас тука... И за Мизинчиков треба нешто да се стори.

— Да, вујко, јас го променив мислењето за Татјана Ивановна. Неа човек мора да ја почитува и да ја жали.

— Точно, точно! — прифати вујко ми пламено. — Мора да ја почитува. Или, ете, на пример Коровкин. Ти сигурно му се подбиваш — додаде тој гледајќи ме плашливо во лицето — и сите ние очигледно му се подбиваме. А, ете, гледаш, тоа е можеби непростливо... па тој е можеби прекрасен, добар човек од кого нема подобар, но судбината... Доживеал многу несреќи. Ти не веруваш, а можеби е тоа навистина така.

— Не, вујко; зошто да не верувам.

И јас почнав пламено да зборувам дека и во најниско паднато суштество уште можат да се задржат човечки чувства; дека е недофатлива длабочината на човечката душа; дека не смеат да се презираат оние што паднале! Туку, напротив, треба да се изнаоѓаат и издигаат; дека е неточна општопримената мера за доброто и моралот, итн., итн. — со еден збор, јас се запалив и почнав да раскажувам и за натуралистичката школа, а на крајот издекламирав и стихови:

„Кога од мракот на заблудата...“

Вујко ми се воодушеви.

— Пријателе мој, пријателе мој! — рече тој трогнат. — Ти мене сосем ме разбираш и подобро од мене кажа сè што сакав јас да кажам. Точно, ама сосем така! Господи! Зошто е човекот зол? Зошто јас толку често станувам зол, кога е толку убаво да бидам добар? Ете, и Настја пред малку го велеше истото... Туку, погледај те молам, колку прекрасно е ова место, — додаде тој обрнувајќи се наоколу — каква е оваа природа! Прекрасна слика! Ова е дрво! Погледај: одвај човек да го опфати! Тоа е сок, тоа се лисје! Тоа е сонце! Колку се развеселило сè наоколу, по луњата, се измило!... Просто да помислиш дека и дрвјата нешто разбираат, чувствуваат во себе и се насладуваат од животот... Нели? Што мислиш?

— Вујко, многу лесно може да биде така. На овој начин, се разбира.

— Е, па, се разбира, на свој начин... Прекрасен, прекрасен е творецот!... Туку, ти мораш добро да се сеќаваш за целата оваа бавча, Серјожа. Колку си играше овде и трчаше кога беше мал — додаде тој гледајќи ме со неопислив израз на љубов и среќа. — Само не ти дозволуваа да појдеш сам до езерото. А се сеќаваш ли еднаш, приквечер, кога покојната Каќа те викна и почна да те милува... Сè дотогаш ти трчаше по бавчата и сиот беше зацрвенет; косичката ти беше сосем светла, кадрава... Таа си играше со неа и играше, па тогаш рече: „Добро е што ти го зеде него кај нас како сираче.“ Се сеќаваш ли?

— Вујко, одвај, одвај.

— Тогаш беше дете и сонцето вас двајцата силно ве осветлуваше, додека јас седев во аголот, пушев со луле и ве гледав вас... Јас, Серјожа, секој месец одам на нејзиниот гроб во градот — додаде тој спуштајќи го гласот, во кој се чувствуваше треперење и задушувани солзи. — Пред малку за тоа ѝ зборував на Настја: ми рече дека заедно ќе одиме таму...

Вујко ми молкна, трудејќи се да го совлада возбудувањето.

Во тој момент ни пристапи Видопљасов.

— Видопљасов! — викна Вујко ми тргнувајќи се. — Откај Фома Фомич ли?

— Не, молам; јас повеќе доаѓам по моја работа.

— Ех, сјајно! Барем ќе слушнеме за Коровкин. А јас, гледаш, веќе сакав да прашам... Јас, Серјожа, му наредив да го чува таму Коровкина. — Што има Видопљасов?

— Ќе се осмелам да ви речам — рече Видопљасов — дека вчера повелавте да ја спомнете, молам, мојата молба и да ми ветите ваша висока заштита од секојдневните навреди, молам.

— Пак ли ти за презимето? — викна вујко ми исплашено.

— Што знам, молам? Постојани навреди, молам...

— Ах, Видопљасов, Видопљасов! Што да правам со тебе? — нерасположено рече вујко ми. — Ама какви навреди можат тебе да ти се нанесуваат? Па ти просто ќе полудиш, ќе завршиш во лудница.

— Изгледа дека е со својот ум, молам... — почна Видопљасов.

— Де, де, сега пак го прекина вујко ми. — Јас тоа, братче, само онака го велам, не да те навредам, туку да има корист за тебе. Де, какви биле тие навреди? Јас се обложувам дека се тоа ветришта!

— Не можам да поминам, молам.

— Од кого?

— Од сите молам, а најмногу заради Матрјона. Низ неа јас почнав да страдам во животот. Познато е дека сите одлични луѓе, што ме виделе уште од малечок, молам, говореле дека сосема прилегам на странец, особено по цртите на лицето. Што знам, господару? Поради тоа сега и не смеам да поминам. Штом ќе поминам покрај нив, молам, сите по мене викаат разни лоши зборови; дури и малите дечиња, молам, што треба најнапред да ги истепам и тие, молам, викаат... Ете и сега, кога, доаѓав ваму, викаа, молам... Не можам повеќе вака. Земете ме, господару, под ваша закрила.

— Ах, Видопљасов!... Па што викаат? Сигурно некоја глупост на која не вреди да ѝ обрнуваш внимание.

— Непристојно ми е да кажам, молам.
— Па што, всушност?
— Гадно е да се изговори, молам.
— Де, кажи де еднаш!
— Гришка маче-изеде колаче.
— Их, чуден човек! Јас мислам којзнае што! А ти плукни и продолжи.
— Молам, јас сум плукал: уште посилно викаат.
— Ама, вујко, слушајте — реков јас. — Па тој се поплакува дека во оваа куќа нема за него живот. Испратете го барем на некое време во Москва, кај оној калиграфот. Тој, рековте, живеел кај некој калиграф.
— Е, брате, и тој заврши трагично.
— Што?
— Тие, молам, — одговори Видопљасов — доживеаја несреќа да присвојат туѓа сопственост, па затоа, наспроти сиот нивни талент, ги пикнаа в затвор, каде што бесповратно пропаднаа, молам.
— Добро, добро Видопљасов, сега смири се, а сето тоа ќе го разгледам и ќе го уредам — рече вујко ми — ти ветувам! А што прави Коровкин? Спие ли?
— Не, молам, пред малку повелаа да отпатуваат. Затоа јас и дојдов да ви јавам, молам.
— Како да отпатуваат? Што зборуваш? Па зошто го пушти? — викна вујко ми.
— По добрината на срцето, молам, ми беше жал да гледам. Штом се разбудија и се сетија за целиот процес, веднаш се удрија по глава и силно завикаа . . .
— Силно . . .
— Поучтиво ќе биде да кажам: многу различни барања за помош извикуваа. Викаа дека сега, молам, тие ќе му се прикажат на убавиот пол. А тогаш додадоа: „Јас не сум му достоен на човечкиот род!“ И сето тоа толку жално го зборуваа, молам, со одбрани зборови.
— Ретко деликатен човек! Ти кажував јас, Серјожа . . . Ама како го пушти Видопљасов, кога токму тебе ти наредив да го чуваш? Ах, господи, господи!
— Најмногу од жал во срцето, молам. Ме молеа да не кажам. Нивниот кочијаш ги нахрани коњите и ги впрегна. А за сумата што ја врачија пред три дена,

ми наредија најучтиво да се заблагодарам и да речам дека долгот ќе го испратат со една од првите пошти, молам.

— Каква сум, вујко?

— Тие спомнуваа дваесет и пет рубли во сребро, молам — рече Видопљасов.

— Јас, тогаш брате, му дадов заем, на станица: немаше доволно. Се разбира, тој ќе ми ги испрати со првата пошта... Ах, господи, колку ми е жал! Дали да испратам потера, Серјожа?

— Вујко, немојте, подобро да не испраќате.

— И јас мислам. Гледаш, Серјожа, јас навистина не сум филозоф, но мислам дека во секој човек има многу повеќе добро, отколку што однадвор изгледа. Така и кај Коровкин: тој не го поднесе срамот... Но, ајде сега да одиме кај Фома! Многу се задржавме; може да го навреди неблагодарноста, невниманието... Ајде! Ах, Коровкине, Коровкине!

* *

Романов е готов. Љубовниците се соединија и генијот на доброто наполно загосподари во куќата, во лицето на Фома Фомич. Тука би можело да се дадат мошне многу слободни објаснувања; но навистина сите тие објаснувања сега се сосем излишни. Барем такво е моето мислење. Наместо сите објаснувања, ќе речам само неколку зборови за натамошната судбина на сите јунаци од мојов расказ: како што е познато, без тоа, не завршува ни еден роман, а тоа го пропишуваат и правилата.

Свадбата на „усреќените стана шест недели по настанот што го опишав... Сè се сврши тивко, во семејството, без некој особен сјај и без излишни покани. Јас бев кум, а Мизинчиков старосват. Впрочем, имаше и поканети. Но прв, најглавен човек, се разбира, беше Фома Фомич. Нему му се додворуваа; него го носеа на раце. Но, некако се случи еднаш да го одминат, кога се служеше шампањско. Веднаш настана приказна, придружена со прекорување, офкања, извику-

вања. Фома избега во својата соба, се заклучи, викаше дека го презираат, дека сега во семејството влегле „нови луѓе“ и затоа тој е сега никој и ништо, само една деланка што треба да се исфрли. Вујко ми падна во очај; Настењка плачеше; генералицата, според обичајот, ја фатија трчеви... Свадбената гозба прилегаше на погреб. И токму седум години таков заеднички живот, со добротворот Фома Фомич, им беа дадени на мојот кутри вујко и на кутрата Настењка. Сè до својата смрт (Фома Фомич умре лани), тој се лутеше, ја кривеше устата, се преправаше, се муртеше, се караше, но страхопочитот на „усреќените“ не само што не се намалуваше, туку од ден на ден сè повеќе растеше, пропорционално со неговите ќудови. Егор Илич и Настењка беа толку среќни еден со друг, што дури се плашеа за својата среќа, сметаа дека господ премногу им дал, дека не заслужуваат таква милост и мислеа дека можеби им е судено потоа да ја откупат својата среќа со страдање и мачење. Поимливо е дека Фома Фомич можеше да работи во таа мирна куќа сè што ќе му текнеше. И што сè не направи тој за тие седум години! Не може ни да се претстави до какви нескротливи фантазии понекогаш доаѓаше неговата презаситена пуста душа во измислувањето на најпрефинети морално-лукулски каприци! Три години по вујковата свадба, бабата умре. Сиротиот Фома беше надвор од себеси од очај. Дури и сега во вујковата куќа со ужас раскажуваат за неговата тогашна состојба. Кога го затрупуваа гробот, тој сакаше да скокне во него и викаше и него да го закопаат заедно. Цел месец не му даваа ни нож, ни вилушка; а наеднаш, сосила, му ја отворија устата и оттаму извадија една игла што сакаше да ја голтне. Некои од туѓите сведоци на таа борба забележија дека Фома Фомич можел илјадапати да ја голтне таа игла за време на борбата, па сепак тоа не го сторил. Но, тоа сите го ислушаа со решително негодување и веднаш утврдија дека оној што го кажал тоа имал тврдо срце и дека бил непристоен. Само Настењка и натаму молчеше и одвај забележливо се насмевнуваше, при што вујко ми ја погледнуваше со извесен немир. Воопшто, треба да се забележи дека Фома

навистина се расфрлуваше и ги пушташе своите ќудови во вујковата куќа, како порано, ама веќе ги немаше некогашните деспотски и безобразни истурувања врз вујко ми. Фома се жалеше, плачеше, прекоруваше, приговараше, засрамуваше, но веќе не го караше како некогаш — немаше онакви сцени како „ваше превосходство!“ А тоа, како да го направи Настењка. Таа, речиси, незабележливо го натера Фома во по нешто да попушти и на нешто да се покори. Таа не сакаше да види дека мажот ѝ се понижува и беше упорна во својата желба. Фома јасно виде дека таа речиси го разбира. Велам р е ч и с и зашто и Настењка го разгалуваше Фома, па и го имитираше секогаш мажот кога свечено ќе го фалеше својот мудрец. Таа сакаше да ги натера другите да ценат сè во нејзиниот маж, па затоа многу гласно ја оправдуваше неговата привржаност кон Фома Фомич. Ама, јас сум уверен дека златното срце на Настењка ги заборави сите поранешни навреди: таа на Фома му прости сè, кога тој ја соедини со вујко ми, а освен тоа како сериозно и со сето срце да ја прифати вујковата мисла дека од „маченик“ и од некогашен шут не може многу да се бара, туку напротив треба да се лекува неговото срце. Кутрата Настењка, и самата потекнува од родот на понижените, и самата страдала, и за тоа се сеќаваше. За еден месец Фома се смири, стана дури љубезен и кроток, но затоа доби други, најнеочекувани настапи: тој почна да паѓа во некаков магнетски сон, кој сите страшно ги плашеше. На пример, маченикот нешто зборува, дури и се смее, па за еден миг се скаменува и тоа се скаменува во онаа положба во која се наоѓа во последниот момент пред настапот; на пример, ако се смеел тогаш така и останува со насмевка на усните, ако пак држел нешто, макар и вилушка, тогаш вилушката му останувала така во кренатата рака, во воздухот. Потоа, се разбира, раката се спушта, но Фома Фомич веќе ништо не чувствува и не забележува дека таа се спуштила. Тој седи, гледа, па и со очите подмижува, но ништо не зборува, ништо не слуша и не сфаќа. Тоа така понекогаш трае цел ден. Се разбира, сите во куќата, одвај живи од страв, го запираат дишењето, одат

на прсти, плачат. Најпосле Фома се разбудува, чувствува страшна премаленост и ги уверува дека апсолутно ништо ниту чул ниту видел за сето тоа време. Страшно мораше човекот да се преправа и да изигрува и цели часови да трпи доброволни маки и барем да имаше зошто, туку само за да може после да каже: „Гледајте, јас чувствувам подлабоко отколку вие!“ Најпосле, Фома Фомич го проколна вујко ми, поради постојано навредување и непочитување и се пресели да живее кај господинот Бахчеев. Степан Алексеич, кој по свадбата на вујко ми уште многупати се караше со Фома Фомич, но секогаш завршуваше со тоа што го молеше за простување, овојпат се зафати за работата со необичен жар: го пречека Фома воодушевено, го нахрани како прасе и веднаш реши формално да се скара со вујко ми и дури да го тужи на суд. Тие имаа некаде едно спорно парче земја, за кое, впрочем, никогаш не се ни спореа, зашто вујко ми доброволно, без какво и да е оспорување, му го отстапи на Степан Алексеич. Не велејќи ни збор, Бахчеев нареди да се впрегне кочијата, отиде в град, начкрта тужба и ја предаде, молејќи го судот формално да му ја досуди земјата со надоместување на судските трошоци и штетата и на тој начин да ја казни самоволноста и грабежот. Меѓутоа, на Фома веќе утредента му стана здодевно кај господинот Бахчеев, па му прости на вујко ми, кој дојде да му се извини и се врати во Степанчиково. Господинот Бахчеев беше страшно лут кога се врати од градот и не го затече Фома; туку, по три дена, дојде во Степанчиково за да се извини и плачејќи го молеше вујко ми за простување, и си ја повлече тужбата. Уште истиот ден вујко ми го смири со Фома Фомич и Степан Алексеич пак одеше по Фома како некое кученце и како порано на секој збор му додаваше: „Умен човек си ти, Фомо! Учен човек си ти, Фомо“!

Фома Фомич сега лежи во гробот, покрај генералицата. Над него стои скапоцен споменик од бел мермер, сиот ишаран со тажни цитати и пофални натписи. Понекогаш Егор Илич и Настењка, одејќи на прошетка, побожно наминуваат во црковната порта за да му

се поклонат на Фома. Тие ни денеска не можат да зборуваат за него без особено чувство: се сеќаваат за секој негов збор, за тоа што јадеше, што сакаше. Неговите предмети ги чуваат како драгоценост. Вујко ми и Настја се почувствуваа како сирачиња, па уште повеќе се зближија еден со друг. Деца, господ не им даде; тоа многу ги растажува, но не се осмелуваат да се жалат. Сашењка уште одамна се омажи за еден прекрасен млад човек. Иљуша учи во Москва. Така, вујко ми и Настја живеат сами и не можат да се изнагледаат еден со друг. Во тоа, колку се грижат еден за друг, дури има и нешто речиси болно. Настја постојано му се моли на господа. Ако еден од нив умре, јас мислам дека другиот нема да живее повеќе од една недела. Но нека ги поживее господ долго. Секого тие го пречекуваат од сè срце и готови се со секој несреќник да го поделат сето она што го имаат. Настењка сака да ги чита животите на светците и смирено вели дека е сепак малку да се прават обични добри дела, туку дека треба сè да им се раздаде на сиромасите и да биде човек среќен во сиромаштија. Да не мора да се грижи за Иљуша и Сашењка, вујко ми одамна така би постапил, зашто тој во сè сосем се согласува со жената. Со нив живее Прасковја Илинична и со ужинање им угодува во сè; таа го води домаќинството. Господинот Бахчеев ја побара веднаш по свадбата на вујко ми, но таа остро го одби. Според тоа, заклучија дека таа ќе оди в манастир, но тоа не се случи. Во природата на Прасковја Илинична има една важна особина: наполно да ја снема пред оние што ги засакала, постојано да исчезнува пред нив, да им гледа во очите, да им се потчинува на сите нивни ќудови, да биде околу нив и да им служи. Сега, кога умре генералицата, нејзината мајка, таа смета дека е нејзина должност да не се разделува од братот и во сè да ѝ угодува на Настењка. Стариот Ежевикин уште е жив и во последно време почнува сè почесто да доаѓа кај ќерка му. Тој отпрвин го доведуваше вујко ми до очај, со тоа што себе и своите пилиња (така тој си ги викаше своите деца), речиси, ги отстрани од Степанчиково. Сите повикувања на вујко ми не влијаеја врз

него: тој не беше толку горд, колку чувствителен и сомнителен. Во неговата самољубива сомнителност имаше понекогаш нешто болно. Мислата, дека него, сиромавиот, ќе го примат во богата куќа од милост, дека ќе го сметаат натраплив и наметлив, го убиваше; тој дури понекогаш ја одбиваше помошта од Настењка и го примаше само најпотребното. Од вујко ми, пак, не сакаше да прими апсолутно ништо. Настењка страшно се излажа кога во бавчата ми зборуваше дека татко ѝ изигрува шут поради неа. Навистина тој тогаш страшно сакаше да се омажи Настењка, но се држеше како шут просто поради некаква внатрешна потреба, за да им даде издишка на пакостите што се беа насобрале во него. Нему во крвта му беше тоа да се подбива и да боцка со јазикот. Тој, на пример, себеси се карикираше како најподмолен, најпонизен ласкавец, но во исто време покажуваше дека тој го прави тоа само така; и колку што повеќе го понижуваше неговото ласкање, толку поостро и поотворено од него излегуваше подбивањето. Таков беше неговиот начин. Сите деца му беа сместени во најдобрите училишта во Москва и Петроград и тоа тогаш кога Настењка јасно му докажа дека сето тоа ќе го изведе за нејзина сметка, то ест за сметка на нејзините триесет илјади, што ѝ ги подари Татјана Ивановна. Всушност, тие триесет илјади никогаш не ги ни зедоа од Татјана Ивановна; нејзе пак за да не ѝ биде жал и за да не ја навредат, ја смирија со ветување дека во првата неочекувана семејна неволја ќе се обрнат за помош. Така и сторија: туку така, во различни времиња, зедоа од неа два прилично големи заеми. Но Татјана Ивановна умре пред три години и Настја сепак ги доби своите триесет илјади. Кутрата Татјана Ивановна умре ненадејно. Целото семејство се подготвуваше да оди на бал, кај еден од соседните поседници, а таа, само што го облече балскиот фустан и го стави на главата прекрасното венче од бели ружи, наеднаш почувствува дека ѝ е лошо, седна во фотелја и умре. Со тој венец и ја закопаа. Настја беше очајна. Татјана Ивановна ја чуваа во куќата и ја гледаа како дете. Таа сите ги восхити со умниот тестамент: освен триесет илјади на Настењка, се-

то друго, до триста илјади во асигнации, го остави за воспитување на сиромашни девојчиња — сирачиња и за парични награди, кога ќе го завршат училиштето. Една година по нејзината смрт се омажи девицата Перепелицина која по смртта на генералицата остана кај вујко ми со надеж дека ќе ѝ се смили на Татјана Ивановна. Притоа остана вдовец чиновникот поседник, сопственикот на Мишино, на малиот имот на кој поради Татјана Ивановна се одигра сцената со Обноскин и со неговата мама. Тој чиновник беше страшен кавгација и од првата жена имаше шест деца. Насетувајќи дека Перепелицина има пари, тој почна да ѝ испраќа стројници и да ја бара, а оваа веднаш се согласи. Но Перепелицина беше сиромашна како црковен глушец: имаше сè на сè триста рубли во сребро, а и тоа ѝ го подари Настењка за свадбата. Сега мажот и жената се караат од утро до вечер. Таа ги кубе за коси неговите деца и ги тепа каде што ќе стигне; нему, пак, (барем така велат) му го драска лицето и секој час му го наденува на носот своето потполковничко потекло. И Мизинчиков се прибра. Тој беше умен: ги остави своите надежи во Татјана Ивановна и по малку почна да учи економија. Вујко ми му го препорача на еден богат гроф, поседник, кој имаше три илјади души, на осумдесет врсти од Степанчиково, и кој ретко доаѓаше на своите имоти. Забележувајќи дека Мизинчиков има способности и земајќи ја предвид препораката, графот му понуди да стане управник на неговите имоти и го истера својот дотогашен управник, некој Германец, кој и покрај сета прочуена германска чесност, го оголи својот гроф до гола кожа. По пет години човекот не можеше да си го познае својот имот: селаните се збогатија; беа воведени нови економски реформи — што порано не можеше да биде; приходите речиси се удвоија — со еден збор, новиот управник се истакна и се прочу по целата губернија со своите економски способности. Колку графот се зачуди и натажи кога, токму по пет години, не обзирајќи се на какви и да било молби, ни на зголемувања на платата, Мизинчиков решително ја откажа службата и си поднесе оставка! Графот мислеше дека го измамиле соседните поседници

или дури некој од некоја друга губернија. А колку сите се зачудија, кога наеднаш, два месеца по поднесената оставка, кај Иван Иванович Мизинчиков си создаде еден прекрасен имот од сто души, токму на четириесет врсти од грофовиот имот, купен од некој пропаднат хусар, поранешен негов другар. Тие сто души тој веднаш ги заложи и за една година имаше уште шеесет души во околијата. Сега и самиот е поседник и како неговото стопанство нема друго. Целиот свет се чуди: од каде наеднаш нашол пари? А некои само ја нишаат главата. Но, Иван Иванович е сосем спокоен и чувствува дека и сосем има право. Тој ја повика од Москва сестра си, онаа што му ги даде последните три рубли за чизми, кога тргна во Степанчиково — мошне мила девојка, не во првата младост, кротка, полна со љубов, образована, но извонредно исплашена. За сето време таа се мачеше по Москва, како придружничка кај некоја добротворка; сега со страхопочит го гледа брата си, му го води домаќинството, неговата волја ја смета како закон, а себеси за сосем среќна. Братот не ја разгалува и ја држи прилично строго; но таа тоа не го гледа. Во Степанчиково многу ја засакаа, а господинот Бахчеев, велат не е рамнодушен спрема неа. Тој би ја побарал, но се плаши да не биде одбиен. Најпосле, за господинот Бахчеев, се надеваме дека ќе зборуваме другпат, во друг расказ, поподробно.

Тоа се веројатно сите личности . . . Да! Заборавив! Гаврил многу остари и сосем заборави да зборува француски. Од Фалалеј излезе многу добар кочијаш, а Видопљасов е одамна во лудница и таму изгледа умрел . . . Овие дни ќе одам во Степанчиково и, секако, кај вујко ми ќе се распрашам за него.

СОДРЖИНА

Коцкар — — — — — — — — — — — — — 5

Селото Степанчиково — — — — — — — — — 179